ПАЈОНИЈА И ПАЈОНЦИТЕ

ИЗВОРИ • ИСТОРИЈА • АРХЕОЛОГИЈА

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

2022

ПАЈОНИЈА
И ПАЈОНЦИТЕ

Издавач Филозофски Факултет – Скопје

За издавачот проф. д–р Ратко Дуев

Уредници на монографијата проф. д–р Антонио Јакимовски
проф. д–р Војислав Саракински

Рецензенти проф. д–р Ратко Дуев
д–р Бошко Ангеловски

Лектура и коректура Даница Стрезовска

Идејно решение и обработка проф. д–р Војислав Саракински

Печати Европа 92, Кочани

Тираж 100

ПАЈОНИЈА

И ПАЈОНЦИТЕ

ИЗВОРИ • ИСТОРИЈА • АРХЕОЛОГИЈА

2022

Постојат многу трудови посветени на поединечни појавувања од материјалната култура на Пајонците, а често се анализираат и пишаните сведоштва во кои се спомнати. Сепак, во македонската научна јавност се чувствува недостиг на една поголема, заокружена публикација која ќе понуди поширок и поисцрпен приказ на Пајонија и Пајонците, какви што ги гледаме во изворите и преку материјалните наоди. Подеталните анализи обично се објавуваат во изданија потешко достапни за поширокатa јавност, или пак во стручни списанија што ги користат главно специјалисти. Повеќе важни трудови се објавени – како извештаи од ископувања, или пак како сумарни прикази – во гласниците на локални музеи. Згора на сè, тие често зафаќаат само еден дел од материјалните наоди, а поретко нудат толкување на пишаните извори, па затоа и не можат да го покријат целосниот општествен и политички контекст, особено во т.н. историско време.

Од тука произлезе идејата за „Пајонија и Пајонците“, монографија наменета на археолозите, историчарите на антиката, класичните филолози, и воопшто сите истражувачи заинтересирани за еден поширок приказ на пајонската проблематика – од првото појавување на специфична и самостојна пајонска материјална култура, преку раниот историски период, во кој Пајонците првпат се јавуваат во пишаните извори, па сè до конечното паѓање на Пајонија под македонска власт и слегувањето на Пајонците од историската сцена.

Оваа монографија е органски составен збир од интердисциплинарни трудови, во кои се толкуваат литературни и наративни сведоштва, се анализираат најважните археолошки наоди и се прикажуваат најновите достигања во пајонската нумизматика и епиграфија. Секој труд опфаќа различна тема и има сопствен методолошки пристап; сепак, сите трудови еднакво ги исцртуваат определниците за секое идно истражување на пајонската проблематика: потребата податоците да се разгледуваат во соодветен историски и историографски контекст; пишаните сведоштва и материјалните наоди најпрвин да се протолкуваат и, ако е можно, целосно да се расчистат, па дури потоа да се користат како основа за претпоставки; и, најпосле, археологот, историчарот и филологот еднакво да внимаваат на материјалните наоди во обидот да ги реконструираат главните интеракции и процеси во самостојната историја на Пајонците.

Веројатно најважната цел на оваа монографија се состои во намерата податоците, собрани во ваков облик, да поттикнат и охрабрат нови истражувања, со кои уште подлабоко ќе се проникне во историјата и културата не само на Пајонците, туку и на ним соседните балкански племиња и народи. Се надеваме дека, од сите поставени цели, токму оваа ќе биде најбрзо и најцелосно исполнета.

Уредниците

СОДРЖИНА

9 Пајонците во пишаните извори до времето на Филип II
Војислав Саракински

39 Пајонците во пишаните извори од владеењето на Филип II до смртта на Дропион
Стефан Пановски

75 Погребните ритуали на пајонскиот простор во периодот на транзиција од бронзеното во железно време
Александра Папазовска

111 Пајонската култура: генеза и развој
Драги Митревски

163 Керамичка продукција по долината на Вардар од VII до IV век п.н.е.
Силвана Блажевска

197 Пајонските градови преку новите археолошки откритија
Марјан Јованов

215 Пајонска нумизматика
Антонио Јакимовски, Александар Илиевски

295 Македонската стратегија Пајонија
Виктор Лилчиќ Адамс

367 Епиграфски споменици од Пајонија во римско време
Славица Бабамова

407 Кружната-толос просторија во владетелската палата на Билазора (прилог кон пајонската религија)
Јовица Илиев

427 Реконструкција на античкиот храм во Билазора
Кирил Денковски

ПАЈОНЦИТЕ ВО ПИШАНИТЕ ИЗВОРИ ДО ВРЕМЕТО НА ФИЛИП II

Војислав Саракински

1. Пајонците за првпат влегуваат во пишаната историја преку епопеите на Хомер, кој ги сместува долж течението на реката Аксиј, ден. Вардар; таму, според традицијата, се наоѓало и нивното политичко средиште, град со име Амидон или Абидон. На две места во „Илијадата“ – во т.н. „Каталог на кораби“ и во епизодата наречена „Долонеја“, Пајонците се спомнуваат како барбари, во редот на другите племиња или народи кои се борат на страната на Тројанците. Опишани се како стрелци со извиени лакови, дојдени оддалеку, од Амидон на широкиот Аксиј:

А криволаките Пајонци пак си ги водел Пирајхме,
одскраја од Амидон, од широкострујниот Аксиј,
Аксиј, што прекрасна вода по земјата разлева ширум.[1]

Во десеттото пеење, Ахајците решаваат да пратат извидници за да ја испитаат состојбата кај непријателот; во исто време, истото го решаваат и Тројанците. Кусо време подоцна, Одисеј и Диомед ќе налетаат на тројанскиот извидник Долон, син на Евмед. Додека го испрашуваат, Долон кажува дека на помош на Тројанците им дошле и други сојузници, меѓу кои имало и пајонски одреди:

Долон пак, синот на Евмед, му одврати потоа нему:
„Јас ќе ти искажам тебе по правина сосем за ова.
Крај море Карците се и Пајонците с’ кривите лакој,
Лелези та и Кавконци и оние дивни Пелазги,
Ликијци пак покрај Тимбра и Мисијци горди се нашле,
и коњокротците Фризи и Мајонци витези добри.[2]

Пајонците и нивните првенци се спомнуваат и во борбите под бедемите на Троја. Се кажува и тоа, дека се бореле со бојни колесници:

Патрокло замафна прв со своето блескаво копје
в самата средина баш кај што најмногу мажи се туркаа„
покрај корабната крма на срчниот маж Протесилај,
та што го згодил Пирајхма, што Пајонци, коњици добри,
од Амидон беше довел од широкострујниот Аксиј;

[1] Il. 2.848–850; *cf.* Strab. 7, fr. 20. Сите стихови од Илијадата се во препев на Михаил Д. Петрушевски.

[2] Il. 10.426–431.

г' удри по десното рамо, та на теме овој офкајќи
падна во праот, а дружбата пајонска за него стрпна:
Патрокло заре на сите им спотерал страф, штом го убил
нихниот војвода прв, што бил најарен јунак во бојот;
г' истерал ниф од бродојте и г' угаснал огнот што горел».[3]

Од разговорот на Ахилеј пред двобојот со вториот пајонски првенец Астеропај го дознаваме легендарното родословие на пајонските водачи, но и тоа дека Аксиј се вбројувал меѓу светите реки, преземал божески облик и се спојувал во љубовна прегратка со нимфите:

Тогаш и синот Пелејев со своето предолго копје
н' Астеропаја се фрлил, да г' убие сега пекајќи,
синот на Пелегона, што широкострујниот Аксиј
г' еднаш с' Перибоја родил, најстарата ќерка од оној
Акесамен, заре токот ја обљубил длабок и вирест.[4]

Ахилеј тргнува кон Астеропај, а реката (поточно, речниот бог) Скамандар, налутен поради смртта на неброените млади борци што загинале од мечот на Ахилеј, му внушува храброст на пајонскиот борец. Тој му се претставува на мирмидонскиот јунак:

„Зошто за рода ме прашаш, ej пресрчен сине Пелејев?
Јас од Пајонија сум, од далечната грутчеста земја;
Пајонци мажи си водам со предолги копја, што сега
единаесетта зора ми е, како дојдоф во Илиј.
Родот пак мене ми е од широкострујниот Аксиј,
[Аксиј, што нашата земја со красните води ја кваси,]
што Пелегона го родил, по копјето славен, што велат,
мене ме родил – но сега да с' удриме, Ахиле славен."[5]

Ахилеј го убива Астеропај и тргнува да се соочи со другите пајонски борци:

Тој по Пајонците после, по бојните коњици, пошол,
што покрај вирната река растурени уште си биле,
штом си го вишле најарниот свој дека в љутата борба
соборен паднал од мечот под рацете силни на Ахил.
Овој Терсилоха потем, Астипила, Мидона г' убил,
потоа Трасија, Мнеса, па Ајнија и Офелеста;[6]

и би убил уште многумина, да не се замешал повторно Скамандар, кој го запира и го укорува:

„Ахиле, најјак си ти, и од мажите сите ти правиш
најгрозни дела, зашт' сè ти помагаат бозите сами.

[3] Il. 16.284–293. Кај доцноантичкиот автор познат под псевдонимот Диктис од Крит се чува поинаква, ако не и напоредна традиција: кај него, Пирајхме паѓа од копјето на Диомед, син на Тидеј, кој го погодил во челото.

[4] Il. 21.139–143.

[5] Il. 21.153–160.

[6] Il. 21.205–210.

Ако ти дал синот Кронов, да Тројците сите ги сотреш,
излези од мене барем, во полето прави што сакаш,
зашт' ми се преполни веќе со мртовци милите струи,
па нито водите можам да г' истурам в дивното море,
сиот од мртовци стеснет, безмилосно ти што ги мриеш.
Туку ај престани веќе! ми пребликна, прв полководче."
Нему му одвратил пак брзоногиот Ахил и рекол:
„Скамандре, сѐ как' што викаш, храненичe Зевсов, ќе биде;
зашт' не ќе престанам јас да ги убивам гордите Тројци,
дур' не ги затворам в град и се обидам сам јас со Хектор,
та или мене тој или јас ќе го надољам него."[7]

Во „Илијадата", Ахилеј го вкрстува оружјето со вкупно дваесет и пет борци; петнаесет од нив се Тројанци (Хектор, Ајнеј, Ликаон, Девкалион и други), двајца се Тракијци, а осуммина се Пајонци (Астеропај, Терсилох, Медон и други). Оттука, некои истражувачи извлекуваат заклучок дека Пајонските борци во Илијадата се третираат како безмалку рамни на Тројанците во важност и благородие, а Астеропај, предводникот на вториот пајонски контингент, е достоен противник на Ахилеј поради храброста и способноста да ги користи двете раце во борба.[8] Астеропај воопшто не се спомнува во „Каталогот на корабите"; не ги знаеме причините за ова, а и белешките на повеќето издавачи на Хомер не даваат убедлив одговор. Според редоследот на приказната, Астеропај веројатно не бил под Троја од самиот почеток, туку се приклучил подоцна, како предводник на дополнителните пајонски засилувања.[9]

Врз основа на податоците за Пајонците и нивните двајца херои-предводници кај Хомер и во хомерските схолии, некои истражувачи претполагаат дека под бедемите на Троја се бореле две големи пајонски групи: првата, предводена од Пирајхме, пристигнала од долното течение на Аксиј, а се борела со извиени лакови; втората, на чело со Астеропај, синот на Аксиј и потомокот на Пелегон, доаѓала од северните пајонски земји, а се борела претежно со копја. Оваа претпоставка е привлечна, а навидум се поклопува не само со археолошкиот материјал, туку и со претпоставената етно-политичка состојба што археолозите ја реконструираат врз основа на археолошкиот материјал.[10] Сепак, да не заборавиме дека „Илијадата" почива врз традиции на усна, агонална митопеја, во која дејствието не секогаш е линеарно, а целта не е да се даде точен историски приказ на случувањата, туку да се опејат, дури и асинхроно, херојски собитија и подвизи. Не е спорно дека хомерската традиција содржи реминисценции и одгласи на историската вистина; за жал, научниците мошне ретко можат да ги различат овие одгласи и да ги издвојат фактите од митските наслојки и многувековните интерполации. Во таа смисла, и оваа претпоставка е совршено можна, но недокажлива – а дали е веројатна, зависи од степенот до кој секој е расположен да ѝ верува.

---

[7] Il. 21.214–225.

[8] Blanco López 2018, 60 sqq.

[9] Пајонците и Тракијците се единствените сојузници на Троја кои праќаат дополнителни засилувања; v. Blanco López 2018, 60 sqq.

[10] Петрова 1999, 4-5; Митревски 2008, 176; *contra* Јорданов 2003, 76.

Споровите за историчноста на податоците во „Илијадата“ денес се главно завршени. Дури и површна споредба на хомерската традиција со податоците од микенските плочки упатува дека епопеите се прилично несигурен историски извор. Хомерската географија е сразмерно точна во однос на Ахајците, но сосема ја промашува целта кај етничката и политичката слика на северното егејско крајбрежје, па дури и на Мала Азија. На пример, кај Хомер ги нема Хетитите, главната политичка сила во Анатолија пред крајот на бронзеното време; наместо нив ги гледаме Фригијците, ново(дојдено) население во раното железно време. Хомерската слика на северното крајбрежје е анахрона; извесно е дека епопеите не ја одразуваат реалната состојба од доцната бронза, туку поскоро светогледот и географското знаење на Хелените во т.н. „темен век“, собрано во вековите што ѝ претходеле на големата хеленска колонизација.[11] И важноста на пајонските водачи под бедемите на Троја може да се должи на тоа што времето кога епопеите го добиле својот препознатлив облик (IX–VIII век ст.е.) речиси се совпаѓа со времето на претпоставената воено-политичка превласт и територијално ширење на пајонските племиња (VIII–VII век ст.е.).

2. Мошне сличен развој гледаме и кај митската традиција. На територијата на географска Македонија се одвива дејството на многубројни и разновидни митови; некои од нив несомнено биле заокружени пред појавата на македонското кралство, или пак се поврзани со други етнички заедници и племенски групи што ја населувале територијата на подоцнежното кралство на Аргеадите. Најстариот митографски податок за географска Македонија потекнува од хомерската традиција, а се однесува на генеалогијата на Пелегон, синот на Аксиј, епонимниот херој на Пелагонците.[12] Очекувано, Хомер не ги спомнува Македонците; тукушто видовме дека потомокот на овој Пелагон, Астеропај, ги предводи Пајонците, кои биле тројански сојузници.

Во општи рамки, кај митолошкиот материјал што ја зафаќа територијата на античка Македонија препознаваме два добро диференцирани слоја. Постариот слој е поврзан со Хелените, кои уште пред VIII век ст.е. почнале да пловат и да се населуваат на северното крајбрежје, а особено во Пиерија, на Халкидика и на потегот меѓу Стримон и Нестос. Вториот, за нијанса понов слој е поврзан со Македонците; легендите за почетоците на македонската династија и генеалогиите на нивните епонимни херои со време вообличиле еден општ македонски идентитет, кој го споделувале сите што се доживувале како Македонци и поданици на Аргеадите. Меѓу овие два слоја се наоѓаат митските фабули за месните херои и градови со не-хеленски и пред-македонски карактер. За жал, сосем мал дел од овие традиции ни доаѓа непосредно од месното население; а бидејќи ни се пренесени – не знаеме со какви интервенции – преку хеленските и римските пишани извори, во суштина и тие се дел од хеленската митопеја, како типични хеленски конструкции во кои е опишан пословичниот „друг“, т.е. населението на северното егејско крајбрежје.[13] Кусо кажано, овие митови поскоро ни покажуваат како Хелените го восприемале месното население, одошто се израз на вистинските месни традиции и самосознание.

---

[11] Делев 2014, 62 *sqq*. Дополнително, Арчибалд (1998, 94) забележува дека и тоа географско знаење е строго ограничено на три региони: долините на Аксиј и Стримон, околината на Маронеја, и Хелеспонт.

[12] Il. 21.139 sqq.

[13] Μάλλιος 2011, 32.

Во фабулите на овие „други“ (или, подобро кажано, барбарски) традиции со хеленска обработка особено се забележува присуството на две божества – Посејдон и Арес. За разлика од неговиот помлад брат Зевс, Посејдон често се појавува во митските дејствија на северното егејско крајбрежје, а бил сметан и за родоначелник на многу епонимни херои врзани со географска Македонија. За илустрација, ќе ги спомнеме само највпечатливите: од врската на Посејдон и Хела се родиле Пајон, Адонис и Алмоп;[14] со нимфата Оса, Посејдон ги добил Ситон[15] и Торона, епонимната хероина на градот Торона на Ситонија.[16] Според друга верзија, Торона била ќерка или жена на Протеј, кој исто така бил сметан за син на Посејдон.[17] Во истата околина, Посејдон имал уште еден син, Палајстин, таткото на Халијакмон, кој станал басилеј на Едонија, а подоцна се фрлил во блиската река, која го добила неговото име; подоцна, истата оваа река била наречена Стримон.[18] Меѓу потомците на Посејдон се вбројуваат и Абдер, Бизант и Тасос. Во друга верзија на митот, татко на Ситон бил богот Арес, од кого потекнале и други важни епонимни херои, како Едон, Одомант и Бистон.[19] Според една напоредна традиција, Бистон бил син на Пајон, кој во оваа верзија исто така бил син на Арес.[20] Најпосле, Плутарх забележал една доцнежна варијанта на митот, според која Арес бил татко на Стримон, но и на Пангај, епонимниот херој на блиската планина.[21]

Втор интересен мотив во овие фабули е доживувањето на сродство со Тројанците или со нивните епски „роднини“, Фригијците. Типичен за ова е случајот на Ајнеја, чии жители го врзувале своето потекло за јунакот Ајнеј, кој наводно стасал на брегот на нивниот град;[22] според друга традиција, Мигдонците го добие името по Фригиецот Мигдон, кој се префрлил од Азија во Европа.[23] Ваквата схема на сродства е одглас и локален развој токму на познатиот хомерски концепт, според кој месното население од северното крајбрежје – Пајонците, Тракијците и Киконците – се бореле на страната на Троја против Ахајците.[24] Сосем е можно дека наводното тројанско или фригиско потекло[25] на племињата на територијата на долна Македонија всушност ја изразува идејата на познавање на Хелените и, истовремено, отпор против нив.[26] Ваквата перцепција главно била идеолошка конструкција на Хелените, но не е исклучено дека заживеала и кај дел од месното население: ако му веруваме на Херодот, стримонските Пајонци кон крајот на VI век ст.е. се сметале за колонисти на Тевкрите – идеја што

[14] Hyg. 2.20; Steph. Byz. *s.v.* Αλμωπία.
[15] Speus. *Philip.* 9; *cf.* Μάλλιος 2011, 63.
[16] Steph. Byz. *s.v.* Τορώνη.
[17] Apollod. *Bibl.* 2.5.9.
[18] Plut. *De fluv.* 11.1.
[19] Lycophr. *Alex.* 583, 1161.
[20] Steph. Byz. *s.v.* Βιστονία.
[21] Plut. *De fluv.* 11.1; 3.2.
[22] *V.* Μάλλιος 2011, 103 *sqq.*, со детална анализа на зачуваните традиции и стручната литература.
[23] Ephorus, *FGrHist* 70 F 104.
[24] Интересно, и подалеку на запад, потеклото од тројански херој служело како подлога за основачките митови на негрчки или мешани заедници – но речиси никогаш на хеленски колонии *V.* Erskine 2001; Μάλλιος 2011, 103.
[25] Почнувајќи од V век ст.е., а можеби и порано, во пишаните извори Фригијците почнале да се поистоветуваат со Тројанците; v. Hall 1988; cf. Μάλλιος 2011, 247 *sqq*.
[26] Erskine 2001, 136 *sqq*.

не е толку различна од основачкиот мит на династијата Аргеади, во која колективниот „друг“ на македонските кралеви се кралот Мида и неговите Бриги / Фриги(јци). Во иста насока оди податокот на Страбон, кој бележи традиција во која Пајонците се колонисти или предводници на Фригијците.[27]

Основачките традиции на северното егејско крајбрежје сведочат дека имало две напоредни тенденции во поврзувањето на заедницата со хомерската традиција: една на хеленските колонисти, а сосем друга на не-хеленските заедници. Вториве по правило се поврзувале, или дури и целосно се поистоветувале со Тројанците и со нивните сојузници, а за најблиски ги сметале Фригијците. Додека Пајонците се сметале за наследници на Тевкрите, т.е. на Тројанците, а истото го тврделе и Крусајците во Термајскиот залив – кои дури и го нарекле својот град според името на Ајнеј – жителите на блиската хеленска колонија Скиона постапиле сосем различно и, во потрага по славно епско потекло, го воскреснале и го одбрале за основач Протесилај, јунакот од таборот на Ахајците. Хомерските текстови сведочат дека овој концепт веќе постоел кон крајот на геометрискиот период, а бргу се раширил кај сите заедници што го делеле Егејскиот басен со Хелените. Улогата на сојузници на Троја и соперници на Ахајците сега ја добиле (не)пријателските племиња што Хелените ги среќавале во текот на колонизацијата.

3. Овој разновиден и слоевит процес тешко можел да биде разбран на вистински начин во пишаните извори од класичниот и покласичниот период, кои преземале податоци или непосредно од митската и легендарната традиција, или пак од постарите автори што им претходеле. Затоа и податоците во врска со идентитетот на Пајонците покажуваат еднакво, ако не и поголемо различие од оние што ги читаме во митовите.

За античките автори, Пајонија била посебна и заокружена целина, која се наоѓала меѓу Илирија, Тракија и Македонците. Но тие, всушност, ги восприемале Пајонците на многу различни начини. Така, Херодот спомнува една традиција, според која Пајонците се Тевкри, населени од Троја:

> [...] Тие рекле дека се дојдени за да му се предадат нему, дека Пајонија се наоѓа на реката Стримон, а Стримон тече недалеку од Хелеспонт; тие, пак, биле потомци на Тевкрите, отселени од Троја.[28]

И Херодот, и Тукидид ги разликуваат Пајонците од Тракијците:

> [...] бројот на војниците во пешадијата, што ја сочинувале Трачани, Пајонци, Еорди, Ботијаи, па народите на Халкидика – Бриги, Пиеријци, Македонци, Перајби, Ениени, Долопи, Магнезијци, Ахајци и сите Трачани што живеат на приморјето, сметам дека изнесува триста илјади.[29]

> [...] Значи Ситалк, кралот на оваа земја, почнал да ја подготвува војската. И кога веќе сè било подготвено, ја придвижил војската и тргнал против Македонија, најпрвин низ сопствената земја, а потоа преку пустата планина Керкина, која лежи на меѓата меѓу Синтите и Пајонците. Низ неа напредувал по патот кој са-

[27] Hdt. 5.13.11–12; Strab. 7 fr. 38.

[28] Hdt. 5.13. Сите извадоци од Херодот се од преводот на Даница Чадиковска.

[29] Hdt. 7.185.

миот претходно го пробил со сечење шума, кога завојувал против Пајонците. Додека напредувале од одриската земја, од десната страна им биле Пајонците, а од левата – Синтите и Мајдите. И, откако успеал да ја мине, стасал во пајонскиот град Добер.

Спротивно, Страбон ги опишува Пајонците како Тракијци, а на друго место ги поврзува со Фригијците:

> А од Тракијците – Пиерите ја населувале Пиерија и земјите околу Олимп; Пајонците ја населувале земјата од двете страни на реката Аксиј, која поради тоа е наречена Амфакситида; а Едонците и Бисалтите сета друга земја до Стримон.[30]

> Некои ги претставуваат Пајонците како колонисти на Фригите, а други како првичен и посебен народ. Го кажуваат и тоа, дека Пајонија се протегала до Пелагонија и Пиерија; дека Пелагонија претходно се викала Орестија; дека Астеропај, еден од водачите што војувале под Троја, не напразно се нарекувал син на Пелегон, и дека самите Пајонци се нарекувале Пелагонци.

Апијан, пак, се поведува според едно митско родословие, во кое пајонскиот епонимен предок Пајон е син на Аутариеј, епонимот на Аутаријатите, а е татко на Скордиск и Трибал, епонимите на две среднобалкански племиња. Ова ги повлекува Пајонците подалеку во внатрешноста и поблизу до илирската и среднобалканската културна сфера – но, збрката во имињата навестува дека Апијан можеби мислел на Панонците, а не на Пајонците:

> На Илириј му се родиле шест сина – Енхелеј, Аутариеј, Дардан, Мајдос, Таулант и Перајб, како и ќерките Парто, Даорто, Дасаро и други; од нив потекнуваат Таулантите, Перајбите, Енхелејците, Аутариејците, Дарданците, Партените, Дасаретите и Дарсијците. Се мисли дека син на овој Аутариеј бил Панониј или Пајон, а негови пак Скордиск и Трибал, од чии имиња исто така се изведени имиња на народи.[31]

Павсанија следи друго родословие и ги поврзува Пајонците со пелопонеските Епејци. Епонимниот херој Пајон, кој ќе ја основа пајонската земја, таму е син на Ендимион, а брат на Епеј и Ајтол, што повторно ги враќа Пајонците во хеленската сфера:

> Знаеме дека Елејците се префрлиле од Калидон и Ајтолија; а за нивната постара историја успеав да го најдам ова. Велат дека прв што владеел во оваа земја бил Аетлиј; тој бил син на Зевс и Протогенеја, ќерката на Девкалион, а татко на Ендимион. Потоа Селена се вљубила во овој Ендимион и му родила педесет ќерки. Други пак тврдат нешто поверојатно, дека Ендимион ја зел за жена Астеродија, или пак Хромија, ќерката на Итон, синот Ендимионов, или пак Хиперипа, ќерката на Аркад – но во секој случај, која и да била жената, со неа Ендимион ги добил Пајон, Епеј, Ајтол и ќерката Еврикида. На децата им наложил да се тркаат меѓу себе во Олимпија за престолот; Епеј победил и го добил кралството, а со тоа и поданиците со кои владеел се нарекле Епејци. Од другите

[30] Strab. 7, fr. 11.

[31] Appian. *Ill.* 2. *Cf.* Papazoglu 1969, 54–64; 97–100; 265–272; Katičić 1977, 27.

> браќа, Ајтол останал дома, а Пајон, налутен поради поразот, заминал најдалеку што можел, па земјата над реката Аксиј по него се нарекла Пајонија.[32]

Овие противречни приказни се најдобар показ зошто Пајонците долго време биле непознаница и во современата наука: врз основа на пишаните извори, некои современи истражувачи ги определуваат како Пелазги, а други како Фригијци, Македонци, Тракијци, па дури и Илири.[33] Во вакви случаи, современите историчари честопати се служат со ономастичките податоци, т.е. зачуваниот именски материјал, кој понекогаш може да фрли светлина врз припадноста кон историски потврдените етнички групи на Балканот. Сепак, податоците за јазикот и зачуваните пајонски имиња не ни помагаат многу – прво, зашто имињата на луѓе и места не секогаш се недвосмислен доказ за етничката определба на нивните носители или луѓето што ги именувале, и второ, зашто ваквите податоци за Пајонците се многу скудни, дури многукратно посиромашни од оние за античките Македонци.[34] Единствена пајонска глоса со која располагаме е името на т.н. европски бизон, најблагородниот плен на Пајонците:

> Бизонот може да се најде во Пајонија, на Месаписката планина, која ја дели земјата на Пајонците од онаа на Мајдите; него Пајонците го нарекуваат „монапос“.[35]

Овој податок не ни кажува многу – исто како и имињата на пајонските племиња Сиропајонци, Пајопли, Добери, Лајаи и Агријани, кои не можат да се поврзат со некој познат македонски, хеленски или друг корен. За имињата на градовите – Стоби, Астибос, Билазора – има само спекулации, но не и добро поткрепени аргументи. Во минатото се искажани претпоставки дека името Стоби треба да се поврзе со Стибера/Стубера; дека името Билазора е сродно со името на градот Азорос во тесалска Перајбија; дека името Астибос е изведено од хеленскиот збор „неизгазен, непрегазен“; дека името на пајонското езеро Прасијада е сродно со Прасија, име на еден град во Лаконија и на една дема во Атика. Сепак, без опиплив доказ, сите претпоставки остануваат произволни и недокажани, а примерите може да се должат колку на некакво сродство, толку и на случајна сличност или подоцнежно паретимолошко прилагодување – особено зашто имињата како Де(в)риоп и Стибера не можат да се објаснат дури ни со најхрабри етимолошки конјектури.[36] Некои топоними се препознаваат и како дел од хеленската топонимија: Алкомена, Идомена, Аталанта, Европ и Гортинија се топоними што вообичаено се среќаваат и во копнена Хелада – но, од друга страна, не знаеме кој ги именувал овие места, дали ова се нивните првични имиња, и дали со текот на времето имињата биле хеленизирани поради влијанието на хеленската култура.[37]

---

[32] Paus. 5.1.3–5.

[33] Преглед на современите мислења – кои излегуваат од границите на нашиов приказ на пишаните извори, зашто се темелат и врз археолошките и епиграфските наоди – има кај Merker 1965; Петрова 1999, 29; 145 *sqq*.; Проева 2004, 83–88; Делев 2014, 400 *sqq*.; Blanco López 2018, *passim*.

[34] *Cf*. Merker 1965, 36; Katičić 1977, 27–28; Villar 1996, 330–333.

[35] μόναπος, Arist. *Hist. anim.* 8.45 (630 a); кај псевдо-Аристотел (*De mirab. ausc.* 830a) се јавува варијантата μόναιπος, а кај Ајлијан (*Nat. anim*. 7.3) – μόνωψ.

[36] Повеќе примери кај Merker 1965 и Katičić 1977.

[37] *Cf*. Blanco López 2018, 58–59.

Најголемиот дел од имињата посведочени пред доаѓањето на Римјаните на Балканот им припаѓаат на пајонските владетели; исклучок се имињата на двајцата Пајонци во една епизода кај Херодот, на која ќе се задржиме наскоро. Двете најстари наводно пајонски имиња – на Пирајхме и Астеропај, кои се бореле под Троја – на грчки значат „огнено копје“ и „светкавица“; затоа, пак, имињата на браќата Пигрет и Мантија за кои читаме кај Херодот, при сè што има обиди да се поврзат со карискиот јазик, не можат издржано да се објаснат со никаква етимологија, а исто е и со името на управителот Дида, кој се спомнува кај Ливиј.[38] Во одредени случаи, имињата наликуваат на хеленски, но имаат некоја особеност што ја нема во грчкиот јазик – на пример варијантите Ликеј / Ликпеј / Липеј, во чие неправилно бележење некои препознаваат индоевропски лабиовелар, или пак Аудолеон, име што хеленските автори обично го хеленизираат во Автолеон. Тука може да се вбројат и Дропион и Патрај, кои можеби можат да се објаснат со хеленска етимологија, но во Хелада се мошне ретки, а имаат многубројни аналогии подалеку на север, кон централниот дел на Балканскиот полуостров.

Материјалот што ни стои на располагање е крајно ограничен, па не е чудо што и за јазикот, исто како и за припадноста и за етничките особености на Пајонците, има низа противречни и слабо аргументирани препоставки. Впрочем, состојбата и не може да биде поинаква, кога спекулираме врз основа на неколку топоними, десетина лични имиња и едно име на животно. Затоа проблемот на јазикот и идентитетот на Пајонците (онака како што го сфаќаат лингвистите, историчарите и етнолозите) ќе остане во доменот на теоријата, а предложените решенија не можат да имаат повеќе од кабинетско значење – особено зашто сите, без исклучок, се обидуваат да го објаснат непознатото со нешто уште понепознато.[39] Ако се гледаат само пишаните извори и ономастиката, се добива впечаток дека Пајонците не зборувале на хеленски дијалект, ниту пак биле Хелени во етничка или културна смисла на зборот, иако може да се дозволи дека имале рани и интензивни контакти со хеленскиот свет. Тие никогаш немале удел во хеленската култура, ниту во хеленските цивилизациски постигања; за Хелените биле едноставно барбари отаде северната граница на хеленската интересна сфера, кои ретко излегувале од самракот на пишаните извори. Секако, благодарение на истражувањата на нивната материјална култура, денес знаеме дека Пајонците треба да се поредат во низата на македонски племиња кои, заедно со пелагонската и брегалничката група, најпосле ќе се вградат во античките Македонци како компонента во нивната етногенеза;[40] но, за тоа ќе стане збор во следните поглавја на оваа книга, кои се посветени на археологијата и, поконкретно, на материјалните извори за пајонската култура.

---

[38] Соодветно, Hdt. 5.12–14; Liv. 40.21.9, 40.23–24, 42.51.6.

[39] *Cf.* Јорданов 2003, 65. Мошне детален преглед на искажаните мислења за јазикот со главните насоки на аргументација дава Петрова 1999, 149 *sqq*.; но, како што кажавме и погоре, вредноста на овие мислења е спорна. Во нив, јазикот на Пајонците се поврзува и се објаснува со хипотетичкиот протобригиски, кој е непосведочена академска конструкција; „северниот“ или „источниот“ фригиски, поими што се крајно спорни и без опиплива аргументација; тракискиот, од кого се зачувани вкупно триесетина збора, или илирскиот, од кој имаме уште помалку, ако не се сметаат десетината спорни лични имиња. За етничките структури на Балканот расправа *особ.* Papazoglou 1979, *q.v.*, но повторно со аргументација која се потпира врз постоењето на Пелазги, Пеласти, прото-Бриги и сл.; сепак, *cf.* делот за пајонската ономастика, со детална литература.

[40] *Cf.* Проева 2004, 65–97, *особ.* 83–87.

4. Погоре спомнавме дека античките автори ја сфаќале Пајонија како посебна и заокружена целина меѓу Илирите, Тракијците и Македонците. За жал, можеме јасно и недвосмислено да исцртаме само помал дел од границите на оваа територија; податоците за поголемиот дел од пајонските граници се или премногу општи и неодредени, или пак противречни и анахрони.

Токму последново е мошне важно, зашто во најстаро време поимот „Пајонија“ опфаќал многу поширока територија одошто во класичната антика. Според Страбон, територијата на Пајонците претходно се протегала од Пелагонија, до стримонска Пиерида;[41] следствено, на Пајонците им припишува контрола врз македонските области Пелагонија, Ематија, Крестонија, Мигдонија, Пиерида, како и врз земјата на Агријаните сè до планината Пангај – значи, најголемиот дел од она што подоцна ќе стане македонско кралство на династијата Аргеади. Јасно е дека врз основа на општите и хронолошки несигурни податоци кај Страбон не можеме да ги исцртаме точните граници на ниту еден антички народ или племе, а исто е и со податоците кај другите антички автори. Најмногу што може да се направи врз основа на пишаните извори, е да се утврди некоја општа положба и просторен сооднос меѓу племињата и народите што се спомнуваат во изворите – со надеж дека во догледно време ќе се најде некој нов извор за оваа проблематика, или пак, дека археологијата, врз основа на материјалните извори, ќе дојде поблиску до историската вистина барем кај дел од случаите што нè засегаат.

Во својата схема за „Европа од оваа страна на Истар“, т.е. за Балканскиот полуостров, Страбон го дели северниот дел на полуостровот на два дела; деловите се разделени од веригата на илирски, пајонски и тракиски планини, кои како права линија, безмалку напоредна со текот на Истар, се протегаат од Јадранското до Црното Море. Во правец кон Црното море, највисока во низата е планината Хајмос (ден. Стара планина/Балкан):

> [...] кон Јадранското море се наоѓа Ардија, а во средината се простира Пајонија, која и самата е висока. Од страната на Тракија, Пајонија е омеѓена од Родопа, највисоката планина по Хајмос, а од другата страна, кон север, од Илирија, земјата на Аутаријатите и Дарданија.[42]

Историска Пајонија се протегала меѓу горното течение на Аксиј и долината на Стримон, што значи дека Родопите можеле да ја претставуваат нејзината источна граница. Но, кога зборува за меѓата „од другата страна“, она што го пишува поскоро одговара на западната или северозападната, одошто на северната граница на Пајонците.[43] Од напишаното би требало да се сфати дека Пајонците делеле граница со Аутаријатите, што значи дека имале директен контакт; но, ова е повеќе од сомнително. Илирските и дарданските земји веројатно се допирале околу горното течение на Дрилон, или најдалеку северно од земјата на Пенестите и Дасаретида, околу планината Скардос, со што јасно ја исцртувале меѓата на македонските племиња на северозапад; тука, во груби црти, може да ги сместиме Ардиајците, но нема простор и за Аутаријатите.[44]

---

[41] Strab. 7. frg. 38, 41.

[42] Strab. 7.5.1 (A6).

[43] Papazoglu 1965, 75.

[44] *Ibidem*.

Во друг фрагмент, Страбон вели дека Дарданија на југ граничела со „македонски и пајонски племиња“. Ова може да значи или дека Страбон става знак на равенство меѓу поимите „пајонско“ и „македонско“ племе, што не е многу веројатно – или пак дека Девриоп и Пелагонија ги смета за македонски, а не за пајонски области, што е пак мошне логично. Следува дека, според Страбон, пајонските / македонските земји на северозапад завршувале со еден голем лак, од каде почнувале земјите на Илирите, Ардиајците и Дарданците, а од другата страна на овој лак имало и аутаријатски земји.[45] Исто според Страбон, пајонското присуство на запад завршувало со течението на реката Аксиј, а Девриоп и Пелагонија веќе се сфаќале како македонски, а не како пајонски земји.

Ова можеби се потврдува со уште еден извадок, кој фрла дополнителна светлина и врз северозападната, но и врз источната граница на Пајонците:

> [...] Бесите, кои го држат најголемиот дел од планината Хајмос, поради животните навики ги нарекуваат „разбојници“; некои од нив престојуваат во колиби и имаат тежок живот. Тие се доближуваат до планината Родопа, до Пајонците, а од Илирите до Аутаријатите и до Дарданците. Меѓу нив и Ардиајците се Дасаретите и Агрианите и други безначајни племиња [...]

Една точка на границата меѓу Пајонија / Македонија и Дарданија може да се утврди со сигурност. Во приказот на војувањето на Филип V против Дарданците, Полибиј кажува дека големиот пајонски град Билазора ги контролирал премините од земјите под дарданска контрола, кон Македонија.[46] Знаеме и дека границата меѓу римските провинции Македонија и Горна Мезија минувала десетина километри северно од Велес[47] и приближно се поклопувала со границата меѓу латинската и хеленската културна сфера, која ја претставувала и границата меѓу Дарданија на север и Пајонија на југ. Затоа Папазоглу предлага, сосем логично, дека и во предримско време границата меѓу пајонските и дарданските земји минувала на истото место. Западно од Стримон, првенствено поради политичкиот дофат на кралството на Аргеадите,[48] Пајонците ги наоѓаме подлабоко во внатрешноста. Таму нивната територија почнувала од северните падини на планината Керкина (ден. Беласица) и се протегала сè до реката Астибос (ден. Брегалница) и градот Баргала.[49] Во овие предели, нивната територија граничела со онаа на тракиските Синти, а близу планината Месапион (ден. Огражден?) – со онаа на Мајдите. Во историско време, Пајонците ги наоѓаме долж горното течение на Аксиј, каде нивната територија досегала до градовите Стоби и Билазора, а еден скорешен наод упатува дека го зафаќала и Скупи.[50] На југ, тие можеле да ја задржат контролата са-

---

[45] Strab. 7.5.12 (A8).

[46] Polyb. 5.97; *cf.* Papazoglu 1969, 146, го лоцира градот кај Велес, а не кај с. Кнежје, но подоцна ја прифаќа убикацијата на Микулчиќ 1976, *q.v.*

[47] *Cf.* Papazoglu 1957, 81 *sqq*.

[48] Thuc. 2.99.

[49] Thuc. 2.98; Strab. VII 313, 316, 318, 329, frg. 4; Polyb. 5. 97; Liv. 39.53.14.

[50] Станува збор за гроб со питос и еден гроб од типот циста, откриени во 2014 година; кружниот приврзок од гробот-циста се толкува како култен приврзок, поврзан со култот на сонцето кај населението што подоцна ќе биде идентификувано како најсеверното пајонско племе, Агријани. *V.* Митревски 2017, 152.

мо до северната граница на владенијата на Аргеадите, значи некаде во висина на современата македонско-грчка граница.

Веројатно најголемиот проблем во толкувањето на нецелосно зачуваната VII книга на Страбон е хронологијата на неговите одредници. Страбон мошне ретко ги спомнува изворите што ги користел, а користи извори и од класично, и од хеленистичко, и од римско време; затоа некои племиња и народи, како во случајов Илирите, Аутаријатите, Ардиајците и Дарданците, оставаат впечаток дека се придвижуваат и постојано се јавуваат по различен редослед. За среќа, општата положба на Пајонија и нејзините географски граници се чинат добро фиксирани без оглед на првичниот извор; онаму, пак, каде што има недоумици, работите се нејасни и во други, постари извори.

На преминот од VI во V век ст.е., пајонската територија е драстично ограничена – пред сè поради ширењето на кралството на Аргеадите – а Пајонците претежнуваат исклучиво во внатрешноста. Сепак, Херодот сведочи дека тие сè уште контролираат сразмерно голема територија, а притоа за првпат среќаваме и имиња на поединечни пајонски племиња – Сиропајонците, Доберите, Пајоплите и Агријаните, а Тукидид ги придодава и Лајаите.[51] Географската разместеност на овие племиња не секогаш може да се утврди со целосна сигурност. Долж плодната Стримонска рамнина живееле стримонските Пајонци; според Херодот, некаде во време на Грчко-персиските војни Доберите и Пајоплите ја населувале територијата северно од планината Пангај.[52] На запад од нив живееле „езерските“ Пајонци. Херодот ни го кажува и тоа, дека во земјата на Пајонците извирала реката Скиос;[53] можеби станува збор за ден. Искар (лат. Oescus), кој извира од планината Рила, минува низ Софиското поле, ја сече Стара планина и најпосле се влева во Дунав. Ова можеби значи дека најмалку јужните падини на планината Рила и на Родопите, близу изворишта на реките Стримон (ден. Струма) и Нестос (ден Места). На Пајонска територија се лоцира и планината Орбелос, меѓу реките Стримон и Нестос.[54]

5. Појавата на Пајонците во долното течение на Стримон веројатно треба да се поврзе со податоците за пајонската превласт на подоцнежната територија на кралството на Аргеадите, пред нашите први наративни извори. Како што видовме, кај Хомер Пајонците го населуваат долното течение на Аксиј, каде се наоѓа и нивното политичко средиште Амидон;[55] во долното течение на Стримон, пак, не владее пајонски басилеј, туку Тракиецот Ресос, син на Еионеј.[56] Врз основа на ова, упатно е да се претпос-

[51] Hdt. 5.15; Thuc. 2.96.

[52] Hdt. 7.113.

[53] Hdt. 6.49.

[54] Hdt. 5.16.

[55] Хамонд (1972, 234; 296) го идентификува хомерскиот Амидон со Аксиохорион / Вардаровца, локалитет што го истражувал Хертли. *Cf.* Петрова 1999, 30; 76, која ја прифаќа оваа идентификација; *contra* Йорданов 2003, 74, кој потсетува дека без недвосмислени археолошки докази, или барем подоцнежни епиграфски сведоштва, секој обид за вакво убицирање останува хипотетичен.

[56] *cf.* Delev 2005, 3–4; Делев 2014, 400 *sqq.* Инаку, оваа локализација не е експлицитно спомната, но е потврдена од многу други посредни сведоштва. Иако е можно дека името Ресос значи „владетел“ и воопшто не е лично име (од *$h_3$reĝ-, сатемска варијанта на коренот), името на Еионеј можеби може да се поврзе со историскиот топоним Ејон на устието на Стримон; во подоцнежните легенди за него-

тави дека ширењето на пајонската политичка превласт се случил подоцна – меѓу точката на заокружување на хомерските епопеи, и почетокот на опаѓањето на пајонската моќ во VI / V век ст.е.[57]

Долината на Стримон веројатно не била првична насока на пајонското ширење. Првото логично придвижување од нивната почетна положба, долното течение на Аксиј, би било насочено кон југ и југозапад – земјите околу устието на Аксиј во Термајскиот залив, и ободот на централната македонска рамнина. Веројатна потврда за ова е сведоштвото на Тукидид дека подоцна „Македонците“ освоиле од Пајонците еден тесен појас земја долж Аксиј, кој се протегал „од внатрешноста“ до Пела и морето;[58] понатаму, Полибиј ја спомнува „денешната Ематија, која порано се нарекувала Пајонија“;[59] овој податок механички го презема и Ливиј, кој бележи дека Маркиј Филип префрлил извесно население „во областа Ематија, која порано се нарекувала Пајонија“.[60] Дополнително, во еден фрагмент од седмата книга, Страбон пренесува дека некогаш одамна Пајонците, освен поголемиот дел од сегашна Македонија, ги држеле и целата Крестонија, Мигдонија и земјата на Агријаните до Пангај, а презеле дури и поход кон исток, сè до Перинт на Пропонтида.[61] Овој поход против Перинт е опишан кај Херодот:

> На Пајонците што живеат на Стримон некое божјо пророштво им заповедало да тргнат со војска против Перинќаните, па, ако Перинќаните, кога ќе заземат позиција спроти нив, ги предизвикуваат гласно извикувајќи го нивното име, да ги нападнат, а ако не ги викаат, да не ги напаѓаат. Пајонците навистина така постапиле. Откако Перинќаните се улогориле пред својот град спроти Пајонците и кога почнале да ги предизвикуваат, дошло до три двобоја; се судриле маж со маж, коњ со коњ и пес со пес. Кога Перинќаните победиле во два двобоја, радосни, запеале пајан. Пајонците помислиле дека тоа е она што го кажало пророштвото и си рекле: „Ако сега ни се исполнува пророштвото, сега треба да дејствуваме“. Тогаш Пајонците ги нападнале Перинќаните што пееле пајан и извојувале сјајна победа. Мал број Перинќани останале живи.[62]

Страбон веројатно го презема овој податок од Херодот, или пак двајцата пренесуваат податоци од Хекатај од Милет, еден од постарите автори, кого и Херодот, и Страбон го користеле во изобилство. Во секој случај, фактот што оваа приказна ја има кај Херодот сведочи дека и податоците за настанот се прилично стари, пренесени безмалку од прва рака.[63]

вото потекло, Ресос е претставен како дете на музата Евтерпа, Калиопа или Терпсихора – но сега пак неговиот татко е лично речниот бог Стримон; *v.* Eur. *Rhes.* 347; Apollod. 1.3.4; Serv. *Comm. Aen.* 1.469; Eustath. *Comm. Hom.* 817.

[57] Слично и кај Митревски 2008, 185, *q.v.*

[58] Thuc. 2.99.

[59] Polyb. 23.10.

[60] Liv. 40.3.

[61] Strab. 7, fr. 41.

[62] Hdt. 5.1.

[63] Конзервативната дата на основање на Перинт е околу 600 ст.е; Хекатај од Милет бил роден околу 550, а Херодот – околу 484 ст.е. Вистина е дека станува збор за цртичка од анегдотски тип, но тоа не мора

Приближно во исто време, Пајонците го вкрстиле оружјето и со Абдера. Благодарение на Пиндар и неговиот втор пајан за Абдераните, посветен на Посејдон, Аполон Дерајнос и Афродита, дознаваме за судирот меѓу Пајонците и жителите на Абдера, всушност колонисти од Теос. Во овој пајан, кој веројатно е напишан околу 470 ст.е., поетот ги опоменува жителите на Абдера дека треба да оддадат почит на своите родители, особено на оние што ги потиснале пајонските стрелци отаде Атос:

> Оние што со војна ја добија оваа плодородна земја ви обезбедија богатство, гонејќи ги од мајката хранителка четите пајонски копјаници дури отаде Атос. Тешка судбина ги погоди; но зашто ја издржаа, боговите им помогнаа да го завршат нивниот удел. Тој што со мака постигнал благородно дело свети од фалби; нив, пак, небесната светлина ги осветли пред непријателот кај Меламфилон.[64]

Во минатото опсежно се расправало и за идентитетот на непријателот, и за топографските одредници во текстот. Има мислења дека спомнувањето на Пајонците во текстот едноставно е грешка на Пиндар, но ова е малку веројатно: за Пиндар и неговите слушатели овие настани претставувале прилично скорешна историја, па ваква фактичка грешка тешко би минала незабележано. Всушност, Пајонците тука одлично се вклопуваат во улогата на соперници; како што видовме, приближно во ова време е забележан и нивниот напад врз Перинт; а освен тоа, ако правилно ја разбираме пајонската премоќ на северното крајбрежје, тогаш и оваа епизода станува прилично веројатна. Пиндар не дава никаква хронолошка одредница за настанот, но тој секако мора да се смести меѓу 545 ст.е., годината на (пре)основање на Абдера од теоски колонисти, и 512 ст.е., хронолошката точка по која вакви автономни потфати би биле невозможни поради присуството на персиската војска.[65]

Општиот контекст во кој функционираат овие две анегдоти наметнуваат претпоставка дека токму пред појавата на Пајонците во наративните извори имало одреден период на подем и територијално ширење – ако не на пајонскиот етнички елемент, тогаш барем на превласта на пајонската владетелска куќа. Оваа проблематика излегува од опфатот на нашиов приказ, зашто во него ги разгледуваме податоците од пишаните извори; сепак, претпоставениот тек на случувањата е навестен токму од фрагментарните податоци во пишаните извори, па затоа е неминовно да му се обрне сосем кусо внимание. Водејќи се по изворните податоци што ги спомнавме, Хамонд ги датира пајонското ширење и опсадата на Перинт во втората половина на шестиот век ст.е., а ги поврзува и со појавата на Пајонците во долното течение на Стримон.[66] Делев опоменува дека, во тој случај, и војничките погребувања со златни маски, кои кулминираат токму во тоа време, би требало да им се припишат на Пајонците. Според него,

---

да значи дека не е веродостојна и дека треба автоматски да се отфрли, иако – мора да се признае – нападот на град оддалечен 400 километри е навистина невообичаен потег. За разлика од Legrand, кој ја отфрла епизодата како измислица, Делев (2005, 5) претполага дека е одраз на локална, пајонска традиција и е расположен да ја прифати како веродостојна. Јорданов 2003, 81 дополнува дека и трите двобои не се измислица на Херодот, туку напротив, честа појава во архајските општества.

[64] Pind. Paean II, 59–70.

[65] За основањето на Абдера, *v.* Hdt. 1.168; за датирањето на настанов, *cf.* Петрова 1999, 6, 8; *contra* Јорданов 2003, 83. За детален приказ на раната историја на Абдера и прикажаниов настан, *v.* Graham 1992.

[66] Hammond & Griffith 1979, 56 *sqq.*

ова не е многу веројатно, зашто во втората половина на шестиот век ст.е. Ематија се наоѓа во рацете на Аргеадите, чиј политички центар веќе се наоѓал во Ајга; следствено, таму во ова време не може да има ниту Пајонци, ниту пајонска контрола.[67] Хамонд ги разгледува и раните погребувања во Вергина, каде разликува три различни хронолошки слоеви. Најстариот, од геометрискиот период, кулминира со низа богати погребувања во IX век ст.е., а Хамонд го поврзува со Бригите/Фригите;[68] поновиот, датиран меѓу 800 и 650 година ст.е., се одликува со воднички погребувања со бронзени приврзоци и украси, кои Хамонд ги толкува како илирски, па претполага дека во раниот архајски период имало големо илирско ширење сè до долното течение на Аксиј.[69] Според Хамонд, овој наводен период на илирска превласт завршил кон средината на VII век ст.е. поради инвазијата на Кимерците – која наводно се одразила и врз Балканскиот полуостров – но и поради етаблирањето на владетелската куќа на Аргеадите во Долна Македонија. Претпоставките на Хамонд за наводно илирско присуство во долна Македонија не почиваат врз убедливи докази: напротив, континуитетот и непрекинатата развојна линија во материјалната култура, како и отсуството на препознатливи илирски наоди на спомнатата територија говорат цврсто против ваквата претпоставка.[70] Ако веќе треба да се спекулира за случувањата во периодот што не го покриваат нашите наративни извори, тогаш е многу пологична претпоставката на Делев, кој предлага Илирите од реконструкцијата на Хамонд да се заменат со Пајонци. Делев претполага дека во VIII век ст.е., откако завршила претпоставената миграција на Бригите/Фригите кон Мала Азија, (прото?-)Пајонците ја надраснале нивната првична територија во долното течение на Аксиј и го почнале големото ширење за кое спекулиравме погоре, а кое оставило трага во најстарите наративни наслојки како пајонска контрола на Ематија до Пиериските планини на југозапад, и до Крестонија и Мигдонија на југоисток. И во овој случај, Пајонците би се појавиле во долното течение на Стримон во VIII век ст.е., но не поради тоа што биле истуркани во таа насока од наводно илирско население, туку зашто станувало збор за органски дел од пајонското ширење.[71]

Еднакво тешко се објаснуваат и наводите за опаѓањето на моќта на Пајонците, како и нивното „повлекување“ од Ематија, Крестонија и Мигдонија во VII и VI век ст.е. Речиси е неминовно овој процес да се поврзе со појавата на кралската куќа на Аргеадите во долна Македонија. Во нејасното сведоштво на Тукидид што многумина го оспоруваат,[72] откако Македонците ја освоиле долна Македонија, ги истерале оттаму Пиери-

[67] Делев 2014, 400.

[68] Hammond 1972, 411.

[69] *Ibid.*, 420 *sqq*.

[70] За подетална критика на гледиштето на Хамонд во рамките на општиот контекст на наодите, *viz.* Archibald 1998, 77 no. 146. Всушност, и Арчибалд и Делев се надоврзуваат на претпоставките на Kilian, "Mycenaean Colonization: Norm and Variety" (*non vidi*); според Арчибалд, "the most important implication of Kilian's hypothesis is *cultural continuity and stability* [...]", што е пак главен аргумент против илирската теза на Хамонд.

[71] Hammond 1972, 422; Delev 2007; Делев 2014, 401. Делев претполага дека Пајонците навлегле во долното течение на Стримон од долината на Аксиј, долж Струмичката котлина, преку Рупелската клисура, односно преку земјите на Синтите; или пак од Идомене, јужно од Демиркаписката клисура, кон исток преку Парорбелија и Дов Тепе, директно до езерото Прасијада, преку северниот обод на територијата на Крестонците. Веројатно токму тие биле одговорни за нападот врз Перинт.

[72] *Cf.* Проева 2004, 140–142.

те и Ботиајците, а по нив и Едонците од Мигдонија; Пајонци се спомнуваат само во контекст на тесниот појас земја по долното течение на Аксиј, како што видовме и погоре.[73] Делев дозволува дека опаѓањето на пајонската моќ е поврзано со појавата на носителите на културната група, на која ѝ ги припишуваме погребувањата со златни маски во Синдос, Терма, Агија Параскеви, Архонтико и Требениште во VI век ст.е. – но не ја одредува нивната етничка припадност и прашањето го остава отворено. При сè што идентификацијата на археолошки наоди со одредена етничка заедница по својата природа е неизвесна и хипотетичка, збирот на сите сведоштва сепак нè води во насока на локалните македонски племенски заедници, ако не и кон најраните никулци на македонското кралство на династијата Аргеади. Во суштина, сè зависи од тоа како го читаме и разбираме текстот на Тукудид. Извадокот често се оспорува од очигледни причини – затоа што е тешко да се поверува дека одеднаш од некаде се појавиле Македонци, кои почале со систематско чистење и иместување на населението од долината на Халиакмон, до Пиериските планини и понатаму до Ботиаја. Но, тоа не е пораката што Тукидид сака да ни ја соопшти, и именката Македонци треба да се чита поинаку – како *Argeadae Makedones*, Аргеади (Македонци): во извадокот не се прикажува ширењето на македонскиот етнички елемент, туку на кралската куќа на Аргеадите и (веројатно) нивните приврзаници, кои ќе ги удрат темелите на првото централизирано македонско кралство. Повторно, показ за ова е недвосмислениот културен континуитет и отсуството на каков било прекин или нов елемент во археолошките наоди.[74] Без оглед што се смениле носителите на политичката власт, културниот круг останал ист, а довчерашните самостојни племиња, со нивното влегување во границите на централното македонско кралство, станале главна компонента во дообликувањето на античките Македонци. Ако Тукидид се чита на овој начин, тогаш во равенството нема потреба ниту од Илири, ниту од Кимерци, а лесно може да се објасни пајонско-македонскиот културен континуитет пред и по етаблирањето на династијата Аргеади. Следствено, Пајонците ниту ќе се преселат, ниту ќе исчезнат, туку дел од нив ќе се вградат во кралството на Аргеадите, а оние што ќе останат вон неговите граници, уште извесно време ќе го продолжат самостојниот политички живот. Но ова се проблеми за кои ќе се расправа во следните поглавја, посветени на археологијата; време е да им се вратиме на пишаните извори.

6. Првиот сигурно датиран и детално посведочен историски настан е походот на персискиот војсководец Мегабаз против Пајонците, кој ги зафатил двете бојни сезони од 511, најдоцна до 509 ст.е. Главен извор за овие случувања е Херодот, кој им посветува на Пајонците неколку глави на почетокот од петтата книга на неговата Историја – целина што понекогаш се нарекува „пајонски логос“. Пајонскиот логос на Херодот е поделен на неколку помали епизоди: епизодата со опсадата на Перинт, вештата Пајонка и нејзините браќа, освојувањето на пајонската земја, депортирањето на Пајонците во Азија и, понатаму во текстот, враќањето на Пајонците во татковината. Со настаните на северното егејско крајбрежје е посредно поврзана и епизодата со милетскиот тира-

[73] Thuc. 2.99.

[74] *V.* Петрова 1999, 54 sqq. и особено Митревски 2008, 176 *sqq*., кој цени дека „од првото спомнување на Пајонците од Долен Вардар [...] до VI век пр. н.е., кога повторно се потврдува долното Повардарје како пајонска земја, евидентно е постоењето на непрекинат културно-историски развиток.“

нин Хистијај, кој се обидува да ја утврди населбата Миркин. Сите овие епизоди, кои ќе ги разгледаме во продолжение, најчесто се проследени со забелешки за животот и обичаите на Пајонците.

Во уводот на петтата глава, Херодот спомнува неколку цртички од постарата историја на Пајонците, меѓу кои и нивната борба против Перинтјаните, за која веќе стана збор погоре. Откако ќе ја заокружи епизодата со Перинт, историографот се префрла во Азија и ја раскажува епизодата за Пајонците Пигрет и Мантија, кои наводно се обидуваат со итрина да добијат власт кај Пајонците:

> [...] Си биле некои Пајонци Пигрет и Мантија кои, сакајќи да станат тирани на Пајонците, по враќањето на Дареј во Азија дошле во Сарди, а со себе ја довеле и својата сестра која била стасита и убава. Тие издемнале можност [...] ја дотерале сестра си колку што можеле поубаво и ја пратиле да налее вода. Таа бардакот го носела на глава, со себе водела коњ што ѝ бил врзан за раката, а така одејќи, предела лен. Кога девојката поминувала, го привлекла вниманието на Дареј, зашто тоа што таа го правела не можело да се види ниту кај Персијците, ниту кај Лидијците, ниту каде и да е во Азија. [...] Кога Дареј прашал од каде е девојката, момчињата рекле дека се Пајонци и дека таа е нивна сестра. Дареј натаму прашувал кои се тие Пајонци, каде им е земјата и по каква работа тие се дојдени во Сарди. Тие рекле дека се дојдени за да му се предадат нему, дека Пајонија се наоѓа на реката Стримон, а Стримон тече недалеку од Хелеспонт; тие, пак, биле потомци на Тевкрите, отселени од Троја. Момчињата сето тоа го кажале, а кралот прашал дали сите тамошни жени се така работливи. Пајонците ревносно одговориле дека тоа е така. [...][75]

Приказната има и втора епизода, во која Дареј не решава како што очекувале Пигрет и Мантија, туку му заповеда на Мегабаѕ да ги покори Пајонците и да ги префрли во Азија:

> Потоа Дареј му пишува писмо на Мегабаѕа кого го имал оставено за заповедник на војската во Тракија. Во писмото му заповедал да ги крене Пајонците од нивните краишта и да ги доведе кај него; и нив, и децата, и нивните жени. Веднаш еден коњаник со голема брзина се упатува на Хелеспонт и, откахо го минал протокот, му го предава писмото на Мегабаѕа. Овој, штом го прочитал, зел водачи од Тракија и тргнал со војската во Пајонија. Кога Пајонците разбрале дека Персијците одат на нив, ја собрале војската и се упатиле на морето мислејќи дека Персијците упадот ќе го направат таму. Пајонците биле готови да го одбијат нападот на Мегабаѕовата војска, но Персијците, кога дознале дека Пајонците се собрале и го обезбедиле местото на пробивот откај морето, како пгго биле со водачи, тргнале по сувоземен пат. Незабележани од Пајонците, упаднале во нивните градови што биле останати без мажи. Напаѓајќи градови без одбрана, лесно ги освоиле. Кога Пајонците разбрале дека градовите им се заземени од непријателите, веднаш се распрснале; секој се упатил во својот град, а таму им се предале на Персијците. Така Сиропајонците, Пајоплите и другите Пајонци сè

[75] Hdt. 5.12-13.

> до езерото Прасијада биле истерани од своите предели и биле одведени во Азија.[76]

Приближно во исто време кај Херодот се расплетува уште една, напоредна приказна. Во неа, Дарej го повикува во Сарди милетскиот тиранин Хистијај и му нуди да избере награда, зашто успеал да го зачува мостот преку реката Истар во мигот кога Скитите ги повикувале Хелените да си заминат:

> Дарej, пак, штом го поминал Хелеспонт и втасал во Сарди, се сетил на услугата што му ја направил Милеќанецот Хистијај и на советот што му го дал Митиленањанецот Кој. Ги повикал да дојдат во Сарди и им дал да изберат што сакаат. Хистијај, бидејќи веќе бил тиранин на Милет, не побарал никаква тиранска власт, туку замолил да му го даде во негово владеење местото Миркин во земјата на Едоните, зашто сакал таму да основа град. Тој тоа го побарал. Кој, пак, бидејќи бил обичен граѓанин, а не тиранин, побарал да владее како тиранин во Митилена. Кога на двајцата им била исполнета желбата, тие заминале во оние места што ги избрале.[77]

Додека Мегабаs војувал против Пајонците, Хистијај веќе ги градел утврдувањата на новиот град. Но, откако ги довел Пајонците во Сарди, војсководецот го советувал Дарej да не му ја дава на Хистијај оваа богата и добро населена област:

> Мегабаs, пак, водејќи ги Пајонците, втасал на Хелеспонт, а оттаму се префрлил на другиот брег и втасал во Сарди. Во тоа време Милеќанецот Хистијај почнал да го гради градот на местото што го побарал и го добил на дар од Дареја како плата за зачуваниот мост. Местото, на кое името му било Миркин, се наоѓало кај реката Стримон. Кога Мегабаs разбрал што прави Хистијај, штом отишол во Сарди водејќи ги со себе Пајонците, му рекол на Дареја: „Кралу, каква работа си направил? Си му дал на опасен и умен маж, Хелен, да основа град во Тракија, каде што има и шума – изобилство материјал за градење на бродови, многу дрвја добри за весла, и рудници на сребро. Таму живеат големо множество Хелени и многу барбари кои, ако си најдат водач, ќе го прават и дење и ноќе тоа што тој ќе им заповеда. Туку ти тој човек сопри го во таа работа за да не ти се случи да бидеш притиснат со војна во својата земја. Кротко повикај го да дојде кај тебе и спречи го. А кога ќе ти падне в раце, направи тој човек веќе никогаш да не втаса кај Хелените.[78]

Дарej го послушал советот на Мегабаs и го зел Хистијај со себе во Суса, под изговор дека му треба како советник. Херодот не кажува што се случило со Миркин, но според сè, населбата останала неутврдена и за неа не знаеме ништо повеќе. Редоследот на настаните, онака како што се прикажани кај Херодот, загатнуваат и еден проблем: за да го даде некому Миркин, Дарej морал претходно да го поседува, што значи дека во моментот на овие случувања Едонците веќе се нашле под персиска власт – можеби во

---

[76] Hdt. 5.14-16. Според Делев (2014, 81), реченицата во која Херодот ги набројува останатите, неосвоени Пајонци излегува од стилскиот контекст, па некои уредници и коментатори ја сметаат за интерполација во текстот на Херодот.

[77] Hdt. 5.11.

[78] Hdt. 5.23.

текот на истите дејствија на Мегабаs против Пајонците – но тоа останало надвор од приказот на Херодот, па затоа приказната делува анахроно. Делев претпоставува дека Мегабаs можел да стаса до Едонците и при неговите претходни дејствија на северното крајбрежје, и дозволува дека „тракиските водичи" на Мегабаs што се спомнуваат во текстот всушност биле Едонци. Врз основа на ова, Делев претполага дека граница меѓу Пајонците и Едонците во долниот тек на Стримон била реката Ангитес (Драматица / Кара Су), а Персиската војска дејствувала низ ден. Драмско поле, па оттаму, низ падините на ден. Мавровуни, Меникион и Вронтос се спуштила во пајонските земји, во висина на Сирис, т.е. ден. Серес.[79]

Сепак, Мегабаs не успеал да ги покори соседите на Доберите, Агријаните и Одомантите, како и оние што живееле на самото езеро. Херодот прави куса, но интересна дигресија за обичаите на езерските жители, кои ги кревале своите населби на дрвени колци што ги носеле од планината Орбелос и ги забивале во езерското дно:

> Оние, пак, што живееле околу планината Пангај – Доберите, Агријаните, Одомантите, како и оние што живееле на самото езеро Прасијада, воопшто не биле покорени од Мегабаs. А тој се обидел да ги истера и тие што живееле на езерото. Тие, пак, живеат вака. На средината на езерото има зацврстена платформа, која стои на високи колци, а откај брегот до платформата води тесен премин, всушност еден мост. Столбовите на кои е поставена платформата најпрвин, секако, ги поставиле сите луѓе заедно, но потоа се установил обичај и ги поставуваат вака: тој што се жени, за секоја жена, а секој си доведува по многу жени, мора да донесе три греди од планината што се вика Орбел и да ги постави. А таму живеат на тој начин пгго секој на платформата си има своја колиба во која живее со семејството. Колибата има врата, всушност капак на платформата, што води надолу кон езерото. Малите деца, од страв да не им се стркалаат во водата, ги врзуваат со јаже за ножето. Коњите и запрежниот добиток ги хранат со риби. Риби имаат во такво изобилство што, откако ќе го отворат капакот и со јаже ќе спуштат празен кош во езерото, ако го подржат само кратко време, го извлекуваат полн со риби. Имаат два вида риби; едните се викаат папракси, а другите тилони.[80]

И овој извадок предизвикува тешкотии во толкувањето. Според некои издавачи на Херодот, начинот на кој Доберите, Агријаните и Одомантите се вметнати во реченицата упатува дека набројувањето е подоцнежна интерполација во текстот на Херодот. Дури и ако претпоставиме дека во оригиналната верзија на текстот единствено биле спомнати Пајонците кај езерото Прасијада, повторно се добива впечаток дека истите жители (до / кон и на брегот на Прасијада) се спомнати двапати – и како преселени, и како непокорени. Од текстот јасно произлегува дека Херодот раскажува за жителите на наколните населби во самото езеро, чиј живот и навики ги објаснува; местото на Доберите, Агријаните и Одомантите во средината на ваков извадок не е сосем јасна. Во суштина, дури и ако прифатиме дека Херодот се осврнува само на неименуваните Пајонци, тоа нема да промени многу, а најмалку ќе ни го разјасни разграничува-

[79] Delev 2007; Делев 2014, 88.

[80] Hdt. 5.16.

њето на племенските територии во поширокаta околина – зашто Доберите, Агријаните и Одомантите можеме да ги лоцираме само во груби рамки, некаде „близу Пангај“.[81]

Пајонците што Мегабаз целосно или делумно ги префрлил во Азија околу 510 ст.е., по заповед на Дареј биле населени „во Фригија, во место и населба определени за нив“.[82] Еден логичен начин да се објасни нивното преселување е дека биле користени како *kurtaš*-работници. Станува збор за една специфична категорија работници, главно на имотите на кралот и на персиското благородништво, од кои најголем дел биле туѓинци; меѓу нив имало значителен број воени пленици или робови, но и слободни луѓе кои работеле за плата, како и поединци кои привремено одработувале некаков долг. Забуната се состои во тоа што хеленските автори не ја познавале оваа практика на Ахајменидите, па ги опишуваат овие *kurtaš*-работници врз основа на хеленските традиции и светоглед, па оттаму и Пајонците биле „поробени“ и „депортирани“ во Азија.[83] Нема сомнеж дека решението на Делев и Издимирски е логично и издржано – во случај да прифаќаме дека епизодата со депортирањето на Пајонците одразува реален историски настан. Сепак, подолу ќе разгледаме низа аргументи кои сведочат дека приказната претставува обична историографска матрица која ја има и кај други автори, и со други главни ликови, а кај Херодот има и стилистичка и пропагандна функција. Но, најпрвин треба да ги вратиме Пајонците во татковината.

Епизодата во која Пајонците се враќаат дома се датира подоцна, во времето на Јонското востание (499–494 ст.е.); технички, таа не влегува во „пајонскиот логос“, но сепак е дел од целата приказна. Во неа, милетскиот тиранин Аристагора, кој претходно се вратил од копнена Хелада, смислува како да го налути Големиот крал и да им наштети на неговите интереси: тој испраќа пратеник кај Пајонците во Фригија и им нуди безбедно да ги врати во татковината:

> Аристагора [...] испратил во Фригија свој човек кај Пајонците. [...] Кога гласникот дошол кај Пајонците, вака им рекол: [...] „Сега цела Јонија се крена против кралот, и вам ви се укажува можност да се спасите и да се вратите во вашата земја. Сами треба да смислите како ќе втасате до морето, а потоа сè друго е наша грижа.“ Кога го слушнале тоа, Пајонците се израдувале и, земајќи си ги жените и децата, избегале на морето. Имало, вистина, и такви што се исплашиле и останале таму. Пајонците излегле на море, а оттаму се префрлиле на Хиос. [...] Потоа Хијците ги префрлиле од Хиос на Лезбос, а Лезбјаните ги превезле во Дориск. Оттаму пешки втасале во Пајонија.[84]

Иако минало прилично долго време откако заминале, вратените Пајонци очигледно успеале повторно да се интегрираат во локалната заедница: во описот на настаните од 480 ст.е. Херодот повторно ги спомнува Пајонците, Доберите и Пајоплите северно од планината Пангај:

---

[81] *Cf.* Hdt. 7.113; Strab. 7, fr. 41; Hdt. 7.112.

[82] Hdt. 5.98. Патот што го минале при враќањето укажува дека станувало збор за подалечната, т.н. Голема Фригија, а не за Хелеспонтска Фригија, која лежела веднаш на спротивниот брег на Хелеспонт, *cf.* Делев 2014, 82.

[83] Детално за овој проблем, и специфично за Пајонците во улога на *kurtaš*-работници, *v.* кај Delev 2000, 49 *sqq.*; Делев 2014, 399–408; Издимирски 2018, 56 *sqq.*, со детална литература.

[84] Hdt. 5.98.

> Минувајќи покрај Пајонците, Доберите и Пајоплите, кои живеат северно од Пангај, [Ксеркс] тргнал на запад и одел се додека не втасал на реката Стримон и градот Еион, во кој, уште жив, владеел Бог за кого малку пред ова зборував. Таа земја околу планината Пангај се вика Филида. Се протега на запад до реката Ангита, која се влева во Стримон, а на југ допира до самиот Стримон на кој магите му жртвувале колејќи бели коњи.[85]

Најпосле, во контекст на походот на Ксеркс – или, поточно, на неговото враќање во Азија – се спомнуваат и жителите на Сирис, средиштето на Сиропајонците, каде Ксеркс ја оставил на чување светата колесница на Ахурамазда:

> Ксеркс, оставајќи го Мардонија во Тесалија, брзо се упатил накај Хелеспонт и до местото на кое требало да премине втасал за четириесет и пет дена. [...] Болните Ксеркс ги оставал по градовите низ кои минувала војската, со порака да ги негуваат и хранат. Некои оставил во Тесалија, други во Сирис во Пајонија, а и во Македонија. Таму, кога одел кон Хелада, ја оставил светата Зевсова кола, а тогаш, кога се враќал, не ја добил зашто Пајонците им ја дале на Трачаните. Кога ја побарал, Пајонците му рекле дека Трачаните што живеат околу изворите на Стримон ги грабнале кобилите кога биле на пасење.[86]

Овој извадок може да се толкува различно – како една од многубројните вињети со кои Херодот му дава посебна боја на текстот, но и како неочекувано сведоштво за состојбата на крајбрежјето и политичкиот компас на засегнатите племиња. Така, Ботева ја прифаќа претпоставката на Кинаст дека текстот на Херодот создава претстава за две јасно одбележани територии со два различни статуси: земјите источно од долното течение на Стримон, и земјите кои лежеле на запад. Територијата од Хелепонт до Стримон се сметала за безбедна, па затоа Ксеркс требало да ја остави колесницата на сигурно место пред да го премине Стримон и да продолжи кон запад.[87]

Тоа е она што е извесно. Остануваат многу неодговорени прашања: зошто Ксеркс би ја доверил колесницата на Ахурамазда на жителите на Сирис; дали овие жители се Сиропајонците, за кои традиционално се верува дека биле депортирани во Азија; ако станува збор за истото население, како можел Ксеркс да има доверба во нив; и дали ова значи дека тие (ако воопшто биле депортирани, *в.* погоре) не се вратиле од Азија против негова волја, независно од она што го читаме за Аристагора. Според сè, скудниот изворен материјал нема да дозволи овие прашања да добијат задоволителен одговор.[88]

7. Ова, со мали скратувања, е корпусот од изворни податоци за навлегувањето на персиската војска во пајонските земји. Јасно е дека десетина глави од текстот на Хе-

---

[85] Hdt 7.113.

[86] Hdt. 8.115.

[87] Всушност, Херодот никаде не кажува зошто Ксеркс морал да ја остави колесницата во Сирис и да ја побара дури при враќањето; *v.* Јорданов 2003, 99; за претпоставките, *cf.* Kienast 1996, 308; Ботева 2006. Ботева спомнува и дополнителен аргумент – дека во месноста Девет патишта Ксеркс жртвувал бели коњи, момчиња и девојки (Hdt. 7.113–114), со што можеби се одбележувал почетокот на нова етапа во походот, од другата страна на Стримон.

[88] Ботева 2006, 8.

родот не можат да бидат подлога за точна и издржана реконструкција на случувањата; затоа, во стручната литература овој дел од персиските дејствија во Европа се прикажува онака како што ни е претставен и кај Херодот, без поширока анализа и реконструкција,[89] или пак е придружен со напоредни археолошки, нумизматички и други изворни податоци.[90] Погоре ги дадовме основните толковни одредници за секоја епизода; во продолжение, ќе навлеземе подлабоко во текстот и ќе се задржиме на епизодите не само врз основа на општиот политички кадар на случувањата, туку и на нивната литературна и стилистичка улога.

Депортирањето на Пајонците во Азија несомнено е настан што му остава голем впечаток на читателот;[91] па сепак, за ефектот на принудната преселба, но и на враќањето на Пајонците врз етничката, политичката и културната слика во долното течение на Стримон, не можеме да кажеме речиси ништо. Крајниот ефект секако зависи од обемот на придвижувањето – а со оглед на тоа што Херодот никаде не спомнува бројки, тешко е дури и да се спекулира за размерот на целиот потфат. Ако го прифатиме без резерва Херодот, кој зборува за „место и населба“ на Пајонците во Фригија, сосем е можно дека епизодата се состоела од низа настани со мал обем, без некое покрупно значење или поголема историска важност;[92] затоа, освен Хамонд и Фол, кои ја прифаќаат приказната како утврден историски факт,[93] малкумина му веруваат на Херодот без одредена резерва.[94] Погоре разгледавме еден допадлив обид за толкување на епизодата, во кој се објаснуваше и причината за депортацијата; во продолжение ќе разгледаме уште неколку проблеми, но и можни решенија на загатката.

На почетокот, го оставаме настрана објаснувањето на Херодот дека Пајонците му оставиле толку силен впечаток на Дарej, што тој посакал да има такви поданици во Азија. Причината за ова е едноставна: легендарниот, безмалку фолклорен карактер на оваа приказна е препознаен уште одамна, и тоа од повеќе истражувачи, дотаму што Макан заклучува дека приказната за Пајонците е „надградена верзија на една обична анегдота“.[95] Станува збор за еден од ретките среќни случаи, кога имаме напоредни извори, кои го посочуваат неисторискиот карактер на приказната, или барем на начинот

[89] На пример, Bury (1912, 239) и Bury & Meiggs (1978, 152) му посветуваат на овој проблем само неколку редови; приказот на Burn (1984) е незначително подолг, но главно се состои од прераскажување на Херодот; исто е и кај Dandamaev (1989, 150); Errington (1990, 9) им посветува на Пајонците една единствена реченица во која констатира дека биле преселени во Азија. Hodlofsky (1979) воопшто не се сомнева во приказната, која ја изложува во еден пасус, а Briant (1996, 156-157) им посветува на случувања на крајбрежјето неполни две страници. Cawkwell (2005) воопшто не го спомнува пајонскиот логос, Пајонците ги спомнува во неколку патемни забелешки, а за настаните на крајбрежјето одвојува одвај една страна текст.

[90] Hammond & Griffith 1979, 57 *sqq.*; Делев 2014, 81 *sqq*.

[91] Hdt. 5.12-13.

[92] Делев 2014, 82.

[93] Fol & Hammond 1988, 235 *sqq*.

[94] Или, подобро кажано, ги преземаат податоците на Херодот без дополнително толкување и не ги користат како подлога за реконструкција на настаните. Само Demand (1988) напоменува дека приказната за заминувањето и враќањето на Пајонците има истоветни мотиви и слична изведба – и затоа треба да се набљудува паралелно – со преселбата и половичното враќање на Фокајците (Hdt. 1.162-170), што повторно ја сведува на ниво на литературна вежба на тема „преселба и враќање“.

[95] Macan 1895, app. IV, 55–59; *cf.* Will 1967.

на кој ни е пренесена. Пред сè, пофалбата на пајонската жена ја има и кај Ајлијан, кој им придодава и други дарби на Пајонките, на пример – дека ги дојат децата додека одат на вода со врчва на главата.[96] Но уште поважна е напоредната, многу поинаква варијанта на приказната со вештата Пајонка што ни ја пренесува Никола од Дамаск. Во неговата верзија, епизодата не е поврзана со Дарej, туку со лидискиот крал Алијат; главната хероина не е млада девојка со двајца браќа, туку жена под власт на сопругот; главните актери не се Пајонци, туку Тракијци; а жариштето на дејствието не е ниту во Пајонија, ниту во Фригија, туку во Мизија.[97] Може да се спори дали Никола од Дамаск ја презел приказнава од Ксантос од Лидија, и дали Ксантос воопшто ги поврзува Тракијците и Мизите; во секој случај, Херодот воопшто не ја спомнува Мизија во овој контекст, така што определниците не се преземени од него.[98] Според тоа, постојат најмалку две верзии, и бесполезно е да се спекулира која од нив е постара или оригинална, зашто ваквите легендарни/фолклорни мотиви мошне ретко имаат канонска верзија.[99]

Останува нејасно и нешто друго: зошто требало да се депортираат токму Пајонците, и зошто само тие? Во текот на неколку бојни сезони, Персијците сретнале и покориле многу племиња и десетици градови и села. Ако дале отпор, за што немаме податоци, Пајонците секако не биле единствените. Ако биле доволно силни за да претставуваат закана,[100] како биле поразени и преселени за само дел од една бојна сезона? Ако пак биле доволно слаби за да бидат поразени за толку кусо време, тогаш не можеле да бидат поголема закана од другите племиња на истото крајбрежје.[101] Ако продолжиме да бараме историска и здраворазумска логика во приказнава, влегуваме во вистински маќепсан круг. Дополнителен проблем е сведоштвото на Херодот дека во областите околу Прасијада и Пангај, како и близу Доберите, Агријаните и Одомантите и подоцна имало Пајонци. Во тој случај, треба да се расчисти кои од сите тие Пајонци биле депортирани, и според кој критериум. Поради сево ова, се чини поиздржано да се одбере страната на историчарите кои ја отфрлаат класичната приказна за преселувањето на Пајонците.[102]

---

[96] Ael. *Var. Hist.* 7.1–2.

[97] *FGrH* 90, fr. 71.

[98] *Cf.* понатамошната напоредна анализа на изворите кај Will 1967.

[99] Will 1967, 180 има впечаток дека верзијата на Никола од Дамаск е поблиска до некаков „оригинален" облик на мотивот, зашто кај него миграцијата е трајна и Мизите никогаш не се враќаат од каде што тргнале, за разлика од Пајонците, чија преселба е минлива епизода без реални последици. Делев (2005, 5) претпоставува дека Херодот обединил два неповрзани мотива – пратеништвото на Пигрет и Мантија и мотивот на покажување жена – во една приказна, која токму затоа има толку недоследности.

[100] Така, на пример, мислат How & Wells 1989, *ad loc.*

[101] Хамонд на повеќе места (1979, 1988) ги претставува Пајонците како „leading power", која наводно го попречувала ширењето на персиското кралство (веројатно по примерот на How & Wells, *q.v.*). Но такво нешто би важело и за повеќето други племиња на истиот географски потег, на кои сепак не им се случило ништо драматично. Тврдењето на Хамонд посредно имплицира (1) или дека целото население од Стримон до Аксиј било пајонско, со што не останува место за Едонците и Бисалтите, или пак (2) дека Персијците уште од почеток биле заинтересирани за долината на Аксиј, за што нема никаква поткрепа ниту во изворите, ниту пак во последователните настани.

[102] Сепак, треба да се има на ум и патемната забелешка на Archibald 1998, 85: "Persian policy was far shrewder than Hammond suggests. Selected tribes were made examples of, not unlike the way in which the Mi-

Што се однесува до другите племиња во околината, на располагање ни се две опции: или да прифатиме дека безмалку сите се нашле под персиска контрола, или пак спекулираме во спротивна насока со низа конјектури. Историчарите што ја анализираат новонастанатата состојба на северното крајбрежје ретко се впуштаат во понатамошна анализа, и тоа со право. Прво, податоците на Херодот се премногу малуброjни и премногу неодредени; понатаму, не можеме со сигурност да кажеме, на пример, каде точно завршувале едонските земји, а каде почнувале бисалтските, за да можеме да го следиме ширењето или стеснувањето на племенските територии; и најпосле, не знаеме колку широка и колку интензивна била персиската контрола – дали станувало збор само за контрола преку воено присуство, или пак за активно управување.[103] За настаните од 512 до 509 год. ст.е. едноставно не може да се спекулира толку детално. Сепак, извесно е дека персиското навлегување на северното егејско крајбрежје најнеповолно се одразило врз Пајонците. Пред 510 год. ст.е., тие го контролирале најмалку долното течение на реката Аксиј, биле непосредни соседи на Аргеадите и, веројатно, доволно силни за да го спречат ширењето на оваа владетелска куќа кон исток; може да се претпостави дека пајонската контрола делумно се протегала и преку Аксиј, по северниот раб на централната македонска рамнина. По персиското навлегување, пајонската превласт на оваа територија неповратно згаснува.

8. Тука завршува историската анализа на настаните на северното крајбрежје; во продолжение, ќе ја разгледаме контекстуалната вредност на податоците на Херодот и нивната функција во рамките на делото како литературна целина.[104]

Во првите четири книги од неговото дело, Херодот ги разгледува кралските овластувања, моќта на владетелот и неговата воена сила во рамките на персиската држава. Поголемиот дел од петтата книга се надоврзува на истата проблематика, но загатнува и низа прашања за тоа како воената сила и политичката моќ се користат на терен, во време кога персиското кралство влегува во видокругот на „западниот“ свет.[105] Централното место во приказната му припаѓа на главниот актер, кој ја има моќта, решава и ја презема одговорноста за политичките успеси и неуспеси. Во делот што нè ин-

lesians were singled out for punishment following the Ionian revolt. As in that case, those who resisted most fiercely were given exemplary treatment to deter the less adventurous." Овој пристап, иако плод на конјектура, можеби ни го открива критериумот кого го баравме погоре.

[103] Да го илустрираме ова со еден практичен пример. Не можеме да знаеме дали Пангајските рудници биле на персиска, на едонска или на бисалтска територија – не само зашто не знаеме доволно, за да разграничиме една од друга племенска територија во тоа време, туку и затоа што тешко можеме да го дефинираме опфатот на „племенска територија“, особено кај блиски или сродни племенски групи, и тоа под контрола на иста политичка сила. Ако тврдиме дека рудниците биле под персиска *контрола*, тоа веќе би било издржано, но во тој случај е неважно кое од племињата ја населувало таа територија.

[104] Анализата што следи е заснована врз дел од гледиштата на Irwin 2007; Irwin & Greenwood 2007 и Osborne 2007. Овие автори го обработуваат „пајонскиот логос“ – и, воопшто, делото на Херодот – главно од литературна и стилистичка гледна точка, а ретко ги земаат предвид историските недоумици во врска со опишаните случувања; затоа тука ќе ги разгледаме само гледиштата кои подлежат на проверка и се согласуваат со историските сознанија.

[105] На пример, природата на моќта; нејзината основа; зошто еден полис е моќен, а друг слаб; како оваа моќ се раѓа, а како згаснува. *Cf.* Irwin 2007, 41–44, со список на литература, како и коментарот на Osborne, кој го презема методолошкиот пристап и ја надградува оваа анализа (2007, 88 *sqq*.).

тересира нас, Дарej најпрвин го минува Хелеспонт и се повлекува во Азија, а го остава Мегабаѕ да ги скроти сите што сè уште ѝ се опираат на персиската власт.[106] Потоа Херодот нѐ префрла во Либија, па повторно нѐ враќа кај Мегабаѕ, но не и кај Дарej.[107] Читателот добива впечаток дека Мегабаѕ е оставен да делува самостојно и дека Дарej веќе не го интересира територијата западно од Хелеспонт – но, речиси веднаш потоа, Големиот Крал повторно излегува на сцената.[108]

Повторното појавување на Дарej може да изгледа нелогично од хронолошка, наративна и, воопшто, од историска гледна точка; затоа пак, е сосема издржано од гледна точка на книжевниот дискурс. Дарej го снемува од наративот не зашто раскажувачот сака да заврши со него, туку напротив, зашто сака ефектно да го врати на сцената. Ова место во текстот на Херодот го означува почетокот на еден нов логос и сосема нова епизода, која служи како спојка со понатамошните персиските дејствија во Европа;[109] кадарот е приказната што целосно ја прикажавме погоре, во која двајца Пајонци решаваат да го следат Дарej сè до Сарди.[110] Имињата на овие Пајонци се разликуваат од ракопис до ракопис; забележани се како Пигрет, Тигрет или Тугрет, и Мастија или Мантија; но, тоа не е важно, зашто тие не се вистинските двигатели на оваа приказна. Поважно е тоа што оваа приказна може да се оспори како обична историографска матрица, облечена во ново руво специјално за оваа прилика. Погоре видовме дека слична приказна има и кај Ајлијан, и кај Никола од Дамаск, а општиот мотив на покажување убава жена го има на повеќе места дури и во текстот на Херодот. Тоа го прави Лидиецот Кандаулес (Мирсил), кој му ја покажува својата гола сопруга на телохранителот Гигес,[111] а сличен е и мотивот во една епизода со Пејсистрат, кој пред Атињаните ја изложува високата Фија од демата Пајанија и за возврат добива тиранида.[112] Како и да е, со оваа проверена досетка сега се служат Пајонците[113] – но исходот е сосема неочекуван, што всушност е „новото“ што ја различува оваа епизода од соодветните приказни на други места. Се очекува сестрата да го освои срцето на кралот, а нејзините браќа да бидат наградени со власт кај Пајонците; но, кралот воопшто не се задржува врз нејзината убавина, туку врз особините што ја красат: вештината и работливоста. Суштината на покажувањето на оваа жена пред кралот е да се истакне работливоста на пајонските жени, а Херодот веќе нагласи дека Големиот Крал е добар набљудувач на

[106] Hdt. 4.143-4.

[107] Hdt. 5.1.

[108] Hdt. 5.11.

[109] *Cf.*, на пример, коментарот на Osborne (2007, 89): "...in a familiar enough Herodotean technique, a new section begins with the name, no – the article, of the prime protagonist"; исто и Nenci (1994, *ad loc.*), кој зборува за "tipica formula di transizione".

[110] Се чини дека еден од главните мотиви во петтата книга е токму нагласката на префрлањето од Азија во Европа и обратно; Дарej, Мегабаѕ, Отан, Пигрет и Мантија, Пајонците, Хистијај, подоцна и Аристагора, и т.н.

[111] Hdt. 1.7-13.

[112] Hdt. 1.60.4-5; Arist. *Ath. pol.* 14. 4.

[113] Лајтмотив на сите овие речиси парадоксографски матрици се Пајонците, Атињаните, тиранидата и Персијците. Уште едно смислено поврзување во идејна целина е епизодата во која Аристагора во една глава ја посетува Атина, а веднаш во следната им праќа порака на Пајонците и ги повикува да го искористат Јонското востание за да се вратат дома; *v.* Hdt. 5.97; 5.98.

културните разлики меѓу народите,[114] па не е чудно што ќе го заинтригираат обичаите и навиките (*nomoi*)[115] на нејзиниот народ. Дарej ја гледа жената како припадник на една поширока заедница, а нејзините особини – како особини произлезени од специфичните *nomoi* на таа заедница, па наместо еднава жена, решава да ја присвои целата заедница. Кралот не го интересираат невообичаени и извонредни поединци, туку невообичаени и извонредни обичаи и навики. Проблемот на Пајонците е во тоа што – како што експлицитно ни кажува Херодот – однесувањето на женава не е ниту персиско, ниту лидиско, ниту пак може да се види некаде во Азија; ова значи дека главниот ресурс на пајонската земја не е земјата како земја, туку народот што ја населува. Пајонците се народ-ресурс, кој може да функционира и да биде полезен секаде, без оглед каде е населен – и тоа е поуката од целата приказна.

Погоре видовме дека имало и други, непокорени Пајонци, кои живееле на езерото Прасијада, недалеку од Миркин. Атенај со право ѝ се чуди на приказната во која коњите и добитокот јадат риба.[116] Но, според некои толкувања, во извадокот не е важно што јадат животните на Пајонците, туку нешто сосема друго: ако на претходните Пајонци не им требале ресурси, зашто тие биле ресурс и можеле да живеат каде било, овие Пајонци зависеле од еден единствен ресурс кој им давал живот и ги определувал. Тие одбрале „зависен“ начин на живот, па сепак не биле совладани. Напротив, откако ќе чуе дека Дарej му го подарил на Хистијај градот Миркин, Мегабаs остро протестира, зашто во овие Пајонци гледа закана, за разлика од другите, кои наводно ги преселил во Азија без никакви неприлики.

Кажавме доволно за да се сфати дека голем дел од податоците во „пајонскиот логос“ не само што не одговараат на реалноста, туку се идеализирани, а наместа и инструментализирани. Книжевната анализа открива дека поголемиот дел од овој логос всушност не е логос за Пајонците, туку своевиден „логос за моќта и изборот“.[117] Херодот го темели приказот на случувањата врз спротивставеноста на две сродни групи луѓе, кои направиле дијаметрално спротивен избор:[118] едните верувале дека нивната вешти-

---

[114] Hdt. 3.38, во епизодата за Хелените и Индијците, кои меѓусебно се згрозувале од начинот на кој другите си ги погребувале родителите.

[115] При опишувањето на културните концепти на разните народи и племиња, Херодот се служи со три различни поими: *diaita*, *ethea* и *nomoi*; разликата меѓу овие поими е одлично објаснета кај Redfield, 1985: 98-99, *q.v*. *Diaita* претежно се однесува на материјалната култура, на храната, пиењето и секојдневниот живот; *ethea* се однесува на амбиентот и на „културниот фон“ на една заедница; *nomos* е нешто поексплицитно и појасно дефинирано од *ethea*, нешто што може да се искаже со зборови и да се воспостави како правило. *Nomos* е и знак за постоење на одреден степен на култура; сите племиња имаат *ethea*, но оние што се „најдиви“ немаат никакви *nomoi* (*cf.* Hdt. 4.106), зашто не се способни да си постават определници по кои ќе се раководат.

[116] Athen. *Deipn*. 345e.

[117] Или, поточно, една половина од ваквиот логос, зашто е логично поврзан со епизодата за Коес и Хистијај (5.11). Оваа епизода повторно го загатнува прашањето за моќта (Хистијај веќе имал тиранида, а Коес ја посакувал) и за изборот (изборот на награда, што им е понуден на двајцата, и од кого зависи нивната понатамошна судбина).

[118] Мотивот на избор е омилен мотив на Херодот. Изборите пред кои Херодот ги исправа неговите ликови никогаш не се лесни и безначајни: Кандаул го тера Гигес да избере убиство или смрт (1.11.), а еднакво е тежок изборот што Ксеркс му го нуди на својот брат Масист (9.111). Постојано се нагласува премерувањето на предностите и последиците на секој избор.

на е „преносли‍ва“ и дека можат да функционираат каде било, а другите зависеле од еден ресурс и биле подготвени да го бранат по секоја цена. Работите излегле такви, што првите се расеале, но не нашле мир во новата татковина. Херодот не го раскажува ова *fabulae gratia*. Поуките од неговата книга им се наменети на Хелените; особините што Херодот им ги припишува на Пајонците ги има и на многу места низ Хелада,[119] со што се постигнува идентификација со Пајонците и се загатнува прашањето за изборот на сопствената судбина. Преку приказната за покорувањето на Пајонците, кои пропаднале зашто поверувале дека можат да функционираат без матица, Херодот ги опоменува Хелените: за да опстои една заедница, освен умешен и работлив народ, потребни се природни ресурси за народот да расте и да се развива, но и политички центар околу кој ќе се концентрира. Херодот го потсетува хеленскиот читател на концептите на политичка припадност, политичка определба, снабденост со ресурси и економски развој – препознатливите болки од кои Хелените страдале низ целата историја.[120]

9. Во следните педесетина години, Пајонците ги снемува од пишаните извори. Последна голема епизода во која ги среќаваме, а му претходи на времето на Филип II, се одвива во контекст на дејствијата на одрискиот басилеј Ситалк против Пердика II.[121] Откако ја собрал војската за поход против македонскиот крал Пердика, Ситалк се придвижил кон Македонија:

> Тргнувајќи од одриската земја, најпрвин ги кренал сите негови Тракијци меѓу Хајмос и Родопа, сè до Понт и Хелеспонт, како и Гетите преку Хајмос и други племиња што живееле кон Понт, од оваа страна на реката Истар. Гетите и другите тамошни народи живеат во соседство со Скитите и имаат исто оружје со нив – сите се стрелци-коњаници. Повикал и самостојни Тракијци што живеат на планините и се борат со мечови: тие се нарекуваат Дии, а најмногу ја населуваат Родопа. Едни придобивал со пари, а други му се приклучувале со своја волја. Ги повикал под оружје и Агријаните, и Лајаите, како и другите пајонски племиња со кои владеел, а ги населувале најдалечните предели на неговата земја – сè до пајонските Лајаи и реката Стримон, која извира од Скомброс и тече низ земјата на Агријаните и Лајаите, каде се протега меѓата на слободните Пајонци. [...]
>
> [...] Откако сè било подготвено, ја кренал војската и се придвижил против Македонија, најпрвин низ сопствената земја, а потоа низ пустата гора Керкина, која е граница меѓу Синтите и Пајонците. Низ неа одел по патот што самиот претходно го просекол низ шумата кога војувал против Пајонците. Додека минувале низ Керкина, од десно ги имале Пајонците, а од лево Синтите и Мајдите; и, откако ја минале гората, стасале во пајонскиот град Добер.[122]

---

[119] Osborne 2007, 96 дава примери за Хелени кои исто така имаат специфичен однос кон жените и децата (Hdt. 5.39–42; 6.51–55; 6.61–70), како и за „типично хеленски“ епизоди, во кои главната улога ја игра убава жена (Hdt. 1.60, спомнато и погоре во текстот). Ваквите примери се многубројни, што значи дека особините што Херодот им ги припишува на Пајонците се прилично општи и, можеби, одбрани однапред, во контекст на идејната порака. Со ова се согласува Greenwood 2007, 131 *sqq*.

[120] *Cf.* Irwin & Greenwood 2007, 29–30.

[121] За целата епизода, *v*. Thuc. 2.95–101; Diod. 12.50-51.

[122] Thuc. 2.96; 98.

Според она што го раскажува Тукидид, Ситалк очигледно не тргнал по лесниот крајбрежен пат од Абдера до Стримон, туку одбрал да нападне од север.[123] Според сè, ваквиот избор се должел на присуството на Аминта, синот на Филип од Амфакситида, кој одел заедно со војската на Одрисите. Ситалк веројатно имал намера да го искористи Аминта за полесно да мине низ пајонските земји и да воспостави контрола над поранешните територии на Филип долж реката Аксиј, со што неговата војска брзо и без непотребни жртви би се нашла на прагот на централната македонска рамнина.[124] Но, судбината на овој план излегува од границите на нашиот интерес; тука ни е важно тоа, дека кусо време пред овие настани Ситалк завојувал против Пајонците, и дека меѓу двата настани веројатно има некаква потесна врска.

Ситалк се подготвувал за походот против Пердика безмалку две години, а неговите дејствија против Пајонците може да биле дел токму од тие подготовки: за да стаса до територијата што претходно ја држел Филип од Амфакситида, тој прво морал да просече пат низ планините и шумите во горното течение на Стримон, при што го потчинил и тамошното пајонско население. Во рамките на овие собитија, Митрев го датира пајонскиот поход од летото 431 ст.е., најдоцна до крајот на летото 430 ст.е., што изгледа сосем веројатно. Во горните извадоци, зимата 430/29 ст.е. војската минува по истиот пат кој сè уште е прооден, што значи дека од претходните дејствија не минало повеќе од година дена.[125]

За жал, не знаеме дали за овие дејствија имало дополнителни причини и поводи, врзани со самите Пајонци; може да се спекулира и за тоа, дека откако завршиле непријателствата со Пердика, Ситалк го проширил своето влијание во пајонските земји, а во отсуство на силна контрола од Ајга можеби и ја наметнал својата превласт над независните Пајонци, на кои приближно во ова време им се губи трага во изворите.[126] Но, скромните изворни податоци не дозволуваат да се носат премногу смели заклучоци.

Во следните седумдесетина години, сè до стапувањето на Филип II на македонскиот престол, во зачуваните пишани извори нема никаков спомен за Пајонците. Може да се претпостави дека делот од нив што ги населувал јужните, долномакедонски области дефинитивно се вградил во македонското ткиво на кралството на Аргеадите; оние, пак, што живееле подалеку на север, повторно ќе се појават во изворите – но не како засебни племиња, туку како протодржавна творба.

---

[123] За точната траекторија на движење, вклучително и за топонимијата која не е сосем уточнета, сè уште се водат живи и опсежни научни дискусии; *v.* подетално кај Vasilev 2011, со детален список на литература; Делев 2014, 112 *sqq*.; Митрев 2019; и особено Младеновска-Ристовска 2014, која најдетално го следи патот на Ситалк и неговата војска.

[124] *cf.* Vasilev 2011; Младеновска-Ристовска 2014.

[125] Митрев 2019; слично аргументира и Делев, 2014, 112–113.

[126] *Contra* Петрова 1999, 10, која цени дека „губењето [*sc.* на Пајонците] од историската сцена најверојатно е поврзано со обединувањето со останатите пајонски племиња кои во текот на 4 век пред н.е. доживуваат повторно период на забрзан економски и политички развој, моќ и благосостојба". Сепак, ние застануваме на нашиот *caveat* на крајот од пасусов.

ЛИТЕРАТУРА:

Archibald, Z. H. *The Odrysian Kingdom of Thrace. Orpheus Unmasked*. Clarendon Press, Oxford, 1998.

Blanco López, R. *La historia del pueblo Peonio: recogida y análisis crítico de las fuentes literarias Griegas y Romanas*. Tesis doctoral. Universitat Rovira i Virgili, Tarragona, 2018.

Ботева, Д. „Херодот (8.115, 3-4) за Ксеркс, пеоните (при Сирис?) и 'свещената колесница на Зевс'". *Thracia* XX, 2006, 5–10.

Briant, P. *Histoire de l'Empire Perse*. Fayard, Paris, 1996.

Burn, A. R. *Persia and the Greeks*, second edition with a postscript by D. M. Lewis. Stanford University Press, 1984.

Bury, J. B. *A History of Greece to the Death of Alexander the Great*. McMillan & Co., London, 1912.

Bury, J. B. & Meiggs, R. *A History of Greece, fourth edition with revisions*. Palgrave, London, 1978.

Cawkwell, G. *The Greek Wars: The Failure of Persia*. Oxford University Press, 2005.

Dandamaev, M. A. *A Political History of the Achaemenid Empire*, translated by W. J. Wogelsang, Brill, 1989.

Delev, P. "The Deportation of the Paeonians in Herodotus". *Thracia* 13: Studia in memoriam Velizari Velkov, Sofia, 2000, 49–53.

Delev, P. "Stratifying Herodotus: Local Tribes between the Lower Axios and the Nestos". *Thracia XVI. In honour of the 10th Congress of Thracology, Greece 2005*. Sofia: Institut of Thracology, 2005, 105–121.

Delev, P. "Tribes, Poleis and Imperial Aggression in the Lower Strymon Area in the 5th c. BC – The Evidence of Herodotus". *Thrace in the Graeco-Roman World. Proceedings of the 10th International Congress of Thracology*. Athens, 2007, 110–119.

Делев, П. *История на племената в Югозападна Тракия през I хил. пр. Хр.* УИ „Св. Климент Охридски", София, 2014.

Demand, H. "Herodotus and Metoikesis in the Persian Wars", *The American Journal of Philology* 109.3, 1988, 416–423.

Errington, R. M. *A History of Macedonia.* University of California Press, Berkeley, 1990.

Erskine, A. *Troy Between Greece and Rome. Local Tradition and Imperial Power*. Oxford, 2001.

Fol, A. & Hammond, N. G. L. "Persia in Europe, apart from Greece". In *The Cambridge Ancient History vol. IV, Persia, Greece and the western Mediterranean c. 525 to 479 B.C.*, Cambridge University Press, 1988, 234–253.

Graham, A. J. "Abdera and Teos". *The Journal of Hellenic Studies* 112, 1992, 44–73.

Hall, E. "When did the Trojans Turn into Phrygians? Alcaeus 42.15". *Zeitschrift für Papyrologie und Epigraphik* 73 (1988), 15–18.

Hammond, N. G. L. *A History of Macedonia, volume I, Historical Geography and Prehistory*. Oxford, 1972.

Hammond, N. G. L. & Griffith, G. T.. *A History of Macedonia, volume II, 550-336 B.C.* Oxford, 1979.

Hodlofski, L. C. *Macedonian Relations with Athens to 413 B.C.* Thesis. The Pennsilvania State University, 1979.

Irwin, E. "'What's in a name?' and exploring the comparable: onomastics, ethnography, and kratos in Thrace (5.1–2 and 3–10)". In Irwin & Greenwood (eds.), *Reading Herodotus, A Study of the Logoi in Book V of Herodotus' Histories*. Cambridge University Press, 2007, 41–88.

Irwin, E. & Greenwood, E. "Introduction: Reading Herodotus, Reading Book 5". In Irwin & Greenwood (eds.), *Reading Herodotus, A Study of the Logoi in Book V of Herodotus' Histories*. Cambridge University Press, 2007, 1–40.

Izdimirski, M. "Deportations of Kurtaš Workers in the Achaemenid Empire according to Classical Literary Tradition". *Živa Antika / Antiquité Vivante* 68.1–2, 2018, 51–64.

Йорданов, К. "Thraco-Paeonica: историческа панорама според писмената традиция". *Пирајхме / Pyraichmes* 2, Куманово, 2003, 63–118.

Katičić, R. "Peonci i njihov jezik". *Živa Antika / Antiquité Vivante* 27.1, 1977, 25–31.

Macan, R. W. *Herodotus : the fourth, fifth, and sixth books, with introduction, notes, appendices, indices, maps, by Reginald Walter Macan, M.A.* Volumes I & II. MacMillan & Co. , London, 1895.

Μάλλιος, Γ. Κ. *Μύθος και Ιστορία. Η περίπτωση της Αρχαίας Μακεδονίας*. Διδακτορική διατριβή. Αριστοτέλειο Πανεπιστήμιο Θεσσαλονίκης, 2011.

Merker, I. L. "The Ancient Kingdom of Paionia". *Balkan Studies* 6.1, 1965, 35–54.

Микулчиќ, И. Убикација на Билазора. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 28, 1976, 149–166.

Митрев, Г. „Пеонският военен поход на одриския цар Ситалк". *Империи и имперско наследство на Балканите. Сборник в чест на 70-годишнината на проф. Людмил Спасов. Том I. Античност и средновековие*, Пловдив, 2019, 27–34.

Митревски, Д. *Протоисториските заедници во Македонија*. Републички завод за заштита на спомениците на културата, 1997.

Митревски, Д. „Прилог кон вреднувањето на долновардарската-пајонска група на железното време". *Археолошки откритија на почвата на Македонија: прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2008, 175–192.

Митревски, Д. „Гробовите од железното време под римскиот театар во Скупи". In А. Јакимовски (ур.), *Римски театар Скупи*. Музеј на град Скопје, Скопје, 2017, 147–158.

Младеновска-Ристовска, К. „Походот на Ситалк во Македонија". *Зборник на трудови во спомен на Емилија Петковска*, Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица, 2014, 41–71.

Nenci, G. *Erodoto. La rivolta della Ionia. V Libro delle Storie*. Mondadori, Milan, 1994.

Osborne, R. "The Paeonians (5.11-16)". In Irwin & Greenwood (eds.), *Reading Herodotus, A Study of the Logoi in Book V of Herodotus' Histories*. Cambridge University Press, 2007, 88–97.

Папазоглу, Ф. *Македонски градови у римско доба*. Жива Антика, посебна издања 1, Скопје, 1957.

Papazoglu, F. *Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba*. Centar za balkanološka ispitivanja, Sarajevo, 1969.

Papazoglou, F. «Structures ethniques et sociales dans les régions centrales des Balkans à la lumière des études onomastiques». *Actes du VIIe Congrès international d'épigraphie grecque et latine, Constance, 9–15 septembre 1977*. Bucarest – Paris 1979, 151–169.

Papazoglou, F. *Les villes de Macédoine a l'époque Romaine*. BCH Supplément 16. Ecole française d'Athènes, 1988.

Петрова, Е. *Пајонија во II и I милениум пред н.е.* Македонска цивилизација, Скопје, 1999.

Проева, Н. *Историја на Аргеадите*. Графотисок, Скопје, 2004.

Redfield, J. "Herodotus the Tourist", *Classical Philology* 80.2, 1985, 97–118.

Σουέρεφ, Κ. «Εισαγωγή στους μύθους της Αρχαίας Μακεδονίας και της Χαλκιδικής». In Μήττα, Δ. *Μύθοι της Αρχαίας Μακεδονίας*. University Studio Press, Θεσσαλονίκη, 2006, vii-xliii.

Βελη γιάννη – Τερζή, Χ., «Το Ανατολικό Πολιτικό Όριο της Μακεδονίας Κατά την Αρχαιότητα», στο Α. Σταυρίδου-Ζαφράκα & Θ. Κορρές (επιμ.), Πρακτικά του ΙΘ΄ Πανελλήνιου Ιστορικού Συνεδρίου (Θεσσαλονίκη 29-31 Μαΐου 1998), Θεσσαλονίκη 1999, 13-34.

Vasilev, M. I. "The military-political campaign of Sitalces against Perdiccas II and the Chalcidians (431–429 BC)". *Živa Antika / Antiquité Vivante* 61.1–2, 2011, 15–38.

Villar, F. *Los Indoeuropeos y los orígenes de Europa*. Gredos, Madrid, 1996.

Will, E. "Hérodote et la jeune Péonienne". *Revue des Études Grecques* t. 80, f. 379-383, 1967, 176–181.

ПАЈОНЦИТЕ ВО ПИШАНИТЕ ИЗВОРИ ОД ВЛАДЕЕЊЕТО НА ФИЛИП II ДО СМРТТА НА ДРОПИОН

Стефан Пановски

As happens more often in ancient history than we like to admit, there are times when the lack of testimonia demands an admission that a particular case is insoluble.

P. Green

1. Во 360/59 г.[1] на македонскиот престол дошол најмалиот син на Аминта III – Филип II, кој немал многу причини за задоволство од стекнатата позиција. По една деценија внатрешни неприлики, главно предизвикани од Птолемај од Алорос, и надворешни притисоци што кулминирале со катастрофалниот пораз и смртта на Пердика III во битката со Илирите, се чинело дека државата на Аргеадите е на работ на пропаст. Се разбира, ова било знак за соседите веднаш да ја искористат слабоста на кралството. Опис на драматичната ситуација дава Диодор:

> По смртта на Аминта, тронот го наследил Александар, најстариот од неговите синови, но предавнички бил убиен од Птолемај од Алорос кој ја презел власта во кралството. На сличен начин и тој бил убиен од Пердика кој потоа дошол на власт, но доживеал пораз во голема битка против Илирите, при што го загубил и животот. Тогаш неговиот брат Филип, кој побегнал од заложништво, ја презел власта во кралството што се наоѓало во очајна состојба. Имено, повеќе од 4.000 Македонци загинале во битката, а пак останатите, целосно испаничени, се плашеле од илирската војска и немале храброст да ја продолжат војната. Речиси во исто време, соседните Пајонци, презирајќи ги Македонците, ја пустошеле земјата; Илирите собирале голема војска и се подготвувале да ја нападнат Македонија; а Павсанија, кој бил дел од кралското семејство, планирал со помош на тракискиот владетел да се врати и да се вклучи во борбата за кралството. Слично и Атињаните, кои биле непријателски настроени кон Филип, сакале на престолот да го вратат Аргај, поради што го испратиле стратегот Мантија со 3.000 хоплити и значителна поморска сила.[2]

[1] Сите датуми се стара ера.

[2] DS, 16.2.4–6.

Од ова попатно споменување не можеме да откриеме ништо повеќе за намерите на пајонскиот владетел Агид – приказот е прилично јасен што се однесува до мотивите и амбициите на останатите соседи, но не и за Пајонците. Дали навистина станувало збор за обичен пљачкашки поход во услови на криза во Македонија, или пак можеби обид за проширување на пајонското кралство за сметка на Аргеадите? Иако не може да се тврди, со оглед на понатамошниот развој на настаните, првото делува поверојатно. Имено, во обид да добие на време заради внатрешна реорганизација и справување со посериозните проблеми, особено против претендентите за престолот, Филип „испрати пратеници кај Пајонците, едни поткупи со дарови, а други убеди со великодушни ветувања, да се согласат барем во тој миг да го почитуваат мирот.“[3] Г. Грифит несомнено е во право кога истакнува дека независно од приказот на Диодор, последниот збор секако го имал пајонскиот владетел.[4] Што точно ветил Филип за да го убеди Агид да се повлече, не знаеме. Тоа што е јасно, иако во тој момент не било очигледно, е дека Пајонците ја прокоцкале најдобрата прилика да ја искористат моменталната слабост на Аргеадите. Филип не губел време и успеал да го порази Аргај[5] кој со атинска помош се обидувал да се врати на македонскиот престол, а приближно во исто време го повлекол македонскиот гарнизон од Амфипол со што исчезнала и главната причина за судир со Атина.[6] Слично како Агид и Пајонците, со подароци (и ветувања?) Филип успеал да го убеди и тракискиот владетел Берисад[7] да се откаже од планираниот напад и од подршката за Павсанија.[8] Предизвикот пак од неговите полубраќа од бракот на Аминта III со Гигаја, ако воопшто треба да се датира во овој период, завршил со елиминацијата на Архелај, најстариот од нив; останатите двајца се споменуваат подоцна, дури во 349 г., во контекст на судирот со Олинт.[9] Секако, сите овие успеси би биле залудни ако Бардилеј одлучел да ја искористи слабоста на кралството, особено по големата победа над Пердика III. Но, до такво нешто не дошло.

На што се должела илирската пасивност не е јасно[10] и, во крајна линија, и не е толку важно за нашава тема. Тоа што е важно е дека Филип II го добил она што во моментот му било најпотребно – време и маневарски простор за да ја среди состојбата во државата и да ја обнови и засили деморализираната војска.[11]

---

[3] DS, 16.3.4.

[4] Griffith in Hammond & Griffith 1979, 210f. (понатаму Griffith 1979).

[5] DS, 16.3.8; Just., 7.6.6.

[6] Редоследот на овие настани не е сосема јасен. За еден обид за расчистување на проблемот, и воопшто за борбата со Аргај и односите со Атина во овој период *v.* Heskel, J. „Philip II and Argaios: A Pretender's Story“. In R. W. Wallace & E. M. Harris (eds.), *Transitions to empire: essays in Greco–Roman history, 360–146 B.C. in honor of E. Badian*. University of Oklahoma Press, Norman (1996), 37–56.

[7] Диодор не го споменува по име тракискиот владетел, така што не може со сигурност да се идентификува за кој владетел станува збор; но во науката генерално се претпоставува дека станува збор за Берисад. *cf.* Делев 2014, 118f., 219.

[8] DS, 16.3.4.

[9] Just., 7.4.5, 8.3.10; Theopomp., *BNJ* 115 F29. Griffith 1979, 208, 699–701. Различно датирање кај Ellis, J. R. “The Step–Brothers of Philip II”. *Historia* 22.2 (1973), 350–354, кој претпоставува дека Архелај бил елиминиран неколку години откако Филип дошол на престолот.

[10] Дискусија кај Griffith 1979, 211 (повнимателен и воздржан); Ellis 1976, 47f. (поспекулативен).

[11] DS, 16.1–3.

Иако една година, а можеби и помалку, делува прекусо за целосно и темелно реорганизирање на македонската војска,[12] барем дел од реформите мора да биле започнати кога Филип преминал во офанзива. Први на удар се нашле токму Пајонците.[13] Изборот веројатно се должел на фактот што од сите закани, пајонската делувала како најмала, особено што во меѓувреме починал и кралот Агид. За жал, не знаеме речиси ништо за текот на овој поход што Диодор го опишува во две реченици: „Ослободен од војната со Атина, кога дознал дека пајонскиот владетел Агид починал, проценил дека дошол вистинскиот миг за да ги нападне Пајонците. Ја повел војската во Пајонија, ги поразил барбарите во битка, а народот го принудил да се потчини на Македонците.“[14] Кои биле одредбите од договорот не е јасно, но веројатно не може да стане збор за покорување на Пајонија уште по овој поход. Целта на Филип делумно била да ја отстрани непосредната опасност од таа страна, а истовремено и да ја испроба војската и да го подигне нејзиниот морал. Со други зборови, походот во Пајонија бил само увод и подготовка за судирот со вистинската закана – Бардилеј, што и ќе се случи најдоцна во 358 г. и ќе заврши со блескава победа на Филип II.[15]

Победата над Бардилеј, што практично значела припојување на горномакедонските области и на локалните владетелски куќи кон кралството на Аргеадите, претставувала само увод во низа спектакуларни успеси – Амфипол бил освоен во 357 г., следната година паднала и Потидаја, а источната политика кулминирала со освојувањето на Кренида, подоцна преоснована како Филипи. Воените успеси биле заокружени со склучувањето на сојуз со епирскиот владетел Ариба, а потоа и со Халкидичкиот којнон.[16] Соседите сфатиле дека во 360/59 г. била пропуштена идеална прилика да се уништи кралството на Аргеадите, и дека младиот крал сега бил закана за сите нив. Како одговор, во 356/5 г. бил склучен сојуз меѓу Тракијците, Илирите, Пајонците и Атина.[17] Околностите во кои бил склучен договорот, како и дел од одредбите ги дознаваме од еден атински натпис:

Граматеј Лисија, син на Лис – од демата Питос.
Сојуз на Атињаните со Кетрипор Тракиецот и не-
говиот брат, со Липеј Пајонецот и Гра-
бос Илирот. Кога Елпин беше архонт. На првата пританија
на Хипотонтида. На единаесеттиот од пританијата.
Од проедрите Мнесарх– од– стави на гласање. Одлучено
од Булето и демосот. Калистен предложи: За добра сре-
ќа на атинскиот демос, да се прифати сојузот
онака како што, според Монуниј(?) братот на Кетрипор,

[12] *cf.* Polyaen., 4.2.10. Sekunda, N. „Land forces“. 329. In P. Sabin, H. van Wees & M. Whitby (eds.), *The Cambridge History of Greek and Roman Warfare*, vol.1. Cambridge UP, Cambridge (2007), 325–357.

[13] Иако редоследот на настаните се чини јасен, датирањето не е сосема сигурно зашто зависи од тоа дали Филип стапил на власт во 360 или 359 г. Според тоа, некои истражувачи го датираат походот против Пајонците уште во 359, а пак некои на почетокот на 358 г.

[14] 16.4.2.

[15] Ellis 1976, 56f.

[16] Преглед кај Ellis, J. R. „Macedon and north–west Greece“, 732–8. In *CAH*² vol.6 (1994), 723–759.

[17] Хронологијата, односно редоследот, на сите овие настани не е сосема јасна. Тука ја следам реконструкцијата на Rhodes & Osborne (2003, 256–8) кои склучувањето на сојузот го датираат по падот на Потидаја и освојувањето на Кренида.

10 било договорено меѓу брат му и пратеникот на
атинскиот демос испратен кај Кетрипор и неговите браќа и
кај Липеј Пајонецот и кај Грабос Илирот. Про-
едрите избрани да заседаваат со следната еклеси-
ја да ги претстават пред демосот Монуниј(?), братот
15 на Кетрипор, и Пејсианакт, и пратеништвата
испратени од Липеј и Грабос и–
испратено од Харес; и да го претстават мислењето на Були-
то пред демосот дека според Булето сојузот
треба да се прифати, бидејќи....
20-26 Монуниј(?)... Харес... атинскиот демос... за војна... Липеј[18]... парите.
Да се пофалат Кетрипор и неговите браќа, бидејќи се
мажи благонаклонети кон Атињаните; да се пофали
и Монуниј(?), братот испратен од Кетрипор,
30 поради неговата доблест и благонаклоност и да се покани на гости
во пританејот утре. Да се пофали и Пејсианакт
и утре да се покани на вечера во пританејот;
Да се поканат на гости и пратениците што пристигнаа од
останатите басилеи, утре во пританејот. Ако
35 има потреба да се дополни псефизмата, тоа ќе го стори Булето.
За пратеници одбрани: Лисикрат од демата Ојноја, Антимах
од–, Трасон од демата Ерхија.
Се колнам во Севс, и Земјата, и Сонцето, и Посејдон и Атена и
Арес, дека ќе бидам пријател на Кетрипор и на браќата на
40 Кетрипор и сојузник; и заедно со Кетрипор ќе војувам
против Филип, искрено и со сета сила,
колку што е возможно, и нема да ставам крај на војната
против Филип без Кетрипор и неговите браќа, и
ќе се вклучам во освојувањето на оние територии што ги држи Филип
45 заедно со Кетрипор и неговите браќа, и ќе се вклучам во освојувањето на Кренида
заедно со Кетрипор и неговите браќа, и ќе ги вратам.....[19]

За жал, не само што натписот е фрагментарен, туку и делот со одредбите од договорот, со исклучок на почетокот не е сочуван; така што не знаеме што очекувал, и на што се обврзувал Липеј. Сепак, мотивите на потписниците се прилично јасни.[20] Колку и да била вознемирена од падот на Амфипол и систематската елиминација на нејзиното влијание во Термајскиот залив и по тракомакедонското крајбрежје, Атина не можела да преземе ништо бидејќи била зафатена со Сојузничката војна (357–355 г.). Поради тоа се надевала дека ќе ја спречи македонската експанзија преку склучувањето на сојуз со дел од македонските соседи, и самите загрозени од плановите и амбициите на младиот крал – Кетрипор и Тракијците поради пробивот на Филип на исток, а Илирите на Грабос од ширењето на Македонија во тој правец по победата над Бардилеј. Што се однесува пак до Липеј[21] и Пајонците, тие несомнено сакале да се реваншираат за претход-

[18] Некои уредници наместо Липеј, тука читаат Филип.
[19] Rhodes & Osborne 2003, no. 53.
[20] *cf.* DS, 16.22.3.
[21] Или Ликпеј/Ликеј, како што гласи неговото име на пајонските монети. (*v.* бел. 31).

ниот пораз и да се ослободат од македонската власт.[22] Иако потенцијално сериозна закана за Македонија, коалицијата не успеала да постигне ништо посериозно благодарение на брзата интервенција на Филип. Целата ситуација јасно, иако премногу збиено, ја опишува Диодор: „Што се однесува пак до Македонија, тројца владетели – тракискиот, пајонскиот и илирскиот – се здружиле против Филип. Имено, како соседи на Македонците, тие со сомнеж го следеле издигнувањето на Филип, но биле свесни дека никој од нив поединечно не може да се судри со него зашто и претходно ги поразил. Сепак сметале дека лесно ќе го совладаат ако со здружени сили завојуваат против него. Но, Филип се појавил додека сè уште ја собирале војската и пред да ги здружат силите, им внел страв во коски и ги принудил да се придружат на Македонците.“[23]

За разлика од Илирите и Тракијците, против кои Филип и понатаму ќе војува во текот на своето владеење, Пајонците се споменуваат само уште еднаш, во контекст на настаните во 351/50 г.[24] Имено, во првиот говор за Олинт, Демостен споменува походи против Илирите, Молосите и Пајонците, што веројатно би требало да се датираат во периодот 351–349 г.[25] За разлика од односите со Илирите, и особено со Ариба од Молосија,[26] за борбите во Пајонија не знаеме ништо повеќе од ова изолирано споменување. Ц. Елис претпоставува дека станувало збор за редефинирање на односите со некои сојузници и зацврстување на власта над некои поданици чие однесување се покажало проблематично по поразот на Филип во Тесалија во 353 г.[27] Решението е привлечно, зашто нуди контекст за една епизода што инаку би останала нејасна. Па сепак, во недостаток од други извори, може само да се прифати со резерва, имајќи предвид дека во крајна линија станува збор за една логична, но непотврдена хипотеза.

Во истиот говор, Демостен ги споменува Пајонците уште еднаш, при тоа истакнувајќи дека како и Илирите, и тие биле робови (δοῦλοι) на Филип.[28] Ова нè доведува до

---

[22] Како што може да се забележи, најистакнато место во договорот има Кетрипор, по кој следат Ликеј и Грабос. Дали редоследот ја одразува моќта на секој од потписниците, барем во атински очи? Така на пример мисли Е. Петрова (1999, 14), која натписот го зема како показател дека во овој период Пајонија ги надминала Илирите во дипломатска и воена смисла. Но, ваквото толкување не е уверливо, од едноставна причина што не знаеме по кој критериум се наведени идните сојузници. Згора на тоа, нема никаков показател дека во овој период сите Илири биле под власта на Грабос, така што не може да се воспостави едноставно равенство меѓу Пајонците и Илирите.

[23] DS, 16.22.3. *cf.* Just., 12.16.6; Plut., *Alex*., 3.5–8.

[24] Исклучок би можел да биде DS, 16.31.6, каде е даден хронолошки преглед на настаните во 354/3 г: Ἅμα δὲ τούτοις πραττομένοις Φίλιππος ὁ τῶν Μακεδόνων βασιλεὺς Μεθώνην μὲν ἐκπολιορκήσας καὶ διαρπάσας κατέσκαψε, †Πάγας δὲ χειρωσάμενος ἠνάγκασεν ὑποταγῆναι. Κατὰ δὲ τὸν Πόντον Λεύκων ὁ τοῦ Βοσπόρου βασιλεὺς ἐτελεύτησεν ἄρξας ἔτη τεσσαράκοντα, τὴν δὲ ἀρχὴν διαδεξάμενος Σπάρτακος ὁ υἱὸς ἐβασίλευσεν ἔτη πέντε. Имено, оригиналното Πάγας од ракописите вообичаено се емендира во Παγασάς. Но, Ehrhardt, C. (“Two Notes on Philip of Macedon's First Interventions in Thessaly”. *CQ* (n.s.) 17.2 (1967), 296–301) е крајно скептичен кон ваквото решение. Во тој контекст Griffith (1979, 264 n.2), размислува за Παίονας како можно решение, во кој случај дефинитивното покорување на Пајонија би требало да се датира неколку години подоцна од вообичаеното. Меѓутоа, ваквите комбинации засновани на емендација на извор се крајно несигурни и Грифит со право е крајно воздржан во претпоставката, при тоа потенцирајќи дека ниту еден друг извор не споменува поход во Пајонија во 354 или 353 г.

[25] Demosth., 1.13.

[26] *v.* Griffith 1979, 304–8.

[27] Ellis 1976, 259f. n.91.

[28] Demosth., 1.23.

прашањето за организацијата на Пајонија по нејзиното покорување. За последен пат во текот на владеењето на Филип, Пајонците ги споменува Исократ во познатото *Писмо до Филип* од 346 г.: „Зар не ги порази Магнесијците и Перајбите и Пајонците, и не ги направи свои поданици (ὑπήκοοι)? Зарем не загосподари и завладеа со мноштвото Илири, освен оние населени крај Јадранското море? Зар не поставува господари низ цел Тракија онака како што му одговара?“[29] Се разбира, од овие две информации што се среќаваат во дела на политички ангажирани автори, кои и онака се склони кон реторски претерувања (па и извртувања), не може да се извлече никаков дефинитивен заклучок за организацијата на Пајонија, односно нејзиниот статус во склоп на државата на Филип. Понудени се повеќе решенија – од широка автономија па сè до целосно потчинување и вклучување во државата на Аргеадите;[30] но, додека не се појават нови извори, ниту едно од нив не може да се прифати без резерва. Тоа што може да се забележи е дека за разлика од локалните владетелски куќи од горна Македонија кои исчезнуваат од изворите, пајонската владетелска куќа опстанала и по покорувањето на земјата од страна на Филип, за што говорат монетите и на Липеј, и подоцна на Патрај.[31] Токму правото и понатаму да издаваат сопствени монети покажува дека мора да уживале одреден степен на внатрешна автономија.[32] Присуството на пајонскиот контингент во војската на Александар III покажува дека биле должни да испраќаат војска, но кои и какви биле останатите обврски на Пајонците – ако воопшто имале – кон македонските владетели, не знаеме.[33]

Од прегледот на расположливите извори можеме да заклучиме дека Пајонија потпаднала под македонска власт во првата деценија од владеењето на Филип II – побрзо и полесно од повеќето останати соседи, особено Илирите и Тракијците, што барем делумно се должело на близината на Пајонија до јадрото на македонското кралство. Но, и покрај тоа, владетелското семејство опстојало и уживало некаков тип на автономија, или барем привилегирана позиција во кралството на Филип II.

2. За состојбата во Пајонија во времето на Александар III не знаеме речиси ништо; фокусирани на азискиот поход и на Александар, изворите посветуваат многу малку внимание на собитијата во Европа. Така, повеќе важни настани, како што е на

---

[29] Isoc., 5.21.

[30] *e.g.* Merker 1965, 44; Ellis 1976, 56f.; Griffith 1979, 253, 308; Hammond in Hammond & Griffith 1979, 652, 656, 672 (понатаму Hammond 1979); Проева 1997, 45f.; Петрова 1999, 13f. Вујчиќ 2017, 119f. n.30, придава големо значење на изразот „ги принудил да се потчинат“ кај Диодор (16.4.2), но како што видовме Филип презел уште најмалку еден поход во Пајонија, така што положбата на Пајонија по првиот поход не мора да соодветствува на положбата по вториот.

[31] За монетите на Липеј и Патрај *v.* Merker 1965, 44f.; Битракова Грозданова 1987, 81–84; Петрова 1999, 101–4; Павловска 2008, 20–22, 51–58.

[32] Hatzopoulos (1996, 245), ја смета Пајонија за (полу-)автономна.

[33] *Contra* Петрова (1999, 14), според која Исократ, на претходно споменатото место (*бел.* 29), вели дека Пајонците му плаќале данок. Но, како што видовме, во приказот на Исократ нема ништо такво – дека Пајонците плаќале данок е претпоставка на современите историчари (*e.g.* Merker 1965, 44; Hammond 1979, 652; Вујчиќ 2017, 120). Единствено Јустин (11.5.3) споменува дека Александар практично зел заложници од „владетелите кои плаќале данок“ (*reges stipendiarios*), што можеби ги вклучува и Пајонците, но бидејќи во описот никој не е поединечно споменат, тоа мора да остане претпоставка. Фронтин зборува за истата постапка (*Strat.* 2.11.3), но сосема очигледно ја става во контекст на тракиската кампања на Александар.

пример борбата во теснеците, или војната со спартанскиот басилеј Агид III, или бунтот во Тракија – одвај и да се споменати, па во таа смисла воопшто не изненадува што Пајонија не се споменува.

Изгледа дека приближно во исто време со смената на македонскиот престол, дошло и до смена на владетелите во Пајонија, каде Липеј бил наследен од Патрај. Овој владетел воопшто не се споменува во пишаните извори и за него знаеме единствено благодарение на неговите монети[34] и споменувањето на еден натпис како татко на Авдолеонт.[35] Така, не знаеме ниту кога точно, ниту во какви услови дошол на власт.[36] Според некои истражувачи, и Пајонците биле извор на немир во деновите по смртта на Филип II;[37] меѓутоа ваквата претпоставка не наоѓа директна поткрепа во изворите. Навистина, Плутарх и Јустин споменуваат немири и бунтови кај дел од „соседните барбари", што би можело да ги опфаќа и Пајонците; но нивните прегледи се толку збиени и скратени, што е невозможно да се открие кои племиња ги имаат предвид покрај оние неколку што се конкретно споменати.[38] Според Диодор, по походот во Тракија (т.е. против Трибалите и Гетите), Александар се префрлил во Пајонија и Илирија и соседните области, каде многу племиња кренале бунт против Македонија.[39] Но Аријан, чиј преглед, иако збиен, сепак е подетален од оној на останатите извори, единствено споменува дека Александар се движел кон Агријаните и Пајонците, но не навестува какви било проблеми меѓу нив.[40] Така, нема доволно силни аргументи за да се претпостави дека и Пајонците биле меѓу оние соседи кои биле причина за грижа во првата година од владеењето на Александар III. За понатамошното владеење на Патрај не знаеме ништо, но генерално се претпоставува дека состојбата во Пајонија останала мирна.[41] Како што ќе видиме понатаму, претпоставката дека Пајонија се отцепила некаде во периодот меѓу 331 г. и 323 г. не почива врз уверливи аргументи.

Повеќе знаеме за пајонскиот контингент што учествувал во походот во Азија.[42], Во прегледот на војската со која Александар преминал во Азија, Диодор наведува дека Пајонците заедно со Тракијците броеле околу 900 коњаници и биле под заедничка ко-

---

[34] *Бел.* 31.

[35] Osborne 1981–83, i. D76. *v. infra.*

[36] Ова е условено од прашањето кога ќе го датираме владеењето на Липеј (*pace* Петрова 1999, 16 n.62). Без да навлегувам во детална анализа, го следам Wright (2012, 2) кој почетокот на владеењето на Патрај го датира приближно во 335 г.

[37] *e.g.* Gilley, D. L. & Worthington, I. „Alexander the Great, Macedonia and Asia", 190. In Roisman & Worthington (2010), 186–207; Вујчиќ 2017, 120 n.14.

[38] Plut., *Alex.*, 11.1–6 (Трибали, Илири и други барбари); Just., 11.1.1–6, 11.2.4, 2.8. (Илири, Тракијци, Дарданци, Трибали и други барбари).

[39] 17.8.1–2. Според Heckel („Commentary", 83. In Justin. *Epitome of the Philippic History of Pompeius Trogus: Books 11–12, Alexander the Great.* Translation and Appendices by J. C. Yardley; Commentary by W. Heckel. Clarendon Press, Oxford, 1997), Јустин и Диодор користеле ист извор, така што не може да стане збор за две независни сведоштва.

[40] 1.5.1. И Куртиј Руф (6.3.2) не ги споменува Пајонците меѓу племињата со кои војувал Александар.

[41] Merker 1965, 45, чија анализа е прифатена од повеќето истражувачи. Сликата дополнително се комплицира поради монетите на неколку локални владетели, или можеби владетели на Агријаните, за кои се претпоставува дека би можеле да бидат современици на Патрај. *v.* Петрова 1999, 17, 104f.; Павловска 2008, 18f.

[42] Berve 1926, i. 135.

манда на Касандар.[43] Касандар очигледно е грешка и вообичаено се емендира во Асандар.[44] Многу потешко е да се протолкува составот и бројноста на овие одреди, зашто не е сосема јасно на кого се однесува поимот *prodromoi*[45] – на тракиските коњаници, и на тракиските и на пајонските коњаници, или пак станува збор за трет и посебен одред независно од другите два контингенти.[46] Поради тоа, не можеме со сигурност да кажеме колкав бил пајонскиот контингент; но бидејќи се чини дека Пајонците биле групирани во една коњичка ила, вкупниот број веројатно бил одвај нешто повеќе од 200 коњаници.[47] Барем колку што можеме да заклучиме од изворите, овој мал контингент не добил засилувања од Европа во следните години. Меѓутоа по ова прашање изворите се крајно проблематични и некомплетни,[48] така што нивниот молк не е многу сериозен аргумент, па би можеле да претпоставиме дека некакви засилувања сепак пристигнале, макар за да се одржи почетната бројност на контингентот.[49]

Иако вообичаено се смета дека станува збор за лесна коњаница, сепак работите не се толку едноставни, зашто во изворите пајонскиот контингент најчесто се поврзува со *prodromoi*.[50] Посебен проблем причинува една информација кај Аријан: „Тогаш Александар ја зеде кралската ила, заедно со една ила од хетајрите и од продромите Пајонците, и ги поведе со сета брзина, а на останатиот дел од војската ѝ заповеда да го

---

[43] DS, 17.17.4: Θρᾷκες δὲ πρόδρομοι καὶ Παίονες ἐννακόσιοι, Κάσανδρον ἔχοντες ἡγεμόνα κτλ.

[44] Или Асандар синот на Филота, или Асандар синот на Агатон. *v.* Heckel 2006, 79 s.v. Cassander.

[45] Самиот поим продроми е проблематичен. Во буквална смисла, тие се оние што одат напред, односно претходница, и токму во таква улога ги среќаваме кај Херодот и Тукидид; при тоа, извидувањето не мора да е нивна примарна функција како што често се мисли; меѓутоа, по реформата на атинската коњаница, кај Ксенофонт се среќаваат како лесни единици со главна задача да извидуваат и да дејствуваат на понепристапен терен. Како што ќе видиме, ова не соодветствува во целост со улогата на продромите во војската на Александар, каде тие се дел од главната борбена линија. Одговорот делумно се наоѓа во поделбата на „лесна“ и „тешка“ коњаница која – барем кога се однесува на продромите – во одредена смисла претставува анахронизам, особено што македонските продроми наизменично се нарекуваат и сарисофори. Општо за продромите *v.* Pauli, *RE* 23.1 (1957), 102–104, s.v. πρόδρομος; Pritchett, W. K. *The Greek State at War*, pt.1. Univ. of California Press, Berkeley – Los Angeles (1971), 130f.; Bugh, G. R. *The horsemen of Athens*. Princeton UP, Princeton (1988), 221–24. За продромите на Александар *v.* Gaebel 2002, 172–78.

[46] За етничката припадност на продромите се искажани различни мислења. Тракијци: Tarn, W. W. *Alexander the Great II: Sources and Studies*. Cambridge UP, Cambridge (1950), 157f.; Sekunda, N. V. „The Macedonian Army“, 454. In Roisman & Worthington (2010), 446–471; Македонци: Berve 1926, i. 129f.; Brunt, P. A. Brunt, "Alexander's Macedonian Cavalry". *JHS* 83 (1963), 27f.; Milns, R. D. "Alexander's Macedonian Cavalry and Diodorus xvii 17.4". *JHS* 86 (1966), 167f. Heckel (1992, 352) укажува на фактот дека заповедниците на продромите несомнено се Македонци. Според Bosworth (1988, 262f.), тука не станува збор за посебниот одред на *prodromoi*, туку Диодор го користи поимот во неговото општо значење на лесна коњаница.

[47] Berve 1926, i. 135. *cf.* Heckel 2016, 261f.

[48] *v.* Bosworth 2002, 64ff.

[49] Berve (1926, i. 135), ја остава можноста меѓу петстоте тракиски коњаници што му се придружиле на Александар во Египет во 331 г. (Arr., 3.5.1) да се крие и одреден број на Пајонци. Меѓутоа, оваа можност ја темели на претпоставката дека Пајонците (како и Агријаните) биле дел од тракиската стратегија и соодветно на тоа биле регрутирани од таму (*ibid*., 133, 227f.) Но, како што покажуваат настаните по смртта на Александар (*infra*), ниту Пајонија, ниту земјата на Агријаните не биле дел од тракиската стратегија, така што оваа претпоставка треба да се отфрли.

[50] Arr., 1.14.1., 14.6; 2.9.2; 3.12.3.

следи полека.[51] Некои се обидуваат да го решат проблемот претпоставувајќи дека можеби станува збор за грешка кај Аријан,[52] а пак други дека станува збор за продроми во општа смисла на лесна коњица.[53] Но, со оглед на честото поврзување на пајонскиот контингент со продромите, веројатно би требало да се прифати текстот така како што е. Меѓутоа, македонските продроми во изворите наизменично се нарекуваат и *sarissophoroi*, што веројатно одразува некаква промена во вооружувањето, односно користење на сарисата како главно оружје.[54] Тоа што е важно е дека Пајонците никогаш не се нарекуваат сарисофори.[55] Според тоа можеме да заклучиме дека пајонската коњица, иако веројатно била различно вооружена,[56] извршувала слични функции како македонските продроми што се потврдува и од нејзината улога во битките кај Граник и Гавгамела.

Како што е познато, поради несогласувањата во изворите, од сите битки на Александар токму онаа кај Граник најтешко може да се реконструира.[57] За среќа, улогата на пајонската ила делува прилично јасно. Со сарисофорите, обете под команда на Аминта Арабаев, и илата на Сократ, тие биле поставени меѓу крајното десно крило каде бил Александар со коњицата на хетајрите под заповедништво на Филота, и центарот.[58] Токму овие одреди ја започнале битката: „Тогаш Александар го јавна својот коњ и откако им заповеда на оние околу него да го следат и да ја покажат својата храброст, им нареди на продромите и Пајонците со кои заповедаше Аминта Арабаев, заедно со еден одред од пешадијата да ја прегазат реката; а пред нив одеше илата на Сократ на чело со Птолемај Филипов, која на тој ден беше предводник на целата коњица.“[59]

Изворите, секогаш фокусирани на храброста и личните постигнувања на Александар, го затскриваат значењето и улогата на претходницата. Навистина, соочена со бројно надмоќен непријател каде се наоѓале и најдобрите единици на Персијците, претходницата трпела сериозни загуби и почнала да се повлекува.[60] Но, и покрај тоа извонредно ја извршила својата задача и всушност имала клучен удел во победата на

---

[51] 3.8.1: Ἀναλαβὼν οὖν τήν τε βασιλικὴν ἴλην καὶ τῶν ἑταίρων μίαν καὶ τῶν προδρόμων τοὺς Παίονας ἤλαυνε σπουδῇ, τὴν δὲ ἄλλην στρατιὰν βάδην ἕπεσθαι ἐκέλευσεν. Преводите од Аријан, со одредени измени, се преземени од изданието: Аријан, Александровата анабаса, во превод од старогрчки на д–р Маргарита Бузалковска–Алексова, Патрија, Скопје, 2000. (понатаму МБ–А).

[52] Brunt 1963, 27.

[53] Bosworth 1988, 265.

[54] Bosworth 1988, 262; Sekunda 1998, 24f.

[55] Brunt 1963, 27.

[56] *v.* Sekunda 1998, 25f.; Gaebel 2002, 178f.

[57] Освен несогласувањата на изворите, проблем е уточнувањето на топографските одлики на бојното поле, и особено распоредот и тактиката на персиските сатрапи, како и маневрите на левото крило. Очекувано, за битката е пишувано многу и нема потреба тука детално да се задржуваме. *v.* Badian, E. „The Battle of the Granicus. A new look“. *AM* 2 (1977), 271–293; Hammond, N. G. L. „The Battle of the Granicus River“. *JHS* 100 (1980), 73–88; Devine, A. M. „Demythologizing the Battle of the Granicus“. *Phoenix* 40.3 (1986), 265–278; Bosworth 1988, 39–44; Heckel, W. *The Conquests of Alexander the Great*. Cambridge UP, Cambridge (2008), 45–51.

[58] Arr., 1.14.1.

[59] Arr., 1.14.6. Преземено со измени од МБ–А.

[60] Arr., 1.15.1–3.

Александар – апсорбирајќи го првичниот налет на најдобрите персиски единици, му овозможила на Александар да ја мине реката непречено и да премине во решавачки контранапад.[61]

И во битката кај Исос, Пајонците повторно се поставени заедно со продромите на десното крило, овој пат пред македонската коњица.[62] Каква била улогата на пајонската коњица во текот на битката, не знаеме. Но, барем за прв пат се споменува нејзиниот заповедник Аристон. Како што видовме, кај Граник здружената команда над продромите и Пајонците му била доделена на Аминта Арабаев.[63] Со оглед на тоа што Аристон заповедал со Пајонците и кај Гавгамела, извесно е дека уште од самиот почеток бил илијарх на пајонската ила. Општо е прифатено дека станува збор за член на пајонската кралска куќа, а веројатно и брат на Патрај.[64] Сепак, потребно е внимание при ваквите претпоставки и реконструкции. Дека тој припаѓал на пајонското владетелско семејство е логично и сосема веројатно; и во таа смисла е сличен со примерот на Ситалк кој заповедал со тракиските аконтисти и исто така припаѓал на одриската кралска куќа.[65] Но, комбинациите за неговиот однос со Патрај – помлад брат, или син – се претпоставки што не може да се поткрепат со никаков извор.[66]

Ова е факт што не смее да се заборави, особено при анализата на монетите на Патрај. За што станува збор? Аристон е најпознат по неговата *aristeia* во деновите пред битката кај Гавгамела. Имено, според Куртиј Руф, војската на Александар се нашла во критична положба при преминот на реката Тигар, зашто постоела опасност од персиски напад.[67]

> „Без сомнение Masaj ќе ги поразел Македонците ако нападнел додека ја минувале реката во безредие, но тој почнал да им се доближува со коњицата кога веќе се построиле на брегот во боен ред. Испратил одвај илјада коњаници напред, па кога Александар дознал за нивната малуброjност, ги потценил и му наредил на Аристон, заповедникот на пајонската коњица, да ги нападне во полн галоп. Коњицата се истакнала во битката на тој ден, а особено Аристон. Тој со своето копје во грклanот го пронижал заповедникот на персиската коњица (С)атропат, а кога овој почнал да бега, го гонел сред непријателските редови, го кутнал од коњот, и кога овој му се спротиставил, со мечот му ја пресекол главата; потем среде гласно ракоплескање ја однел и ја ставил пред нозете на кралот.“[68]

---

[61] Devine 1986, 277: “Considered strictly from a tactical standpoint, the Granicus is remarkable for a single stratagem only. This was the “feint” by the Macedonian advanceguard to draw the Persian cavalry into a false position and throw them into (momentarily victorious) disorder.”

[62] Arr., 2.9.2. Логично делува претпоставката дека овие единици постепено се распоредувале во главната борбена линија соодветно на тоа како што се „отворал“ просторот пред македонската војска. За битката *v.* Bosworth 1988, 55–64; Heckel 2008, 57–65.

[63] За овој Аминта *v.* Berve 1926, ii. 29f., s.v. Ἀμύντας (no.59); Heckel 2016, 31f.

[64] Berve 1926, ii. 74f., s.v. Ἀρίστων; Merker 1965, 45; Петрова 1999, 16f.; Heckel 2006, 48f., s.v. Ariston [3].

[65] *v.* Heckel 2006, 251f., s.v. Sitalces. Меѓутоа, Archibald (1998, 305) е порезервирана и единствено го смета за истакнат припадник на одриската аристократија.

[66] Wright (2012, 4), со право е скептичен по ова прашање.

[67] Curt., 4.9.14–23.

[68] Curt., 4.9.23–25. *cf.* Plut., *Alex.*, 39.2. Преводот со одредени измени е преземен од изданието: Куртиј Руф, *Историја на Александар Македонски*, превод од латински Љубинка Басотова, Патрија, Скопје, 1998.

Според И. Меркер,[69] токму овој настан е одбележан на монетите на Патрај, каде на реверсот е прикажан коњаник како со копје прободува паднат непријател со штит – решение што е прифатено од речиси сите историчари.[70] Меѓутоа овој заклучок е критикуван од Н. Рајт, кој нуди низа сериозни аргументи против вообичаеното толкување.[71] Иако и неговото решение, и особено историското толкување на собитијата, е подеднакво проблематично, сепак неговите аргументи против вообичаената идентификација делуваат мошне уверливо, и ако ништо повеќе, мора да се земат предвид при толкувањето на приказот.[72] Во оваа прилика нема потреба подетално да се задржуваме на ова прашање, дотолку повеќе што нумизматичките извори се тема на друг труд во оваа монографија. Доволно е само да се укаже дека претпоставената поврзаност на подвигот на Аристон со приказот на монетите на Патрај воопшто не е толку сигурна, како што вообичаено се смета.

Всушност, ова и не е единствениот проблем во врска со судирот меѓу пајонската ила и персискиот одред. Настрана крајно тенденциозниот и очигледно непријателски приказ на Куртиј, кој ги преувеличува безредието и паниката при преминот на реката, како и чудната одлука на Александар да испрати само една ила против 1.000 непријателски коњаници, останува проблемот со датирањето на настанот. Имено, за разлика од Куртиј, Аријан не споменува никаков судир со персиски контингент ниту на денот на преминувањето на Тигар, ниту во следните неколку дена.[73] Дури на четвртиот ден по преминувањето, Александар пресретнал еден персиски одред од 1.000 коњаници и во таа прилика ги повел со себе кралската ила, една ила од хетајрите и пајонските продроми;[74] а истиот настан накратко го споменува и Куртиј.[75] Очигледно еден од нашите извори греши – но, кој од нив, е многу потешко да се одговори. Не само што Аријан генерално се цени како поверодостоен и поточен извор, идентичниот број на персиски војници секако делува сомнително. Ако неговата верзија е точна, тогаш можеме да претпоставиме дека Куртиј направил збрка и погрешно го датирал и прикажал судирот во кој се истакнал Аристон.[76] Ова секако делува поразумно и поуверливо, зашто во судирот со 1.000 персиски коњаници не би учествувале само приближно 200 Пајонци, туку и две или од елитната македонска коњица на чело со Александар. Од друга

[69] Merker 1965, 44–46.

[70] *e.g.* Hammond in Hammond & Walbank 1988 (понатаму Hammond 1988), 92; Heckel 1992, 354; Id. 2006, 48; Sekunda 1998, 25f.; Петрова 1999, 16, 104; Freeman, P. *Alexander the Great*. Simon & Schuster, New York – London (2011), 172f.

[71] Wright 2012, 4–11.

[72] Од повеќето аргументи што ги нуди против идентификацијата на Аристон со коњаникот треба да се издвои фактот што ова би бил единствен пример каде на монета е прикажан подвиг на некој друг, а не на владетелот. Како што истакнува Wright (*ibid*., 4), ваквата постапка би можела да ја наруши рамнотежата на силите во едно кралско семејство и да придонесе за династички немири и борби. Овој аргумент би добил уште повеќе на тежина кога би можеле да утврдиме точно во какви роднински односи биле Аристон и Патрај.

[73] И Диодор (17.55) зборува единствено за проблемите при преминот на Тигар, а не и за судир со персиски одред. Сепак, приказот е збиен така што неговиот молк не е толку важен аргумент.

[74] Arr., 3.7.5–8.2.

[75] Curt., 4.10.9–11.

[76] Освен историчарите наведени кај Heckel (1992, 354f. n.21) кои ја прифаќаат оваа претпоставка, може да се споменат и Bosworth (1988, 80) и Freeman (2011, 171–3), кои во целост го игнорираат Куртиј и случката ја сместуваат согласно Аријан на четвртиот ден по преминот на Тигар.

страна, и описот на Аријан за настаните пред битката кај Гавгамела не е без одредени хронолошки проблеми; очигледно и кај него има одредено кратење на оригиналниот извор.[77] Исто така, фактот што Куртиј ги споменува двата судири независно еден од друг, секако зборува против претпоставката дека ги помешал настаните. Така, решението на овој проблем се сведува на прашањето кому повеќе да му се верува – на Аријан, или на Куртиј. Прашање што денес многу потешко може да се одговори одошто пред половина век, кога Аријан уживал речиси апсолутна доверба кај современите историчари – доверба за која поновите проучувања покажуваат дека можеби не е сосема, и секогаш, заслужена.[78] Според тоа, иако приказот на Аријан делува поубедливо и пологично, не можеме да бидеме сосема сигурни, па веројатно е најдобро само да заклучиме дека во некој судир пред битката кај Гавгамела се истакнала пајонската коњаница, и особено нејзиниот илијарх Аристон.

Што се однесува до битката кај Гавгамела, и овој пат пајонската ила била поставена меѓу единиците кои имале клучна улога во создавањето на услови за коњичкиот напад на Александар. Иако деталите за распоредот и особено формациската поставеност на македонската линија на десното крило е добро познат проблем,[79] улогата на Пајонците е прилично јасна. Имено, тие биле поставени во втората линија на крајното десно крило, заедно со продромите под заповедништво на Арета – зад платениците на Менида, а пред половина од Агријаните, македонските стрелци и „старите" платеници.[80] Токму на овој дел од линијата и започнала битката, и кога Бес се обидел да го опколи македонското десно крило „Александар им нареди на наемничките коњаници под команда на Менида да ги нападнат непријателите. Тогаш ним им се нафрли скитската коњица, заедно со бактриската коњица што беше построена до Скитите. Бидејќи беа побројни од малите сили на непријателите успеаа да ги одбијат. Тогаш Александар им заповеда на Пајонците предводени од Аристон[81] заедно со наемниците да навалат на Скитите, па барбарите одстапија. Но, кога останатиот дел од Бактријците им се приближи на Пајонците и наемниците, и ги врати во битката оние што веќе бегаа, се разви жесток коњички бој. Повеќемина паднаа од страната на Александар, потиснати од големиот број на барбари и заради тоа што Скитите и нивните коњи беа опремени со подобар заштитен оклоп. И покрај тоа, Македонците ги издржаа нивните напади, и

[77] *cf.* Bosworth 1988, 80 n.168.

[78] Проблемот со изворите за владеењето на Александар е тема за која многу е пишувано и во оваа прилика нема потреба од детална расправа. Кус и информативен преглед за прашањето даваат Bosworth („Introduction", 1–17. In A. B. Bosworth & E. J. Baynham (eds). *Alexander the Great in Fact and Fiction*. Oxford UP, Oxford (2000), 1–22), и Baynham („The Ancient Evidence for Alexander the Great". In J. Roisman (ed.), *Brill's Companion to Alexander the Great*. Brill, Leiden (2003), 3–29).

[79] *e.g.* Griffith, G. T. „Alexander's Generalship at Gaugamela". *JHS* 67 (1947), 77–89; Marsden, E. W. *The Campaign of Gaugamela*. Liverpool UP, Liverpool (1964); Devine, A. M. „Grand Tactics at Gaugamela". *Phoenix* 29.4 (1975), 374–385; Bosworth 1988, 74–85; Heckel 2008, 75–80.

[80] Arr., 3.12.3.

[81] Во оригиналниот текст пишува Арета, кој како што видовме заповедал со продромите. Вообичаено се прифаќа мислењето или дека Аријан едноставно ги помешал и ги згрешил имињата; или пак дека дел од реченицата меѓу „Арета" и „Пајонците" испаднал и всушност Александар наредил јуриш во два брана. Со оглед на тоа што Александар подоцна му наредува на Арета да ја нападне непријателската коњаница на десното крило (3.14.1), првото решение се чини поверливо.

јуришајќи една ила по друга, го растураа нивниот борбен ред.“[82] Со оглед на тоа што македонската страна претрпела поголеми загуби, повлекувањето на Персијците попрво се должело на бегството на Дарej III од бојното поле, одошто на директен пораз во битката.[83] Независно од тоа, овие единици одиграле клучна улога – прво со тоа што го спречиле опколувањето на Бес, а потоа и со тоа што ја штителе коњаницата на хетајрите, сè додека не се укажал идеалниот момент за решавачкиот напад. Подеднакво важно, иако трпеле сериозни загуби и, наспроти Аријан, не можеле да го разбијат непријателот, тие успеале да врзат приближно 11.000 од коњаницата на Дарej, вклучително и некои од најдобрите единици како Бактријците, и со тоа придонеле да се создаде празнина во персиската линија.[84]

По битката кај Гавгамела, пајонската ила заедно со Аристон исчезнува од изворите и не знаеме што точно се случило со неа. Една можност е дека била распуштена, слично како што ќе бидат распуштени и хеленските одреди, вклучително и тесалската коњица.[85] Веројатно затоа Н. Рајт го датира отцепувањето на Пајонија по 331 г., односно по претпоставеното враќање на Аристон и пајонската коњица. Сепак, прашањето не е толку едноставно. Имено, и продромите, со кои како што видовме пајонската ила најчесто се поврзува, исчезнуваат од изворите по смртта на Дарej, односно во 330 г.;[86] а како сарисофори за последен пат се споменуваат во 329 г., во битка против Скитите.[87] Интересно е што во оваа прилика на помош на сарисофорите се испратени хипаконтистите,[88] кои во овој период ја презеле функцијата на продромите и биле една од најдобрите коњички единици за најразлични задачи, барем до појавата на стрелците на коњи (*hipotoxotai*) кои потоа ја преземаат нивната улога.[89] За разлика од стрелците, кои несомнено биле азиски трупи, потеклото на хипаконтистите не е јасно. Повеќето сметаат дека и тука станува збор за азиски одреди, но некои мислат дека всушност станува збор за постепено трансформирање на продромите, вклучително и пајонските коњаници, кои послужиле како основа при формирањето на хипаконтистите, особено што и тие вообичаено се строеле со македонските единици.[90] Но, аргументите не се доволно уверливи, и најдобро е прашањето да се остави отворено. Според друга претпоставка, пајонскиот одред бил оставен со Парменион во Екбатана во 330 г., но за ова нема никаков доказ.[91] Уште една можност е дека пајонскиот одред во целост бил вклучен во македонските продроми,[92] кои пак можеби биле инкорпорирани во новата организација на коњицата на хетајрите.[93] Еден од проблемите во обидот да се идентифи-

[82] Arr., 3.13.3–4.

[83] Devine, 1975, 379 n.12.

[84] Marsden 1964, 50, 53f.; Devine 1975, 379; Gaebel 2002, 175f.

[85] Arr., 3.19.5–6; Curt., 6.2.17; DS, 17.74.3; Plut., *Alex.*, 42.5; Just., 12.1.1–3. Olbrycht, M. J. „First Iranian military units in the army of Alexander the Great“. *Anabasis* 2 (2011), 77.

[86] Arr., 3.20.1, 21.2.

[87] Arr., 4.4.7.

[88] Хипаконтистите за прв пат се среќаваат во Хирканија, во 330 г. (Arr., 3.24.1).

[89] Gaebel 2002, 176f.; Olbrycht 2011, 75f.

[90] *e.g.* Arr., 3.29.7, 4.4.7, 6.17.4. Преглед на различните мислења кај Heckel 2016, 277.

[91] Milns, R. D. „Arrian's Accuracy in Troop Details: A Note“. *Historia* (1978), 375f. Критикуван од Olbrycht 2011, 74 n.31.

[92] Berve 1926, i. 106, 135.

[93] Bosworth 1988, 269f.

кува пајонскиот одред по 331 г. се токму темелните реформи на коњицата спроведени во Ситакена зимата 331/330 г., по што кај коњаничките одреди бил напуштен моделот на организирање и групирање по *ethne*, а заповедниците не се бирале по потекло, туку по заслуга, односно по личен избор на Александар.[94] Накратко, не знаеме што точно се случило со пајонскиот контингент. Дури и да бил демобилизиран и вратен во Пајонија, ова не значи дека Патрај наскоро се ослободил од македонска власт, како што мисли Н. Рајт.[95] Но, за овој проблем понатаму. Претходно треба да се посвети внимание на уште еден контингент што ќе има уште поистакната улога од пајонскиот – оној на Агријаните.

3. За односите меѓу Агријаните и Македонија во времето на Филип II не знаеме речиси ништо.[96] Но, судејќи според блискоста меѓу Александар III и владетелот на Агријаните во 335 г., можеме да претпоставиме дека уште во времето на Филип II бил склучен сојуз.[97] Токму благодарение на блискоста со Александар дознаваме за Лангар – единствениот агријански владетел што го знаеме по име.[98] Нивниот меѓусебен однос е опишан кај Аријан, во контекст на балканската кампања на Александар III:

> „Самиот пак тој продолжи кон Агријаните и Пајонците. Таму му стигнаа гласници кои му јавија дека Клејтос Бардилов кренал бунт и дека нему му се придружил и Главкија, кралот на Таулантите. Тие исто така јавија и дека Аутаријатите ќе го нападнат во текот на маршот. Заради тоа се чинеше дека треба брзо да се покрене војската. Лангар, кралот на Агријаните, кој очигледно му беше наклонет на Александар уште додека Филип беше жив, и лично го имаше посетено

[94] Curt., 5.2.6; Arr., 3.16.11. Bosworth 1988, 268f.; Olbrycht 2011, 77.

[95] Wright 2012, 11.

[96] Тие биле споменати во *Филиповата историја* на Теопомп (*BNJ* 115 F268 a–b), но во која книга, а со тоа и во кој контекст, не може со сигурност да се утврди. Според една теорија, тоа би можело да биде 48 книга, односно во контекст на големата тракиска кампања на Филип во периодот 342–338 г. Според друга пак, можеби станува збор за 13 книга во контекст на основањето на Филипопол (*BNJ* 115 F110), или пак во 47 книга во контекст на основањето на Кабила (*BNJ* 115 F220). Се разбира, теориите се недокажливи. *v.* Делев 2014, 156f.; Morison, W. S. „Theopompos of Chios (115)". In *BNJ* (2016), ad loc. Во секој случај, трите претпоставки споменувањето на Агријаните го ставаат во контекст на тракискиот поход 342–338 г., што претставувал кулминација на тракиската политика на Филип II. *v.* Archibald 1998, 234–7.

[97] Griffith 1979, 434 n.2; Heckel 2006, 145. Делев (2014, 157f.) е повнимателен и остава простор сојузот да бил склучен во времето на Александар. Сметам дека нема потреба од таква резервираност и за клучен аргумент го сметам присуството на Агријаните во војската на Александар уште во 335 г. Со оглед на бурните настани по убиството на Филип и немирите во Хелада, се чини поверојатно сојузот да датира пред стапувањето на Александар на власт; можноста што Делев (*ibid.*) ја зема предвид Александар да го склучил сојузот во 340 г. кога бил оставен за регент не делува особено уверливо – регент или не, последниот збор при еден ваков дипломатски чекор сепак би бил во рацете на Филип. И покрај молкот на изворите, со оглед на северната и источната политика на Филип се чини неверојатно дека во текот на целото негово владеење не биле воспоставени никакви односи со Агријаните. Во таа смисла, поверојатно делува претпоставката на Делев (*ibid.*) дека односите можеби датираат уште од 358 или 356 г. во контекст на борбите против Пајонците. Можна поткрепа за ова наоѓаме кај Апијан (*Ill.* 14), кој вели дека Агријаните им направиле големи услуги и на Филип и на Александар. Иако изворот мора да се земе со резерва, особено поради погрешното равенство на Пајонците со Панонците во истото поглавје, сепак реченицата за Агријаните сама по себе делува прифатливо.

[98] *v.* Berve 1926, ii. 230, s.v. Λάγγαρος (no.460); Heckel 2006, 145, s.v. Langarus.

> како пратеник, во таа прилика беше присутен заедно со своите хипасписти, најдобрите и најдобро вооружените војници со кои располагаше. Кога разбра дека Александар се распрашува кои се Аутаријатите и колку се на број, му рече дека не треба да се грижи за нив, зашто се најневоинствените од сите околни племиња; самиот тој ќе ја нападне нивната земја, па ќе мораат да се грижат за сопствените работи. И по заповед на Александар, ги нападна и притоа ја ограби и пљачкоса нивната земја. Така Аутаријатите беа зафатени со сопствените проблеми, а Лангар беше многу почестен од Александар и прими дарови што се сметаат за најголеми кај кралот на Македонците. Кога пристигна во Пела, Александар му ја беше ветил за жена и сестра му Кина;[99] но по враќањето дома, Лангар се разболе и умре.“[100]

Претходната соработка, односно почетокот на пријателството меѓу Лангар и Александар најверојатно треба да се датира во 340 г.,[101] кога во својство на регент Александар го задушил бунтот на Мајдите и го основал Александропол.[102] Од истиот опис би можеме да ја забележиме уникатната позиција што ја уживале Агријаните во склоп на кралството на Филип и потоа на Александар. Односот на Александар кон Лангар е речиси како кон рамноправен владетел, што се потврдува и со „самостојното“[103] дејствување на Лангар, а настрана подароците, секако најиндикативна е понудата да се ожени со неговата полусестра Кинана.[104] Во секој случај, за точниот статус на Агријаните може само да се дебатира – можеби сојузници или пак поданици со многу широка автономија.[105]

Како и за Пајонците во времето на Александар, сите извори за Агријаните се однесуваат на контингентот во неговата војска, што се споменува многу рано, уште во текот на операциите во 335 г. Во текот на тракискиот поход,[106] бидејќи теснецот низ планината Хајмос бил блокиран од „автономните“ Тракијци, Александар бил принуден да нападне низ самиот премин. Во таа прилика на левото крило со себе ги повел агемата, хипасписте и Агријаните.[107] Истата година, во текот на борбите против Илири-

---

[99] Односно Кинана – ќерката на Филип од бракот со Аудата – која била вдовица бидејќи Александар го убил нејзиниот сопруг Аминта, синот на Пердика III.

[100] Arr., 1.5. Преземено со измени од МБ–А.

[101] Hammond 1988, 39; Heckel 2006, 145; Делев 2014, 157.

[102] Plut., *Alex*., 9.1. Делев 2014, 123.

[103] Самостојно, не во смисла дека Лангар самиот одлучувал и презел мерки, што очигледно било во договор и согласност на Александар, туку дека ги нападнал Аутаријатите само со својата војска.

[104] Hammond 1979, 672; Id. 1988, 39f. *Contra* Bosworth (1988, 12) кој смета дека Агријаните исто како и Пајонците рано биле покорени од Филип II.

[105] *cf.* Делев 2014, 158. Понудата на Александар Лангар да се ожени со Кинана секако остава впечаток на статус на сојузник. Од друга страна фактот што за време на големата кавга со Филип, Александар не побегнал кај неговиот добар пријател Лангар, туку кај Илирите (Athen., 557d; Plut., *Alex*., 9.6–11; Just., 9.7.5), попрво упатува на заклучок дека Агријаните сепак биле дел од државата на Филип. Во тој контекст можеби би можело да се размислува за некаков статус сличен на оној на Епир, особено што и Филип договорил брак меѓу Клеопатра и Александар од Епир. Фактот што Олимпијада се вратила во Епир во текот на кавгата кога Александар избегал кај Илирите, не пречи на ваквата претпоставка, со оглед на тоа дека таа припаѓала на кралската куќа на Молосите.

[106] За походот *v.* Papazoglu 1969, 23ff.; Hammond 1988, 32ff.; Bosworth 1988, 28–30; Archibald 1998, 305f.; Делев 2014, 123–125.

[107] Arr., 1.1.8–13.

те кај Пелион, повторно го среќаваме агријанскиот контингент, и овој пат заедно со хипасписте и со стрелците.[108] До крајот на оваа бурна година Агријаните учествувале и во борбите против Теба, овој пат групирани со стрелците.[109]

Во оваа прилика е невозможно да се даде детален преглед за операциите во кои учествувале Агријаните во текот на источниот поход, од причина што тие се споменуваат многу често и, за разлика од пајонската коњаница, ги среќаваме во изворите сè до 325 г.[110] Во секој случај, примерите од 335 г. се парадигматски за нивната улога и функција во војската на Александар во текот на целиот поход – час построени со стрелците[111] и со хипасписте, час дел од операции каде била потребна брзина и мобилност или во изненадувачки и брзи напади како дел од специјални групации, или операции на тешко пристапен терен и на долги и мачни маршеви, и често во близина на самиот Александар.[112] Во големите битки вообичаено биле на десното крило заедно со критските стрелци, често покрај хипасписте и во близина на коњаницата на хетајрите и Александар.[113]

Очигледно е дека станува збор за една од елитните единици во војската на Александар, и секако најдобрата и најважната меѓу лесната пешадија. Потврда за ова е фактот што за разлика од Агријаните, останатите единици на лесната пешадија се споменуваат многу поретко и за нив знаеме многу помалку. Што се однесува до воената опрема, и Агријаните, како и најголемиот дел од лесната пешадија, пред сè биле опремени со копја за фрлање, поради што и Аријан ги нарекува аконтисти.[114] Толкава била нивната слава, што изгледа дека и еден вид на копје се нарекувал според нив.[115] Од дефанзивната опрема можно е да носеле мала пелта, но ова не е сигурно.

---

[108] Arr., 1.5.10 (хипасписти, стрелци, Агријани, и околу 400 коњаници); 1.6.6–7 (Агријани и стрелци); 1.6.9–10 (хипасписти, Агријани, стрелци и единиците на Пердика и Којнос). За операциите кај Пелион *v.* Bosworth 1988, 30–32; Hammond 1988, 39ff.

[109] Arr., 1.8.3.

[110] *v.* Berve 1926, i. 137–139; Bosworth 1988, 263f.; Sekunda 1998, 46–49; Делев 2014, 161. Само кај Аријан Агријаните се споменуваат повеќе од педесет пати.

[111] Кај Диодор (17.17.4), критските стрелци и Агријаните формираат една комбинирана единица.

[112] За повеќе примери, *v.* Делев 2014, 160f. Детален показател со сите споменувања на Агријаните во J. Romm (ed.), *The Landmark Arrian: the campaigns of Alexander* (a new translation by P. Mensch; with maps, annotations, appendices and encyclopedic index), Anchor books, New York (2010), 427f., s.v. Agrianians.

[113] Кај Граник биле на крајното десно крило заедно со стрелците и коњаницата на хетајрите (Arr., 1.14.1). Кај Исос биле на крајното десно крило заедно со стрелци и неколку коњанички одреди, со задача да ги неутрализираат персиските сили што биле поставени на брдото и претставувале закана за десното крило на Александар (Arr., 2.9.2; Curt., 3.9.10). Бидејќи комбинираната групација од Агријани стрелци и платеници ги потиснала персиските сили на ридот, така што веќе не претставувале директна закана, Александар ја префрлил оваа групација во главната борбена линија на десното крило (Arr., 2.9.4). Кај Гавгамела половина од Агријаните биле поставени во третата линија на крајното десно крило – зад продромите и Пајонците; а дел, заедно со стрелците и аконтистите пред кралската ила и коњицата на хетајрите, наспроти бојните двоколки на Персијците (Arr., 3.12.2–3; Curt., 4.13.31), и се истакнале токму во справувањето со нападот на овие единици (Arr., 3.13.5). И делот на крајното десно крило имал важна улога во борбите, иако Куртиј погрешно ги идентификува како агријанска коњаница (4.15.21–22).

[114] 1.14.1.

[115] Hesych., 790, s.v. Ἀγριανέαιον· ἀκόντιον.

Во текот на балканската кампања во 335 г. комбинираниот одред на Агријани и стрелци броел 2.000 војници.[116] Под претпоставка дека одредот бил составен од приближно ист број на стрелци и Агријани, тогаш агријанскиот контингент броел околу 1.000 војници. Иако при преминот во Азија оваа комбинирана групација била двојно помала,[117] во следните години пристигнале засилувања, така што бројот на Агријаните повторно се искачил на 1.000 војници.[118] Интересно е што за разлика од пајонскиот контингент, барем до 330 г. Агријаните биле под команда на Македонецот Атал,[119] кој за последен пат се споменува при потерата по Бесос, во која Агријаните учествувале заедно со хипаспистите.[120] Можно е тој да останал заповедник на Агријаните во текот на целиот поход, а ако евентуално бил сменет, не го знаеме името на неговиот наследник.

Како што беше кажано, Агријаните последен пат се споменуваат во 325 г., при враќањето од Индија, кога уште еднаш, во друштво на дел од хипаспистите заедно со агемата и стрелците на коњи, биле избрани за брз марш и освојување на теснецот меѓу Гедросија и земјата на Орејтите.[121] Понатаму не го следеле Александар, зашто биле оставени во земјата на Орејтите заедно со дел од стрелците и комбинирана сила на платеничка коњаница и пешадија под команда на Леонат,[122] чија задача била да ја смири сатрапијата и да овозможи безбедни услови за пристигнувањето на флотата на Неарх[123] – извонредно важна задача, од која зависел и успехот на експедицијата. Иако понатаму не се споменуваат во изворите, тие несомнено учествувале во борбите против Орејтите. Имено, по заминувањето на Александар, Орејтите нападнале дел од војската на Леонат и им нанеле сериозни загуби.[124] Решавачката битка се одиграла кусо време пред пристигнувањето на флотата на Неарх, при што Леонат извојувал огромна победа.[125] По заминувањето на флотата на Неарх, и откако ја организирал сатрапијата, преку Гедросија Леонат се упатил на запад за да му се придружи на Александар – и тука веќе дефинитивно се губи трагата на Агријаните. Не знаеме што се случило со нив; сосема е возможно и тие да биле демобилизирани заедно со македонските ветерани во 324 г.,[126] иако ова не може да се поткрепи со извори.

Како што можеме да забележиме, иако малубројни контингенти, особено пајонскиот, станувало збор за елитни единици што уживале апсолутна доверба кај Алек-

---

[116] Arr., 1.6.6.

[117] DS, 17.17.4.

[118] Curt., 5.3.6: околу 1.000 Агријани (во 331 г.); Arr., 4.25.6: 1.000 Агријани (во 327 г.).

[119] Berve 1926, ii. 94f., s.v. Ἄτταλος (no.183) ; Heckel 2006, 62, s.v. Attalus [2].

[120] Arr., 3.21.8.

[121] Arr., 6.22.1–2.

[122] За Леонат *v.* Heckel 2016, 107ff.

[123] Arr., 6.22.3.

[124] DS, 17.105.8.

[125] Nearch., *BNJ* 133 F1 III ~ Arr., *Ind.*, 23.5; Curt., 9.10.19. Неарх секако претерува кога вели дека Орејтите загубиле повеќе од 6.000 војници, а Леонат само 15 коњаници и одреден број на пешадија. Но, дека станувало збор за сериозен судир говори и фактот што во Суса Александар го наградил Леонат со златен венец за победата против Орејтите (Arr., 7.5.5; Nearch., *BNJ* 133 F1 III ~ Arr., *Ind.*, 23.6).

[126] Berve 1926, i. 139. Според Делев (2014, 161), ако тие навистина биле демобилизирани со ветераните вклучително и аргираспидите, тогаш можеби воопшто и не се вратиле во Европа туку биле вовлечени во борбите на дијадосите. Ова секако е возможно, но во тој случај изненадува што една толку истакната и елитна единица не се споменува во борбите меѓу Антигон Едноокиот и Евмен.

сандар, и често биле користени при тешки и критични операции; а ова особено важи за Агријаните. Не случајно Александар ги вброил Пајонците и Агријаните меѓу највоинствените племиња во Европа, заедно со Тракијците и Илирите;[127] и не изненадува што и подоцна ги среќаваме во хеленистичките војски, особено во војската на Антигонидите.[128]

4. Како што беше споменато, не знаеме што се случувало во Пајонија во времето на Александар III. Сепак, често се повторува претпоставката дека некаде во овој период Пајонија успеала да се ослободи од македонската власт, што се темели на распределбата на сатрапии со договорот во Бабилон по смртта на Александар.[129] Според изворите, на Антипатар (и Кратер) им била доделена управата со Македонија и Хелада, Илирите, Трибалите и Агријаните, и оној дел од Епир што бил под македонска власт.[130] Според дел од современите историчари,[131] фактот што Пајонија не е спомената покажува дека веќе се ослободила од македонската власт. Кога Антипатар би бил задолжен за сите европски поседи, за ваквата претпоставка би можело барем да се дискутира; меѓутоа, истите извори потврдуваат дека Тракија му била доделена на Лисимах. Во ситуација каде Тракија не била во негова надлежност, навистина не е јасно како би можел Антипатар да управува со Агријаните – а да не зборуваме за Трибалите – ако немал пристап до Пајонија. Оттука, отсуството на Пајонија во списокот кај Аријан и Дексип не само што не е потврда за нејзината независност, туку напротив е показател дека таа била инкорпорирана и сметана за дел од државата на Аргеадите.[132] Но, најдоцна до 310 г. пајонскиот владетел Авдолеонт во изворите навистина се појавува како независен.

Според тоа, Пајонија се ослободила некаде во периодот меѓу 323 и 310 г. Иако не би можело со сигурност да се датира овој настан, сепак може да се даде одредена претпоставка. Во изворите за Ламиската војна,[133] такви какви што се, не се споменуваат проблеми на северот; ниту пак се споменува некаков поход на север по пристигнувањето на Кратер во Македонија и победата кај Кранон. Во описот на настаните до договорот во Трипарадејс и потоа смртта на Антипатар, никаде не се споменуваат какви било проблеми во Пајонија. Од друга страна, знаеме дека Касандар барем во една при-

---

[127] Arr., 2.7.5.

[128] Изворите за Пајонците и Агријаните во хеленистичките војски, вклучително и во војската на Антигонидите се собрани кај Launey 1949, 402–407.

[129] За проблемите што се однесуваат на договорот во Бабилон е пишувано многу и во оваа прилика нема потреба подетално да се задржуваме. Поважната литература е наведена кај Will 1979–82, i. 19ff.; Bosworth 2002, 29ff.; Atkinson („Commentary", 177ff. In Curtius Rufus. *Histories of Alexander the Great, Book 10*. Translated by J. C. Yardley; Introduction and Historical Commentary by J. E. Atkinson. Oxford UP, Oxford, 2009); Meeus, A. „The Power Struggle of the Diadochoi in Babylon, 323 BC". *Anc. Soc.* 38 (2008), 39–82.

[130] Arr., *FGrH* 156 F1 (Антипатар и Кратер); Dexip., *BNJ* 100 F8 (само Антипатар во својство на стратег автократор). *cf.* DS, 18.3.2 (Македонија и соседните области на Антипатар); Curt., 10.7.9 (Европа на Антипатар и Кратер); Just., 13.4.5 (Македонија и Хелада на Антипатар).

[131] *e.g.* Merker 1965, 46; Wright 2012, 12; Вујчић 2017, 120 n.15; Xydopoulos in *Lex. Arg. Mak.* (2020), 373f., s.v. Paionia.

[132] Проева 1997, 46; Петрова 1999, 17; Делев 2014, 163 n.1.

[133] Will 1979–82, i. 29–33; Hammond 1988, 107ff.; Grainger, J. D. *Antipater's Dynasty: Alexander the Great's Regent and His Successors*. Pen & Sword, Havertown (2019), 73ff.

лика му дошол на помош на Авдолеонт, и ниту еден извор не споменува дека се обидел да ја освои Пајонија во текот на своето долго владеење.[134] Можеби кон истиот заклучок води и фактот што Авдолеонт во изворите се појавува главно како непријател на Деметриј Полиоркет – стариот противник на Касандар. Според тоа, како најлогичен делува периодот на регентството на Полиперхонт, односно во текот на војната меѓу него и Касандар, кога вториов успеал да привлече повеќе пријатели на Антипатар на своја страна против регентот.[135] Ако е тоа точно, тогаш одвојувањето на Пајонија би требало да се датира во периодот 318–316 г.[136] Сепак мора да се истакне дека ова е една претпоставка што се темели попрво на *argumenta e silentio* и некакви „логички поврзувања", одошто на конкретни докази, па затоа мора да се земе со огромна резерва.[137]

Во изворите, Авдолеонт за прв пат го среќаваме како се обидува да се справи со наездата на една група Аутаријати. Имено, притиснати од голема природна непогода,[138] дел од Аутаријатите почнале да се селат во разни правци, меѓу кои една група се упатила на југ кон Пајонија. Кус опис на настанот дава Диодор: „Што се однесува до Македонија, Касандар му притекнал на помош на Авдолеонт, кралот на Пајонците, кој војувал против Аутаријатите; го избавил од опасноста, а Аутаријатите, кои заедно со жените и децата што ги придружувале броеле вкупно дваесет илјади, ги населил крај планината наречена Орбел."[139] Иако во изворите нема согласност, настанот би требало да се датира во 310 г., согласно хронологијата кај Диодор.[140]

Важно прашање што би овозможило подобро да се согледа моменталната моќ на пајонската држава е колку броела војската на Аутаријатите. Имено, текстот на Диодор би можел да се сфати на два начини – или дека Аутаријатите броеле 20.000 војници, или дека станувало збор за вкупно 20.000 Аутаријати, па во тој случај бројот на војници би бил сразмерно помал. Ф. Папазоглу го претпочита првото толкување, истакнувајќи дека античките извори вообичаено не го споменуваат невоеното население, туку бројот на војници.[141] Претпоставката до некаде наоѓа поткрепа и во приказите на Јустин и Оросиј, кои истакнуваат дека Касандар се плашел од нивната бројност и уг-

[134] *cf.* Errington 1990, 134.

[135] Преглед на настаните во Европа во времето на II коалиција кај Will 1979–82, i. 48–52; Hamond 1988, 136–144; Errington 1990, 122–129; Waterfield, R. *Dividing the spoils: the war for Alexander the Great's empire*. Oxford UP, Oxford (2011), 69ff.; Grainger 2019, 131ff.

[136] Како што е познато, иако редоследот на настаните е релативно јасен, во современата наука има долготрајна дебата за хронологијата во раниот хеленистички период. Во оваа прилика нема потреба од дискусија и анализа на проблемот, при што е прифатена хронологијата на T. Boiy, *Between High and Low: A Chronology of the Early Hellenistic Period*. Verlag Antike, Berlin (2008), кој дава и детален преглед на најважната литература и толкувања.

[137] Петрова 1999, 17f. имплицитно го датира отцепувањето околу 315 г. Меѓутоа, не е веројатно дека Касандар, кој во 316 г. успеал да воспостави контрола над Македонија, а набргу и да премине во офанзива кон Дирахион и Аполонија (DS, 19.67.6–7, 70.7, 89.1–2), би дозволил отцепување на Пајонија без никаков одговор.

[138] Според изворите, во земјата на Аутаријатите дошло до наезда на жаби, поради што по кратко време дел од племето се отселило. Agatharch., *GGM* I fr.59, p.151; Aelian., *NA*, 17.41; DS, 3.30.3; Just., 15.2.1–2. Интересно е што Хераклеј од Лембос (*FHG* III, fr.3, p.168) зборува за истиот настан, но наместо Аутаријатите ги споменува Пајонија и Дарданија.

[139] 20.19.1. *cf.* Just., 15.2.1–2; Oros., 3.23.36.

[140] Детална анализа на изворите кај Papazoglu 1969, 87–94.

[141] Papazoglu 1969, 88 n.63.

лед на воинствено племе, па затоа одлучил да се договори со нив и да им даде земја за населување. Сепак, толкувањето не делува убедливо. Прво, не треба да се заборави дека дел од Аутаријатите мигрирале во друг правец,[142] а дел останале во татковината.[143] Во тој случај би морале да сметаме дека во еден момент аутаријатската војска броела повеќе од 50-60.000 војници, што делува неверојатно, макар и да претпоставиме дека зад името не се крие само едно племе, туку сојуз на повеќе племиња[144] – дури и Македонија во времето на Филип II и Александар III не била во состојба да мобилизира толкава војска. Од друга страна, иако произволно, можеме да претпоставиме дека односот на воено и невоено население во најдобар случај изнесувал 1:4 или 1:5. Тоа би значело дека Касандар одлучил да насели 80.000 до 100.000 Аутаријати на македонска територија – одлука што делува исклучително ризично, зашто во никој случај не би можел да ги контролира доселениците.[145] Во крајна линија, претпоставката почива на додавање запирка во реченицата на Диодор за децата и жените да се издвојат од војниците, за што во основа нема потреба. Античките автори навистина обично зборуваат само за војници, но тука станува збор за еден специфичен случај, кога дел од племе мигрира заради природна непогода, а не за воен поход, така што нема потреба да се претпостави дека бројката се однесува само на војниците. Што се однесува пак до Касандар, настрана реторските преувеличувања на изворите, одлуката е сосема разбирлива и доследна на неговата внатрешна политика на зајакнување на Македонија и мошне претпазливо користење на воените потенцијали на државата, особено што дел од војската останал во Азија.[146]

Според тоа, би можеле да заклучиме дека станувало збор за вкупно 20.000 Аутаријати,[147] од кои војници во најдобар случај би можеле да бидат четири до пет илјади, па дури и ова се чини премногу. Фактот што Авдолеонт не можел да излезе на крај со неколку илјади аутаријатски војници секако е отрезнувачки податок што предупредува против избрзаните и непоткрепени спекулации за неговите способности и моќ.[148] Тој мора да бил способен за да опстане во бурниот период на дијадосите; но моќта на неговата држава не би требало да се преценува, и таа во најдобар случај претставувала локална сила што секако не можела да се споредува со Македонија, Епир, државата на Лисимах или на пример Илирите на Главкија. Тоа што по 306 г. на монетите тој се сре-

[142] Делев 2014, 126, 164.

[143] Papazoglu 1969, 97.

[144] *ibid.*

[145] Дури и во време на најголемата криза во 302 г., против Деметриј тој можел да мобилизира 29.000 пешаци и 2.000 коњаници (DS, 20.110.4.), од кои повеќето веројатно биле Македонци и тоа би бил максималниот воен потенцијал на Македонија. Навистина, голем број биле оставени и во гарнизоните низ Хелада, а еден значаен одред бил испратен и во Азија на помош на Лисимах и Селевк, но тие во најголем број веројатно биле платеници. *cf.* Errington 1990, 240.

[146] Преглед за владеењето на Касандар кај Errington (1990, 130ff.), кој меѓу другото го истакнува конзервативниот стил на владеење и следењето на примерот на Филип II во повеќе аспекти.

[147] До истиот заклучок доаѓаат и Merker 1965, 46, и Делев 2014, 126f.

[148] *e.g.* Papazoglu 1969, 112; Битракова Грозданова 1987, 21; Петрова 1999, 18; Павловска 2008, 22. Неможноста на Авдолеонт сам да излезе на крај со Аутаријатите говори и против претпоставката на Петрова (*ibid.*), дека во текот на неговото владеење и Агријаните влегле во состав на неговата држава – зашто, се чини неверојатно дека комбинираната сила на Пајонците и Агријаните не била доволна за да се поразат неколку илјади Аутаријати.

ќава како басилеј[149] не го менува овој заклучок. Впрочем, на овој чин и не треба да му се придава преголемо значење, барем кога станува збор за Авдолеонт, зашто тој само го следел примерот на неспоредливо помоќните дијадоси, во обид да се претстави како рамноправен чинител на политичката сцена. За разлика од дијадосите, чиј статус барем од формален аспект не бил јасно дефиниран до 306/5 г. поради што и нивното крунисување имало длабоко политичко и идеолошко значење,[150] Авдолеонт не се соочувал со такви проблеми зашто несомнено бил пајонски басилеј уште од почетокот на своето владеење.[151]

По навалата на Аутаријатите, Авдолеонт исчезнува од изворите речиси две децении. Кога повторно се споменува, ситуацијата во Македонија драстично е сменета. По смртта на Касандар (мај 297 г.), а четири месеци подоцна и на неговиот најстар син Филип IV, дошло до династичка криза што по разни перипетии на крајот ја искористил Деметриј Полиоркет, кој успеал да се добере до македонскиот престол во 294 г.[152] Иако изворите ја преценуваат моќта и воените потенцијали со кои располагал Деметриј, нема никаков сомнеж дека неговата политика во текот на владеењето во Македонија била агресивна, опортунистичка и непостојана.[153] Поради тоа, не изненадува што следното споменување на Авдолеонт е во контекст на приближување кон Пир – младиот и талентиран владетел на Епир, чија држава играла сè поголема улога во регионот. Од Плутарх дознаваме дека по смртта на Антигона, Пир се оженил со ќерката на Авдолеонт,[154] со ќерката на Бардилеј Биркена, како и со Ланаса – ќерката на сиракускиот тиранин Агатокле.[155] Иако од изворите не може поточно да се одреди кога Пир ја зел ќерката на Авдолеонт, најверојатно изгледа датирањето меѓу венчавката и разводот со Ланаса, односно втората половина на 290-те.[156] Договорот бил на обострана корист – Авдолеонт се стекнал со моќен сојузник кој бил во непријателски односи со Деметриј Полиоркет; а пак Пир, преку договорите со Бардилеј и Авдолеонт, вршел притисок на северната и

---

[149] Merker 1965, 47; Петрова 1999, 106f.; Павловска 2008, 23.

[150] *v.* Walbank, F. W. „Monarchies and monarchic ideas". In *CAH*² vol.7.1 (1984), 62–100; Gruen, E. S. „The Coronation of the Diadochi". In J. Eadie & J. Ober (eds.), *The Craft of the Ancient Historian*. Univ. Press of America, London (1985), 253–271; Bosworth 2002, 246ff.

[151] Слично како што спартанскиот басилеј Арej I прв почнал да издава монети со легенда ΒΑΣΙΛΕΟΣ ΑΡΕΟΣ, и воопшто да се однесува во стилот на еден хеленистички владетел, иако неговото владеење започнало во 309 г., а во изворите како басилеј и заповедник на спартанската војска се појавува с. 281 г. (*v.* Cartledge, P. & Spawforth, A. *Hellenistic and Roman Sparta: A tale of two cities*.² Rutledge, London – New York (2002), 30–32). Треба да се истакне дека и Арej започнал со емитирањето на монетите по успешното одбивање на Пир во 272 г. и во таа смисла е доследен на праксата на дијадосите, од кои повеќето се прогласиле за басилеи по некој значаен воен или политички успех. Дали некој сличен локален успех се крие и зад постапката на Авдолеонт, за жал не знаеме, но не мора да се инсистира на такво нешто. Дека и претходниците на Авдолеонт биле сметани за басилеи сведочи и споменатиот натпис со договорот со Атина, каде и Липеј најверојатно е вбројан меѓу басилеите (под претпоставка дека дополнувањето во редот 34 τ[ῶν ἄλλων βασιλέων] е коректно).

[152] Walbank 1988, 210–218; Errington 1990, 147–150; Grainger 2019, 196–202.

[153] Walbank in Hammond & Walbank 1988, 219ff. (понатаму Walbank 1988); Errington 1990, 150–154. *cf.* Will, E. „The formation of the Hellenistic kingdoms". In *CAH*² vol.7.1 (1984), 101–109.

[154] За жал, единствено името на пајонската принцеза не е споменато.

[155] Plut., *Pyrr*., 9.1.

[156] *v.* Lévêque 1957, 134. За статусот на ќерката на Авдолеонт и Биркена, *v.* Tarn 1913, 47 n.21; Lévêque 1957, 678f.

северозападната граница на сè уште моќниот Деметриј.[157] Повеќе заинтересиран за западот, и сконцентриран на војната со Пир, изгледа дека Деметриј не посветил внимание на Авдолеонт, и во изворите не се споменува судир меѓу нив.

Во секој случај, само неколку години подоцна, кон крајот на 288 г., Пир и Лисимах навлегле во Македонија, а Птолемај ја испратил својата флота во Егејот. Македонската војска му откажала послушност на Деметриј и тој побегнал во Хелада, каде сè уште контролирал повеќе стратешки места, меѓу кои и Атина. Но, и Атина, со која Деметриј имал бурни и променливи односи во последните две децении, се обидела да се ослободи од власта на кралот. Бунтот бил само делумно успешен, зашто иако летото 287 г. Атињаните успеале да го заземат Мусејонот, сепак Пиреј останал во рацете на Деметриј.[158] Не знаеме која била улогата на Авдолеонт во овие настани – некои мислат дека тој се придружил на коалицијата на Пир и Лисимах, но ако е така, неговите дејствија не оставиле никакви траги во изворите.[159] Во секој случај, по бунтот Атињаните побарале жито и помош, а меѓу оние што одговориле позитивно на барањето бил и Авдолеонт. Во знак на благодарност, неколку години подоцна, односно на последната пританија од атинската 285/4 г., Атињаните му изгласале повеќе почести и му доделиле атинско граѓанско право:

Кога Диотим беше архонт, на
дванаесеттата пританија на Пандионида
на која Лисистрат Аристома-
хов од Пајанија беше граматеј.
На дваесет и шестиот од Скирофорион,
на дваесет и петиот од прита-
нијата. Собрание. Од име на проедри-
те ставено на гласање од Филомел Фило-
мелов од Халаи и останатите проедри.
Одлучено од демосот. Симонид Хе-
гемонов од Хагнунт предложи: бидејќи
басилејот на Пајонците Авдолеонт
како и претходно останува благо-
наклонет на демосот на Атињани-
те, пружи помош и зеде учес-
тво во потфатот за слободата на
полисот, и кога демосот го ослободи
градот, тој се израдува кога дозна
за постигнатиот успех,
ценејќи го спасот на градот

[157] Tarn 1913, 64f. n.76; Lévêque 1957, 134; Кабан П., *За Илирите од Бардилис до Гентиј, IV–II в.п.н.е.*, Догер, Скопје (1996), 111f.

[158] Детална анализа на бунтот и на декретот за Калија од Сфетос кај Shear, T. L. *Kallias of Sphettos and the Revolt of Athens in 286 B.C.* Hesperia: Supplement 17, Princeton (1978). Сепак треба да се истакне дека тој го датира бунтот една година подоцна одошто треба. За ревидираната хронологија *v.* Osborne, M. J. Kallias, „Phaidros and the Revolt of Athens in 287 B.C." *ZPE* 35 (1979), 181–194; Dreyer, B. „Der Beginn der Freiheitsphase Athens 287 v. Chr. und das Datum der Panathenäen und Ptolemaia im Kalliasdekret". *ZPE* 111 (1996), 45–67; Habicht, C. *Athens from Alexander to Antony*. Harvard UP, Cambridge MA – London (1997), 95–97.

[159] Tarn 1913, 92 n.7; Osborne 1981–83, ii. 160. Претпоставката се базира на претходните дејствија на Авдолеонт во полза на Атина, забележани на натписот во Атина (ll.11–16) за кој ќе стане збор.

исто како да е и негов; и им
помага поединечно и на
Атињаните што минуваат време
кај него, и на оние што пристигнуваат
во земјата; и испрати
жито како дар за демосот во
висина од седум илјади и петстотини
медимни од Македонија, што на
свој трошок го пренесе до
пристаништата на полисот; и
објави дека и во иднина
ќе биде од помош, придружувајќи се
во напорите за ослободување на Пирej
и за слободата на полисот;
за добра среќа, одлука на
демосот: да му се укаже чест на басилејот
Авдолеонт Патраов од Пајонија
поради неговата доблест и благонаклоност
кон атинскиот демос, и тој да
се овенча со златен венец,
и венецот да се објави на
Големите Дионисии, при натпре-
рот во трагедии; а за изработката на
венецот и за објавата
ќе се погрижат диојкетите.
Тој ќе биде атински граѓанин
исто како и неговите потомци,
и ќе може да се впише во фила
и дема и фратрија по негов из-
бор. Пританите што ќе бидат избрани
да заседаваат со првата пританија ќе
ќе го поднесат гласањето за него
на првата еклесија; а пак тез-
мотетите ќе ја поднесат за него
потврдата од наградата во
дикастеријонот, во првата можна
прилика; и ќе му постават коњичка
статуа од бронза на агората; а за
изработката и поставувањето ќе
се погрижат диојкетите

----------[160]

Настрана останатите почести, станува збор за вообичаен декрет за доделување на граѓанско право. Како и во случајот со други владетели и истакнати и моќни поединци, регистрацијата во филите не е ограничена, но во основа Атињаните не ни очекувале овие примители да дојдат во градот и да го искористат граѓанското право.[161] Како што можеме да видиме, Атињаните се надевале на помош и во иднина, на што Авдолеонт одговорил позитивно, но од тоа ништо не се остварило. Авдолеонт веќе немал

[160] Osborne 1981–83, i. D76 ~ *IG* II^3, 1 871. *cf. IG* II^3, 1 872, во чест на Тимо–, кој бил во служба на Авдолеонт и меѓу другото се погрижил житото безбедно да стигне во Атина.

[161] Osborne 1981–83, ii. 160f.

прилика да му помогне на градот, зашто набргу потоа умрел, а атинскиот обид нешто подоцна да се ослободи Пиреј завршил катастрофално.[162]

5. Изгледа дека последните денови на неговото владеење минале во некакви немири или закани, што може да се претпостави од два прикази. Според Диодор, Авдолеонт му наредил на верниот соработник Ксермодигест да го закопа неговото богатство и никому да не му ја открива локацијата.[163] Сам по себе приказот не е уверлив и наликува на литературен топос, особено што слични приказни се наведуваат и за други владетели.[164] Згора на тоа, приказот на Диодор не е зачуван директно, туку преку Цецес, кој изгледа и самиот го контаминирал.[165] Но, тука е и приказот на Полиајн: „Лисимах го одвел Аристон Авдолеонтов кај Пајонците во кралството на татко му, зашто се надевал дека тие, познавајќи го кралското момче, и него ќе го примат благонаклонето. Кога според кралскиот ритуал го искапеле Аристон во реката Астибос и согласно обичајот на предците му поставиле кралска трпеза, Лисимах дал наредба за напад. Аристон го јавнал коњот и побегнал во Дарданија, а Лисимах загосподарил со Пајонија.“[166] Очигледно наследувањето било доведено во прашање, но зошто и од кого не можеме да кажеме. Во секој случај, најверојатно во 284 г.,[167] пајонското кралство влегло во состав на сега веќе огромната држава на Лисимах. Но, и ова потрајало само неколку години, зашто во 281 г. тој бил поразен и загинал кај Корупедион, во битката против Селевк I.[168] Кога и Селевк по неколку месеци бил убиен, започнала нова фаза на борба за македонскиот престол што привремено завршила со победа на Птолемај Кераун – најстариот син на Птолемај I и убиецот на Селевк.[169]

Не е јасно каква била реакцијата во Пајонија на оваа нова криза во Македонија, но во секој случај мора да била од ефемерен карактер, зашто истовремено почнале келтските напади. Изворите за нападите се подоцнежни и меѓу нив има сериозни несогласувања,[170] така што е невозможно да се изгради дефинитивна слика за хронологијата и редоследот на настаните.[171] Ниту пак е јасно дали станувало збор за две инвазии,

---

[162] Сите 420 Атињани биле убиени откако паднале во заседата на Хераклејд – заповедникот на гарнизонот во Пиреј (Polyaen., 5.17.1).

[163] 21.13.

[164] *e.g.* Декебал (Cass. Dio, 68.14.4–5) и Аларих (Jord., *Get.*, 30).

[165] Tzetz., *Hist*., 6.465–475 (ed. Leone). Имено, според Цецес, реката каде било скриено богатството на Авдолеонт се нарекувала Саргентиј, што многу наликува на реката Саргентија каде било скриено богатството на Декебал (Tzetz., *Hist*., 2.60–65), така што сосема е возможно тој по грешка да го вметнал овој податок во приказот на Диодор.

[166] Polyaen., 4.12.3. Аристон исчезнува од изворите, така што не знаеме каква била неговата судбина.

[167] Делев 2004, 254.

[168] *v.* Делев 2004, 258–261.

[169] Од изворите тешко може да се изгради јасна и доследна претстава за настаните. Особено не е јасно кога Птолемај Кераун се судрил со Птолемај Лисимахов кој бил подржан од илирскиот владетел Монуниј, ниту каков бил исходот од таа војна. *v.* Papazoglu 1969, 106–110; Walbank 1988, 245–249; Errington 1990, 158f.; Делев 2004, 262ff.

[170] Nachtergael 1977, 15ff.

[171] *v.* Nachtergael 1977, 126ff. *cf.* Walbank 1957–79, i. 49–51; Id., 1988, 251–258; Heinen, H. *Untersuchungen zur hellenistischen Geschichte des 3. Jahrhunderts v. Chr.* Steiner, Wiesbaden (1972), 88–91; Mitchell, S. *Anatolia*, vol.1, Clarendon Press, Oxford (1993), 13–15; Campbell, D. R. J. *The so–called Galatae, Celts, and Gauls in the Early Hellenistic Balkans and the Attack on Delphi in 280–279 BC*. (PhD thesis, Univ. of Leicester), 2009, 171ff.; Lopez Sanchez, F. „Galatians in Macedonia (280–277 BC): Invasion or Invitation?“. In T. N. del–Hoyo

или пак за една главна инвазија, со координирана низа на напади.[172] Тоа што треба да се истакне е дека за разлика од келтските напади во Тракија каде подоцна ќе настане „кралството Тилис“[173] и Мала Азија што ќе стане дом на неколку келтски племиња,[174] нападите во Пајонија, Македонија, Илирија и Хелада изгледа не биле со главна цел да се најде место за населување (иако се разбира ова не е исклучено), туку имале пред сè пљачкашки карактер.[175]

Инвазијата започнала во 280 г., со тоа што Келтите се поделиле во три групи, предводени од Болгиј, кој прво навлегол во Илирија а потоа во Македонија; Брен и Акихориј, кои ја нападнале Пајонија; и Керетриј, кој тргнал против Трибалите и Тракија.[176] Кераун, без да ги дочека засилувањата, непромислено се судрил со Болгиј, бил поразен и загинал веројатно на почетокот на 279 г.[177] Ситуацијата ја спасил Состен[178] кој успеал да собере војска и да го порази Болгиј, но веќе истата година се соочил со уште поголемата војска на Брен. Каков бил исходот од битката не знаеме, зашто изворите се контрадикторни.[179] Следните две години Состен ги минал во борби против Келтите,[180] како и претендентите за престолот, меѓу кои и Антигон Гоната.[181] На крајот токму Антигон Гоната извлекол најголема полза од келтските напади, зашто по победата кај Лисимахеја и смртта на Состен конечно успеал да го освои македонскиот престол.[182]

Келтската наезда во изворите е прикажана како еден трауматичен и крајно деструктивен настан, што несомнено и била. Но, барем во случајот на Македонија, последиците не биле катаклизмични, што јасно произлегува од надворешната политика на Антигон Гоната во следната деценија.[183] Со оглед на положбата, можно е Пајонија да

& F. Lopez Sanchez (eds.). *War, Warlords, and Interstate Relations in the Ancient Mediterranean*. Brill, Leiden (2018), 183–203.

[172] Nachtergael 1977, 174 n.221.

[173] *v.* Делев 2004, 280–282.

[174] *v.* Mitchell 1993, 15ff.

[175] Campbell 2009, 58ff. *cf.* Walbank 1988, 252; Mitchell 1993, 15.

[176] Paus., 10.19.6–7.

[177] Paus., 10.19.7; Memnon, *BNJ* F1, 8.8; Polyb., 9.35.4; DS, 22.3; Trog., *Prol.*, 24; Just., 24.3.10–5.7. Според дел од изворите Кераун загинал во битката, а според други бил заробен и погубен. Во секој случај сите зборуваат за тежок пораз.

[178] За Состен не се знае речиси ништо. Можно е да станува збор за поранешен заповедник во војската на Лисимах, ако е истиот Состен што се споменува во писмото на Лисимах до Приена, и ако воопшто празнината треба да се дополни со Состен (Welles, *RC* 6 ll.11–12: Σω[σθένους? τοῦ] / στρατηγοῦ). За неговата позиција *v.* Nachtergael 1977, 131 n.22; Walbank 1988, 254 n.4.

[179] Според Јустин (24,6,1–3) Состен бил тешко поразен, по што Брен ја опустошил земјата пред да продолжи кон Делфи; Диодор (22.9.1), во еден приказ со низа лакуни зборува за победа што Брен го чинела големи загуби; додека пак според Порфириј (*BNJ* 260 F3, 10), Состен го изгонил Брен од Македонија. *v.* Nachtergael 1977, 137–140.

[180] *cf. Gonnoi* II. 93 ll.23–4: τοῦ κατὰ Σωσθέ– / [ν]ην πολέμου.

[181] *v.* Walbank 1988, 254f., 580–86; Errington 1990, 160f.

[182] За настаните од битката кај Лисимахеја до враќањето на Пир *v.* Nachtergael 1977, 167–70; Will 1979–82, 107–10; Walbank 1988, 257f.; Waterfield 2021, 117–21.

[183] Прво водел исцрпувачка војна со Пир за македонскиот престол, 274–272 г. (Lévêque 1957, 553ff.; Will 1979–82, i. 209–16; Walbank 1988, 259–67; Waterfield 2021, 124–31). Потоа, можно е да презел поморска офанзива што резултирала со освојувањето на Каунос (с. 269?), а приближно во исто време ја осво-

минала многу полошо од Македонија – каков што, се чини, бил случајот и со Дарданија.[184] Како и да е, одговорот на ова прашање треба да се бара пред сè во археолошките извори, кои се предмет на други трудови во монографијава. Во оваа прилика, сосема накусо може да се спомене еден епиграм од Тлос,[185] во чест на Неоптолем,[186] кој ги поразил Писидијците, Пајонците,[187] Агријаните и Галатите.[188] За жал, не располагаме со други информации за овој настан, така што не можеме да процениме ниту за колкави одреди станувало збор, ниту во кој контекст дошло до судирот на Неоптолем со наведените племиња. Присуството на Пајонците и Агријаните се објаснува на различни начини – едноставно биле „понесени" од келтската навала,[189] доброволно се придружиле на Келтите во походите и пустошењето низ Мала Азија,[190] или можеби биле платеници кои се одале на грабежи.[191] Сепак, во ситуација кога не располагаме со дополнителни извори за настанот, најдобро е прашањето да се остави отворено и единствено да се укаже на присуството на пајонски и агријански одреди во Мала Азија.[192]

6. По келтската наезда на власт во Пајонија го наоѓаме Леонт, кој воопшто не се споменува во изворите, а е познат само благодарение на неговите монети[193] и натписи-

ил и Еретрија (Knoepfler, D. „Les relations des cités eubéennes avec Antigone Gonatas et la chronologie delphique au début de l'époque étolienne". *BCH* 119.1 (1995), 141–44). На крајот се судрил и ја поразил моќната коалиција предводена од Птолемај II во Хремонидовата војна, 268–263/2 г. (Heinen 1972, 97ff.; Will 1979–82, i. 220–28; Buraselis, K. *Das hellenistische Makedonien und die Ägäis*. C.H. Beck'sche Verlagsbuchhandlung, München (1982), 155–160 Walbank 1988, 276ff.; O'Neil, J. L. „A Re–Examination of the Chremonidean War". In P. Mckechnie and P. Guillaume (eds.) *Ptolemy II Philadelphus and his world*. Brill, Leiden (2008), 65–89; Waterfield 2021, 159ff.). Што се однесува до евентуалната поморска офанзива, претпоставката се темели врз еден натпис објавен во 2006 (*IKaunos* 4), што се датира во петнаесеттата година од владеењето на некој Ангитон, кој најверојатно би требало да биде Гоната. Дали градот останал под власт на Антигонидите уште од времето на Деметриј Полиоркет или пак бил освоен од Гоната не знаеме, но втората можност делува поверојатно. *v.* Kuzmin, Y. N. „The Antigonids, Caunus and the so–called 'Era of monophthalmus': Observations prompted by a new inscription". In V. Gouščhin & P. J. Rhodes (eds.). *Deformations and crises of ancient civil communities*, Franz Steiner Verlag, Stuttgard (2015), 73–85; Waterfield 2021, 159.

[184] *cf.* Papazoglu, 1969, 111.

[185] Исцрпна анализа на епиграмот кај Barbantani, S. „The Glory of the Spear". *Studi Classici e Orientali* 53 (2007), 67–138.

[186] Неоптолем подоцна бил епонимен свештеник на култот на Александар и на *Theoi Adelphoi* од 2 јуни 252 до 21 мај 251 г. (*PSI* V 515). *v.* Barbantani 2007, 82–6. Тој секако не бил владетел, како што велат Микулчиќ, И. & Соколовска, В. „Икона на кралот Дропион". *MAA* 11 (1990), 107.

[187] Текстот на ова место е оштетен, така што Пајонци е дополнување, при што се понудени и други решенија, од кои особено привлечно би можело да биде „Меди", што во лагидските текстови од овој период се користи како навредлив израз за Селевкидите. Во тој случај Писидијците, Агријаните и Галатите би биле платеници во служба на Селевкидите. Сепак, дополнувањето „Пајонци" се чини поуверливо, и е генерално прифатено како најверојатно решение. *v.* Barbantani 2007, 79.

[188] Steph. Byz., *Ethnica*, no. 47, s.v. Ἀγρίαι (ed. Billerbeck).

[189] Merker 1965, 49. Претпоставката дека Пајонија во ова време се соочувала со недостиг од војници што ја базира на епиграмот, мора да се земе со резерва, зашто како што беше споменато, не го знаеме ниту бројот на војниците, ниту пак нивниот статус.

[190] Launey 1949, 405 n.4., 473.

[191] Делев 2014, 165.

[192] Историскиот контекст детално го разгледува Barbantani 2007, 89ff. *cf.* Mitchell 1993, 17f.

[193] *v.* Pavlovska, E. „The Coinage of the Paeonian Kings Leon and Dropion". In N. Holmes (ed.), *Proceedings of the XIVth International Numismatic Congress* Glasgow 2009, Glasgow (2011), 319f.

те на Дропион. За неговото владеење, што генерално се датира ~277–~250 г., не знаеме ништо. Во истиот период во Македонија владеел Антигон Гоната (283–239 г.),[194] но и неговата северна политика претставува загатка. Врз основа на една анегдота кај Атенај,[195] В. Тарн претпоставува дека Гоната можеби презел некој поход на север во периодот 276-274 г., но ова ниту може да се докаже, ниту пак – дури и да е така – може да се утврди против кого и зошто.[196] Се разбира, тука е и прашањето за основањето на Антигонеја во Пајонија, но како што ќе видиме понатаму, тоа би требало да се датира во времето на Антигон Досон. Според тоа, ниту еден извор не споменува какви било неприлики на северната граница на Македонија во времето на Гоната. Со оглед на очајната состојба со изворите, особено по смртта на Пир и по Хремонидовата војна, ова одвај би можело да се нарече аргумент; сепак во случај да имало некоја посериозна криза би очекувале макар и далечен одглас во некој извор,[197] а такво нешто нема. Фактот што во голем дел од владеењето Гоната можел да ги насочи својата енергија и ресурси кон Хелада и Егејот,[198] остава впечаток дека ситуацијата на северната граница била релативно мирна.

Кога Антигон Гоната починал во 240/39 г., во Пајонија веќе владеел синот на Леонт – Дропион, последниот пајонски крал, кој се претпоставува дека дошол на власт ~250 г. Благодарение на посветите во Делфи и Олимпија, за овој владетел можеме да кажеме нешто повеќе. Според Павсанија, „Пајонскиот басилеј Дропион Леонтов испратил во Делфи глава од пајонски бизон, изработена од бронза.“[199] Од Делфи имаме уште една посвета: „Дропион Леонтов, басилеј на Пајонците, посветува статуа од дедо му Авдолеонт на Аполон Питиски, во согласност со пророштвото.“[200] Посветата од Олимпија пак гласи: „Којнонот на Пајонците ја посвети статуата од Дропион Леонтов, басилејот на Пајонците и основач, поради неговата доблест и благонаклоност.“[201]

Ќе беше интересно да имавме повеќе податоци за функционирањето на пајонскиот којнон, кој бил востановен во времето на Дропион,[202] но бидејќи се споменува

---

[194] Иако завладеал со Македонија во 277/6 г., Антигон Гоната ги броел своите владетелски години од смртта на Деметриј Полиоркет во 283 г. *v.* Chambers, M. „The First Regnal Year of Antigonus Gonatas.“ *AJPh* 75.4 (1954), 385–394.

[195] Athen., 8. 340f. (ed. Douglas Olson).

[196] Tarn 1913, 201 n.111. Главниот аргумент на Тарн е што во тој период не знаеме за други походи на Гоната, така што најверојатно станува збор за поход на север. Меѓутоа, нашите извори за овој период се толку фрагментарни што е невозможно да се одреди што точно правел Антигон и каде дејствувал. Papazoglu (1969, 111 n.43) со право е резервирана.

[197] Како што на пример Јустин (26.2.9–12), во еден крајно збркан преглед со неколку очигледни грешки, сепак го споменува нападот на Александар Епирски на Македонија кон крајот на Хремонидовата војна.

[198] *v.* Buraselis 1982, 155ff.; Walbank 1988, 290ff.; Errington 1990, 170–73; Gabbert, J. J. *Antigonus II Gonatas. A Political Biography*. Routledge, London – New York (1997), 54–58; Waterfield 2021, 177ff.

[199] 10.13.1.

[200] Pouilloux 1950, 22–25, со подобрено читање на натписот кај Bousquet 1952. Петрова (1999, 21 n.78) погрешно го протолкувала натписот мислејќи дека статуата му е посветена на Авдолеонт согласно пророштвото на Аполон. Всушност, примател на посветата е Аполон, а предметот што е посветен е токму статуата од Авдолеонт.

[201] *IvO* 303. Битракова Грозданова (1987, 22) и Петрова (1999, 21 n.78), грешат кога велат дека којнонот му посветил статуа на Дропион. Всушност статуата е предметот што е посветен.

[202] Hammond (1988, 483f. n.4), остава простор изразот κτίστης воопшто и да не се однесува на којнонот, туку на основањето на некој град. Толкувањето не е убедливо, исто како што не е убедливо и неговото

единствено на натписот од Олимпија, не може да се каже ништо поконкретно. Којнониte ниту претставувале новина на IV и III век, ниту пак имале исто, односно унифицирано, уредување. Всушност, и самиот збор „којнон“, кој пред сè значи „заедница“, може да има различни значења во контекст на едно државно уредување, вклучително и на полис.[203] Поради тоа, споредбите со хеленските којнони од овој период, а пред сè Ајтолскиот и Ахајскиот, и самите со разлики во уредувањето, не може да се земат како паралели кои би фрлиле светлина врз пајонското устројство. Во таа смисла, претпоставката дека токму Ајтолија и Ахаја понудиле нацрт што потоа бил копиран од останатите држави воопшто не е уверлива.[204] Поинтересно звучи теоријата дека Дропион го презел овој систем од Македонија,[205] но ова не решава ништо бидејќи македонското уредување е трнливо прашање за кое сè уште нема согласност меѓу научниците, вклучително и како треба да се сфати изразот „којнон на Македонците“.[206] В. Тарн пак размислува за евентуалното влијание од епирскиот којнон,[207] што со оглед на долгата традиција на вакви „заедници“ во Епир,[208] исто така би можело да се земе предвид. Во секој случај, сè додека не се појават нови извори, дискусијата за којнонот на Пајонците е беспредметна.

Второ прашање што се поставува во однос на посветите на Дропион е – кога да се датираат. Веднаш паѓа во очи дека тие се направени во двете најважни светилишта во Хелада, од кои Делфи по одбивањето на келтскиот напад постепено потпаднало под контрола на Ајтолскиот којнон,[209] а Олимпија се наоѓала во рацете на Елида – најважниот ајтолски сојузник на Пелопонес.[210] Анализирајќи ги односите меѓу Македонија и Ајтолскиот којнон, Ж. Пују резервирано заклучил дека тие би требало да се датираат во времето на Деметриј II (239–229 г.), односно во текот на Војната на Деметриј (с. 238–

мислење (*ibid.*) дека пајонската држава била организирана по племиња само врз основа на географскиот опис кај Плиниј (*HN*, 4.17).

[203] *v.* Giovannini, A. *Untersuchungen über die Natur und die Anfänge der bundesstaatlichen Sympolitie in Griechenland*. Vandenhoeck & Ruprecht, Göttingen (1971), 14–24, со забелешките на Walbank, F. W. „Were there Greek Federal States?“. *SCI* 3 (1976/7), 27–51.

[204] Mack, R. (1952), *Grenzmarken und Nachbarn Makedoniens im Norden und Westen*, (Diss. Göttingen), 154f. apud Walbank 1988, 268 n.6; Петрова 1999, 23.

[205] *e.g.* Merker 1965, 52.

[206] Одличен преглед за ова прашање со постарата литература кај Le Bohec 1993, 239–47. *cf.* Errington 1990, 218ff.; Проева 1997, 48ff. King, C. J. „Macedonian Kingship and Other Political Institutions“. In Roisman & Worthington (2010), 373–391, дава преглед со поновата литература. Hatzopoulos (*e.g.* 1996; Id. 2020), и покрај неговиот огромен придонес за расчистувањето на ова прашање е премногу догматичен и мора внимателно да се користи.

[207] Tarn 1913, 173. За организацијата и институциите на епирските заедници, а потоа и на Епирскиот којнон *v.* Cabanes, P. *L'Épire de la mort de Pyrrhos à la conquête romaine*. Belles Lettres, Paris (1976), 100ff., 357ff.

[208] Иако по малку конфузен, а во заклучоците произволен, Hammond („The *Koina* of Epirus and Macedonia“. *ICS* 16.1–2 (1991), 183–192) дава полезен преглед на изворите за пораниот период.

[209] *v.* Scholten 2000, 59ff.

[210] Битракова Грозданова (1987, 22), неосновано вели дека Олимпија се наоѓала под протекторат на Ахајскиот којнон. Напротив, до крајот на III век Елида останала најважен сојузник на Ајтолците на Пелопонес и соперник на Ахајците, и дури по поразот на Антиох III кај Термопилите и повлекувањето во Мала Азија, се приклучила на Ахајскиот којнон есента 191 г. *v.* Kralli, I. *The Hellenistic Peloponnese: interstate relations*. The Classical Press of Wales, Swansea (2017), 328f.

228 г.).[211] Ова секако делува најверојатниот период, но во основа не може да се исклучи ниту владеењето на Антигон Гоната. Навистина, тој никогаш не се судрил со Ајтолците, а по падот на Коринт во 243 г. дури склучил и договор со нив насочен против Ахајскиот којнон,[212] но во суштина односите постојано биле напнати.[213] Секако најдобар показател за тоа е повлекувањето по 277 г. и на македонските хиеромнемони и на оние од областите под македонска власт од Делфиската амфиктионија[214] – пракса што нема да биде прекината ниту во периодот на „сојузот" меѓу Гоната и Ајтолија.[215] Впрочем, кон ист заклучок води и фактот што во овој период македонските владетели одржуваат контакт и прават бројни посвети на Делос,[216] а не во Олимпија или во Делфи. Според тоа, теоретски посветите на Дропион би можеле да датираат од кој било период од неговото владеење.

Ова уште повеќе ја проблематизира и онака не многу уверливата претпоставка за учеството на Дропион во Војната на Деметриј. Имено, тргувајќи од несомнено пријателските односи меѓу Дропион и Ајтолците, некои сметаат дека тој се приклучил на сојузот меѓу Ајтолскиот и Ахајскиот којнон во војната против Деметриј II.[217] Фактот што изворите не го споменуваат неговото учество можеби и не е толку сериозен проблем со оглед на нивната фрагментарност. Многу поважен е самиот тек на војната, што се водела на неколку фронтови и се состоела од упади и помали судири.[218] Тоа што е јасно и важно за нашево прашање, е дека не само што во првите неколку години Деметриј II очигледно бил во можност да води офанзивна војна, туку и постигнал неколку успеси – најверојатно ја опустошил околината на Плеурон,[219] успеал да ја освои Бојотија,[220] можеби и Мегара,[221] а неговиот стратег Битис го поразил Арат постариот кај Филакија.[222]

---

[211] Pouilloux 1950, 28–30. Прифатено од Merker 1965, 51f.; Битракова Грозданова, 1987, 22; Петрова 1999, 22f. Walbank (1988, 268 n.6), е повоздржан и не е сосема уверен.

[212] Polyb., 2.45.1, 9.34.6–7. Полибиј најверојатно ги преувеличува одредбите од договорот, тврдејќи дека била предвидена поделба на Ахајскиот којнон. *v.* Walbank 1957–79, i. 239f., Scholten 2000, 124–26, 133 n.7.

[213] Како што истакнува и самиот Pouilloux 1950, 29 n.2.

[214] Принципот прв го истакнал Beloch, K. J. „Die delphische Amphiktionie im III. Jahrhundert". *Klio* 2.2. (1902), 205–226. Picard (*Chalcis et la Confédération eubéenne*, de Boccard, Paris (1979), 268) и Walbank (1988, 270f.) го доведуваат во прашање особено врз примерите од Евбоја; но Knoepfler 1995, докажува дека Белох сепак е во право.

[215] *cf.* Scholten 2000, 240ff.

[216] *v.* Reger, G. „The Political History of the Kyklades 260–200 B.C." *Historia* 43.1 (1994), 54f., 61.

[217] *e.g.* трудовите цитирани во *бел.* 211 (со исклучок на Walbank 1988).

[218] *v.* Will 1979–82, i. 343–49; Walbank 1988, 321ff.; Grainger, J. D. *The league of the Aitolians*. Brill, Leiden (1999), 217ff.; Scholten 2000, 144ff.; Kuzmin 2019, 73–79.

[219] Ако зад Деметриј „Ајтолецот" (Strabo, 451C) се крие всушност Деметриј II, како што на пример мисли Ehrhardt, C. „Demetrius ὁ Αἰτωλικός, and Antigonid Nicknames". *Hermes* 106.1 (1978), 251–253. *cf.* Кузьмин, Ю. Н. „Загадка Деметрия «Этолика»". *Исседон* 4 (2007), 59–66. Но, дури и да не станува збор за Деметриј II, мора да се претпостави македонска интервенција или помош за Епир, зашто за момент била сопрена ајтолската анексија на западна Акарнанија (Walbank 1988, 323f.).

[220] Polyb., 20.5.3. Walbank 1957–79, iii. 69.

[221] Во зависност од тоа дали „басилејот Деметриј" што се среќава на неколку мегарски декрети, е Деметриј Полиоркет, или пак Деметриј II. За спротиставени мислења *v.* Robu, A. „Between Macedon, Achaea and Boeotia: The Epigraphy of Hellenistic Megara Revisited". In N. Papazarkadas (ed.). *The Epigraphy and History of Boeotia*. Brill, Leiden (2014), 95–118 (Деметриј II); и Chrysafis, Ch. „A Note on the history of Hellenistic Megara: The date of the Antigonid garrison in Aegosthena". *Τεκμήρια* 14 (2018), 181–202 (Деметриј Полиоркет).

Хронологијата на овие настани не е сосема јасна, но барем освојувањето на Бојотија би требало да се датира с. 236 г., а победата кај Филакија најдоцна до 233/2 г., иако е сосема можно да станува збор за 235/4 г. Сето ова остава впечаток дека барем во првата половина од војната, Деметриј II не се соочувал со проблеми на другите граници и можел да се посвети на војната против Ајтолија и Ахаја. Според тоа, фактот што посветите на Дропион не може со сигурност поточно да се датираат, како и тоа што ниту една од нив не е во контекст на војна или пак победа, заедно со молкот на изворите и текот на војната во Хелада, укажуваат дека тој сепак не учествувал во овој судир.

Прашањето за крајот на владеењето на Дропион, а со тоа и на пајонската држава, може да се разгледува повторно низ собитијата во Војната на Деметриј. Имено, и покрај почетните успеси, Деметриј полека исчезнува од изворите кон средината на деценијата.[223] Неговата пасивност ќе доведе до целосен распад на македонската позиција во Хелада, вклучително и бунтот во Тесалија[224] и ослободувањето на Атина по неговата смрт.[225] Како што заклучува М. Ерингтон, или Деметриј II бил најпасивниот од сите македонски владетели, или бил преокупиран со други проблеми што не оставиле траги во изворите.[226] Дека Деметриј навистина се соочувал со сериозни проблеми дознаваме од текот на настаните во 231 г. Кога жителите на Медеон, поради притисокот од Ајтолците, побарале помош, не можејќи да одговори на повикот, Деметриј му платил на илирскиот владетел Агрон да им помогне на негово место.[227] Одлуката на Деметриј што ќе има толку далекусежни последици,[228] се должела на фактот што тој веќе бил зафатен со борбите против Дарданците предводени од Лонгар.[229] Деметриј бил поразен од Дарданците и набргу потоа умрел (229 г.),[230] оставајќи го за наследник малиот Филип.[231] Не знаеме кога точно започнала војната со Дарданците, но веројатно нема

[222] Plut., *Arat*., 34.2. Локацијата на Филакија не е позната. Се претпоставува дека станува збор за место или во Атика, или пак во Аркадија.

[223] Дури и ако битката кај Филакија се датира 233/2 г., а не во 235/4 г., како што беше споменато, Деметриј II не учествувал во неа.

[224] Scholten 2000, 165–69.

[225] Habicht 1997, 173–78.

[226] Errington (1990, 175), кој ја претпочита првата можност.

[227] Polyb., 2.2.3–5. Walbank 1957–79, i. ad loc.

[228] *cf.* Пановски, С. „Македонско–илирските односи кон крајот на III век ст.е.“, 239f., 250–57. In М. Јакимовска–Тошиќ (ур.), *Македонско–хрватски книжевни, културни и јазични врски.* Институт за македонска литература, Скопје, 2014, 237–259.

[229] Во дел од ракописите на Ливиј наместо Лонгар, пишува Лангар. Меѓутоа, нема никаква потреба овој дардански владетел да се поврзе со познатиот владетел на Агријаните и пријател на Александар III, како што понекогаш се правело во постарата литература. *v.* Briscoe, J. *A Commentary on Livy, books 31–33*, Oxford UP, Oxford (1973), 128.

[230] За датумот *v.* Le Bohec 1993, 99–101.

[231] Liv., 31.28.2; Trog., *Prol*., 28; Just., 28.3.9–10. Дел од научниците сметаат дека Деметриј II загинал во битката со Дарданците (*e.g.* Tarn 1913, 201 n.111; Papazoglu 1969; Микулчиќ & Соколовска 1990, 109; Петрова 1999, 24). Но, претпоставката не е уверлива. Имено, сè што вели Трог е дека Деметриј II бил поразен од Дарданците, а по неговата смрт за регент на Филип V бил избран Антигон Досон (Ut rex Macedoniae Demetrius sit a Dardanis fusus: quo mortuo tutelam filii eius Philippi suscepit Antigonus). Нема никаква потреба овие две информации директно причински да се поврзат, особено што станува збор за еден од *Пролозите* на Трог, што и онака се крајно збиени. Згора на тоа, треба да се истакне и молкот на Јустин по ова прашање. Имено, тој само вели дека Деметриј II умрел во Македонија, а за наследник го оставил малолетниот Филип V. Со оглед на тоа што токму Јустин релативно

многу да згрешиме ако ја датираме во периодот меѓу инвазијата на Бојотија (~236 г.) и договорот со Агрон во 231 г. За тоа каде се одвивале борбите, и каде точно дошло до битката што Деметриј II ја загубил може само да се спекулира.[232] Меѓутоа, од текот на настаните во првата година од владеењето на Антигон Досон, и особено од основањето на Антигонеја, можеме слободно да заклучиме дека воените дејствија не ја одминале Пајонија. Фактот што изворите не ја споменуваат ниту Пајонија, ниту нејзиниот басилеј во текот на борбите, упатува на заклучок дека во меѓувреме пајонската држава била уништена. Кон ваков заклучок наведува и информацијата кај Ливиј, дека по III Македонска војна Дарданците барале да им биде вратена Пајонија зашто била нивна.[233] Според тоа, крајот на пајонската држава може да се датира во втората половина од владеењето на Деметриј II, односно некаде меѓу 235 и 231 г., кога пропаднала под ударите на Дарданците.[234]

7. Како што слабеењето на Епир повторно ги соочило македонските кралеви со опасноста од Илирите, така и исчезнувањето на пајонското кралство ги исправило пред нов предизвик – опасноста од Дарданците; и токму на територијата на Пајонија се одвивале дел од бројните судири меѓу нив. Прв морал да одговори на предизвикот Антигон Досон, регентот на малиот Филип, кој летото 229 г.[235] презел поход против Дарданците. Деталите од овој поход не се познати, но знаеме дека завршил со решавачка победа на Досон. Овој заклучок се темели не само врз претпоставката дека токму по победата над Дарданците Досон бил прогласен за басилеј,[236] туку и фактот што до крајот на неговото владеење тие повеќе не му задавале проблеми. Второво е дотолку поважно ако се земе предвид дека Дарданците – кои често го користеле отсуството на македонските владетели од државата со дел од војската – останале мирни, иако Досон минал голем дел од владеењето надвор од Македонија.[237] Со оглед на бројните закани и

опширно (секако, за негови стандарди) го опишува загинувањето на Птолемај Кераун, доколку Деметриј II загинал во битка би очекувале тоа да биде споменато. И Плутарх (*Aem.*, 8.2) единствено вели дека Деметриј умрел, без да спомене битка. Кон ист заклучок води и говорот на Досон, кој меѓу другото истакнува дека „Дарданците и Тесалците биле восхитени од смртта на Деметриј." Групирањето со Тесалците е индикативно, зашто Деметриј II секако не загинал во борба со нив; така што поентата на Досон е дека и тие и Дарданците се охрабриле кога дознале за смртта на Деметриј, што е крајно нелогично ако тој загинал во битката со Дарданците. *v.* Walbank 1957–79, i. 238; Le Bohec 1993, 98f.

[232] Kuzmin (2019, 78), претпоставува некаде на северозападната граница на Македонија.

[233] Liv., 45.29.12: Dardanis repetentibus Paeoniam, quod et sua fuisset et continens esset finibus suis etc...

[234] *v.* Papazoglu 1969, 111–14; Le Bohec, 1993, 154. *contra* Merker (1965, 52f.), кој претпоставува дека пајонската држава била уништена од Досон. Но, ниту еден од нашите извори не споменува такво нешто. Микулчиќ & Соколовска (1990, 109) без апсолутно ниту еден аргумент и сосема произволно не само што ги датираат посветите на Дропион во времето на Антигон Досон и со тоа ја симнуваат границата на неговото владеење, туку и претпоставуваат дека токму во овој период пајонската држава го доживеала економскиот и политичкиот подем. Петрова (1999, 21f. n.78) со право е скептична и ја отфрла ваквата акробација.

[235] Le Bohec 1993, 152.

[236] *ibid.*, 129–33.

[237] Во Тесалија и средна Хелада (228 г.): Walbank, F. W. „Antigonus Doson's Attack on Cytinium (REG 101 (1988), 12–53)". *ZPE* 76 (1989), 184–192; Le Bohec 1993, 154–63; Scholten 2000, 165ff. Во Карија (227 г.?): Bengtson, H. *Die Inschriften von Labranda und die Politik des Antigonos Doson*. Bayerische Akademie der Wissenschaften München, München (1971); Walbank 1988, 343–45; Le Bohec 1993, 327ff. На Пелопонес (224–222 г.): Walbank 1988, 345ff.; Le Bohec 1993, 363ff.

проблеми со кои се соочувал на почетокот на владеењето, не изненадува што и покрај големата победа, Досон одлучил да го окупира само јужниот дел на Пајонија. Заради заштита од идни дардански напади, била основана Антигонеја во Пајонија, некаде меѓу Стоби и Европ.[238] Иако се чини дека во современата литература сè уште преовладува мислењето дека Гоната е основач на градот,[239] ова датирање почива на старата претпоставка дека Пајонија била освоена уште од овој Антигон,[240] што одамна е докажано како погрешно.[241] Напротив, земајќи ги предвид историските околности, многу поверојатно е градот да бил основан од Антигон Досон, кога по победата над Дарданците ја припоил јужна Пајонија.[242] Тоа што го започнал Досон, го завршил неговиот наследник Филип V кој во 217 г. ја освоил Билазора „најголемиот град во Пајонија, чија положба е толку погодна во однос на премините од Дарданија во Македонија, што со ова постигање тој речиси се беше ослободил од стравот од Дарданците. Имено, тие веќе не можеа лесно да навлегуваат во Македонија, зашто благодарение на овој град Филип ги контролираше премините.“[243]

Од понатамошниот тек на настаните е јасно дека Полибиј во одредена мера ги преувеличува, или барем ги поедноставува работите. Зашто, изворите споменуваат судири со Дарданците и во следните години – понекогаш дардански упади, а понекогаш напади на Филип V, кој се обидувал да ја зацврсти границата колку што може.[244] Ова се должело на неколку фактори. Прво, Пајонија, односно долината на Аксиј, не била единствениот приод кон Македонија. Токму поради тоа во 211 г., по склучувањето на сојузот меѓу Рим и Ајтолскиот којнон, во една превентивна кампања по северната граница, Филип меѓу останатите ги нападнал и Дарданците и го освоил градот Синтија(?).[245] Но, веќе во 209 г. се случил голем дардански упад, при што Дарданците успеале да се пробијат до Орестида.[246] Ова нè доведува до вториот фактор. Независно колку градови и утврдувања освојувал и контролирал, и колку пати ги поразувал соседните племиња (особено Дарданците), Филип едноставно не располагал со доволно сили, и онака ангажирани на премногу страни, за да може ефикасно да ја брани северната граница во секој момент. Оваа ситуација убаво ја доловува споредбата на Н. Хамонд, кој истакнува дека за разлика од Филип II, кој можел одлучувачки да ги порази непријате-

[238] Plin., *NH*, 4.34. *Tab. Peut.* VI 5. Генерално е прифатено дека зад Асигонија, што се среќава кај Rav. Anon., 4.9.7, всушност се крие Антигонеја во Пајонија. За Антигонеја *v.* Hammond 1972, 172–74; Papazoglou 1988, 323–26; Cohen, G. M. *The Hellenistic Settlements in Europe, the Islands, and Asia Minor*. Univ. of California Press, Berkeley – Los Angeles (1996), 92f.

[239] *e.g.* Hammond 1972, 174; Walbank 1988, 268; Errington 1990, 164; Adams, W. L. „Alexander's Successors to 221 BC“, 220. In Roisman & Worthington (2010), 208–224; Waterfield 2021, 132.

[240] Tarn 1913, 320f.

[241] Pouilloux 1950, 25–29.

[242] *v.* Вујчић 2017.

[243] Polyb., 5.97.1–2.

[244] За борбите меѓу Филип и Дарданците до II Македонска војна *v.* Papazoglu 1969, 116–19; Briscoe 1973, 128.

[245] Liv., 26.25.3. Walbank 1940, 85f. За Синтија и можната емендација на текстот *v.* Papazoglu 1969, 117. Можно е токму од пленот од овој поход да е и посветата на Филип на Атена Линдоска (*Lind. chron.*, *BNJ* 532 F3 (42); *v.* Papazoglu 1969, 117; Hammond 1988, 403).

[246] Liv., 27.33.1. Според Јустин (29.4.6), во оваа прилика Дарданците успеале да одведат 20.000 заробеници. Бројката несомнено е преувеличена, но сепак ја одразува сериозноста на ситуацијата и размерите на дарданскиот напад. *cf.* Walbank 1940, 92. Hammond (1988, 403f. n.2), резервирано смета дека Јустин можеби и не преувеличува.

лите и да ги покори, Филип V морал да се задоволи со опустошување на непријателската територија и со дефанзивни мерки.[247]

Веројатно нема подобар пример за ова од настаните во периодот 204–197 г. Имено, како подготовка за источната кампања и неговото отсуство, во 204 и 203 г. Филип презел неколку походи за зацврстување на северната граница. Освен големиот поход во Тракија и акциите во Илирија, изгледа во овој период Филип им нанел и тежок пораз на Дарданците, кои според изворите изгубиле приближно 10.000 војници.[248] Поразот очигледно бил доволно сериозен за Дарданците да останат мирни во следните неколку години. Но, веќе на почетокот на II Македонска војна тие се приклучиле на римската коалиција и повторно се заканувале на Македонија и Пајонија. Заради заштита на северната граница, Филип оставил дел од војската под номинална команда на Персеј, да го брани преминот кон Пелагонија. Но, поради римскиот притисок, пролетта 199 г. морал да го повлече овој одред за да ја засили главнината од војската, што веднаш било искористено од Дарданците и Илирите. Дури при повлекувањето Дарданците биле пресретнати од Атенагора, еден од заповедниците на Филип, кој успеал да им одземе дел од пленот и да им нанесе одредени загуби.[249]

Повеќето борби во периодот меѓу освојувањето на Билазора и крајот на II Македонска војна можеби ја одминале Пајонија и се одвивале позападно, што во одредена мера и ја оправдува анализата на Полибиј. Но, тоа не може да се каже и за настаните во 197 г. Имено, охрабрени од катастрофата кај Киноскефала, Дарданците уште еднаш се впуштиле во пљачкашки поход, овој пат по долината на Аксиј. Филип собрал нова војска од 6.000 пешаци и 500 коњаници и во ненадеен напад во близината на Стоби им нанел тежок пораз.[250] Во следните децении се чини дека ситуацијата на северната граница била помирна, што се должело на повеќе фактори – почестото присуство на Филип во Македонија; неможноста Дарданците да водат самостојна политика кон Македонија, зашто сега и едните и другите биле во сенката на Рим; можните проблеми со останатите соседи; и особено неколкугодишната војна со Бастарните.[251] Иако замислата на Филип да ги уништи Дарданците со помош на Бастарните не успеала,[252] долгата и

[247] Hammond 1988, 403.

[248] DS, 28.2. Papazoglu 1969, 119, остава место и за можноста битката да се биела во текот на I Македонска војна. Но, аргументацијата не е уверлива, а датирањето во 204 г. делува поверојатно. *cf.* Walbank 1940, 111f.; Id. 1957–79, ii. 423.

[249] Liv., 31.33.3, 34.6., 40.7–8, 43.1–3. Walbank 1940, 142f., 145, 318; Papazoglu 1969, 119–22. *cf.* Hammond 1972, 60–64. Петрова 1999, 25 погрешно ги опишува овие настани. Прво, станува збор за 199 г., а не за 200 г.; второ, дарданскиот напад се одвивал истовремено со маневрите и судирот кај Отолоб, а не како последица на него; трето, борбите веројатно не се одвивале во Пајонија, туку позападно; и четврто, Дарданците не се повлекле поради поразот, туку веќе биле во фаза на повлекување кога биле престигнати од Атенагора кој успеал да им одземе дел од пленот.

[250] Liv., 33.19.1–5. Papazoglu (1969, 122f.) мисли дека можеби не станувало збор за пљачкашки, туку за освојувачки поход чија цел била враќање на северна Пајонија во рамките на дарданското кралство. Ова не е невозможно, но Ливиј потенцира дека голем дел од Дарданците биле убиени додека пљачкале во околината на Стоби. Се разбира, во крајна линија двата мотиви не се исклучиви.

[251] Преглед на односите до почетокот на III Македонска војна кај Papazoglu 1969, 123–28.

[252] Papazoglu (1969, 124f.), начелно ја прифаќа верзијата на изворите дека целта на Филип V била прво да ги насели Бастарните во Дарданија, а потоа да ги испрати во војна против Рим, но ова толкување не делува веројатно и попрво е одглас не само на римската пропаганда во предвечерието на III Маке-

тешка војна меѓу овие две племиња ги оневозможила да земат поголемо учество во текот на III Македонска војна.[253]

Така, борбата за Пајонија, што била и една од главните причини за честите судири меѓу македонските владетели и Дарданците, завршила во полза на првите, и таа останала под македонска власт сè до падот на кралството. Многу малку знаеме за односот и политиката на Антигонидите кон Пајонија. Во контекст на собитијата во 181 и 180 г., односно околностите за убиството на помладиот син на Филип V, Деметриј, се споменува и Пајонецот Дида кој бил и стратег на Пајонија;[254] но не знаеме кога Пајонија била организирана како стратегија.[255] Кон крајот на своето владеење, односно есента 183 г. Филип започнал програма на масовна преселба на населението, при што жители од долна Македонија, особено крајбрежните градови биле преселени во Пајонија, а пак на нивно место населил „Тракијци и барбари".[256] Целта на оваа политика несомнено била да се засили македонскиот елемент во Пајонија, а со тоа и безбедноста на границата кон Дарданија.[257] Веројатно како дел од овој проект била основана и Персеида, иако изразот на Ливиј не е доволно јасен, за да ни открие каде точно се наоѓал градот.[258]

Така, деталите за статусот и состојбата во Пајонија како дел од македонската држава остануваат нејасни, но и покрај тоа може да се донесат неколку заклучоци. Иако покорена, Пајонија не била интегрирана во македонската држава во потесна смисла на зборот – таа имала статус на стратегија, пајонските војници во војската на Антиго-

донска војна, туку уште повеќе и на римската психоза од евентуална инвазија од истокот. *cf.* Walbank 1940, 236ff.; Gruen, E. S. „The Last Years of Philip V". *GRBS* 15 (1974), 239; Hammond 1988, 468–71; Errington 1990, 209–12.

[253] Papazoglu 1969, 129–33.

[254] Изворите за Дида се собрани кај Le Bohec, S. „Les Philoi des Rois Antigonides". *REG* 98 (1985), 108 no.8; Tataki, A. B. *Macedonians abroad : a contribution to the prosopography of ancient Macedonia*. De Boccard, Paris (1998), 208. За убиството на Деметриј *v.* Edson, C. F. „Perseus and Demetrius". *HSCPh* 46 (1935), 191–202; Walbank, F. W. „ΦΙΛΙΠΠΟΣ ΤΡΑΓΩΙΔΟΥΜΕΝΟΣ. A Polybian Experiment". *JHS* 58 (1938), 55–68; Gruen 1974, 221–46; Пановски, С. „Смртта на Деметриј и римската пропаганда". *ГИНИ* 55.1–2 (2011), 39–51; Dreyer, B. „Frank Walbank's Philippos Tragoidoumenos: Polybius' Account of Philip's Last Years". In B. Gibson & T. Harrison (eds.). *Polybius and his world*. Oxford UP, Oxford (2013), 201–211.

[255] За пајонската стратегија Bengtson 1964, 339–45 (non vidi). Примерот со кариската стратегија што била организирана веднаш по освојувањата во 201 г. (Ma, J. *Antiochos III and the cities of Western Asia Minor*. Oxford UP, Oxford 1999, 77–81. *cf.* Walbank 1957–79, ii. 529–33), покажува дека и пајонската теоретски би можела да биде формирана во кој било период од владеењето на Филип V.

[256] Polyb., 23.10.4–11; Liv., 40.3.3–4. Walbank 1957–79, iii. 229–32; Briscoe 2008, 416–22.

[257] *pace* Walbank 1940, 243f.

[258] Liv., 39.53.14–16. Ливиј, кој тука го следи Полибиј, вели дека градот бил основан во Деврион – според него област во Пајонија, иако на друго место вели дека Стибера е дел од Пелагонија (31.39.4); со ова во одредена мера се согласува и Страбон (326–7C), кај кого Деврион не е дел од Пајонија, туку посебна област, што граничи со Пелагонија; на друго место пак, Страбон поставува равенство меѓу Пајонците и Пелагонците (7. fr.38). Едно од понудените решенија е *Paeoniam* да се емендира во *Pelagoniam*, но во тој случај мора да се претпостави грешка на двете места во текстот на Ливиј. Другата можност е дека во одреден период Пелагонија била сметана како дел од Пајонија, иако ова е спротивно на ономастичкиот материјал (Papazoglou, F. „Les stèles éphébiques de Stuberra." *Chiron* 18 (1988), 233–280), како и фактот што во изворите жителите на Деврион се прикажани како Македонци (*e.g.* Arr., *Ind.*, 18.6; *SEG* 35: 821). *v.* Walbank 1940, 243 n.1; Hammond 1988, 459; Cohen 1996, 99; Briscoe, J. *A Commentary on Livy, books 38–40*. Oxford UP, Oxford (2008), 403; Hatzopoulos 2020, 47f.

нидите биле групирани во сопствени единици,[259] а жителите на пајонските градови се идентификувале како Пајонци.[260] Можеби парадоксално, но интеграцијата на Пајонија започнала дури по падот на македонското кралство, кога била вклучена во поделбата на Македонија на четири мериди.[261]

ОДБРАНА ЛИТЕРАТУРА:

Archibald, Z. H. *The Odrysian Kingdom of Thrace: Orpheus Unmasked*. Clarendon Press, Oxford, (1998).

Berve, H. *Das Alexanderreich auf prosopographischer Grundlage*, 2 Bd. C.H. Beck'sche Verlagsbuchhandlung, München, (1926).

Битракова Грозданова, В. *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија*. Филозофски факултет, Скопје, (1987).

Bosworth, A. B. *Conquest and empire: the reign of Alexander the Great*. Cambridge UP, Cambridge, (1988).

_____. *The Legacy of Alexander: Politics, Warfare and Propaganda under the Successors*. Oxford UP, Oxford, (2002).

Bousquet, J. „Dropion, roi des Péones". *BCH* 76.1 (1952), 136-140.

Делев, П. *Лизимах*. УИ „Св. Климент Охридски", София (2004).

_____. *История на племената в Югозападна Тракия през I хил. пр. Хр*. УИ „Св. Климент Охридски", София (2014).

Ellis, J. R. *Philip II and Macedonian Imperialism*. Princeton UP, Princeton (1976).

Errington, R. M. *A History of Macedonia*. University of California Press, Berkeley – Los Angeles (1990).

Gaebel, R. E. *Cavalry operations in the ancient Greek world*. Univ. of Oklahoma Press, Norman (2002).

Hammond, N. G. L. *A History of Macedonia, volume I, Historical Geography and Prehistory*. Clarendon Press, Oxford (1972).

Hammond, N. G. L. & Griffith G. T. *A History of Macedonia, volume II, 550-336 B.C.* Clarendon Press, Oxford (1979).

Hammond, N. G. L. & Walbank, F. W. *A History of Macedonia, volume III, 336-167 B.C.* Clarendon Press, Oxford (1988).

Hatzopoulos, M. B. *Macedonian institutions under the kings*, vol. 1. National Hellenic Research Foundation, Athens, (1996).

_____. *Ancient Macedonia*. De Gruyter, Berlin (2020).

Heckel, W. *The Marshals of Alexander's Empire*. Routledge, London – New York, (1992).

_____. *Who's Who in the Age of Alexander the Great: Prosopography of Alexander's Empire*. Blackwell, Malden – Oxford, (2006).

_____. *Alexander's Marshals: A Study of the Makedonian Aristocracy and the Politics of Military Leadership*[2]. Routledge, London – New York, (2016).

Kuzmin, Y. N. „King Demetrius II of Macedon: In the Shadow of Father and Son". *ŽAnt* 69 (2019), 59-83.

Launey, M. *Recherches sur les armées hellénistiques*. De Boccard, Paris (1949).

[259] *v. бел.* 128.

[260] *e.g. BE* (1969), no.456.

[261] Hatzopoulos 2020, 41. За поделбата на Пајонија во склоп на македонските мериди, *v.* Papazoglou 1988, 69–71.

Le Bohec, S. *Antigone Dôsôn, roi de Macédoine*. Presses Univ. de Nancy, Nancy (1993).
Lévêque, P. *Pyrrhos*. De Boccard, Paris (1957).
Merker, I. L. "The Ancient Kingdom of Paionia". *Balkan Studies* 6.1 (1965), 35–54.
Nachtergael, G. *Les Galates en Grèce et les Sôtéria de Delphes. Recherches d'histoire et d'épigraphie hellénistiques*. Palais des académies, Bruxelles (1977).
Osborne, M. J. *Naturalization in Athens*, 4 vols. Palais der Academiën, Brussel (1981, 1982, 1983).
Papazoglu, F. *Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba*. Centar za balkanološka ispitivanja, Sarajevo, (1969).
_____. *Les villes de Macédoine a l'époque Romaine*. de Boccard, Paris (1988).
Павловска, Е. *Монетите на Пајонија од нумизматичка збирка на НБРМ*. Народна банка на РМ, Скопје, (2008).
Петрова, Е. *Пајонија во II и I миленuум пред н.е.* Македонска цивилизација, Скопје, (1999).
Pouilloux, J. „Dropion, roi des Péones". *BCH* 74.1 (1950), 22-32.
Проева, Н. *Студии за античките Македонци*. Macedonia Prima, Скопје, (1997).
Rhodes, P. J. & Osborne, R. *Greek historical inscriptions: 404—323 BC* (edited with introduction, translations, and commentaries). Oxford UP, Oxford, (2003).
Roisman, J. & Worthington, I. (eds.). *A Companion to Ancient Macedonia*. Wiley-Blackwell, Malden – Oxford, (2010).
Scholten, J. B. *The politics of plunder : Aitolians and their koinon in the early Hellenistic era, 279-217 B.C.* Univ. of California Press, Berkeley – Los Angeles (2000).
Sekunda, N. & Warry J. *Alexander the Great: His Armies and Campaigns 334-323 BC*. Osprey, London, (1998).
Tarn, W. W. *Antigonos Gonatas*. Clarendon Press, Oxford (1913).
Вујчић, Н. „Антигон Досон и околности оснивања Антигоније у Пеонији". *Зборник Матице Српске за класичне студије* 19 (2017), 117-130.
Walbank, F. W. *Philip V of Macedon*. Cambridge UP, Cambridge (1940).
_____. *A Historical Commentary on Polybius*, 3. vols. Clarendon Press, Oxford (1957, 1967, 1979).
Waterfield, R. *The Making of a King: Antigonus Gonatas of Macedon and the Greeks*. Univ. of Chicago Press, Chicago (2021).
Will E. *Histoire politique du monde hellénistique* (*323~30 av. J.-C.*)², t.1-2. Presses Univ. de Nancy, Nancy (1979, 1982).
Wright, N. L. "The Horseman and the Warrior: Paionia and Macedonia in the Fourth Century BC". *The Numismatic Chronicle* 172 (2012), 1-26.

ПОГРЕБНИТЕ РИТУАЛИ НА ПАЈОНСКИОТ ПРОСТОР ВО ПЕРИОДОТ НА ТРАНЗИЦИЈА ОД БРОНЗЕНОТО ВО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ

Александра Папазовска

Општествени и културни прилики на крајот на бронзеното време

Во последните две децении бројните археолошки истражувања со својата материјална култура дадоа голем придонес за соодветно претставување на периодот од крајот на XII, па сè до почетокот на X век пред н.е. Во тоа време, бил прекинат развојот на заедниците од бронзеното време и заедно со сите новини биле востановени новите критериуми на железното време во Р. Македонија.[1] Сите процеси кои се одвивале во овој период имаат големо значење за предисторијата на Балканот. Територијата на Р. Македонија, со своите географски и културни карактеристики, претставува специфичен и значаен регион кој ги поврзува различните културни појави и вредности од сите страни на Балканот.

Почетокот на доцното бронзено време во Р. Македонија се засновал на вредностите од локалното бронзено време, но истовремено и бил иницира од продорот на нови културни импулси од југ, од развиените култури на доцното бронзено време од егејскиот, односно микенскиот свет. Во областите на север од микенскиот свет, каде секако влегува и територијата на Р. Македонија, микенските центри со директни или индиректни влијанија имаат пресудно значење за развојот на културата на доцното бронзено време воопшто. Нотирајќи ја појавата на микенските елементи, во некои области (како што е случајот со Тесалија, Јужен Епир или пак Халкидики) можеме да констатираме дека јасно се издвојува нивна концентрација.[2] Евидентно е дека ширењето на овие елементи во внатрешноста на Балканот се одвивало главно по морски пат, но и по долините на поголемите пловни реки, кои директно или индиректно воделе до региони кои биле од особен интерес за микенската економија и трговија. Најзначајни комуникации по кои се одвивале овие културни релации биле долините на реките Шкумба, Девол и Осим[3] во денешна Албанија; по долината на Халијакмон (или Бистри-

[1] Митревски, Д. 1997, 26–70.

[2] Kilian, K.1985, Fig.3,465–7.

[3] Bejko, L. 2002, 9–14. Корчанско–колонскиот регион во југоисточна Албанија, до кој се стасувало по долината на реката Девол, па надоврзувајќи се на Шкумба и Осим, е мошне богат со разновидни минерали, особено со бакарна руда.

ца) во северозападна Грција;[4] по долината на реката Вардар во Р. Македонија,[5] како и по долината на реката Струма во Западна Тракија.[6]

Она што е важно за нашата територија е трасата на движење на микенските елементи од Халкидики и Солунскиот Залив, по долината Вардар на север сè до Скопскиот регион, кој пак е тесно поврзан со долината на Морава (потврда за ова се откриените микенски мечеви во Игларево на Косово).[7] Движејќи се по овие патишта на север, Микенците ги откривале регионите богати со руда, каде покрај рудата на многу лесен начин експлоатирале и дрво. Значајно е да се напомене дека сите овие региони биле надвор од било каква микенска интеграција, но претставуваат подрачја кои биле силно изложени на микенските влијанија, каде праисториските култури истовремено ги негувале и локалните бронзенодопски вредности. Се забележува еден мошне интересен феномен во сите споменати региони, добиен со компаративни анализи на микенските наоди: тоа е дека процесот на ширење на микенските елементи на север се одвивал низ неколку етапи, но неговата манифестација е единствена.[8] Така, на пример, веќе во текот на XIII век пред н.е., некои микенски искуства биле широко прифатени од локалното население и адаптирани на нивните потреби. Сево ова овозможило во одредени региони, како што се територијата на југоисточна Албанија или пак територијата по долината на реката Вардар, да се создадат специфични локални групи, каде заедничка манифестација се контактите, односно влијанијата од Егеското доцно бронзено време.[9]

Доцното бронзено време во Р. Македонија се манифестира со карактеристични белези на локалната материјална продукција, но и импортирани предмети добиени од малкуте истражени локалитети. Неговите почетоци би требало да ги поврземе со навлегувањето на првите микенски наоди на овој дел од Балканот.[10] Така, кон крајот на бронзеното време, долината на реката Вардар била широко отворена и непосредно поврзана со доцномикенскиот свет. Пробивот на микенските елементи кон север овозможуваат оваа долина за прв пат да добие значење на вистинска и главна комуникација од југ кон север на Балканот. Во овој период долж долината на реката Вардар се формирала локалната и многу силна култура на доцното бронзено време – Уланци со специфични карактеристики и вредности. Во основата на оваа културна група се сместени традиционалните вредности од крајот на бронзеното време. Тие го обележуваат доцното бронзено време како еден комплексен период во кој се забележуваат јасни економски, културни, па дури и етнички промени, особено манифестирани во начинот на погребување. Оваа група се формирала по долината на реката Вардар и нејзините притоки, во регион отворен кон северниот егејски брег и кон тамошните микенски колонии или трговски станици. Откриени се бројни наоѓалишта од оваа група, со

[4] Andreou S. and others, 1996, 567; Karamitrou–Mentessidi, G. 1989, Fig. 34. Во правец кон големите езера достасувале и микенските влијанија, кои што се ширеле од егејскиот брег, по долината на реката Халијакмон, сè до Костурското Езеро.

[5] Митревски, Д. 1997, 66–67.

[6] Valla, M. 2007, 360–372.

[7] Mitrevski, D. 1999, 789–796; Luci, K. 2007, 355, Fig. 21.

[8] Smit, D.W. 1989, 179.

[9] Митревски, Д. 2021, 98–105.

[10] Mitrevski, D. 2003, 11.

единствени културни белези, афирмирани во научната јавност како Повардарска или Уланци културна група на доцното бронзено време, според најекспонираното наоѓалиште во селото Уланци, близу Градско, со лоцирана населба на локалитетот Столот и некропола на локалитетот Димов Гроб.[11]

Крајот на доцното бронзено време во Р. Македонија генерално временски се поврзува и со бројни миграции и движења, кои делумно се поврзуваат и со влијанието што го имаат во уништувањето на микенската цивилизација, а кое секако зависи од повеќе фактори. Она што е интересно е дека после нејзиниот пад многу од микенските културни придобивки продолжиле да егзистираат и да се развиваат на север од нејзината палатна територија. Некои елементи, дури, претставуваат мошне важни елементи во генезата на новата железнодопска култура. Случките кои биле поврзани со постариот или т.н. прв бран на преселби не предизвикале позначајни и директни последици на овој дел на Балканот. На оваа територија не се откриени наоди од типот на средноевропско бронзено оружје (мечеви или копја), кои директно ќе посведочат за уништување на населбите од доцното бронзено време, ниту карактеристични форми на накит (како на пр. фибулата од типот пескиера). За разлика од првиот бран на преселби, помладите бранови на преселби и немири оставиле далеку повидливи последици, особено по долината на реката Вардар. Заедниците на територијата по долината на Вардар, освен контакти со југ, имале врски и со посеверните централнобалкански заедници. Така, во текот на доцното бронзено време, повеќевековната, релативно мирна бронзенодопска еволуција, во рамки на локалните групи, продолжила постепено да се развива под влијание на различни продори на култури, особено од север. Овие процеси, кои се одвивале главно во рамки на т.н. Големи Егејски Преселби, резултирале со настани добро познати во историјата на Југоисточна Европа. Тие оставиле далеку покрупни последици посебно по долината на реката Вардар, документирани со спалување на повеќеслојните бронзени населби – телови од долен Вардар, како Кастанас, Вардаровца и Вардино.[12]

Наодите кои ги среќаваме, а се поврзани со овие движења во Повардарието, Албанија и долж јадранскиот брег, ќе забележат поголема концентрација кон крајот на бронзеното време. Оваа појава зборува за тоа дека преселбите се одвивале главно по морски или воден пат. Продорите на заедниците од карпатскиот дунавски регион кон југ се одвивале преку Балкан, долж моравско-вардарската долина, а крајната дестинација на походите сепак била Грција, каде елементите од долнодунавските култури на доцното бронзено време учествувале во генезата на протогеометриската култура.[13]

Последиците од овие миграции долго време ќе се чувствуваат особено по долината на реката Вардар, како регион кој бил најмногу изложен на освојувачите од север. Една од главните последици од овие миграции биле намалената економска моќ, културната декаденција и одредени раселувања за време на првите векови од железното време, особено видливи во наоѓалиштата по долината на реката Вардар. Со овие миграции дошле многу нови балкански елементи, меѓу кои се појавиле и нови обичаи на

[11] Mitrevski, D. 1997, 26–70; Mitrevski, D. 2003, 46; Videski, Z. 2004.

[12] Митревски, Д. 1997, 27.

[13] Митревски, Д. 1997, 63.

погребувања со кремации во урни.[14] Најдобрата илустрација за ова време ја имаме во Кастанас, во слоевите 12 и 11, но исто така и на некои нови наоѓалишта – некрополи со кремации, како што се: Хиподром кај Скопје,[15] Мали Дол, с. Тремник,[16] и Палео Геникокастро - Килкис.[17] Кремациите во урни и другите наоди со северно потекло го докажуваат влијанието на новите северни популации од моравскиот регион во вардарската долина. Овие елементи останале како надворешна манифестација, која не оставила длабоки корени на оваа територија. Со новата култура на железно време сите овие елементи исчезнале. Во секој случај, по сите немирни настани за време на преодниот период, заедниците по долината на реката Вардар се чини дека немале доволна економска моќ, потреби и интереси за блиски контакти и врски со Егејот, како што беше случај во претходниот период. Но покрај сè, старите културни вредности од бронзеното време не биле заборавени. Во тој случај локалните заедници задржале некои главни белези на Егејското бронзено време. Многу од нив незабележително ќе се задржат во опкружувањето сè до крајот на железното време.

Развојот на заедниците од доцното бронзено време бил прекинат кон крајот на XII или на самиот почеток на XI век пред н.е., што е посведочено со неколкуте последователни бранови на миграции од север кон југ, кои претставувале главна причина за нејзиниот крај. На локалитетот Манастир – с. Чашка кај Велес ја имаме најдобрата илустрација за моментот на рушење на еден од најсилните пунктови во Повардарската или Уланци групата. Тоа е потврдено со присуството на бронзени секири – келтови, кои се издвојуваат како оружје на рушителите, карактеристично за областите на северен Балкан во XII век пред н.е.[18] Интересна за одбележување е и појавата на остатоци од нагорени човечки коски до кои е најдена една секира – келт, бронзена игла и висулец од камен (камен остреч) во слојот од пепел.[19] Според сиве овие податоци, истражувачот на овој локалитет, Т. Јовчевска, смета дека токму оваа појава укажува на податокот дека ова непристапно плато било користено како некропола, а мртвите биле погребувани со спалување. Меѓутоа, кога убаво ќе се разгледаат сите наведени податоци во монографијата за локалитетот Манастир,[20] сево ова наликува на една исклучителна појава, во која може да се забележи ексклузивна појава поврзана со рушителите на доцнобронзенодопската култура. Појавата на човечка индивидуа во рамки на еден рушевински населбински слој зборува за тоа дека покојникот настрадал за време на уништување на населбата.[21] Неговото тело не било погребано со соодветни погребни ритуали, ниту пак било третирано како погребување. Од друга страна пак, ова е мошне индикативен податок со кој се потврдува податокот за рушење на доцнобронзенодопските населби, а доказ за тоа е и присуството на бронзената секира – келт, оружје кое се

[14] Mitrevski, D. 2003, 51.

[15] Mitrevski, D. 1994,115–124.

[16] Папазовска, А. 2019, 121–152.

[17] Savopoulou, Th. 1988, 306–312; Savopoulou, Th. 1991, 21–230.

[18] Mitrevski, D. 2001, 19–22; Videski, Z. 2005–a, 91–113; Јовчевска, Т. 2008.

[19] Јовчевска, Т. 2008, 15.

[20] Сите податоци се преземени од објавениот материјал на авторот Јовчевска, која детално ја опишува откриената ситуацијата по квадрати.

[21] Оваа констатација можеме да ја потврдиме со отсуството на гробни форми. Авторот никаде во публикацијата не опишува поединечни гробови, ниту пак зборува за гробни форми.

врзува за севернобалканските заедници, носители на големите Егејски преселби. Во слојот од пепел во истиот квадрат биле пронајдени и два врва од стрели, кои укажуваат на елементи на опсада на населбата.

Рушењето на населбите од доцното бронзено време е најдобро воочливо и документирано во опожарените слоеви на долновардарските населби како Вардино, Вардарофца и Кастанас, каде во стратиграфијата биле констатирани четири последователни опожарувања и обновувања.[22]

Истовремено со прекинот на животот во населбите, била прекината и употребата на некрополите во рамки на т.н. Уланци група. Тоа е евидентно и во прекинот на дотогашниот ритуал на погребување со инхумација во згрчена положба, што се однесува барем долж долината на реката Вардар. Наспроти тоа се појавил нов ритуал на погребување со кремирање во урни.[23]

Погребни ритуали и практики

Со досегашните истражувања констатирани се неколку некрополи кои јасно го претставуваат токму крајот на бронзеното време и периодот на транзиција, т.е. преод во железното време. Најубав пример за крајот на Уланци групата, како и новините од транзициониот период ни дава некрополата на локалитетот Мали Дол во с. Тремник – Неготино каде се истражени 43 гробови со инхумирани покојници и 21 погребувања во урни,[24] кои заедно со Клучка, Хиподром кај Скопје претставуваат најдобро истражени некрополи со погребувања со кремации во урни. За културните манифестации на овој период придонесуваат и некрополите, или само поединечни погребувања, како тие во Ограда – Орешани кај Скопје,[25] тумулот од Стрновац кај Старо Нагоричане[26], Крива Бежанија – Штип, тумба Кравари и тумба Мецитлија кај Битола[27] (карта 1). Најдобро истражена некропола која ни дава мошне автентични и добро стратифицирани податоци по долината на реката Вардар е Палео Геникокастро кај Килкис со 370 погребувања.[28]

Некрополата Клучка кај Хиподром е од типот на рамни некрополи со спалени покојници, т.н. полиња со урни.[29] Истражувањата биле вршени на мал простор, на кој биле откриени 11 гроба. Гробната форма кај сите откриени погребувања била урна (амфоровиден керамички сад) покриена со капак (длабока здела), каде долната половина на садот била вкопана во плитка јама во земја (т.е. во глинестата здравица до рамото на садот). Најчесто горниот дел од урната бил заштитен со толоидна конструкција од редени речни камења. Кај неколку гробови воопшто не се среќаваат конструкции од камења, затоа што биле оштетени со подоцнежните погребувања. Гробовите биле ор-

[22] Hansel, B. 1989, pl.11–16; Hochstetter, A. 1984, 215–236.

[23] Mitrevski, D. 2003, 445–448.

[24] Ископувањата се вршени од страна на НУ Археолошкиот музеј на РС Македонија, а резултатите од ископувањата од 2009 и 2011година се објавени во: Папазовска, А. 2019, 121–152, а тука се презентерини резултати од целокупната теренска документација.

[25] Ристов, К. 1997, 153–174; Ристов, К. 2020.

[26] Станковски, Ј. 2008, 135–151.

[27] Mitrevski, D. 1997, 296–297, 301.

[28] Savopoulu, Th. 1988, 305–312; Savopoulu, Th.1991, 21–230.

[29] Митревски, Д. 1995, 71.

ганизирани во редови во правец североисток – југозапад или во конструкции кружно оградени со венец од крупни камења – белутрак и покриени со речни камења.[30] Спалувањето било вршено на посебни спалишта на некрополата. На некрополата Клучка било откриено едно спалиште со неправилна кружна форма во пречник од 2-3м со слој од пепел, гареж и ситни парчиња на јагленисано дрво со дебелина од 25-30см. Датирањето на некрополата е во периодот од крајот на XII – XI век пред н.е. Иако биле откриени само 11 гробови од оваа некропола, најверојатно се работи за поголема некропола, која што сведочи за извесно задржување на новодојденците во Скопскиот регион.



Карта 1. Некрополи од преодниот период на транзиција (XII–X век пред.н.е.)

За оваа појава најдобро сведоштво имаме на некрополатата Мали Дол (сл. 1) кај селото Тремник, близу Неготино каде археолошките ископувања се изведуваат во континуитет од 2009 година па сè до денес (сл. 2), при што се истражени вкупно 86 погребувања сместени во два хоризонта на погребување (план 1): постариот хоризонт следи континуитет на употреба од повеќе векови во праисторијата, односно од крајот на доцното бронзено време (XII–XI век пред н.е.) и преодот во раното железно време (X век пред н.е.) и помладиот хоризонт, кој е датиран во Средниот век (XI–XII век).[31]

Во постариот хоризонт можеме да забележиме две фази во погребувањето, и тоа, инхумации од типот на гробови-цисти вкопани од слој светлокафена глинеста земја, и погребувања во урни вкопани во здравицата. Се забележуваат големи оштетувања во првиот слој до длабочина од 30 см. во кој континуирано се вршат земјоделски активности. Некрополата била во употреба во еден поширок временски распон, при што одредени гробови биле реупотребени во Средниот век. Со досегашните ископувања

[30] Митревски, Д. 1995, 61–73.

[31] Резултатите од ископувањата од 2009 и 2011 година се објавени во: Папазовска, А. 2019, 121–152, а тука се презентирани резултати од целокупната теренска документација.

откриени се вкупно 70 погребувања, кои припаѓаат на некропола која датира кон крајот на бронзеното и почетокот на раното железно време. Станува збор за некропола од типот на рамни некрополи организирана во редови, а засега се документирани десет реда (план 1). Истражувањата се одвиваат на западната периферија на некрополата.[32] Југоисточниот дел од некрополата е под винови насади, но насекаде по површината има остатоци од растурени камени гробни конструкции (цисти или насип од камења) и фрагментирана керамика. Засега сè уште не може јасно да се дефинираат нејзините граници, на просторот околу виновите насади постојат бројни објекти за живеење, а земјиштето се користи за земјоделски активности, поради што континуирано се забележуваат одредени оштетувања.



План 1. План на некрополата Мали Дол

[32] Усни податоци за појавата на гробни конструкции во реонот добивме од сопствениците на нивите и куќите.

Генерално забележуваме биритуалност на некрополата и тоа погребувања со инхумација и погребувања со кремација. Кај инхумациите има погребувања со згрчена и пружена инхумација, а кремациите може да бидат слободни и кремации во урни. Гробните форми се претставени со пет типа, и тоа: конструкции на цисти (сл. 3, 5) направени од поголеми и помали камени плочи покриени со камен насип, јами (сл. 6) вкопани во здравицата со или без камен насип, урни со кремација (сл. 8), слободни погребувања (сл. 7) и лажни гробови – кенотафи.[33]

Каменатa конструкција – циста има поретка употреба кон крајот на XII век пред н.е со појавата на погребувања во урни, кога кај инхумациите почнува да доминира погребување во јама. Низ целиот период на транзиција урната ќе се среќава како доминантна гробна форма, и тоа низ целиот XI век пред н.е., а некаде дури и до почетокот на X век пред н.е., кога ќе излезе од употреба како резултат на стабилизацијата и формирањето на раножелезнодопските населби, каде доминираат погребувања со јами.

Камените конструкции – цисти биле направени од поголеми и помали камени плочи, наредени налик на комора и покриени со исти такви камени плочи, а дното било направено од набиена земја (сл. 3, 4, 5).

На локалитетот Мали Дол камените конструкции – цисти биле употребени како гробна форма за погребувањата на инхумираните покојници, кои датираат во втората половина на XII век пред н.е. Најверојатно сите камени конструкции имале насип од речни камења, налик на хумка, но кај некои погребувања не се сочувани. Кај повеќето гробови каде е сочуван насипот од камења забележуваме насипи дури со 6 или 8 реда, во висина од 1,20 м, а во должина од околу 2,30 м (сл. 10). Паралелно со цистите биле во употреба и јамите кои се вкопани исто како и цистите во здравицата. Покрај цистите паралелно со нив се употребува и јамата како гробна конструкција која има елипсовидна до правоаголна форма (сл. 11). Најчесто јамите немале никакви обележја, поретко на врвот на јамата биле поставувани неколку помали речни камења или камени плочи, а неколку примери имаме каде врз јамата има насип од камења – хумка како кај камените конструкции.

Најголем број од погребувањата на локалитетот Мали Дол во камени конструкции – цисти или јами се со згрчена инхумација (сл. 5, 12), при што покојниците се ориентирани во правец ЈЗ-СИ (со главата поставена секогаш поставена на југозапад).[34] Што се однесува до инхумираните покојници, сè уште се почитуваат правилата од Уланци културната група, каде жените се свртени на левата, а мажите на десната страна. Притоа можеме да констатираме повеќекратна употреба на цистите (сл. 13). Интересна е честата појава на положување на остеолошкиот материјал од примарното погребување врз кровната конструкција на гробот, при што посебно се внимавало на положбата на черепот покрај цистата или врз кровната плоча на гробот (сл.4). Постарите погребувања (доколку се повеќе од две) биле собрани и положени во цистата покрај нозете на покојникот, а само во еден пример гробната конструкција т.е. цистата била поделена на две комори, при што во помалата комора биле одделени скелетните остатоци од примарното погребување (сл. 14). Честопати има примери на истовремени двократни или трикратни погребувања кои може да се на деца, или возрасна индивидуа со деца.

[33] Папазовска, А. 2019, 122–126, план 2 и 3.

[34] Папазовска, А. 2019, 124.

Сл. 1. Мали Дол, поглед од Чаир Рид

Сл. 2. Мали Дол, истражување 2019 година

Сл. 3. Мали Дол, Гроб 81 - камена конструкција циста

Антрополошките анализи на остеолошкиот материјал од некрополата Мали Дол, направени од д-р Фаница Велјановска,[35] покажаа дека возраста на починатите е главно меѓу 40-50 години, деца на возраст до 10 години, еден јувенил, а поретко среќаваме возрасни индивидуи на возраст од 65 години. Скелетните остатоци се со динарска и динарско-медитеранска припадност, со што д-р Велјановска укажува на антрополошки сличности со покојниците од Димов Гроб – Уланци.

Крупни социјални, економски, културни, па дури и етнички проблеми се карактеристични за сите преодни периоди кои ги следеле крајот на бронзеното и почетокот на железното време. Овие промени неминовно се манифестирале и во начинот на погребување, и притоа како нивна последица во преодниот период се јавува употребата на двата основни ритуали на погребување, инхумирањето (како остаток од бронзеното време) и спалувањето (кое ќе се појави како новина во XI век пред н.е.). За спалувањето како ритуал на погребување, Драгослав Срејовиќ смета дека сите култури кои го познаваат, по својот карактер претставуваат култури од преодниот период. Спалувањето редовно се појавува во период на големи кризи, односно кога една култура преминува од еден квалитет во друг, во време на значајни промени на економски структури и продирање на нови средства за производство, како и некои значајни етнички поместувања. Секаде каде дошло до ненадејни промени или некој вид на културна еволуција се појавува спалувањето како нов ритуал на погребување. Тој се јавува како резултат на големата внатрешна вознемиреност на човекот пред појавите на надворешниот свет и стравот од сите нешта и настани кои го опкружуваат.[36]

Појавувањето на нови погребни ритуали се поврзани со нивото на религиозност и развојот на свеста. Така, за да се појави една нова форма на погребен ритуал, не е доволно само влијание од надвор, туку и внатрешна промена во колективната свест на заедницата. Оттаму влијанијата се претходно условени, и преставуваат последица, а не причина за појавувањето на спалувањето или кремацијата како гробен ритуал.

Носителите на нови погребни обичаи како што е кремација користат два типа на гробни форми, и тоа погребување во урна и слободна кремација. Такви се гробовите од некрополата Хиподром,[37] гробовите 1, 2 и 3 од тумул I и гроб 2 од некрополата

[35] Благодарност до д–р Фаница Велјановска за резултатите од атрополошките анализи добиени од теренските извештаи.

[36] Srejović D., 1959–1960, 109.

[37] Митревски, Д. 1995, 61–89.

Орешани,[38] како и гроб 20 од некрополата Мали Дол (сл. 7).[39] Кај овие погребувања не можеме да издвоиме јасна гробна конструкција. Станува збор за плитка јама, која речиси воопшто не се разликува од останатата структура во која се вкопани овие гробови, понекогаш оивичени со помали речни камења, оградени со камени плочи или со повеќе помали аморфни камења налик на толос.

Сл. 4. Мали Дол, истражување 2013 година

Во сите случаи урната е покриена со капак и положена во јама (сл. 8). Врз неа може да се наредени камења толосоидно (како што се гробовите од Хиподром) или пак се наредени речни камења како насип, како што е случајот со гробовите од Орешани, или пак обични јами ретко оивичени со по некој камен или покриени со камена плоча, како што се гробовите од некрополата во Мали Дол (сл. 15).[40] Во случајот на гробна форма што се среќава во Хиподром со толосоиден насип врз урната, камењата биле прстенесто редени, најчесто во три реда. Има и случаи каде е познато само положување на урната со покојникот, без капак во јама и без конструкција врз него. Врз ваквите гробови биле поставувани речни камења во вид на покривка, меѓу кои еден од камењата може да биде поставен над самата урна како маркер, за да ја одбележи нејзината позиција.[41]

Покојниците од некрополите со кремација најпрвин биле спалувани на спалиште заедно со гробните прилози каде гореле на силен оган, за што ни сведочат ситните остатоци од кремирањето и чистиот пепел и гареж во некрополата Клучка-

[38] Ристов, К. 2020, 56–58, сл.35, 36.

[39] Папазовска, А. 2019, 125, T.VI.

[40] Податоците од ископувањата се делумно публикувани и се преземени од теренската документација на НУ Археолошки музеј на РС Македонија. Papazovska, A. 2014, 11, fig. 5.

[41] Митревски, Д. 1995, 71–73.

Хиподром кај Скопје, датирана во XII–XI век пред н.е. Врз основа на слабата деформираност на коските, антрополозите заклучиле дека истите биле природно ладени односно биле оставани на спалиштето сè додека не биле потполно изладени.[42] Потоа биле собирани и грижливо миени најдобро сочуваните скелетни остатоци. Така исчистени од пепелта заедно со личните предмети и прилози биле ставани без никаков ред во керамички садови со амфоровидна форма одредени како урни. Како капаци за урните биле користени други садови, со широк отвор на работ на устието и кантаровидна форма. По правило урните биле полагани во јами, вкопани во здравицата, а во повеќето случаи околу нив биле формирани специјални заштитни конструкции од толоидно редени камења.

Ист е случајот и на некрополата во Мали Дол, каде може да се констатира дека кремацијата била вршена на друго место, за кое засега немаме податоци, а по кремирањето остатоците од остеолошкиот материјал биле исчистени и положени во еден керамички сад со амфоровидна форма – урна, која била покриена со голем отворен длабок сад со кантаровидна форма (сл. 16). Понекогаш на врвот на урната бил поставуван и аморфен камен со кој се затварала содржината на урната и потоа била покривана со длабоката здела.

Додека сите споменати гробови имаат гробна конструкција урна – амфоровиден сад покриена со капак – биконична длабока чинија, само еден гроб (гроб 3) од тумул I во Орешани и гроб 20 од Мали Дол среќаваме појава на слободна кремација (сл. 7), каде остатоците од покојникот биле положени во јама без гробна конструкција, а во случајот од Орешани кремираните остатоци биле покриени со капак – длабока чинија со пречник колку што е и јамата.[43] Во случајот од гроб 20 од Мали Дол исто се среќава бројна керамика положена врз кремираните остатоци на покојникот.

Употребата на унифициран тип на амфори (сл. 16, T. II. 1. 2) со биконична форма на телото или т.н. звонолики амфори, како урни за погребување, е резултат на спуштање на соодветните заедници од западен Балкан, од Доња Брњица и Параќин, а истата форма ја среќаваме дури до Аргос, Микена и Ханија на Крит во LHIIIC (каде што погребувањата кремации се јавуваат во два типа, во рамки на гробни комори – цисти или пак слободни под тумули) и генерално се датираат во XII век пред н.е., времето по уривањето на микенските палати.[44] Интересно е дека кремацијата како културен феномен се појавува насекаде во сферата на влијание на микенскиот свет и тоа токму по завршување на палатниот стил (односно пропаѓањето на микенските палати). Сето тоа говори за политичкиот и економскиот систем на заедниците на доцното бронзено време.

Сепак за потеклото на кремациите на територија на Македонија, најсилна и најблиска секако е врската со западен Балкан, главно со јужна Србија и Косово,[45] односно групата Доња Брњица (Граштица близу Приштина, Доња Тополница и Горња Стражава близу Прокупље, Врапче близу Лесковац и, секако, населбата Хисар близу Лесковац). Појавата на некрополите со урни во раното бронзено време во Киса или

[42] Митревски, Д. 1995, 72–76.
[43] Ристов, К. 2020, 58, сл. 36.
[44] Ruppenstein, F. 2013, 187.
[45] Alexandrov, S. – Petkov, V. – Ivanov, G. 2007, 379.

Поштаг, или спалувањето во тумули во западна Србија, не се предизвикани како влијание кое доаѓа отстрана, туку се резултат на немири и евентуално на етнички поместувања предизвикани од кризата која доаѓа со појавата на металот во локалните култури на Панонија, односно западна Србија.[46]

Посебно е интересна појавата на слободни кремации во рамки на гробна конструкција циста како што е случајот со гроб 11 и гроб 81 од некрополата Мали Дол. Досега сметавме дека се работи за два издвоени слоја во погребувањето, но согласно гробните прилози нивната датација е во XII век пред н.е., со што можеме да потврдиме дека егзистираат истовремено со инхумациите во камени цисти.

Појавата на двата ритуали на погребување истовремено не е ретка појава во микенскиот свет. Секако, интересно е дека нивното заедничко егзистирање на некрополата Мали Дол зборува за инкорпорирање на оваа популација со локалното население. Прерано е во овој степен на истраженост да донесуваме заклучоци за карактерот на ова население, за нивната улога во општеството, но секако тие се целосно инкорпорирани во заедничкиот живот. Друг податок кој оди во прилог на ова е појавата на кремирани покојници во рамки на камените конструкции цисти. Ваква појава често се среќава во егејскиот свет на доцното бронзено време LHIIIC.[47] Долго време сметавме дека ова се осамени примери на случајни наоди кои се дислоцирани, но затвореноста на гробовите како интактни гробни целини сè повеќе укажуваат и го потврдуваат овој факт.

Сл. 5. Мали Дол, Гроб 81а

Сл. 6. Мали Дол, Гроб 64

[46] Јовчевска, Т. 2008, 75.

[47] Ruppenstein, F. 2013, 187–188

Интересно е дека кај нас праксата на погребување со кремација ќе излезе од употреба од раното железно време, што е уште еден показ дека населението што го практикува овој ритуал на погребување доаѓа од надвор и се инкорпорира меѓу староседелците од доцното бронзено време, а потоа постепено изумира и, во текот на временски период од околу два века, ја напушта оваа пракса.

Истовременото практикување на овие два различни ритуали зборува за нестабилност во сферата на погребувањето, поточно за мешање на различни култури и етнички елементи, што е сосема логично ако се имаат предвид историските околности во овој дел од Балканот. Првиот впечаток во врска со гробните форми и обичаи е дека на целата територија на Р. Македонија постои доста голем степен на едноличност во рамките на основните погребни ритуали. Така, слични појави ги поврзуваат некрополите со спалени, но и единствени законитости важат за сите гробови со скелетни покојници.[48]

Генерално е прифатено дека погребувањата со кремации во егејскиот свет се донесени од Мала Азија. Доколку навистина Мала Азија беше изворот на инспирација за овие погребувања, тие ќе беа откриени во повеќе региони, од микенската културна сфера до Анадолија, а засега има само една позната некропола со кремации – Јалисос на Родос. Рајнхард Јунг и Оливер Дикинсон, од друга страна сметаат, дека кремациите сепак можеби доаѓаат како инспирација од контактите со италскиот свет (односно поморскиот пат).[49] Сепак, ситуацијата со погребувањето на просторот непосредно на север од Егејскиот свет јасно упатува на продор на кремацијата од Подунавјето кон континентална Грција, најповеќе по моравско-вардарската долина.[50]

Сл. 7. Мали Дол, гроб 20

[48] Митревски, Д. 1997, 27; Papazovska, A. 2014, 8–11.
[49] Jung, R. 2007, 229; Dickinson, O. 2006, 73.
[50] Митревски, Д. 2013, 192–193.

Материјална култура

Прилозите во гробовите на некрополата Мали Дол не биле бројни, но се застапени во секое погребување. Кај инхумираните покојници гробните прилози се положувани во гробот, но се среќава и фрагментирана керамика, како во гробот така и околу него, што најверојатно претставува дел од погребниот ритуал.

Што се однесува до керамиката која е најбројна, но и мошне репрезентативна, можеме да констатираме дека тоа се форми кои продолжуваат да живеат од бронзеното време со извесна редукција на истите. Монохромната керамика до втората половина на XII век пред н.е., т.е. до распаѓањето на доцнобронзенодопските заедници, забележува една константна традиција во нејзината изработка. Подоцна низ XI век пред н.е. не можеме да го потврдиме истото. Така, монохромната керамика од преодниот период има релативно лоша фактура, изработена од недоволно прочистена глина со примеси на ситен песок и мика, а површината на садот сè поретко била добро измазнета.

Монохромната керамика откриена во некрополите генерално има најизразена редукција, и тоа на неколку форми: кантарос, бокал и чаша, како омилени форми, но и поврзани со ритуалот на погребувањето. Интересно е да се забележи и појавата на амфората, која во овој период има масовна употреба како гробна форма – урна (Т. II. 1, 2), и секако длабоките чинии, биконични или со С профилација (Т. II. 4, 5).

Ретко е присуството на кујнска керамика на некрополите. Генерално станува збор за керамика со лоша фактура, порозна, со неквалитетно печење, како и со ограничен репертоар на декорирање, најчесто пластични аплицирани ленти декорирани со втиснувања со прсти или засеци со инструмент. На локалитетот Хиподром се забележуваат повеќе фрагменти на грнинја со груба фактура, со пластични ленти со отисоци од прсти.[51] Оваа манифестација секако била донесена од страна бидејќи ја нема во претходната култура на бронзеното време во Македонија. Таа е карактеристична за областите северно од Македонија, при што најблиски аналогии наоѓаме во постарите слоеви од населбата на Медијана кај Ниш.[52] Најдобра стратиграфска, а со тоа и хронолошка определба има на добро истражената населба на Кастанас, каде нивната најмасовна употреба е во слоевите 14б – 13, претставени без или со две рачки вертикално поставени.[53] Вакви типови на грнинја (неколку цели примероци, Т. I. 1, и повеќе фрагментарно сочувани) среќаваме на некрополата Мали Дол; тие се генерално поврзани со погребувањата во урни, но како материјал кој се среќава расфрлан околу погребувањата.

Трпезната керамика е претставена преку богат керамички репертоар на чаши, кантаровидни садови, бокали, чинии и амфорискоси, кои во случајот на употреба на некрополите се среќаваат како гробни прилози.

Чашите откриени на некрополата Мали Дол се чест гробен прилог кај погребувањата со инхумации; така чашата од гроб 10 (Т. I. 1)[54] според формата типолошки се датира на почетокот на XI пред н.е. Во Кастанас овој тип на чаши се среќаваат во слојот 10, кој се датира околу 1000 г. пред н.е.[55]

---

[51] Митревски, Д. 1995, 82, T.V.

[52] Митревски, Д. 1997, 52.

[53] Hochstetter, 1984, 71, Abb. 17.

[54] Папазовска, А. 2019, 129, кат.бр.30, T.III.3.

[55] Hochstetter, 1984, Tafel 119:3, Schicht 10.

Сл. 8. Мали Дол, Гроб 71

Сл. 9. Мали Дол, Гроб 69

Сл. 10. Мали Дол, Гроб 8

Сл. 11. Мали Дол, Гроб 74

Исто како чашите, така и кантаросите како една од најомилените керамички форми во продукцијата на доцното бронзено време многу често биле приложувани како гробни прилози во погребувањата. Во доцното бронзено време се појавува една варијанта со топчесто тело и зашилени врвови, која има широка и масовна употреба во заедниците на Уланци групата. Така, овој тип на кантарос претставува една од најзастапените форми на населбите Манастир,[56] Скопската тврдина,[57] Вардарски Рид[58] и некрополата Мали Дол[59] и др. кои секако се крајна манифестација на оваа група. Кантаросот (Т. I. 3) од гроб 9 од Мали Дол[60] претставува типичен примерок кој се среќава мошне често меѓу гробните прилози во погребувањата од доцното бронзено време (како што се и погребувањата од Димов Гроб, Уланци) – форма која е омилена во Уланци групата и се датира во LHIIIC. Во Кастанас оваа форма за прв пат се јавува во слојот 16 (околу 1300 г. пред н.е.),[61] но овој примерок најмногу соодветствува на кантаросите откриени во слојот 14b, т.е. по 1190г. пред н.е.[62] Она што е посебно интересно е дека овој тип на кантарос со зашилени рачки во различни варијанти го среќаваме како гробен прилог и кај гробовите со инхумации и со кремации.

Интересна е појавата на декорација со канелирање; така, кантаросот (Т. I. 4) од гроб 8 од истата некропола ја има истата форма, но декориран е со канелирање на најширокиот дел на стомакот.[63] Канелирањето претставува една од основните карактеристики и манифестации во декорирањето на керамиката, која ги отсликува културните белези на изгорените и разурнати слоеви од преодниот период, а подоцна и на раното железно време во повеќеслојните населби по долен Вардар (како Кастанас, Вардаровца, Вардина).[64]

Освен во монохромна варијанта, овој тип на кантароси ги среќаваме декорирани со мат боење, кое во основа било омилена појава во керамичката продукција на доцното бронзено време во групата Уланци.[65] Такви примероци се среќаваат по долината на реката Струма (на пр. Каменска Чука).[66] Во Кастанас овој тип на кантарос е застапен само со 5% и тоа со мат сликана декорација во слоевите 18 до 12, со најмасовно производство во слој 16–15.[67] На територија на Р. Македонија, овој тип на кантарос во голем процент се изработувал како монохромна варијанта и претставува карактеристичен белег на Уланци групата. Она што можеме да го констатираме со досегашните истражувања на некрополата Мали Дол е дека овој тип на кантароси по средината на XII век пред н.е. значително помалку се користи. Засега имаме само неколку примероци на оваа керамика, и тоа сите се надвор од гробните конструкции, што можеби

[56] Јовчевска, Т. 2008, 85; T.IV, T.V;
[57] Митревски, Д. 2016, 138, сл.202:3,4.
[58] Видевски, З. 2005, 98, T.VI. 6,7.
[59] Папазовска, А. 2019, 128.
[60] Папазовска, А. 2019, 128, кат.бр. 20.
[61] Hochstetter, A. 1984, Tafel 27,5; Schicht 16,5
[62] Hochstetter, A. 1984, Tafel 46,4; Schicht 14b.
[63] Папазовска, А. кат.бр. 19, T.I.1, T.XXI.6.
[64] Stefanovic, M. 1973.
[65] Видески, З. 2004; Видески, З. 2005, Т. II, 1.2; Митревски, Д. 2007, 443–450; Митревски, Д. 2015, 160, сл. 202.3–4; Станковски, Ј. 2008, 20.
[66] Stefanovic, M – Bankoff, A. 1998, 228.2; 299 fig. 26.
[67] Hochstetter, A. 1984, abb.3, typen 5, hankel 3; Taf.6–4, Taf.27–1,5; Taf.29,12; Taf.261,13.

укажува на податокот дека станува збор за постара керамика, која со помладите погребувања била извадена од контекст, т.е. од примарните погребувања.

Чиниите се ретко застапени помеѓу керамичкиот репертоар на некрополите, и тоа генерално фрагментирани примероци; нив ги среќаваме во слоевите 12–5 на Кастанас, кои се датираат 1150–700 година пред н.е.[68]

Една од највпечатливите форми, која се појавува на крајот на бронзеното време и во периодот на премин во железно време, секако се амфорите, на кои им се дава посебен акцент затоа што биле користени како урни за погребување. Во основа, тоа се амфоровидни садови од тип 1 урните од Доња Брница, форма која се среќава на сите локалитети од групата т.н. Доња Брњица – Горња Стражава, во најшироки територијални и хронолошки рамки.[69] Оваа форма се манифестира различно во различни региони, т.е. се јавуваат нејзини локални варијанти (со две држалки, со пластични додатоци, со купаста форма на врвот на држалките). На локалитетот Хиподром, овој тип на аморфни садови – урни имаат по четири крстесто распоредени држалки вертикално поставени на рамото, а поретко се среќаваат амфори со јазичести држалки (гроб 4) или хоризонтално поставени држалки (како во гроб 9).[70]

Сл. 12. Мали Дол, Гроб 28

Сл. 13. Мали Дол, Гроб 10

[68] Hochstetter, A. 1984, 92–93, Abb.22, 24.

[69] Srejovic, D. 1959–60, 115.

[70] Папазовска, А. кат.бр. 25, Т.XXII.1; Митревски, Д. 1995, Т.II.1, Т.III.3.

Оваа форма води потекло од средното бронзено време, како наследство на културните манифестации на групата Бубањ Хум III – Арменохори. Така, урните од Хиподром, Мали Дол, депото од Варош – Прилеп, како и примероците од повеќеслојните населби по долината на Вардар претставуваат производ на развој на формата од постарите типови од бронзеното време. Еволуцијата на оваа форма можеме да ја следиме низ стратиграфијата на повеќеслојните населби по долината на Вардар. Во Кастанас овој тип го среќаваме од слојот 18 до слојот 13 (XIV–XII век пред н.е.).[71]

Амфорите како форма ќе продолжат да се развиваат низ железното време, кога се јавуваат значајни новини во самата форма и декорација.[72]

Исто како и претходно споменатите амфори, амфорите со четири лентести држалки од некрополата Мали Дол, како и од Орешани, имаат северно потекло, и припаѓаат на типот 1 од Доња Брњица, односно тип 3е2 од Кастанас, која опстојува од слој 18 до слој 12, и се констатирани во најстарите слоеви од населбата Медијана кај Ниш.[73] Една ваква амфора беше откриена на скопската тврдина (сл. 17) во рамки на едно погребување во питос, како дел од гробен прилог.[74] Таа исто така содветствува на тип 3е2 од Кастанас, која опстојува од слој 18 до слој 12.[75] Вакви примероци се среќаваат и на некрополата Барч, каде биле декорирани со мат сликана боја. Во Вардаровца се среќаваат во слојот Ic со многу пофина фактура од овие северни примероци, и се датираат во периодот меѓу 1150–1050 г. пред н.е.[76] Оваа керамика, заедно со инкрустрираната керамика, доаѓа од Дунавскиот Басен.

Капаците за урни, т.е. широко отворените длабоки чинии со две држалки (Т. II. 3, 4, 5) во основа се сродни со капаците за урни од некрополите на групата Доња Брњица.[77] Многу често овие садови, како и урните, на врвот на држалките имаат пластични додатоци со конусна форма, како што е со примерот од Мали Дол[78] (Т. II. 5) и Орешани.[79] За разлика од овие, примероците од Хиподром имаат зарамнет врв налик на печурка, мотив кој ќе стане омилен во керамографијата на железното време. Многу често капаците за урни имаат S профилација на телото (Т. II. 4, 5) или скифосоидна форма (Т. II. 3), која што има потекло од доцномикенската керамика.

Она што посебно заслужува внимание кај керамичката продукција секако е керамиката со врежување и инкрустрација. Врежувањето како декорација е мошне препознатливо и доаѓа од север, омилено и често користено од заедниците во регионот на централен Балкан (поточно, Косово и Поморавјето). Украсувањето се вршело со инструмент, а биле изведувани главно геометриски и линеарни мотиви, како и нивни

---

[71] Hochstetter, A. 1984, 45, 47–48, Abb.9; Tafel 10:1, Schicht 18; Tafel 19:3, Schicht 16; Tafel 42:1, Schicht 14b; Tafel 50:2, Schicht 14b; или со хоризонтални рачки како во слој 13 – Tafel 67:2, Schicht 13.

[72] Вакви садови се среќаваат на некрополите од Куч и Зи, Пателi, Живојно, Судич и др. Митревски, Д. 1997, 47–48; Heurtly, W.A. 1939, Pl. XXIII Andrea, Zh. 1976, 35, 37, 41, V–a, b, XXVIII.

[73] Hochstetter, A.1984, 46–47, Abb.9; Митревски Д., 1997,52.

[74] Митревски, Д. 2016, 138–139, сл. 207, 208, сл. 209:1.

[75] Hochstetter, A.1984, 45, Abb. 9.

[76] Stefanovic, M. 1973.

[77] Srejovic, D. 1959–60,116, T.I–5.

[78] Папазовска, А. 2019, Т. XXI.3.

[79] Ristov, K., 2020, 95–96.

комбинации. Како посебна специфика се јавува техниката на инкрустрирање, каде во врежувањето била имплементирана бела боја.

На територијата на Р. Македонија бројноста на керамика декорирана со инкрустрација е мала. Така, на локалитетот Кофилак биле пронајдени неколку фрагменти на керамика декорирана со инкрустрација,[80] како и на населбата Манастир.[81]

Мотивите кои биле користени во изведување на декорацијата биле спирали и висечки триаголници, типични за доцното бронзено време по долното течение на Дунав, како и за некрополите со спалени покојници.

Помеѓу керамиката декорирана со инкрустрација најимпресивни примероци се кантаровидниот сад од гроб 9 во Хиподром и двата примероци од Мали Дол, од гроб 75 (Т. I. 6) и гроб 79.[82] Декорацијата била направена со врежување на линеарни мотиви: сноп на спирали, триаголници, ромбови и паралелни линии, исполнети со бела боја – инкрустрација. Вакви претстави на кантароси со топчеста форма, декорирани со инкрустрација, среќаваме во доцнобронзенодопскиот хоризонт на широкиот трансбалкански простор во рамки на културата Пловдив – Зимницеа или Церковина, датирани во периодот од XIV–XIII век пред н.е. Уште почесто се среќаваат и во источните делови на северна Грција, поточно на просторот помеѓу долна Струма и Места (Статмос, Агиста, Потами, Ексохи, Ксентриа на Тасос и др.).[83] Појавата на овој тип на садови во двата културни круга се поврзува со појавата на урни – амфоровидни биконични садови сродни со урните од Хиподром, како и со импортирана микенска керамика од LHIIIB и LHIIIC периодот.[84]

Како монохромната керамика, така и инкрустрираните примероци на топчести кантароси се појавуваат во слоевите од доцното бронзено време во Кастанас, Вардарофца, Вардино, Чаушица, Килиндир и др.[85] Ова се потврдува со инвентарот од двете куќи (*antenhausen* и *doppelraumhaus*) од слојот 14b во Кастанас кој се датира околу 1200 г. пред н.е., каде заедно се наоѓаат урни, инкрустрирана керамика, длабоки здели, како и фрагментирана импортирана доцно микенска керамика.[86]

Декорирањето на керамиката со инкрустрирање на локалитетите од јужниот Балкан се јавуваат како последица на влијанијата на заедниците по течението на реката Дунав меѓу устијата на реките Тиса, Драва, Жиул, Огоста и Искар, каде оваа керамика егзистира во периодот меѓу XV–XII век пред н.е. Нејзината појава на оваа територија е резултат на раселување на носителите на оваа култура кон југоисточна Европа и западна Мала Азија во XII век пред н.е.[87]

---

[80] Видески, З. 2005, 95, Т. II 7–10.

[81] Јовчевска, Т. 2008, 84, 97, Т. XVI–B; Т. XXIV–1. На фрагментот од бокал се повторува истиот декоративен мотив на висечки и шрафирани триаголници.

[82] Митревски, Д. 1997, 52, сл. 13:9. Предметите од Мали Дол се необјавени, а податоците се од архивата на НУ Археолошки музеј на РС Македонија.

[83] Koukouli – Chrissanthaki, Ch. 1982, 234.

[84] Grammenos, D. 1979, 70; Hansel, B. 1982, 275; Koukouli – Chrisanthaki, Ch.1982a, Abb.3, Abb.4, 127.

[85] Heurtly, W.A. 1939, 408, Fig.92; Hansel, B. – Hochstetter, A. 1986, 260.

[86] Hochctetter, A. 1984, Taf.39–50.

[87] Koukouli Chaido, Ch. 1982, 234.

Сл. 14. Мали Дол, Гроб 30

Во групата на монохромна керамика, не можеме да не ја споменеме канелираната керамика. Овој начин на декорирање исто така доаѓа од север, како омилен начин на декорирање кај заедниците во регионот на централен Балкан. Нејзината појава на територија на Р. Македонија е кон крајот на XII век пред н.е., а својa експанзија ќе доживее во железното време. Во оваа група доминираат чиниите со конусна форма на телото, со вовлечен и канелиран раб на устието. Тие претставуваат специфична и карактеристична појава во повеќеслојните населби од долното Повардарие, како Кастанас, Вардарофца, Вардино, Вардарски Рид и др.[88] Ваков тип на чинии се откриени во слојот II на населбата Медијана кај Ниш, чија датација е во периодот B/D – Ha/A1 според Рајнеке. Така, канелираната керамика од Хиподром хронолошки можеме да ја поврземе со канелираната керамика од Медијана II, датирана околу XII век пред н.е.[89] Интересно е дека оваа керамика изостанува на наоѓалиштата од групата на Доња Брњица во Косово и Санџак.

Канелирањето е нов елемент во декорацијата на керамиката и нејзината појава се врзува со северните продори во Долното Повардарие, при што се појавува во слоевите LHIIIB2 и LHIII околу 1200 г. пред н.е., со што ќе се означи и крајот на доцнобронзенодопските заедници и почетокот на железното време.

Канелираната керамика во рамки на керамографијата зазема значајно место во населбите од овој период, како четвртата населба (Кале IV) на Скопската тврдина,[90] четвртата населба на Вардарски Рид[91] и др. Оваа керамика е позната од постарите слоеви во Медијана кај Ниш (Медијана I и II) и некрополата Белегиш (Белегиш IIc),[92] што одговара на HaB според Реинеке, или 1000 г. пред н.е., а во Вардарофца се среќава од слојот IIb и во III (1150-1050г. пред н.е.). Кај нас најстарите засега познати примероци се откриени на некрополата Хиподром кај Скопје и неколку фрагменти од некрополата Мали Дол.

Накитот е слабо застапен во откриените гробови на презентираните некрополи од крајот на бронзеното време и почетокот на железното време. Најзастапени се иглите, наушниците и ѓерданите од стаклена паста.

---

[88] Папазовска Санев, А. 2009, 133–137. (магистерски труд – необјавено)

[89] Митревски, Д. 1995, 84, T.IV.

[90] Митревски, Д, 2016, 134;136 сл.195.5; 138 сл. 206.3; T.100 –2,4,5; T.103 – 6.

[91] Папазовска, А. 2005, 118, сл.3; 121, кат.бр.5, T.I.5.

[92] Garasanin, M. 1983, 761.

На локалитетот Мали Дол, меѓу откриениот накит најзастапени се иглите (Т. III. 1-7).[93] Засега се присутни четири типа на игли и тоа: со купаста, конична, кружна и дисковидна глава. Иглите со купаста глава (Т. III. 1) претставуваат чест наод во гробовите од уланечката културна група,[94] кои се среќаваат кај машките погребувања и тоа како дел од тоалетен сет, заедно со бронзен нож (Т. III. 1, 2) и камен остреч.[95] Овој тип припаѓа на типот I A3 според Скендер Алиу и е датиран во XIII–XII век пред н.е.[96] Иглите со конична глава (Т. III. 2, 4, 5) се застапени во две варијанти: со задебелување што одговара на тип Б-1 според И. Килиан Дилмаер и без задебелување.[97] Последниот тип на игли со дисковидна глава[98] (Т. III. 6) или уште познати како тип А4 според И. Килиан Дилмаер, ги среќаваме во најраните субмикенски погребувања во Вергина и тоа кај женските погребувања (истата појава ја среќаваме и кај погребувањата од некрополата Димов Гроб – Уланци), најчесто наоѓани во пар.

На веќе презентираните некрополи среќаваме само еден тип на обетки, т.е. наушници направени од бронзена жица навиена спирално во неколку навои (Т. V. 1). Овој тип на обетки е мошне честа појава кај женските погребувања на некрополата Димов Гроб – Уланци. Карактеристичен е за субмикенските погребувања, каде многу често биле изработувани од благородни материјали (злато и сребро),[99] но најчесто се наоѓаат примероци изработени од бронзена жица. Наушници од овој тип среќаваме на некрополата Мали Дол,[100] како и една наушница направена од бронзена жица, спирално навиена, од населбата Манастир.[101]

На некрополата Мали Дол се откри неколку интересни примероци на ѓердани. Првиот е изведен од мониста со кружна форма од стаклена паста со сина боја (Т. V. 2), а вториот е направен од комбинација на неколку типа на перли со различни димензии со жолта, бела и темнокафена боја од стаклена паста и коска (Т. V. 3). Ваков тип на накит среќаваме генерално на некрополите од LHIIIC.[102]

Оружјето е многу интересно за разгледување. Од една страна дава податоци за социјалниот и општествениот статус на тој што го поседува, но од друга страна зборува и за релациите со соседните заедници. Тоа посебно ја одразува деструктивната моќ на заедниците кои ги нападнале доцно бронзенодопските заедници по долината на реката Вардар. Генерално, зборува за освојувачките походи на северните заедници, кои ја уништиле културата на доцното бронзено време во Р. Македонија.

---

[93] Папазовска, А. 2019, Т. XXIII.1а–1ж.

[94] Папазовска, А. 2019, кат.бр.6, Т.IX.2, Т. XXIII.1ѓ и кат.бр. 7, Т.IX.3, Т. XXIII.1ѓ; Митревски, Д. 1995, 60–61, сл. 18; Videski, Z. 2007, 213, LVb–c; Видески, З. 2006, 86–90, сл.40.

[95] Videski, Z. 2007, 212–213.

[96] Aliu, S. 2007, 242.

[97] Папазовска, А. 2019, кат.бр.4, Т.IX.1;127, Т. XXIII.1г; Kilian–Dilmeier I., 1984, 66–68; Donder H., 1999, 94–95.

[98] Папазовска, А. 2019, кат.бр.1, Т. XXIII.1а и кат.бр. 2, Т. XV.1, Т. XXIII.1б.

[99] Bouzek, J. 1985, 170.

[100] Папазовска, А. 2019, кат.бр.11, Т.IV.1, Т. XXIII.2.

[101] Јовчевска, Т. 2008, 104,Т. XXVIIIs.

[102] Папазовска, А. 2019, кат.бр.9, Т. XXIII.3; кат.бр.10, Т. XXIII.10. На некрополата во Ајани во повеќе погребувања биле откриени стаклени перли: Karamitrou–Mendessidi, G., 2000, 601.

Сл. 15. Мали Дол, Гроб 78

Кај откриените ножеви од преодниот период можеме да забележиме влијанија кои доаѓаат од север, но и од југ. Така двата бронзени ножа од Манастир типолошки одговараат на Н-18 според Черних, застапени по среден Дунав и источните Алпи.[103] Тоа се ножеви кои имаат северно потекло, а се среќаваат и на некрополата Димов Гроб кај Уланци.[104] Влијанието на егејското бронзено време е мошне јасно воочливо кај трите бронзени ножеви од Мали Дол (Т. IV. 1-3).[105] Двете ножиња (Т. IV. 1, 2)[106] се откриени како дел од тоалетен сет. Ножот со нитни (Т. IV. 3) според Н. К. Сандарс е многу популарен тип во егејскиот свет и се среќава низ целиот период на доцното бронзено време (LH).[107] Датирањето на овој тип ножеви е во периодот помеѓу XIII-XII век пред н.е.[108] Вакви примероци се среќаваат и на некрополата Феа Петра.[109] Посебно се интересни двата примероци (Т. IV. 1, 2) без отвори за нитни на рачките. Во основа тие припаѓаат на типот Ia според класификацијата на Н. К. Сандарс, но се забележуваат нови елементи, како врежување на две паралелни линии на горниот дел од сечилото и закривена рачка. Со тоа, оваа група на ножеви ќе се одвои како локална варијанта на Уланци групата.[110]

Врвовите од копја се мошне ретко присутни меѓу движните наоди од транзиционот период. На локалитетот Манастир бил откриен еден врв од копје со пламенеста форма и две симетрични крила со тулец на кој бил прицврстен дрвениот дел од копјето (рачката).[111] Според формата овој тип на копје одговара на групата П-8, односно П-14 според Черних.[112] Ваков тип на копја биле пронајдени и на некрополите Горња Стражава и Доња Брњица каде се датирани во На А според Рајнеке односно 1200–1100 година п.н.е.[113]

[103] Јовчевска, Т. 2008, 102,Т. XXVII–4,5. Черных, Е.Н. 1978, 234, Таб. IV,13.
[104] Видески, З. 2004.
[105] Папазовска, А. 2019, Т. XXIII. 6, 7 и 9.
[106] Папазовска, А. 2019, Т. XXIII. 7 и 9.
[107] Sandars, N.K., 1955, 175.
[108] Aliu, S. 2007, 242. Овој тип припаѓа на типот I (A3) според Aliu.
[109] Valla, M., 2003, 370, fig.20; 1992, 581–585, каде го означува како тип I.
[110] Видески, З. 2006, 92.
[111] Јовчевска, Т. 2008, 100–101,Т. XXVII–2.
[112] Черных, Е.Н. 1978, 229, Таб. IV,12.
[113] Крстиќ, 1992, 238, 240, Т. VIII. 3,4; Срејовиќ, Д. 1959–60, 121, Т.125–6.

Исто како и врвовите од копја, меѓу оружјето од преодниот период ретко се среќаваат и примероци на врвови од стрела. На локалитетот Манастир откриени се два врва на стрела. Едниот примерок, со мали димензии со три крилца и извлечен трн, не е добро хронолошки и типолошки осетлив за паралели.[114] Најблиски аналогии има со еден примерок од Копривлен, кој е датиран според стрела пронајден во слој 15 во Кастанас, определен како тип 6б по Бухолц.[115] Другиот примерок, кој има поголеми димензии, има најблиски аналогии со сличен примерок од оставата кај Свилош, кој е датиран врз основа на останатите наоди на преминот од На А во На Б, односно околу 1100 година пред н.е.[116]

Коскената стрела од гроб 7 од некрополата Хиподром аналогно се поврзува со слични наоди, стратиграфски одлично определени во слоевите 16–11 на локалитетот Кастанас, т.е. поврзани со IV и V населба, од XIV–XI век пред н.е.[117]

Посебно место во категоријата на оружје заземаат бронзените секири – келтови. На локалитетот Манастир се откриени четири примероци на шупливо лиени секири од типот келтови. Двете секири со едно, односно две пластични ребра и една ушка според Черних припаѓаат на типот К-54, мошне распространет во Бугарија, југозападна Русија, јужна и источна Романија (Трансилванија), како и на територија на северозападна Србија.[118] Третата секира одговара на групата К-62 според Черних, а вакви примероци среќаваме на просторот околу Тиса, Сава и Драва, Трансилванија и југозападна Русија.[119] Четвртиот примерок одговара на групата К-56 според Черних, односно К-58 која се јавува како подгрупа.[120]

Сл. 16. Мали Дол, Гроб урна - 26

Најблиски паралели овој примерок има со секирата од оставата во Уровица.[121] Датирањето на овие предмети Гарашанин го поврзува со хоризонтот Уриу-Доманести, т.е. со најраната фаза на преодниот период на доцното бронзено време кон железно време, D според Рајнеке, односно LH IIIC (околу 1200–1100 година пред н.е.).

Помеѓу утилитарните предмети, посебно место заземаат машките тоалетни сетови, составени од камен остреч, бронзен нож и бронзена игла, кои имале функција на одржување на хигиената. На локалитетот Мали Дол беа откриени два тоалетни сета. Вакви примероци среќаваме и во машките гробови на некрополата Димов Гроб, како и

[114] Јовчевска, Т. 2008, 101, Т. XXVII–7.

[115] Hochstetter, A. 1987, 26, Taf.2.

[116] Јовчевска, Т. 2008, 100–101,Т. XXVII–8.

[117] Hochstetter, A. 1987, 60.

[118] Јовчевска, Т. 2008, 99–100, Т. XXV–1,3; Garasanin, M. 1954, Т. XXXVI,2; Черных, Е.Н. 1978, 200–203.

[119] Јовчевска, Т. 2008, 100, Т. XXV–2; Garasanin, M. 1954, Т. XXXV,6, Т. XXXVI,5; Черных, Е.Н. 1978, 200–203.

[120] Јовчевска, Т. 2008, 100, Т. XXV–4; Garasanin, M. 1954, Т. XVI,1, Т. XXXV,5; Черных, Е.Н. 1978, 200–203.

[121] Vasic, R. 1998, 192.

Сл. 17. Скопско Кале, @ Драги Митревски, Скопска Тврдина

во гроб бр. 7 во Хиподром.[122] Камениот острач хронолошки не е осетлив предмет, но зборува за непосредната поврзаност со подоцнежните, т.н. тоалетни реквизити од железното време, каде овие предмети најчесто се појавуваат во сет од камен острач, со железен брич и пинцета.[123] Оваа појава на тоалетен сет длабоко ќе се вкорени во материјалната култура на овие праисториски заедници, така што ќе опстои еден подолг временски период и ќе стане една важна карактеристика на машките погребувања во железното време, каде најчесто ќе се појавува камен острач со железен брич или нож.[124] Камени остручи среќаваме во хоризонтите 14b и 14a од доцното бронзено време во Кастанас.[125]

Завршни согледувања

Материјалната култура откриена на некрополите од крајот на бронзеното време и периодот на преод од бронзено во железно време мошне сликовито го илустрираат карактерот, културната и економската моќ на овие заедници пред нивниот распад, но и нивната егзистенција во перидот на транзиција. Појавата на предмети кои типолошки се карактеристични за севернобалканските култури во тоа време мошне јасно ја потврдуваат појавата на новите заедници, кои се јавуваат како нивни рушители.[126] Интересно е дека овие форми за првпат се јавуваат на територијата на Р. Македонија, односно немаат претходен развој. Потврда за бројните влијанија од северен и централен Балкан секако добиваме од археолошките наоди добиени од новиот тип на некрополи со кремации, како и во опожарените слоеви од населбите од доцното бронзено време по долен Вардар (Манастир, Столот, Кастанас, Вардино, Вардарофца и др.).[127]

Овие елементи ни ги откриваат причините за крајот на Повардарската или Уланци група, и се потврда за згаснување на животот во повеќе населби. Но, тие истовремено зборуваат и за ширењето на северни и централнобалкански културни елементи кон југ – поточно за импакт на ново население од север, по долината на Вардар кон Егеја[128] – кои неминовно било имплементирани во животот со локалното население, што пак е потврдено со некрополата Мали Дол.

Новите елементи, особено во керамиката (како инкрустрацијата и канелирањето) претставуваат новини како по долината на Вардар, така и на север по долината на

[122] Митревски, Д. 1995, 74; Видески, З. 2006, 85–86, сл.39; Mitrevski, D. 2006, 89, Fig.3.

[123] Митревски, Д. 1997,58–59.

[124] Митревски, Д. 1995,74

[125] Hochstetter, A. 1987, 53–55, Taf. 11, 6–9, Taf. 13, 5–10.

[126] Јовчевска, Т. 2008, Т. XXV–XXVII, 99–103.

[127] Митревски, Д. 2013, 192; Митревски, Д. 1997, 51–53.

[128] Митревски, Д. 2013, 192–193; Mitrevski, D. 2003, 20

Морава или во рамките на групата т.н. Доња Брњица.[129] Овие настани сигурно се случувале во рамки на одредени поширoки последователни движења, кои претставуваат културен продор кој се следи од областите на северен Балкан, преку територијата на т.н. група Доња Брњица, преку Повардарјето, па сè до Атика и Пелопонез, потврдено со предмети откриени над урнатините на микенските населби или во новите протогеометриски некрополи.[130] Овој продор мошне сликовито се манифестира преку воведување на новиот ритуал на погребување со кремација во урни, појавата на керамика декорирана со инкрустрација и со канелирање, со механички мазнета површина.[131] Наспроти тоа, присуството на микенскиот шлем, направен од заби од дива свиња, укажува на мобилниот карактер на таа култура на овие територии, но и за директните контакти на овие заедници со југот.[132]

Овие настани, исполнети со мобилни деструкции, етнички и културни движења во текот на XII и XI век пред н.е. не предизвикале суштински демографски промени во Македонија.[133] Појавата на погребување со кремација најевидентно го претставува доаѓањето на нови заедници од север, кои со себе ги донеле своите традиции и верувања и истите продолжиле да ги негуваат во новата земја меѓу локалното население од доцното бронзено време. Кремацијата на територијата на Р. Македонија не траела долго; со востановувањето на културата на железното време, таа била целосно напуштена, или пак изумрела со исчезнување на носителите на тие вредности, а продолжил да егзистира стариот обичај на погребување со инхумација во гробови цисти, како единствен начин на погребување низ целото железно време.[134]

Како и да е, овие случувања оставиле директни последици врз идниот културно-економски развој на Македонија. Со прекинот на дотогашниот бронзенодопски развој, за сметка на востановените контакти со Егејскиот свет, и со новите релации со северните балкански области, ќе се формира новата железнодопска култура во Р. Македонија.[135] Во текот на железното време, Македонија културно повеќе ќе биде свртена кон внатрешноста на Балканот, отколку кон Егеја, негувајќи ги централнобалканските културни вредности и критериуми.

Со ваквата состојба на ослабени економски и културни вредности, во раното железно време ќе се забележи и културна декаденција и опадната економска моќ како директна последица на претходните немирни времиња. Ова е особено изразено со неспорната депопулација, или редуциран интензитет на живеење, долж долината на реката Вардар, каде дури кон средината на VIII век пред н.е. ќе се обезбеди вистинска економска и културна стабилизација.[136]

Оттука, раното железно време се истакнува како клучна етапа во развојот на првите историски заедници. Она што е евидентно се непрекинатиот развој и јасно

---

[129] Tasic N. 2003, 44; Luci, K. 2007, 353.

[130] Garasanin, M. 1954; Bouzek, J. 1969 ; Stefanovich M.1973; Diamond 1988; Franch E. B. 1989,39–43

[131] Garasanin, M.1954; Franch E. B. and Rutter J. 1977; Catling H.W. 1981, 71–82

[132] Mitrevski, D. 2007, 448, fig. 6.

[133] Mitrevski, D. 2007, 449.

[134] Митревски, Д. 1997, 81; Papazovska, A. 2014, 13.

[135] Mitrevski, D. 2007, 448–449.

[136] Митревски, Д. 1997, 71–72.

издвоениот културен континуитет од доцното бронзено време (XIII–XII век пред н.е.), преку периодот на транзиција и раното железно време, сè до крајот на железното време, односно VI век пред н.е. Сите елементи во материјалната култура јасно упатуваат на пајонските заедници како носители на културата на железното време во Македонија, посведочени од Хомер, преку Херодот, токму на оваа територија.

ЛИТЕРАТУРА:

Aliu, S. 2004. Tuma e Luarasit. Tiranë 2004

Andrea Zh., 1976. Le civilization des tumuli basin de Korces. *Iliria IV/1*. Tiranë 1976

Andrea Zh., 1985. Kultura Ilire e Tumave në Pellgun e Korçës. Tiranë 1985

Andreu, S. - Fotiadis, M.–Kotsakis, K., 1996. Review of Aegean prehistory V: Neolithic and Bronze Age of Northern Greece. *American Journal of Archaeology 100*, 1996, 537-598.

Alexandrov, S. - Petkov, V.–Ivanov, G. 2007. The Late Bronze Age Necropolis in the town of Sandanski, Southwest Bulgaria. *The Struma/Strymon river valley in prehistory, Proceeding of the International Symposium Strymon Praehistoricus*. Sofia 2007. 373-387.

Bejko, L. 2002. Mycenaean presence and influence in Albania along East Adriatic coast. In: *Cambi, N., Cace, S. and Kirigin, B., Greek Influence on the East Adriatic Coast*. Split: Knjizevni krug 2002, 9-24.

Bouzek, J. 1969. Homerisches Griechenland, Universita Karlova. Praha 1969

Valla, M. 2007. A Late Bronze Age Cemetery in Faia Petra, East of the Middle Strymon Valley. *The Struma /Strymon river valley in prehistory, Proceeding of the International Symposium Strymon Praehistoricus.* Sofia 2007, 359-372.

Vasic, R. 1998. Ein Beitrag zu den Dopelnadeln im Balkanraum. Pzaehistorische Zeitschrift. 57/2, Berlin 1982.

Bouzek, J. 1985. The Aegean, Anadolia and Europe: cultural interrelations in the second millennium, (*Studies in Mediterranean archaeology, 29.*) Göteborg, Praha 1985

Видески, З. 2004. Доцно бронзенодопска некропола Димов Гроб–Уланци, магистратура, необјавено

Видески, З. 2005. Бронзеното време на Вардарски Рид. *Вардарски Рид Том. I.* Фондација Вардарски Рид и Институт за историја на уметност и археологија-Филозофски Факултет. Скопје 2005, 91–114.

Видески, З. 2006. Мат сликана керамика од доцнобронзенодопската некропола Димов Гроб, с. Уланци–Градско, *Folia Archaeologica Balkanica I,* Институт за историја на уметност и археологија. Филозофски Факултет, Скопје 2006, 63–74.

Videski, Z. 2007. Mycenean influences in the FYRO Macedonia, Beatween the Aegean and Baltic Seas, Prehistory across borders, *Proceeding of the International Conference, Bronze and Early Iron Age Interconnections and Conteporary Developments between the Aegean and the Regions of the Balkan Peninsula, Central and Eastern Europe.* University of Zagreb. 11-14 April 2005. 211–214.

Grammenos, D., 1979. Late Bronze Age Tombs and other Antiquities in the Region of Nevrokopi Dramas, *Archeologiki Ephemeris* 1979, 26-71.

Garasanin M., 1954. Schaftlochacte aus Kupfer in der Sammlungen serbischen Museen, Bericht der Romisch–Germanischen Komission, 1954

Dickinson, O. 2006. The Aegean from Bronze Age to Iron Age. *Continuity and Change between Twelfth and Eighth Centuries BC,* London 2006.

Donder H., 1999. Pin-Types of the Late Helladic and the Early Iron Age in North and Central Greece. In: *H periphereia tou mykenaïkou kosmou* (*A' Diethnes Diepistemoniko Symposio, Lamia, 25-29 Septembriou 1994*) (Lamia 1999) 91-98.

Diamond, S. 1988. Mycenaean origins: Infiltration from the North? In: E.B. French, K.A.Wardle (eds.). Problems in Greek prehistory. *Papers presented at the centenary conference of the Brithish School of Archaeology at Athens, Manchester*, April 1986 (Bristol 1988), 153-159.

Franch E. B. and Rutter J. 1977. The Handmade Burnished Warevof the LHIIIC Period, *American Journal of Archaeology 81*, Boston 1977, 17-32.

Franch E. B. 1989. Possible Northern intrusion at Mycenae, Thracians and the Mycenaeans, Laiden–Sofia 1989, 39-52.

Catling H.W. 1981. Barbarian pottery from the Mycenaean settlement at Menelaion, Sparta, *Brithish School of Athens 76,* Athens 1981, 71-82.

Hansel B.–Hochstetter A., 1986. Die Stratigrafie von Kastanas, Datierungshiete fur Funde aus dem Crna Reka Einzungsgebiet, Зборник посветен на Б. Бабиќ, Прилеп 1986, 255-262.

Hansel B., 1989. Die Grabung und der Baubefund, Ausgrabungen in einem Siedungshugel der Bronze und Eisenzeit Makedoniens (1975-1979), *Präh. Archaeologie in Sudosteuropa, 7.2*, Berlin 1989

Heurtly W.A., 1939. Prehistoric Macedonia, Cambrige 1939

Hochstetter A., 1984. Kastanas. Die Handgemachte Keramik. *Prähistorische Archaeologie in Sudosteuropa, Band 3*, Berlin 1984

Hochstetter A., 1987. Kastanas. Die Kleinefunde. *Prahistoriche Archaeologie in Sudosteuropa, Band 6.* Berlin 1987

Јовчевска, Т. 2008. Манастир, Некропола од преодниот период од доцно бронзено во железно време, Велес 2008

Jung, R. 2006. Woher komen die Brandbestattungen der spatbronzezeitlichen Agais? In: I. Galanaki, H. Tomas, Y. Galanakis, R. Laffineurer (eds.) Between the Aegean and Baltic Seas. Prehistory across Borders. *Proceeding of the International Conference, Bronze and Early Iron Age Interconnections and Contemporary Developments between the Aegean and the Regions of the Balkan Peninsula, Central and Eastern Europe, University of Zagreb*, 11-14 April 2005, 215–230.

Luci, K. 2007. Dating the Donja Brnjica Culture Based on Metal Finds, East of the Middle Strymon Valley. *The Struma/Strymon river valley in prehistory, Proceeding of the International Symposium Strymon Praehistoricus*. Sofia 2007. 347-358.

Karamitrou–Mentesidi, Georgia. 1989. Apo tin anaskafiki erevna tis Aiani, *To Arheologiko ergo sti Makedonia kai Thraki*. Thessaloniki 1989.

Kilian, K. 1975. Trachtzubehör der Eisenzeit zwitschen Agäis und Adria. *Prähistorische Zeitschrift 50*. Berlin 1975

Kilian-Dilmeier I., 1984. Nadeln der Frühhelladischen bis archaischen Zeit von Peloponnes. *Prähistorische Bronze Funde XIII/8*. München 1984, 66-68;

Koukouli–Chrissanthaki, Ch. 1982. Late Bronze Age in Eastern Macedonia. *Thracia Paehistorica Pulpudeva 3.* Sofija 1982, 234

Koukouli–Chrysanthaki Ch., 1982a. Die Fruhe Eisenzeit auf Thasos, Sudosteuropa zwischen 1600 und 1000 V, Chr. *Prähistorische Archäologie in Südosteuropa Band 1*. Berlin 1982

Koukouli Chado Ch. 1982. Late Bronze Age in Eastern Macedonia, *Thracia Praehistorica Pulpudeva 3*, Sofia 1982

Крстиќ, Д. 1992. Праисториске некрополе у Доњој Стражави. *Зборник Народног Музеја XIV-1.* Београд 1992

Mitrevski, D. 1994. A Brnjica Type Necropolis near Skopje. *Starinar XLIII-XLIV/1992-1993*. Beograd 1994..

Mitrevski D., 1994. Northern elements regarding the Iron Age culture in Macedonia. Culture et Civilisation au Bas Danube XIII–XIV. Braila 1994.

Митревски, Д. 1995. Праисториската некропла „Клучка Хиподром" кај Скопје. *Зборник на Музеј на Македонија* (*Археологија*) *н.с.бр.1*. Скопје 1995, 61-89.

Митревски, Д. 1997. Протоисториските заедници во Македонија–преку погребувањето и погребните манифестации. Скопје 1997

Mitrevski, D. 1999. The spreading of the Mycenaean culture through the Vardar valley. *Ancient Macedonia VI, T-2.* Thessaloniki 1999, 789-796.

Mitrevski, Dragi. 2003. Prehistory in Republic of Macedonia–F.Y.R.O.M. In: Recent research in the Prehistory of the Balkans. *Publ. of the Arch. Institute of Northern Greece 3*. Thessaloniki 2003, 13–72.

Mitrevski D., 2006. Genesis of the Iron Age Culture in Macedonia, *Folia Archaeologica Balkanica I.* In Honorem Vera Bitrakova Grozdanova. Skopje 2006. 85–96.

Mitrevski, D. 2007. The Beginning of the Iron Age in Macedonia. *The Struma/Strymon river valley in prehistory, Proceeding of the International Symposium Strymon Praehistoricus. Sofia 2007.* 443-450.

Митревски, Д. 2013. Праисторискиот период во Република Македонија: Праисторија на Република Македонија (археологија). *In: Македонија: миленијумски културно-историски факти.* Медиа Принт & Универзитет Евро–Балкан, Скопје (2013), 83-266.

Митревски, Д. 2015. Скопско Кале, Книга 1, од праисторија до раната антика, Скопје 2015

Митревски Д,, 2021. На север од егејскиот Свет, Македоника, Литера, Скопје 2021.

Папазовска, А. 2005. Слоеви од железното време на Вардарски Рид, *Вардарски Рид Том. I.* Фондација Вардарски Рид и Институт за историја на уметност и археологија-Филозофски Факултет, Скопје 2005, 115–157.

Папазовска Санев А. 2009. Керамика од железното време по долината на Вардар (од XI до VI век пред н.е.). Институт за историја на уметност и археологија, Филозофски Факултет, магистерски труд, необјавено

Papazovska, A. 2014. Funerary practices in the Early Iron Age in Macedonia, *Nova anticka Duklja V*, Muzej i galerije Podgorice, Podgorica 2014, 7-18.

Папазовска, А. 2015. Раното железното време во Република Македонија. Институт за историја на уметност и археологија, Филозофски Факултет, докторска десертација, необјавено

Папазовска, А. 2019. „Мали Дол–праисториска некропола кај селото Тремник, Неготино". *Macedoniae Acta Archaeologica 21.* Скопје (2019), 121-152.

Ристов, К. 1997. Повеќеслојна некропола Село кај с. Орешани, скопско, *Културно Наследство 22-23*, Скопје 1997, 153-174.

Ристов, К. 2020. Железно време во скопскиот регион, преку наодите од некрополите Варвара и Орешани, Музеј на град Скопје, 2020.

Rey L., 1932. Bohemica. *Albania IV*. Pariz 1932.

Ruppenstein, F. 2013. Cremation burials in Greece from the Late Bronze Age to the Early Iron Age: continuity or change? *In: Cremation burials in the region between the Middle Danube and the Aegean, 1300-750BC, Proceedings of the international symposium held at the Austrian Academy of Sciences at Vienna, February 11-12,2010*, Vienna 2013, 185-196.

Sandaras, N.K. 1955. The Antiquity of the One–edged Bronze Knife in the Aegean, *Proceedings of the Prehistoric Society 21*, 1955, 174-197.

Savopoulou Th., 1988. An early Iron Age cemetery at Palio Gynaikokastro of Kilkis, *To Arheologiko ergo sti Makedonia kai Thraki 1*, Thessaloniki 1988, 305-312.

Savopoulou Th., 1991. New evidence from cemetery of Palio Gynaikokastro. *To Arheologiko ergo sti Makedonia kai Thraki 2*, Thessaloniki (1988), 21-230.

Smit, D.W. 1989. Mycenaean Penetration into Northern Greece, Thracians and Mycenaeans, Leiden/Sofia, 1989.

Станковски Ј., 2008. Тумулот I од тумуларната некропола кај селото Стрновац, општина Старо Нагоричане, *Macedonia Acta Archaeologica* 18. Скопје 1999, 135–151.

Stefanovich, M. 1973. Some Balkan Elements in the Aegean Migrations. *Actes du VIII congress UISPP/Actes III* (*Beograd 1973*).

Stefanovich M. - Bankoff A., 1998. Kamenska Cuka 1993-1995. Preliminary report. In: M. Stefanovich, H. Todorova, H. Hauptmann (eds.). *In the steps of James Harvey Gaul vol.1.* James Harvey Gaul: In Memoriam, Sofia 1998, 255-338.

Srejović, D. 1959-1960. Praistorijska nekropola u Donjoj Brnjici, *Glasnik Muzeja Kosova i Metohije IV-V*, Priština 1959-60.

Tasić, N. 2003. Serbian Prehistory Archaeology in the 1990s. *Resent research in the Prehystory of the Balkans*, Thessaloniki 2003, 73-128.

Черньих, Е.Н. 1978. Горное дело и металлургия в древнейшей Болгарии, БАН Археологически институт, София 1978.

Т. I

Гробни прилози од некрополата Мали Дол, с. Тремник - Неготино:
1. Грне (вонгробен наод); 2. Чаша (Сонда 2.7.4, гроб 10); 3. Кантарос (Сонда 2.5.1, гроб 9);
4. Кантарос (Сонда 1.4.1, гроб 8); 5. Кантарос (вонгробен наод); 6. Кантарос (гроб 75).

Т. II

Гробни прилози од некрополата Мали Дол, с. Тремник - Неготино:
1. Амфоровиден сад – урна (гроб 27); 2. Амфоровиден сад – урна (гроб 26);
3. Кантарос – капак за урна (гроб 26); 4. Кантарос – капак за урна (вонгробен наод);
5. Кантарос – капак за урна (гроб 27).

Т. III



Гробни прилози од некрополата Мали Дол, с. Тремник - Неготино:
1. Пар игли (гроб 29); 2. Игла (гроб 20); 3. Игла (гроб 30); 4. Игла (вонгробен наод);
5. Игла (вонгробен наод); 6 Игла (гроб 28); 7. Игла (гроб 16).

Т. IV

1

2

3

Гробни прилози од некрополата Мали Дол, с. Тремник - Неготино:
1. Нож (гроб 16); 2. Нож (гроб 9); 3. Нож (гроб 28).

Т. V

Гробни прилози од некрополата Мали Дол, с. Тремник - Неготино:
1. Пар обетки (гроб 11); 2. Ѓердан од стакло (гроб 10);
3. Ѓердан од коска, килибар и стакло (гроб 30).

ПАЈОНСКАТА КУЛТУРА: ГЕНЕЗА И РАЗВОЈ

Драги Митревски

За културните белези на еден народ, посебно на некој од палеобалканските народи може да се зборува единствено кога е цврсто дефинирана неговата територија и време, но и кога имаме доволно препознатливи остатоци од неговото материјално и духовно суштествување на таа територија, во тоа време.

Во случајот со Пајонците како еден од најстарите палеобалкански народи, ситуацијата е прилично извесна, бидејќи од Хомер до Херодот единствени се историските записи за пајонската територија и пајонското време. Со други зборови, неспорно е дека во периодот од XIII до V век пр. Хр., долината на Вардар ја имаме како централно пајонско подрачје, а регионите на запад и исток, по долините на Црна Река и Брегалница – како територии на простирање на пајонските племиња.

Доколку Хомер ги опишува настаните од доцното бронзено доба, каде пајонските заедници се јавуваат како сериозен фактор во тие настани – поточно, како организирана воена сила – тогаш почетокот на нивното етно-културно формирање треба да се бара порано, во текот на бронзеното доба. Од друга страна, записите на Херодот за простирањето на пајонските племиња, сè уште на истата територија, го експонира периодот на железното доба како време на конечно и целосно формирање на пајонскиот народ, со своја препознатлива култура и непрекинат културен развој, до формирањето на државата на т.н. независни Пајонци. Во секој случај, постоењето на Пајонците и нивното значајно место и улога во протоисториското развој на Балканот е неспорен историски факт. Прашање е само – колку, и по што, може да се препознае и детерминира нивната култура.

Со оглед на долгиот културен развој на пајонските заедници на истата територија, за очекување е тие да создале и развиле силни и доволно препознатливи културни вредности. Во секој случај, повеќе не е прифатливо мислењето, изнесено уште пред педесетина години од еминентниот историчар Н. Џ. Л. Хамонд, дека Пајонците не оставиле нешто препознатливо нивно.[1] Напротив, во изминатите децении, со интензивирањето на археолошките истражувања на бронзеното и посебно на железното време, на пајонската територија се откриени бројни нови моменти, кои значително го менуваат таквото сфаќање и експонираат силна пајонска култура со неспорен, континуиран развој низ целото бронзено и железно време. Во таа смисла, севкупниот културен развој на пајонските заедници може да се следи низ три основни фази, или низ а) ра-

[1] Hammond N. G. L. 1972, 295.

ното и средно бронзено време – како *прапајонска фаза*, б) доцното бронзено време – како *протопајонска фаза* и в) железното време – како *пајонска фаза*.

Низ истите развојни фази како Пајонците минувале и сите други палеобалкански народи, до нивното конечно организирање во првите политички заедници или првите монархии на тој простор. Патот што пајонските заедници го изминале до нивното организирање во рамките на античка Македонија или до формирањето на т.н. држава на независните Пајонци претставувал перманентен културен развој низ бронзеното и железното време. На тој пат, тие секогаш ги одржувале и ги негувале своите традиционални вредности, но и прифаќале и адаптирале на своите потреби низа влијанија и елементи од различни страни во различно време, сè до формирањето на цврста и препознатлива пајонска култура како неопходна основа за нивното етничко и политичко обединување и организирање.

Рано- и среднобронзенодопски развој: прапајонска фаза

Во текот на првата фаза на раното и средно бронзено доба, или од последните векови на III до втората половина на II милениум, се случувало стабилизирање на новите индоевропски заедници во внатрешноста на Балканот. Меѓу нив, и заедниците на територијата што подоцна ќе се афирмира како пајонска, го започнале својот културен и историски развој. Низ таа прва етапа, сите заедници од албанскиот брег на Јадранското море до Црноморскиот брег на исток минувале низ исти културни процеси и развиле, во основа, единствени културни вредности.[2] Сите биле културно свртени кон север и органски поврзани со северен Балкан и долното Подунавје, без позначајни влијанија од југ, поради што во науката се зборува за единствен простор, често именуван како *балканско-подунавски културен комплекс на раното бронзено доба*.[3] Само во одредени региони, на пример во крајните југоисточни делови на Бугарија, се среќаваат продукти на стоковна размена со источноегејскиот и, пред сè, со западноанадолскиот простор (Троја I и II).[4] Другите региони, особено македонските простори, не биле изложени на посилни влијанија однадвор, така што таа фаза отсликува мирен развиток со стабилизирање на општоидноевропските вредности, секако во локални услови.[5]

Сите појави во еден таков широк балкански културен комплекс, во кој, условно кажано, пајонската територија заземала централна положба, сепак зависеле од географските особености на поединечните региони, од локалните ресурси и од карактерот на локалната економија. Така, во рамничарските – земјоделски региони се среќаваат населби од стариот, сè уште неолитски тип на т.н. тумби или телови, додека во сточарските подрачја се документираат мали утврдени населби на доминантни позиции, т.н. градински населби.

Во сферата на погребувањето исто така се документира разноликост на погребни форми, така што во ист регион едновремено можеле да се практикуваат и кремаци-

[2] Prendi F - Bunguri A 2008, 36; Gori M. – Krapf T. 2016, 103; Aslanis I. 1985; Mitrevski D. 2014, sl. 56-60, 55; Lestakov K. 2006, 14–55; Aleksandrov S. 1995, 262–268.

[3] Garašanin M. 1982, 171–175; Panajotov I. 1995, 248; Aleksandrov S. 2015, 42.

[4] Aleksandrov S. 2018, 86–93; Vasileva Z. – Minkov P. 2018, map 2.

[5] Garašanin M. 1983, 463=471 ; Mitrevski D. 2014, 55–61.

јата, и инхумацијата, во рамни некрополи или под могили – тумули. Во рамките на некои населби сè уште се практикувал дури и стариот, неолитски обичај на погребување.

Сепак, треба да се истакне дека македонскиот простор, со своите рамнини и силно неолитско наследство, покажува поголема конзервативност во однос на соседните балкански региони, така што процесот на индоевропеизација, а со тоа и прифаќањето на новите индоевропски погребни форми и обичаи, таму оделе побавно. Во таа смисла, за разлика од другите региони на запад и исток од македонскиот простор, во Пелагонија, по долината на Вардар, до Струма не се откриени вообичаените рани индоевропски погребувања под тумули со т.н. јамски гробови. Дури кон крајот на раното бронзено доба се јавуваат првите форми на организирани некрополи надвор од населбите, и тоа како рамни некрополи со згрчена инхумација во гробови- цисти. Најдобар претставник на таа појава е некрополата откриена кај Варош во Прилеп.[6] Таквиот начин на погребување ќе се востанови како основа на пајонската погребна идеологија, развивајќи се низ сите останати праисториски периоди до железното време, кога ќе се експонира како еден од најсилните белези на пајонската култура.

Посебен белег на раното и средно бронзено доба му даваат светилиштата на отворено, на високи позиции со разни структури, најчесто длабени во карпа, какви што се познати најмногу во северните делови на Пелагонија, во кумановско-кратовската област или во Родопите и југоисточна Бугарија.[7] Сите нивни белези упатуваат на сè уште единствени религиозни потреби и единствен начин на нивно практикување.

Најсилен израз на културно единство во раното бронзено доба била керамичката продукција, во која на целата територија во внатрешноста на Балканот се јавуваат новите форми на садови (сл.1). Од таа керамографија, низ следните фази на бронзеното доба и низ железното време ќе се развиваат регионалните керамични продукции, сè повеќе експонирајќи ги своите локални белези.

Во таа смисла, уште кон крајот на раното бронзено доба по своето значење и богатата керамичка продукција во Пелагонија и денешните северозападни делови на Грција се издвојува т.н. *Пелагониска или Арменохори културна група*.[8] Таму се познати бројни населби како Висок Рид – Букри, Тумба – Карамани, Тумба – Радобор, Арменохори, Мандало, Архонтико и други, со своја богата и цврсто детерминирана керамографија.[9] Нејзини најблиски паралели се наоѓаат по долината на Вардар (Чаушица, Кастанас, Демир Капија), но и на север, во горното Повардарје, кај т.н. *Скопско-Кумановска група*, која пак била непосредно поврзана со Поморавјето од една, но и со западнотракиските области од друга страна.[10] Во секој случај, керамичката продукција од раното бронзено доба на тој простор се смета за извориште на целата подоцнежна керамографија и израз на веќе заокружена и заедничка културна основа на идните пајонски и горномакедонски заедници.

---

[6] Китаноски Б. 1978, 33–58.

[7] Stankovski J. 2002 ; Fol V. 2007; Najdenova V. 1990; Stankovski J. 2007; Stankovski J. – Temelkovski A. 2017, 47–58.

[8] Garašanin M. 1982, 172; Garašanin M. 1983, 463–471; Mitrevski D. 2013, 174.

[9] Mitrevski D. 2016, 125; Trajkovska L. 1999; Mitrevski D. 2013, 173–181, sl. 56–59; Heurtley W. A. 1939, 79, fig. 218–379; Aslanis I. 1985.

[10] Bulatović A. – Stankovski J. 2012, 198, карта 2.



Сл. 1. Основни керамични форми од раното бронзено доба на среднобалканскиот простор

Доцнобронзенодопски развој: протопајонска фаза

Во текот на доцното бронзено доба или во втората половина на вториот милениум пр. Хр., заедниците од т.н. пајонска територија влегуваат во својата втора развојна фаза, во која направиле значаен чекор напред во формирањето на пајонскиот културен идентитет. Поради тоа таа фаза ја сметаме за протопајонска фаза.

Во тој период, долината на Вардар се експонира како главна комуникациска линија во правец север–југ и по неа навлегуваат културни влијанија и елементи од егејската култура на доцното бронзено доба. Така, заедниците по долината на Вардар со притоките и културно се отвораат и се ориентираат кон југ, востановувајќи тесни контакти со микенскиот свет. Со интензивирањето на тие контакти, предизвикани пред сè од микенскиот интерес и потреба за ресурси (бакар, злато и дрво и сл.) некаде кон XIV век пр. Хр. се формира т.н. *Повардарска* или *Уланци група* на доцното бронзено доба. Во текот на својот полн развој (XIV–XII век пр. Хр.) таа ќе биде најсилна појава на територијата од Струма на исток до Пелагонија на запад, и од Скопско на север до вливот на Вардар на југ (сл. 2).

На тој простор се откриени бројни населби и некрополи од тоа време, и сите манифестираат единствени вредности на материјалната и духовната култура. Во неа, значајно место имаат елементите од домашната бронзенодопска традиција, но и еле-

ментите од доцномикенската култура, прифатени и адаптирани на локалните потреби и вкус (сл. 3 и 4). Носителите на таа група се позиционираат како заедници во најтесна релација со развиениот егејски свет. Благодарение на тие релации, повардарските заедници предничеле со својот развиток во однос на другите, поконзервативни региони на Балканот. Сепак, тие биле во слична културна позиција како и другите заедници во соседството кои имале слични релации со микенскиот свет, како оние по долината на реката Девол во југоисточна Албанија, по средниот и долниот тек на Халиакмон, или пак оние во Солунско-халкидичкиот регион.



Сл. 2. Карта на распространетост на локалитети од Повардарската или Уланци група на доцното бронзено доба: 1 Кастанас, 2 Вардарофца, 3 Вардино, 4 Чаушица, 5 Килиндир, 6 Мрдаја, 7 Кофилак 8 Вардарски Рид, 9 Демир Капија, 10 Чаир – Тремник, 11 Мали Дол, 12 Водоврати, 13 Уланци, 14 Столот, 15 Стиби, 16 Манастир –Чашка, 17 Бежанија – Криви Дол, 18 Бели – Кочани, 19 Кале – Виница, 20 Стрновац – Војник, 21 Драгоево, 22 Долно Соње, 23 Говрлево, 24 Варош – Прилеп, 25 Скопско Кале, 26 Брвеница, 27 Скупи

Од друга страна, пак, пишаните извори за пајонски воени одреди од долината на Вардар, кои учествувале во одбраната на Троја од Ахајците, претставуваат историска потврда на доцнобронзенодопските заедници од Повардарската или т.н. Уланци група и укажуваат на значајното место и улога што тие го имале во некои од најголемите историски настани на тоа време.

До пред неколку години постоеше сомнеж дека податоците за Пајонците кај Хомер можеби не се однесуваат на доцното бронзено време, туку на неговото, железно време. Меѓутоа, денес археологијата ги има во целост потврдено тие податоци како ве-

родостојни и невообичаено прецизни – барем оние што се однесуваат на хомеровите Пајонци. Колку и да е неочекувано да се зборува за организирана пајонска воена сила под водство на конкретни војсководци уште во тие рани времиња, сепак археолошките наоди од доцното бронзено доба по долината на Вардар го потврдуваат токму тоа. На тоа најповеќе укажуваат карактерот и белезите на Повардарската или Уланци група: тие отсликуваат силно организирано и високо канонизирано општество, кое имало изградено тесни релации со Егејскиот свет на доцното бронзено доба и можело да претставува значаен фактор во историските настани од тоа време. Најдиректна илустрација, пак, за постоењето на одредена воена организација имаме во наодот на познатата надгробна стела од некрополата во Уланци. Стелата не е помлада од XIII век пр. Хр., а на неа е врежан машки лик во полна воена опрема, што упатува на гроб на војсководец (сл.5). Претставеното оружје и воено облекло означуваат јасни инсигнии на воено достоинство (торквеси, ремени, појас и облека на која се закачени воена секира и бодеж).

Сл. 3. Локална керамика од доцното бронзено доба од Уланци

Во секој случај, во повардарското население од доцното бронзено доба лесно можеме да ги препознаеме Хомеровите Пајонци како носители на т.н. Повардарска или Уланци група. Затоа, мора подетално да се запознаеме со културата на доцното бронзено доба по долината на Вардар.

Во сегашниот степен на истраженост на доцното бронзено доба, познати се бројни наоѓалишта по долината на Вардар кои покажуваат единствени културни белези. Населбите имаат единствена организација на населбинско живеење, единствени вредности на станбената архитектура и исти движни наоди, додека во некрополите се практикувал единствен ритуал на погребување со силно канонизирани погребни форми и обичаи. Во основа, сите наоѓалишта покажуваат мирен и стабилен развој низ XIV и XIII век, приближно до почетокот на XII век пр. Хр.

Најјужната населба ја имаме во Тумба – Кастанас, каде низ целото доцно бронзено доба е документиран интензивен, а мирен и стабилен развој. Сепак, веќе кон кра-

јот на XIII и посебно во слоевите од XII век се документираат нови појави и немирни времиња, исполнети со деструкции и продор на културни елементи од север.[11] Низ истите процеси минале и соседните долновардарски населби, како Вардарофца, Вардино, Чаушица и Килиндир. Сите тие имале јаки слоеви од доцното бронзено доба сè до околу почетокот на XII век, кога речиси во исто време сите биле насилно урнати и опожарени.[12] Во нивната стратиграфија, бронзенодопското живеење завршува со спален слој, во кој се среќаваат последните бронзенодопски наоди. Во тој слој, на пример, во Килиндир на неколку места се откриени непогребани скелети и поединечни наоди на бронзено оружје карактеристично за крајот на бронзеното доба.[13] Таа населба повеќе не била обновена, додека реокупацијата на другите населби (Чаушица, Вардино, Вардарофца) се случила дури откако минале немирните времиња со востановување на сосема нова, железнодопска култура.

Сл. 4. Локална мат сликана керамика по Вардар:
1, 2 Уланци 3 Водоврати, 4 Мали Дол, 5 Говрлево

Сите овие појави уште подобро се документирани во посеверните наоѓалишта, каде сликата ја дополнуваат и бројните некрополи од тоа време.

Во Мрдаја на Дојранското Езеро е истражувана палафитна населба која претставува уште еден пример на доцнобронзенодопска населба која, иако мала и од посе-

[11] Hansel B. 1985; Andreu S. – Fotiadis M. – Kotsakis K. 1996, 580.

[12] Casson S. 1926, 121–132, fig. 37, 39, 40; Heurtley W. A. 1939, 214–221.

[13] Casson S. 1926, 132.

бен тип, сепак го имала истиот развој и истата судбина како и останатите. Нејзината стратиграфија отсликува економски мошне јако и стабилно живеење во текот на доцното бронзено доба, кое завршува со слој на тотално уривање со опожарување, после што населбата повеќе не била обновена.[14] Во последниот, спален слој меѓу другото е откриена и една бронзена секира – келт од севернобалкански тип, кој како нова, туѓинска форма во повардарската култура може да се смета за дел од вооружувањето на рушителите (сл.6).[15]

Сл. 5. Надгробна стела од Уланци

Останатите доцнобронзенодопски населби по долината на Вардар биле позиционирани на доминантни возвишенија, но на недоволно безбедна позиција. Така, на пример, населбата на Вардарски Рид се наоѓала на источните падини на низок рид, свртена кон коритото на реката Вардар. Тоа била релативно мала населба, од која се откриени остатоци од неколку правоаголни куќи градени од непечени тули.[16] На спротивната, западна страна на ридот се наоѓала соодветната некропола. Погребувањата во неа биле вообичаени за целата повардарска (т.н. Уланци) група некрополи, со згрчена инхумација во конструкции цисти (правоаголни јами) и прилози аналогни со наодите во населбата (сл.7). Животот во населбата, како и користењето на некрополата, биле прекинати околу XII век пр. Хр., за подоцна, во текот на железното време, да биде повторно обновен и со далеку посилен интензитет да продолжи да се развива како антички град Гортинија сè до доагањето на Римјаните. Сепак, за време на користењето на доцнобронзенодопската населба на Вардарски Рид, на неколку стотини метри оддалеченост – на соседниот, повисок, природно далеку позаштитен и далеку побезбеден рид

[14] Рујак З. – Сламков Е. 2021, цр. 1, сл. 2.

[15] Рујак З. – Сламков Е. 2021, Т. 15–4.

[16] Videski Z. 2005, 96.

познат како Кофилак или Богородички Рид, се откриени остатоци од еднослојна употреба како збег во кризните времиња на крајот на бронзеното време (сл.8).[17]

Одејќи на север по долината на Вардар, следната истражувана населба од доцното бронзено време е онаа на локалитетот Чаир во село Тремник кај Неготино.[18]

Сл. 6. Керамика од доцното бронзено доба од Мрдаја – Дојран

На средно високо возвишение свртено кон коритото на реката Вардар, во најдолните слоеви се откриени остатоци од бронзенодопска населба, врз кои се стратифицирани слоеви од поголема предримска населба, за која се претпоставува дека е античкиот град Антигонеја. Слоевите од бронзеното време се истражувани на крајно ограничен простор, така што не се откриени позначајни структури освен ситни, главно

[17] Videski Z. 2005, 96.

[18] Истражувањата се во тек; за информациите му изразувам благодарност на М. Јованов, раководител на истражувањата.

керамични наоди. Меѓутоа, на неколку стотини метри јужно од населбата, во месноста Мали Дол е истражувана некрополата од таа населба, која е позната како една од најзначајните некрополи од крајот на бронзеното доба и почетокот на преодниот период по долината на Вардар (сл.9).[19]

Некрополата Мали Дол – Тремник е типичен претставник на повардарските некрополи од доцното бронзено доба, со идентични манифестации со другите повардарски некрополи во рамките на т.н. Повардарска или Уланци група.[20] Сепак, посебноста на Мали Дол е во тоа што таму јасно се издвојуваат два хоризонти на погребување, со два различни културни инвентари. Врз постарата, локална доцнобронзенодопска некропола, со вообичаени згрчени инхумации во гробови цисти од камени плочи, на неколку места се откриени погребувања со спалување во урни (сл.9). Тие се издвојуваат како нова појава, поврзана со нов погребен ритуал, но и нови форми на материјална култура. Неколку такви погребувања со кремации во урни се откриени директно вкопани врз покривните плочи од постарите гробови-цисти со инхумација, што најдиректно покажува дека станува збор за помлада појава и за погребувања на новодојденци, кои кусо време ја користеле старата некропола од доцното бронзено доба заедно со локалното население. Карактерот на новите погребувања со кремација во урни, заедно со прилозите врзани за нив, како и нивниот однос со постарите погребувања јасно покажуваат дека станува збор за импакт на нови културни вредности, дотогаш непознати во Повардарјето (сл. 10).

Сл. 7. Дел од некрополата од доцното бронзено доба на Вардарски Рид – Гевгелија

[19] Папазовска А. 2018; Papazovska A. 2019.

[20] Mitrevski D. 2003; Митревски Д. 2013.

Сл. 8. Позиција на збегот „Кофилак“, снимен од истовремената населба на Вардарски Рид

На околу дваесетина километри северно од Тремник се наоѓаат некрополата и населбата од доцното бронзено време во селото Уланци кај Градско (сл. 11). Некрополата е најпознатото, епонимно наоѓалиште за Повардарската група, каде се истражени 125 гробови. Нивната организација, погребни форми, обичаи и гробни прилози претставуваат убава илустрација на добро организирана заедница со стабилно и мирно живеење во текот на XIV и XIII век пр. Хр.[21] Сето тоа е јасно видливо најпрвин во планското користење на сепулкралниот простор, а притоа и преку погребниот ритуал, гробните форми и обичаи, кои биле во целост изградени и единствени. Гробните прилози претставуваат стандардни локални форми, без некое позначајно присуство на оружје во гробовите (сл. 2, 3, 20). Најстарите погребувања можат да се датираат во XIV век, а последните во XII век пр. Хр.

Населбата од таа некропола се наоѓа на околу двеста метри јужно, на мало но доминантно возвишение наречено Столот (сл. 11).[22] Населбата го зафаќала зарамнетото плато заградено со сувозид од кршени крупни камења, каде можеле да се сместат не повеќе од десетина куќи. Населбата егзистирала во текот на доцното бронзено доба, кога биле создадени три културни слоја, во кои се откриени наоди идентични со гробните дарови во соседната некропола. Иако не е истражена во целост ниту една градба, сепак евидентно е дека станбената архитектура во сите три населбински слоеви била од плитарни тули. Притоа, последниот слој се издвојува како спален слој на целата површина на населбата, кој очигледно бил формиран од насилно уривање и опожарување на последното живеење, после што населбата веќе не била обновувана. Во исто време прекинала да се користи и некрополата. Според сето тоа, може да се заклучи дека во Уланци се одвивал мирен доцнобронзенодопски развој (XIV–XIII век пр. Хр.), сè

[21] Mitrevski D. 1998, 449; Videski Z. 2006, fig. 1; Митревски Д. 2013, сл. 50.

[22] Mitrevski D. 1998, fig. 6, 7; Mitrevski D. 1997, fig. 9, p. 44–45.

до насилното рушење на населбата на Столот и нејзино опожарување, некаде во текот на XII век. Населбата повеќе не била обновена, а рушителите не оставиле позначајни остатоци од својата култура.



Сл. 9. Дел од некрополата на Мали Дол – Тремник

Наспроти ситуацијата во Уланци, неспорни остатоци од рушителите се откриени на локалитетот Манастир–Чашка кај Велес, на триесетина километри северно од Уланци.[23]

Локалитетот Манастир–Чашка претставува мала, но очигледно економски јака доцнобронзенодопска населба на доминантна позиција со зарамнето плато, заштитено со бедем од кршени камења. На целата површина во внатрешноста е откриен моќен слој од последното живеење, со остатоци од силна деструкција и целосно опожару-

[23] Јовчевска Т. 2008. Поради откриените скелети, населбата на Манастир – Чашка првично е погрешно определена како некропола.

вање, после што населбата не била повеќе обновена (сл. 12).[24] Станбените објекти биле градени со плитарни тули, од кои се откривани само делови, како и целиот внатрешен инвентар во моментот на опожарување, како огништа, остатоци од вертикални разбои, камени рачни мелници, складишни садови и бројни други форми на керамика, алатки и друго. Сите тие наоди имаат паралели во материјалот од останатите наоѓалишта по долината на Вардар, од XIII до XII век пр. Хр., при што изгорениот слој од последното живеење му припаѓа на XII век пр. Хр. Меѓу другото, во него се откриени и поедини форми на оружје од северно потекло како бронзени секири – келтови, како и поедини врвови од копја и стрели, кои се туѓи форми во локалната доцнобронзенодопска култура и чие потекло обично се врзува со регионите на северниот Балкан и Подунавјето (сл. 13). Според нивниот карактер и типологија, несомнено им припаѓале на рушителите на населбата. И не само тоа, можеби најсилната илустрација за напаѓачите од север и за самиот чин на деструкција на населбата на Манастир–Чашка се остатоците од неколку нагорени животински и посебно човечки скелети, кои како жртви на деструкцијата останале во спалениот слој со сите други остатоци од деструкцијата, незакопани. Слична ситуација со незакопани жртви од истото време е позната од споменатата населба во Килиндир кај Кукуш.[25]

Сл. 10. Гробни прилози од некрополата во Мали Дол

[24] Јовчевска Т. 2008, 19–22, Т. II, Т. III.

[25] Casson S. 1926, 132.



Сл. 11. Дел од некрополата во Уланци со позиција на соодветната населба во месноста Столот



Сл. 12. Остатоци во спалениот слој на населбата Манастир – Чашка

Во секој случај, во населбата Манастир – Чашка го имаме најсликовитиот приказ не само на рушењето на самата населба, туку и на причините и процесите што го предизвикале крајот на Повардарската или Уланци група на доцното бронзено доба.

Сл. 13. Дел од наодите (бронзени воени секири – келтови) во спалениот слој на Манастир Чашка

Сликата за доцното бронзено доба во Повардарјето ја закружуваме со ситуацијата во горното Повардарје и Скопско. Таму се издвојува населбата на скопското Кале како најсеверен пункт од тој културен круг. Таа претставува четврта населба (Кале IV) во генералната стратиграфија на скопската тврдина – Кале.[26] За разлика од претходната, трета населба од средното бронзено доба, таа била просторно значително поголема, со поголеми куќи и побогат инвентар. Станува збор за економски јака населба од која се истражени четири куќи, градени со дрвена скелетна конструкција и плитар. Должината им се движи од 5 до 8 метри, а широчината од 4 до 6 метри, често со една страна апсидално решена (сл. 14). Меѓу движните наоди се јавуваат керамични форми вообичаени за сите локалитети од доцното бронзено доба во Повардарјето, меѓу кои како куриозитет се издвојува една субмикенска амфора (сл. 15). Населбата била трипати обновувана сè до XII век пр. Хр., кога конечно згаснала и повеќе не била обновена, а со споменатата амфора е одбележана нејзината последна употреба.[27]

Како во појужните делови на Повардарјето, така и во скопскиот регион и горното Повардарје низ доцното бронзено доба било практикувано погребување со згрчена инхумација. Такви некрополи засега се откриени во Брвеница кај Тетово и на просторот под античкиот театар на римско Скупи во Скопје.[28] Наодите и сите останати појави во тие некрополи се аналогни на другите повардарски некрополи. Уште повеќе, во Скупи, покрај вообичаените згрчени инхумации се откриени и неколку погребувања со кремација во урни. Тие имале ист однос со постарите инхумации како и во случајот со Мали Дол – Тремник.[29] Со нив се документира истиот продор на новодојденците од север во Скопскиот регион, каде исто така покажуваат извесно задржување. Најдобра илустрација за тоа имаме во познатата некропола со гробови-урни на локалитетот Хиподром, во рамницата на Скопско Поле (сл. 16).[30]

[26] Mitrevski D. 2016, 15.

[27] Mitrevski D. 2016, 65; Mitrevski D. 2019, 76-78, fig. 44.

[28] Abazi Lj. – Tolevski I. 2018, 107–113; Mitrevski D. 2019, 79; Jovanova L. 2015.

[29] Jovanova L. 2015; Папазовска А. 2018, 10, сл. 7.

[30] Mitrevski D. 1994.

Сл. 14. Доцнобронзенодопски куќи од Скопско Кале

Сл. 15. Поедини наоди од доцнобронзенодопската населба на Скопско Кале, со субмикенската амфора (бр. 3).

Сликата за доцното бронзено време на, условно кажано, пајонска територија, врз основа на тоа што ни го нуди археологијата, може да се сведе на неколку најопшти моменти.

Најпрвин, почетокот на доцното бронзено доба се случил нешто покасно, дури по продорот на првите микенски елементи во посеверните делови на Повардарјето, каде ги имаме наодите на микенскиот меч од Тетово и мермерното капаче за уште еден таков меч од Маркова Сушица.[31] Најверојатно дури тогаш се афирмирал повардарскиот пат како главна комуникациска линија од Егеја кон внатрешноста на Балканот, што бил клучниот момент за ширење на микенските влијанија, а со тоа и за формирање на локалната т.н. Повардарска или Уланци група на доцното бронзено доба. Дури тогаш (околу почетокот на XIV век пр. Хр.) посеверните повардарски заедници културно се свртуваат кон југ и индиректно се поврзуваат со микенскиот свет.

Вториот момент зборува за мирен и стабилен локален развој на таа култура низ XIV и XIII век пр. Хр., со единствени белези долж целото Повардарје, кои покажуваат високо изградени критериуми, базирани во добра мерка врз влијанијата од југ.

Најраните микенски продукти претставуваат импортирано оружје, и тоа во најдалечните, но рудоносни региони во Горното Повардарје, како познатиот микенски рапир од Тетово и мермерниот накрајник – капаче за сличен таков меч од Маркова Сушица кај Скопје.[32] Според наодот од Маркова Сушица тие биле прилози во гробови на локални поединци, погребани во гробови со локална, уште среднобронзенодопска керамика. Ако на тоа ги додадеме и наодите на микенско оружје во Игларево, соседно Косово, тогаш е сосема јасно дека најраниот микенски продор по Вардар бил насочен кон рудоносните области на север, а одбележан со појавата на микенско оружје во локалните средини.[33]

По таквиот првичен продор на микенски елементи, веќе во XIV век пр. Хр. бил отворен патот за перманентна, главно трговска комуникација на локалното повардарско население со микенскиот свет. Врз локалната бронзенодопска културна основа се наслојувале влијанијата од егејскиот југ, создавајќи така посебно и доволно препознатливо културно миље. На тој начин започнал доцнобронзенодопскиот развиток во Повардарјето, кој во текот на XIV и XII век се интензивирал во рамките на т.н. Повардарска или Уланци група на доцното бронзено доба.[34] Се појавуваат бројни нови населби и некрополи, кои својата употреба ја имале главно во рамките од XIV до XII век пр. Хр., а старите, повеќеслојни праисториски тумби во Долното Повардарје токму во тој период го имаат својот полн подем (сл. 2).

Учеството на микенските влијанија во креирањето на Повардарската или Уланци група било одбележано со прифаќање на низа елементи од југ во безмалку сите сфери, во населбинското живеење, материјалната култура, дури и во погребувањето. Тие влијанија секако биле посилни во Долното, отколку во Горното Повардарје, но во секој случај се присутни од Кастанас на југ, до Скопско Кале на север.

---

[31] Nasteva I. – Videski Z. 1996; Mitrevski D. 1998, 450–451, fig. 1 & 3.

[32] Mitrevski D. 1998, fig. 1, fig. 2.

[33] Луци К. 1997; Ljuci K. 2007.

[34] Mitrevski D. 2003; Mitrevski D. 2013.



Сл. 16. Погребувања во урни од Хиподром кај Скопје

Во архитектурата се појавуваат медитеранско-егејски елементи на градење со користење на непечена тула, наместо дотогашната балканска праисториска архитектура. Таквите градби на правоаголна основа, честопати со апсидално решена челна страна, се најпознати од населбата на Кастанас, но присутни се и на север (Кофилак и Вардарски Рид кај Гевгелија, Столот – Уланци до Скопско Кале) (сл. 14).[35]

Микенските елементи се најевидентни во материјалната култура, било да се тоа населбинските наоди или гробните прилози. Меѓу нив доминира керамиката, која се јавува во сите три групи, што се плод на контактите со микенскиот свет и тоа како: а) микенски импорт, б) локални копии на микенски форми, и в) локална мат сликана керамика.

Микенските садови биле импортирани најчесто од микенска Тесалија. Најбројни се во јужното Повардарје, најповеќе во Кастанас, но се среќаваат и на север, како во Демир Капија, Уланци или најмладиот таков наод, субмикенската амфора од Скопско Кале.[36] За сметка на тоа, многу позастапени се садовите со микенска форма, но работени на рака, од домашна глина и домашни мајстори (сл. 17). Такви садови, најчесто во форма на алабастрони и амфорискоси, се откривани долж целото Повардарје. Се среќаваат најчесто како гробни дарови, во некрополите како Кошур – Долно Соње кај Скопје, Водоврати – Градско, Уланци – Градско, Демир Капија и други.[37]

Далеку најбројни се садовите работени под егејско влијание, познати како локална мат-сликана керамика. Како и во другите региони под силно микенско влијание, и во Повардарјето таквите садови претставуваат локален одговор на микенската керамика (сл. 4 и 18).

Како придобивка од непосредните контакти, пред сè со северноегејското подрачје, по долината на Вардар уште во раната фаза на доцното бронзено време (слој 18 во Кастанас) почнала да се продуцира керамика, на рака, но од прочистена глина, светло печена и украсена со мат сликана декорација, распоредена најчесто околу рамото

[35] Videski Z. 2005, 91; Mitrevski D. 2006.

[36] Podzuweit C. 1979; Podzuweit C. 1986; Mitrevski D. 1998, 449; Mitrevski D. 1999.

[37] Mitrevski D. 1998, fig. 4.

Сл. 17. Микенски импортирани садови и локални копии на микенски форми по долината на Вардар: 1 Водоврати, 2,3, 11, 12 Уланци, 4 Мали Дол, 5,8 Г. Соње, 6,9 Демир Капија, 10 Криви Дол

Сл. 18. Локална мат сликана керамика по притоките на Вардар: 1, 2, 3, 4 Манастир – Чашка, 5, 6 Драгојево, 7 Стрновац, 8 Варош, 9 Бежанија – Криви Дол

на садот со боење по микенски терк – на ободот, вратот, рачките и долната зона околу дното. Притоа биле користени најпопуларните форми од локалната доцнобронзенодопска керамографија, како кантаровидните, амфоровидни садови, бокали со косо засечен врат и слично.

Во споредба со другите региони во кои се среќава локалната мат-сликана керамика, се чини дека по долината на Вардар таа била најшироко продуцирана. Се среќава не само во Повардарјето туку и по непосредните притоки на Вардар или по долините на Брегалница, Црна Река, Тополка и Пчиња. На тој начин, таа го дава главниот белег на целата доцнобронзенодопска култура во регионот на вардарскиот слив.



Сл. 19. Гробови со појаси од минијатурни лабриси од Уланци

Меѓу другите појави во материјалната култура на доцното бронзено доба по долината на Вардар, кои биле под евидентно влијание на егејското бронзено доба, се издвојуваат приврзоците во форма на двојни секири. Тие како култни предмети се јавуваат во некои погребувања што се издвојуваат по својата содржина како гробови на жени со посебно место и улога во заедницата.[38] Најпознати се две такви погребувања (гроб 54 и 82) од некрополата во Уланци, каде по петнаесетина двојни секирки формирале ритуални појаси (сл. 19 и 20).

Од истата егејска инспирација произлегуваат и формите на бронзени ножеви што се откриваат по долината на Вардар, како единствени форми на оружје, иако можеби повеќе треба да се третираат како алатки, одошто како оружје (сл. 20). Вистинско

[38] Papazovska A. 2017.

оружје (мечеви, копја, стрели и сл.) засега не се откриени во наогалиштата од доцното бронзено доба по Вардар, што заедно со самата организација на некрополите и единствените погребни обичаи претставуваат најсилен индикатор за мирниот развиток низ XIV и XIII век пр. Хр.

Мирниот доцнобронзенодопски развој бил најверојатно обезбедуван со постоење на организирана воена сила, за што зборува споменатата камена стела од Уланци, но и градењето на поедини т.н. војничко-стражарски пунктови на доминантни стратешки позиции. Такви најверојатно биле локалитетите како Кофилак кај Гевгелија или Врањак во Скопско, но и пунктовите како Каменска Чука и Крсто Покровник кај Благоевград на Струма.[39]

Во секој случај, мирниот развиток на пајонските заедници од доцното бронзено доба траел до почетокот на миграциите и немирните времиња што го зафатиле овој регион, посебно долината на Вардар како централно комуникациско подрачје на Балканот, во XII и XI век пр. Хр. Тие дефинитивно го прекинале натамошниот континуиран развој на Повардарската група, како и дотогаш негуваните контакти со егејскиот свет.



Сл. 20. Разни типови на бронзени сечила од Уланци

[39] Stefanovich M. – Bankoff H. A. 1998; Stefanovich M. – Kulov I. 2007.

Ваквите деструктивни настани, археолошки потврдени кај сите наоѓалишта од Повардарската или Уланци група, биле предизвикани од долготрајни продори на различни заедници од северниот, низ централниот Балкан кон југ, кон веќе урнатите микенски центри. Носителите на тие продори ги погребувале своите мртви со кремација, чија појава – во средина во која дотогаш се практикувала инхумација во згрчена положба – несомнено документира ново население. Ова население стигнало од посевернине области, најверојатно од Поморавјето и од Косово, од каде било потиснато од други, посеверни заедници и одредено време се стационирало на различни пунктови по долината на Вардар, од каде најверојатно воено продирало кон југ и повторно се враќало назад. Поради својата долготрајност, овие настани оставиле значајни последици по натамошниот културен развој не само на пајонските заедници, туку и на целиот околен Балкан. Со нив била затворена втората (протопајонска) фаза во конечното формирање на пајонската култура и започнал периодот на транзиција од бронзено во железно време.

Железнодопски развој: пајонска фаза

Последната, трета фаза претставува финално заокружување на пајонската култура и се случила во железното време. Тогаш, во текот на првата половина на II милениум завршило и конечното формирање на пајонскиот народ, составен од повеќе регионални заедници или племиња, кои историските извори ги потврдуваат на територијата од Струма на исток, до Пелагонија на запад. Сепак, заокружувањето на нивните културни белези можело да почне дури по стабилизирањето на економските, социјалните и културните прилики, по немирните времиња од преодниот период. Така, раното железно време или периодот од X до VIII век пр. Хр. се издвојува како време на враќање на животот и почеток на етно-културно стабилизирање, посебно по главните комуникациски региони, како долината на Вардар.

Дури во текот на полното железно време, или од VIII до VI век пр. Хр. ќе се создадат сите услови за непречен културен развој по региони. Во тоа време, сите заедници ќе можат да ги развиваат своите сопствени културни вредности во рамки на повеќе локални групи. Кога станува збор за заедниците од пајонската територија, сите тие покажуваат исти вредности на материјалната и духовната култура, со извесни разлики единствено во локалната керамичка продукција.

Од друга страна, подемот на металургијата во полното железно време ќе им обезбеди на поедини заедници – оние со изразени и лесно достапни ресурси на бакар и железо, и пред сè, со металуршко знаење – брз и интензивен општествен, економски и културен развој. Така, одредени региони и заедници ќе предничат во однос на останатите. Ова посебно се однесува на пајонските заедници, меѓу кои јужнопајонските или долновардарските, со својата географија, ресурси и културна традиција, ќе си обезбедат најбрз развој и лидерска позиција.

Сепак, најголемиот дел од културните појави од тоа време се карактеристични за целата територија на пајонските племиња како израз на една, единствена и јасно препознатлива пајонска култура на железното време. Во таа смисла, најиндикативни се пајонските погребни обичаи, пајонската керамика и пајонските култни бронзи.

Пајонски погребни обичаи

Инхумацијата во гробови-цисти, со сите придружни погребни манифестации, го претставува првиот силен белег на пајонската култура. Таа се експонира како единствен погребен ритуал за сите пајонски заедници, кој се практикувал низ сите фази на пајонското суштествување. Притоа, целосното физиономирање, речиси до канонизираност, било остварено уште во доцното бронзено време, од кога ги имаме бројните некрополи во рамки на споменуваната т.н. Повардарска или Уланци група (Вардарски Рид, Мали Дол, Уланци, Водоврати, Скупи, Брвеница и други).[40]

Згрчената инхумација со различна полова ориентација – жените положени на левата, мажите на десната страна – во гробови-цисти се практикувала низ целото бронзено доба, а во текот на доцното бронзено доба се афирмира како главна карактеристика на протопајонските погребни обичаи. Истиот начин на погребување и погребни обичаи биле практикувани и во текот на железното време, со тоа што полагањето на покојниците било во пружена положба. Исто така, во зависност од новосоздадените социјални и економски услови во железното доба, погребувањата можеле да се организираат во рамни некрополи или под тумули.[41]

Во поконзервативните и сточарски региони, гробовите биле организирани под тумули, додека во комуникативните региони што биле отворени кон југ, погребувањата биле организирани во рамни некрополи. Всушност, во организацијата на гробовите и некрополите имаме многу добра слика за општествената организација и структура на пајонските заедници од железното време.

Преку тумулите и нивниот типолошки развој можеме мошне сликовито да ги следиме пајонските општествени и економски промени низ железното време. Во таа смисла, во текот на раното железно време (од X до VIII век пр. Хр.) се појавуваат и развиваат т.н. родовско-клановски тумули, кои на најдобар начин го изразуваат родовско-клановското организирање на пајонските заедници (сл. 21). Тие биле заеднички, колективни гробници за целиот клан или род, каде гробот на основачот на родот бил позициониран во центарот на тумулот и имал посебен третман. Тоа било најстарото, иницијално погребување во специјално оформена гробна конструкција. Неговите следбеници биле погребувани со кружно распоредување околу него, во еден или два реда, во зависност од големината и траењето на родот. Сите тие биле поставени радијално, со главите ориентирани кон централното погребување, изразувајќи така посебен респект и конекција со таткото на родот. Таквите тумули се јавуваат во мали групи од по неколку тумули (основни родови), обично позиционирани во линија, на доминантни места, неретко долж одредени сртови (Висои – Беранци, Барата – Чаниште, Крушевица – Мариово, Орлови Чуки – Стар Караорман, Кунови Чуки – Оризари, Коколов Рид – Виница и други).[42]

Со постепениот растеж на заедниците и попуштањето на родовските стеги, во текот на VII век пр. Хр. се појавува нов тип на т.н. фамилијарни тумули. Тие се значително помали од постарите родовски тумули, со само неколку гробови и без централен

[40] Mitrevski D. 2003, 46–51, Papazovska A. 2019; Abazi Lj. – Tolevski I. 2018.

[41] Mitrevski D. 1997; Mitrevski D. 2013, 214–232.

[42] Mikulčić I. 1960/61; Nacev T. – Jovanov M. 1996; Mitrevski D. 2013, 222; Mitkovski A. 2010; Mitrevski 1997, 102, sl. 20, 21.

1



2



3



4



5

Сл. 21. Поедини примери на тумули од родовско-клановски тип:
1 Висои – Беранци; 2 Крушевица; 3, 4, 5 Орлови Чуки – Стар Караорман

гроб. Во однапред одреден кружен простор биле погребувани членови од само една биолошка фамилија. Тие биле погребувани на единствен начин, со единствена ориентација и покриени со заеднички насип од земја и камења со височина помала од еден метар. Наспроти родовско-клановските тумули, во текот на VII и VI век пр. Хр. биле формирани големи некрополи со по неколку стотини фамилијарни тумули (Дабици – Сопот, Криви Дол – Радање, Горно поле – Стар Караорман, Кршла – Виница, Сламите – Рапеш и други).[43]

Тумуларните погребувања кај сточарските пајонски заедници биле практикувани до крајот на VI и почетокот на V век пр. Хр., сè до појавата на општествено раслојување, што ќе предизвика дезинтеграција и напуштање на родовскиот систем. После тоа веќе немало простор за стариот железнодопски начин на погребување под тумули.

Според тоа, пајонските тумули во суштина треба да се сфатат повеќе како социјална, отколку како етничка категорија, иако нивните специфични белези и развој се карактеристични главно за заедниците на пајонско-македонскиот простор во железното време. Во секој случај, преку нив можеме да го следиме социјалниот и економски развој низ целото железно време, но само кај населението во конзервативните, главно сточарски региони. Другите заедници во отворените, комуникативни региони ги продолжиле старите погребни практики од бронзеното доба, исто така во гробови-цисти и со сите други манифестации како во тумулите, но организирани во рамни некрополи. За време на доцното бронзено доба, тие биле во тесни културни и трговски релации со егејскиот свет, така што тие заедници уште тогаш биле далеку попрогресивни во споредба со оние во поконзервативните региони. Така, во текот на железното време тие најверојатно биле надвор од родовскиот систем на општествена организација.

Како заклучок за пајонските погребни обичаи можеме да го истакнеме практикувањето на единствен погребен ритуал со инхумација, во два вида на некрополи, организирани под тумули или во рамни некрополи. Сето останато, во поглед на гробните форми, погребните активности и гробните дарови било единствено за сите пајонски заедници.

Пајонска керамика

Керамичката продукција кај железнодопските заедници од пајонската територија, слично како и кај погребувањето, била силно потпрена врз бронзенодопската традиција, но сепак, во различни региони нејзината продукција развивала различни локални белези. Основните и најчести форми на садови кај сите пајонски заедници можат да се сведат само на неколку, сите развиени од заедничката бронзенодопска керамична традиција. Така, низ целото железно време ќе се продуцираат следниве водечки форми: бокали со косо засечена задна страна од вратот, длабоки шољи во кантаровидна верзија со две вертикални држалки, длабоки чаши со една вертикална држалка и длабоки чинии – здели, најчесто со вовлечен обод и хоризонтални држалки.

Тие се најкористените форми на садови, кои како трпезна керамика се најподатливи за манифестирање на локалниот вкус и критериуми во самата продукција и

[43] Garašanin M. – Garašanin D. 1959; Mitrevski D. 1997, 92–95, sl. 23; Vasilevska M. 1993, 69.

декорирањето. Тие најчесто се среќаваат како гробни дарови, додека населбинската керамика познава и други форми, вообичаени за населбинското живеење, уште од бронзеното доба.

Разликите во продукцијата и декорацијата на железнодопската керамика се експонираат како силни локални особености, повторно во зависност од регионалните економски и социјални карактеристики меѓу поедини пајонски заедници. Во таа смисла, сите пајонски групи покажуваат свои локални белези. Меѓу нив, по својата технолошка супериорност и квалитет се издвојува долновардарската или јужнопајонска група.

Поразвиените јужнопајонски заедници продуцирале своја керамика под силно влијание од соседната егејска, архајска керамичка продукција. Станува збор за специфична керамика од добро прочистена глина, работена на грнчарско тркало, окер печена и лентесто боена со темно црвена мат боја (сл. 22). Тоа била најсофистицираната керамика во внатрешноста на Балканот, единствена што била моделирана на грнчарско тркало. Сите останати групи на север од Егеја својата керамика во тоа време ја работеле на рака.[44] Масовната продукција на ваквата керамика зборува за големите потреби од неа, пред се како гробни садови, така што безмалку во секое погребување во долновардарските некрополи од VII и VI век пр. Хр. – од кои досега се истражени над 300 гробови во 6 некрополи – како прилог задолжително се јавуваат по два сада од таа керамика. При секое погребување се приложувале најчесто бокал со косо засечен врат и длабока кантаровидна шоља. Кај детските погребувања наместо голем бокал се ставале мали бокалчиња – гутуси.

Сл. 22. Јужнопајонска или долновардарска керамика од полното железно време

Најдиректна потврда за локалната продукција на долновардарската окер печена и лентесто боена керамика претставуваат неколкуте печки за нејзино печење, от-

[44] Vasić R. 1987, 705, T. LXXII–LXXIII; Mitrevski D. 2012, 105–113.

криени во реонот на некрополите во Марвинци. Печките биле вкопани во карпестата основа, а во една од нив е откриена целата внатрешна содржина, неиспразнета, со десетина големи бокали со косо засечен врат.[45] Со тоа, таа керамика е веќе широко афирмирана како долновардарска или јужнопајонска керамика, еден од главните белези на пајонската култура на железното време.

Во исто време, пајонските заедници на север од Демир Капија ги продуцирале истите форми на садови, но работени на рака и декорирани главно со врежување, со втиснување на назабено тркалце – радло или со канелури (сл. 23). Голем дел од таквите садови се откриени главно како гробни дарови во претходно споменатите тумули, но тие исто така биле користени и во населбинските активности во секоја железнодопска населба.

Сл. 23. Севернопајонска или средновардарска
и брегалничка керамика од полното железно доба

Таквите карактеристики на таа, условно речено, севернопајонска керамика се должат најмногу на силните влијанија од централнобалканското подрачје.[46] Сепак, нивната продукција и декорации се однесуваат на истите веќе споменати основни форми, карактеристични за целиот пајонски простор.

Истите локални разлики во продукцијата на железнодопската керамика ги имаме и во Пелагонија. Таму постојат евидентни разлики меѓу керамиката од појужните, земјоделски простори во Пелагонија од оние во посеверните, сточарски области на

[45] Mitrevski D. 2012, 110, fig. 9; Mitrevski D. 2012-a.
[46] Vasić R. 1987, 690; Garašanin M – Garašanin D. 1959.

Мариово и прилепско. И таму, како во Повардарјето, во јужните делови на Пелагонија се практикувала керамика украсена со мат сликање на геометриски мотиви, слично на истовремената керамика позната од соседните региони појужно, во денешна северозападна Грција, сè до Корчанско на запад (сл. 24)[47]. Кај заедниците од посеверните делови на Пелагонија и Мариово не се практикувало украсување со мат сликана декорација, туку садовите биле продуцирани со техники и мотиви блиски до керамиката во соседниот средновардарски регион.

Во секој случај, во текот на железното време, на историски потврдената пајонска територија се практикувале единствени форми на садови, но продуцирани според локалниот вкус и можности. Таа керамика е важен дел од материјалната култура на пајонските племиња, а меѓу нив, долновардарската окер печена и лентесто боена керамика, работена на грнчарско тркало, претставува вистински лајт-мотив на јужнопајонските заедници.

Сл. 24. Западнопајонска или пелагониска керамика од железното време

[47] Heurtley W. A. 1939, 225–229; Andrea Z. 1993.

Пајонски култни бронзи

Најсилниот израз на пајонската култура се предметите од тореутиката, т.н. пајонски култни бронзи. Тоа се различни типови на ситна бронзена пластика во форма на птици, бронзени чашки со капаче, минијатурни бокалчиња, стилизирани птици, кружни плочи, роглести предмети, разни форми на композитни приврзоци и слично (сл. 25). Познати се како „пајонски култни бронзи", бидејќи се откриваат со околу 95% на историски посведочената пајонска територија и време, поточно по долината на Вардар со притоките, во VII век пр. Хр. (сл. 26).[48] Досега се откриени само неколку примероци надвор од таа територија, главно како гробни наоди (Раденковац – Мачва, Куч и Зи – Корча, Амфиполис) или како дарови во поедини грчки храмови и светилишта (Самос, Хиос, Фера, Филија), што сведочи за нивната популарност, контакти со соседните региони и нивниот култен карактер.[49]

Сите тие форми се тесно поврзани меѓу себе и се откриваат во ист контекст, во посебни женски гробови, во кои освен нив се среќаваат и други форми на вообичаен женски накит. Сите манифестации ги издвојуваат тие гробови како свештенички погребувања во кои доминантно место имаат пајонските бронзи.[50]

Култниот карактер на тие предмети повеќе не е спорен, бидејќи досега се откриени десетици погребувања со такви предмети во оригинална и мошне речита позиција.[51]

Нивната специфична форма и позиција во гробовите ги определува таквите објекти како предмети поврзани со одредени верувања и ритуални дејствија, при што можат да се поделат во две групи како: а. симболи на култот и б. инструменти на култот.[52] Според нивната иконографија, а во согласност со податоците кај античките автори за верувањата на Пајонците, неспорно е дека станува збор за манифестации поврзани со култот на сонцето и со свештенички – чувари на тој култ.[53]

Симболи на култот претставуваат сите оние приврзоци или апликации што се носеле на облеката или биле обесени на одредени делови од телото (сл. 27). Сите тие на врвот обично имаат изведено алка за прикачување. Во суштина, станува збор за различни видови приврзоци, најчесто фигури на птици или нивни модификации кои можат да се јават како делови од комплексни приврзоци. Во секој случај, тие го афирмираат култот и ги илустрираат верувањата на населението, но исто така го истакнуваат значењето и улогата на погребаниот како свештеничка на тој култ.

Најсилен израз на култот на сонцето сепак биле објектите што ги именуваме како инструменти на култот. Тоа се предметите што учествувале во ритуалните активности на свештеничките, кои при нивното погребување биле специјално третирани, обично полагани издвоено врз, или покрај телото на свештеничката. Таквата позиција

[48] Mitrevski D. 1988; Bouzek J. 2006; Mitrevski 2013, 227.

[49] Vasić R. 2003, fig 3–4; Andrea Z. 1976; Bouzek J. 1974; Kilian Dirlmeir I. 1979; Kilian K. 1975; Kiliaan Dirlmer I. 2002, taf. 63–64.

[50] Mitrevski D. 2007; Mitrevski D. 1999.

[51] Mitrevski D. 2007; Papazovska A. – Huseinovski B. 2019.

[52] Mitrevski D. 2007, 574.

[53] Vasileva M. 1994, 21–27, Mitrevski D. 1999, 85.

Сл. 25. Наоди на пајонски култни бронзи



Сл. 26. Карта на распространетост на пајонските култни бронзи: 1 Куч и Зи, 2 Плаошник, 3 Висои, 4 Битола, 5 Градешница 6 Рајец, 7 Пателi, 8 Архонтико, 9 Бохемица, 10 Чаушица, 11 Сува Река, 12 Милци, 13 Смоквица, 14 Марвинци, 15 Болован, 16 Дедели, 17 Демир Капија, 18 Градско, 19 Д. Оризари, 20 Велес, 21 Сопот, 22 Орешани, 23 Бучинци, 24 Кумановска Бања, 25 Кнежје, 26 Радање, 27 Кршла, 28 Љубота, 29 Амфиполис

на овие објекти во гробовите и нивната позиција во однос на скелетните остатоци зборуваат дека служеле како алатки- инструменти во практицирањето на култните активности на свештеничката. Во таа категорија, како најистакнати типови се издвојуваат: големите кружните плочи, чашките со капаче, минијатурните садчиња и роглестите предмети (сл. 28).

Големите кружни плочи досега се откриени во неколку примероци, најдобро познати преку примерокот од Марвинци (гроб 15) и два други наоди од Чаушица (сл. 28–2).[54] Тие биле декорирани со втиснати концентрични кругови и врежани снопови на линии, што може да се прифати како симболизирање и експонирање на самото сонце. Прашањето е на кој начин биле употребувани таквите кружни плочи – дали биле носени на стап, како што забележале античките автори во описите за обожувањето на сонцето кај Пајонците, или едноставно биле дел од ритуалниот појас, како што сугерираат археолошките услови во кои се откриваат таквите плочи. Во секој случај, тоа бил централниот и доминантен објект во практикувањето на култот на сонцето и, секако, при погребувањето на свештеничките.

Бронзените чашки со капаче (*pyxis pendants*) се најекспонираните предмети меѓу пајонските култни бронзи (сл. 28–4). Се јавуваат во различни варијанти и величини, во зависност од локалните можности и сфаќања, но секогаш оформени според истиот концепт во два дела, со чашка како контејнер во кој се чувале одредени суп-

[54] Mitrevski D. 1999, T. III–3; Casson S. 1968, fig. 59–62, p. 155.

станци и капаче со кое била затворена содржината во чашката.[55] Најверојатно биле носени на кожни врпци што биле протнувани низ страничните дупчиња на чашката и на капачето, кое се држело затворено со поголемо кружно монистро. Според досегашните наоди, се чини дека најмалите чашки биле најпопуларни, а поради нивната сублимирана форма налик на чушка од афион, познати се и како афионови чашки. Хемиските анализи од внатрешноста на таквите чашки покажуваат присуство на морфини, поточно дека во нив се чувал катран од афион.[56] Кај сите нив, било на самата чашка или на капачето, биле моделирани птичји протоми или стилизирани птици, а нивните тела обично биле декорирани со врежани низи од паралелни линии и втиснати концентрични кругови. Сето тоа јасно упатува на сончеви симболи и претстави на сонцето во различни варијанти.

Сл. 27. Пајонски култни бронзи како симболи на култот на сонцето

Минијатурните бронзени садчиња се јавуваат во две верзии – како бокалчиња со косо засечен врат и како зделички со хоризонтално извлечена држалка. Тие во суштина претставуваат копии на локалната керамична продукција, само во минијатурна, бронзена продукција (сл. 28–3).[57] Се откриваат во различен контекст, но никогаш во доволно речита ситуација, така што се смета дека биле носени како приврзоци, најчесто на појасот.

Слична е ситуацијата и со неколкуте бронзени предмети во форма на консекративни рогови (Орешани, Радање, Вардарски Рид, Чаушица и др.) (сл. 28–1). За нив може само да се претпоставува како и во кои свештенички активности биле користени. Долниот дел на тие предмети бил празно-цилиндрично излиен, што индицира дека во него бил вметнуван дрвен држач, слично на всадниците за дрвениот стап кај железните врвови од копја. По тоа може само да се претпостави дека таквите предмети биле носени на дрвен држач.

[55] Bouzek J. 1973; Kilian K. 1975, taf. 34–44; Vasić R. 1974, 230–232.

[56] Анализите се направени на Институтот за хемија на Природноматематичкиот факултет во Скопје.

[57] Bouzek J. 1974; Kilian K. 1975.

Сл. 28. Пајонски култни бронзи како инструменти на култот на сонцето

Според бројот, разновидноста и локалните белези на досега откриените форми на пајонски култни бронзи се издвојуваат три регионални групи. Како централен регион на продукција на пајонските култни бронзи, се истакнува долното Повардарје или *јужнопајонската група*, каде металургијата на бронза била најразвиена. На север од Демир Капија до скопско-кумановскиот регион со долината на Брегалница се издвојува *севернопајонската група*, додека Пелагонија и охридскиот регион ја формираат *западната група* на пајонски култни бронзи. Сите тие групи се карактеризираат по особената популарност на одредени форми во чија продукција се евидентни локалните белези, изразувајќи ги така вкусот и можностите на различните пајонски заедници на железното време.[58]

Компаративната анализа на наодите од над илјада досега истражени гробови во различни некрополи дозволуваат да се заклучи дека пајонските култни бронзи се јавуваат само во контекстот на VII век пр. Хр. Во текот на VI век тие се веќе излезени од употреба, поточно биле заменети од нови форми на приврзоци и висолци, кои сепак не можат толку строго да се врзат само за пајонските заедници и територија. Напротив, тие биле распространети на целата територија на подоцнежната античка македонска држава. Поради тоа, тие се познати како *помлади* или *маниристички македонски бронзи*, наспроти пајонските култни бронзи кои влегуваат во групата т.н. *постари македонски бронзи*.[59] Во секој случај, пајонските култни бронзи биле продукт на пајонската уметност и естетика, а произлегуваат директно од пајонската религија и ритуални практики. На тој начин, тие се сметаат за најсилен израз на пајонската култура воопшто.

[58] Mitrevski 2021, fig. 11–13.

[59] Bouzek J. 1974; Bouzek J. 1997, fig 110.

Пајонско кралство и престолнина

Во текот на V век пр. Хр., Пајонците почнале да прифаќаат поедини вредности од класичната хеленска култура, со што го започнале процесот на постепено хеленизирање на својата локална култура. Но, тој процес не се одвивал подеднакво кај сите пајонски заедници. Јужнопајонските заедници биле повеќе изложени на културните влијанија од југ, а со ширењето на долномакедонското кралство мошне рано (уште кон крајот VI век пр. Хр.) станале негов конститутивен дел. Наспроти нив, северните пајонски заедници ја зачувале својата политичка независност, така што во тој регион била востановена т.н. *држава на независните Пајонци*. Таа држава имала значајно место и улога во историските настани од V до II век пр. Хр. Била монархија од наследен тип со своја кралска династија, монетарен систем, администрација и секако своја престолнина. Археолошките остатоци од таа престолнина се веќе откриени на локалитетот Градиште во село Кнежје кај Свети Николе, каде се убицира Билазора, „најголемиот пајонски град" од пишаните историски извори (сл. 29).[60] Од тие причини, неопходно е да се задржиме на ситуацијата откриена на тој локалитет, каде карактерот и белезите на раноантичкиот културен развиток на Пајонците се најевидентни и најречити.

Културниот континуитет меѓу железнодопската населба на локалитетот Градиште – Кнежје и раноантичкиот град Билазора е веќе неспорен и археолошки јасно потврден. Самиот локалитет е расположен на три висински тераси, на површина од вкупно дваесет хектари, со централен, највисок, доминантен или акрополски дел.

Најстарата железнодопска населба била позиционирана само на акрополниот дел од локалитетот. Била заштитена со одбранбен бедем од сувосидани покрупни аморфни камења и заштитен ров пред него. Железнодопската населба била во употреба од VII до V век пр. Хр., за што зборуваат бројните движни наоди во најдолните слоеви на акрополата – керамика, алатки, накит и слично – кои се врзуваат за остатоци од типична балканска праисториска архитектура. Соодветната некропола на таа населба била лоцирана на соседното благо возвишение каде се истражени дваесетина гробови, сите цисти од камени плочи. Наодите откриени на некрополата, иако во најголемиот дел како прилози од растурени гробови, соодветствуваат со оние во железнодопските слоеви од населбата. Меѓу нив се издвојуваат одредени типови на пајонски бронзи и други форми бронзен накит, карактеристични за VII и VI век пр. Хр. (сл. 30).

Во текот на V век се случила комплетна реорганизација на просторот, при што населбинскиот живот бил раширен и добро организиран на пониските тераси, додека акрополата останала како резервирана и посебно заштитена површина, наменета за нововостановената администрација, со резиденцијален дел за владетелската фамилија (сл. 31). Со тоа населбата ги добива сите карактеристики на урбан центар, кој по својата позиција и површина со право се идентификува со најголемиот пајонски град Билазора.[61] Со археолошките истражувања на самата акропола се откриени појави и содржини од таков карактер што јасно зборуваат дека Билазора не бил само најголемиот град на Пајонците според површината што ја зафаќал, туку и најголем по своето значење, поточно дека станува збор за престолнината на независните Пајонци.[62]

[60] Mikulčić I. 1976; Mitrevski D. 2016.

[61] Mikulčić I. 1976, 149–165.

[62] Mitrevski D. 2016; Mitrevski D. 2017.



Сл. 29. Позиција и основа на Билазора

Сл. 30. Наоди од железното време од Градиште – Кнежје: а. метални наоди од железнодопските слоеви во населбата, б. гробни дарови од растурени гробови во некрополата

Откриените бројни движни наоди и сите недвижни структури на акрополата зборуваат дека просторот имал карактер многу сличен на акрополите во микенските центри. Целиот внатрешен простор бил зафатен со јавни и репрезентативни градби и содржини што морале да бидат посебно заштитени. Затоа, кон крајот на векот, околу акрополата бил изграден засебен фортификациски систем со масивен бедем од камени блокови, делумно обработени и специјално поставени влезови и кули за лесна контрола и одбрана на акрополата.

На северниот крај од акрополата се наоѓал главниот влез со делови од северното бедемско платно, како и низа придружни објекти поврзани со влезната партија и главниот пат што водел кон внатрешноста на акрополата, кон централната, најголема и доминантна градба – владетелската палата (сл. 32). Други градби со станбен или цивилен карактер на акрополата не се откриени. Напротив, сите откриени објекти на акрополата имаат магацински, економски или војнички карактер и биле така организирани, очигледно во служба на палатата и нејзините станари.[63]

Палатата претставува комплексен објект кој според својата позиција, архитектонски, градежни и декоративни елементи, а најмногу според распоредот и карактерот на просториите околу централниот отворен атриум, се афирмира како резиденцијална градба на владетелската фамилија (сл. 33).[64] Таквата нејзина определба ја потврдува, меѓу другото, и големата концептуална сличност со познатата македонската кралска палата во Вергина (Aigai).[65]

Покрај палатата, во нејзина непосредна близина се наоѓа уште една градба, мал храм од дорски тип, кои заедно ја исполнуваат безмалку целата јужна половина на акрополата и се третираат како „владетелски комплекс“ во најтесна смисла на зборот (сл. 31).[66] Двата објекти се меѓусебно тесно поврзани во единствена функционална архитектонска и културна целина. Двете градби биле градени со единствени градежни и архитектонски елементи. Нивната заедничка стратиграфска позиција и внатрешен инвентар зборуваат дека биле изградени кон крајот на V век пр. Хр., а биле во употреба главно низ IV век, до првите векови на III век, кога биле истовремено насилно урнати, за повторно да не бидат обновени.

Палатата била изградена на најдоминантниот дел на акрополата и зафаќала простор од околу 50x50 метри. Целиот терен, како и околината предвидена за градење на палатата со придружните објекти, поради природниот пад на теренот бил најпрво добро изнивелиран. Нивелацијата била постигната со рамнење на теренот и нанесување на дебел слој компактна светложолта глина, со што била добиена единствена хоризонтална површина на целиот простор наменет за т.н. владетелски комплекс.

Во градењето на палатата биле употребени убаво делкани правоаголни блокови од локален камен-песочник за ѕидање на нејзините долни партии, додека горните зони од надворешните ѕидови биле формирани од непечени тули. Внатрешните ѕидови што ги издвојувале поедините простории по правило биле целосно градени од тули.

---

[63] Mitrevski D. 2016, 67–70.

[64] Mitrevski D. 2018, fig. 1–3; Mitrevski D. 2019, 345–353.

[65] Saatsoglou-Paliadeli Ch. 2001, 201; Andronikos M. 1984.

[66] Mitrevski D. 2018.



Сл. 31. План на акрополата на Билазора

Просториите во палатата имаат различни димензии, намена, sидна декорација и инвентар (сл. 33). Следејќи ги редоследно, најпрво се издвојува главната влезна партија. Станува збор за репрезентативен влезен простор, формиран од четири скалила и фасада со два централни носечки столбови, преку кои се влегувало во палатата, поточно во влезната просторија. Сите елементи од фасадата на главниот влез (бази, столбови, капители, архитрав, корниз, странични пиластри и т.н.) се откриени во изворна положба на паѓање, пред самиот влез (сл. 34). Поедини делови од влезната фасада, главно столбовите и корнизот, биле обоени со бела или црвена боја. Од друга страна, веднаш пред скалилата од влезот, допрени до самиот северен надворешен sид од палатата, биле оставени или убаво наредени еден до друг двата коринтски капители. Значајно е што капителите со повеќе од околу 30% не биле довршени во својата изработка, така што според нивната позиција на откривање, како и по фактот што останале недоработени, очигледно никогаш не биле употребени.[67]

Најверојатно, непосредно пред финалното уривање на палатата се подготвувала обнова на фасадата во нов, коринтски стил, но таквиот план очигледно никогаш не стигнал да се реализира. Планираните нови капители, кои биле делкани од локален камен најверојатно на лице место, пред палатата, останале недовршени да чекаат по-

[67] Mitrevski D. 2018, fig. 7.

добри времиња кои никогаш не пристигнале. Во каков стил била градена првичната, постара фасада може само да се претпостави. Нодите на двата дорски столбови, што го носеле преминот во северниот трем од централниот атриум, упатуваат на првично користење на дорскиот стил во архитектурата на палатата.

Од влезната партија се влегувало во долгата отворена просторија што се пружала долж источниот надворешен ѕид на палатата, а од неа – во централниот дел на палатата, или во отвореното двориште (сл. 33). Иако по својата диспозиција потсетува на коридор, сепак таа просторија претставувала репрезентативен простор, чии ѕидови биле украсени со фреско-декорација. Фреските во al secco техника биле нанесени во две зони, подолната во црвена, а погорната зона во црна боја; таванот бил во бела боја, а подот – најверојатно дрвен.[68]

Во централниот дел на палатата се наоѓа отворено двориште или централен атриум, кој бил фланкиран од сите четири страни со покриени тремови. Самите тремови биле отворени кон атриумот, каде нивната покривна конструкција се потпирала на низа од најверојатно дрвени столбови, од кои се сочувани само камените бази. Дождовните води што се слевале од покривите на сите четири тремови биле собирани во систем од канали, кои ја одведувале водата надвор од палатата кон пониски партии на теренот, поточно кон западната тераса (сл. 35).

Сл. 32. Северната влезна партија во акрополниот дел на Билазора

[68] Mitrevski D. 2018, fig. 10.



Сл. 33. План на истражениот дел од владетелската палата

Сл. 34. Главната влезна партија во владетелската палата

Подните површини на тремовите биле дрвени, а на нив се откриваат главно камени рачни мелници, дробилки, високи авани од камен и други остатоци од економиката на палатата. Од тремовите, преку воедначени камени прагови кои носеле еднокрилни дрвени врати, се влегувало во соодветните простории околу атриумот. Станува збор за простории различни по димензија и намена. На подовите на просториите се откриваааат различен тип наоди, како недвижен или движен инвентар. Притоа, се чини дека од движен инвентар останало само она што не било највредно за да се засолни пред последната опасност и нејзиното финално уривање. Сепак, и со така редуцираниот инвентар, овие простории во голема мера може да се одредат како економски, или заеднички простории за потребите на целата палата. Тоа, пак, овозможува да се претпостави дека палатата имала и втор кат.

Sидовите на сите простории во приземјето биле од непечени тули, премачкувани со слој варов малтер, врз кој била нанесувана фреско-декорација (сл. 33 и 36).[69] Боењето било изведено со широки боени површини врамени со бордури во друга боја, а се откриваат и делови со посложена геометриска декорација како спирали, кругови, хоризонтални и вертикални ленти и слично. Сите овие мотиви биле боени во различни бои (црвена, црна, нијанси на сива, окер, портокалова, сина и др.), при што било остварено високо ниво на квалитет (сл. 36).

По својата конципираност и намена се издвојуваат просториите од северното крило. Во него се влегувало преку северниот трем на централниот атриум, низ еден широко отворен премин што го носеле два дорски столба. Преку тој премин се влегувало во една меѓупросторија (anteroom), што служела за влез во единствената кружна, т.н. толос-просторија, лоцирана во источниот крај на северното крило (сл. 37). Со исклучок на две бронзени монети, првата на Александар III и втората на пајонскиот крал Леон, не се откриени други позначајни движни наоди. Контекстот на откривање на монетите – на самата подна површина, под паднатата покривна конструкција – на најилустративен начин го датира крајот на користењето на палатата.[70] Тој секако се случил во време на владеењето на кралот Леон, кога во циркулација сè уште биле и монетите на македонскиот крал Александар III. Едновремената циркулација на пајонски и македонски монети ја потврдуваат уште неколку монети откриени во исти услови, но надвор од палатата, во слободниот простор помеѓу влезовите во палатата и хармот. Станува збор за две бронзи на Деметриј Полиоркет, една на Касандар и една монета на градот Лариса.

Толос-просторијата зазема доминантна позиција во палатата, со површина од 9 метри во пречник (сл. 33 и 37). По своите конструктивни елементи, како и архитектонските и археолошките белези, таа се издвојува како посебна целина. Претставува градба со кружна форма вписана во квадратна основа, изsидана во долната зона од делкани камени блокови, над чие круниште sидањето продолжувало со непечени тули. Имала посебен и единствен влез од запад, на кој не е откриен вообичаениот праг (монолитен блок со жлебови од вратата) кој се среќава на влезовите во сите други простории. Тоа сугерира дека влезот во толос-просторијата бил отворен, а нејзината намена – јавна и достапна за секого во палатата. Најголемиот број и најзначајните движни

[69] Mitrevski D. 2018, fig. 14.

[70] Mitrevski D. 2018, no. 16.

Сл. 35. Дел од централното, отворено двориште со системот за одвод

наоди откриени во палатата се врзуваат токму за оваа просторија.[71] Подот на просторијата бил од замазнета глина, во која биле копани плитки јамички. Во самите нив и околу била оставана керамика, како и мноштво животински коски.

Меѓу керамиката се откриваат различни форми на садови, главно поспецифични садови со повисоки естетски вредности. Сите тие се локални продукти, но од висок ранг и значење, а заедно со бројните животински коски доволно јасно зборуваат за практицирање на одредени култни активности во внатрешноста на толос-просторијата. Со ваквите наоди, таа на доволно документарен начин се експонира како култен простор во палатата, слично на таквата појава во познатата палата на македонските владетели во Вергина, каде што култниот карактер само се претпоставува.[72]

На спротивниот, западен дел на северното крило на палатата се распоредени две простории во кои се откриени огниште и печка, како и концентрација на различни видови огништна и кујнска керамика (сл. 33). Сето тоа го определува тој простор како кујнски дел на палатата. Од тие меѓусебно поврзани простори, преку масивен камен праг се излегувало во тесниот т.н. влезен западен ходник, кој ги раздвојувал просториите од северното и западното крило на палатата. Ходникот се поврзувал со т.н. западен влез, поточно со евентуалната капија во западното бедемско платно, од каде директно се влекувало во палатата.

Од т.н. западен ходник, преку монолитен камен праг со вообичаените жлебови за еднокрилна дрвена врата, се влегувало во првата или најсеверна просторија од западното крило на палатата, која според инвентарот неспорно имала трпезариски карактер. Соседните две простории од западното крило имале засебни влезови преку стандардите камени прагови директно од западниот трем на атриумот. Нивната намена, според откриените движни наоди на нивните подови (амфори, хидрии, камени мелници и др.), упатува на простории со складишно-магацински карактер.[73]

Според стратиграфските податоци, односот на градежните елементи, како и според хронологијата на движните наоди, палатата била во употреба од крајот на V до првите децении на III век пр. Хр. Притоа евидентни се две градежни фази, од кои постарата се врзува за наодите од крајот на петтиот и првата половина на четвртиот век, додека помладата фаза за појавите од втората половина на четвртиот и првите децении на третиот век пр. Хр.

Основниот план на палатата бил реализиран во првата градежна фаза, чие уривање се случило околу средината на четвртиот век. Обновувањето, или новата градежна фаза на палатата, подразбирала нова фасада, нови подови и нови ѕидни платна од непечена тула, декорирани со нова фреско-декорација. Во исто време, непосредно на север од главниот влез била додадена нова градба како посебно, северно одделение. Таквата палата била во употреба низ втората половина на четвртиот век, приближно до првите децении на третиот век, кога била насилно урната во силен пожар, за повеќе да не биде обновена.

---

[71] Iliev J. 2017.

[72] Saatsoglou-Paliadeli Ch. 2001, 202–203.

[73] Mitrevski D. 2018, fig. 13, fig. 22.

Сл. 36. Поедини внатрешни ѕидови од палатата украсени со фреско-декорација

Сл. 37. Влезот во т.н. толос-просторија во фаза на ископување

На подовите од последната употреба на палатата, освен споменатите главно керамични наоди и монетите на Александар III и Леон, се откриени и моштво други ситни наоди.[74] Најчесто станува збор за бронзен накит (фибули, белегзии, игли, прстени, копчиња и сл.) како и низа железни сечила (најчесто ножеви), сите откривани без ред, расфрлани најчесто на просторот во централниот атриум и во околните тремови. Меѓу нив за посебно издвојување се поедини ретки наоди: една бронзена појасна копча, оловен проектил со натпис, едно монистро од сина стаклена паста со рељефни претстави на двете страни – ликови на брадест маж (најверојатно сатир-силен) како и една оловна пломба со четиризрачна ѕвезда или сонце (сл. 38). Сите овие наоди се карактеристични главно за четвртиот век, а оловната пломба претставува најсилен индикатор за административно-државничките активности што се одвивале во палатата.[75]



Сл. 38. Избор од поедини наоди од палатата во Билазора

Во истиот контекст, со посебна концентрација во јужната половина на палатата – каде опожарувањето било најсилно – се откриени стотини врвови од железни стрели. Станува збор за конусно издолжени проектили што напаѓачите ги користеле како огнени стрели, очигледно за предизвикување пожар. По правило се откривани во изворна положба, најчесто во нивото на колабираната покривна конструкција, или во спалениот слој врзан за подните површини.[76] Со тоа, тие многу речито го документираат самиот момент и начинот на уривање, поточно финалното опожарување на палатата. На истиот заклучок упатуваат и условите во кои се откривани другите ситни наоди, особено примероците на накит и монетите. Нивното откривање без некој посебен

[74] Mitrevski D. 2018, fig. 20–28; Mitrevski D. 2019-a, 321–330.

[75] Adam-Veleni P. 2010, кат бр. 435, 377; Mitrevski D. 2016, fig. 245, 165; Mitrevski D. 2018, fig. 25; Angelov B. 2013, 255–263.

[76] Mitrevski D. 2018, fig. 29.

контекст, на различни места, на подовите главно на комуникативните простории, упатува на условите во кои се случило последното уривање на палатата, поточно за брзината на криењето на највредните движни предмети од палатата пред опасноста што наидувала.

На само два метра до северозападниот агол од палатата се наоѓа втората градба од т.н. владетелски комплекс, храм со анти, граден во дорски стил (сл. 31 и 39). Ориентиран е во правец исток–запад, врз основа со димензии 9x10 метри, при што со западната или задна страна бил залепен на западното бедемско платно од акропола, додека со спротивната или челна страна бил позициониран да гледа кон главната влезна партија на палатата. На тој начин, помеѓу влезот во храмот и влезот во палатата се отвора поголем слободен простор, како заеднички комуникативен простор.

Челната страна на храмот ја сочинувал широк стилобат на едно скалило; од него се зачувани деловите од темелната зона и дел од круништето во средината, каде врз специјално изработена база од песочен камен бил поставен централниот столб. Зачувани во изворна положба на паѓање се 3 тамбури со по 20 канелури и дорски капител. Исто така се зачувани уште други дванаесет делови од архитравната греда со гути, фризот со триглифи и метопи и венецот, т.е. корнизот со мутули и страничните анти (сл. 39). Токму просторот околу храмот долго време бил користен од денешните мештани како мајдан за убаво делкани камени блокови, така што се зачувале само оние делови од храмот што се наоѓале најдлабоко под модерната површина на теренот, или околу 30% од фасадата на храмот и неговите темели. Сепак, и таквиот степен на зачуваност бил доволен за негова целосна определба и реконструкција. Единствена дилема притоа е дали фасадата ја носел само еден централен столб, или постоеле уште два други дорски столбови, чии делови не се откриени. Зачуваните делови, пак, од архитравната греда упатуваат на тоа дека таа била изработена од повеќе, најмалку четири дела, секој со должина од 1.70 метри, колку што е и растојанието меѓу столбовите од влезната фасада на палатата. Токму тој момент зборува за неопходноста архитравот да го носеле, освен страничните анти и централниот столб, уште други два столба. Не треба да се отфрли ниту можноста двата други столба да биле изработени од дрво.

Како и да е, според стратиграфската позиција и условите во кои се откриени остатоците од храмот, извесно е дека тој пострадал на истиот начин и во истото време, поточно при истите настани во кои настрадала и палатата. На различни позиции, надвор, но во непосредна близина на градбата се откриени бројни наоди, сведоци за настаните што се случувале околу храмот непосредно пред неговото опожарување и финално колабирање. Така, во истиот слој со рушевинските остатоци од храмот се најдени, меѓу другото, остатоци од непогребани човечки скелети, заедно со неколку примероци на железно оружје (копја, ножеви и стрели), секаде проследени со веќе споменуваните железни пирамидални врвови од огнени стрели.[77]

Меѓу останатите наоди откриени во истиот контекст се издвојуваат деловите од еден ритуален мермерен сад – лутерион (долниот дел од ногата, една украсна волута и самиот реципиент) (сл. 40);[78] садот со функција на мал базен бил изработен од боен

[77] Mitrevski D. 2018, fig. 29.

[78] Robinson D. M., Mylonas G. E. 1946, 246; Mege F., 2013, 92–94; Mitrevski D. 2018, fig. 32.



Сл. 39. Остатоци од дорскиот храм со негова можна реконструкција

мермер и служел за ритуално миење пред влезот во храмот. Најдена е и една бронзена монета на македонскиот крал Деметриј Полиоркет, како и долен дел од еден кантарос, црнофирнизиран атички импорт од доцнокласичен тип. Бронзената монета на Деметриј Полиоркет само го фиксира ваквиот настан некаде во третата деценија од III век пр. Хр.

Тргнувајќи од сето досега кажано, финалното рушење на владетелскиот комплекс во Билазора можеме лесно да го поврземе со некој од нападите на Келтите (Галите) и нивната воена кампања кон југ во годините околу третата деценија на третиот век пр. Хр. По ова, владетелскиот комплекс веќе не бил обновуван, со што Билазора повеќе не била истиот град, со дотогашната моќ и значење. Животот во него најверо-

јатно продолжил, но со значително намален интензитет и драстично опаднатa економска и одбранбена моќ. Со тоа, градот станал крајно податен за перманентно навлегување на Дарданците од север во нивните пљачкашки походи на пајонска и македонска територија. Во секој случај, земјата на т.н. независни Пајонци со келтските освојувања ја доживеала истата судбина како и посеверните, богати раноантички населби на Агријаните во Скопско и Кумановско. Сите тие згаснале во истото тоа време, со што се отворил пат за навлегување на Дарданците од север, најпрво во Скопско, а потоа и на територијата на независните Пајонци. На тој начин било загрозено и големото македонско кралство, така што кралот Филип V бил принуден да преземе решителна кампања против дарданската опасност.

Античките автори нè информираат за овие настани преку повеќе записи, при што се издвојува описот на Полибиј за заземањето на Билазора од страна на Филип V во 217 година пр. Хр. Во него се споменува – а археологијата тоа го потврдува – дека Филип V ја преуредил акрополата на Билазора за воено-касарнски потреби, со што конечно биле ставени под контрола сите премини од север во Пајонија и Македонија. Со тоа биле оневозможени дарданските походи кон југ, со што во добра мера била отстранета дарданската опасност.

Владетелскиот комплекс во Билазора во тоа време, кон крајот на III и во текот на II век пр. Хр., веќе бил заборавен и покриен со дебел слој еродирана земја од повисоките партии на теренот, што е убаво документирано во сите стратиграфски пресеци на тој дел од акрополата. Со востановувањето на непосредната македонска управа на Билазора под власта на Филип V, градот почнал да ја испишува последната страница од својата историја и, воопшто, од пајонската историја. Веќе во следната етапа, за време на владеењето на последниот македонски крал Персеј, од Билазора останале само сеќавањата за претходните славни времиња. Државата на т.н. независни Пајонци под власта на нивните кралеви Агист, Ликпеј, Патрај, Авдолеон, Леон и Дропион, како и нивната престолнина во Билазора, живееле како историја само уште во записите на античките автори.

Културните карактеристики на археолошките наоди од времето на суштествување на Билазора како кралска престолнина зборуваат дека процесот на хеленизација не ги имал зафатено подеднакво обичното население и аристократијата. Животот на акрополата и во владетелскиот комплекс манифестира речиси целосно прифаќање на класичните хеленски вредности уште во текот на IV век пр. Хр.[79] Наспроти тоа, кај обичното население, распоредено на терасите на Билазора, сè уште се негуваат традиционалните вредности без некои позначајни културни промени.

По финалното уривање на владетелскиот комплекс во Билазора, постепено почнала да гасне и државата на независните Пајонци, која набргу стигнала до самиот крај на својот кус, но содржаен историски пат. Во исто време, тоа значело и крај на долгиот и континуиран пајонски културен развој.

[79] Mitrevski D. 2019a, 321–330.

Сл. 40. Поединечни наоди пред влезот во храмот

ЛИТЕРАТУРА

Abazi Lj. – Tolevski I. 2018*: Tumba-Brvenica, Necropolis: A contribution to the Bronze Age in Polog, Giving Gifts to God*, NM Kumanovo, Kumanovo 2018.

Adam-Veleni P. 2010: *Glass Cosmos, Akanthos*, AMT, Thessaloniki 2010.

Alexandrov S. 1995: The Early Bronze Age in Western Bulgaria: Periodization and Cultural Definition, *Prehistoric Bulgaria*, Monographs in World Archaeology 22, Medison Winsonsin, 1995.

Alexandrov S. 1998: Pottery from the End of the Early Bronze Age in Western Bulgaria, In the Steps of James Harvey Gaul Vol. 1, Sofia 1998.

Александров С. 2015: Могилни гробове от Ранната бронзова епоха в Тракија (50 години по-ксно), Археологија, год. LVI, Кн.1-2, Софија 2015.

Aleksandrov S. 2018: *The Early and Middle Bronze Age in Bulgaria: Chronology, Periodization, Cultural Contacts and Precious metal Finds, Gold and Bronze*, NAIM, Sofia 2018.

Andrea Zh. 1976: La civilisation des tumuli de bassin de Korce, *Iliria* IV/1, Tirana 1976.

Andrea Zh. 1993: Aspects des relations entre L'Albanie et la Macedoine durant l'age de fer, *Ancient Macedonia* V/1, Thessaloniki 1993.

Andreu S. – Fotiadis M. – Kotsakis K. 1996: Review of Aegean Prehistory V: Neolithic and Bronze Age of Northern Greece, *American Journal of Archaeology* 100.

Andronikos M. 1984: *The Royal Tombs and the Ancient City*, Athens 1984.

Angelov B. 2013: Survey for the Studying of the Lead Projectilles and findings from Carevi Kuli- Strumitsa, *FAB* II, Skopje 2013.

Aslanis J. 1985: Kastanas - Die Frihbronzezeilischen funde und befunde, *PAS*, Band 4, Berlin 1985.

Bejko L. 2002: Mycenaean Presence and Influence in Albania, *Greek Influence along the East Adriatic Coast*, Split 2002.

Bouzek J. 1974: Macedonian Bronzes. Their origins, distributions and relation to other cultural groups of the Early Iron Age, *Pamet. archeol.* LXV, Praha 1974.

Bouzek J. 1986: Macedonia and Thrace in the Early Iron Age, *Anc. Maced.* IV, Thessaloniki 1986.

Булатовиќ А. – Станковски Ј. 2012: Бронзено време во базенот на Јужна Морава и долината на Пчиња, АИ Београд, Кн. 52, Београд–Куманово.

Vasić R. 1987: Gevgeliska grupa starijeg gvozdenog doba, *PJZ* V, Sarajevo 1987.

Vasić R. 2002: Bronzeni privezak iz Radenkovika, *Zbornik Muzeja Srema* 5, Sremska Mitrovica, 2002.

Vasileva Z. – Minkov P. 2018: Cultural influences and Long distance Contacts during the 3rd Millenium BC, *Gold and Bronze*, NAIM, Sofia 2018.

Videski Z. 2005: The Bronze Age at Vardarski Rid, *Vardarski Rid Tom I*, Fil. Fak., Skopje 2005.

Видески З. 2005: Енеолитска населба Врањак, с. Варвара-Скопско, *ЗММ - Археологија* 2, Скопје 2005.

Видески З. 2006: Мат сликаната керамика од доцнобронзенодопската некропола Димов Гроб, с. Уланци – Градско, *Folia Archaeologika Balkanica* 1, Скопје 2006.

Garašanin M. 1982: The Bronze Age in the Central Balkan Area, *CAH* vol. III/1, Cambridge 1982.

Garašanin M. 1983: Podunavsko-balkanski kompleks, *PJZ* IV, Sarajevo 1983.

Iliev J. 2017: Толос просторијата во владетелската палата во Билазора, *Giving Gifts to God*, Proceeding of the International Conference, Kumanovo 2017.

Jovanova L. 2015: Skupi - Necropoli, *Inventaria Archaeologica Personarium* II, Skopje 2015.

Jovcevska T.2008: Manastir - nekropola od preodniot period od docnoto bronzeno vo zelezno vreme, Naroden Muzej Veles, Veles 2008.

Kilian K. – Dirlmeir I. 1979: Anhanger in Griechenland von der mykenischen bis zur spatgeometrischen Zeit, *PBF* XI/2, Munchen 1979.

Kilian K. 1975: Trachzubehor der Eisenzeit zvischen Agais und Adria, *Pr. Z.* 50, Berlin 1975.

Китаноски В. 1978: Ранобронзенодопски гробови од Варош кај Прилеп, *Maced. acta archaeol.* 4, Прилеп 1978, 33–58.

Luci K. 1997: Relation Between Kosovo and Mycenae during the Bronze Age, *Macedonia and the Neighboring Regions from III to I Millenium BC*, Struga 1997.

Luci K. 2007: Dating the Donja Brnjica Culture Baset on the Metal Finds, *Strymon Praehistoricus*, Gerda Henkel Stiftung, Sofia 2007.

Mikulčić I. 1960: Mogili od Orlova Čuka kaj selo Star Karaorman, *ZNMS* 2, Štip 1960.

Mikulčić I. 1976: Die Lage von Bilazora (Ubikacija na Bilazora), *God. Zbornik na Fil. Fak.* 2 (28) Skopje 1976.

Митревски Д. 1988: Карактеристични форми на „Македонски Бронзи" од наоѓалиштата по долината на Вардар, *Maced. acta archaeol.* 9, Скопје 1988.

Mitrevski D. 1994: A Brnjica Type Necropolis near Skopje, *Starinar* XLIII-XLIV, Beograd 1994.

Mitrevski D. 1997: Proto-Historical Communities in Macedonia, *RZZSK* XXVII, Skopje 1997.

Mitrevski D. 1998: New Aspects of the Bronze Age Sites on the Northern Periphery of the Mycenaean World, *Mensch und Umwelt in der Bronzezeit Europas*, Oetker-Voges Verlag, Kiel 1998.

Mitrevski D. 1999: The spreading of the Mycenaean Culture through the Vardar Valley, *Ancient Macedonia* VI, t. 2, Thessaloniki 1999.

Митревски Д. 1999: Гробот на Пајонската свештеничка од Марвинци, *Maced. acta archaeol.* 15, Скопје 1999.

Mitrevski D. 2007: Priestess Burials of the Iron Age in Macedonia, *Situla* 44, Ljubljana 2007.

Митревски Д. 2013: Праисторија на Република Македонија, *Македонија – Милениумски факти*, Кн. 1, Скопје 2013.

Mitrevski D. 2012: Lower Vardar or Amphaxitis pottery from the Iron Age, *Archaic pottery of the Northern Aegean and its Periphery* (*700-480 BC*), Aristot. Univ., Thessaloniki 2012.

Mitrevski D. 2016: *Ancient Bylazora – A Capital of the Independent Paeonians*, Slavjanski Univerzitet, Sveti Nikole 2016.

Mitrevski D. 2018: Bilazora - vladetelski kompleks, *Monumenta* 2, MANU, Skopje 2018.

Mitrevski D. 2019: The Ruller's Palace in Bylazora - Capital of the Independent Paeonians, *Zbornik radova u čast R. Vasića*, Arch. Ins. SANU, Beograd 2019.

Mitrevski D. 2019a: Classical Pottery from the Royal Palace in Bylazora, *Classical Pottery of the Northern Aegean and its Periphery* (*480-300 BC*), Univ. Stud. Press, Thessaloniki 2019.
Mitrevski D. 2021: Paeonian Cult bronzes – Top of the Iron Age Toreuthics, *Science and Continuity*. Fil. Fak. Skopje, Skopje 2021.
Nacev T. – Jovanov M. 1996: Lokalitet "Orlova Čuka", Tumul III, *Maced. acta archaeol.* 14, Skopje 1996.
Nasteva I. – Videski Z. 1996: Bronzenodopski grob od Markova Sušica kaj Skopje, *Maced. acta archaeol.* 14, Skopje 1996.
Papazovska A. 2018: *Некрополите на Мали Дол*, Каталог од изложба, Музеј на град Неготино, Неготино 2018.
Papazovska A. 2019: Mali Dol - Praistoriska nekropola kaj seloto Tremnik, Negotino, *Maced. acta Archaeol.* 21, Skopje 2019.
Papazovska A. – Huseinovski B. 2019: *Status symbols of Paeonian societies*, Arh. Muz. Skopje 2019.
Podzuweit C. 1979: Spatmykenische keramik von Kastanas, *Jahr. der RGZM* 26, Mainz 1982.
Podzuweit C. 1986: Der Spatmykenische einfluss in Makedonien, *Anc. Maced.* IV, Thessaloniki 1986.
Prendi F. – Bunguri A. 2008: *The Early Bronze Age in Albania*, IA, Prishtine 2018.
Рујак З. – Сламков Е. 2021: Езерска наколна населба Мрдаја –Дојран од доцната бронзена епоха и преодот помеѓу бронзеното и железно време, *Maced. acta Archaeol.* 23, Скопје 2021.
Robinson D. M., Mylonas G. E. 1946: *Excavations at Olynthus, Domestic and public architecture*, Part XII, Baltimore-London-Oxford 1946.
Saatsoglou-Paliadeli Ch. 2001: The Palace of Vergina - Aegae and its Surroundings, *The Royal Palace Institution in the First Millennium BC*, Monographs of the DIA Vol. 4, Athens 2001.
Станковски Ј. 2002: Татиќев Камен - Кокино, мегалитска опсерваторија и светилиште, *Музејски гласник* 7-9, Народен Музеј Куманово, Куманово 2002.
Stankovski J. 2007: *Kokino - tvrdina na sonceto*, Muzej Kumanovo, Kumanovo 2007.
Stankovski J. – Temelkovski A. 2017: Two rock-cut ritual complexes in the area of Prilep and Kratovo, *Giving Gifts to God, Proceeding of the International Conference*, Kumanovo 2017.
Stefanovich M. – Bankoff H. A. 1998: Kamenska Čuka 1993-95 – Late Bronze Age Site in Southwest Bulgaria, *James Harvey Gaul: In memoriam*, Sofia 1998.
Stefanovich M. – Kulov I. 2007: Krsto Pokrovnik Excavations at a Late Bronze Age Site in the Middle Struma River Valley, *The Struma/Strymon river valley in prehistory*, Gerda Henkel Stiftung, Sofia 2007.
Трајковска Л. 1999: Градиште - Пелинце, *Maced. acta archaeol.* 15, Skopje 1999.
Hammond N. G. L. 1972: *A History of Macedonia*, Vol. 1, Oxford 1972.
Hansel B. 1982a: Sudosteuropa zwischen 1600-1000 v. Chr, *PAS* Band 1, Berlin 1982.
Heurtley W. A. 1939: *Prehistoric Macedonia*, Cambridge 1939.
Casson S. 1926: *Macedonia, Thrace and Ilyria*, Oxford 1926.

КЕРАМИЧКА ПРОДУКЦИЈА ПО ДОЛИНАТА НА ВАРДАР ОД VII ДО IV ВЕК П.Н.Е.

Силвана Блажевска

Прегледот на керамичката продукција од VII до IV век п.н.е. територијално е ограничен на наоѓалиштата по долината на Вардар заради релативно подобриот степен на истраженост и достапност на откриениот материјал во однос на останатите региони, како и заради дамнешната трговска рута долж реката, преку која импортирани предмети и идеи пристигале меѓу заедниците на север од егејскиот свет, предизвикувајќи промени во локалната керамичка продукција. Поделен на три дела со длабоки клисури, секој од трите региони долж реката (Горно, Средно и Долно Повардарје) различно ги впивал влијанијата од север или од југ во текот на вековите. Долното Повардарје, регионот кој е подоцна познат како Амфакситида, бил многу поотворен кон влијанијата од југ кои пристигнувале главно од или преку колониите на северноегејскиот брег.

Овој преглед на керамичката продукција се однесува на периодот меѓу втората четвртина на VII век кога е забележана првата употреба на грнчарско тркало од локалните керамичари и последната четвртина на IV век, односно до раниот хеленистички период кој носи големи промени во многу аспекти, па и во керамиката. Фокусот е ставен на VI и раниот V век кога е забележана поголема разновидност на формите во локалната продукција и првите импортирани садови од колониите на северноегејското крајбрежје, и на доцниот V и IV век, кога по повеќе од половина век повторно се забележува поинтензивен импорт на црвенофигурални и црнофирнизирани садови од атичките и олинтските работилници, наспроти домашната продукција на сиво печени садови со сосема хеленизирани форми и локалната сликана продукција на ограничен репертоар на форми.

Во овој период долината на Вардар е населена со пајонски заедници. Тоа е време на нивниот најголем подем, кога се распространети на широка територија од Стримон и Родопите на исток, до Аксиј на запад, вклучувајќи ја и областа Девриоп, до Термајскиот залив на југ заедно со земјата на Агријаните на север. Тоа е и време на крупни општествени и социјални промени, подемот на племенската аристократија, племенските ковања на пари, подемот на кралството на Аргеадите и нивната експанзија кон исток од Вардар и на север до Демир Капија, формирањето на Пајонското кралство и неговото анектирање кон Античка Македонија. За пајонските заедници постојат многу отворени прашања кои сè уште се предмет на дебата, особено нивната појава на

историската сцена, етногенезата и племињата кои припаѓале кон пајонскиот етнички супстрат, нивната територијалната распространетост и особено елементите на материјалната и духовна култура во една поширока временска рамка од доцното бронзено време до анектирањето на Пајонија кон македонското кралство, односно до нивното исчезнување од историската сцена со римските освојувања.[1]

Долж Вардар се лоцирани голем број локалитети, но ретко кој е систематски истражуван во поголем обем, па така овде се земени предвид информациите главно од истражувањата на долновардарските наоѓалишта: Вардарски Рид со некрополите Сува Река, Милци и Парагон во гевгелискиот регион; Исар – Марвинци, некрополите на Лисичин Дол, Дедели и Зелениште во валандовскиот регион; неколку локации во Демир Капија, Градиште – Неготино и Стоби во Средното Повардарје; и неколку локалитети во скопскиот регион: Градиште – Бразда, Градиште – Средно Нерези. Некои од нив се идентификувани со градовите споменати во пишаните извори или откриените епиграфски споменици (карта 1).[2]

[1] Постои обемна литература поврзана со историјата и материјалната култура на пајонските заедници: види Петрова 1999, и користена постара библиографија. За генезата и развојот на пајонската култура види Д. Митревски во истава публикација, со користена библиографија. За религијата и уметноста во Пајонија види Битракова Грозданова 1999, 148-254. За историските извори кои ги споменуваат пајонските заедници види В. Саракински и С. Пановски во истава публикација.

[22] За градовите долж Аксиј и во регионот на источна Пајонија види: Papazoglou 1988, 174–185, 307–328. За поинаква идентификација, види Hammond 1972, 169–171; Соколовска 1986, 32–35; Соколовска 2011, 29–35; последно на оваа тема види Babamova 2018, 1-22.

Традиционални форми во VII и VI век

Генералната слика за керамичката продукција во периодот од VII до IV век ја оформуваат традиционалните форми на садови кои имаат подолг континуитет на изработка заедно со нивните трансформации кон хеленизирани форми и импортираните предмети од главните центри и нивните имитации во локалната продукција.

Иако популациите по долината на Вардар се сретнале со микенски импорт работен на колце уште во доцнохеладскиот период LH IIIC, овој технолошки процес не бил прифатен во локалното керамичко производство сè до VII век и тоа во Долното Повардарје. Се чини дека масовната употреба на грнчарското колце е логична последица на целокупниот развој на долновардарските пајонски заедници и нивната отвореност кон југ и кон веќе формираните колонии на северноегејскиот брег што неминовно ќе доведе до превласт на керамиката на грнчарско тркало над рачно работената.[3] Овие садови биле изработени од прочистена глина која содржи примеси на мика, поретко зрна од кварц и песок, црвено до окер печена со сиво јадро на пресекот и тенки ѕидови. Самиот процес на изработка на садовите на грнчарско тркало побарува и почиста фактура на глината, која е полесна за обработка. Бојата на садот по печењето ќе зависи од температурата, минералошкиот состав на глината и контролата на присуство на кислород во комората. Садовите се потопувани во енгоба од разредена глина, а потоа боени со хоризонтални ленти со мат темноцрвена до кафена боја нанесена со четка.

Првите керамички садови изработени на грнчарско тркало од локалните керамичари во втората четвртина на VII век се четири форми кои биле приложувани во погребувањата речиси без исклучок, присутни и во текот на целиот VI век: бокал со косо засечена задна страна на вратот, кој во детските погребувања од третата четвртина на VII век е заменет со олпе или олпе со изливник (гутус), длабока чаша со една рачка или кантаровидна чаша со две рачки (сл. 1).

Бокалите со косо засечена задна страна на вратот се изработуваат со варијации во засекот на вратот, формата на телото и димензиите, врз основа на што е предложена нивната типологија, додека, пак, едноставната линеарна декорација вообичаено е изведена на самиот отвор однадвор и однатре, на вратот, почнувајќи веднаш под работ на устието и на средината на телото.[4] Чашите со една рачка и кантаровидни чаши со две рачки кои се почести, покажуваат поголеми варијации во профилацијата. Олпите се интересна појава во детските погребувања од третата четвртина на VII век, заради формата која потполно отсуствува во локалната продукција во претходниот период.[5]

---

[3] На северноегејскиот простор овој процес е започнат во VIII век, па така според Гимазидис локалната керамика на грнчарско тркало за прв пат бројно ја надминала рачно работената керамика типична за внатрешноста на Балканот во доцногеометрискиот период Ia (760-750 г. п.н.е.), заедно со истовременото зголемено присуство на евбејската керамика. Види Gimatzidis 2011, 100-103. Gimatzidis 2018, 5.

[4] Митревски 1991, 50. Митревски 1997, 119. Папазовска Санев 2009, 80-83, разликува два главни типови: со степенест засек и биконусно тело и кос засек и крушковидно тело врз основа на два елементи, засекот на вратот и обликот на телото.

[5] Папазовска Санев 2009, 83. Митревски 1991, Т. XV, олпе е откриено во гробовите 53 и 56 на некрополата Дедели кои се датирани во 650-625 г.

Олпите развиваат две варијанти со крушковидно и топчесто тело, со цевчести изливници кои можат да се јават и во двете варијанти. Кај некои примероци олпи се јавува мал изливник на телото, што ги издвојува во посебен тип – гутуси.

Сл. 1. Традиционални форми на садови во VII и VI век од некрополите во Долно Повардарие; бокал со косо засечена задна страна на вратот; олпе; гутус; чаша со една рачка, кантаровидна чаша со две рачки

Овие садови најдобро ги илустрираат примероците од долновардарските некрополи Дедели и Лисичин Дол во валандовскиот регион и Милци, Сува Река и Парагон во гевгелискиот, кои покажуваат континуитет во погребувањата во текот на VII и VI век,[6] додека пак мал процент на бокали со косо засечена задна страна на вратот работени на грнчарско тркало и тоа најчесто фрагменти се забележани во населбите (Вардарски Рид),[7] што делумно оди во прилог на тврдењето дека се работени исклучиво за погребни цели[8]. Истражувањата на локалитетот Исар – Марвинци откриja печка за керамика полна со бокали со засечена задна страна на вратот работени на грнчарско тркало и лентесто боени, со што е потврдена нивната локална продукција.[9] Кон север се забележува одредена конзервативност во смисла на технолошките иновации. На локалитетите во Горното и Средно Повардарје примероци од овие четири форми работени на грнчарско тркало кои се поврзуваат со долновардарските керамичарски

[6] За наодите од Дедели види: Пашиќ 1983, 57-65; Митревски 1991. За примероците од Лисичин Дол види: Видески 1999, 91-112. За примероците од Сува Река види: Пашиќ 1977, 43-57; Пашиќ 1978, 21-52; Ристов 1993, 13, 97-112. За примероците од Милци види: Георгиев 1983, 65-72; Пашиќ et al. 1987, 75-102.

[7] Папазовска 2005, 115-159. Папазовска Санев 2009, 148.

[8] Митревски 1997, 118. Mitrevski 2011, 92.

[9] Krstevski & Jakimovski 2010, 55-60. Mitrevski 2011, 93. Mitrevski 2012, 109-110, fig. 9.

работилници ќе се јават дури во VI век.[10] Во регионот на Брегалница лентесто боената керамика е ретка. Еден примерок е познат од некрополата Криви Дол – Радање и Орлови Чуки – Стар Караорман. Ист е случајот и со крајниот североисток, каде само на локалитетот Градиште – Пелинце е откриен еден фрагмент на бокал декориран со ленти,[11] додека пак на познатите локалитети во Западна Македонија ваквата керамика потполно отсуствува.

Сл. 2. Бокал со рамен раб и кантаровидна чаша од лок. Сува Река, Гевгелија декорирани во Waveline стил, доцен VI – ран V век

Кон крајот на VI и почетокот на V век, овие форми се менуваат и постепено еволуираат кон класичните форми на садови. Бокалите со косо засечена задна страна на вратот го губат засекот и преминуваат во бокали со рамен раб.[12] Олпите добиваат топчесто тело блиско до ојнохоата. Кантаровидните чаши добиваат понагласена профилација со издвоен врат, прстенесто дно, а кај некои примероци рачките постепено се извишуваат над работ на устието. Промени се забележуваат и во линеарната сликана декорација каде меѓу хоризонталните ленти се јавува брановидна лента (сл. 2).[13]

[10] Митревски 1997, 121, примероци од Дабици, Сопот: сл. 33: 2-3.

[11] Папазовска Санев 2009, 151.

[12] Георгиев 1984, 5IV Митревски 1991, T. XII:9, бокал со рамен раб е откриен во гроб 45 на некрополата во Дедели. Папазовска-Санев 2009, 82-83, бокалите со кат. бр. 125 (Сува Река) и 126 (Лисичин Дол) имаат сосема мал и плиток засек, кои веројатно претставуваат преодна форма кон рамниот раб.

[13] Митревски 1991, 50, T. XX:1, единствениот примерок откриен во гробот 81 од Дедели припаѓа на поголем сад и датира до средината на VI век. Ристов 1993, 98, сл. 4а-в, T. II: 6-8, бокалот со рамен раб и

Кон крајот на VI век на долновардарските наоѓалишта се среќава варијација на уште една стара популарна бронзенодопска форма, бокал со висок врат и клунест изливник - ојнохое или прохус. Неколку досега познати примероци широко се датирани во периодот од доцниот VI и низ V век,[14] изработени од различна глина и со разновиден површински третман: сиво печена глина со примеси без украсување на површината (сл. 6), до квалитетно изработени примероци од фино прочистена глина со сјајна површина добиена со премаз или глачани вертикални ленти (сл. 3).[15] Оваа форма останува популарна во локалната продукција сè до хеленистичкиот период на поширок регион.

Сл. 3. Бокал со клунест изливник, ојнохое-прохус од локалитетите Милци и Вардарски Рид, Гевгелија, VI – V век

Воведувањето на грнчарското тркало не влијаело на изработката на рачно работените садови, кои и понатаму се присутни задржувајќи ги главно железнодопските облици и декоративни шеми. Рачно работената керамика декорирана со врежување или канелирање како резултат на северните, централно-балкански влијанија е почест наод на локалитетите во горниот и средниот тек на Вардар и по Брегалница, додека пак рачно работени форми на садови од железното време украсени со сликани и шрафирани геометриски мотиви типични за западно-македонската мат сликана керамика се карактеристични за Пелагонија и охридскиот регион.

кантаровидната чаша со две рачки од гробот 74 од некрополата Сува Река се нешто подоцнежни и припаѓаат на 3/4 до крајот на VI век. Хусеновски-Сламков 2005, кат. бр. 73-74, датирани 6.-V век.

[14] Хусеновски-Сламков 2005, кат. бр. 88 (Бишов Јавор - Т.7:34, 6.-V век), кат. бр. 102-103 (Вардарски Рид, V-IV век). Хусеновски 2015, 36, сл. 13, (Милци, првата четвртина на V век).

[15] Идентичен примерок како тој на Вардарски Рид е откриен во гроб 66 во Синдос, датиран многу рано, околу 550 г., види Σινδος 1985, 226, κατ. 361. За примерокот од Терме од почетокот на V век види Σκαρλατίδου et al. 2012, 468, εικ. 13. Бокал со клунест изливник е познат и од еден случајно откриен гроб во Драгош - Ластоица, близу Битола, датиран широко во VI-V век, види Митревски 1997, 294, каталог на некрополи бр. 27.

Нови керамички форми во VI век во локалната продукција

Покрај овој ограничен репертоар на традиционални форми на лентесто боена керамика, во првата половина на VI век биле изработувани нови, претежно отворени форми на садови: длабоки чинии - скифоси со косо поставени хоризонтални рачки, длабоки садови - кантароси со едноставни лентести или тројни вертикално поставени рачки и плитки чинии со една рачка (сл. 4). Квалитетот на глината и идентичната лентеста декорација изведена со мат темно црвена до кафена боја исто како и на бокалите, чашите и олпите од VII век упатува на нивната локална изработка.[16]

Сл. 4. Нови, отворени форми на садови во VI век од некрополите во Долно Повардарје: скифос, кантарос, чинија со една рачка, котон

Меѓу овие нови форми внимание привлекуваат неколку садови чија декорација отстапува од лентесто боената локална шема или пак таа е изведена со црн фирниз, односно премаз (сл. 5). Тоа се: скифосот од гроб 32 од Парагон, целосно премачкан со црн премаз сочуван во траги;[17] скифосот од гроб 31/35 од Милци[18] чија лентеста декорација е изведена во долниот дел од садот со црн премаз со кој се покриени и работ, рачките и внатрешноста; кантаросот од Парагон со големи димензии (в. 21 см, диј. на отвор 30 см), триделни рачки и по два концентрични круга и вертикална лента изведени со црвена мат боја. Промени од вообичаениот тип се јавуваат и кај двете плитки чинии

[16] За примероците од скифоси од Сува Река види: Пашиќ 1978, 26. Митревски 1997, 119, сл. 31:8. Папазовска-Санев 2009, 65-66, кат. бр. 86. За примероци од Милци: Пашиќ et al. 1987, 77, Митревски 1997, 119, сл. 31:13. Папазовска-Санев 2009, 65-66, кат. бр. 86-87; Хусеновски 2005, 103, T.IV: 8. За примероци од Вардарски Рид: Папазовска 2005, 140, T VI :51. За примероците од кантароси од Сува Река види: Пашиќ 1978, 27, сл. 17 г. Папазовска-Санев 2009, 64, кат. бр. 81. За примероци од Парагон: Пашиќ 1978, 27, сл. 11 в. Папазовска-Санев 2009, 64, кат.бр. 82. Хусеновски - Сламков 2005, кат. бр. 72-1. Милци: Митревски 1997, 119, сл. 31:8, 11. еден фрагментиран примерок најсеверно е забележан на Градиште-Кнежје, види Микулчиќ 1995, 118, сл. 3. Митревски 1997, 121, сл. 33:5.

[17] Пашиќ 1978, сл. 11 г. Папазовска-Санев 2009, 65, кат. бр. 85.

[18] Георгиев 1983, 68, T.2:2. Папазовска-Санев 2009, 65, кат. бр. 85.

со една рачка со едноставна профилација датирани на преминот од VI во V век: првата од некрополата Бишов Јавор која е премачкан со разреден црн премаз,[19] а кај вториот примерок од Сува Река наспроти рачката е поставен изливник.[20]

Сл. 5. Нови, отворени форми на садови од некрополите во Долно Повардарје под влијание на јонизираната егшел керамика, VI – ран V век

За потеклото на лентесто боените садови од VII и VI век

Бокалите со косо засечена задна страна на вратот се вообичаена форма во раното железно време, која своите корени ги влече од клунестите вази од бронзеното време. Формата доминира во керамичка продукција во раното железно време на македонско-пајонскиот простор, во Тесалија, Епир, поретко се среќава во Тракија,[21] на Тасос каде е интерпретирана како македонски тип,[22] но потполно изостанува во Мала Азија и на грчкото копно јужно од Тесалија, иако се познати примероци од Еретрија на Евбеја кои се црно фирнизирани и лентесто боени со бела боја.[23] Бокалите со косо засечена задна страна на вратот работени на грнчарско колце во VII и VI век очигледно најмногу се задржале во регионот на Долното Повардарје. Уште поголема потврда за локална продукција е споменатата печка откриена на Марвинци полна со лентесто боени бокали. Кантаровидните чаши со една или две рачки исто така се постара форма од бронзеното време, па оттука овие две форми кои се дел од керамичкиот сет во погребувањата од VII и VI век треба потполно да се исклучат од надворешни влијанија, сè до доцниот VI век, односно до нивната трансформација кон класични форми.

[19] Хусеновски – Сламков 2005, кат. бр. 90.

[20] Пашиќ 1978, 27, Сл. 16в. Папазовска-Санев 2009, 59, кат. бр. 77.

[21] Bozkova – Delev 2012, 71, fig. 3.

[22] Bernard 1964, 127-128.

[23] Паровиќ – Пешикан 1985, 37, T. V, VII.

Од почетокот на VI век во повардарската лентесто боена керамика се јавуваат нови форми работени на грнчарско тркало. Меѓу нив се олпите, односно гутусите приложувани во детските погребувања уште во последната четвртина на VII век, кои не се среќаваат во локалната продукција во претходниот период,[24] како и широко отворените форми на садови со хоризонтални и вертикални рачки, скифоси, кантароси и плитките чинии со една рачка. Овие нови форми се локални производи чија декорација ја следи традиционалната шема на расчленување на површината со хоризонтални ленти на бокалите со засечена задна страна на вратот и чашите од почетокот на VII век.

Широко отворените длабоки садови со хоризонтални рачки се различно нарекувани: скифоси, киликси или едноставно - чаши. Нивното потекло се наоѓа во микенските скифоси од кога се следи нивниот континуиран развој на егејскиот простор. Еволуцијата на формата преку протогеометриските и геометриските скифоси се согледува во профилацијата, длабочината, димензиите и особено во изведбата на ногата: од конусната нога на микенските, преку ниското прстенесто или конусно дно на геометриските, до високата нога со дисковидно проширување на базата кај примероците од архајскиот период, кои во источната продукција се познати како јонски чаши. Скифосите од VI век во долновардарските некрополи Митревски ги поврзува со доцномикенската продукција укажувајќи на „големата сличност на доцномикенските скифоси и подоцнежните од Чаушица и Милци, како една од првите форми на новата лентесто боена локална продукција од железното време, особено во начинот на боење на рачките и отворот на садовите“.[25] Всушност оваа форма воопшто не престанала да се произведува на грчкото копно, островите и Мала Азија континуирано од протогеометрискиот период со карактеристична геометриска декорација: хоризонтални и вертикални ленти, концентрични кругови и полукругови. Скифосот е една од омилените форми на сликаната керамика во „Стилот на дивокози и птици“ низ малоазиските центри, а варијантите со едноставна декорација се чест гробен наод во родоските некрополи, но и на Тасос, Коринт и Евбеја. Појавата на скифоси со точкаст мотив во локалната тасоска продукција води потекло од геометриските скифоси од Парос.[26] Во керамичарската работилница лоцирана во Фари формирана под влијание или од мајстори од Парос во VII век, но активна и низ целиот VI век, се произведуваат скифоси декорирани во геометриски стил под влијание на пароските, но се развиваат и локални декоративни шеми, кои понатаму биле извезувани во градовите на северноегејското крајбрежје и во внатрешноста.[27] Скифосот како форма во доцното бронзено време и преодниот период е непознат во Повардарјето, каде стигнал ограничен репертоар од субмикенските форми и не се јавува како карактеристичен гробен прилог во постарото железно време, но формата се среќава во Вергина, Висои - Беранци, Трен во западно-македонската геометриска керамика и што е најважно на северноегејското крајбрежје. Оттука, појавата на скифосот во Повардарјето во VI век, не е резултат само на микенското наследство, туку и на континуитетот на формата низ целото железно време во регионот.

[24] Слични примероци види Samos III, 90-92, Abb. 15 (a-e), каде се датирани околу средината на VII век.

[25] Митревски 1997, 121.

[26] Tiverios 2012, 174, fig. 1 β-γ.

[27] Tiverios 2012, 17IV За развојот на геометриската керамика и отворените типови на садови види и Gimatzidis 2010.

Сл. 6. Сиво печена керамика од VI и раниот V век: бокал со косо засечен врат, бокал со клунест изливник-прохус, кантаровидна чаша; скифос; кантаровидни чаши, чинија со една рачка

За разлика од скифосите, кантаросите со вертикално поставени лентести или торделни рачки поретко се јавуваат во керамичката продукција. Во доцногеометриската и протоатичката керамика кантароси се познати од втората половина на VIII век со типична расчленета линеарна декорација нанесена и на рачките, чие потекло се врзува за микенските пехари со високо свиени рачки.[28] Еден примерок на кантаровиден сад на висока нога со вертикални рачки кои го надвишуваат работ, откриен на некрополата Јалисос на Родос е идентификуван како коринтски импорт, но пак бројни фрагменти од кантароси, исто така сликани на рачките се откривани на Тасос, чие потекло се врзува за еолската керамика, односно тројанската Г2-3.[29]

Но, лентестата декорација на садовите од локалната продукција е посебно прашање. Во литературата повеќепати е изнесено мислење дека локалната лентесто боена керамика откриена во Долното Повардарие во текот на VI век е резултат на силните влијанија од источногрчките, поточно јонско-родски градови кои стигнале преку Халкидик. Во 1966 г., Микулчиќ во својата студија за Пелагонија во првиот милениум п.н.е., образложувајќи го архајскиот период во регионот, ги лоцира елементите на „родско-јонскиот керамички круг“ во неколкуте импортирани примероци, особено амфорискосот од Сарај Брод за кој вели дека припаѓа на „простата јонска керамика“, за што наоѓа паралели во архајската керамика во грчките колонии на Понт, особено во Истрос и Аполонија.[30] Понатаму, наведува дека истиот декоративен стил се среќава на локалните архајски садови откриени во 1963 г. на некрополата Сува Река во Гевгелија. Сметајќи на овие источни влијанија, Килиан ја датира појавата на лентесто боената керамика во 575–525 (фаза IIC), превидувајќи го фактот дека таа често е придружена со форми на

[28] Agora VIII, 50-51, Pl. 10, nos. 169-175.

[29] Bernard 1964, 93, fig. 11, 12, Во врска со нивнот потекло од K. Lehmann е сугерирана Самотраке и беотските кантароси.

[30] Mikulčić 1966, 30, белешка 27.

метални предмети карактеристични за пораниот период, односно за 700–575 г.[31] Слично на Килиан, Георгиев ја спушта датацијата во VI век сметајќи дека оваа керамика има повеќе раноантички отколку праисториски карактер.[32] Имајќи ја на ум концентрацијата на окер печените форми на садови работени на колце и декорирани со геометриска мат боена декорација во Долното Повардарје, Васиќ двои посебна, т.н. Гевгелиска група на железното време и ги определува како локални форми кои се создадени во VII век под влијание на јонската керамика.[33]

Лоцирајќи ги егејските влијанија во еден подолг период уште од доцното бронзено време М. Паровиќ-Пешикан посебно се осврнува на овој проблем, сметајќи дека при одредувањето на потеклото на керамиката од подоцнежното железно време треба да се има предвид влијанието кое го извршила доцнохеладската и субмикенската керамика во Термајскиот залив врз декоративниот систем на постарата локална мат боена керамика, на која се среќаваат типичните мотиви на протогеометрискиот и геометрискиот период.[34] Во овој процес, таа особено важна улога им придава на евбејските колонии на Халкидик формирани до средината на VIII век, како и оние на тракискиот брег во средината на VII век, како главни носители на геометризмот во керамичката продукција. За лентесто боената керамика во долновардарските некрополи таа смета дека е „продолжение на старата традиција на керамиката од протогеометрискиот и геометрискиот период“ и уште повеќе континуитетот го согледува во присуството на „изворните форми, особено бокалот со засечена задна страна на вратот“.[35] Од друга страна, со јонскиот културен круг ја поврзува изработката на колце, црвенкастата фактура со примеси на песок и лискун што според неа е одлика на јонската бухеро керамика, со простата лентеста керамика која се среќава во „сите јонски населби и нивните колонии на Средоземјето и Понт“ и особено со „еолската субгеометриска сликана керамика (G 2-3 во Троја)“, која врз основа на наодите во Олинт, ја смета за своевидна паралела на повардарската лентесто боена керамика. Појавата на јонските влијанија ги поврзува со колонистите од островот Парос кои во 680 г. формирале колонии на Тасос, и тракискиот брег (Неаполис и Ојсиме), како и на колоностите од Еолија кои формираат колонии во тракискиот Херсонес.[36]

Во својот долгогодишен опус на проучувања на долновардарските некрополи од железното време, Д. Митревски повеќе пати се навраќа на ова прашање. Во еден од пораните трудови, монографијата за некрополата во Дедели, тој заклучува дека појавата на формите на окер лентесто боените садови работени на грнчарско тркало во VII век во Долното Повардарје, особено на бокалот со косо засечена задна страна на вратот е резултат на „домашното керамичко наследство“ чиј континуиран развој се следи од микенската керамика. Со микенските садови го поврзува и начинот на декорирање со расчленување на хоризонтални зони, боење на устието и рачките, кој влијае на локалната мат сликана керамика со мотиви карактеристични за протогеометрискиот и

[31] Kilian 1975,103.

[32] Георгиев 1984, 53.

[33] Vasić 1987, 703.

[34] Паровиќ-Пешикан 1985, 32-33.

[35] Паровиќ-Пешикан 1985, 35-36.

[36] Паровиќ-Пешикан 1985, 35-36 и натаму.

геометрискиот стил на раното железно време.[37] Со родско-јонската продукција ја површува фактурата, и начинот на изработката односно светлата боја на глината која со печењето станува окер-црвеникава.[38] Посочувајќи ги главните карактеристики на долновардарската лентесто боена керамика работена на грнчарско колце која се појавува во втората фаза од неговата поделба на железното време од 700-625 г., ја определува како „типичен јужнопајонски продукт, настанат врз основите на домашната керамографија со примена на современи технолошки достигнувања.“[39] Подоцна, објаснувајќи ги промените во гробните дарови во долновардарските некрополи во почетокот на VI век тој смета дека: „неопходните импулси за локалната продукција на окер печените садови на колце во Долното Повардарје може да се претпостави дека стигнале од југ, каде се откриваат извесни сличности со истовремената т.н. источно грчка архајска керамика“.[40] Овие „неопходни импулси“ кои ја менуваат керамичката продукција во VII и VI век во Повардарјето и кои доаѓаат од источните центри преку Халкидик се технолошката иновација – грнчарското колце, изработката на тенките ѕидови на садовите, фино прочистената глина и усовршениот технолошки процес на окер печење со енгобирање на површината на садовите.[41]

Лентестото боење со темна боја, најчесто црн фирниз се јавува на садовите во малоазискиот регион, островите и центрите на грчкото копно уште во протогеометрискиот период и продолжува и понатаму во сликаниот ориентален стил сè до појавата на црните фигури на сликаната керамика, но ретко како доминантен самостоен елемент, туку најчесто во служба на хоризонтално расчленување во зони и комбиниран со други геометриски или стилизирани фигурални мотиви. Едноставни (прости) лентести садови (banded and plain wares) кои главно биле изработувани за локална употреба се потврдени во малоазиските центри во доцниот VII, поточно од 625 г. и во текот на VI век.[42] Имено, паралелно со доминантиот стил на диви кози (Middle Wild Goat II) и раниот коринтски стил, во Јонија се јавува продукција на отворени садови – скифоси, т.н. јонски чаши (Ionian cups) боени со лентеста декорација, чиишто директни претходници се погоре споменатите геометриски скифоси.[43] Едноставната лентеста декорација која се јавува на телото на овие јонски чаши, но и на алабастрони, шишиња, трпезни амфори и олпи е најчесто изведена со црн, но и со црвен фирниз, со прекривање на целиот сад со црна боја, односно фирниз и оставање на лентести резервирани или боени површини однадвор на ниво на рачките, а кај некои садови и однатре. Овие садови со лентеста декорација се особено бројни во родоските некрополи Јалисос и Фикелура, како и во архајските слоеви во градските центри Линдос и Камирос.[44] Биле произведувани и во Самос и Милет во доцниот VII век, а нивната продукција е потврдена и во јужниот дел на Јонија и Еолија, од каде биле извезувани на Понт, во источниот и западен Медитеран, во Карија, па дури во Токра на Левант и секако на северноегејското

[37] Митревски, 1991, 50-52.

[38] Митревски 1991, 50.

[39] Митревски 1991, 154.

[40] Митревски 1997, 120.

[41] Mitrevski 2011, 85-98. Mitrevski 2012, 105-113.

[42] Cook-Dupont 1998, 131. Clara Rhodos VIII, 20-24, fig. 7; Samos III, 81-86, Abb. 13, Taf. 34-35.

[43] Cook-Dupont 1998, 129-131.

[44] Clara Rhodos VIII, 20-24, fig. 7, 152, fig. 138.

крајбрежје. Нивното присуство е регистрирано и на запад, посебно во Етрурија каде што не е исклучено дека се локални етрурски производи.[45] Веројатно на оваа продукција мислеле сите погоре наведени автори, почнувајќи од И. Микулчиќ во тврдењето дека лентесто боената керамика во Повардарјето е под влијание на простата јонска керамика.

Но, оваа јонска лентеста или т.н. „проста" керамичка продукција која започнува да се произведува најрано од 625 г., не можела да изврши влијание на лентестото боење на бокалите со косо засечена задна страна на вратот и чашите со една и две рачки кои во некрополите во Долното Повардарје се присутни уште од втората четвртина на VII век, а во Чаушица и нешто порано во почетокот на векот. Тоа значи дека јонските чаши не се прототипот за лентесто боената керамика во Повардарјето.

Како соодветен кандидат кој ги извршил посочените влијанија се јавува т.н. еолска субгеометриска сликана керамика чиј центар на производство е Лемнос или Троја според Bernard.[46] Паровиќ-Пешикан смета дека во извесна смисла оваа керамика, односно типот G 2-3 кој во Троја кој е датиран околу 700 г., претставува паралела на лентестата керамика во Повардарјето. Таа се шири кон Халкидик во VII век, а нејзиното присуство е регистрирано најзападно во Карабурнаки и Метоне.[47] Во тој случај, оваа керамика би можела да изврши влијание врз локалната продукција уште од почетокот на VII век, од појавата на најстарите регистрирани примероци во долновардарските некрополи работени на колце и лентесто боени. Од друга страна, големо значење во влијанието врз локалната продукција во Повардарјето има присуството на евбејската, коринтската, па дури и атинската геометриска керамика во колониите на Халкидик и во Термајскиот залив,[48] која покрај луксузните садови сликани во ориентален стил, ја продолжува традицијата на геометризмот.

Во својата студија за геометриската и архајската керамика во неколку центри на североегејското крајбрежје, Тивериос ја објаснува оваа мешавина на влијанија од источните и јужните центри и предлага поинаква класификација на колонијална, полуколонијална, домашна и локална керамичка продукција.[49] Таа е резултат на доселените керамичари во колониите, локални керамичари кои се обучувале во некој од актуелните центри, па дури и патувачки мајстори од Евбеја и Кикладските острови, особено Парос, од Коринт, Атина и малоазиските центри и Хиос, кои со себе ја донеле не само техниката на изработка, туку и формите и декоративните шеми. Оваа голема продукција е потврдена со локални работилници и печки за производство на керамички садови во коринтска Потидаја,[50] Тороне,[51] Тасос,[52] Менде[53] и други градови на брегот.[54]

---

[45] Cook-Dupont 1998, 132-134.

[46] Bernard 1964, 91-93. Еолската G2-3 кермика се раширила во неколку центри: Троја, Самотраке, Лесбос, додека Лемнос создава своја локална варијанта.

[47] Ilieva 2013, 123-130.

[48] Tiverios 2013, 175.

[49] Tiverios 2012, 174-198. Τιβέριος 2013a, 15-24.

[50] Κουσουλάκου 2013, 69-72.

[51] Papadopoulos 2013, 39-50, датирана во втората половина на VIII век.

[52] Perreault et. al., 2013, 29-39.

[53] Αναγνωστοπούλου-Χατζηπολυχρόνη 2013, 51-67.

За керамиката во Повардарјето од особено значење се локалните работилници во Анхилаос, Карабурнаки и Афитос, чија продукција започнува уште во VIII век, каде се издвоени неколку групи на локална керамика декорирана со сликани геометриски мотиви, а која со присутните форми и декорација може да се смета за вистински прототип кој извршил влијание на повардарската лентесто боена керамика од VII век.[55] Овие работилници извршиле влијание и на новите отворени форми од VI век, особено со скифосите и кантаросите декорирани со црн фирниз. Имено, во овие работилници биле изработувани скифоси со тенки ѕидови наречени јонизирана тенкосидна или монохромна тенкосидна керамика (ionicising eggshell или monochrome eggshell), декорирана со црвеникав или црн фирниз, чест и на керамиката во Јонија.[56] Како центар на нејзиното производство е предложен Карабурнаки. Со оваа „јонизирана" продукција може да го поврземе фрагментот од скифос од Вардарски Рид (сл. 7), чиј квалитетен црвен фирниз укажува на импортиран примерок и двата скифоси Сува Река и Милци (сл. 5) на кои се забележуваат траги од црн фирниз. Сликаната декорација со концентрични кругови на скифосот од Акантос, кој е определен како производ на тасоско-пароски мајстори,[57] се појавува како мотив на кантаросот од некрополата Парагон (сл. 5). Но, останите скифоси декорирани со тенки црвени мат ленти би можеле да бидат произведени во работилницата во Карабурнаки или можеби и во локална работилница на Вардарски Рид или Исар - Марвинци, особено двата скифоси од Милци (сл. 4) и Сува Река, на што упатува нивната исклучително груба изработка. Во класификацијата на Тивериос, оваа керамика е наречена домородна, изработувана од локални мајстори под влијание на надворешни влијанија.

Кантаросите не се карактеристични за локалната продукција во споменатата работилница во Карабурнаки, за разлика од олпите и плитките чинии со една рачка и изливник кои покажуваат сличност со примероците од долновардарските некрополи. Монохромни олпи и плитки чинии со една рачка, определени како локална продукција се откриени на архајската некропола на Терме,[58] каде се среќаваат најблиските аналогии на овие форми во Долното Повардарје.

Брановидната линија која се јавува на средината на телото меѓу лентите на бокалот со рамен раб и кантаровидната чаша од гробот 74 од Сува Река (сл. 2) припаѓа на посебен тип. И двата сада според формалните карактеристики упатуваат на доцниот 6 век: бокалот е со рамен раб, а кантаровидната чаша се доближува кон доцнархајските или раните класични форми. Идентичен примерок на чаша со потполно истата декорација е откриена во Синдос, каде е определена како традиционална форма и датирана во 510–480 г.[59] Формата е локална, но појавата на брановидната линија меѓу хори-

[54] Tiverios 2012, 174-175.

[55] Tiverios 2012, 179, Анхилаос го смета за населба на која припаѓа синдоската некропола, која се развила од евбејски емпорион. Gimatzidis 2010, 250-252. За работилницата во Карабурнаки види и: Τσιαφάκη - Μανακίδου 2013, 73-88.

[56] Tiverios 2012, 179-180. Наречена е јонизирана, а не јонска, заради улогата на локалните мајстори во нејзината изработка и влијанието од Јонија. За импортираните јонски чаши на Карабурнаки види: Τσιαφάκη 2012, 227-239.

[57] Tiverios 2012, fig. 1β.

[58] Σκαρλατίδου et al. 2012, 467, εικ. 12δ.

[59] Σινδος 1985, 289-290, no. 475. Τιβέριος 1991, Fig. IV; Σκαρλατίδου et al. 2012, 467, εικ. 12δ.

зонталните ленти се врзува повторно за источните работилници и т.н. „брановиден“ (Waveline) стил. Се смета дека во локалните работилници во Афитис е лоцирана главната продукција на т.н. Waveline керамика.

Од погоре изнесеното може да се заклучи дека лентестата декорација на традиционалните и нови форми во VII и VI век е резултат на логичен развој на орнаменталните системи кој води кон симплифицирање на геометризмот од претходниот период, но кој очигледно е под влијание на повеќе продукциски центри и стилови. Во овој логичен развој кој започнал во раниот VII век и кој континуирано непроменет трае и во текот на целиот VI век, совршено се вклопуваат влијанието на еолската сликана керамика, како и евбејската и коринтската геометриска керамика присутни на северноегејското крајбрежје. Појавата на отворените форми на садови во VI век исто така се вклопува во посредните влијанија на јонските чаши и еолската сликана керамика. Се чини дека не постои конкретен прототип за лентесто боената керамика во Повардарие во VII век, туку таа е резултат на повеќе испреплетени влијанија од југ и исток аплицирани врз традиционални и нови форми со локално производство.

Локална продукција на сиво печени садови

Технологија на печење на керамичките садови во услови на редукција на кислородот во печките заради што бојата на глината станува сива е една од новините во VI век. Во сива варијанта се изработуваат скоро сите познати форми, особено бокалите со косо засечена задна страна на вратот и тие со рамен раб, прохусите, кантаровидните чаши со две рачки, кантаровидните чаши со една рачка и скифосите поретко, додека пак сосема отсуствуваат сиви варијанти на отворените садови со вертикални рачки - кантароси и олпите (сл. 6). Површината на садот е премачкана со разреден премаз, кој по печењето добива сиво-син тон.

Некои бокали со косо засечена задна страна на вратот добиваат хоризонтални жлебови веднаш под работ на устието.[60] Телото на кантаровидните чаши со две рачки станува потопчесто, а профилацијата добива нагласена „S“ форма. Оваа варијанта наречена кантаровидно котиле, претставува една од омилените и најчестите форми во локалната доцноархајска сива продукција и продолжува да се изработува со извесни модификации сè до првата половина на IV век.[61] Од континуираното закривување на вратот кон телото на раните примероци од доцниот VI и раниот V век се забележува раздвојување на вратот од телото, проширување на устието и прстенеста нога наместо рамно дно. Лентестата декорација карактеристична за раните примероци отстапила место на механичко мазнети ленти на површината на примероците од некрополите Сува Река и Милци.[62] Примерокот од Милци е премачкан со сјаен фирниз, а дополни-

[60] Митревски 1991, 50, две до три хоризонтални врежани линии на вратот се јавуваат на бокалите од гроб 3, 21, 28 и 68 од Дедели. Според металните наоди на накит датираат широко од доцниот VII до доцниот VI век.

[61] Blaževska 2019, 26-27, Fig. 3.

[62] Ристов 1993, 98, fig. 4b, T.2: VII. Papazovska-Sanev 2012, 418, fig. 5. Кантаровидните котиле кои се дел од локалната продукција се приложувани и како гробен дар на синдоската некропола, види Σινδος 1985, 249, no. 404, датиран во гробната целина 530-510 г.

телен ефект е постигнат со вертикалните глачани ленти изведени со инструмент, техника на декорација позната меѓу локалните керамичари уште од раниот VI век. Олпите не се среќаваат во сива варијанта, за разлика од гутусите кај кои телото станува потопчесто, а отворот е рамен или тролисен, каков што е еден подоцнежен примерок од Милци.[63]

Длабоките скифоси со хоризонтални рачки ретко се среќаваат во сива варијанта, а воопшто ги нема кантаросите. Познат примерокот од гроб 72 на Сува Река кој е со изразена S-профилација.[64] Плитките чинии со една рачка се изработуваат со помали димензии, при што добиваат повеќе конусна форма на телото и вовлечен раб.[65] Еволуцијата на сиво печените садови се следи и во текот на V и IV век кога ќе станат доминантна карактеристика на локалната продукција, кога покрај некои од формите од VI век се изработуваат и нови, кои ги имитираат веќе развиените класични форми на садови.[66]

Сивата продукција е позната на малоазискиот брег и тоа главно во Еолија и Троада, особено на Лесбос каде е единствен тип на фина керамика сè до VI век иако е регистрирана во ограничен број и во појужните региони.[67] Нејзината продукција главно се сместува во периодот од 8. до VI век, додека во Пергамон е регистрирана и во хеленистичкиот период. Се смета дека сиво печената керамика во овој регион е локален производ уште од раното железно време, чија традиција на изработка продолжила и по грчката колонизација. Изработувана е од фино прочистена глина со фин глинен премаз или полирана површина, најчесто недекорирана или со врежани мотиви на брановидни и хоризонтални линии, точки и шрафирани триаголници, а многу ретко рељефни или фигурални мотиви. Формите главно ги следат вообичаените источно грчки садови. Еолската сива керамика е малку извезувана и тоа преку Лезбос, иако е позната и на Хиос, Самос, Тасос, Ал Мина во Сирија и Наукратис во Египет, а парчињата откриени на Тасос и во Хистрија на Понт може да се дел од домашната традиција.

Во доцниот VII и раниот VI век на Родос е регистрирана т.н. бухеро керамика која се одликува со темносива, скоро црна боја на површината на садот. Иако се сметала за родоска, производството на бухеро керамиката е лоцирана во некој од појужните центри. Формите на садови се алабастрони, арибалоси, унгвентариуми, оинохоја и чинии. Бухеро керамика отсуствува на наоѓалиштата по долината на Вардар, но е регистрирана на некрополата во Архонтико близу Пела и тоа со типичните мали форми,[68] како и во Пелагонија и охридско-струшкиот регион (Прогон и Сарај кај с. Букри, Радолишта, Требеништа). Таа е темносиво печена со темен премаз, слична на истовремената бухеро керамика од малоазиските градови. Се среќаваат котони, хидрии, калпиди, кантароси, за кои е изнесено мислење дека се раширила долж егнацискиот пат, од хе-

[63] Пашиќ et.al., 1978, гутус со топчесто тело и рамен раб, T.VII:2. Георгиев 1984, 54, сл. 2ж.

[64] Ристов 1993, 97, T.I:3, датиран во 2/2 на VI век.

[65] Георгиев 1984, 57, смета дека можеби овие сиви локални варијанти на чинии со една рачка ја преземаат улогата на котоните.

[66] Види подолу во текстот, поглавје „Локална продукција на сива и сликана керамика во V и IV век".

[67] Cook-Dupont 1998, 135-13VII

[68] Χρυσοστόμου - Χρυσοστόμου, 2012, 239-251, бухеро керамика се среќава и на некрополите во Синдос, Верија и Терме.

ленските упоришта на северноегејскиот брег, од коринтската Потидаја и бројните халкидски и јонски колонии, па оттука нејзиното потполно отсуство по долината на Вардар е невообичаено.

Импортирани примероци на сликана и црнофирнизирана керамика и нивни локални варијанти во VI и V век

Првите импортирани сликани керамички садови во регионот се забележани во втората половина на VI, односно повеќе кон крајот на VI и раниот V век. Станува збор за неколку коринтски, евбејски и атички садови кои пристигнале преку колониите на Халкидик или биле во нив изработени по урнек на примероци од матичните градови. Тие се малку на број и со ограничен репертоар на форми (сл. 7).

Сл. 7. Импортирани форми на сликани садови откриени на наоѓалиштата долж реката Вардар од втората половина на VI и раниот V век: корински, евбесјки и атички импорт

Како коринтски импорти се определени едно тролисно ојнохое од Сува Река, арибалосот од Тафталиџе – Скопје и два примероци котони од Милци и Исар Марвинци.[69] Квалитетот на изработката, особено на сликаната декорација на оинохоето од Су-

[69] За коринтското ојнохое види Пашиќ et al., 1978, 31, сл. 18; Георгиевски 1984, 60, сл. 3а, датиран во доцниот VI односно раниот V век. За арибалосот од Тафталиџе – Скопје види Санев 2012, 139-144, забелешка 17, врз основа на аналогии, примерокот е определен како Тип В, датиран во средината на VI век,

ва Река, укажува на нивно потекло од Потидаја и покрај зеленикава глина која упатува на коринтската.

Иако евбејскиот импорт во крајбрежните градови е регистриран од 10 век,[70] на локалитетите по Вардар тој целосно отсуствува, со исклучок на неколку фрагменти: амфора, скифос и киликс, последниот со исклучително добар квалитет на глината печена со сива срцевина и црвен премаз кој во долниот дел од телото е изведен во широка лента, откриени на Вардарски Рид од доцниот 6. и раниот V век.[71]

Импортираните атички примероци се најбројни, застапени со еден сликан киликс од Милци,[72] десетина црнофирнизирани киликси на висока нога и фрагмент од кратер од Корешница, кои судејќи според останатите предмети се дел од кнежевско погребување од раниот V век, четири минијатурни лекити, од кои три се декорирани во стилот на црни фигури од Исар -Марвинци и еден котон од Милци.

Трите атички лекити со минијатурни димензии се откриени во погребување од крајот на VI век на Југозападната некропола на Исар - Марвинци.[73] Лекити со слични сцени се среќаваат во неколку музејски збирки, на кои сликаните ликови се идентификувани со Дионис во придружба на Сатири со маски. Четвртиот примерок е со идентична форма како и сликаните, но премачкан со разводенет црнокафен фирниз, со висок сјај. Сите четири лекити според формата преставуваат минијатурни верзии на продукција на атељето на Хаимон, за кое ги врзува и декоративната шема.[74] Темата Дионис седнат на столче или качен на коњ во придружба на сатири кои играат се среќава на лекити од атељето на Хаимон на примероците од Нант,[75] иако истата тема се јавува и на еден примерок од т.н. *Little Lion Class*.[76]

поточно 550-540 г. и поврзан со населбата на локалитетот Градиште - Средно Нерези. Слични примероци се откриени на Синдос: Σινδος 1985, 106, no. 159, определен како коринтски производ, датиран 530-500 г. п.н.е. За сликаниот котон од некрополата Милци види Хусеновски 2015, 19-20, сл. 14 изработен од фино прочистена глина со зеленикаво-жолта боја декориран со мрежест орнамент, датиран во доцниот VI или раниот V век, Скоро идентичен примерок определен како коринтски производ е познат од гробот 115 на Синдос: Σινδος 1985, 135, no. 216. Котонот од Исар Марвинци не е публикуван. Последно за импортираната керамика и локалните имитации долж Вардар во VI и V век види Papazovska-Sanev 2012, 417–424.

[70] Rhomiopoulou 2013, 171.

[71] Папазовска 2005, 141, 148, T. VI, 56, 58. Papazovska-Sanev 2012, 421. Bernard 1964, 108, fig. 21, скоро идентичен фрагмент од скифос е определен како припадник на Г2-3 керамиката откриена на Тасос, но со потекло од Лемнос. (Заб. на авторот: Особено зачудува отсуството на амфори, забележано и во подоцнежните периоди до доцниот хеленизам, ако се има предвид фактот дека транспортот на вино и маслиново масло исклучиво се одвивал во овие садови чија продукција и дистрибуција е строго контролирана во водечките центри. Веројатно треба да се има на ум дека овие недефинирани фрагменти со дебели ѕидови најчесто се игнорирани во теренските инвентари.)

[72] За сликаниот атички киликс и котонот од некрополата Милци види Хусеновски 2015, 11–36, сл. 15. Гробната целина е датирана во периодот од раниот до втората четвртина на V век. Идентичен примерок на киликс од Синдос, види Τιβέριος 1991, Fig. 5.

[73] Објавени во Македонски археолошки весник - интернет издание на УЗКН од раководителот на истражувањата З. Видески во 2009 г.

[74] Agora XXIII, 47, nos. 1216, 1221, датирани 480-460 г.

[75] http://www.beazley.ox.ac.uk/record/2790096D-A3DF-4D22-B026-DE022F3D8BA9. Publication Record: Corpus Vasorum Antiquorum: NANTES, MUSEE DOBREE, 34, PL. (1591) 19.1-3.

[76] http://www.beazley.ox.ac.uk/record/19022881-7EA6-4EE4-9BF1-E5517964950 2. Publication Record: CVA: GELA, MUSEO ARCHEOLOGICO NAZIONALE 4, 22, PLS. (2500, 2501) 35.10, 36.10-12.

Десетината киликси на нога кои во типологијата на црнофирнизираната керамика се познати и како чаши на нога припаѓаат на т.н. Тип Ц и тоа на варијантата со конкавен раб кои на атинската агора интензивно се изработуваат во периодот од 525 до 480 г., иако има ретки примероци кои датираат од средината на V век па дури до крајот од векот.[77] Во погребувањето во Корешница откриен е и еден примерок на киликс без нога од раниот V век, кој припаѓа на т.н. Класа А која на атинската агора е карактеристична за краток период во првата четвртина на V век, после што еволуира во т.н. Ренеја чаша.[78]

Ако до средината на VI век доминацијата во керамичката продукција на Халкидик, Термајскиот залив и на брегот источно од Халкидик и Стримон е на малоазиските центри, Кикладските острови Андрос и Парос, на Евбеја и Коринт, влијанието на Атина започнува да се чувствува од втората половина на VI век што резултира со пристигнување на сликани или црнофирнизирани садови во Повардарјето во доцниот VI и раниот V век. Потеклото на формите треба да се бара во атичките работилници, но не треба да се исклучи Афитис каде е е предложено и постоење на локална работилница за црнофигурални садови,[79] и каде главните влијанија доаѓаат од Коринт, Јонија и Атика. Со оваа работилница може да се поврзат и две црнофирнизирани чинии од типот лекане, едната откриена на Вардарски Рид,[80] а другата е фрагмент откриен како вонгробен наод на некрополата Милци[81] од раниот V век, чиј квалитет на изработка од сиво печена глина и разреден посен фирниз упатува на производи од некоја од колониите на северноегејското крабрежје. Скоро идентични примероци на лекани се откриени на архајската некропола во Афитис,[82] каде се прилично чести гробни дарови со улога во ритуалот на сервирање храна или миење на рацете по погребната гозба. Тие се дел од локалната продукција, но се поврзуваат со јонско влијание.

Погоре стана збор за влијанието на евбејската геометриска керамика во линеарната декорација на локалната керамика, но коринтските и атичките форми не биле имитирани, ниту пак извршиле директно влијание врз локалната продукција, освен котоните и киликсите. Иако импортирани примероци на котони се познати дури од крајот на VI и почетокот на V век, локални имитации на оваа форма во долновардарските некрополи се среќаваат порано, уште од третата четвртина на VI век. Тие во целост ја имитираат формата на импортираните примероци, но ја имаат истата лентесто боена декорација карактеристична за локалната продукција од VII и VI век, или пак се работени во сива варијанта (сл. 4, сл. 6). Примероците од Зелениште, Извор Валандово и Бишов Јавор[83] и Сува Река[84] ја потврдуваат нивната имитација во локалната продукција.

---

[77] Agora XII, cat. nos. 398-413. Најблизок до нашите примероци е примерокот со кат. бр. 401 датиран во 525-500 г. Слични црнофирнизирани киликси се откривани на Синдос: Σινδος 1985, 132, no. 214, атички производ датиран околу 520 г

[78] Agora XII, 99-100, Pl. 21, cat. no. 455, датиран 480-470 г. Спореди и: Σινδος 1983, 34, πιν. 39 сличен примерок кој веќе припаѓа на Ренеја тип на чаши е откриен во Синдос, датиран нешто подоцна, во 460-450 г.

[79] Μισαηλίδου-Δεσποτίδου 2012, 384.

[80] Хусеновски - Сламков, 2005, кат. бр. 104.

[81] Георгиев 1984, 60, сл. 3б.

[82] Μισαηλίδου-Δεσποτίδου 2012, 371-384, εικ. 10, 13α.

[83] Papazovska-Sanev 2012, 418, figs. 3 (Извор-Валандово), fig. 4, 8 (Зелениште-Валандово). За котонот од Извор-Валандово види: Георгиев 1984, 60-61, сл. 3д. Авторот наведува и еден фрагмент од Демир Капија.

Фрагменти од киликси изработени од сиво печена глина и премачкани со посен премаз со темносива боја, и двата од раниот V век се откриени на Вардарски Рид, на некрополите Сува Река и Милци. Примерокот на киликс од Сува Река заради различната профилација на ногата која е конусна може да припаѓа на т.н. варијанта Атина 1104 или на варијантата лентести чаши, кои на атинската агора се познати од втората четвртина до средината на VI век.[85]

Повеќе од очигледно е дека во керамичката продукција од VII до раниот V век во Повардарјето доминираат локално изработените садови и нивните варијанти, додека пак импортираните примероци и нивните директни имитации се ретки. Се забележува масовно присуство на традиционални форми од железното време кои се изработуваат на грнчарско тркало боени со лентеста декорација, појава на нови отворени форми на садови на кои доминира истата лентеста или брановидна декорација, и едвај присутен импорт и локални имитации кои се карактеристични дури за втората половина на VI, односно повеќе за крајот на VI и раниот V век.

Импортирани примероци на сликани и црнофирнизирани садови во V и IV век

Зголемен број на импортирани садови повторно е забележан од последната четвртина на V век и во текот на IV век, главно црвенофигурални или црнофирнизирани садови од атичките или олинтските работилници, но треба да се има предвид и локалната работилница на сликана керамика во Пела, актуелна во IV век, особено кога станува збор за пеликеата и леканите.[86] Забележливо е слабо присуство на големите затворени форми на садови сликани во стилот на црвени фигури: само една хидрија, неколку фрагменти од звонолики кратери, три пеликеа, неколку оинохоа, два лебес гамикос, два аскоси, два бели лекити (сл. 8). Повеќебројни се малите форми: т.н. squat лекити од кои неколку се рељефни, скифоси, кантароси од типот Св. Валентин, и чинии кои се застапени со ретки примероци на ихтии и лекани. Покрај сликаните варијанти, во континуитет пристигнуваат и црнофирнизираните садови (сл. 9): оинохоа, скифоси, кантароси, различни типови на плитки и длабоки чинии со печатени мотиви. Нивната концентрација е најголема на неколку локалитети по долината на Вардар: Исар-Марвинци и Манастир и Варници кај Демир Капија во Долното Повардарје; и на крајниот север на неколку локалитети во скопскиот регион: Градиште – Бразда, Градиште – Средно Нерези.[87] Слабото присуство на големите затворени форми веројатно е резултат

[84] Ристов 1993, гроб 74, стр. 98, сл. 4а, T.II:8, гроб 72, стр. 97, T.I:4; Papazovska-Sanev 2012, 419, fig. 5.

[85] Agora XII, cat. nos. 378-385 и cat. nos. 389-391 за лентестите киликси.

[86] Ακαμάτης 2013.

[87] За примероците од Демир Капија види: Vučković-Todorović 1956, 31–38. Вучковић-Тодоровић, 1959, 281-286. Вучковић-Тодоровић 1961, 229-269. За примероците од Исар – Марвинци види: Соколовска 1986; Георгиев 2017, 91–132, импортирани црвенофигурални и црнофирнизирани садови се откриени во текот на заштитните ископувања на Кале-Отовица близу Велес во 1996. Фрагментираните примероци на сликани садови од Вардарски Рид не се публикувани. Фрагменти од импортирани садови се откриени во Стоби, главно вон контекст. За наодите од скопско види Микулчиќ 1982, 17–36. Микулчиќ 1990, 93–102. За сликаните и монохромните садови во збирката на Музејот на Македонија види: Микулчиќ Г., 2005, 83-133; Sanev 2013, 3-55.

на економска моќ на купувачите, проблемите кои произлегуваат од транспортот на големите форми (иако тие вообичаено се поврзуваат со копнените рути повеќе отколку со водните траси) но и од различните културни традиции. Долното течение на реката Вардар, по теснецот во Демир Капија е отворен кон југот без природни препреки, што донекаде и ја објаснува забележливата концентрацијата на црвенофигуралните садови во регионот на Долното Повардарје: на Исар-Марвинци и посебно во Демир Капија каде врз основа на белите лекити кои се традиционална форма врзана за погребните обичаи на атињаните се смета дека овде се доселиле трговци од Атина.[88]

Сл. 8. Атички црвенофигурални садови откриени на наоѓалиштата долж реката Вардар, доцен V – ран IV век

Садовите декорирани во стилот на црвени фигури определени како производи на атичките или халкидичките работилници повеќе пати се елаборирани, заради што во оваа прилика е доволно кусо резиме. Покрај хидријата од Демир Капија датирана во 420-400 г., декорирана со сцена од Дионисиевиот тијасос, која со стилот и високиот квалитет на изведбата, сјајниот црн и густ фирниз е определена како продукт на ателјето на познатиот атински сликар Медијас,[89] Санев ја одредува припадноста и на дел од останатите садови на познатите ателеа, идентификувајќи неколку познати мајстори врз основа на квалитетот на фирнизот и различната фактура и боја на глината и аналогни примероци во светските музејски збирки (сл. 8): *Filotrano painter* за пеликеата од Исар-Марвинци, *Fat Boy* за оинохоето од Демир Капија, сликарот од групата *Vienna lekanis* за аскосот од Демир Капија, *Painter of Acropolis* за лебес гамикос од Марвинци, *Louvre maid painter, Straggly Painter* и *Mina Painter* за малите squat лекити и *Reed*

[88] Papazoglou 1988, 326. Вучковиќ-Тодоровиќ 1959, 281-286. Τιβέριος 2012, 45-46, εικ. 10-11, бели лекити се распространети на поширок регион во Македонија, Пидна, Ајга и т.н.

[89] Вучковиќ-Тодоровиќ 1961, 245-246, сл. 30. Vučković-Todorović 1956, 31-38; Sanev 2013, 21, cat. no. 1.

Painter за белите лекити.[90] Останатите атички производи припаѓаат на неидентификувани работилници. Примероците со послаб квалитетет и разреден фирниз, жолтеникавата боја на глината се идентификувани како производи на олинтските работилници (сл. 10): фрагментот од кратер, пелике, оинохое и лебес гамикос од Марвинци се атрибуирани на *Painter of Olynthus 5.156*, додека пак едно оинохое сликано со флорални мотиви, како и неколку squat лекити и скифоси се атрибуирани на непозната олинтска работилница.[91]

Сл. 9. Атички црнофирнизирани садови откриени на наоѓалиштата долж реката Вардар, IV век

Локална продукција на сива и сликана керамика во V и IV век

Во доцниот V и текот на IV век се среќава интензивна локална продукција која ги имитира импортираните форми претежно во сиво печена глина, но се јавуваат и локални имитации на сликани садови. Сивата локална керамика е откривана во изобилство на локалитетите по долината на Вардар: Градиште – Бразда, Градиште – Неготино, Исар –Марвинци и Вардарски Рид. Изборот на формите е ограничен, но се забележува извесно подобрување на технологијата на изработка во однос на сивопечените садови од доцноархајскиот период, особено во третманот на површината. Биле изработувани

[90] Sanev 2013, 3-55.

[91] Sanev 2013, 3-55; Sanev 2019, 331-338.

од прочистена глина, со примеси од мика, со невоедначената боја на пресекот, слично на сивата срцевина кај локалната лентесто боена керамика од претходниот период. Сè уште е задржана праксата да се потопуваат садовите во разредена глина, заради што површината добива сив премаз со благ сјај, но во обид да се имитира сјајниот црн фирниз на импортираните примероци продолжува техниката на механичко глачање во ленти, графитирање, или посипување на површината со лискун.[92]

Сл. 10. Олинтски црвенофигурални садови откриени на наоѓалиштата долж реката Вардар, IV век

Заради нивната неатрактивност, најчесто се запоставени во керамичките студии и ретко споменати во публикуваните извештаи. Повеќето се фрагментирани, главно откриени како случајни наоди надвор од датиран контекст и само неколку потекнуваат од затворени целини. В. Соколовска обрнала внимание на локалната продукција во класичниот период извлекувајќи основни заклучоци за формите и технологијата на изработка.[93] Врз основа на достапните примероци, таа ја класифицирала локалната сива керамичка продукција во две групи: во првата група влегуваат форми на садови кои произлегле од пораните локални форми, а втората опфаќа садови кои имитираат им-

[92] Соколовска 1993, 146, технологијата на графитирање била постигната со глазура која на садот му дава црна боја после печењето, што особено е забележливо на сивопечените садови од локалитетот Градиште – Бразда.

[93] Соколовска 1993, 140–148.

портирани форми. Кон овие, би ја додале третата група на рачно работени садови со долга историја на продукција.[94]

Некои од формите типични за локалната продукција во VI век еволуирале во текот на V век. Три форми потекнуваат од доцноархајските: малите гутуси, кантароси со рачки кои го надвишуваат работ на устието и длабоките чинии (сл. 11).

Малите бокалчиња со изливник (гутуси) со топчесто тело, една лентеста рачка и мал цевчест изливник ги наоѓаат своите претходници во олпите и бокалите со засечен врат или рамен раб и изливник од доцниот VII и VI век, кој постепено се трансформира во сад со тролисен или рамен отвор и развиена база кон крајот на VI и почетокот на V век. Едниот примерок е изработен од сиво печена глина со мика со заоблено дно и тролисен отвор на устието,[95] а вториот со прстенесто дно и рамен раб е со многу погруба изработка од песоклива сиво-кафена глина со дебели ѕидови, откриен на некрополата Милци, датиран на крајот на V век.[96]

Сл. 11. Сиво печени садови кои се развиваат од доцнархајските форми (група I), IV век

Кантаросот со две рачки кои го надвишуваат работ на устието потекнуваат од кантаровидното котиле, една од омилените форми во локалната доцноархајска продукција. Неколку примероци се откриени во т.н. керамичко депо, случаен групен наод на локалитетот Градиште – Неготино кој веројатно припаѓа на уништена печка,[97] во Де-

[94] За локалната сива продукција и имитациите на сликаната керамика во класичниот период по долината на Вардар види Blaževska 2019, 23-35.

[95] Случаен наод; садот е во колекцијата на Археолошкиот музеј во Скопје.

[96] Пашиќ et al., 1978, 75–84, T. VII, 1–6, откриен во гроб со кремација секундарно положен во постара циста, датирањето е изведено на основа на прстен со овална глава. Сличен примерок со груба фактура е откриен во Олинт интерпретиран како шише за бебиња или полнач за лампи и припаѓа на тип 1, датиран во раната трета четвртина на V век п.н.е. Olynthus XIII, 264–267, pl. 178, no. 477

[97] Соколовска 1986, 47, сл. 15: 3–IV Соколовска 1993, 142, сл. 3c. Садовите се датирани во првата половина на IV век врз основа на фрагменти од сликана атичка керамика датирана во доцниот V и раниот IV век кои се претпоставува дека потекнуваат од растурени гробни целини кои се постари од печката.

мир Капија,[98] а неколку фрагменти се откриени на разни локалитети долж реката.[99] Тие имаат прстенеста нога, заоблено или кај некои примероци аглесто тело и две лентести рачки го надвишуваат работ на устието. Изработени се од сиво печена глина со мика, но површинскиот третман се разликува во бојата во разни нијанси на сива до сиво-кафена. Транзицијата на формата кон класичните типови кантароси е најдобро видлива на примероците од локалитетот Кале близу Кршевица во јужна Србија, датирани подоцна во IV односно III век, на кои традиционалната декорација со глачани ленти сè уште е присутна.[100]

Во истото керамичко депо од Градиште – Неготино се откриени неколку длабоки чинии со хоризонтални рачки изработени од сиво печена глина покриена со премаз или вертикални глачани ленти,[101] кои потсетуваат на архајската варијанта на скифоси кои во доцниот 6. или раниот V век се јавуваат во сива варијанта. Развојот на формата е видлив во прстенестото дно кое го заменува рамното дно на постарата форма и во масивниот рамен раб на устието. Некои примероци од керамичкото депо од Неготино ги сочувале двете хоризонтални рачки прилепени на горниот дел од телото и хоризонталните жлебови под работ на устието кои се јавуваат и на сивите варијанти на бокалите со засечен врат од VII и VI век. Кантаровидното котиле и скифосите биле омилени производи на локалните работилници во Долното Повардарје и Термајскиот залив, како и на поширокиот северноегејски простор во архајскиот период, каде се класифицирани како локална керамика произведена главно во емпориите или во регионите каде живее мешано локално население и доселеници.[102] Очигледно, нивната популарност меѓу локалното население продолжила уште век и половина подоцна, заедно со други традиционални форми, како клунестите оинохоа - прохуси.

Втората група содржи форми кои ги имитираат класичните атички форми: оинохоа, големи едноставни амфори со вертикални рачки, кратери со колонети, стамнос пиксиди, хитри, скифоси и чинии со вовлечен раб (сл. 12). Двата примероци на големи амфори со две вертикални рачки, топчесто тело со кус врат, се разликуваат во детаљите: примерокот од Градиште – Неготино има хоризонтално извлечен раб, прстенесто дно и сјаен премаз на површината,[103] додека пак тој од Вардарски Рид е со рамно дно, проширен раб на отворот и двојни рачки.[104] И двата примероци се датирани во периодот од втората четвртина до средината на IV век.[105] Оваа форма се среќава во претперсиската керамика во Олинт, каде се најчесто лентесто боени, или пак се среќаваат примероци сликани со флорални и геометриски мотиви.[106] На атинската агора овие т.н. амфори со странично поставени рачки се среќаваат во текот на IV век, но се сметаат за импортирана форма од Кипар или нивни имитации од други центри на малоазискиот брег или

[98] Соколовска 1986, сл.. 18:2–3.

[99] Георгиев 2017, 106–107, Т.X: 13–16.

[100] Поповић et al. 2012, кат. бр. 54–58.

[101] Соколовска 1986, 47, fig. 15: 10–12, 14. Соколовска 1993, 142, fig. 5, 6.

[102] Tiverios 2012, 185.

[103] Соколовска 1993, 144, сл. 7, идентификувана како хидрија.

[104] Блажевска 2006, 274–275, кат. бр. 389.

[105] Блажевска 2006, 274. Соколовска 1993, 144.

[106] Olynthos V, 34-35, P 52, Pl. 32, P 53, Pl. 31. Двата примерока со контекстот на откривање се датирани по палењето на градот, односно по 479 г.

Сирија.[107] Локални варијанти на кратери со колонетести рачки се среќаваат на повеќе локалитети долж реката, но со големината и квалитетот на изработката особено се истакнуваат примерокот украсен со печатени орнаменти од Градиште – Кнежје.[108]

Сл. 12. Сиво печени садови, имитации на импортирани класични форми (група II), IV век

Сивите варијанти на стамнос пиксидата по формата потсетуваат на упростена варијанта на лебес гамикос со тоа што конусната или дисковидна нога на високо стебло се снижува во прстенесто дно, вратот скоро се губи, рачките стануваат пониски и капакот многу поедноставен со копчеста држалка. Овие садови се непознати во Атина или Коринт, но се среќаваат на Родос и во претперсиската керамика на Олинт, а во регионот на Античка Македонија се присутни на некрополите во Исар – Марвинци и Верија како гробни дарови или урни сè до доцниот II век.[109] Уште една атичка форма се среќава како локална копија, хитрите со заоблено дно, топчесто тело, кус врат и една вертикална рачка, изработени од сива и црвено печена глина со примеси на лискун и песок и со мазнети ленти на површината. На Исар Марвинци се среќаваат како урни во гробовите со кремација, а нивното производство како кујнски садови продолжува на Вардарски Рид до доцниот 2 век. На атинската агора како типични огнишни садови во кои се подготвувала храна се присутни од доцниот VII век, а скоро без промени на формата се јавуваат до раноримските слоеви на агора и во Коринт.[110] Групниот наод на Градиште – Неготино содржи ојнохоа со тролисен отвор кои ги имитираат импортира-

[107] Agora XII, 191, nos. 1484-1488, Pl. 63.
[108] Mitrevski 2019, 327, Fig. 12. Поповић et al. 2012, кат. бр. 38.
[109] Соколовска 1993, 143, сл. 4.
[110] Agora XII, забелешка 3. Corinth VII, 120-121.

ните форми.[111] Површинскиот третман на садот со глачање во вертикални ленти се задржува дури и до доцниот 4 век, што го потврдува ојнохоето откриено на Вардарски Рид.[112] Сепак најчесто се имитирани малите форми на садови: чинии со вовлечен раб, болсал скифосите и атичките форми на скифоси со тесно дно, овие последниве особено бројни во скопскиот регион на Градиште - Бразда, каде се среќаваат и сиви имитации на формата на кантаросите од групата St. Valentine.[113]

Сл. 13. Имитации на сликана импотирана керамика (група II), IV век

Од сликаната декорација имитирани се едноставните мотиви како што се триаголните палмети во комбинација со спирални или флорални дезени кобинирани со хоризонтални ленти изведени од светложолтеникава глина со различен тоналитет на бои кои варираат од црвена до кафена или црна мат боја (сл. 13). Оваа сликана декорација се јавува на кантароси, скифоси, плитки чинии, лекани и тролисни или клунести оинохоа, вообичаено изработени од светла окер до црвено печена глина со мика. Тие се откриени на повеќето локалитети по долината на Вардар, особено во Горното Повардарје, но и во поширокиот регион: на Градиште – Кнежје, Кале – Кршевица и во Охридскиот регион, каде слична сликана декорација особено е популарна на старата форма бокал со клунест изливник.[114]

Фрагментирани примероци на кантароси декорирани со палмети, определени како прозвод на олинтските работилници од доцниот V век се откриени во Демир Ка-

[111] Соколовска 1993, 144-145, сл. 8, 9.

[112] Карпузова 2005, 179-201.Blaževska 2019, 28, Fig. 5c.

[113] Соколовска 1993, 145-146, сл. 10, 12.

[114] За различните локалитети, види Sanev 2013, сл. 69, 72–73, 77, 81–82; 86–93. За примероците од Вардарски Рид види Блажевска 2006, 43–44, кат. бр. 21–22. За примероците од Градиште Кнежје, види Митревски 2016, сл. 14 и 37a; За примероците од Кале – Кршевица види Поповић et al. 2012, кат. бр. 25, 28–30, 32, 38. Kilian 1975, Taf. 42:13 (Демир Капија). Слична продукција е позната и на крајниот југозапад во регионот на античкиот Лихнидос, види Bitrakova Grozdanova 2017, 259–260, сл. 20–21.

пија и Градиште – Бразда.[115] Кон овие се надоврзуваат скифосите од Градиште – Кнежје и Градиште – Бразда кои се исто така производи на локална работилница. Формата ги имитира атичките скифоси карактеристични за IV век со стеснување на телото кон дното, со конкавно вовлекување под работ, кој е извлечен надвор. Сликањето изведено со црвен, посен фирниз, без сјај и прилично излупен.

Три плитки чинии со проширен раб откриени во Демир Капија, од кои едната е квалитетен примерок и веројатно импорт, припаѓаат на популарна атичка форма од доцниот V и раниот IV век која ретко пристигнува во овие краишта.[116] Оваа форма со рамно дно од внатрешната страна, широк конвексен раб и висока прстенеста нога, најблиските аналогии ги наоѓа меѓу црнофирнизираните или нефирнизирани примероци од втората четвртина на IV век на атинската агора.[117] Импортираниот примерок од Демир Капија е насликан со голема палмета на средината и ооволо и точки под двете хоризонтални линии. Контурите се изведени со тенка линија од црн фирниз, додека пак целата чинија е покриена со фирниз со црвеникав до зеленкаст сјај.[118] Двете имитации се идентични по форма, но не и во сликаната декорација и фирнизот, кој е сочуван во траги. Чинии со идентична или слична форма, со груба изработка и сликана декорација се исто така откриени на локалитетот Градиште – Кнежје и Кале – Кршевица.[119]

Двете ојнохоа со тролисен отвор од Демир Капија привлекуваат посебно внимание заради комбинацијата на локална постара форма со сликаната декорација која се угледува на импортираните садови.[120] И двата примероци се грубо изработени од жолтеникава и сива глина со дебели ѕидови, масивна прстенеста база, континуиран премин на телото кон рамото и вратот, изливник и масивната рачка. На вратот и телото е изведена голема палмета со многу слаб квалитет на разредениот фирниз без сјај. Според формата на телото повеќе наликуваат на доцноархајските олпи односно гутуси со изливник и тролисен отвор. Оваа сликана продукција заслужува посебен осврт, особено што веројатно се произведи на сè уште неидентификувана, една или повеќе локални работилници.

Последната, најмалку атрактивна група се состои од рачно работени садови со долга историја на продукција и скоро непроменети форми и декорација. Во неа влегуваат главно големи грубо изработени садови или пуранои со потковичести или јазичести рачки, некогаш декорирани со пластични ленти на кои се втиснати прсти. Најчесто биле употребувани како кујнски садови, но понекогаш и како урни во гробовите со кремација, како што е случајот со целосно сочуваниот голем сад од Исар – Марвинци, датиран во доцниот V век (сл. 14).[121] Куќата со колци од доцниот IV век на Вардарски Рид претставува одличен пример за истовремено присуство на сите три групи на садо-

[115] Микулчиќ 2005, 93, T. XVI; Sanev 2013, 49-51, cat. nos. 89-93. За примероците од Градиште - Бразда види и: Микулчиќ 1990, 93, T. I.

[116] Соколовска 1986, 49, сл. 18:V

[117] Agora XII, 145–146, Fig. 9, 1020–1021.

[118] Не ми е познато потеклото на импортираниот примерок.

[119] Mitrevski 2019, 326, Fig. 9. Поповиќ et al. 2012, кат. бр. 38.

[120] Соколовска 1973–74, 188, T.III, сл. 6. Микулчиќ 2005, 88, T.III: 437–4 и 468–4. Sanev 2013, 25–26, figs. 12, 13.

[121] Избор на рачно работени садови од разни локалитети долж Вардар, види Соколовска 1986, 79–80, T.1:8, T.9–T.10.

ви: локална сиво печена керамика, атички црнофирнизирани садови и локална рачно работена керамика.[122]

Локалната сива керамика е потврдена кај различните популации кои го населуваат Југоисточен Балкан, а како што е погоре спомнато технологијата на сива продукција особено во Долното Повардарје е познато меѓу локалните керамичари од раниот VI век п.н.е. Иако нема информации за поголемиот дел од V век, се чини дека сивата керамика станала доминантна продукција во класичниот период. Широкиот регион на кој е откриена сива керамика со слични форми и површинска обработка, но покрај сличностите се забележуваат разлики во квалитетот на изработка, глината, печењето и особено во третманот на површината на садовите откриени во различни региони што го отвора прашањето за локалните центри за нејзина продукција и сугерира постоење на повеќе различни работилници.

Сл. 14. Рачно работен сад од некрополата на Исар – Марвинци, доцен V век.

Најголемата концентрација на локална сива керамика е забележана во Горното Повардарје во регионот околу Скопје (Градиште – Бразда), во Средното Повардарје (Градиште – Неготино) и во Демир Капија. На исток од Аксиј, бројни примероци од истата керамика се откриени на локалитетот Градиште – Кнежје близу Св. Николе, каде е идентификуван пајонскиот главен град Билазора. Кон север, во басенот на Јужна Морава, бројни примероци на сиви садови со идентични или слични форми и начин на изработка се откриени на локалитетот Кале – Кршевица во јужна Србија, каде истражувачите предлагаат постоење на локална(и) работилница(и) не само на сива керамика, туку и на сликана керамика.[123] Работилници или печки сè уште не се откриени, освен претпоставената печка на локалитетот Градиште кај Неготино од каде потекнува групниот керамички наод, како што пораните истражувачи претпоставиле.[124]

Концентрацијата на локалните имитации на импортирани сликани садови се чини е на истите локалитети на кои е забележана и интензивна продукција на сива керамика, но за извлекување на поконкретни заклучоци неопходна е посебна детална студија за овие садови. Многу е веројатно дека природните ресурси во регионот и значајните центри лоцирани на Градиште – Бразда, Градиште – Кнежје, Градиште – Неготино, Демир Капија, Исар – Марвинци, Вардарски Рид и Кале – Кршевица привлекле доселеници, а меѓу нив сигурно и имигранти керамичари кои извршиле влијание на локалната продукција. Локалните керамичари го учеле занаетот од нив, во некој од многуте центри на југот, или едноставно ги имитирале импортираните примероци.

[122] Карпузова 2005, 179-201.

[123] Поповић et al. 2012, 33–35.

[124] Во подножјето на локалитетот денес постои модерна фабрика за тули, што потврдува дека високо квалитетни лежишта на глина сè уште постојат во околината.

ЛИТЕРАТУРА:

Битракова Грозданова 1999: В. Битракова Грозданова, Религија и уметност во антиката во Македонија, Скопје 1999

Блажевска 2006: С. Блажевска, Населбинска керамика од Вардарски Рид, од средина на 4 до крај на 1 век пред Христа, одбранет магистерски труд на Институтот за Историја на уметност и археологија, Скопје 2006 (непубликувано).

Видески 1999: З. Видески, Лисичин Дол-Марвинци, некропола од железното време (истражувања 1997), *Maced. acta archaeol. 15*, Скопје 1999, 91-112

Вучковиќ-Тодоровиќ 1959: Д. Вучковиќ-Тодоровиќ, Грчки гроб из Демир Капије, Старинар н.с. IX-X, 1958-1959, Београд 1959, 281-286

Вучковиќ-Тодоровиќ 1961: Д. Вучковиќ-Тодоровиќ, Античка Демир Капија, Старинар XII, Београд 1961, 229-269

Георгиев 1983: З. Георгиев, Гробот 31/35 од некрополата Милци кај Гевгелија, *Зборник на археолошкиот музеј кн. 10-11* (10979-1982), Скопје 1983, 65-72

Георгиев 1984: З. Георгиев, Елементи на раната антика во Долно Повардарие, *Годишен Зборник на Филозофскиот факултет* 2, Скопје 1984, 51-85

Георгиев 2017: З. Георгиев, Раноантички стопански комплекс кај Кале-Отовица, *Патримониум 15*, Скопје 2017, 91-132

Krstevski, C., & Jakimovski, A., 2010, Horizon from Iron Age on Sector"Roman Necropolis"- Isar Marvinci, *Macedonian Heritage* No. 36-37, Skopje 2010, 55-60.

Микулчиќ 1982: И. Микулчиќ, Старо *Скопје со околните тврдини*, Скопје 1982

Микулчиќ 1990: Г. Микулчиќ, 1990, Кантароси и скифоси од гробниците во Бразда кај Скопје, *Maced. acta archaeol. 11*, Скопје, 1990, 93-102

Микулчиќ 1995: Г. Микулчиќ, „Градиште" Кнежје 1986, *Зборник на Музејот на Македонија, Нова Серија*, бр.1, Археологија, Скопје 1995, 115-123

Микулчиќ 2005: Г. Микулчиќ, Грчки сликани и монохромни вази од Демир Капија, *Зборник, археологија бр. 2*, Скопје 2005, 83-133

Митревски 1991: Д. Митревски, *Дедели, некропола од железното време во Долно Повардарје*, Скопје 1991

Митревски 1997: Д. Митревски, *Протоисториските заедници во Македонија преку погребувањето и погребните манифестации*, Скопје 1997.

Митревски 2016: Д. Митревски, *Античка Билазора, престолнина на независните Пајонци*, Св. Николе 2016

Папазовска 2005: А. Папазовска, Слоеви од железното време на Вардарски Рид, во: Д. Митревски (ур.) Вардарски Рид, Том I, Скопје. 2005, 115-157

Папазовска Санев 2009: А. Папазовска Санев А., *Керамика од железното време по долината на Вардар* (*од X до VI век пред Христа*), одбранет магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје 2009 (необјавено).

Паровиќ Пешикан 1985: Паровиќ Пешикан М., Неки нови аспекти продора грчке културе на Централни Балкан, Старинар XXXVI, Београд 1985, ??-??.

Пашиќ 1977: Р. Пашиќ, Археолошки истражувања на локалитетот Сува Река во Гевгелија, *Maced. acta archaeol. 3*, Скопје 1977, 43-57

Пашиќ 1978: Р. Пашиќ, Археолошки испитувања на локалитетот Сува Река во Гевгелија, *Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија кн. 8-9* (1975-1978) Скопје 1978, 21-52

Пашиќ et al. 1987: Р. Пашиќ, Ж. Винчиќ, М. Ивановски, З. Георгиев, Некрополата „Милци" кај Гевгелија, *Културно наследство X-XI* (1983-1984), Скопје 1987, 75-102

Петрова 1999: Е. Петрова, *Пајонија во II и I милениум пред н.е.*, Скопје 1999

Ристов 1993: К. Ристов, Сува Река – Гевгелија, 1988-1990, *Maced. acta archaeol. 13*, Скопје 1993, 97-113

Поповић et al. 2012: P. Popović et al., *Centralni Balkan izmeću grčkog i keltskog sveta, Kale-Krševica 2001-2011*, Beograd 2012 (exhibition catalogue)

Санев 2012: Г. Санев, Еден коринтски арибалос од Скопје, *Patrimonium* 10, Скопје 2012, 35–40

Соколовска В., 1978, Археолошки истражувања во Демир Капија, Maced. acta archaeol. 4, 93-113, Прилеп

Соколовска 1986 : В. Соколовска, *Исар-Марвинци и Повардарјето во античко време*, Скопје 1986

Соколовска 1993: В. Соколовска, Раноантичка сива керамика во Македонија, Maced. acta archaeol. 13, Скопје 1993, 41-148

Соколовска 2011: В. Соколовска, Античкиот град на Исар – Марвинци, Валандово, Културно-историски осврт, Скопје 2011

Хусеновски 2015: Б. Хусеновски, Војнички гроб од некрополата Милци кај Гевгелија, *Патримониум* бр. 13, Скопје 2015, 11-36

Хусеновски - Сламков 2005: Б. Хусеновски - Е. Сламков, Водич низ постојаната поставка „Вардарски Рид со околните наоѓалишта", Гевгелија 2005.

Agora VIII: E.T.H. Brann Late Geometric and Protoattic Pottery: Mid 8th to Late 7th Century B.C., The Athenian Agora: Results of Excavations Conducted by the American School of Classical Studies at Athens, Princeton 1962

Agora XXIII: M.B. Moore, Attic Black-Figured Pottery, The Athenian Agora: Results of Excavations Conducted by the American School of Classical Studies at Athens, Princeton 1986

Ακαμάτης 2013: Ν. Ακαμάτης, Ερυθρόμορφη Κεραμικήαπό την Πέλλα, ΤΟ ΤΟΠΙΚΟ ΕΡΓΑΣΤΗΡΙΟ, Θεσσαλονίκη 2013

Αναγνωστοπούλου-Χατζηπολυχρόνη 2013: Η. Αναγνωστοπούλου-Χατζηπολυχρόνη, Υστεροαρχαϊκοί κλίβανοι στην αρχαία Μένδη, in: Π. Αδάμ-Βελένη, Ε. Κεφαλίδου, Δ. Τσιαφάκη (eds.) Κεραμικά εργαστήρια στο Βορειοανατολικό Αιγαίο (8ος-αρχές 5ου αι. π.Χ.) Ημερίδα ΑΜΘ 2010, Θεσσαλονίκη 2013, 51-66

Babamova 2018: S. Babamova, New Evidence for the Location of Ancient Gortynia, Idomene and Doberos, in Maksimović Lj., Ricl M. (eds.), *ΤΗ ΠΡΟΣΦΙΛΕΣΤΑΤΗ ΚΑΙ ΠΑΝΤΑΑΡΙΣΤΗ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΡΧΙΣΣΗ*: Students and Colleagues for Professor Fanoula Papazoglou, International Conference Belgrade, October 17-18, 2017, Belgrade 2018, 1–22

Bernard 1964: P. Bernard, Céramiques de la première moitié du VIIe siècle à Thasos, BCH 88-1, 77-146

Bitrakova-Grozdanova 2017: V. Bitrakova-Grozdanova, «La céramique du 5e et du 4e siècle a Lychnitide», in V. Bitrakova-Grozdanova, *Lychnidos et Dassaretie,* Skopje 2017

Blaževska 2019: S. Blaževska, Local Pottery Production along Axios River in the 5th and 4th centuries B.C., in E. Manakidou - A. Avramidou (eds.), *Classical Pottery of the Northern Aegean and its Periphery* (*480-323/300 BC*), Thessaloniki 2019, 23-35

Bozkova – P. Delev, Archaic Pottery with Painted Geometric Decoration from South-Western Bulgaria, in: M Tiverios, V. Misailidou-Despotidou, E. Manakidou, A. Arvanitaki, Archaic Pottery of the Northern Aegean and Its Periphery (700-480 BC). Thessaloniki, 2012, 69-78

Clara Rhodos VII: Clara Rhodos VIII: 1. L. Laurenzi, Necropoli ialisie (Scavi dell' anno 1934), Studi e materiali pubblicati a cura dell'Istituto storico-archeologico di Rodi, Bergamo 1936

Cook-Dupont 1998: R. M. Cook – P. Dupont, East Greek Pottery, London 1998

Corinth VII: R.G. Edvards, Corinthian Hellenistic Pottery, Corinth VII, Part III, Results of Excavations Conducted by the American School of Classical Studies at Athens, Princeton 1975

Χρυσοστόμου – Χρυσοστόμου 2012: Α. Χρυσοστόμου – Π. Χρυσοστόμου, Ιωνικά bucchero από τα νεκροταφεία του Αρχοντικού Πέλλας, in: : M. Tiverios, V. Misailidou-Despotidou, E. Manakidou, A. Arvanitaki (eds.), Archaic Pottery of the Northern Aegean and its Periphery, Proceedings of the Archaeologigal Meeting, Thessaloniki, 19-22 May 2011, Thessaloniki 2012

Gimatzidis 2011: S. Gimatzidis, Counting Sherds at Sindos, Pottery Consumption and Construction of Identities in the Iron Age, in: S, Verdan, Th. Theurillat and A. Kenzelmann Pfyffer, Early Iron Age Pottery: A Quantitative Approach, Proceedings of the International Round Table organized by the Swiss Schol of Archaeology in Greece (Athens, November 28-30, 2008), Bar International Series 2254, 2011, 97-110

Gimatzidis 2018: S. Gimatzidis, Northern Greece and the central Balkans, in: C. Haselgrove, K. Rebay-Salisbury and P. S. Wells, The Oxford Handbook of the European Iron Age, Oxford Handbooks Online 2018, 1-29

Hammond 1972: Hammond N. G. L., *A History of Macedonia, Historical Geography and Prehistory*, Vol. I, Oxford 1972.

Ilieva 2013: P. V. Ilieva, G 2-3 Ware: the Sub(proto)geometric Tradition of the North-Eastern Aegean in: Π. Αδάμ-Βελένη, Ε. Κεφαλίδου, Δ. Τσιαφάκη (eds.) Κεραμικά εργαστήρια στο Βορειοανατολικό Αιγαίο (8ος-αρχές 5ου αι. π.Χ.) Ημερίδα ΑΜΘ 2010, Θεσσαλονίκη 2013, 123-130

Kilian 1975: K. Kilian Trachtzubehör der Eisenzeit zwischen Ägäis und Adria, Praehistorische Zeitschrift, Band 50, Berlin 1975.

Κουσουλάκου 2013: Ντ. Κουσουλάκου, Κεραμικός κλίβανος στην Ποτίδαια, in: : Π. Αδάμ-Βελένη, Ε. Κεφαλίδου, Δ. Τσιαφάκη (eds.) Κεραμικά εργαστήρια στο Βορειοανατολικό Αιγαίο (8ος-αρχές 5ου αι. π.Χ.) Ημερίδα ΑΜΘ 2010, Θεσσαλονίκη 2013, 69-72

Mikulčić 1966: I. Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od egejske seobe do Avgusta, Beograd 1966.

Μισαηλίδου-Δεσποτίδου 2012: Β. Μισαηλίδου-Δεσποτίδου, Η αρχαική κεραμική από το νεκροταφείο της αρχαίας Άφυτης in: M. Tiverios, V. Misailidou-Despotidou, E. Manakidou, A. Arvanitaki (eds.), Archaic Pottery of the Northern Aegean and its Periphery, Proceedings of the Archaeologigal Meeting, Thessaloniki, 19-22 May 2011, Thessaloniki 2012, 371-385

Mitrevski 2011: D. Mitrevski, Middle Iron Age Pottery from the Lower Vardar or Amphaxitis Region, *Folia archaeologica Balkanica II*, Skopje 2011, 85-98

Mitrevski 2012: D. Mitrevski, Lower Vardar of Amphaxitis Pottery from the Iron Age, in: M. Tiverios, V. Misailidou-Despotidou, E. Manakidou, A. Arvanitaki (eds.), Archaic Pottery of the Northern Aegean and its Periphery, Proceedings of the Archaeologigal Meeting, Thessaloniki, 19-22 May 2011, Thessaloniki 2012, 321-330

Mitrevski 2019, D. Mitrevski, Classical Pottery from the Royal Palace in Bilazora – Capital of the Independent Paeonians, in: E. Manakidou - A. Avramidou (eds.), *Classical Pottery of the Northern Aegean and its Periphery* (*480-323/300 BC*), Thessaloniki 2019, 321-330

Olynthus V: G. E. Mylonas, Pre-Persian Pottery in: D.M. Robinson, Excavations at Olynthus. Part V., Mosaics, Vases, and Lamps, Baltimore 1933

Olynthus XIII: D.M. Robinson, *Vases found in 1934 and 1938*, Excavations at Olynthus. Part XIII, Baltimore 1950

Papadopoulos 2013, J. Papadopoulos, Some Further Thoughts on the Early Iron Age Potter's kiln at Torone, in: Π. Αδάμ-Βελένη, Ε. Κεφαλίδου, Δ. Τσιαφάκη (eds.) Κεραμικά εργαστήρια στο Βορειοανατολικό Αιγαίο (8ος-αρχές 5ου αι. π.Χ.) Ημερίδα ΑΜΘ 2010, Θεσσαλονίκη 2013, 39-48

Papazoglou 1988: F. Papazoglou, Les villes de Macédoine à l'époque romaine, Supplement BCH, Ecole française d'Athènes, Paris 1988

Papazovska Sanev A., 2012, Pottery Imports and Local Imitations Along the Vardar River Valley in the 6th and 5th centuries BC, in: M. Tiverios, V. Misailidou-Despotidou, E. Manakidou, A. Arvanitaki (eds.), Archaic Pottery of the Northern Aegean and its Periphery, Proceedings of the Archaeological Meeting, Thessaloniki, 19-22 May 2011, Thessaloniki 2012, 417-425

Perreault et. al., 2013: J. Perreault, F. Blondé, Κ. Περιστέρη, Το αγγειοπλαστείο στο Φαρί της Θάσου, in: Π. Αδάμ-Βελένη, Ε. Κεφαλίδου, Δ. Τσιαφάκη (eds.) Κεραμικά εργαστήρια στο Βορειοανατολικό Αιγαίο (8ος-αρχές 5ου αι. π.Χ.) Ημερίδα ΑΜΘ 2010, Θεσσαλονίκη 2013, 29-37

Rhomiopoulou 2008: K. Rhomiopoulou, Northern Greek Markets, in: A. Tzingarida - D. Vivers, Pottery Markets in the Ancient Greek World (8th - 1st centuries B.C.), Proceedings of the International Symposium held at the Université libre de Bruxelles, 19-21 June 2008, Bruxelles 2013, 171-174.

Samos III: A.E. Furtwängler – H.J. Kienast, Der Nordbau im Heraion von Samos, Samos Band III, Bonn 1989

Σινδος 1985:, Κατάλογος της 'Εχθεσης στο Αρχαιολογικό Μοθσειό Θεσσαλονίκης (exibition catalogue, Athens 1985

Σκαρλατίδου et. al. 2012,Ε. Σκαρλατίδου, Φ. Γεωργιάδης, Ά. Παντή, Κ. Χατζηνικολάου, Επείσακτη και εγχώρια αρχαϊκή κεραμική από το αρχαίο νεκροταφείο στη Θέρμη (Σέδες) Θεσσαλονίκης, in: M. Tiverios, V. Misailidou-Despotidou, E. Manakidou, A. Arvanitaki (eds.), Archaic Pottery of the Northern Aegean and its Periphery, Proceedings of the Archaeological Meeting, Thessaloniki, 19-22 May 2011, Thessaloniki 2012, 461-475

Τσιαφάκη - Μανακίδου 2013: Δ. Τσιαφάκη - Ε. Μανακίδου, Ένα εργαστήριο αρχαϊκής κεραμικής στο Καραμπουρνάκι, in: Π. Αδάμ-Βελένη, Ε. Κεφαλίδου, Δ. Τσιαφάκη (eds.) Κεραμικά εργαστήρια στο Βορειοανατολικό Αιγαίο (8ος-αρχές 5ου αι. π.Χ.) Ημερίδα ΑΜΘ 2010, Θεσσαλονίκη 2013, 73-86.

Τιβέριος 1991: Μ. Τιβέριος, Εγχώρια κεραμική του 6ου και 5ου αιώνα π.Χ. από τη Σίνδο", Το ΑΕΜΘ 2, (1988), Θεσσαλονίκη 1991

Tiverios M., 2012, Classification of Local Pottery in Macedonia (Primarily From Coastal Sites) in the Late Geometric and Archaic Periods, in: M. Tiverios, P. Nigdelis, P. Adam-Veleni (eds.) THREPTERIA, Studies on Ancient Macedonia, Thessaloniki 2012, 175-199

Τιβέριος 2013: Μ. Τιβέριος, «Ταξινόμηση ντόπιας κεραμική στον μακεδονικό χώρο κατά την εποχή του Σιδήρου – ορισμένες δεύτερες σκέψεις», in Αδάμ-Βελένη, Ε. Κεφαλίδου, Δ. Τσιαφάκη (eds.) *Κεραμικά Εργαστήρια στο Βορειανατολικό Αιγαίο* (*8ος-αρχές 5ου αι. π.Χ.*), Θεσσαλονίκη 2013, 15–22.

Sanev 2013 : G. Sanev, "Red-figure Vases in the FYR Macedonia", *Revue achéologique* 1/2013, 3-55

Sanev 2019: G. Sanev, Olynthian red figure pottery from Isar Marvinci, in: E. Manakidou - A. Avramidou (eds.), *Classical Pottery of the Northern Aegean and its Periphery* (*480-323/300 BC*), Thessaloniki 2019, 331-338.

Vasić 1987 : R. Vasić, Gevgeliska grupa starijeg gvozdenog doba, Praistorija jugoslavenskih zemalja V, Sarajevo 1987.

Vučković-Todorović 1956: D. Vučković-Todorović, Une hydríe du peíntre attíque Meídías, AIU II, Beograd 1956, 31-38.

ПАЈОНСКИТЕ ГРАДОВИ ПРЕКУ НОВИТЕ АРХЕОЛОШКИ ОТКРИТИЈА

Марјан Јованов

Од првото споменување на еден пајонски град во Хомеровата Илијада (В 849) до денес се поминати речиси три милениуми. Време исполнето со многу турбуленции, основања и уривања на градови, формирања и пропаѓања на држави, раѓања и умирања на бројни знајни и незнајни јунаци. За градот кој го споменува Хомер, по име Амидон, знаеме дека се наоѓал близу до широкострујниот Аксиј, а од таму пајонскиот водач Пирајхме ги повел криволаките Пајонци во одбрана на Троја (В 848-850). Немаме никаква информација за изгледот или пак големината на овој град, ниту пак негова попрецизна локација, освен што од Хомеровите стихови можеме да претпоставиме дека се наоѓал во долниот тек на реката Вардар (античкиот Аксиј), која ги разлева своите прекрасни води ширум земјата (В 850). Денес, благодарение на археолошките истражувања, се смета дека археолошките остатоци од повеќеслојната бронзенодобска населба на локалитетот Вардаровца, во Северна Грција, на левиот брег од Вардар, ги кријат остатоците од оваа значајна пајонска населба која заслужила по име да биде спомената кај Хомер.[1]

Ќе поминат полни четири века до следното споменување во пишаните извори на еден пајонски град. Овојпат кај Тукидид, во неговата Историја на Пелопонеската војна. Во неговото пишување за походот на тракиските племиња предводени од Ситалк, водач на моќното племе Одризи, се споменати пајонскиот град Добер и неколку македонски градови: Идомене, Гортинија, Европос и Аталанте.[2]

Овој навидум извонредно прецизен историски податок, но за жал и единствен кој се однесува на настани од петтиот век п.н.е. за територијата на Македонија, ќе стане предмет на обемна научна расправа, почнувајќи уште од раниот XX век меѓу повеќемина истакнати европски научници, а во втората половина на XX век анализата на Тукидидовиот текст и обидите за докажување на неговата веродостојност преку идентификација на споменатите географски поими и градови на терен особено ќе се интензивира во македонската и бугарската археологија.

Без да навлегуваме во детално образложување на досега изнесените бројни претпоставки и теории, туку поаѓајќи од сознанијата кои се поткрепени со најновите теренски археолошки истражувања, можеме да предложиме нивно ревидирање.

---

[1] Hammond, 1972, 177.

[2] Thuc. II, 98-100.

Фактот дека Ситалк со својата огромна војска (која според Тукидид броела дури 150000 војници) поминала од долината на Стримон преку ненаселената планина Керкине по претходно просечен пат низ шумско подрачје, недвосмислено укажува на премин преку јужните огранoци на Малешевските планини и планината Огражден. Овие планински масиви, за разлика од планината Беласица, се лесно проодни, особено ако низ одредени делници со густа шума се направат премини за огромната војска. Археолошките истражувања недвосмислено укажуваат дека тие во V век п.н.е. се ненаселени, а првите поголеми населби потекнуваат од римскиот империјален период, што јасно го покажаа повеќегодишните истражувања на Огражден.[3]

По преминот преку Керкине, Ситалковата армија се спушта и го освојува пајонскиот град Добер. Ова е првото споменување на овој град, а е со јасно назначена пајонска припадност. Сите понатамошни случувања опишани во овој текст се на македонска територија.

Во освоениот пајонски Добер Ситалковата војска се собрала, и оттаму, но јасно потенцирано „од висина“, се спуштила и лесно, во јуриш, го освоила македонскиот град Идомене, а двата следни споменати градови, Гортинија и Аталанте, се предале. Последниот град споменат во овој текст, Европос, го преживеал нападот и Ситалк го префрлил својот поход кон исток, со намера да се врати во Тракија, патем ограбувајќи низ источна Македонија.

Прашањето за убикацијата на Добер многупати било поставувано од бројни научници, а особено од Викторија Соколовска, која најупорно ги поистоветува археолошките остатоци на локалитетот Исар кај селото Марвинци со пајонскиот Добер. Притоа, занемарува два факти: прво, дека Ситалковата војска од Керкине буквално се спуштила кон Добер и тука се собрала и организирала за понатамошниот поход, и вториот, дека градот Добер на крајот на антиката не само што уште живеел, туку станал и епископија, па Епископот Доберски учествувал на екуменскиот собор во Никеа. Веднаш ќе нагласам, еден епископски центар мора да има не една задолжителна епископија, туку и повеќе цркви во околината на градот. На локалитетот Исар кај Марвинци досега, и покрај повеќедецениските ископувања на огромна површина, не се пронајдени остатоци од ниту еден сакрален христијански објект.

Многу поверојатно е пајонскиот Добер да се наоѓал на локалитетот Кула кај Валандово, каде се вршени сосема скромни по обем археолошки истражувања, а падините во правец на денешно Валандово и просторот под современото гратче биле населени низ целиот антички период, за што имаме и потврда во архитектонските остатоци и луксузните доцноантички мозаици на локалитетот Стакина чешма. Христијанската традиција на епископијата Добер ја продолжуваат бројни средновековни и нововековни цркви и манастири, кои се наоѓаат на ридестите падини околу локалитетот Кула. Покрај ова, Валандовската котлина секако можела многу подобро да послужи како собирен простор за огромната Ситалкова војска, за разлика од мочурливата рамнина покрај Вардар околу локалитетот Исар кај Марвинци.

Сепак, за конечно потврдување на оваа теорија за убикацијата на Добер, конечниот збор ќе се каже само преку резултати од пообемни археолошки ископувања, кои за жал досега не се извршени.

---

[3] Тачева М., 1990, 3-13.

Сл. 1. Исар Кула, Валандово

Следниот историски потврден пајонски град е градот Билазора, но оваа информација ни ја дава Полибиј, кој живее дури во II век п.н.е. Според овој извор, македонскиот крал Филип V во 217 год. п.н.е., во своите напори да ја заштити северната граница на кралството од честите ограбувачки упади на Дарданците, ги обновил ѕидините на најголемиот пајонски град Билазора, кој бил мошне добро поставен на приодите од Дарданија во Македонија. [4]

Две информации од овој текст се од особена важност за археологијата. Едната е делумното позиционирање на овој град, а другата е неговото истакнување како најголем, што веројатно би значело, барем во одреден временски период, и најзначаен пајонски град. На прашањето за убицирање на Билазора на терен се обиделе да дадат одговор бројни проучувачи на античката историја и археологија. Подолг период опстојувала, а на тој начин и се вкоренила меѓу поширокатa јавност претпоставката изнесена од Ф. Папазоглу – дека Билазора се наоѓа кај Велес.[5] Поаѓајќи само од сличноста на поимите Билазора и Велес, без конкретни теренски сознанија и материјални докази, таа го сместила пајонскиот град доста неодредено, во околината на градот Велес. Се чини дека точниот одговор на ова прашање го дал И. Микулчиќ, кој преку површинска опсервација и премер на маркантниот археолошки локалитет Градиште кај селото Кнежје, близу Св. Николе, прв претпоставил дека овде лежат остатоците на пајонскиот град Билазора.[6] Преку сознанијата добивани по пат на археолошки ископувања, сондажни и систематски, изведувани во последниве три децении, претпоставката на Микулчиќ

[4] Polyb. V, 97.

[5] Папазоглу Ф., 1957, 232, и забелешка 5.

[6] Микулчиќ И., 1976, 149- 165.

постепено се етаблираше како научна вистина. Импресивните остатоци, кои денес се видливи на овој локалитет, недвосмислено покажуваат дека станува збор за голем град кој егзистирал низ класичниот и хеленистичкиот период.

Како најзначајни откритија од досега извршените археолошки ископувања секако треба да ги издвоиме остатоците од објектите идентификувани како владетелска палата, антички храм и резервоар за вода.[7]

Сл. 2. Лок. Градиште, с. Кнежје (античкиот град Билазора)

Постоењето на објект кој покажува недвосмислена формална сличност со палатата во македонската престолнина Аjга секако упатува на заклучок дека Билазора не само што била најголем пајонски град, туку и дека во периодот од средината на V век па сè до 279/8 год. п.н.е. овој град бил и престолнина на независните Пајонци. Во овој временски интервал од околу 170 години палатата, како и другите објекти во градот, повеќепати биле обновувани и прилагодувани на желбите и потребите на актуелните пајонски владетели.[8] Оттаму произлегува и нетипичната мешавина на архитектонски стилови како дорски и коринтски, кои се присутни во архитектонските остатоци на Билазора. Раскошните коринтски столбови делкани од локален камен–песочник се присутни во палатниот комплекс, додека малиот храм кој се наоѓа во негова непосредна близина е во дорски стил.[9] Но отстапките од строгите правила на хеленското градителство кои ги забележуваме во архитектонскиот план на овој објект секако не

[7] За посочените објекти поопширно види кај Д. Митревски, 2016, 37-53; Ј. Илиев, 2022, во оваа публикација; Денковски К., 2022, во оваа публикација; Matthews E., Neidinger W., 2008-2013.

[8] Митревски, 2016, 23-36.

[9] Денковски 2022.

упатуваат на заклучок дека се работи за градба планирана и изградена од локалните мајстори и архитекти. Трите столба кои го носеле архитравот над влезот во храмот од типот templum in antis, немаат своја паралела во целиот хеленски свет, а ниту на македонскиот простор.

Посебно внимание во археолошката наука предизвика откритието на еден објект кој е позициониран на самиот раб на градот, практично споен со неговиот одбрамбен бедем. Тоа е големиот резервоар за вода, изграден од големи делкани камени блокови, со димензии 12 x 5 метри, со длабочина од околу 5 метри. Од едната страна на објектот, до воденатa површина се доаѓа преку камени скали кои се во целата широчина на базенот.[10]

Сл.3. Капители во коринтски стил од Билазора

Позицијата на овој резервоар за вода во најниската зона на градот, во непосредна близина на малата река која тече покрај бедемот, веднаш упатува на заклучок дека се работи за резервоар за вода (бунар) кој се полни од подземните води од реката. Поради големата деструкција на околното земјиште не можеме да согледаме дали овој резервоар се снабдувал со вода и преку канали кои ја спроведувале дождовницата. Секако, постоењето на цистерна за вода во рамките на еден антички град не е исклучителна појава. Овде сепак може да се постави прашањето дали е тоа само резервоар за вода која е неопходна во случај на опсада на градот, или објектот има и друга намена. Одговорот лежи во широките скали кои водат до самото дно на објектот. Доколку неговата намена беше само за снабдување со вода, вакви скали ќе беа сосема непотребни, а

[10] Георгиев З. 1996, 8-32.

нагласувам дека тие се архитектонски најсложениот дел од градбата. Претпоставуваме дека скалите се наменети за церемонијално влегување во водите на овој резервоар, можеби како замена за она церемонијално капење во водите на реката Астибос, кое го практикувале пајонските владели, а за кое ни оставил податок Полиен.[11]



Сл. 4 Теренска состојба и фронтален изглед на храмот во Билазора (реконструкција според Д. Митревски и К. Денковски)

Иако процентот на истраженост на градот сè уште е многу мал, сепак станува збор за една од досега најистражените раноантички населби во Македонија. Преку движните археолошки наоди откриени во различни археолошки слоеви на резиденцијалниот објект, но и во останатиот истражен простор, се оформува хронолошката рамка на Билазора. Античкиот град израснал на остатоците од старата, железнодопска пајонска населба. Во текот на V век п.н.е. започнува процесот на урбанизација, односно заменувањето на стариот земјен одбрамбен бедем со моќни ѕидови од камен. Промената во општественото уредување од племенска заедница во кралство ја наметнало потребата од изградба на сооодветна владетелска резиденција, а зачестените контакти на Пајонија со хеленскиот свет од крајот на VI и почетокот на V век п.н.е. ќе резултираат со големи промени видливи не само во архитектонските објекти, туку и во движниот археолошки материјал. Пајонија веќе околу 500 год. п.н.е. ќе влезе во монетарната сфера, прво преку племенското монетоковање, а на тоа ќе се надоврзат нешто подоцна и владетелските монети. Под културното влијание кое директно доаѓа од хеленскиот свет или од античка Македонија по пат на импорт на готови производи, ќе почнат да се имитираат хеленските типови на керамички вази, кои сепак имаат карактеристично локално обележје. Скифоси, кантароси, кратери, хидрии и ојнохоа изработени од рацете на локалните пајонски керамичари се најчест наод во археолошките слоеви на Билазора, но и на останатите локалитети на пајонска територија.

[11] Polyaen. IV, 12, 31.

Крајот на благосостојбата која владее во Пајонија во текот на V и IV век п.н.е., евидентирана преку богатството од археолошки наоди, ќе се случи на почетокот на III век п.н.е. Ниту Билазора не останала поштедена од бранот на уривање и опожарување кој е евидентиран на повеќе предримски локалитети во Македонија. Напротив, овде таа појава е уште посилно изразена преку слојот горење кој е најочигледен токму кај владетелската палата. Историски, ова рушење на Билазора го поврзуваме со походот на Келтите кон Делфи од 279 год. п.н.е. После ова следи краток хиатус, за животот во градот повторно да се врати, но сега во една многу поскромна форма, преку изградба на мали објекти од остатоците на некогашните луксузни градби.[12]



Сл.2 Основа на објектот во Кнежје
Fig.2.Base of the object in Knezje

Сл. 5. Цртеж на основата на резервоарот за вода во Билазора

На територијата на Македонија, особено во нејзиниот северен дел, се регистрирани уште неколку археолошки пунктови кои можеме со сигурност да ги именуваме како антички пајонски градови, но за чии имиња, во отсуство на пишани историски податоци или епиграфски споменици, за сега не можеме да се произнесеме. Меѓу тие локалитети секако спаѓа локалитетот Градиште кај селото Бразда, лоциран на 10 км. северно од центарот на Скопје, во југозападното подножје на Скопска Црна Гора. Неименуваниот град се наоѓа на југо-западниот крај на селото Бразда, позициониран на еден рид кој се издига над околината во висина од 70 м. Ридот има широка и заоблена купеста форма со заравнето плато. На северната и западната страна стрмно се спушта во Чучерска река, која го обиколува неговото подножје, додека на неговата јужна страна се простира реката Стрма, а на источната страна ридот терасесто се спушта. Во северното подножје на ридот се составуваат реките Бразда и Чучерска – Глушка.

Ридот Градиште има доминатна стратешка позиција над поширокаата околина, обиколен со Скопска Црна Гора на север и со широката рамница на Лепенец на запад. Населбата имала многу широк животен простор, богат со вода, шуми, зеленила, плодна почва погодна за солиден и безбеден развој на сточарство и земјоделство.

Според извршените рекогносцирања и првите арехеолошки сондажни ископувања во 1985 и 1986 година, дојдено е до сознание дека се работи за раноантичка населба која егзистирала од VII до IV век п.н.е. Населбата, или поточно градот, е распореден на повеќе подѕидани тераси на површина од 5,5 хектари. Од скромните по обем досегашни археолошки истражувања потекнуваат наоди на керамички фрагменти собрани од југозападната и источната тераса, меѓу кои се среќаваат локални копии на атички сликани црнофигурални вази, сиво печени вази работени на колце со хеленизирани

[12] Митревски 2016, 33-36.

форми како хидрии, амфори, скифоси, кантароси и сл., како и огнишни садови работени со слободна рака кои типолошки спаѓаат во локалната култура од железно време во овие краишта. Населбата има сложен фортификационен систем, што ни укажува за нејзиниот развој и проширување во текот на нејзиното егзистирање. Тоа го согледуваме преку проширувањето на населбата со градење нови тераси поврзани со првичната т.е. акрополата на градот, и подоцна подѕидани и утврдени од надворешна страна.

Сл. 6 Градиште, с. Бразда, Скопско

Во текот на рекогносцирањата и сондажните истражувања, тогашните истражувачи во северното подножје на ридот, близу до течението на реката Бразда, забележале голем број на идентични големи изделкани камени блокови од травертин, украсени со барботин и врамени со мазни тенки ленти, кои биле вградени во голем број од куќите во селото Бразда. Правилните форми и декорот на самите травертински блокови, како и фактот дека травертин нема во Бразда, а најблиското лежиште на травертин е кај селото Г. Свиларе на 23 км. западно од Бразда, ги насочило истражувачите дека постои некој монументален објект од каде селаните ги ваделе тие блокови и ги искористиле како градежен материјал при изградба на нивните куќи. Според овие претпоставки во 1986 година биле започнати ископувања на т.н. Владетелска Гробница.[13]

Со овие истражувања бил откриен импозантен објект граден од големи камени блокови, со димензии 7,2 х 5 метри, а длабок преку 4 метри. Тргнувајќи со однапред донесен заклучок дека се работи за владетелска гробница, истражувачите занемариле многу факти. Овој објект е позициониран во подножјето на ридот, но сепак се наоѓа во самиот град. Северниот градски бедем е всушност надворешен ѕид на објектот. Корис-

[13] Микулчиќ-Соколовска 1990, 79-92.

тејќи ја заштитата од бедемот, населението од градот можело да дојде до објектот и да влезе во него преку врата од која надолу водат шест скали. Во внатрешноста, и покрај големите напори, истражувачите не успеале да констатираат елементи од под ниту пак траги од некој фунерарен објект или ритуал.

Необременети со заклучоците на поранешните истражувачи, туку врз основа на фактите и подоцнежните археолошки откритија, како откритието на резервоарот за вода во Билазора, денес слободно може да кажеме дека и објектот во безимениот град од локалитетот Градиште кај с. Бразда имал намена на бунар, цистерна за вода, која секако е неопходна во случај на опсада на градот.[14] За оваа негова намена сведочат и бројните каналчиња издлабени во карпите над објектот, со кои дождовната вода се спроведувала во неговата внатрешност. Главниот и постојан прилив на вода секако бил преку дното, кое се наоѓа на нивото на подземните води во подножјето на ридот.



Сл. 7. Т.н. Владетелска гробница (цртеж И. Микулчиќ)

Сл. 8. Северен бедем на градот

[14] Георгиев З. 1996.

Еден од најзначајните аргументи против идентификувањето на овој објект како гробница секако е фактот дека тој се наоѓа од внатрешната страна на бедемот (идентично како и резервоарот за вода во Билазора), значи во градот, што е неспоиво со било кои погребни обичаи во антиката.

Локалитетот Градиште кај селото Бразда, сепак, според целата своја конфигурација, големина, археолошка стратиграфија, а и поради резервоарот за вода, слободно можеме да го сместиме во категоријата антички пајонски градови. Овој засега безимен град според движните археолошки наоди целосно се вклопува во сликата за прераснувањето на една железнодобска пајонска населба во град, идентична како и сликата за Билазора.

Археолошките ископувања на уште еден локалитет по име Градиште, во близина на селото Младо Нагоричане, потврдија постоење на уште еден пајонски град, по својата позиција, хронолошка слика и архитектонски елементи мошне сличен со Билазора и градот кај с. Бразда.[15]

Сл. 9. Т.н. Владетелска гробница

Овој локалитет, иако со значително помала површина од претходно опишаните, по многу елементи ја повторува сликата оформена со нивните истражувања.

Населбата е лоцирана на малото плато на ридот кој се извишува над коритото на реката Пчиња за околу 50 метри и доминира над околниот простор. Иако одбранбените ѕидови засекогаш исчезнале поради дејството на ерозијата, на акрополниот дел од локалитетот се откриени остатоци од објект кој можеме да го наречеме резиденцијален, најмногу поради сличностите кои ги покажува со Билазора. Овој архитектонски комплекс, граден од локален кршен и делумно обработен камен, имал повеќе меѓусебно поврзани простории, некои од нив на различни нивоа, па влезот од една во друга просторија се премостувал со скали.

[15] Археолошките ископувања на овој локалитет под раководство на М. Јованов се вршеа во периодот од 2014 до 2016 г., во соработка со НУ Музеј Куманово. Особена благодарност за соработката до колегите Д. Ѓеоргиевски и М. Петковски.

Сл. 10. Локалитет Градиште, с. Младо Нагоричане

Овој локалитет, иако со значително помала површина од претходно опишаните, по многу елементи ја повторува сликата оформена со нивните истражувања.

Населбата е лоцирана на малото плато на ридот кој се извишува над коритото на реката Пчиња за околу 50 метри и доминира над околниот простор. Иако одбранбените ѕидови засекогаш исчезнале поради дејството на ерозијата, на акрополниот дел од локалитетот се откриени остатоци од објект кој можеме да го наречеме резиденцијален, најмногу поради сличностите кои ги покажува со Билазора. Овој архитектонски комплекс, граден од локален кршен и делумно обработен камен, имал повеќе меѓусебно поврзани простории, некои од нив на различни нивоа, па влезот од една во друга просторија се премостувал со скали.

Сл. 11. Влез од една во друга просторија во објектот

Сл. 12 Дел од резиденцијалниот објект со малтерен под

Употребата на варов малтер, присутна во класичниот период само во најлуксузните објекти во хеленско-македонскиот свет, овде изненадувачки се јавува во една просторија со целосно малтерисан под, а повеќето ѕидови биле малтерисани и потоа бојадисани со комбинации од црвена, сина, црна или жолта боја. Ваква појава имаме кај само уште во палатата во Билазора, а се јавува и во палатата на македонската престолнина Пела.

Интересен и препознатлив елемент претставува и одводниот канал кој поминува низ целиот објект, а служел за одвод на атмосферската вода. Каналот е граден од големи, вешто обработени камени блокови кои одлично се спојуваат меѓу себе.

Сл. 13 Дел од одводниот канал

Оваа појава на одводен канал ја забележуваме и во палатата во Билазора, со тоа што таму целата архитектура и декорација е на повисоко рамниште.

Она што секако останува како предизвик за истражувањата во иднина е надежта дека и тука, како во Билазора и Бразда, ќе се открие резервоар во кој оваа вода се собирала. Од досегашниот обем на истражувањата тоа не може да се заклучи, но споредувајќи ги сите досега познати елементи од овој град, некаде во подножјето на локалитетот, на ниво на подземните води во близина на реката Пчиња, веруваме дека се крие и резервоар за вода.

Овој резиденцијален комплекс некогаш го краселе столбови во јонски стил, изработени од локален вулкански камен, а белината на мермерот се постигнувала со покривање на каменот со тенок слој варов малтер.

Споредувајќи ја стратиграфската слика на овој локалитет со онаа на Билазора, забележуваме дека нема никаква разлика ниту во поглед на првичниот развој од железнодопска населба во раноантички град, ниту во поглед на завршувањето на животот околу 279/8 год. п.н.е., што е евидентирано преку слојот од пожар и движните археолошки наоди заробени во него.

Сл. 14. Капител во јонски стил, прекриен со слој од малтер

Златното доба на овој град веројатно било во времето на Аудолеон, за што сведочи и пронајденото депо со сребрени драхми и тетрадрахми.[16]

Овој град претрпел големи оштетувања околу 279/8 год. п.н.е., што е посведочено со монета од македонскиот крал Деметриј I, најдена на изгорениот под во објектот, заедно со оловен проектил и керамички фрагменти типични за ова време.

Од вертикалната стратиграфија на локалитетот јасно може да се види дека после ова рушење и опожарување на градот уследил подолг хиатус, а потоа од остатоците на уништениот град биле изградени помали куќи во кои уште извесно време продолжил животот, но веројатно само низ третиот век п.н.е., пред засекогаш да биде напуштен.

Сл. 15. Сребрени тетрадрахми од Аудолеон, дел од оставата

[16] Депото кое брои 12 монети од владетелот Аудолеон при рекогносцирање на локалитетот го пронајде В. Лилчиќ Адамс.

Сл. 16. Локални ранохеленистички керамички садови

Сл. 17. Монета од кралот Деметриј I

Сл. 18. Оловен проектил

Безимените градови кај Бразда и Младо Нагоричане денес важат за најсевернитe пајонски градови во Македонија, но еден град на локалитетот Кале кај селото Кршевица, близу Врање, во Србија, ги покажува потполно истите карактеристики како претходно опишаните.

Населбата лоцирана на доминантен рид, во чие подножје тече мала река, е како копија на градовите кај Бразда, Младо Нагоричане и на Билазора. Во подножјето на овој град, од внатрешната страна на градскиот бедем е пронајден резервоар за вода кој се разликува од оние во Бразда и Билазора само по сводот како специфично архитектонско решение.

На истата етничка припадност упатува и движниот археолошки материјал, пред сè хеленистичките форми на локално произведената пајонска керамика.[17]

[17] Popović P., Vukadinović M., 2011, 158-162; Popović P., 2009, 95-103.

Сл. 19. Локалитет Кале, близу Кршевица, Врање

Сл. 20. Сводот од цистерната за вода

Сл. 21. Внатрешност на цистерната за вода од Кале Кршевица

Секако, во овој преглед на пајонски градови би можеле да вклучиме уште многу други, некои од нив само споменати во некој пишан антички извор,[18] а други според површински археолошки остатоци регистрирани на десетици локалитети.[19] Сепак, поаѓајќи од сознанието дека големи делови, пред сè јужната половина на денешна Македонија, ќе влезат во рамките на македонското кралство уште во почетокот на V век п.н.е., а со тоа ќе ја загубат и својата пајонска посебност, сметам дека е научно некоректно да ги именуваме како пајонски градови. Тие, како дел од моќната македонска империја, ниту имале потреба да бираат природно добро засолнети и доминантни локации за живеење, ниту пак имале потреба, во време кога за нивната безбедност гарантира најмоќната држава на светот, да градат резервоари за вода во случај на опсада, па дури и да ги издигнат тие објекти како култни објекти за одредени ритуални дејствија.

Во македонската археологија сепак останува голема енигма прашањето – каде се некрополите на овие градови. Имено, досега не е откриен ниту еден антички гроб на жителите на градовите разгледани во овој текст. Тоа е секако голем предизвик за идните истражувачи, но и огромен потенцијал за нови научни сознанија поврзани со Пајонија и Пајонците во античкиот период.

[18] Петрова 1999, 89.

[19] Во последниве четири децении В. Лилчиќ Адамс има регистрирано голем број локалитети со населбински остатоци од класичниот и хеленистичкиот период, на кои не се вршени археолошки ископувања.

ЛИТЕРАТУРА:

Вучковић – Тодоровић Д., Античка Демир Капија, старинар XII, Београд 1961, 229-254.
Георгиев З., Раноантички стратешки бунари – кули во Бразда кај Скопје и Кнежје кај Св.Николе. *Културно Наследство.* XIX.XX.XXI Скопје 1996
Денковски К., Реконструкција на античкиот храм во Билазора, Пајонија, Скопје 2022
Илиев Ј., Кружната-толос просторија во владетелската палата на Билазора (прилог кон Пајонската религија), Пајонија, Скопје 2022
Микулчиќ И., Антички градови во Македонија, Скопје 1999.
Микулчиќ И., Убикација на Вилазора, Годишен зборник на Филозофски Факултет, Скопје 1976, 149-165.
Микулчиќ И., Соколовска В., Гробницата во Бразда кај Скопје, Macedoniae Acta Arhaeologica 11, Скопје 1990, 79-92.
Митревски Д,, Античка Билазора, престолнина на независните Пајонци, Св. Николе 2016.
Папазоглу Ф., Македонски градови у римско доба, Скопље 1957.
Петрова Е., Пајонија, Скопје 1999
Popović P., Archaeological Finds from the Vaulted Building at Krsevica , *Starinar*58 , Beograd 2009.
Popović P., Vukadinović M., Water supply system at Krsevica(4 century BC) *Starinar* 61 , Beograd 2011
Соколовска В., Античкиот град на Исар-Марвинци, Валандово, Скопје 2011
Соколовска В., Исар-Марвинци и Повардарјето во античко време, Скопје 1986
Sokolovska V., Phenomenon – Demir Kapija, the Ancient Stenae, Folia archeologica Balkanica I, skopje 2006, 163-170.
Тачева М., Походът на тракиския цар Ситалк през 429г. пр.н.е. , Военo-исторически сборник 6, София 1990, 3-13.
Шурбановска М., Римска куќа (палата) во Валандово, Macedoniae Acta arheologica 13, Скопје 1993, 171-172
Matthews E., Neidinger W., Excavation at Bilazora, republic of Macedonia, Reports 2008-2013 2008-2013, The Texas Foundation for Archaeological and Historical Research, Canyon Lace, Texas, USA.
Hammond N.G.L., A History of Macedonia, vol.1, Oxford 1972.

ЦИТИРАНИ ИЗВОРИ:

Homeri Illias, ed.G. Dindorf, Lipsiae, 1910
Thucydidis Historiae, ed. H. J. S. Jones - J. E. Powel, Oxonii, 1942, II.
Polybii Historiae, Vol. 1, II, ed. H. Drexler, Zurich 1961/3.
Polyaeni Strategematon libri octo, ed. E. Wolflien – J. Melbar, Lipsiae 1887.

ПАЈОНСКА НУМИЗМАТИКА

Антонио Јакимовски
Александар Илиевски

Во текстот се претставени, обработени и картирани 370 монети, односно сите досега пронајдени и зачувани монети во јавните збирки од пајонска провениенција на територијата на Р. Македонија. Појавата на пајонските монети ја следиме од последните децении на VI век п.н.е., односно од нивната појава, сè до крајот на пајонското монетоковање во триесеттите години од III век п.н.е. Пајонската нумизматика ја сочинуваат племенското монетоковање, кралското монетоковање и монетоковањето на градовите.

Заедно со скромните литературни и епиграфски извори и материјалната култура, пајонското монетоковање ја дава и надополнува сликата за повеќе сегменти од животот на Пајонците. Уште од бронзеното време тие го населувале јужниот дел од Балканот, за во време на антиката и доминацијата на Македонците да се повлекуваат сé посеверно. Територијата што ја населувале во времето на архајскиот и раноантичкиот период во најголем дел се совпаѓа со територијата на Република Македонија, северниот дел од Република Грција, делови од Бугарија и јужните делови на Косово и Србија.

Монетоковањето е еден од најзначајните аспекти на економскиот, политичкиот и културен живот, кој на Пајонците им овозможил влегување во кругот на цивилизираниот свет уште во последните децении на VI век п.н.е., речиси сто години по појавата на монетите на светската сцена. Раната појава е иницирана од економскиот потенцијал, односно рудните богатства на злато и сребро, како и политичките услови, поточно персиската доминација на овие простори од 513 до 479 година п.н.е. и наметнувањето на данок. Големата економска и политичка моќ на пајонските племиња на крајот на VI век и во раниот V век пр. н. е. се совпаѓа со периодот на појавата на првите монети на Дероните, Лаијаите, Едоните, Бизалтите, Ореските, Тинтените, Сиринite и други племиња, како и градовите Ихне и Лете. По хијатус што траел околу еден век, а кому му претходеле значајни промени од историско-политички карактер, на почетокот на IV век п.н.е. почнува континуирано монетоковање кое се одвивало во текот на двовековното постоење на пајонското кралство, сè до триесеттите години на III век п.н.е.

Текстот има за цел да ни ја прикаже нумизматичката слика за пајонското монетоковање, како и циркулацијата, застапеноста и концентрацијата на пајонските монети на локалитетите во Република Македонија. Анализираните монети се поединечни наоди и остави од јавните збирки во Република Македонија, кои се веќе објавени, но има и дел кои се објавуваат за првпат. Најголем дел од монетите се од збирката на На-

родна банка на Република Македонија (НБРМ), потоа монетите од збирката на Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, НУ Археолошки музеј на Македонија, Народен музеј Св. Николе, ЛУ Народен музеј Велес, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Штип, НУ Музеј Гевгелија, НУ Стоби, НУ Завод и музеј Прилеп, дел од збирката на Охридска Банка и дел од поранешната колекција Шелдаров. Освен претставените 370 монети, сите досега пронајдени и зачувани во јавните збирки во Република Македонија, поради добивање на поголема прегледност за пајонското монетоковање ќе бидат споменати и монети пронајдени во соседството, како и монети за кои не се знае потеклото, денес се дел од светските колекции, а за кои се претпоставува нивната пајонска провениенција.

Интересот кај истражувачите и нумизматичарите за пајонската нумизматика се јавува кон крајот на XIX и првата половина на XX, а поинтензивни и посериозни проучувања се направени во втората половина на XX век. На ова место ќе се задржиме на македонските истражувачи кои придонеле за развојот на пајонската нумизматика.

Првиот Археолошки музеј во Македонија бил формиран во 1924 година во Скопје. Збирката била сместена во Куршумли Ан и во една зграда на скопското Кале, којашто подоцна се урнала во катастрофалниот земјотрес од 1963 година. По завршувањето на Втората светска војна и создавањето на современата македонска држава, во голем број градови во Македонија се отвораат локални музеи, кои што, меѓу другото, содржат и засебни археолошки збирки. Пред овој период, нумизматичкиот и останатиот археолошки материјал најчесто бил разграбуван и изнесуван од страна на разноразни чинители, и најчесто завршувал во европските и светските музеи и колекции. Следствено на тоа, и првите научни трудови за монетите од Македонија се напишани од странски автори.[1] Со создавањето на музејски и други научни установи во тогашна Народна Република Македонија започнало прибирање на монетите и нивното објавување.

Првите трудови поврзани со пајонската нумизматика во Република Македонија датираат по втората половина од XX век, а се однесуваат на нумизматичкиот материјал од музејските збирки пронајден при археолошките истражувања, или пак добавен со откуп на случајните наоди. Така, меѓу првите трудови може да се вброи текстот што се однесува на особено значајното откритие на депо со тетрадрахми на пајонски и македонски владетели од селото Прилепец, објавен од страна на Душанка Вучковиќ - Тодоровиќ.[2] Следува текстот на Викторија Соколовска, еден од првите македонски проучувачи на пајонската нумизматика и култура, која во 1966 година ги објавила пајонските и македонски монети од збирката на Археолошкиот музеј во Скопје.[3] Првиот текст за циркулација на предримските монети во Пелагонија е дел од докторската дисертација на Иван Микулчиќ.[4] Истиот автор во 1973 година има објавено статија со преглед на монетните наоди во Република Македонија од V до II век п.н.е.[5] Во 1975 год. Вучковиќ -

[1] Павловска Е., 2016, 5–8, со наведена најзначајната странска референтна литература од областа на пајонската нумизматика.

[2] Vučković - Todorović D., 1958, 213–255.

[3] Соколовска В., 1966, 23–32.

[4] Mikulčič I., 1966.

[5] Микулчиќ И., 1973, 157–173.

Тодоровиќ објавила труд за монетите на пајонските владетели, каталогизирајќи примероци на пајонски монети од музејските збирки на Македонија.[6] Вера Битракова - Грозданова во 1982 година ги објавува монетите од античкиот период во збирката на Народниот музеј Охрид.[7] Неколку години подоцна, во 1987, истиот автор во својата докторска дисертација, меѓу другите, обработува и неколку пајонски монети.[8] Во 1990 година В. Соколовска пишува за монетоковањето на Агријаните и проблематиката на градот Дамастион,[9] како и подоцна, во 1996 година, за монетоковањето на Агријаните.[10]

Значаен е и текстот на Виктор Лилчиќ и Перо Јосифовски од 1994 година, каде е објавен еден уникатен примерок на пајонски владетел пронајден во Демир Капија.[11] Во 1994 година излегува првиот број на специјализираното списание за нумизматика – Македонски нумизматички гласник,[12] во издание на Музеј на Македонија; досега се публикувани пет броја, во кои се содржани значајни текстови што се однесуваат на пајонската нумизматика. Во 1999 година се формира Нумизматичка збирка на Народна банка на Република Македонија, која во моментот ја поседува најголемата збирка на пајонски монети, публикувани во повеќе текстови и каталози.[13] Во однос на пајонската нумизматика, од особено значење е делото на Елеонора Петрова, *Пајонија во II и I миленијум пр. н. е.* (1999), што претставува обемен труд во кој се детално обработени пајонските монети и други аспекти од материјалната и духовната сфера на Пајонците.[14] Истиот автор на уште неколку наврати го обработува пајонското монетоковање,[15] како и во неколку текста, каде се осврнува на различни проблеми од пајонското монетоковање.[16] За пајонската нумизматика во повеќе наврати пишува и Перо Јосифовски, осврнувајќи се на монетите со натпис ΠΑΙ○ΝΩΝ,[17] како и за племенското монетоковање на Дероните.[18] Даница Размовска Бачевска во 2002 год. каталошки ги претставува наодите на монети од југозападна Македонија,[19] како и подоцна во 2006 година, каде ги обработува пајонските монети од Охридска банка и приватни колекции.[20] Во 2003 година, Никола Шелдаров го објавува каталогот *Македонија и Пајонија*.[21] Истиот автор во 2004 година објавува нови информации за пајонската нумизматика,[22] а претходно во коавтор-

[6] Вучковић–Тодоровић Д., 1975, 85–88.

[7] Битракова–Грозданова В., 1982, 71–76.

[8] Битракова–Грозданова В., 1987.

[9] Соколовска В., 1990, 9–34.

[10] Соколовска В., 1996, 13–22.

[11] Лилчиќ В., Јосифовски П., 1994, 27–37.

[12] МНГ 1, Скопје 1994.

[13] Кондијанов Ј. (уредник) 1999.; Христовска К. 2002 (Уредник).; Шелдаров Н., 2003.; Павловска Е. 2008.; Хаџи–Манева М., 2008.

[14] Петрова Е., 1999.

[15] Петрова Е., 1991, 1–130.; Петрова Е. 2001, 13–29.

[16] Петрова Е., 1994а, 9–19.; Петрова Е., 1994б, 49–56.; Петрова Е., Лилчиќ В., 1997, 5–9.

[17] Josifovski P., 2000, 15–28.

[18] Josifovski P., 2006, 251–262.

[19] Размовска Бачевска Д., 2002,

[20] Размовска Бачевска Д., 2006, 263–276.

[21] Шелдаров Н.,2003.

[22] Шелдаров Н., 2004, 39–47.

ство со Виктор Лилчиќ Адамс ги објавуваат монетите со натпис ΠΑΙΟΝΩΝ.[23] Ванчо Милошевски публикува една прекована монета од страна на пајонскиот крал Дропион.[24]

Во 2004 година е отворена нумизматичката збирка на Охридска Банка, која е публикувана подоцна, во 2006 година.[25] Античките монети – меѓу кои и пајонски монети откриени на археолошкиот локалитет Вардарски Рид во 2004[26] и подоцна во 2018 година[27] – ги публикува Бобан Хусеновски. Прегледот на македонска литература посветен на пајонската нумизматика ќе го заокружиме со трудовите на Ефтимија Павловска, која ја обработува пајонската нумизматика во неколку наврати и од повеќе аспекти.[28]

ПАЈОНСКО ПЛЕМЕНСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

Монетоковањето за првпат се појавува во Мала Азија во VII век п.н.е. Монетите биле изработувани од електрум, природна легура на злато и сребро. За речиси едно столетие од откривањето на монетоковањето, започнала и монетоковачката активност на територијата на античките Пајонија, Македонија и Тракија. Споменатите територии се едни од првите области во Европа каде што започнало организирано ковање пари. Ковањето пари се вбројува во најзначајните манифестации на пајонскиот економски, политички и културен живот, што на Пајонците им овозможило добивање влез во светот на културните народи. Високите уметнички вредности во изработката на примероците на пајонските пари се појавиле под влијание на блиските ковници на хеленскиот југ, а како резултат на цврстата структура и јакиот економски потенцијал на Пајонците.[29] Предуслов за раното пајонско монетоковање се рудните богатства од злато и сребро на оваа територија, познавањето на техниката на изработка, како и историско политичкиот момент. На крајот од VI и во текот на V век п.н.е. племињата кои ги населувале овие области – како Дероните, Лајаите, Едонците, Ореските, Бисалтите, Тинтените, Мигдонците, Ихнејците и други, почнале да ги коваат своите додекадрахми, декадрахми, октодрахми, но и помали фракции. Големите фракции биле наменети првенствено за плаќање данок, додека помалите фракции биле локално користени во секојдневието, што е особено значајно за да се претпостават границите на делување на одредени племиња.

Покрај богатите области со рудни ресурси, значаен фактор за почетоците на нивното монетоковање биле и историските настани поврзани со Персиските војни и со персиската доминација на Балканот (513–479 п.н.е.). Освен големите парични вредности што ги ковале пајонските племиња, а кои служеле за плаќање данок, тие на Персијците им служеле во трговијата и плаќањето на војската, така што во облик на монети, но и како полуфабрикати - инготи среброто било извезувано на Исток, за што го-

[23] Шелдаров Н., Лилчиќ В., 7–11.

[24] Милошевски В., 2005, 75–85.

[25] Јосифовски П., и др. 2006.

[26] Хусеновски Б., 2004.

[27] Хусеновски Б., 2018.

[28] Павловска Е., 2008.; Павловска Е.,2010, 185–191.; Pavlovska E., 2011, 319–329.; Pavlovska E., 2013, 731–788.; Pavlovska E., 2013A, 107–120.; Pavlovska E., 2015,516–520.; Pavlovska E., 2016.

[29] Петрова Е., 1999, 93.

ворат наодите на депоа најдени надвор од територијата што ја населувале пајонските племиња.[30]

Монетоковање на Дероните (500–480 п.н.е.)

Монетите на Дероните, како и нивното позиционирање на пајонскиот простор, досега биле предмет на проучување на повеќе автори што се занимавале со оваа проблематика. Лоцирањето на деронската територија е одредена во широк географски простор од Халкидик, Прасијадското езеро, Дисорон и Дојран на југ, сè до регионот на Штип и Злетово – кратовските рудници на север.[31] Според значењето што го имале Дероните во текот на VI и првата половина од V век п.н.е., се претпоставува дека тие населувале и една поширока територија меѓу долниот и средниот тек на реките Вардар и Струма.[32] Деронските монети биле ковани според евбејски стандард, најчесто во големи вредности на декадрахми и октодрахми со тежина од 34 до 42 грама, а помалку карактеристични биле тетроболите, кои биле тешки 2.2 грама.[33] Имено, племенските изданија биле продуцирани во локален, т.н. трако-македонски, односно пајонски тежински стандард, кој е многу сложен и ги користи и ориенталниот, и хеленскиот систем на деноминации.[34] Негова основа бил сребрениот статер со тежина од 9.82 грама или 1/50 од лесната вавилонска мина од 491 година п.н.е., што укажува на директен контакт со Истокот преку Персија.[35] Номиналите се подеднакво приспособени и кон ориенталната поделба на третини и на шестини од статерот, но и на хеленскиот систем на оболи и на драхми.[36] Досега се откриени неколку основни типови на октодрахми и декадрахми. Првиот тип има претстава на брадест маж кој вози кола во којашто е впрегнат вол, со симболи на стилизирано сонце, шлем или орел во горниот дел на монетата на аверсот, и *triquetrum* или трискел на реверсот, кои го означуваат движењето на сонцето. Помеѓу нозете, честа претстава на реверсот се и палметите. Типот на монети со *triquetrum* се јавува и во Ликија во V век п.н.е. и се поврзува со богот на сонцето Аполон Ликиски. Поретки типови на деронските пари се октодрахмите со претстава на бик на аверсот и вдлабнат квадрат (*quadratum incusum*) или кукаст крст (*swastika*) на реверсот, како и типот со Хермес со кадукеј и петазос на главата, со два бика на аверсот и вдлабнат квадрат – *quadratum incusum*. На деронските монети се јавуваат натписите ΔΕΡΡΟΝΙΚΟΣ, ΔΕΡΡΟΝΙΚΟΝ, ΔΕΡΡΟΝΙ, ΔΕΡΡΟ, што ни се основни показатели за постоењето на пајонското племе Дерони во отсуство на пишаните извори.[37]

---

[30] НБРМ, 2012, 12.

[31] Svoronos J. N., 1979, 20–21; за лоцирање на Дероните.; Gaebler H., 1897, XX, 289–298; Hammond N.G., 1979, 75, 79.

[32] Петрова Е. 1999, 94.

[33] Петрова Е., 1994А, 10.; Петрова Е., 1999, 94.

[34] Павловска Е. 2016, 32, забелешка 81.

[35] Павловска Е. 2016, 32.

[36] НБРМ, 2012, 13.

[37] Петрова Е. 1999, 94–95, со дадени претпоставки и за имиња на деронски кралеви.

Во врска со датирањето на деронските монети има повеќе различни мислења. Според Своронос, деронското монетоковање датира кон крајот на VI и почетокот на V век п.н.е., но исклучиво пред 480 год. п.н.е.[38] Истото датирање го предлага и Хед, додека Хамонд датира одредени племенски ковови кон средината од VI век п.н.е.[39] Примероците на деронските пари најниско ги датира Ј. Јурукова, која констатира дека Дероните ковале свои пари до средината на V век п.н.е.[40]

Во овој труд претставуваме 31 примерок на деронски монети со каталошки броеви од 1 до 31, пронајдени на територијата на денешна Република Македонија, искована во различни номинали. Во претставените монети имаме 1 октодрахма, 8 тетроболи, 8 диоболи, 5 трихемиоболи, 5 оболи и 3 хемиоболи. За местото на пронаоѓање на овие деронски монети, за жал, имаме малку податоци, а поголемиот дел од овие монети потекнуваат од непознат локалитет.



Карта I. Монети на пајонските племиња

Од деронските монети во овој каталог, податоци за местото на откривање имаме за монетата со кат. бр. **1**, која е пронајдена на лок. Прдејска Чука, с. Грчиште – Валандово. Монетата со кат. бр. **2** е пронајдена во село Згрополци – Велес, монетата со кат. бр. **21** е пронајдена на лок. Крстот, Криви Дол – Штип, монетата со кат. бр. **26** е од околината на Куманово, монетата со кат. бр. **27** од с. Караорман – Штип, архајска некропола, гроб 1. Монетата со кат бр. **30** е пронајдена на археолошкиот лок. Билазора, с. Кнежје – Св. Николе.[41]

[38] Svoronos J. N., 1919, 5.
[39] Hammond N. G. L., 1979 69–91.
[40] Јурукова Ј., 1989, 3–13.
[41] Петачки Ѓ., 1994.

Калапот од кој била направена монетата со кат. бр. **3** од овој каталог, која потекнува од НБРМ, е идентичен со калапот од кој била кована монета кат. бр. **27** од с. Караорман, Штип, архајска некропола, гроб 1. Најверојатно станува збор за истиот калап и ковница на овие две монети, што кај племенските монети е реткост, или пак досега воопшто го нема како пример.

За останатите монети, локалитетите на пронаоѓање се непознати, или се претпоставува дека се од околината на Велес – Св. Николе – Штип – Радовиш. Монетата со кат. бр. **32** му припаѓа на Доким, кој најверојатно бил деронски владетел, а локалитетот на пронаоѓање е непознат.

Монетоковање на Лајаите (480–460/450 п.н.е.)

Лајаите се уште едно племе за кое се претпоставува дека ги населувало овие простори. Долго време за монетите на Лајаите во науката се претпоставувало дека се „барбарски“ имитации,[42] заклучок што бил изведен врз основа на погрубата изработка на монетите во споредба со деронските. Со пронаоѓањето на еден примерок на лајајска монета заедно со бизалтски, во една остава пронајдена во Египет,[43] станува јасна нивната оригиналност. Лајајските октодрахми имаат тежина од 32 грама и аверсна претстава идентична со деронските (маж управува кола влечена од вол / трискел),[44] како и натписот ΛΑΙΑΙ, кој е на исто место како и кај деронските.[45] За разлика од тоа, реверсната претстава е различна, со претстава на пегаз во квадрат, и укажува на своевидна индивидуалност.[46] Сличноста на аверсната претстава на лајајските и деронските монети најверојатно претставува потврда за можната географска блискост помеѓу двете пајонски племиња. Во каталогот имаме една монета, кат. бр. **33** од ова племе, која се наоѓа во нумизматичката колекција на НБРМ, за која немаме точна локација на пронаоѓање, а се претпоставува дека е пронајдена во Светиниколско.

Монетоковање на Мигдонците (480–460 п.н.е.)

Мигдонија била античката област на рамнините околу Терма (Солун), заедно со долините околу вливот на реката Аксиј. Мигдонија своевремено била населена од Пајонци, сè до анектирањето од страна на македонските Аргеади.

Овие монети своевремено биле припишувани на престолнината Ајга но, по истражувањата на Кетрин Лорбер, тие им се припишани на Мигдонците.[47] На наша територија се пронајдени четири примероци од монетоковањето на Мигдон-

[42] N. G. L. Hammond, 1979, 79–81. ; Петрова Е., 1994а, 11–12. ; Петрова Е., 1999, 96–97.
[43] N. G. L. Hammond, 1979, 79.
[44] Svoronos 1919, Pl. I.10–14, 16, II. 1–6.
[45] Петрова Е., 1999, 97.
[46] Петрова Е., 1999, 97.
[47] Цитирано според Павловска Е., 2016, 93, белешка 234.

ците, а во каталогот се претставени со кат. бр. од **34** до **37**. Информации за местото на пронаоѓање имаме само за монета со кат. бр. **34**, откриена на локалитетот Марков град, с. Корешница – Демир Капија. Останатите монети се со непознато место на пронаоѓање.

Монетоковање на Ореските (500/490–480 п.н.е.)

Ореските ни се познати единствено преку нивното монетоковање. Се претпоставува дека го населувале планинскиот регион долж реката Стримон, природна граница меѓу Македонија, Пајонија и Тракија, иако точната локација останува непозната. Се претпоставува дека името Орески означува планински народ, епитет познат од Хомер, со значење „диви, планински луѓе“, кои одгледувале Кентаури.[48]

На територија на Р. Македонија досега се пронајдени три монети што им се припишуваат на Ореските. Монетата со кат. бр. **38** е пронајдена на локалитетот Вардарски Рид, во петтата населба, која егзистирала од почетокот на V до IV век п.н.е.,[49] во затворен археолошки контекст.

Станува збор за сребрен статер од т.н. група монети со аверсна претстава „кентаур граба нимфа“,[50] реверс *quadratum incusum*, датирана во 510–480 год. п.н.е. Монетата е најверојатно анепиграфски примерок на племето Орески, со тежина од 7.8 грама. Наодите на слични статери, како дел од пронајдените депоа од североисточна Бугарија, Сирија, Египет, Персија, од депото од Рас Шамра – Сирија, како и наодите од Ликија – Турција и Асиут – Египет, зборуваат за нивната примарна цел – плаќање данок.[51]

И монетата со кат. бр. **39**, статер-суберат е пронајдена на археолошкиот локалитет Вардарски Рид.[52] Иако со прилично оштетена аверсна претстава, како и на претходната монета се препознава сцената „кентаур граба нимфа“, додека на реверсот има претстава на шлем со перјаница – претстава застапена паралелно и кај монетоковањето од Лете и Ореските, датирана на крајот од VI и почетокот на V век п.н.е.[53]

Третиот примерок на монета кована од Ореските е со кат. бр. **40**, од типот полуклекнат бик / *quadratum incusum*, што за жал потекнува од непознат локалитет.

Монетоковање на Ихне (490–480 п.н.е.)

Ихне или Ихнаи бил антички град во областа Ботиаја, на Термајскиот Залив. Се претпоставува дека најверојатно бил пајонски град, а како град се споменува кај Херодот заедно со Пела.[54] Монетите на Ихнејците се широко датирани во периодот од 520 до 480 година п.н.е.

---

[48] Il.1.268; Larson J., 2001, 172.

[49] Митревски Д., 2005, 15–90.

[50] Хусеновски Б., 2004, 14, забелешка број 13.

[51] Хусеинов Б., 2004, 15, со наведена литература која се однесува на депоата.

[52] Хусеинов Б., 2018, 14–15.

[53] Хусеинов Б., 2018, 15.

[54] Hdt. 7.123.

Поради реткоста на овие монети на нашата територија, во овој каталог се претставени само две монети, од кои монетата со кат. бр. **41**, сребрен диобол, од типот полуклекнат бик свртен на десно / вдлабнат круг поделен на четири дела, е откриена на локалитетот Градиште, кај село Доброшинци – Струмица. Монетата е дел од збирката на Филозофскиот факултет во Скопје и е необјавена.[55] Втората монета, кат. бр. **42,** е трихемиобол со истиот тип на аверс и реверс, дел од збирката на НБРМ, со непознато место на пронаоѓање.

Според едно депо на монети од Асиут во Египет,[56] што им се припишува на Ихнејците и Ореските, монетата со кат. бр. 42 е датирана е 490–480 год. п.н.е,[57] датација што би била валидна и за монетата со кат. бр. 41.

КРАЛСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

Во овој дел се претставени монетите на пајонските кралски ковови, но само оние што се пронајдени, односно зачувани во музејските збирки во Република Македонија. Бројот на пајонските владетели е секако поголем од бројот на владетели кои ковале монети, а кои ни се познати од литературните извори. Исто така, има и владетели кои коваат монети, но за жал нивни монети не се зачувани кај нас.

Монетоковање на Тевтај (430/420–400/380 п.н.е.)

Кралското монетоковање кај Пајонците го започнуваме со Тевтај, според претпоставената датација, односно како најстар примерок од овој вид. Тој е особено значаен и се издвојува од групата пајонски династи поради фактот што засега претставува уникатен примерок, но и затоа што ни е потврден единствено преку оваа монета.[58] Потекнува од локалитетот Маркова Кула кај селото Корешница, Демир Капија.[59] Станува збор за мала номинала – диобол од 1.13 грама, според што може да се претпостави дека била кована во близина на местото каде е пронајдена, со оглед на тоа што поголемите номинали се користени за плаќање данок и надворешна трговија. Според тежината на оваа монета, драхмата би тежела 3.39 грама, а тетрадрахмата 13.56 грама.

Оваа калкулација јасно укажува на сличноста во тежинскиот однос со монетите на пајонскиот владетел Ликеј (356–335 год. п.н.е.), кој ковал според редуциран фени-

[55] Благодарност на проф. д–р Виктор Лилчиќ Адамс за отстапување на монетата за публикување.
[56] Price M., Waggoner M., 1975.
[57] Павловска Е., 2008, 17, монета со кат. бр. 22.
[58] Лилчиќ В. Јосифовски П., 1994, 27–37.
[59] Лилчиќ В. Јосифовски П., 1994, 27.

киски стандард, подоцна именуван „пајонски“. Според тоа, со голема веројатност може да се претпостави дека Ликеј го наследил овој тежински систем од своите претходници, меѓу кои најверојатно бил и ΤΕΥΤΑΟ(Σ) и во текот на своето владеење ја редуцирал тежината на тетрадрахмата од околу 13.50 грама на околу 12 грама.[60]

Датацијата е направена според стилско-типолошките особености на монетата, односно квадратот, формата на кантаросот, натписот и претставата на бик. В. Лилчиќ и П. Јосифовски даваат аналогии со керамички кантароси пронајдени во Атина, како и со претстави на идентичен кантарос на монети, датирани главно во втората половина на V век п.н.е. Исто и според аверсната претстава и натписот, монетата – односно владеењето на Тевтај – се датира во периодот од третата четвртина на V век п.н.е. до почетокот на IV век п.н.е.[61] Е. Петрова ја спушта оваа датација во првите децении на IV век пр. н.е,[62] додека Е. Павловска, исто така базирајќи се на стилско-типолошките и лингвистичките анализи, неговото владеење го сместува од крајот на V, до седумдесетите години на IV век п.н.е.[63]

Монетоковање на Ликеј 359/8 – 340/335 п.н.е.

Ликеј (359/8–340/335 п.н.е.) е првиот пајонски владетел кој е познат од историските извори, како и од монетите што ги ковал. Тие биле изработувани единствено од сребро, во редуциран феникиски стандард кој подоцна бил познат како пајонски, а според типолошките карактеристики можно е нивно поврзување со ковниците во Олинт и Дамастион.[64] Ликеј кова во истиот тежински стандард како и Дероните, што најверојатно ни укажува на заемните релации што постоеле со ова племе. Станува збор за тежински стандард кој се карактеризира со редуцирана тежина на основните номинали во споредба со атичките. Монетите на Ликеј се ковани во три номинални вредности – тетрадрахми, драхми и тетроболи. Тежината на неговите тетрадрахми многу ретко достигнувала тежина од околу 13.50 грама, но исто така ретко доаѓала и до најниската граница, т.е. малку повеќе од 12 грама, според што драхмите тежеле околу 3 грама, а тетроболите околу 2 грама.[65]

На тетрадрахмите, на аверсот е ликот на Аполон, поретко Севс, и најверојатно портретот на самиот владетел, а на реверсот е претставена митската борба на Херакле со Немејскиот лав. Најзастапен е аверсот со претставата на Севс, што најверојатно има директна аналогија со аверсот на тетрадрахмите на Филип II, додека на една поретка серија од овој тип, чии примероци се присутни и во познатата т. н. „пајонска остава“, стилската сличност со тетрадрахмите на Филип е особено блиска.[66] Освен од Ликеј,

[60] Лилчиќ В. Јосифовски П., 1994, 28.
[61] Лилчиќ В.–Јосифовски П., 1994, 27–37.
[62] Петрова Е., 1999, 98.
[63] Павловска Е., 2008, 39–40.
[64] Петрова, 1997, 102.
[65] Павловска Е., 2008, 20.
[66] Sotheby & Co., 1969.

претставата на Херакле на реверсот не била користена од ниту еден друг пајонски крал, а исто така не постојат ниту литературни записи за почитување на овој бог кај Пајонците. Познато е неговото почитување кај Македонците, кои го сметале за свој родоначелник, па според тоа може да се претпостави дека оваа иконографија била наменета за монети што служеле за плаќање данок. Тетрадрахмите на Ликеј се изработени со повисок квалитет во споредба со помалите вредности, кои биле наменети за локална употреба. Првите 35 монети на Ликеј, претставени во овој каталог со кат. бр. **44**–**88**, се всушност депо за коешто се претпоставува дека се состоело од околу 200-300 примероци. За жал, поголем дел од нив завршиле во странските аукциски куќи. Монетите се пронајдени по долината на Црна Река, меѓу селата Возарци и Шивец. Во 2008 година, од страна на Народната Банка на Република Македонија бил откупен 31 примерок од тоа депо. Кон овие треба да се додадат уште четири монети кои биле откупени претходно, со што колекцијата на НБРМ содржи 35 монети.[67] Местото на пронаоѓање на тетрадрахмите со кат. бр. **79**–**80** не е познато, додека тетрадрахмата со кат. бр. **81** е пронајдена на лок. Асаница – Горно Село, Прилеп. Кај останатите номинали (драхми и тетроболи), на аверсот најчесто е прикажан Аполон, кој бил почитуван од Пајонците како нивно врховно божество, поврзано и со култот на Сонцето. Освен неговиот лик, како аверсна претстава кај драхмите и тетроболите има приказ и на женски лик, а на реверсот лав или коњ кој пасе. Во каталогот се претставени две драхми, пронајдени во селото Доброшане крај реката Пчиња, Кумановско. Драхмата со кат. бр. **82** е од типот Аполон со долга коса надесно / лав во ôд, надесно врз линија. Втората драхма, со кат. бр. **83**, е досега единствен примерок меѓу драхмите на Ликеј на која што ликот на Аполон е прикажан налево на аверсот, додека лавот на реверсот е представен со плен во устата.



Карта II. Монети на пајонските кралеви

[67] Повеќе за ова депо повеќе кај Pavlovska, Е., 2012, 107–120.

Монетата со кат. бр. **84** е пронајдена на локалитетот Кале, Село Брњарци - Скопско во 2015 година.[68] Од најмалата номинална вредност, тетроболите, се издвојува монета со кат. бр. **89** која е пронајдена на локалитетот Кривач, с. Аргулица - Штип. Се работи за уште еден уникатен примерок кај овој крал кој на аверсот има претстава на лав, а на реверсот волк. Претставата на волк е единствена досега забележана на монета на пајонските владетели, иако според етимологијата името на Ликеј може да се поврзе со волкот.[69] Кај овој тетробол е интересно и тоа што името на кралот е напишано со кратенката ΛΥΠΠ, што упатува на формата Липеј (Λύππειος), форма на неговото име единствено посведочена на атинскиот натпис во врска со сојузот против Македонија.[70]

Монетоковање на Патрај (340/335–315 п.н.е.)

Патрај, како и неговиот претходник, продолжил со ковање во сребро во пајонски стандард. Тетрадрахмите биле емитувани во две различни серии, од кои едната била краткотрајна, па поради тоа тетрадрахмите од типот Аполон / коњска глава се многу ретки, додека другата серија како аверсна иконографија го има ликот на Аполон или портретот на Патрај. Реверсот кај двата типа прикажува иста воена сцена на пајонски коњаник кој со долго копје прободува соборен хоплит, кој пак се брани со штит. Оваа сцена најверојатно е овековечување и приказ на победата на пајонскиот војсководец Аристон, кој бил дел од војската на Александар, а кој го поразил персискиот воин Сатропат во 331 година п.н.е., пред битката кај Гавгамела.[71]

Подоцна, односно по 323 год. п.н.е. штитот ги добива карактеристиките на македонски штит, што најверојатно соодветствува со новонастанатата политичка ситуација. По смртта на Александар III Македонски, Антипатар бил поставен за стратег автократор на Македонците, Хелените, Агријаните, Илирите, Трибалите и на Епирците,[72] но не и на Пајонците, што најверојатно значи дека тие повторно ја стекнале својата автономија,[73] а македонскиот штит на реверсната сцена на тетрадрахмите на Патрај го сугерира токму тоа.

Тетрадрахмите на Патрај во текот на IV век п.н.е биле популарно платежно средство и кај барбарските племиња населени северно и североисточно од Пајонија, па најверојатно затоа биле произведувани од локални, помалку вешти мајстори и како барбарски имитации.[74]

---

[68] Лилчиќ В., 2019, 134 бр. 1.

[69] Петрова Е., Лилчиќ В., 1997, 4–9; Петрова Е., 1999, 102.

[70] *IG* II, 127.

[71] Q. C. Ruf. 4.9.25; *Alex*. 39. За приказот, всушност, има спротивставени мислења; на пример, Рајт се сомнева дека приказот на хоплит се однесува на персиски благородник. Во текстот на С. Пановски во истава монографија е детално опишана оваа сцена.

[72] Dexipp. fr. 1b, 3R (Phot. Bibl. Cod. 82), Arr. *Succ*. fr.1a.

[73] За различно толкување на овој податок, в. кај С. Пановски во истава монографија; авторот цени дека Пајонците не се спомнуваат засебно, затоа што се веќе инкорпорирани во македонската држава.

[74] Герасимов 1963, 270–272.

Кај помалите деноминации, пак, ликовите на Аполон и на владетелот повторно се прикажани на аверсот, додека на реверсот секогаш има претстава на преден дел од дива свиња кај драхмите, односно на орел со склопени крила кај тетроболите.

Според аверсните претстави на монетите на Ликеј и Патрај, јасно е видлива доминацијата на култот на Аполон. Овој култ е поврзан со прастарото почитување на култот на сонцето кај Пајонците, посведочено кај Максим Тирски,[75] и поистоветување со пајонската варијанта на Аполон.

Од претставените 64 монети на пајонскиот владетел Патрај со кат. бр. 90–154, имаме вкупно 13 тетрадрахми, кат. бр. 90–102; 21 драхма со кат. бр. 103–123; 25 тетроболи со кат. бр. 124–148 и еден збирен наод – депо/остава од 6 тетрадрахми со кат. бр. 149–154. За дел од овие монети имаме позната локација. Монетата со кат. бр. **97** е пронајдена е во село Голозинци – Велес, монетата под реден број 100 е пронајдена на локалитетот Вринов дол, село Горно Чичево – Велешко. Во 2015 и 2016 година во рамките на проектите *Археолошки Катастар на Република Македонија* и *Кралство Македонија*[76] се пронајдени монети на Патрај, од кои монетата со кат. бр. **101** е откриена на локалитетот Маркова Кула Корешница – Демир Капија, монетата со кат. бр. 102 е пронајдена на локалитетот Градиште, Горно Коњаре – Скопско, а станува збор за ¼ тетрадрахма.[77] За монетата со кат. бр. **107** местото на пронаоѓање е заведено како непознато, но е од околината на Штип; монетата со кат бр. **108** е пронајдена на Голем Радобил – Кавадарци, а монетата со кат. бр. **109** во штипско-радовишкиот регион. Монетата со кат. бр. **110** е од Матичарски згради, с. Четирце – Куманово, монетата со кат. бр. **113** е пронајдена на локалитетот Марков град, с. Корешница – Демир Капија, монетата со кат. бр. **120 е** од локалитетот Три чешми – Штип, монетата со кат. бр. **122** од локалитетот Маркови Кули, село Летевци, а монетата со кат. бр. **123** од Демир Капија. Од тетроболите во овој каталог, монетата со кат. бр. **136** е од лок. Селце – Штип, а монетите со кат. бр. **137**, **138** и **142** се од штипско-радовишкиот регион, без попрецизно место на пронаоѓање, како и монетата со кат. бр. **147**, пронајдена во околината на Гевгелија. Како резултат на споменатиот проект *Археолошки Катастар на Република Македонија*, пронајден е тетроболот со кат. бр. **148** на локалитетот Градиште кај селото Бразда – Скопско. Од колекцијата на Охридска банка се споменува и едно депо на Патрај со 6 тетрадрахми од околината на штипско-радовишкиот регион, со кат. бр. **149**–**154**, од кои, за жал, немаме фотографии во каталогот.

Монетоковање на Авдолеонт (315–285/4 п.н.е.)

Авдолеонт ковал неколку видови на монети, односно тетрадрахми, дидрахми, драхми и тетроболи, исклучиво во сребро според пајонски стандард. Неговите монети отскокнуваат во однос на неговите претходници според квалитетот на изработка. Во првата фаза на своето ковање, од 315 до 305 година п.н.е., тој кова пари во пајонски стандард, каде на аверсот на тетрадрахмите е претставена Атена со шлем во ¾ *en face,* додека на реверсот е коњ во ôд. Со истата претстава на реверсот се и дидрахмите, доде-

[75] Max. Tyr. 8.8.

[76] Голема благодарност до раководителот на проектите, проф. д–р Виктор Лилчиќ Адамс, за отстапените необјавени монети.

[77] Лилчиќ В., 2019, 141 бр. 1.

ка драхмите се идентични со тетрадрахмите. На аверсот на драхмите е прикажан портрет на Атена со коринтски шлем во профил. Според аверсот, тетроболите се исти како тетрадрахмите и драхмите, а реверсната претстава е исто така коњ, но само неговиот протом. Се претпоставува дека најрани монети на Авдолеонт се драхмите со портрет на кралот на аверсот и протом на дива свиња на реверсот, што е многу слична иконографија на драхмите на неговиот татко Патрај, па затоа се смета дека овие монети се исковани веднаш по неговото доаѓање на власт.[78] Има негови примероци на тетроболи со аверсна претстава на Дионис, наместо Атена.[79]

На реверсот на монетите на Авдолеонт се јавува монограмот Ă, којшто во себе ја инкорпорира буквата Y; има претпоставки дека станува збор за кралски ковнички знак, бидејќи се јавува на некои од монетите на пајонските владетели ковани во сребро.[80] Присуството на овој симбол како дел од монограмот на монетите на Авдолеонт упатува дека тетрадрахмите од типот на Александар биле исковани во пајонските ковници, каде најверојатно биле ковани и дел од постхумните монети во име на Александар III.[81] Од подоцнежниот период на неговото владеење, по 306/5 година п.н.е., кога Антигон Еднооки от и останатите дијадоси се прогласиле за басилеи, датираат тетрадрахмите на Авдолеонт ковани според атички стандард, тежина од околу 17 грама, и легенда на која стои титулата „басилеј“.[82] Авдолеонт исто така ковал и монети од најзастапениот тип со претстава на Херакле со лавовска кожа на аверсот и Sевс кој седи на престол со скиптар и орел на реверсот.[83] Покрај официјалните, постоеле и барбарски имитации на тетрадрахмите на Авдолеон, од типот Sевс со ловоров венец // ΑΥΔΩΛΕ●Ν-Τ●Σ; коњаник со шлем.[84]

Во каталогот се претставени 68 монети на Авдолеонт со кат. бр. **155**–**223**, од кои 15 тетрадрахми, 3 дидрахми, 35 драхми и 15 тетроболи. Првите тринаесет монети на Авдолеонт се од едно депо кое содржи две тетрадрахми, со кат. бр. **155** и **156**, една дидрахма со кат. бр. **157** и десет драхми, кат. бр. **158**–**167**, пронајдени на локалитетот Градиште, Младо Нагоричане – Куманово во 2013 година.[85] Ова депо е едно од побогатите депоа пронајдени во Македонија во последнава деценија.

Монетата со кат. бр. **168** е пронајдена во село Лојане – Куманово, а монетата со кат бр. **170** е пронајдена во Башино село – Велес. За монетата со кат. бр. **173** не е познато местото на пронаоѓање, но најверојатно е велешко.[86] Во околината на Кратово е пронајдена монетата со кат. бр. **174**.[87] Монетата број **175 е** пронајдена на локалитетот Гра-

[78] Петрова 1999, 106.

[79] Петрова 1999, 106; Gaebler H. 1935, 203–205, T.XXXVIII, претставени се типовите на монети и нивни номинални вредности.

[80] Павловска Е., 2016, 43.

[81] Павловска Е., 2016, 43.

[82] Петрова Е., 1999, 106; в. и кај С. Пановски во истава монографија.

[83] Петрова Е., 1999, 107.; Gaebler H., 1935, 205.

[84] Павловска Е., 2016, 43.

[85] Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49–60.

[86] Вучковић–Тодоровић Д., 1975, 87, бр. 8.

[87] Соколовска В., 1966, 30, бр. 84; T.V 84; Вучковић–Тодоровић Д., 1975, 86, бр. 4

диште Билазора, село Кнежје, Св. Николе.[88] Дел од депото пронајдено во село Прилепец е монетата со кат. бр. **176** од типот Херакле/Зевс,[89] а монетата со кат. бр. **177** е пронајдена на локалитетот Плаошник во Охрид.[90] Поради помалата продукција на дидрахми на Авдолеонт, во каталогот се претставени само три, едната е веќе спомената во текстот погоре, а втората е со кат. бр. **178**, пронајдена при археолошките истражувања во 2015 година на локалитетот Градиште Билазора, село Кнежје, Св. Николе, како случаен наод надвор од контекст.[91] При крајот на археолошките истражувања на истиот локалитет, Градиште Билазора, во 2018 година, надвор од бедемите на акрополата, поточно на долната тераса во рецентен слој е пронајдена монетата со кат. бр. **179.** Станува збор за драхма од типот Атена со шлем со три перјаници, во ¾ анфас, свртена налево на аверсот, и коњ во ôд, надесно, со монограм Ă.[92] Монетата со кат. бр. **185** е пронајдена е на локалитетот Крстот, Криви Дол – Штип, а монетата со кат. бр. **192 е** пронајдена на лок. Марков град, село Корешница, Демир Капија. Монетата со кат бр. **196** е пронајдена на локалитет Градиште Билазора, село Кнежје, Св. Николе,[93] а на лок. Марков град, с. Корешница, Демир Капија е пронајдена монетата со кат. бр. **199.**[94] На локалитетот Исар Кале, село Студеничани, Скопје е пронајдена монетата со кат. бр. **197,**[95] а на локалитетот Зајчев рид Злокуќани во Скопје е пронајдена драхмата со кат. бр. **202.**[96] Од 15 тетроболи на Авдолеонт во овој каталог, само за една монета се знае местото на пронаоѓање: тоа е монетата со кат. бр. **215**, која е пронајдена на археолошкиот локалитет Стоби, Сектор 74, F5.2.3.[97] Последните шест монети кои му припаѓаат на Авдолеонт се дел од едно депо од вкупно девет сребрени монети, односно една тетрадрахма и една драхма на Александар III (336–323 год. п.н.е.), една тетрадрахма на Лизимах (306–281 год. п.н.е.), четири тетрадрахми на Авдолеонт, со кат. бр. **218**–**221** во овој каталог, една дидрахма со кат. бр. **222** и една драхма, кат. бр. **223**, кои се сопственост на НБРМ.

Монетоковање на Леонт (278/7–250 п.н.е.)

По смртта на Авдолеонт, на власт доаѓа неговиот син Аристон, кој многу кратко се задржал на престолот, а монетоковањето го продолжува помладиот син на Авдолеонт, Леонт. По Галската наезда во 280/79 година п.н.е., пајонската територија според археолошките податоци на терен е во голема мера опустошена и со намалена економска моќ. Поради овие причини Леонт, кој доаѓа на власт околу 278/7, за разлика од неговите претходници кои коваат исклучиво во сребро, кова само бронзени монети. На аверсот на неговите монети е

[88] Митревски Д., 2016, 12, бр. 5.
[89] Vučković–Todorović D., 1958, br. 163.
[90] Размовска–Бачевска Д., Охрид 2002.
[91] Митревски Д., 2016, 12, бр. 4.
[92] Благодарност на раководителот на археолошките истражувања, проф. д–р Драги Митревски.
[93] Шелдаров Н., 2003, 773.
[94] Шелдаров Н., 2003, 776.
[95] Шелдаров Н., 2003, 774.
[96] Микулчиќ И., 1982, 25, 4.
[97] Благодарност на Мишко Тутковски, вработен во НУ Стоби, за споделените информации за оваа монета.

е прикажан Дионис со бршленов венец, претстава која најверојатно е поврзана со аверсната претстава на реткиот тип на сребрени тетроболи ковани од неговиот татко Авдолеонт со ликот на Дионис. Монетоковањето на Леонт се состоело од најмалку две одделни деноминации кои имаат и соодветна иконографија – односно, кај поголемата, претставата на лав во трк на реверсот како целосна фигура, а кај помалата деноминација протом на лав и легенда ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕΟΝΤΟΣ.[98] Во поглед на инскрипциите, забележливо е дека и Леонт, како и неговиот татко, ја поседувал титулата *басилеј*, која редовно била испишана пред неговото име на реверсот. Во каталогот се претставени 13 монети на Леонт со кат. бр. **224**–**236**. Монетите **230**, **231** и **233** се од лок. Марков град, с. Корешница, Демир Капија. Монетата со кат. бр. **235** е пронајдена на локалитетот Градиште Билазора кај селото Кнежје, Св. Николе,[99] а монетата со кат. бр. **236** на локалитетот Исар, село Студеничани, Скопје.[100]

Монетоковање на Дропион (250–230 п.н.е.)

Дропион е последниот познат пајонски крал, кој на престолот доаѓа околу 250 год. п.н.е. како наследник на неговиот татко Леонт. Познат ни е според податок кај Павсанија, посветите во светилиштата во Делфи и Олимпија[101] и според монетите кои ги ковал. Дропион ковал само една деноминација со три различни иконографски претстави. Монетите на Дропион на реверсот ја имаат претставата на молња, инскрипција ΠΑΙΟΝΩΝ и монограм Ꝑ .[102] Типолошката разлика се јавува на аверсните претстави, а досега се познати три различни претстави. На првиот тип имаме аверсна претстава со ликот на Зевс, додека кај вториот тип е претставен коринтски шлем.

Третата претстава досега е единствена и непозната; на неа е претставен машки лик, кој најверојатно е самиот крал Дропион. За жал, оваа монета со кат. бр. **334** е многу оштетена. Монетите од типот коринтски шлем на аверсот исто така се многу ретки, и за сега се познати само три примероци. Во каталогот се претставени вкупно 113 монети со кат. бр. **237**–**349** на последниот пајонски владетел Дропион, со чија смрт завршува пајонското монетоковање, а Пајонија засекогаш се губи како политички и етнографски поим. Најголемиот број од монетите на Дропион се пронајдени на античкиот град Еударист, с. Дреново – Кавадарци: кат. бр. **239**, **247**, **249**, **253**, **254**, **256**, **257**, **259**, **261**, **268**, **272**, **273**, **274**, **278**, **282**, **283**, **285**, **288**, **289**, **290**, **295**, **301**, **304**, **307**, **312**, **317**, **330**, **331**.[103]

На локалитетот Градиште Деволград, с. Дреново, Кавадарци е пронајдена монетата со кат. бр. **286**, на локалитетот Кула, с. Црвулево во Штип се пронајдени монетите

---

[98] Павловска Е., 2016, 44, забелешка 159, Остава можност за трета номинала која ја кова Леонт.

[99] Митревски Д., 2016, 12, бр. 8.

[100] Лилчиќ Адамс В., 2019, стр. 151, бр. 2.

[101] Поопширно погоре во оваа книга, во текстот на С. Пановски.

[102] Петрова Е., 1999, 108–110.; Josifovski P., 2000, 15–28. Авторите се осврнуваат на проблемот на монограмот Ꝑ и претпоставката дека монограмот е на автономните ковови на Добер.

[103] Josifovski P., 2000, 15–28, Според процентуалната застапеност на пронајдените монети, дава можна претпоставка дека ковницата се наоѓала во античкиот град Аударист.

со кат. бр. **292**, **306**, **337**. Од Градско – кавадаречки регион е монетата со кат. бр. **324**, а на лок. Градиште, с. Дреново, Кавадарци монетата со кат. бр. **333.** Последните девет монети на Дропион, со кат. бр. **338**–**346,** се од депо за кое не се знае точната локација, но се од Кавадаречкиот регион. Имајќи го предвид големиот број на откриени монети во с. Дреново, можеме да претпоставиме дека и овие монети се откриени на локалитетот Градиште во с. Дреново.

МОНЕТОКОВАЊЕ НА ДАМАСТИОН (395–330/25 п.н.е.)

Една од поголемите мистерии што се однесуваат на античкото монетоковање на Балканскиот полуостров е проблемот на Дамастион. Голема е листата публикувани материјали поврзани со проблемот на рударскиот град и ковница Дамастион и сателитските места Дапариа, Тенестини, Дарадо, Пелагија и Сарноатон. На ова место ќе се ограничиме само на позначајните научни авторитети, нумизматичари, археолози, историчари, кои се занимавале со проблемот на монетоковањето и убицирањето на Дамастион и споменатите ковници. Научниот интерес за проблемот на Дамастион и сателитските рударски ковници, започнува уште во 1874 година, со текстот на Имхоф-Блумер во *Zeitschrift fur Numismatik*.[104] Кустосот на Белградскиот Музеј, Балдуин Сариа, во 1924 година публикувал две монети на Дамастион; тие потекнувале од остава откриена кај Кутина кај Лесковац, која содржела околу 100 дамастионски монети, при што ги забележал откупувачите на неколку монети од истата остава.[105] Нешто подоцна, во 1927 година, на проблемот се осврнува Хуго Геблер, кој прв ја забележал сличноста на дамастионските монети со оние на пајонските кралеви.[106] Од истата, 1927 година датира и откривањето на оставата од околу 300 монети во Рисан, во Бока Которска, од кои 200 биле на градот Дамастион, а околу 100 биле коринтски. Главната информација во литературата ја изнел нумизматичарот Бенко Хорват, кој откупил 5 монети на Дамастион, и кој ги наведува останатите откупувачи и правци во кои оваа вредна остава се растурила. Во текстот публикува 24 дамастионски монети.[107] Во 1939 година, Џон Меј ја публикувал досега ненадминатата студија за монетоковањето на Дамастион и останатите руднички ковници Дапариа, Пелагија, Тенестини, Сарноатон, Дарадо и владетелите на локални племиња Симон и Никарх.[108] Нешто подоцна, во 1943 година, Вили Швабахер од Копенхаген публикува 17 дамастионски монети од неколку различни стилски групи што ги документирал во Кралската колекција во Копенхаген.[109] Со проблемот на Дамастион во 1979 година се занимавале и историчарите Николас Хамонд и Гај Грифит во нивната студија *A History of Ancient Macedo-*

[104] Imhoof–Blumer, Zeitschrift fur Numismatik 1, 1874, 99–114, со карта, цитирано според Mayer A., 1936, 17.
[105] Saria B., 1924–1925, 97–99.
[106] Gaebler H., 1927, 245–251.
[107] Horvat B., 1936, 29–54.
[108] May J. M. F., 1939, 1–207.
[109] Schwabacher W., 1943, 83–91.

nia.[110] Проблемот на Дамастион попатно го споменува и Фанула Папазоглу во 1957[111] и во 1965 година, во контекст на дарданско-пајонските односи и територии, еден историски извор (Плиниј, за рудното богатство на Дарданија) и дамастионската нумизматичка продукција во централниот балкански простор.[112] Вера Битракова Грозданова во својата дисертација од 1987 година накусо се осврнува на проблемот на Дамастион.[113] Со проблемот на Дамастион се занимавала и Елеонора Петрова во својот магистерски труд публикуван во 1991,[114] и подоцна во 1999 година.[115] Викторија Соколовска го публикувала трудот за пајонското племе Агријани и врските со Дамастион во 1990 година,[116] а потоа, во 2005 година, повторно се навратила на проблемот за убикацијата на градот Дамастион;[117] и уште еднаш во 2012 година, Соколовска се навраќа на проблемот на Дамастион, истакнувајќи го топонимот Dimosti, означен на картата *Tabula moderna Bossinae, Serviae, Greciae et Sclavoniae* на германскиот картограф Martin Waldeseemuler од 1513 година.[118] Со проблемот на Дамастион се занимавала Дубравка Ујес од Белград во 1996,[119] и потоа, во 2002 година, кога во *Revue Numismatique* во Париз ја публикува се чини најамбициозната студија од нејзините истражувања за локализацијата на Дамастион и неговите рудници.[120] И подоцна, во 2018 година, Дубравка Ујес повторно се навраќа на проблемот на Дамастион.[121] Во 2003 година, нумизматичарот Никола Шелдаров во каталогот *Колекција Шелдаров* публикува четири примероци на монети на Дамастион, откриени кај селата Теово, Црвулево, Ресава и Корешница.[122] Во 2008 година, Ефтимија Павловска изнесува сумарен осврт на монетните типови од групата Дамастион.[123] Тука би го навеле и трудот на Е. Пеган од 1962, којашто публикува информации за оставата од Јањево, откриена 1961 година.[124]

Во неговата студија *The Coinage of Damastion and the Lesser Coinages of the Illyro-Paeonian Region*, по студиозна анализа на метричките, стилските, типолошките и иконографските детали и елементи на 111 сребрени монети од дамастионската група монети, Џон Меј ги класифицирал истите во десет групи:

– групи I-V, 395–380 година п.н.е.

– група VI, 380–365/60 година п.н.е.

– група VII, 365/60–350/45 година п.н.е.

---

[110] Hammond N. G. L. & Griffith G.T., 1979, Map 9; 70 n I, 71, 73, 74 n I, 75, 79, 91, 113, 189 f., 199, 654, 661 f., 664, 666, 668 f.

[111] Во: Папазоглу Ф., 1957, 196, коментар околу сателитскиот руднички град Сарноатон / Сарнунт.

[112] Papazoglu F., 1969, 146, 355–356, 358 f. 109.

[113] Битракова Грозданова В., 1987, 85, 157.

[114] Петрова Е., 1991, 188–192.

[115] Петрова Е., 1999, 113–118.

[116] Соколовска В., 1990, 9–34.

[117] Соколовска В., 2005, 69–81.

[118] Sokolovska V., 2012, 7–13.

[119] Ujes D. & Romic K., 1996, 77–98.

[120] Ujes D., 2002, 103–129.

[121] Ujes D. M., 2018, 5–39.

[122] Шелдаров Н., 2003, 20–21, броеви: 64–67.

[123] Види го поглавјето „Монетоковањето во пајонското соседство: Дамастиј и Пелагија“, во: Павловска Е., 2008, 26–27, броеви 222–238, табли XV и XVI.

[124] Pegan E., 1962, 25 (цитирано според В. Соколовска 1990, бел. 8).

– групи VIII и IX, 350/45–330 година п.н.е.

– група X, 330–325/320 година п.н.е.[125]

Монетите на Дамастион биле ковани како тетрадрахми, драхми и тетроболи, а можеби и оболи.

Според анализите на Меј, потеклото на дамастионската група треба да се бара на полуостровот Халкидик. Тој забележува голема сличност на дамастионските монети со монетите на Халкидичкиот сојуз,[126] која ја согледува во уметничкиот стил на обликувањето на главата на Аполон. Според проучувања на Дубравка Ујес, основањето на Дамастион се датира во периодот од 431–421 година п.н.е., а овој датум се совпаѓа со првите тетрадрахми на Халкидичкиот сојуз од околу 420 година п.н.е.[127] Продлабочените истражувања на повеќе истражувачи, и конечно на Ујес, укажуваат на тоа дека бегалците од градовите Ајгина и Менде на полуостровот Халкидик навлегле длабоко на Балканскиот полуостров, каде дошле до некое рударско подрачје богато со сребрена руда и таму се стационирале и почнале да ја експлоатираат сребрената руда и да коваат монети. Меѓутоа, локалните жители во околината најверојатно не биле запознаени со паричното стопанство; поради тоа, Дамастионците тргувале со своите монети со разни инстанци, а пред сè, како што е забележано, со градот Олинт, кој со ова сребро започнал да ги кова своите прекрасни сребрени тетрадрахми со претставата на Аполон / Лира.[128]

Врските на Дамастион со Пајонија

Пајонските кралеви прековувале дамастионски сребрени монети. Уште Бенко Хорват, цитирајќи ги претходните авторитети[129] кои го забележале ова, детално пишува за примероци на дамастионски сребрени монети прековани од страна на пајонските кралеви Ликеј и Патрај, врз основа на што изведува заклучок за добрососедски односи. Д. Ујес и К. Ромиќ ја забележале идентичната тежинска метрика на монетите на Дамастион со монетите на пајонските кралеви (драхма од 3.40 грама) и иста иконографија на аверсот; сличноста кај претставите на тетрадрахмите со оние на кралот Патрај (335–315), и прековувањето на дамастионските тетрадрахми од страна на Патрај, па врз основа на ова потсетуваат на идејата на Хуго Геблер од 1927 година – дека Дамастион најверојатно се наоѓал во соседството на Пајонија.[130]

Хипотези за убикација

Како што е констатирано и претходно, по околу век и половина, сликата на проблемот на убикацијата на Дамастионските рудници, градот/населбата Дамастион и сателитските места Дапарија, Тенестинон, Пелагитон и Дарадо е сè уште нејасна.

---

[125] May J. M. F., 1939, табла со тежински соодноси.

[126] May J. M. F., 1939, 17.

[127] Соколовска В., 1990, 10, забелешка 5.

[128] Ujes D., 2018, 15.

[129] Теодор Рејнак, Своронос и Хуго Геблер, види кај: Horvat B., 1936, 30–33.

[130] Ујес Д. & Ромић К., 1996, 80, ф.н. 15.

На една страна е географот Страбон. Од времето на ковањето на Дамастион (420–320), до времето на Страбон, кој живеел од 64/3 п.н.е. до 24 год. н.е. изминале околу триста години. Поради тоа, неговиот опис е прилично неодреден. Според податоците на Страбон, можат да се извлечат неколку основни податоци:

1. Сребрените рудници на Дамастион се наоѓале близу просторот каде живееле племињата Билиони, Тауланти, Партини и Бриги.

2. Сребрените рудници на Дамастион биле во посед на Диестите и Енхелеите (Сесаретите/Дасарети).

3. Близу (Билионите, Партините и Бригите) Диестите и Енхелеите (Сесаретите / Дасарети) се наоѓале и Линкестите, Деврион, Пелагонија, Еордите, Елимеја и Ератира.

4. Дамастион во Илирија, кај рудниците на сребро, го основале бегалците (Ајгинци) заедно со Мендејците.

Насоките на Страбон се мошне скромни, неодредени, но упатуваат на подрачјето западно, северозападно и северно од Охридското езеро, каде што минувала прастарата патна траса позната како Кандависки или Егнатиски пат.

Во текстот на Страбон јасно се разграничуваат сребрените рудници од самиот (град) Дамастион. Околноста дека Дамастион го основале бегалците од Ајгина и Менде по склучувањето на Мирот на Никија во 421 година п.н.е.,[131] упатуваат на оформување на силно утврден град со ѕидини во опус изодомум / псеудоизодомум. Такво утврдување во посочениот простор, а во нашата држава, би можел да биде локалитетот Градиште Вајтос кај селото Октиси, општина Струга.[132] Следен кандидат би можело да биде Коџаџичко Кале, село Коџаџик, во општината Центар Жупа.[133]

Можеби најзначајниот патоказ во потрагата по Дамастион би бил лоцирањето на сребрените рудници на Дамастион. На просторот на југозападна Македонија не се откриени значителни сребрени рудни наслаги.

Интересно е прашањето зошто Енхелеите (Сесарети/Дасарети) – кои, судејќи по богатите требенишки и охридски наоди биле организирани најмалку во кнежевство, а можеби и кралство, а според Страбон биле и сопственици на сребрените рудници на Дамастион – не исковале свои сребрени монети, како на пример пајонските кралеви, кои најверојатно воспоставиле блиски односи со Дамастион. Во потрагата по локацијата на Дамастион, некои од истражувачите се држат до позначајните лежишта на сребрена руда, а некои по етимолошката сличност во имињата на местата. Хамонд, Соколовска и Павловска сметаат дека гратчето Пелагита / Пелагитон, поради сличноста на името на местото со геолошкиот басен Полог во северозападна Македонија, се наоѓало во околината на градот Тетово – најверојатно привлечени и од атрактивноста на т.н. тетовска Менада и остатоците на гробницата од доцниот архајски период, откриена во Тетово.[134] Во случајов, Дамастион кај Тетово би можело да биде гратчето на локалитетот Исар Бањиче, село Шипковица, на околу два километри северозападно од Те-

[131] Ujes D., 2018., 11.

[132] Благодарност до проф. д–р В. Лилчиќ Адамс за отстапувањето непубликувани материјали.

[133] Според В. Лилчиќ Адамс, непубликувани материјали.

[134] Радојчиħ С., 1933, 243–252.

тово, во долината на реката Пена. Меѓутоа поради фактот што во целиот Полог не е регистрирана сребрена руда, оваа хипотеза треба да се прифати со голема доза на скептичност. Хипотезата за убикација на Дамастион на територијата на скопскиот басен е исто така привлечна. Дамастион во овој случај би можеле да бидат древните градови на локалитетите кај селата Студеничани, Бразда или Долно Нерези. Меѓутоа, и за оваа хипотеза недостасува факторот на сребрени рудни лежишта.

Водејќи се според рудните богатства на среброто, одредени истражувачи го лоцираат Дамастион многу подалеку на север одошто тоа е наведено кај Страбон. В. Соколовска посочи кон северниот агол на Косово, конкретно на „муниципиум ДД" кај Сочаница на реката Ибар, каде постојат богати рудоносни сребрени резерви.[135] Според неа, името на оваа населба од римско време, на рамен простор, на брегот на реката Ибар, треба да се толкува како „Муниципиум Дамастион Дардански". Притоа, треба да се смета, односно да се земе предвид начинот на кратење на зборовите на латинското писмо на камените споменици, кое што во случајов, како што смета А. Мочи, е кратенка од самото име „Муниципиум Дардански" (*municipium D*(*ar*)*d*(*anicum*)), а не „Муниципиум Дамастион Дардански".[136]

Освен тоа, во постоечката стручна литература, во случајот на локалитет кај Сочаница покрај Ибар, преку истражувачките резултати на Емил Чершков може да се забележи дека не само што во овој регион не е регистрирана ниту рударска дејност постара од I-II век н.е., туку на оваа локација не постои ниту каква било постара населба.[137] Чершков истакнува неколку податоци како потврда, датирајќи го активирањето на локалното рударство во времето на римскиот император Хадријан, кој ковал бронзени квадранси со натписот METALLI DARDANICI или само DARDANICI.[138] Овие податоци, како и фактот дека се работи за населба од римско време, при што не е регистрирано постаро утврдување, односно фортификација од раната антика[139] – каква што би требало да се очекува да оформат бегалци од Ајгина и Менде во средиштето на променливиот балкански простор во V и IV век п.н.е., а во соседство на матичната територија на Дарданците – засега зборуваат против хипотезата на В. Соколовска.

Уште една претпоставка за убикација на Дамастион е кастелот Артана кај Ново Брдо во југоисточно Косово. Според еден податок, составот на среброто од рудниците Трепча, Јањево има од 3 до 5% сребро, додека од рудникот кај Ново Брдо има 25%. На локалитетот Златно Гумно кај Ново Брдо, Емил Чершков забележал археолошки наоди од раната антика. Имено, при изградбата на рудникот Ново Брдо (1947–1949) биле откриени бројни гробови со прилози, метални садови и теракоти, кои за жал исчезнале. Чершков имал можност да види на фотографии теракота на божицата Кибела и еден скифос. Тој наведува и дека од овој материјал во музејот на Косово биле донесени фрагменти од еден метален сад со апликација во форма на главата на Горгона.[140] Меѓутоа, самата тврдина на доминантниот рид Ново Брдо, според долгогодишните истра-

[135] Соколовска В., 1990, 22–24.

[136] Цитирано според: Ujes Morgan D., 2011, 490, ф.н. 8.

[137] Čerškov E., 1970, 1–89, T. I–XXI, prilozi I–IV.

[138] Čerškov E., 1970, 71, ф.н. 121.

[139] Од средновековната тврдина Галич кај Сочаница потекнува една тетрадрахма на Дамастион, што сепак дава извесна надеж за можна убикација. Види: Popović, P., 2007, 416, fig 6. 2.

[140] Čerškov E., 1970,18, забелешка 28.

жувања и откриените културни хоризонти и објекти, од почетоците на нејзиното документирање[141] па до поново време, датира исклучиво од средниот век. Во овие околности, интересно е да се забележи дека остатоците на утврдениот град на Кале, село Кршевица кај Врање се оддалечени точно 40 километри источно / југоисточно по воздушна линија од Ново Брдо.

Наредниот кандидат за убикација на градот Дамастион е Кале кај село Кршевица, кај Врање, во долината на реката Морава.[142] Првите археолошки сондирања со заштитен карактер, како и премер и исцртување на планот на Кале кај селото Кршевица, ги реализирале И. Микулчиќ и М. Јовановиќ во 1966 година. Во 2002 година започнале систематски истражувања и конзервација на објектите. Акрополата на градтето има приближно издолжена елипсоидна форма со димензии 130х60 метри. Уште И. Микулчиќ и М. Јовановиќ го забележале квалитетниот фортификациски периметар од паралелопипедни камени блокови од локален песочник. Одбранбениот ѕид бил широк 2.85 м.[143] На вака утврдената акропола, на североисточната страна директно се потпирало помало утврдено подградие. На понискиот терен северозападно и југоисточно од акрополата се наоѓаат две помали подградија. И покрај тоа што цитираните истражувачи го именуваат својот текст „хеленистички опидум“, откриените археолошки наоди, на пример монетите на македонските кралеви Филип II Александар III, Касандар, монетите на Дамастион и Пелагија, садовата керамика и множество други археолошки наоди недвосмислено укажуваат на интензивна егзистенција од крајот на V век до првите децении од III век п.н.е.[144]

Би требало да одбележиме дека гратчето на локалитетот Кале, Кршевица во споменатата временска рамка се наоѓало на територијата на Агријаните,[145] а во близина на сребрените рудници на Ново Брдо.

Една од поновите хипотези за убикација на Дамастион, според долгогодишните истражувања на Виктор Лилчиќ Адамс, одат во насока на локацијата каде се вадела сребрена руда на пајонска територија – и тоа во долината на реката Злетовица, поконкретно кај селото Добрево во Пробиштип.[146] Таму во рудникот Пешула, Добрево и денес активно се експлоатира среброто во галерии во длабочина до околу 200-300 метри. Во овој регион, кој се наоѓа во рамките на кралството Пајонија, В. Лилчиќ Адамс открил културни хоризонти од раната антика на утврдувањата: Градиште, Добрево, Градиште Пешула Добрево, Градиште село Емирица; освен тоа, ги истражувал и документирал и утврдувањата Драчко Градиште – село Ратавица, Стари Град – село Шталковица, Самарска Чука – село Зелени Град, Рудовски Чукар – село Јамиште и Куково Градиште – село Кнежево, што датираат од доцната антика, но можеби имаат и постари културни хоризонти.[147]

---

[141] Бошковић Ђ., 1939., 1–10.

[142] Стручната литература (со поедини референци во пдф формат) може да се види на сајтот: http://www.kale–krsevica.com/arheoloski_lokalitet.html.

[143] Микулчић И. & Јовановић М., 1968, 355–375.

[144] Popović P., 2012., 11–51, види во: *Central Balkans between the Greek and the Celtic world,* Kale–Krsevica 2001–2011, National museum, Belgrade 2012.

[145] Соколовска В., 9–34, 1990, Карта 2.

[146] Користени теренски непубликувани материјали од истражувањата на В. Лилчиќ Адамс.

[147] За податоците, благодарност на проф. д–р В. Лилчиќ Адамс.

Сè повеќе се назира сликата на пајонските рудници за сребро во западните ревири на Осоговските планини, во регионите на Кратово и Злетово. Во тој контекст и околноста на евидентните врски помеѓу дамастионските и пајонските монети, може да се постави прашањето дали можеби станува збор за дамастионските рудници, или можеби само некој од нив. Како пример може да се посочи сличноста во етимологијата на имињата Дапарија и Запара.

Во овој труд имаме претставени 18 монети на Дамастион со кат. бр. **350–367,** 3 од нив се тетрадрахми, 6 се драхми и 9 се тетроболи. Монетата со кат. бр. **351** е пронајдена на локалитетот Старо Бонче, село Бонче, Прилеп.[148] Монетата со кат. бр. **354** е пронајдена во Горна Курија, с. Теово, Велес, а монетата со кат бр. **357** потекнува од село Четирце, Куманово. Во текот на истражувањата на проектот *Археолошки катастар на Р. Македонија* кој се изведуваше во 2016 година ја откривме монетата со кат бр. **358**; оваа монета е оштетена и најверојатно страдала во пожар, но сепак може да се идентификуваат контурите на женска глава свртена надесно на аверсот и ингот на реверсот.[149] Монетата со кат. бр. **361** е пронајдена на локалитетот Кула – с. Црвулево, Штип, монетата со кат. бр. **362** од локалитетот Марков град, с. Корешница, Демир Капија, а монетата со кат. бр. **364** на локалитетот Градот Тиквеш, с. Ресава, Кавадарци. Останатите монети се без податоци за местото на пронаоѓање.

МОНЕТОКОВАЊЕ НА ПЕЛАГИЈА (325/320–310 п.н.е.)

За Пелагија не постојат пишани извори и позната ни е единствено преку монетите. Постојат повеќе претпоставки за тоа што претставувала Пелагија, од тоа дека била посебен град, гратче, или само рудник од каде била транспортирана сребрената руда до Дамастион. каде биле ковани монетите, на сè уште непозната локација. Друга претпоставка е дека кога Дамастион завршува со ковање, продолжува Пелагија, како и можноста Пелагија да е соседно племе, кое кова монети за свои потреби. Според стилските и иконографските претстави на тетрадрахмите, драхмите и тетроболите на Пелагија, јасно видлива е поврзаноста со Дамастион.[150] На најраните тетрадрахми на аверсот е претставен Аполон, а на реверсот македонски штит околу кој е натписот ΠΕΛΑΓΙΩΝ.[151] На помалите вредности на аверсот имаме и претстава на глава на Аполон или женски лик, најверојатно нимфа, а на реверсот метална плоча со ремен – преносен ингот. По гаснењето на ковницата Дамастион 325–320 п.н.е.,

[148] За отстапувањето на оваа монета, голема благодарност до колегите од Музеј и Завод Прилеп.

[149] За отстапувањето на оваа монета, голема благодарност до проф. д–р Виктор Лилчиќ Адамс.

[150] Kovač D., 2012,12–13; На база на извршената анализа на металот на две иконографски слични тетрадрахми од Пелагија и Дамастион донесува заклучок дека металот од кој се исковани потекнува од исто поднебје.

[151] Kovač D., 2012, 8; Датацијата на оваа монета е околу 360 год. п.н.е., и ова претставува прва појава на приказ на македонски штит на монети.

на монетите на Пелагија се појавува истиот иконографски приказ на монетите Аполон / триножник, за набргу потоа монетите да добијат барбаризиран стил и нејасни текстови. Исто така, се јавуваат и монети што ја преземаат иконографијата од македонските монети, со приказ на глава на Херакле со Амонови рогови – преземен од монетите на Лизимах (323–281 год. п.н.е.). Крајот на ковање на Пелагија се става во 280 година, што според Мај е поврзано со Келтската инвазија.

Во неговата опсежна студија, во која публикува 31 примерок од монетите на Пелагија, меѓу кои и една сребрена тетрадрахма,[152] Мај ја поврзува ковницата со нејасно утврдена локација некаде околу Охридското Езеро. Е. Павловска публикува три примероци на сребрени тетрадрахми на Пелагија од збирката на Народна Банка на Р. Македонија, а тоа се последните три монети во овој труд, со кат. бр. **368**–**370**, за кои нема точно место на пронаоѓање, но можеби се од околината на Куманово,[153] на територијата на Агријаните, како и еден примерок откупен во Скопје, што се чува во Археолошкиот музеј во Загреб.[154]



Карта III. Монети на Дамастион и Пелагија

[152] Според Соколовска В., 1990, 24, забелешка 81.
[153] Павловска Е., 2008, 27, Т. XVI: 236–238.
[154] Павловска Е., 2016, 98.

БИБЛИОГРАФИЈА:

КРАТЕНКИ:

ГМ-КДМ: Гласник на музејско – конзерваторското друштво на Македонија, Скопје, 1958.
FAB I: Folia Archaeologica Balkanica I, 2006 Skopje.
ЗАМ: Зборник на Археолошкиот музеј, Скопје.
MAA: Macedoniae acta archaeologica
МНГ: Македонски нумизматички гласник, Музеј на Македонија, Скопје.
MNJ: Macedonian Numismatic Journal, Museum of Macedonia, Skopje.
НРБМ: Народна банка на Република Македонија.
НБРМ, 2012: *Парите и паричните системи во Македонија*, Народна банка на Република Македонија, Скопје 2012.
SNG, 1981: Sylloge Nummorum Graecorum vol. V, part IV, *Paeonia – Thessaly*, London 1981.
SNG, 1982: Sylloge Nummorum Graecorum, *Macedonia*, New York 1982..

ИСТОРИСКИ ИЗВОРИ:

Diodori Bibliotheca historica ed. Th. Vogel, vol. II, Leipzik 1896.
Livy, The History of Rome, Vol. 1- 6, translated by Rev. Canon Roberts, London 1905.
Polybii Historiae, XVIII, ed. Th. Büttler – Wobst, Lipsiae, 1882 – 1904, vol. I – IV.
Ptolemaei Claudii *Geographia* 1949.
Strabonis *Geographica*, ed. *A. Meineke,* Lipsiae 1895 – 1913.
Thucydidis *Historiae*, ed. H. J. S. Jones – J. E. Powel, Oxonii.
Herodoti *Historiarum Libri IX*, ed. H. R. Dietsch – H. Kellenberg vol. I – II, Lipsiae 1925.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Битракова-Грозданова В., 1982: *Монетите од античкиот период во збирката на Народниот музеј – Охрид*, Лихнид 5, Охрид 1982, 71-76.
Битракова-Грозданова В., 1987: *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија*, Скопје 1987.
Bloesch H., 1987: *Griechische Münzen in Winterthur*, Band I-II. Winterthur 1987.
Бошковић Ђ., 1939: *Ново Брдо*, Годишњак Музеја Јужне Србије, књ. 1, Скопље 1939, 1-10.
Васић М. Р., 1970: *Збирка грчког новца музеја примењене уметности*, Музеј примењене уметности – Зборник бр. 14, Београд 1970.
Вучковић–Тодоровић Д., 1958: *Остава грчког новца из с. Прилепец код Прилепа,* ГМ-КДМ, Скопје, 1958, 213-255.
Вучковић-Тодоровић Д., 1975: *Прилог познавању новаца пеонских владара*, Старинар XXIV – XXV, Beograd 1975, 85-88.
Gaebler H., 1927: *Münzkunde Makedoniens, IX; Prägung der paionischen Könige, Die Lage Damastions und Pelagia*, Zeitschrift fur Numismatik No. XXXVII, Berlin 1927, тука цитирано според: Horvat B., 1936, 26.
Gaebler H., 1935: *Die Antiken Munzen Nord-Griechenlands, Band III: Makedonia und Paionia,* Berlin 1935.
Герасимов Т., 1963*: Подражания на тетрадрахмите на пеонския цар Патрай* (*335-315*), ИАИ XXVI, София 1963, 270-272.
Драганов Д., 2000: *Монетите на Макединските Царе I*, Јамбол 2000.
Josifovski P., 2000: *Coins with PAIONΩN inscription from the collection of the Republic of Macedonia*, MNJ, no 4, Skopje 2000, 15-28.
Josifovski P., 2006: *The Beginnings of Minting Among the Paeonians* (*Derrones*), FAB I, Skopje 2006, 251-262.

Јосифовски П., и др, 2006: *Монети од колекцијата на Охридска Банка*, Скопје 2006.

Јурукова Ј., 1989: *Тракијско племенно монетосечене и големија трговски трафик през првата половина на V век п.н.е.*., Нумизматика 3, Софија 1989, 3-13.

Кацаров Г., 1921: *Пеония,* София 1921.

Kovač D., 2012: *Novci Pelagije*, Numizmatičke vijesti, br. 65, Zagreb 2012, 5-13.

Larson J., 2001: *Greek Nymphs Myth, Cult*, Lore 2001.

Лилчиќ В., Јосифовски П., 1994: *Сребрен диобол на пајонскиот владетел ΤΕΥΤΑΟ(Σ)*, Македонски нумизматички гласник бр. 1, Скопје 1994, 27-37.

Лилчиќ В., 2019: *Скупи и античката цивилизација на скопско*, Скопје осум милениуми живот, култура, творештво, Скопје 2019, 117-324.

Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017: *An Agrianian-Paeonian city near Pčinja, Kumanovo region,* Živa Antika, Skopje 2017, 49-60.

May J. M. F., 1939: *The Coinage of Damastion and the Lesser Coinages of the Illyro-Paeonian Region*, Oxford University Press, London 1939, 1-207.

Mayer A., 1936: *Položaj Damastiona, Numizmatika vjesnik numizmatičkog društva u Zagrebu*, Godina 1934-1936, No. II-IV, Zagreb 1936, 17-25.

Merker I., 1965: *The Ancient Kingdom of Paionia*, Balkan Studies 1965.

Mikulčić I., 1966: *Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza,* Beograd – Skopje, 1966.

Микулчиќ И., 1973: *Една нова остава на тетрадрахми и преглед на монетните наоди од V до II век п.н.е. во Македонија,* Годишен зборник на Филозофски Факултет, кн. 24-25, Скопје 1973, 157-173.

Микулчић И. & Јовановић М., 1968, Хеленистички oppidum из Кршевице код Врања, Врањски Гласник књ. IV, Врање 1968, 355-375.

Микулчиќ И., 1999: *Антички градови во Македонија*, Макропроект „Историја на културата на Македонија", книга 8, МАНУ, Скопје 1999.

Микулчиќ И., 1982: *Старо Скопје со околните тврдини*, Скопје 1982.

Микулчиќ И., 1976: *Убикација на Билазора,* Годишен Зборник на Филозофски Факултет 28, Скопје 1976, 149–166.

Милошевски В., 2005: *Монета на Антигон Гонат прекована од кралот Дропион*, Македонско Наследство бр. 26, Скопје 2005, 75-80.

Митревски Д,, 2005: *Вардарски Рид*, Том I, Скопје 2005, 15-90.

Митревски Д,, 2016: *Античка Билазора престолнина на независните Пајонци*, Свети Николе 2016.

Мушмовъ Н., 2012: *Античнитъ монети на Балканския полуостровъ и монетитъ на Бъгарскитъ царе*, София 1912.

Папазоглу Ф. 1957: *Македонски градови у римско доба*, Жива Антика посебна издања, књ. 1, Скопје 1957, 1-379.

Papazoglu F., 1969: *Srednjebalkanska plemena u predrimsko doba*, Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, DJELA kn. XXX, Centar za Balkanološka ispitivanja Knj. 1, Sarajevo 1969, 146, 355-356, 358 f. 109.

Papazoglu F., 2007: *O Peoncima u rimsko doba*, Iz istorije antičkog Balkana, Beograd 2007, 149-153.

Павловска Е., 2008: *Монетите на Пајонија од нумизматичката збирка на НРБМ*, Народна банка на Република Македонија, Скопје 2008, 1-104.

Павловска Е., 2010: *Тетрадрахма на Тевтамад – непознат пајонски (?) владетел,* МАА 19, Скопје 2010, 185-191.

Pavlovska E., 2011: *The Coinage of the Paeonian Kings Leon and Dropion*, N. Holmes (ed.), Proceedings of the XIVth International Numismatic Congress, Glasgow 2009, 319-329.

Pavlovska E., 2013: *Монетите на старомакедонските и пајонски кралеви*, Македонија културно – историски факти, во П. Кузман (уредник), Скопје 2013, 731-788.

Pavlovska E., 2013A: *A Coin Hoard of the Paeonian King Lycceius*, во E. Paunov and S. Filipova (eds.), ΗΡΑΚΛΕΟΥΣ ΣΩΤΗΡΟΣ ΘΑΣΙΩΝ. Studia in honorem Iliae Prokopov sexagenario ab amicis et discipulis dedicat (Collection of Essays in Honour of Ilya Prokopov). Veliko Turnovo 2012, 107-120.

Pavlovska E., 2015: *A Part of a Rare Paeonian Hoard from Macedonia*, Proceedings XV, International Numismatics Congress Taormina 2015, Roma – Messina 2017, 516-520.

Павловска Е., 2016: *Монетите и нивната употреба во горна Македонија од 6 до 3 век пред Христа*, Докторски труд одбранет на Филозофскиот факултет во Скопје во 2016 година.

Pegan E., 1967: *Najdba Damastionskih staterjev*, Argo I, Ljubljana 1962, 25.

Popović, P., 2007: *Numismatic Finds from Kale in Krševica* (*Southeast Serbia*), Arheološki vestnik 58, Ljubljana, 411-417.

Popović P., 2012: *Central Balkans between greek and celtic world*, Central Balkans between the Greek and the Celtic world, Kale – Krsevica 2001-2011, Belgrade 2012, 11-51.

Price M., 1985: *The coinage od Northern Aegen, Coinage and administration in the Athenian and Percian Empires*, Oxford 1985.

Price M. J., Waggoner M., 1975:, *Arhaic Greek silver coinage: the "Asyut" hoard*, London, 1975.

Петачки Ѓ., 1994: *Хеленистички колективен наод со тетрадрахми од село Фурка - Гевгелија*, Македонски нумизматички гласник 1, Скопје 1994, 39-48.

Петрова Е., 1991: *Пајонските племиња и пајонското кралство во II и I милениум пред н.е.*, МАА, бр. 12, Скопје 1991, 9-130.

Петрова Е., 1994а: *Октодрахма на пајонското племе Дерони*, МНГ 1, Скопје 1994, 9-20.

Петрова Е., 1994б: *Два претпоставени примероци на кралот Дропион*, МНГ 1, Скопје 1994, 49-56.

Петрова Е., 1999: *Пајонија во II и I милениум пред н.е.*, Македонска Цивилизација и Музеј на Македонија, Скопје 1999.

Петрова Е., 2001: *Ковањето пари на пајонските племенски организации и пајонските кралеви* (*6-3 век п.н.е.*), Монетите и монетоковниците во Македонија, Скопје 2001, 13-29.

Петрова Е., Лилчиќ В., 1997: *Непознат сребрен тетробол на пајонскиот крал Ликеј*, Македонско Наследство бр. 5, Скопје 1997, 4-9.

Радојчић С., 1933.: *Извештаји о проучавању јужне Србије на терену, Менада из Тетова*, Гласник скопског научног друштва књ. XII, Оделење друштвених наука књ 6, Скопље 1933, 243-252.

Размовска–Бачевска Д., 2002: *Нумизматичките наоди од југозападниот дел на Република Македонија од V век п.н.е. до XIV век*, Охрид 2002.

Размовска–Бачевска Д., 2006: *Парите на Пајонците и Дамастион* (*VI-III век п.н.е.*) *Од Нумизматичката збирка на Охридска банка и приватни колекции*, FAB I, Скопје 2006, 263-276.

Saria B., 1925: *VI Damastionske tetradrahme iz Kutine*, Старинар, орган археолошког друштва у Београду, трећа серија (за 1924 и 1925), Београд 1925, 97-99.

Schwabacher W. 1943: *Illyro-paeonian silver coins in the Royal Collection*, Acta Archaeologica, Vol. XIV, editor Ejnar Munksgaard, København 1943, 83-91.

Sotheby & Co. 1969: *Catalogue of the Paeonian Hoard being Coins in Gold and Silver of the Kings of Macedon and Silver of the Independent Kingdom of Paeonia.* London: 16 April 1969.

Соколовска В., 1966: *Од нумизматичката збирка на Археолошкиот музеј во Скопје*, ЗАМ, Скопје 1966, 23-32.

Соколовска В., 1986: *Исар Марвинци и повардарјето во античко време*, Скопје 1986.

Соколовска В., 1990: *Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион*, МАА, бр. 11, списание на Здружението на археолозите на Македонија, Скопје 1990, 9-34.

Sokolovska V., 1996: *The Coinage of Agrianes,* MNJ 2, Skopje 1996, 13-22.

Соколовска В., 2005: *Коментари за некои прашања од античкото минато на Македонија*, Скопје 2005, 1-119.

Sokolovska V., 2012: *The Localisation of Damastion Revisited*, Macedonian Numismatic Journal, No. 5, Музеј на Македонија, Скопје 2012, 7-13.

Svoronos J. N., 1919: *L' hellenisme primitive de la Macedoine prouve per la Numismatiqe et l'or du Pangee*, Athena 1919.

Svoronos, J. N., 1979: *L'Hellénisme primitif de la Macédoine prouvé par la numismatique,* New York 1979.

Ujes D., 2002: *Recherche sur la localization de Damastion et ses mines*, Revue Numismatique, vol 158, Société Française de Numismatique, Paris 2002, 103-129.

Ujes D., 2018: *Damastij – osnivanje grada i početci kovanja novca*, Numizmatičke vijesti br. 71, Hrvatsko numizmaticko drustvo, Zagreb 2018, 5-39

Ujes Morgan D., 2011: *The pattern of findsports of coins of Damastion: A clue to its Location*, Proceedings of the XIVth International Numismatic Congress, Glasgow 2009, I, Edited by Nicholas Holmes, Glasgow 2011, 487-496.

Ујес Д. & Ромић К., 1996: *Положај града Дамастиона*, Гласник Српског археолошког друштва бр. 11, Београд 1996,77-98.

Fol A., 1975: *Trakija i Balkanite prez ranno elenistickata epoha*, Sofija 1975.

Hammond N. G. L., 1972: *A history Macedonia vol. I.*, Oxford 1972.

Hammond N. G. L., 1979: *A history Macedonia vol. II.*, Oxford 1979.

Hammond N. G. L. & Griffith G.T., 1979:*A History of Ancient Macedonia*, Oxford at the Clarendon Press, Oxford 1979.

Head B. V., 1965: *A guide to the principal coins of the Greeks*, London 1965.

Head B. V., 1911: *Historia Nummorum – A Manual of Greek Numismatics,* Oxford 1911.

Heurley W. A., 1939: *Prehistoric Macedonia,* Oxford 1939.

Horvat B., 1936: *Tetradrachme "grada" Damastiona iz nalaza u Risnu* (*Rhizon*), Numizmatika vjesnik numizmatickog drustva u Zagrebu, Godina 1934-1936, No. II-IV, Zagreb 1936, 26-64.

Хусеинов Б., 2004: *Античките монети од Вардарски Рид*, Том I, Гевгелија 2004.

Хусеинов Б., 2018: *Античките монети од Вардарски Рид*, Том II, Гевгелија 2018.

Čerškov E., 1970: *Municipium D D kod Sočanice*, Disertationes et monographiae, Muzej Kosova & Arheološko društvo Jugoslavije, Priština – Beograd 1970, 1-89, T. I-XXI, prilozi I-IV.

Шелдаров Н., 2003: *Колекција Шелдаров, Македонија и Пајонија*, НБРМ, Скопје 2003.

Šeldarov N., 2004: *New Information on Paeonian Numismatics*, Macedonian Heritage no. 21, 39-47.

Šeldarov N., Lilčić., 1992: *Monete s natpisom ΠΑΙΟΝΩΝ,* Numizmatičke vijesti, br. 45, Zagreb 1992, 7-11.

КАТАЛОГ

ПАЈОНСКО ПЛЕМЕНСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

ДЕРОНИ (500–480 г. пр.н.е.)

1. Ав. Преден дел од бик, налево.
Рев. Плиток quadratum incusum поделен на четири полиња.
AR. **Триобол**, 1.89 гр. - 12 мм. – О/2.
НБРМ 2004/4/28.
Шелдаров 96; Павловска 2008 бр.1.
Price, Waggoner 1975, 39; Драганов 2000, 16; Svoronos 1919, 57, 13.

2. Ав. Бик полулегнат, надесно, горе цвет, околу бордура со точки.
Рев. Коринтски шлем со перјаница и со око, во плиток quadratum incusum.
AR. **Тетробол**, 2,37 гр. – 19 мм – О/10.
НБРМ 2007/1/10.
Svoronos 1919, 14, no. 23b; Gaebler 1935, 145, no. 4, 6; SNG ANS, 932-933.

3. Ав. Исто, врз линија од точки.
Рев. Коринтски шлем со перјаница, надесно, во плиток quadratum incusum.
AR. **Триобол**, 1.87 гр. – 17 мм. – О/11.
НБРМ 2004/4/26.
Павловска 2008, бр. 3.
BMCMac., 152, no. 5.

4. Ав. Исто, без линија од точки.
Рев. Како претходната.
AR. **Триобол**, 1.45 гр. – 17 мм. – О/3.
НБРМ 2003/1/4.
Јосифовски 2006, 254, no. 5.
Павловска 2008, бр. 4.

5. Ав. Исто.
Рев. Како претходната, налево.
AR. **Диобол**, 1.03 гр. – 16 мм. – О/10.
НБРМ 2007/1/7.
Павловска 2008, бр. 5.

6. Ав. Исто, врз линија од точки.
Рев. Како претходната, надесно.
AR. **Диобол**, 1.20 гр. – 16 мм. – О/2.
НБРМ 2007/1/9.
SNG ANS, 934 (тежина 0.83 гр.).
Павловска 2008, бр. 6.

7. Ав. Исто, налево.
Рев. Како претходната, продупчена.
AR. **Диобол**, 1.22 гр. – 18 мм. – О/9.
НБРМ 2007/1/5.
Svoronos 1919, 15, no. 25b. (тежина 1.80 гр.).
Павловска 2008 бр. 7; Јосифовски 2006, 254, no. 2.

8. Ав. Исто.
Рев. Како претходната.
AR. **Диобол**, 1.18 гр. – 15 мм – О/4.
НБРМ 2007/1/8.
Павловска 2008, бр. 8.

9. Ав. Исто, горе стилизиран цвет (?)
Рев. Како претходната, налево.
AR. **Триобол**, 1.82 гр. – 17 мм. – О/9.
НБРМ, 2002/1/31.
МПИ 1; Јосифовски 2006, 254, no. 3.

10. Ав. Како претходната
Рев. Исто, надесно.
AR. **Диобол**, 1.33 гр. – 18 мм. – О/9.
НБРМ, 2005/1/11.
Svoronos 1919, 15, no. 25b (вар., цвет на ав., тежина: 1.88 гр.).
Павловска 2008, бр. 10.

11. Ав. Исто.
Рев. Нејасна претстава.
AR. **Диобол**, 1.02 гр. – 19 мм. – О/?.
НБРМ, 2007/1/4.
Јосифовски 2006, 254, no. 1.
Павловска 2008, бр. 11.

12. Ав. Преден дел од бик, налево, околу бордура од точки.
Рев. Коринтски шлем со перјаница, надесно.
AR. **Трихемиобол**, 0.79 гр. – 13 мм. – О/11.
НБРМ, 2005/1/15.
Gaebler 1935, 145, no. 7.
Павловска 2008, бр. 12.

13. Ав. Исто, надесно.
Рев. Исто, налево.
AR. **Трихемиобл**, 0.80 гр. - 14 мм. – О/1.
НБРМ, 2002/3/14.
Јосифовски 2006, 255, no. 2.
Gaebler 1935, 145, no. 7 (вар., ав. Претстава налево, рев. Надесно).
Павловска 2008, бр. 13.

14. Ав. Бик стои, надесно, горе диск со шестокрака ѕвезда, околу бордура од точки.
Рев. Бик стои надесно околу, бордура од точки.
AR. **Триобол**, 1.66 гр. – 17 мм. – О/4.
НБРМ 2005/1/12.
Павловска 2008, бр. 14.

15. Ав. Како претходната, горе шестокрака ѕвезда.
Рев. Исто.
AR. **Диобол**, 1.21 гр. – 16 мм. – О/5.
НБРМ 2007/1/6.
Јосифовски 2006, 253, no. 13.
Павловска 2008, бр. 15

16. Ав. Исто, горе диск со шестокрака ѕвезда.
Рев. Нечитлива.
AR. **Трихемиобол**, 0.73 гр. – 17 мм.
НБРМ 2007/1/3.
Јосифовски 2006, 253, no. 11.
Svoronos 1919, 16, no. 32a (тежина 1.10 гр.)
Павловска 2008, бр. 16.

17. Ав. Исто, горе шестокрака ѕвезда, долу нејасна претстава.
Рев. Нечитлива.
AR. **Трихемиобол**, 0,87 гр. – 15.5 мм.
НБРМ 2003/1/16.
Јосифовски 2006, 253, no. 10.
Павловска 2008, бр. 17.

18. Ав. Исто, горе осумкрака ѕвезда.
Рев. Како претходната.
AR. **Обол**, 0.63 гр. – 15 мм.
НБРМ 2007/1/2.
Јосифовски 2006, 252, no.4.
Павловска 2008, бр. 18.

19. Ав. Исто, горе нејасна претстава.
Рев. Исто.
AR. **Обол**, 0.47 гр. – 18 мм.
НБРМ, 2007/1/1.
Јосифовски 2006, 252, no.2.
Павловска 2008, бр. 19.

20. Ав. Исто, горе осумкрака ѕвезда.
Рев. Исто.
AR. **Обол**, 0.58 гр. – 16 мм.
НБРМ, 1999/23/2-4.
МПИ 2, Јосифовски 2006, 253, no. 7.
Павловска 2008, бр. 20.

21. Ав. Исто.
Рев. Исто.
AR. **Хемиобол**, 0.32 гр. – 16 мм.
НБРМ, 2004/4/27.
Павловска 2008, бр.21.
НБРМ, Кол. Шелдаров, 68.

22. Ав. Бик, надесно, горе соларен симбол.
Рев. Исто во quadratum incusum.
AR. **Обол**, 0.77 гр. – 17.9 мм. – О/12.
Павловска 2008, бр. 20
ОБ. 04/30 – 1/9
ОБ Кол., 106.

23. Ав. Исто.
Рев. Исто.
AR. **Обол**, 0.52 гр. – 16.2 мм – О/12.
ОБ 04/30 – 1/7 –1.
Павловска 2008, бр. 21
ОБ Кол., 107.

24. Ав. Бик, надесно, горе соларен симбол.
Рев. Исто во quadratum incusum.
AR. **Хемиобол**, 0.31 гр. – 16.1 мм – О/12.
ОБ 04/30 – 1/7 – 2.
ОБ Кол., 108.

25. Ав. Бик, полуклекнат надесно, главата свртена наназад, горе стилизиран симбол.
Рев. Quadratum incusum, во него шлем со перјаница налево.
AR. **Диобол**, 1.33 гр. – 16.4 мм. – O/3.
Svoronos, Pl.II / 11.
ОБ. 04/30 – 1/8.
ОБ Кол., 109.

26. Ав. Возач со кола и бик кој ја влече колата, надесно на телото на бикот букви AN, во полето горе коринтски шлем, долу акантов цвет врз точкеста линија, околу бордура од точки.
Рев. Triskelos, помеѓу нозете палмети, крилест Пегаз коњ во долниот дел, сето тоа во quadratum incusum.
AR. **Октодрахма**, 33.51 гр. – 32 мм.
AMM.
Петрова 1994, МНГ 1, 9-20; Драганов 2000, ММЦ I, бр.23.

27. Ав. Бик полуклекнат, надесно, горе цвет, околу бордура од точки.
Рев. Коринтски шлем со перјаница, надесно во quadratum incusum. Исти калап со триоболот од колекцијата на НБРМ (инв. бр. 2004/4/26).
AR. **Тетробол**, 2.18 гр. – 18 мм. – O/12.
AMM, (8043).
SNG ANS, 932 – 933 (Deroni), BMC (Mac), 152, no. 4 (Dokim).
Микулчиќ 1965, 201, сл. 14.

28. Ав. Бик полуклекнат, надесно, врз линија.
Рев. Трискел во quadratum incusum.
AR. **Тетробол**, 2.45 гр. – 17 мм.
AMM, 1331 (8045).
Svoronos 1919, Pl. II. 13 (вар.).

29. Ав. Бик стои надесно, горе соларен систем.
Рев. Quadratum incusum на аверсот.
AR. **Хемиобол**, 0.42 гр. – 16.05 мм. – O/12.
AMM, 2009/5 (8047).
Павловска 2008, бр. 21.
Павловска 2017 207, бр. 28.

30. Ав Бик стои надесно, горе петокрака ѕвезда, околу бордура од точки.
Рев. Нечитлив.
AR. **Трихемиобол**, 0.92 гр. – 16 мм.
ОУНМСН, А/НУ-1311.
Митревски 2016, стр. 12, сл. 1.
Svoronos 1919, 16, no. 32a.

31. Ав. Бик клекнат на предните нозе, налево, со главата свртена наназад, горе цвет.
Рев. Трискел во плитка инкузија.
AR. **Триобол**, 1.8 гр. – 16 мм. – O/12.
НУ Музеј Велес, IV-24.
Петачки, 1994, бр. 1.
Sylloge T.XXIV, бр. 1276, 1277; Svoronos 1919, Pl. II. 13.

ДЕРОНИ (Докимос) (500–480 г. пр.н.е.)

32. Ав. ΔOKI, говедо полуклекнато, налево, врз линија.
Рев. Коринтски шлем со перјаница, надесно, во quadratum incusum.
AR. **Тетробол**, 2.49 гр. – 17.18 мм.
AMM. 2009/9 (8042).

ЛАЈАИ (479–460-ти / 450 г. пр.н.е.)

33. Ав. ΛΑΙΑΙ, брадест маж со камшик во раката, седи надесно во кола влечена од два вола, горе коринтски шлем со перјаница надесно, врз линија.
Рев. Пегас во од, надесно, во двоен квадрат, сето во плиток quadratum incusum.
AR. **Октодрахма**, 28.22 гр. – 32 мм. – О/2.
BMCMac., 151 no. 2, Svoronos 1919, 22, no. 1.
НБРМ, 1999/22/1.
МПИ 3.
Павловска 2008, бр. 23.

МИГДОНЦИ (ок. 480–ок. 470 г. пр.н.е.)

34. Ав. Јарец полуклекнат, надесно, главата свртена налево, горе розета.
Рев. quadratum incusum поделен на четири делови.
AR. **Диобол**, 0.99 гр. – 12 мм. – О/12.
Lorber 2000, 116, issue 18, BMCMac., 38, no. 4 (Ajra), SNGCop., 28 (Ajra).
НБРМ 1999/17/4.
МПИ 37 (Ajra).
Павловска 2008, бр. 24.

35. Ав. Исто, во полето горе лево и десно релјефно топче,
Врз линија од точки.
Рев. Исто.
AR. **Трихемиобол**, 0.80 гр. – 11 мм. – О/12.
Lorber 2000, 116, issue 15, Gaebler 1935, 19 no. 11 (Ajra).
НБРМ, 2005/1/16.
Павловска 2008, бр. 25.

36. Ав. Исто.
Рев. Исто.
AR. **Трихемиобол**, 0.81 гр. – 11 мм.
ОБ, 04/2/128.
Lorber 2000, 116, issue 15, Gaebler 1935, 19 no. 11 (Ajra).
Кол. Шелдаров 2 (Ajra), ОБ Кол. 1 (Ajra).

37. Ав. Исто.
Рев. Исто, продупчена.
AMM, 17 (8049).
AR. **Трихемиобол**, 0.84 гр. – 13 мм.
Lorber 2000, 116, issue 15, Gaebler 1935, 19 no. 11 (Ajra).

ОРЕСКИ (ок. 490–480 г. пр.н.е.)

38. Ав. Кентаур и нимфа.
Рев. Quadratum incusum поделен на четири дела.
AR. **Статер**, 7.80 гр. – 24 мм.
Хусеиновски 2004, 14 – 16, сл. 1.
НУМГ.
BMC 147/9, SNGCop., 196.

39. Ав. Кентаур грабнува нимфа (?)
Рев. Шлем со перјаница (?), надесно во quadratum incusum (?)
AE/AR.**Статер** – **Суберат (?)** 4 гр. – 23.3 мм.
Хусеиновски 2018.
НУМГ 5027.
Д. Драганов, ММЦ Том I 41 – 42, BMC *Macedonia p. 147, no.9.*

40. Ав. ΟΡΡ, бик полуклекнат, надесно, врз линија, околу бордура од точки.
Рев. Quadratum incusum, поделен на четири делови.
AR. **Трихемиобол**, 0.85 гр. – 11 мм.
НБРМ, 2002/6/2.
Gaebler 1935, 91, no.12, Драганов 2000, 48.
Павловска 2008, бр. 26.

ИХНЕ (ок. 490–480 г. пр.н.е.)

41. Ав. Бик полуклекнат, надесно, главата свртена кон назад, горе над и доле под телото две рељефни топчиња.
Рев. Тркало со четири коси пречници, во мал вдлабнат quadratum incusum.
AR. **Диобол**, 0.95 гр. – 13 мм.
Музеј при ФФС, IV-0421,
Павловска 2008, бр. 22.

42. Ав. Бик полуклекнат, надесно, во полето лево горе
цвет, врз линија од точки, околу бордура од точки.
Рев. Тркало со четири пречници, во плиток quadratum incusum.
AR. **Трихемиобол**, 0.80 гр. – 12.5 мм.
НБРМ, 2002/6/3.
Gaebler 1935,64, no. 6 (вар., ав. претстава налево).

ПАЈОНСКО КРАЛСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

ТЕВТАЈ (ок. 400 – ок. 380/70 г. пр. н.е.)

43. Ав. Бик стои надесно, врз линија од точки, околу бордура од точки.
Рев. ΤΕΥ – ΤΑΟ, кантарос во quadratum incusum.
AR. **Диобол**, 1.14 гр. – 13 мм. – O/1.
Лилчиќ, Јосифовски, МНГ 1 1994, 27 – 37.
НБРМ, 2004/4/1.
НБРМКол. 113, МПИ 9, ex. Шелдаров Кол. 758.
Павловска 2008, бр. 27.

ЛИКЕЈ (359/8 – ок. 340/35 г. пр.н.е.)

44. Ав. Машка глава (Аполон) со ловоров венец, налево, на образот топче, околу бордура од точки.
Рев. ΛΥΚ-ΚΕ(ΙΟΥ), Херакле се бори со немејскиот лав, долу десно лак и тоболец.
AR. **Тетрадрахма**, 12.88 гр. – 23 мм. – O/3.
НБРМ, 2004/4/3.
ex. Шелдаров Кол. 759.
Gaebler 1935, 1991, no. 3.
Pavlovska 2012, 108, no. 35; Павловска 2008, бр. 28; Кол. Шелдаров, 759.

45. Ав. Машка глава (Аполон) со куса коса и ловоров венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. ΛΥΚΚ – ΕΙΟΥ, како претходната.
AR. **Тетрадрахма**, 13.25 гр. – 23.5 мм. – O/12.
НБРМ, 2003/3/20.
SNGCop. 1382.
Pavlovska 2012, 108, no. 33; Павловска 2008, бр. 29.

46. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚ – Ε – ΙΟΥ, како претходната.
AR. **Тетрадрахма**, 13 гр. – 23 мм. – O12.
НБРМ, 2004/4/4.
Pavlovska 2012, 108, no. 34; Павловска 2008, бр. 30; Кол. Шелдаров, 761.

47. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚ – ΕΙΟΥ, како претходната.
AR. **Тетрадрахма**, 12.63 гр. – 23 мм. – O/7.
НБРМ 2004/4/2.
Pavlovska 2012, 108, no. 17; Павловска 2008, бр. 33; Кол. Шелдаров, 760.

48. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, како претходната.
AR. **Тетрадрахма**, 12.96 гр. – 24 мм. – O/10.
НБРМ, 2008/2/1.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 1.

49. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.55 гр. – 25 мм. – O/7.
НБРМ, 2008/2/17.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 2.

50. Ав. Како претходната.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.98 гр. – 23 мм. – О/12.
НБРМ, 2008/2/6.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 3.

52. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, Исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.64 гр. – 23 мм. – О/2.
НБРМ, 2008/2/7.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 5.

54. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.77 гр. – 25 мм. – О/3
НБРМ, 2008/2/1.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 7.

56. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.54 гр. – 22 мм. – О/3.
НБРМ, 2008/2/8.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 9.

58. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.69 гр. – 22 мм. – О/4.
НБРМ, 2008/2/19.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 11.

60. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.75 гр. – 24 мм. – О/8.
НБРМ, 2008/2/15.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 13.

62. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, Исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.62 гр. – 23 мм. – О/9.
НБРМ, 2008/2/9.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 15.

64. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 10.71 гр. – 24 мм. – О/5.
НБРМ, 2008/2/29.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 18.

51. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, како претходната.
AR. **Тетрадрахма**, 12.92 гр. – 22 мм. – О/6.
НБРМ, 2008/2/16.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 4.

53. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.74 гр. – 24 мм. – О/1.
НБРМ, 2008/2/14.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 6.

55. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, Исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.74 гр. – 23 мм. – О/5.
НБРМ, 2008/2/3.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 8.

57. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.64 гр. – 23 мм. – О/4.
НБРМ, 2008/2/18.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 10.

59. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.56 гр. – 23 мм. – О/5.
НБРМ, 2008/2/2.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 12.

61. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.73 гр. – 23 мм. – О/7.
НБРМ, 2008/2/20.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 14.

63. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.78 гр. – 23 мм. – О/7.
НБРМ, 2008/2/24.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 16.

65. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.82 гр. – 26 мм. – О/3.
НБРМ, 2008/2/5.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 19.

66. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.73 гр. – 24 мм. – О/2.
НБРМ, 2008/2/11.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 20.

67. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.54 гр. – 23 мм. – О/4.
НБРМ, 2008/2/13.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 21.

68. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.64 гр. – 23 мм. – О/7.
НБРМ, 2008/2/21.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 22.

69. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.78 гр. – 23 мм. – О/12.
НБРМ, 2008/2/22.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 23.

70. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.68 гр. – 23 мм. – О/5.
НБРМ, 2008/2/10.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 24.

71. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.59 гр. – 22 мм. – О/7.
НБРМ, 2008/2/12.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 25.

72. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.57 гр. – 22 мм. – О/10.
НБРМ, 2008/2/23.
SNG ANS 1019.
Pavlovska 2012, 108, no. 26.

73. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто, во средината Υ.
AR. **Тетрадрахма,** 12.10 гр. – 23 мм. – О/7.
НБРМ, 2008/2/25.
Gaebler 1935, 200, no. 8.
Pavlovska 2012, 108, no. 27.

74. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто, во средината Υ.
AR. **Тетрадрахма**, 12.70 гр. – 22 мм. – О/1.
НБРМ, 2008/2/26.
Gaebler 1935, 200, no. 8.
Pavlovska 2012, 108, no. 28.

75. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто, во средината Υ.
AR. **Тетрадрахма**, 12.62 гр. – 24 мм. – О/2.
НБРМ, 2008/2/27.
Gaebler 1935, 200, no. 8.
Pavlovska 2012, 108, no. 29.

76. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто, во средината Υ.
AR. **Тетрадрахма**, 12.57 гр. – 23 мм. – О/2.
НБРМ, 2008/2/28.
Gaebler 1935, 200, no. 8.
Pavlovska 2012, 108, no. 30.

77. Ав. Машка глава (Аполон), со ловоров венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 13.05 гр. – 23 мм. – О/2.
НБРМ, 2008/2/30.
SNG Cop. 1382
Pavlovska 2012, 108, no. 31.

78. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 13.13 гр. – 23 мм. – О/11.
НБРМ, 2008/2/31.
SNG Cop. 1382.
Pavlovska 2012, 108, no. 32.

79. Ав. Глава на Зевс со ловоров венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. ΛΥΚΚ – ΕΙΟΥ, како претходната.
AR. **Тетрадрахма**, 12.68 гр. – 24 мм. – О/4.
НБРМ, 1999/51/1-1.
МПИ 10, Павловска 2008, бр. 31.
SNG ANS, 1019.

80. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚ – ΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12,70 гр. – 25.5 мм. – O/8.
НБРМ, 1999/51/1-2, Павловска 2008, бр. 32.
МПИ 11.

81. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚΚ – ΕΙΟΥ, исто, во средина Ύ.
AR. **Тетрадрахма**, 12.75 гр. – 24 мм. – O/6.
НБРМ, 2005/3/20, Павловска 2008, бр. 34.
Gaebler 1935, 200, no. 8 (вар. буква П на ав.)

82. Ав. Глава на Аполон со долга коса и ловоров венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, лав надесно врз линија.
AR. **Драхма,** 3.11 гр. – 16 мм. – O/6.
НБРМ, 2008/3/6/1.
Gaebler 1935, 200, no. 10 (T. XXXVII.11).

83. Ав. Исто..
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, лав надесно растргнува плен, врз линија.
AR. **Драхма,** 3.08 гр. – 16 мм. – O/7.
НБРМ, 2008/3/5

84. Ав. Машка глава (Ликеј), надесно, околу бордура од точки.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, коњ пасе, надесно, врз линија.
AR. **Тетробол**, 1.74 гр. – 13 мм. – O/?.
АММ – 2015.
Gaebler 1935, 201, no. 13,
SNG Ash. 3353.
Лилчиќ Адамс 2019, 134, бр. 1.

85. Ав. Глава на Аполон со долга коса и ловоров венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. Λ – ΥΚΚΕΙΟΥ, коњ пасе, надесно, врз линија.
AR. **Тетробол**, 1.99 гр. – 16 мм. – O/4.
НБРМ, 2005/1/13.
Gaebler 1935, 201, no. 12, (вар. буква П на ав.)
Павловска 2008, бр. 35

86. Ав. Исто.
Рев. ΛΥΚ – ΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетобол**, 2 гр. – 14 мм. – O/11.
НБРМ, 2008/1/1.
Павловска 2008, бр. 36

87. Ав. Машка глава (Ликеј), надесно, околу бордура од точки.
Рев. ΛΥΚΚΕΙΟΥ, исто.
AR. **Тетробол**, 2.05 гр. – 14 мм. – O/8.
НБРМ, 2007/1/14.
Gaebler 1935, 201, no. 13,
SNG Ash. 3353.
Павловска 2008, бр. 37

88. Ав. Како претходната, со тенија на главата.
Рев. Λ-Υ-ΚΚΕΙΟΥ, исто, без линија.
AR. **Тетробол**, 1.93 гр. – 16.5 мм. – O/9.
НБРМ, 2003/1/22.
Павловска 2008, бр. 38

89. Ав. Лав надесно.
Рев. ΛΥΠΠ, волк налево, врз линија, Ω под линијата.
AR. **Тетробол,** 2.22 гр. – 14 мм. – O/12.
НБРМ, 2004/4/5.
Петрова, Лилчиќ 1997, 5-9 .
НБРМ Кол. 115, ex. Шелдаров Кол. 762; Павловска 2008, бр. 39.

ПАТРАЈ (340/35–315 год. пр.н.е.)

90. Ав. Машка глава (Аполон) со ловоров венец, надесно.
Рев. ΠΑΤ-Ϙ-ΑΟΥ, вооружан коњаник надесно, со долго копје напаѓа паднат војник, кој држи македонски штит.
AR. Тетрадрахма, 12.66 гр. – 24 мм. – O/2.
НБРМ 2004/4/6.,
Ex. Шелдаров 763, Павловска 2008 бр. 40.
SNG ANS, 1040.

91. Ав. Како претходната
Рев. П-АТ-[Ч-АОϒ], исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.51 гр. – 22 мм. – О/2.
Кол. Шелдаров.
SNG ANS, 1040.
Кол. Шелдаров 764.

92. Ав. Исто, околу бордура од точки.
Рев. ПАТ-Р-АОϒ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.59 гр. – 23 мм. – О/1.
НБРМ 2008 1/2
SNG ANS, 1024, (вар. суровица на рев.).
Павловска, 2008, бр 41.

93. Ав. Исто
Рев. ПАТ-Р-АОϒ, исто, долу суровица
AR. **Тетрадрахма**, 12.01 гр. – 24 мм. – О/7.
НБРМ 2008 1/3.
SNG ANS, 1025.
Павловска 2008, бр. 42.

94. Ав. Исто, без бордура
Рев. [ПАТ]РАОϒ, исто, горе М.
AR. **Тетрадрахма**, 11.98 гр. – 24 мм. – О/6.
НБРМ 2004/1/16.
SNG Cop, 1388.
Павловска 2008 бр. 43.

95. Ав. Исто.
Рев. [ПАТ]РАОϒ, исто, во полето лево шлем, врз линија.
AR. **Тетрадрахма**, 12.92 гр. – 26 мм. – О/2.
НБРМ 2004/4/7.
BMC Mac., 2, no. 4.
Павловска 2008 бр. 44.

96. Ав. Исто.
Рев. ПАТРАО-ϒ, со македонски(?) штит, лево шлем.
AR. **Тетрадрахма**, 12.63 гр. – 26 мм. – О/10.
AMM.
BMC Mac., 2, no. 4.
(нема фотографија во каталогот)

97. Ав. Исто.
Рев. ПАТ-Р-АОϒ, со македонски штит, долу лево МЕ.
AR. **Тетрадрахма**, 12.50 гр. – 23 мм. – О?.
HMB IV-1.
SNG ANS 1031.
Вучковиќ – Тодоровиќ 1975, 86, бр. 2.

98. Ав. Исто.
Рев. П[АТРАОϒ], долу лево трозабец.
AR. **Тетрадрахма**, 13.03 гр. – 25 мм. – О/2.
AMM 1332.
SNG ANS, 1026.

99. Ав. Исто.
Рев. ПАТР-А[Оϒ], лево кантарос.
AR. **Тетрадрахма**, 12.61 гр. – 26 мм. – О/4.
AMM.
SNG ANS, 1032.

100. Ав. Исто, околу бордура од точки.
Рев. [ПАТ]РАОϒ, исто, горе лево монограм
AR. **Тетрадрахма,** 12.04 гр. – 25 мм. – О/4.
HMB IV-2.
Gaebler 1935, 202, no. 18.

101. Ав. Исто, без бордура.
Рев. [П]АТРАОϒ, исто, без монограм и суровица.
AR. **Тетрадрахма**, 12.11 гр. – 22 мм.
AMM 2016.
SNG ANS 1040; Павловска 2008 бр. 40 ex. Шелдаров кол. 763.

102. Ав. Глава на Аполон (?), околу бордура од точки.
Рев. П [АТРАОϒ], задниот дел на коњот со опашката нагоре и дел од копје.
AR. **1/4 Тетрадрахма**, 2.44 гр. – 16 мм. – О/?.
AMM – 2016.
Лилчиќ Адамс 2019, 141, бр. 1.

103. Ав. Машка глава (Патрај) со тенија, надесно.
Рев. [ПАТРА]-Оϒ, протом од вепар, надесно.
AR. **Драхма**, 3.15 гр. – 14.9 мм. – О/1.
НБРМ 2003/1/17/1.
BMC Mac., 3, vol. 12; Gaebler 1935, 202, no. 7; SNG Cop. 1391
Павловска 2008 бр. 45.

104. Ав. Исто.
Рев. ПАТРА-Оϒ, исто.
AR. **Драхма**, 3.08 гр. – 14 мм. – О/4.
НБРМ 2007/1/20.
BMC Mac., 3, vol. 12; Gaebler 1935, 202, no. 7; SNG Cop. 1391
Павловска 2008 бр. 46.

105. Ав. Исто.
Рев. ПАТРА-[ΟΥ], исто.
AR. **Драхма**, 2.88 гр. – 16 мм. – О/4.
НБРМ 2005/1/17.
BMC Mac., 3, vol. 12; Gaebler 1935, 202, no. 7; SNG Cop. 1391.
Павловска 2008 бр. 47.

106. Ав. Исто.
Рев. ПАТРАО-[Υ], исто.
AR. **Драхма**, 2.49 гр. – 16 мм. – О/12.
НБРМ 2003/1/17/2.
BMC Mac., 3, vol. 12; Gaebler 1935, 202, no. 7; SNG Cop. 1391.
Павловска 2008 бр. 48.

107. Ав. Исто околу бордура од точки.
Рев. [П]АТРА-ΟΥ, исто.
AR. **Драхма**, 2.20 гр. – 15.5 мм. – О/6.
НБРМ 2002/1/43.
BMC Mac., 3, vol. 12; Gaebler 1935, 202, no. 7; SNG Cop 1391.
Шелдаров 768, Павловска 2008 бр. 49.

108. Ав. Исто.
Рев. ПАТРАО-Υ, исто.
AR. **Драхма**, 2.81 гр. – 16.5 мм. – О/6.
НБРМ 2001/13/16.
BMC Mac., 3, vol. 12; Gaebler 1935, 202, no. 7; SNG Cop 1391.
МПИ 12, Шелдаров 767, Павловска 2008 бр. 50.

109. Ав. Исто.
Рев. ПАТРА (горе), исто.
AR. **Драхма**, 3.11гр. – 16.1 мм. – О/6.
BMC Mac., 3, vol. 12; Gaebler 1935, 202, no. 7; SNG Cop 1391.
ОБ, 04/4/9.
ОБ Кол. 110.

110. Ав. Исто.
Рев. ПАТРА (долу), исто
AR. **Драхма**, 3.34 гр. – 15 мм. – О/3.
BMC Mac., 3, vol. 12; Gaebler 1935, 202, no. 7; SNG Cop 1391.
ОБ, 04/2/123.
Ex. Sheldarov Coll., 769; ОБ Кол. 111.

111. Ав. Исто.
Рев. ПАТРАОΥ, исто, долу монограм.
AR. **Драхма**, 3.23 гр. – 18 мм. – О/1.
BMC Mac., 3, vol. 13; Gaebler 1935, 203, no. 10; SNG ANS, 1050 – 1051.
НБРМ, 2003/2/6.
Павловска 2008, бр. 51.

112. Ав. Исто.
Рев. [П]АТРА-ΟΥ, исто, долу монограм.
AR. **Драхма**, 3.33 гр. – 17 мм. – О/7.
BMC Mac., 3, vol. 13; Gaebler 1935, 203, no. 10; SNG ANS, 1050 – 1051.
НБРМ, 2007/1/18.
Павловска 2008, бр. 52.

113. Ав. Исто.
Рев. ПАТРАОΥ, исто, долу монограм.
AR. **Драхма**, 3.37 гр. – 15 мм. – О/7.
BMC Mac., 3, vol. 13; Gaebler 1935, 203, no. 10; SNG ANS, 1050 – 1051.
НБРМ, 2004/4/9.
Павловска 2008, бр. 53; Кол. Шелдаров 766.

114. Ав. Исто.
Рев. [ПАТ]РАОΥ, исто, долу монограм.
AR. **Драхма**, 2.63 гр. – 16 мм. – О/7.
BMC Mac., 3, vol. 13; Gaebler 1935, 203, no. 10; SNG ANS, 1050 – 1051.
НБРМ, 2007/1/15.
Павловска 2008, бр. 54.

115. Ав. Исто, со тенија чии краеви слободно висат.
Рев. [ПАТРАОΥ], исто, долу лево Υ.
AR. **Драхма**, 2.84 гр. – 16 мм. – О/10.
НБРМ, 2007/1/16.
Павловска 2008, бр. 55.

116. Ав. Исто, со тенија, околу бордура од точки.
Рев. ПА[ТР]А/ΟΥ, исто), долу лево Υ.
AR. **Драхма**, 2.45 гр. – 15.5 мм. – О/9.
SNG ANS, 1049.
НБРМ, 2002/1/29.
МПИ 13; Павловска 2008, бр. 56.

117. Ав. Исто, со тенија (?).
Рев. ПАТ-РАОΥ, исто, долу лево Υ (?).
AR. **Драхма**, 2.86 гр. – 16 мм. – О/8.
SNG ANS, 1049.
НБРМ, 2007/1/19.
Павловска 2008, бр. 57.

118. Ав. Исто, со тенија.
Рев. [ПАТРАО]Υ, исто, долу молња.
AR. **Драхма**, 2.70 гр. – 18 мм. – О/6.
НБРМ, 2002/1/30.
МПИ 14; Павловска 2008, бр. 58.

119. Ав. Глава на Аполон со долга коса и ловоров венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. [ПАТРАОϒ], исто без симболи.
AR. **Драхма**, 2.58 гр. – 17 мм. – О/9.
SNG Cop. 1392 (вар., мува на рев.); SNG ANS 148 (вар. грозд на рев.).
НБРМ, 2007/1/21.
Павловска 2008, бр. 59.

120. Ав. Машка глава надесно, околу бордура од точки.
Рев. [П]АТРАОϒ, исто.
AR. **Драхма**, 3.16 гр. – 18 мм. – О/9.
НБРМ, 2004/4/8.
Битракова - Гроздановa 1387, Т.I, 3.
Павловска 2008, бр. 60; Кол. Шелдаров 765.

121. Ав. Исто.
Рев. [П]АТРА-[Оϒ], исто (двојна инскрипција).
AR. **Драхма**, 2.99 гр. – 18 мм. – О/3.
НБРМ, 2007/1/17.
Павловска 2008, бр. 61.

122. Ав. Машка глава (Патрај) со тенија, надесно.
Рев. [П]-АТРАОϒ, преден дел од вепар, надесно.
AR. **Драхма**, 2.57 гр. – 15 мм. – О/?.
ФФС
BMC Mac., 3, vol. 12; Gaebler 1935, 202, no. 7; SNG Cop 1391. Лилчиќ Адамс 2019, 154.

123. Ав. Машка глава (Патрај), надесно.
Рев. [П]-А-[ТР]-АОϒ, преден дел од вепар, надесно, доле гранка.
AR. **Драхма**, 3.1 гр. – 16 мм?. – О/9.
AMM.
Sokolovska 1975, 182-192, Pl. III, Fig. 7

124. Ав. Машка глава (Патрај), со тенија, надесно околу бордура од точки.
Рев. ПАТР-АОϒ, орел со склопени крила, надесно врз линија.
AR. **Тетробол**, 2.10 гр. – 13.8 мм. – О/5.
НБРМ, 2003/1/20.
Gaebler 1935, 203, no. 11.
Павловска 2008, бр. 62.

125. Ав. Исто.
Рев. ПАТР-АОϒ, исто.
AR. **Тетробол**, 1.73 гр. – 14 мм. – О/5.
НБРМ, 2005/1/18.
Gaebler 1935, 203, no. 11.
Павловска 2008, бр. 63.

126. Ав. Исто.
Рев. [ПАТРА]-Оϒ, исто, во полето долу десно ϒ.
AR. **Тетробол**, 2.03 гр. – 13 мм. – О/5.
НБРМ, 2007/1/26.
SNG Cop. 1396.
Павловска 2008, бр. 64.

127. Ав. Исто.
Рев. ПАТРА-[Оϒ], исто, во полето долу десно ϒ.
AR. **Тетробол**, 2.13 гр. – 13 мм. – О/3.
НБРМ, 2007/1/30.
SNG Cop. 1396.
Павловска 2008, бр. 65.

128. Ав. Исто.
Рев. [ПАТРА-Оϒ], исто, во полето долу десно ϒ.
AR. **Тетробол**, 2.05 гр. – 12 мм. – О/5.
НБРМ, 2007/1/32.
SNG Cop. 1396.
Павловска 2008, бр. 66.

129. Ав. Исто без бордура.
Рев. ПАТР-[АОϒ], исто , во полето долу десно ϒ.
AR. **Тетробол**, 2.19 гр. – 13.5 мм. – О/3.
НБРМ, 2002/1/28/1.
SNG Cop. 1396.
Павловска 2008, бр. 67.

130. Ав. Исто, околу бордура од точки.
Рев. ПАТР[А]-Оϒ, исто.
AR. **Тетробол**, 1.67 гр. – 13 мм. – О/11.
НБРМ, 2007/1/23.
SNG Cop. 1396.
Павловска 2008, бр. 68.

131. Ав. Исто.
Рев. ПАТ[Р]-А[ΟΥ], исто , во полето долу десно Υ.
AR. **Тетробол**, 1.60 гр. – 14 мм. – О/9.
НБРМ, 2002/1/28/2.
SNG Cop. 1396.
Павловска 2008, бр. 69.

133. Ав. Исто.
Рев. ПА[Т-РАΟΥ], исто , во полето долу десно суровица.
AR. **Тетробол**, 1.60 гр. – 14 мм. – О/11.
НБРМ, 2007/1/33.
SNG Cop. 1395. Павловска 2008, бр. 71.

135. Ав. Исто, околу, бордура од точки.
Рев. [ПАТ-РАΟΥ], исто, во полето долу десно суровица.
AR. **Тетробол**, 1.98 гр. – 15 мм. – О/7.
НБРМ, 2007/1/25.
SNG Cop. 1395. Павловска 2008, бр. 73.

137. Ав. Исто.
Рев. ПАТ-[РАΟΥ], исто, во полето долу десно суровица.
AR. **Тетробол**, 2.13 гр. – 13.3 мм. – О/6.
ОБ 04/4/8 – 2.
SNG Cop. 1395. ОБ Кол. 113.

139. Ав. Исто, со тенија.
Рев. ПАТО, исто, во полето лево молња.
AR. **Тетробол**, 1.89 гр. – 15 мм. – О/9.
НБРМ 2002/1/51.
SNG Cop. 1394.
МПИ 15; Павловска 2008, бр. 74.

141. Ав. Глава на Аполон со долга коса и ловоров венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. [ПАТ]-РАΟΥ, исто, во полето десно доле грозд.
AR. **Тетробол**, 2.18гр. – 13 мм. – О/4.
НБРМ 2007/1/22. Павловска 2008, бр. 76.

143. Ав. Глава на Аполон со ловоров венец, надесно.
Рев. ПАТРАО[Υ], исто, во полето лево монограм.
AR. **Тетробол**, 2.23 гр. – 14.5 мм. – О/7.
НБРМ 2004/4/10.
BMC Mac., 3, vol. 16; Gaebler 1935, 203, no. 12; SNG Cop 1397;
SNG Ash., 3366 – 3367; SNG ANS, 1053.
Павловска 2008, бр. 77.

132. Ав. Исто.
Рев. ПАТ-РАΟΥ, исто , во полето долу десно суровица врз линија.
AR. **Тетробол**, 1.93 гр. – 14 мм. – О/12.
НБРМ, 2007/1/29.
SNG Cop. 1395.
Павловска 2008, бр. 70.

134. Ав. Исто без бордура.
Рев. [ПАТ-РАΟΥ], исто, во полето долу десно суровица без линија.
AR. **Тетробол**, 1.71 гр. – 13 мм. – О/6.
НБРМ, 2002/1/28/3.
SNG Cop. 1395. Павловска 2008, бр. 72.

136. Ав. Исто, без бордура.
Рев. ПАТ-РАΟΥ, исто, во полето долу десно суровица.
AR. **Тетробол**, 2.13 гр. – 15.3 мм. – О/4.
ОБ, 04/2/124
SNG Cop. 1395. Кол. Шелдаров 770; ОБ Кол. 112.

138. Ав. Исто, без бордура.
Рев. ПАТ-РАΟΥ, исто, во полето долу десно суровица.
AR. **Тетробол**, 1.54 гр. – 14.3 мм. – О/1.
ОБ 04/2/124.
SNG Cop. 1395. ОБ Кол. 114.

140. Ав. Исто, околу бордура од точки.
Рев. ПАТРА[ΟΥ], исто, во полето десно горе молња.
AR. **Тетробол**, 1.60 гр. – 15 мм. – О/1.
НБРМ 2007/1/24.
Павловска 2008, бр. 75.

142. Ав. Исто.
Рев. ПАТ-[РАΟΥ], исто, без симболи.
AR. **Тетробол**, 1.71 гр. – 13.5 мм. – О/12.
ОБ, 04/4/8 – 1..
ОБ Кол. 116.

144. Ав. Исто.
Рев. [ПА]ТРАО[Υ], исто, во полето лево монограм.
AR. **Тетробол**, 2 гр. – 14 мм. – О/10.
НБРМ 2007/1/27.
BMC Mac., 3, vol. 16; Gaebler 1935, 203, no. 12; SNG Cop 1397;
SNG Ash., 3366 – 3367; SNG ANS, 1053.
Павловска 2008, бр. 78.

145. Ав. Исто.
Рев. [П]АТРАОϒ, исто, во полето лево монограм врз линија.
AR. **Тетробол**, 1.93 гр. – 16 мм. – О/4.
НБРМ 2007/1/31.
BMC Mac., 3, vol. 16; Gaebler 1935, 203, no. 12; SNG Cop 1397;
SNG Ash., 3366 – 3367; SNG ANS, 1053.
Павловска 2008, бр. 79.

146. Ав. Исто.
Рев. ПАТРАОϒ, исто, во полето лево монограм.
AR. **Тетробол**, 1.93 гр. – 15 мм. – О/2.
НБРМ 2007/1/28.
BMC Mac., 3, vol. 16; Gaebler 1935, 203, no. 12; SNG Cop 1397;
SNG Ash., 3366 – 3367; SNG ANS, 1053.
Павловска 2008, бр. 80.

147. Ав. Исто.
Рев. [ПА]ТРАО[ϒ], исто, во полето лево монограм.
AR. **Тетробол**, 2 гр. – 14 мм. – О/10.
ОБ, 04/30-1/11.
BMC Mac., 3, vol. 16; Gaebler 1935, 203, no. 12; SNG Cop 1397;
SNG Ash., 3366 – 3367; SNG ANS, 1053.
ОБ Кол. 115.

148. Ав. Исто.
Рев. ПАТ-[РАОϒ], врз линија, во полето долу десно ϒ.
AR. **Тетробол**, 2.02 гр. – 13 мм. – О/?.
АММ 2015.
SNG Cop. 1396; Павловска 2008, бр. 65.
Лилчиќ Адамс 2019, 128 бр. 1.

149. Ав. Глава на Аполон со ловоров венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. П-[АТ-РАОϒ], коњаник прободува паднат војник кој се брани со македонски штит, врз линија.
AR. **Тетрадрахма**, 12.86 гр. – 23.5 мм. – О/2.
ОБ, 04/31/1-1.
SNG ANS, 1040.
ОБ Кол. 249, 1 – 1
Павловска 2017, 197.

150. Ав. Исто.
Рев. [ПАТРАОϒ], исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.61 гр. – 23.5 мм. – О/2.
ОБ, 04/31/1-2.
SNG ANS, 1040.
ОБ Кол., 249, 1 – 2
Павловска 2017, 197.

151. Ав. Исто.
Рев. [ПА]ТРА[Оϒ], исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.98 гр. – 26.5 мм. – О/12.
ОБ, 04/31/1-3.
SNG ANS, 1040.
ОБ Кол., 249, 1 – 3.
Павловска 2017, 197.

152. Ав. Исто.
Рев. ПАТРАОϒ, исто, горе лево инсект, десно во полето точка.
AR. **Тетрадрахма**, 12.37 гр. – 23 мм. – О/8.
ОБ, 04/31/1-4.
SNG ANS, 1034 (вар. со точка); 1035 (вар. со инсект).
ОБ Кол., 249, 1 – 4
Павловска 2017, 197.

153. Ав. Исто.
Рев. ПАТРАОϒ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.72 гр. – 23 мм. – О/12.
ОБ, 04/31/1-5.
Gaebler 1935, 202, no. 4; SNG ANS, 1039.
ОБ Кол., 249, 1 – 5.
Павловска 2017, 197.

154. Ав. Исто.
Рев. ПАТРАОϒ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.61 гр. – 23 мм. – О/2.
ОБ, 04/31/1-6.
SNG ANS, 1040.
ОБ Кол., 249, 1 – 6.
Павловска 2017, 197.

АВДОЛЕОН (315–285/284 год. пр.н.е.)

155. Ав. Глава на Атена со шлем со три перјаници, во ¾ анфас, надесно. Околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ со узда во од, надесно, доле десно под подигнатата нога монограм Ă , околу бордура од точки.
AR. **Тетрадрахма**, 12.57 гр. – 23.4 мм. – O/11.
ФФС, 1070; AMM,5854.
SNG Milano 643.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

156. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, горе ѕвезда, врз линија.
AR. **Тетрадрахма,** 12.58 гр. – 23.8 мм. – O/5.
ФФС, 1071; AMM,5855.
BMC Mac., 5, no. 7; Gaebler 1935, 204, no. 4.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

157. Ав. Глава на Атена со коринтски шлем со перјаница, надесно. Околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ со узда во од, надесно, доле десно под подигнатата нога монограм Ă , врз линија, околу бордура од точки.
AR. **Дидрахма**, 6.18 гр. – 17.2мм. – O/7.
ФФС, 1072; AMM,5856.
SNG Oxford 3371.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

158. Ав. Глава на Атена со шлем со три перјаници, во ¾ анфас, надесно,околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ со узда во од, надесно, околу бордура од точки.
AR. **Драхма**, 3.02 гр. – 16.1 мм. – O/9.
ФФС, 1073; AMM,5857.
BMC Mac., 5, no. 12; GMW 1676; Павловска 2008 бр. 85.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

159. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто.
AR. **Драхма**, 3.01 гр. – 15.2 мм. – O/12.
ФФС, 1082; AMM, 5866.
BMC Mac., 5, no. 12; GMW 1676; Павловска 2008 бр. 85.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

160. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, коњ без узда, доле монограм Ă , врз линија.
AR. **Драхма,** 3.02 гр. – 14.2 мм. – O/7.
ФФС, 1077; AMM,5861.
BMC Mac., 5, no. 13; (вар. Атена, налево).
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

161. Ав. Исто, ¾, налево, околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, доле десно меѓу предните нозе монограм Ă.
AR. **Драхма**, 2.99 гр. – 15.1 мм. – O/11.
ФФС, 1076; AMM,5860.
BMC Mac., 6, no. 15; Gaebler 1935, 204, no. 7; SNG Ash., 3374;
Павловска 2008 бр. 91-98.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

162. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, доле меѓу нозе монограм Ă.
AR. **Драхма,** 3.12 гр. – 14 мм. – O/5.
ФФС, 1078; AMM,5862.
BMC Mac., 6, no. 15; Gaebler 1935, 204, no. 7; SNG Ash., 3374;
Павловска 2008 бр. 91-98.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

163. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу меѓу нозе монограм Ă.
AR. **Драхма**, 2.90 гр. – 15.8 мм. – O/1.
ФФС, 1074; AMM,5858.
BMC Mac., 6, no. 15; Gaebler 1935, 204, no. 7; SNG Ash., 3374;
Павловска 2008 бр. 91-98.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

164. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, доле во средината монограм Ă.
AR. **Драхма**, 3.02 гр. – 14.5 мм. – O/5.
ФФС, 1079; AMM,5863.
BMC Mac., 5, no. 13; SNG Ash., 3372; Павловска 2008 бр. 99.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

165. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, коњ со узда, долу меѓу задните нозе монограм Ă.
AR. **Драхма**, 3.01 гр. – 15.6 мм. – O/11.
ФФС, 1075; AMM, 5859.
BMC Mac., 6, no. 16; GMW 1675; SNG ANS 1057; Павловска 2008 бр. 101.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

166. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, доле меѓу задните нозе монограм Ă.
AR. **Драхма**, 2.98 гр. – 14.1 мм. – O/7.
ФФС, 1080; AMM, 5864.
BMC Mac., 6, no. 16; GMW 1675; SNG ANS 1057; Павловска 2008 бр. 101.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

167. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, без узда, доле меѓу задните нозе монограм Ă.
AR. **Драхма**, 3.07 гр. – 14.5 мм. – O/7.
ФФС, 1081; AMM,5865.
SNG Ash., 3373; Павловска 2008 бр. 100.
Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49-60.

168. Ав. Глава на Атена со шлем со три перјаници, во ¾ анфас, надесно, околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ со узда во од, надесно, доле во средината монограм Ă , околу бордура од точки.
AR. **Тетрадрахма**, 12.43 гр. – 26 мм. – O/3.
НБРМ, 2003/4/2.
Павловска 2008, бр. 81.

169. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, без узда, долу во средината монограм Ă.
AR. **Тетрадрахма**, 12.44 гр. – 27 мм. – O/7.
НБРМ, 2007/1/34.
BMC Mac., 4, no. 4; SNG Ash., 3369-3370; GMW, 1674.
Павловска 2008, бр. 83.

170. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу во средината монограм Ă.
AR. **Тетрадрахма**, 12.48 гр. – 23.5 мм. – O/11.
Кол Шелдаров.
BMC Mac., 4, no. 4; SNG Ash., 3369-3370; GMW, 1674.
Кол Шелдаров 771.

171. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу во средината монограм Ă , без бордура.
AR. **Тетрадрахма**, 11.12 гр. – 23 мм. – O/12.
AMM.
BMC Mac., 4, no. 4; SNG Ash., 3369-3370; GMW, 1674.
(нема фотографија во каталогот)

172. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу во средината монограм Ă , горе во полето графит A, околу бордура од точки.
AR. **Тетрадрахма**, 12.53 гр. – 23 мм. – O/11.
НБРМ, 2008/1/4.
Павловска 2008, бр. 82.

173. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă.
AR. Тетрадрахма, 12.50 гр. – 23 мм.
НМВ, IV – 3.
Вучковиħ – Тодоровиħ 1975, 87, бр. 8.

174. Ав. Исто, ¾ анфас налево.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, со узда долу десно монограм Ă.
AR. **Тетрадрахма**, 12.11 гр. – 23 мм. – O/7.
AMM.
Соколовска 1966, 30, бр. 84; T.V 84; Вучковиħ – Тодоровиħ 1975, 86, бр. 4.

175. Ав. Исто, ¾ анфас надесно.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, без узда, долу во средината монограм Ă , околу бордура од точки.
AR. **Тетрадрахма**, 12.45 гр. – 22.5 мм. – O/-.
ОУНМСН, 2015.
BMC Mac., 4, no. 4; SNG Ash., 3369-3370; GMW, 1674; Павловска 2008, бр. 83.
Драги Митревски 2016, стр. 12, бр. 5.

176. Ав. Глава на Херакле со лавовска кожа, надесно, околу бордура од точки.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ AϒΔΩΛE●N-T●Σ, Зевс седи на трон, налево, во десната рака држи орел, во левата рака скиптар, левата потколеница повлечена наназад, во полето лево монограм Ă, околу бордура од точки.
AR. **Тетрадрахма**, 17.21 гр. – 25 мм. – O/7.
AMM.
Gaebler 1935, 205, no. 12; SNG ANS, 1062.
Вучковиħ – Тодоровиħ 1958, br. 163.

177. Ав. Глава на Атена со шлем со три перјаници, во ¾ анфас, надесно, околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ во од, надесно, доле десно под подигнатата нога монограм Ă , околу бордура од точки.
AR. **Тетрадрахма**, 11.10 гр. – 22 мм. – O/-.
Gaebler 1935, XXXVIII, 1; B.H. 237; D.S. 1523; P.G.U. T. XII, 190.
НУЗМ Охрид.
Размовска – Бачевска, Охрид 2002.

178. Ав. Глава на Атена со коринтски шлем, свртена надесно.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ во од, надесно, помеѓу предните нозе монограм Ă , врз линија, околу бордура од точки.
AR. **Дидрахма**, 5.94 гр. – 17.5 мм. – O/?.
ОУНМСН, А/НУ – 1308, 2015.
Gaebler 1935, 204 no. 8.
Митревски 2016, 12, бр. 4.

179. Ав. Глава на Атена со шлем со три перјаници, во ¾ анфас, налево, околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ во од, надесно, доле десно под подигнатата нога монограм Ă , околу бордура од точки.
AR. **Драхма**, 3 гр. – 15 мм. – O/-?.
ОУНМСН, А/НУ – 2058, 2018.
Gaebler 1935, 204 no. 9; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.

180. Ав. Машка глава на (Авдолеон?), надесно.
Рев. Aϒ[ΔΩ] / Λ, протом од вепар, надесно.
AR. **Драхма**, 2.31 гр. – 15 мм. – O/6.
НБРМ, 2004/4/11.
Gaebler, 1935, 204, no. 6.
Кол. Шелдаров 772; Павловска 2008 бр. 84.

181. Ав. Глава на Атена со шлем со три перјаници, во ¾ анфас, надесно, околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ со узда, во од, надесно, околу бордура од точки.
AR. **Драхма**, 2.93 гр. – 15 мм. – O/6.
НБРМ, 2007/1/38.
BMC Mac., 5, no. 10; GMW, 1676.
Павловска 2008, бр. 85.

182. Ав. Исто, ¾, налево.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто.
AR. **Драхма**, 3.01 гр. – 15 мм. – O/10.
НБРМ, 2007/1/44.
BMC Mac., 5, no. 12.
Павловска 2008, бр. 86.

183. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто.
AR. **Драхма**, 3.04 гр. – 15 мм. – O/10.
НБРМ, 2007/1/39.
BMC Mac., 5, no. 12.
Павловска 2008, бр. 87.

184. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто.
AR. **Драхма**, 2.92 гр. – 14 мм. – O/1.
НБРМ, 2007/1/41.
BMC Mac., 5, no. 12.
Павловска 2008, бр. 88.

185. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто.
AR. **Драхма**, 3.04 гр. – 15 мм. – O/9.
НБРМ, 2004/4/12.
BMC Mac., 5, no. 12.
Кол. Шелдаров 777; Павловска 2008, бр. 89.

186. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто.
AR. **Драхма**, 3.04 гр. – 15 мм. – O/2.
НБРМ, 2005/1/7.
BMC Mac., 5, no. 12.
Павловска 2008, бр. 90.

187. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, без узда, долу десно монограм Ă врз линија.
AR. **Драхма**, 3 гр. – 14 мм. – O/2.
НБРМ, 2002/1/50.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.
МПИ 17; Павловска 2008, бр. 91.

188. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă.
AR. **Драхма**, 3.04 гр. – 14 мм. – O/11.
НБРМ, 2007/1/40.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.
Павловска 2008, бр. 92.

189. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă.
AR. **Драхма,** 2.92 гр. – 16 мм. – O/2.
НБРМ, 2007/1/43.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.
Павловска 2008, бр. 93.

190. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă.
AR. **Драхма**, 2.92 гр. – 14 мм. – O/3.
НБРМ, 2007/1/42.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.
Павловска 2008, бр. 94.

191. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă.
AR. **Драхма**, 2.92 гр. – 15 мм. – O/12.
НБРМ, 2003/1/27.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.
Павловска 2008, бр. 95.

192. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă , без линија.
AR. **Драхма**, 2.75 гр. – 14.5 мм. – O/6.
НБРМ, 2000/34/72.
Gaebler 1935, 204 no. 9; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.
МПИ 16; Кол. Шелдаров 775; Павловска 2008, бр. 96.

193. Ав. Исто.
eРв. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă , врз линија.
AR. **Драхма**, 2.93 гр. – 15 мм. – O/1.
НБРМ, 2007/1/36.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.
Павловска 2008, бр. 97.

194. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă.
AR. **Драхма,** 2.63 гр. – 15 мм. – O/1.
НБРМ, 2003/1/37.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.
Павловска 2008, бр. 98.

195. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă , без линија.
AR. **Драхма**, 3.03 гр. – 13.7 мм. – O/2.
ОБ, 04/23/20.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac. no. 15; SNG Ash., 3374.
ОБ Кол., 117.

196. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă , врз линија.
AR. **Драхма**, 3.34 гр. – 15 мм. – O/3.
ОБ, 04/2/125.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.
Кол. Шелдаров 773. ОБ Кол., 118.

197. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу десно монограм Ă.
AR. **Драхма**, 3. гр. – 14 мм. – O/2.
Кол. Шелдаров.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374.
Кол. Шелдаров 774.

198. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу во средината монограм Ă.
AR. **Драхма**, 2.87 гр. – 15 мм. – O/7.
НБРМ, 2002/1/44.
BMC Mac., 5, no. 13; SNG Ash., 3372.
Павловска 2008, бр. 99.

199. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу во средината монограм Ă.
AR. **Драхма**, 2.89. гр. – 15 мм. – O/7.
BMC Mac., 5, no. 13; SNG Ash., 3372.
Кол. Шелдаров 776.

200. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу лево монограм Ă.
AR. **Драхма**, 3.13гр. – 14.5 мм. – O/6.
НБРМ, 2003/2/7.
SNG Ash., 3373.
Павловска 2008, бр. 100.

201. Ав. Исто околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, со слободна узда пуштена долу,
долу лево монограм Ă.
AR. **Драхма**, 2.87 гр. – 15 мм. – O/7.
НБРМ, 2007/1/35.
BMC Mac., 6, no. 16; SNG Ash., 3372; GMW 1675.
Павловска 2008, бр. 101.

202. Ав. Исто околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ во од, надесно, под предните нозе монограм Ă , околу бордура од точки.
AR. **Драхма**, 2.9 гр. – 16 мм. – O/?.
AMM.
Gaebler 1935, 204 no. 7; BMC Mac., 6, no. 15; SNG Ash., 3374. Микулчиќ, 1982, 25, 4.

203. Ав. Глава на Атена со шлем во ¾ анфас надесно, околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, Преден дел од коњ, надесно, долу десно монограм Ă. околу бордура од точки.
AR. Тетробол, 1.94 гр. – 13.3 мм. – O/2.
НБРМ, 2003/1/21.
BMC Mac., 6, no. 17.
Павловска 2008, бр. 102.

204. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 1.99 гр. – 13 мм. – O/2.
НБРМ, 2007/1/47.
SNG Ash., 3376; SNG ANS 1061.
Павловска 2008, бр. 103.

205. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 1.93 гр. – 13 мм. – O/10.
НБРМ, 2007/1/45.
SNG Ash., 3376; SNG ANS 1061.
Павловска 2008, бр. 104.

206. Ав. Исто ¾ налево.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 1.94 гр. – 12.5 мм. – O/3.
НБРМ, 2002/1/50/2.
Gaebler 1935, 205, no. 10; SNG COP 1404; SNG Ash., 3377 – 3378; SNG ANS 1060.
Павловска 2008, бр. 105.

207. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 2.03 гр. – 13 мм. – O/5.
НБРМ, 2005/1/6.
Gaebler 1935, 205, no. 10; SNG COP 1404; SNG Ash., 3377 – 3378; SNG ANS 1060.
Павловска 2008, бр. 106.

208. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 1.86 гр. – 12.5 мм. – O/1.
НБРМ, 2002/1/50/3.
Gaebler 1935, 205, no. 10; SNG COP 1404; SNG Ash., 3377 – 3378; SNG ANS 1060.
Павловска 2008, бр. 107.

209. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 1.97 гр. – 13 мм. – O/2.
НБРМ, 2007/1/46.
Gaebler 1935, 205, no. 10; SNG COP 1404; SNG Ash., 3377 – 3378; SNG ANS 1060.
Павловска 2008, бр. 108.

210. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 1.92 гр. – 13 мм. – O/8.
НБРМ, 2007/1/48.
Gaebler 1935, 205, no. 10; SNG COP 1404; SNG Ash., 3377 – 3378; SNG ANS 1060.
Павловска 2008, бр. 109.

211. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 1.97 гр. – 13 мм. – O/4.
НБРМ, 2007/1/49.
Gaebler 1935, 205, no. 10; SNG COP 1404; SNG Ash., 3377 – 3378; SNG ANS 1060.
Павловска 2008, бр. 110.

212. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 1.93 гр. – 13 мм. – O/11.
НБРМ, 2007/1/51.
Gaebler 1935, 205, no. 10; SNG COP 1404; SNG Ash., 3377 – 3378; SNG ANS 1060.
Павловска 2008, бр. 111.

213. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 1.86 гр. – 12 мм. – O/3.
НБРМ, 2004/4/13.
Gaebler 1935, 205, no. 10; SNG COP 1404; SNG Ash., 3377 – 3378; SNG ANS 1060.
Кол. Шелдаров 778; Павловска 2008, бр. 112.

214. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 2.04 гр. – 11.8 мм. – O/11.
НБРМ, 2003/1/21/2.
Gaebler 1935, 205, no. 10; SNG COP 1404; SNG Ash., 3377 – 3378; SNG ANS 1060.
Кол. Шелдаров 778; Павловска 2008, бр. 113.

215. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, во средината монограм Ă.
AR. **Тетробол**, 2.04 гр. – 13мм. – O/7.
НУС, M-09-608, НУС A-M-844
Gaebler 1935, 205, no. 10; SNG COP 1404; SNG Ash., 3377 – 3378; SNG ANS 1060.

216. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, без симбол.
AR. **Тетробол**, 2.06 гр. – 13мм. – O/2.
НБРМ, 2007/1/50/.
Павловска 2008, бр. 114.

217. Ав. Глава на Дионис со долга коса и бршленов венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу монограм **ϒ**.
AR. **Тетробол**, 2.26 гр. – 13 мм. – O/12.
НБРМ, 2008/3/4.
Gaebler 1935, 205, no. 11, (T. XXXVIII, 13).

218. Ав. Глава на Атена со шлем со три перјаници, во ¾ анфас, надесно, околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ со узда во од, надесно, под подигнатата нога ѕвезда, врз линија, околу бордура од точки.
AR. **Тетрадрахма**, 12.66 гр. – 24 мм. – O/1.
НБРМ, 2013/1/2.
SNG Oxford, 3368; SNG ANS, 1056.
Павловска 2017, 190, бр. **3**.

219. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, под подигнатата нога монограм **Ă.**
AR. **Тетрадрахма**, 12.61 гр. – 24 мм. – O/10.
НБРМ, 2013/1/3.
SNG Milano 643.
Павловска 2017, 191, бр. **4**.

220. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, долу монограм **Ă**, бордура од точки.
AR. **Тетрадрахма,** 12.69 гр. – 23 мм. – O/9.
НБРМ, 2013/1/4.
Павловска 2008, бр. 81.
Павловска 2017, 191, бр. **5**.

221. Ав. Исто.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, исто, под подигнатата нога монограм **Ă.**
AR. **Тетрадрахма,** 12.73 гр. – 23 мм. – O/1.
НБРМ, 2013/1/5.
SNG Oxford 3369-3370; Павловска 2008, бр. 83.
Павловска 2017, 191, бр. **6**.

222. Ав. Глава на Атена, надесно, носи коринтски шлем со перјаница, околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ со узда оди надесно, под подигнатата нога монограм **Ă** , врз линија, околу бордура од точки.
AR. **Дидрахма**, 6.27 гр. – 18 мм. – O/9.
НБРМ, 2013/1/1.
SNG Oxford, 3371.
Павловска 2017, 191, бр. **7**.

223. Ав. Глава на Атена со шлем со три перјаници, во ¾ анфас, налево, околу бордура од точки.
Рев. AϒΔΩΛE●N-T●Σ, коњ со узда во од, надесно, околу бордура од точки.
AR. **Драхма**, 3.03гр. – 14 мм. – O/2.
НБРМ, 2013/1/6.
Павловска 2008, бр. 86-90.
Павловска 2017, 191, бр. **8**.

ЛЕОНТ (278–250 п.н.е.)

224. Ав. Глава на Дионис со бршленов венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ [ΛΕ●ΝΤ●Σ], лав трча надесно, главата му е налево.
АЕ. Бронза, 7.80 гр. – 21 мм. – О/5.
НБРМ, 2005/2/25.
Павловска 2008, бр. 115.

225. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕ●ΝΤ●Σ, исто.
АЕ. Бронза, 7.70 гр. – 21.5 мм. – О/10.
НБРМ, 2004/4/14.
Павловска 2008, бр. 116.
Кол. Шелдаров 779.

226. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕ●ΝΤ●Σ, исто.
АЕ. Бронза, 7.73 гр. – 21 мм. – О/2.
НБРМ, 2007/1/52.
Павловска 2008, бр. 117.

227. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕ●ΝΤ●Σ, исто, протом на лав, надесно, главата му е налево, во полето горе лево ѕвезда.
АЕ. Бронза, 4.87 гр. – 15 мм. – О/2.
НБРМ, 2007/1/53.
Gaebler 1935, 206 no.1.
Павловска 2008, бр. 118.

228. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕ●ΝΤ●Σ, исто, во полето горе лево ѕвезда.
АЕ. Бронза, 3.29 гр. – 15 мм. – О/9.
НБРМ, 2004/4/15.
Gaebler 1935, 206 no.1.
МПИ 19; Кол. Шелдаров 780; Павловска 2008, бр. 119.

229. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ [ΛΕ]●ΝΤ●Σ, исто.
АЕ. Бронза, 3.95 гр. – 18 мм. – О/9.
НБРМ, 2005/2/26.
Gaebler 1935, 206 no.1.
Павловска 2008, бр. 120.

230. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ [ΛΕ●ΝΤ●Σ], исто.
АЕ. Бронза, 4.16 гр. – 16 мм. – О/3.
НБРМ, 2004/4/16.
Gaebler 1935, 206 no.1.
Кол. Шелдаров 781; Павловска 2008, бр. 121.

231. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕ●ΝΤ●Σ, исто.
АЕ. Бронза, 2.56 гр. – 17 мм. – О/9.
НБРМ, 2004/4/17.
Gaebler 1935, 206 no.1.
Кол. Шелдаров 782; Павловска 2008, бр. 122.

232. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕ●ΝΤ●Σ, исто.
АЕ. Бронза, 4.88 гр. – 16 мм. – О/9.
НБРМ, 2004/4/18.
Павловска 2008, бр. 123.

233. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕ●ΝΤ●Σ, исто.
АЕ. Бронза, 2.06 гр. – 12 мм. – О/2.
НБРМ, 2004/4/19.
Павловска 2008, бр. 124.
Кол. Шелдаров 783.

234. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕ●ΝΤ●Σ, исто, во полето десно суровица (?)
АЕ. Бронза, 1.82 гр. – 13 мм. – О/-.
Кол. Шелдаров.
Кол. Шелдаров 784.

235. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕ●ΝΤ●Σ, исто, во полето горе лево ѕвезда.
АЕ. Бронза, 2.44 гр. – 14 мм. – О/-.
ОУНМСН, А/НУ – 1306.
Gaebler 1935, 206 no.1
Драги Митревски 2016, стр. 12, бр. 8.

236. Ав. Исто.
Рев. ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕ●ΝΤ●Σ, исто, без ѕвезда.
АЕ. Бронза, 2.44 гр. – 14 мм. – О/-.
ФФС, 2017.
Кол. Шелдаров 783.
Скопје, 8 миленниуми, 2019, стр. 151, бр. 2.

ДРОПИОН (250–230 год. п.н.е.)

237. Ав. Глава на Зевс со дабов венец, надесно, околу бордура од точки.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, молња во централниот дел, долу монограм .
АЕ. Бронза, 6.21 гр. – 24 мм. – О/10.
НБРМ, 2007/1/55.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 125.

238. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 6.82 гр. – 24 мм. – О/3.
НБРМ, 2004/4/23.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 126.

239. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 5.95 гр. – 19 мм. – О/7.
НБРМ, 2000/23/30/9.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 127; Josifovski 2000, no. 23.

240. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 5.87 гр. – 19 мм. – О/4.
НБРМ, 2003/1/25/5.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 128.

241. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 5.81 гр. – 21 мм. – О/3.
НБРМ, 2005/2/13.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 129.

242. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 5.67 гр. – 18 мм. – О/10.
НБРМ, 2003/1/25/6.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 130.

243. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 5.44 гр. – 18.5 мм. – О/1.
НБРМ, 2003/1/25/3.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 131.

244. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 5.37 гр. – 18 мм. – О/5.
НБРМ, 2000/40/1/2.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 132.

245. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 5.20 гр. – 20 мм. – О/10.
НБРМ, 2005/2/18.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 133.

246. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 5.05 гр. – 20 мм. – О/8.
НБРМ, 2008/1/8.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 134.

247. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.78 гр. – 20 мм. – О/12.
НБРМ, 1999/11/2.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 135; Josifovki 2000, no.4.

248. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.76 гр. – 19 мм. – О/3.
НБРМ, 2008/1/12.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 136.

249. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.75 гр. – 19 мм. – О/3.
НБРМ, 2000/23/30/2.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 137; Josifovki 2000, no.21.

250. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.70 гр. – 19 мм. – О/2.
НБРМ, 2000/23/30/7.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 138.

251. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.55 гр. – 18 мм. – О/2.
НБРМ, 2000/40/1/4.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 139.

252. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.53 гр. – 20 мм. – О/1.
НБРМ, 2008/1/6.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 140.

253. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.53 гр. – 19 мм. – О/1.
НБРМ, 2000/23/30/1.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 141; Josifovki 2000, no. 15.

254. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.53 гр. – 19 мм. – О/9.
НБРМ, 2000/23/30/8.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 142.

255. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.48 гр. – 18 мм. – О/3
НБРМ, 2005/2/11.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 143.

256. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.43 гр. – 18 мм. – О/3.
НБРМ, 1999/11/2/2.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 144; Josifovki 2000, no. 2.

257. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.42 гр. – 18 мм. – О/3
НБРМ, 2000/1/3/1.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 145; Josifovki 2000, no. 33.

258. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.40 гр. – 17 мм. – О/6.
НБРМ, 2000/1/4/1.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 146; Josifovki 2000, no. 34.

259. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.39 гр. – 19 мм. – О/3.
НБРМ, 2000/23/7/3.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 147.

260. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.38 гр. – 18 мм. – О/1.
НБРМ, 2000/11/6.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 148.

261. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.34 гр. – 19 мм. – О/6.
НБРМ, 1999/49/3/4.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 149; Josifovki 2000, no. 13; МПИ 21.

262. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.23 гр. – 17 мм. – О/6.
НБРМ, 2004/4/25.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 150.

263. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.22 гр. – 19 мм. – О/4.
НБРМ, 2008/1/9.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 151.

264. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.20 гр. – 20 мм. – О/11.
НБРМ, 2008/1/10.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 152.

265. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.20 гр. – 19 мм. – О/1.
НБРМ, 2000/40/1/3.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 153.

266. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.19 гр. – 17.5 мм. – О/6.
НБРМ, 2001/11/9.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 154.

267. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.17 гр. – 17 мм. – О/2.
НБРМ, 2005/2/23.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 155.

268. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.16 гр. – 18 мм. – О/1.
НБРМ, 2000/23/30/10.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 156; Josifovski 2000, no. 29.

269. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.14 гр. – 18 мм. – О/4.
НБРМ, 2005/2/12.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 157.

270. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.13 гр. – 20 мм. – О/6.
НБРМ, 2000/23/8.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 158.

271. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.15 гр. – 17.5 мм. – О/3.
НБРМ, 2001/13/6.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 159.

272. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.09 гр. – 17 мм. – О/6.
НБРМ, 2000/23/7/4.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 160; Josifovski 2000, no. 16.

273. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.02 гр. – 21 мм. – О/12.
НБРМ, 1999/36/4.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 161; Josifovski 2000, no. 15.

274. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.01 гр. – 17 мм. – О/2.
НБРМ, 2000/23/8/4.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 162; Josifovski 2000, no. 22.

275. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.92 гр. – 19 мм. – О/7.
НБРМ, 2005/2/19.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 163.

276. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.91 гр. – 19 мм. – О/6.
НБРМ, 2000/23/8/3.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 164.

277. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.90 гр. – 20 мм. – О/1.
НБРМ, 2008/1/5.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 165.

278. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.86 гр. – 18 мм. – О/9.
НБРМ, 1999/49/3/7.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 166; Josifovski 2000, no. 11.

279. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.86 гр. – 18 мм. – О/6.
НБРМ, 2004/4/24.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 167.

280. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.85 гр. – 17 мм. – О/2.
НБРМ, 2005/2/24.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 168.

281. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.88 гр. – 19 мм. – О/8.
НБРМ, 2002/1/56.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 169.

282. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.81 гр. – 18 мм. – О/6.
НБРМ, 1999/49/3/6.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 170.

283. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.78 гр. – 19 мм. – О/2.
НБРМ, 1999/49/3/3.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 171; Josifovski 2000, no. 10.

284. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.77 гр. – 17 мм. – О/11.
НБРМ, 2005/2/21.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 172.

285. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.77 гр. – 18 мм. – О/3.
НБРМ, 1999/49/3/1.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 173; Josifovski 2000, no. 7.

286. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.76 гр. – 18 мм. – О/3.
НБРМ, 2004/4/21.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 174; Кол. Шелдаров 786.

287. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.76 гр. – 18 мм. – О/7.
НБРМ, 2008/1/11.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 175.

288. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.75 гр. – 18 мм. – О/7.
НБРМ, 1999/49/3/5.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 176; Josifovski 2000, no. 8.

289. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.75 гр. – 17 мм. – О/3.
НБРМ, 2000/23/30/3.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 177; Josifovski 2000, no. 25.

290. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.70 гр. – 20 мм. – О/2.
НБРМ, 2000/23/30/4.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 178.

291. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.70 гр. – 19 мм. – О/10.
НБРМ, 2008/1/7.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 179.

292. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.69 гр. – 18 мм. – О/6.
НБРМ, 2004/4/22.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 180; Кол. Шелдаров 785.

293. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.69 гр. – 20 мм. – О/1.
НБРМ, 2008/1/7.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 181.

294. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.67 гр. – 17 мм. – О/4.
НБРМ, 2005/2/14.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 182.

295. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.66 гр. – 19 мм. – О/1.
НБРМ, 1999/11/1/2.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 183.

296. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.65 гр. – 18 мм. – О/3.
НБРМ, 2005/2/10.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 184.

297. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.62 гр. – 20 мм. – О/2.
НБРМ, 2005/1/19.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 185.

298. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.56 гр. – 19 мм. – О/2.
НБРМ, 2000/40/1.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 186.

299. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.53 гр. – 18 мм. – О/12.
НБРМ, 2005/2/22.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 187.

300. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.56 гр. – 17 мм. – О/3.
НБРМ, 2001/13/5.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 188.

301. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.51 гр. – 21 мм. – О/9.
НБРМ, 2000/23/30/6.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 189.

302. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.49 гр. – 19 мм. – О/8.
НБРМ, 2005/1/20.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 190.

303. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.48 гр. – 18 мм. – О/10.
НБРМ, 2000/23/8.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 191.

304. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.48 гр. – 18 мм. – О/2.
НБРМ, 1999/11/1/1.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 192; МПИ 20.

305. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.42 гр. – 17 мм. – О/3.
НБРМ, 2005/2/20.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 193.

306. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.42 гр. – 17 мм. – О/11.
НБРМ, 2000/5/9.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 194; Josifovski 2000, no. 35.

307. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.39 гр. – 19 мм. – О/9.
НБРМ, 1999/36/4/2.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 195; Josifovski 2000, no. 6.

308. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.36 гр. – 19 мм. – О/9.
НБРМ, 2003/1/25.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 196.

309. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.36 гр. – 18 мм. – О/3.
НБРМ, 2005/2/16.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 197.

310. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.28 гр. – 19 мм. – О/9.
НБРМ, 2003/12/3/2.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 198.

311. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.27 гр. – 19.5 мм. – О/9.
НБРМ, 2003/1/25/2.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 199.

312. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.21 гр. – 19 мм. – О/10.
НБРМ, 2000/23/30/5.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 200; Josifovski 2000, no. 26.

313. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.21 гр. – 18 мм. – О/1.
НБРМ, 2000/23/7/2.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 201.

314. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.20 гр. – 17 мм. – О/5.
НБРМ, 2003/2/3/1.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 202.

315. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.17 гр. – 17 мм. – О/10.
НБРМ, 2008/1/14.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 203.

316. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.17 гр. – 18 мм. – О/12.
НБРМ, 2008/1/13.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 204.

317. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.12 гр. – 15 мм. – О/12.
НБРМ, 2008/1/15.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 205.

318. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.11 гр. – 19 мм. – О/9.
НБРМ, 1999/49/3/2.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 206.

319. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.14 гр. – 20 мм. – О/3.
НБРМ, 2001/13/7.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 207.

320. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.10 гр. – 19 мм. – О/11.
НБРМ, 2003/2/17.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 208.

321. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.03 гр. – 17 мм. – О/4.
НБРМ, 2005/2/15.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 209.

322. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.03 гр. – 18 мм. – О/9.
НБРМ, 2000/7/4.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 210.

323. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 3.01 гр. – 19 мм. – О/11.
НБРМ, 2003/12/3.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 211.

324. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 2.95 гр. – 17.8 мм. – О/6.
ОБ, 04/7/11.
Head 1911, 237.
ОБ Кол., 119.

325. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 2.92 гр. – 19.9 мм. – О/10.
НБРМ, 2003/1/25/4.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 212.

326. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 2.75 гр. – 18 мм. – О/1.
НБРМ, 2007/1/56.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 213.

327. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 2.71 гр. – 15 мм. – О/4.
НБРМ, 2005/2/9.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 214.

328. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 2.64 гр. – 18 мм. – О/7.
НБРМ, 2007/1/57.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 215.

329. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 2.63 гр. – 16 мм. – О/4.
НБРМ, 2007/1/54.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 216.

330. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 2.50 гр. – 18 мм. – О/6.
НБРМ, 2000/23/7.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 217; Josifovski 2000, no. 17.

331. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 2.33 гр. – 17 мм. – О/11.
НБРМ, 1999/81/4.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 218; Josifovski 2000, no. 1.

332. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.82 гр. – 19 мм. – О/3.
АММ, 302.
Head 1911, 237.
Петрова 1994а, 49-56, бр. 1.

333. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 2.83 гр. – 18 мм. – О/12.
АММ, 301.
Head 1911, 237.
Петрова 1994а, 49-56, бр. 2.

334. Ав. Машка глава (Дропион?) со долга коса и тенија, околу бордура од точки.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 2.68 гр. – 18 мм. – О/10.
НБРМ, 2005/2/17
Head 1911, 237. Павловска 2008, бр. 219.

335. Ав. Коринтски шлем со перјаница, надесно, околу бордура од точки.
Рев. [Π]ΑΙΟΝ[ΩΝ], исто.
АЕ. Бронза, 2.63 гр. – 16 мм. – О/4.
НБРМ, 2003/1/26.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 220.

336. Ав. Исто.
Рев. [ΠΑΙΟΝΩΝ], исто.
АЕ. Бронза, 3.49 гр. – 15 мм. – О/7.
НБРМ, 2004/4/20.
Head 1911, 237.
Павловска 2008, бр. 221.

337. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.17 гр. – 16.5 мм. – О/3.
Кол. Шелдаров.
Кол. Шелдаров, 787.

338. Ав. Глава на Зевс со дабов венец, надесно.
Рев. ΠΑΙΟΝ[ΩΝ], молња, исто.
АЕ. Бронза, 3.34 гр. – 19 мм. – О/3.
АММ.
Head 1911, 237. Павловска 2017, 201 бр. 1.

339. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝ[ΩΝ], исто.
АЕ. Бронза, 5.30 гр. – 21 мм. – О/1.
АММ.
Head 1911, 237.
Павловска 2017, 201 бр. 2.

340. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝ[ΩΝ], исто.
АЕ. Бронза, 6.11 гр. – 21 мм. – О/10..
АММ.
Head 1911, 237.
Павловска 2017, 201 бр. 3.

341. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝ[ΩΝ], исто.
АЕ. Бронза, 4.20 гр. – 19 мм. – О/4.
АММ.
Head 1911, 237.
Павловска 2017, 201 бр. 4.

342. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝ[ΩΝ], исто.
АЕ. Бронза, 4.04 гр. – 19 мм. – О/12.
АММ.
Head 1911, 237.
Павловска 2017, 201 бр. 5

343. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝ[ΩΝ], исто.
АЕ. Бронза, 3.69 гр. – 18 мм. – О/11.
АММ.
Head 1911, 237.
Павловска 2017, 201 бр. 6.

344. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝ[ΩΝ], исто.
АЕ. Бронза, 4.22 гр. – 17 мм. – О/6.
АММ.
Head 1911, 237.
Павловска 2017, 201 бр. 7.

345. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝ[ΩΝ], исто.
АЕ. Бронза, 3.84 гр. – 19 мм. – О/2.
АММ.
Head 1911, 237.
Павловска 2017, 201 бр. 8.

346. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝ[ΩΝ], исто.
АЕ. Бронза, 4.87 гр. – 18 мм. – О/3.
АММ.
Head 1911, 237.
Павловска 2017, 201 бр. 9.

347. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.06 гр. – 17 мм. – О/3.
ФФС .
Head 1911, 237.
(необјавена).

348. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, долу монограм; преков контра марка - Пан како подига трофеј.
АЕ. Бронза, 5.06 гр. – 17 мм. – О/12.
ФФС.
МН 2005, бр.26, 75-80.

349. Ав. Исто.
Рев. ΠΑΙΟΝΩΝ, исто.
АЕ. Бронза, 4.14 гр. – 19 мм. – О/12
А/НУ – 675.
ОУНМСН.
Head 1911, 237.
(необјавена).

ДАМАСТИОН (395–330 год. п.н.е.)

350. Ав. Глава на Аполон со ловоров венец, налево.
Рев. ΔΑΜΑ/ΣΤΙΝΩ, троножец, ногарките завршуваат со лавовски шепи.
AR. **Тетрадрахма**, 13.29 гр. – 22 мм. – О/9.
НБРМ, 1999/1/2.
May, 48, no. 6.
Павловска 2008, бр. 222; МПИ 4.

351. Ав. Исто, надесно.
Рев. ΔΑΜΑ/ΣΤΙΝΩ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 13.40 гр. – 25 мм. – О/?.
МП инв. бр. 3011.
May, 75, no. 44.
Павловска 2017, 233, бр. 257.

352. Ав. Глава на Дионис со бршленов венец (?), налево.
Рев. ΔΑΜΑ/ΣΤΙΝΩΝ, исто.
AR. **Тетрадрахма**, 12.80 гр. – 26 мм. – О/7.
НБРМ, 2005/2/53.
May 1939, 111, no. 71a.
Павловска 2008, бр. 226.

353. Ав. Женска глава со мрежа за коса, со ѓердан и со обетка, налево,
околу бордура од точки.
Рев. ΔΑΜΑΣΤΙΝΩΝ, ингот.
AR. **Драхма**, 3.11 гр. – 17 мм. – О/3.
НБРМ, 2008/1/16.
May 1939, 102, no. 13c.
Павловска 2008, бр. 225.

354. Ав. Исто без бордура.
Рев. [ΔΑΜΑΣ]ΤΙΝΩ, исто, кадукеј во централниот дел.
AR. **Драхма**, 2.73 гр. – 14 мм. – О/6.
НБРМ, 2001/9/6/5.
May 1939, 131, no. 24a.
Павловска 2008, бр. 227; МПИ 5; Кол. Шелдаров 64.

355. Ав. Исто.
Рев. ΔΑΜΑΣΤΙΝΩ, исто, кадукеј во централниот дел.
AR. **Драхма**, 2.78 гр. – 16 мм. – О/12.
НБРМ, 2002/1/52/2.
May 1939, 131, no. 24a.
Павловска 2008, бр. 228.

356. Ав. Исто.
Рев. [ΔΑ]ΜΑ[ΣΤΙΝΩ], исто, кадукеј во централниот дел.
AR. **Драхма**, 1.78 гр. – 15 мм. – О/6.
НБРМ, 2008/1/17.
May 1939, 131, no. 24a.
Павловска 2008, бр. 229.

357. Ав. Исто.
Рев. ΔΑΜΑΣΤΙΝΩ, исто.
AR. **Драхма**, 2.95 гр. – 16 мм. – О/2.
НБРМ, 2003/4/1/.
May 1939, 133, no. 30.
Павловска 2008, бр. 230.

358. Ав. Исто.
Рев. [ΔΑΜΑΣΤΙΝΩ], исто.
AR. **Драхма**, 2.65 гр. – 16 мм. – О/2.
May 1939, 102, no. 13c.
AMM 2015. Тиб. 0045/015.

359. Ав. Глава на Аполон со ловоров венец, налево.
Рев. ΔΑΜ/[Α]ΣΤΙ, троножец.
AR. **Тетробол,** 2.18 гр. – 13 мм. – О/5.
НБРМ, 2008/1/18.
May 1939. Павловска 2008, бр. 223.

360. Ав. Исто.
Рев. ΔΑΜ[Α]/[Σ]ΤΙΝΩ, исто.
AR. **Тетробол,** 2.07 гр. – 14 мм. – О/7.
НБРМ, 2008/1/19.
May 1939, 79, 5-6 (ав. Надесно).
Павловска 2008, бр. 224.

361. Ав. Исто.
Рев. ΔΑ-ΜΑ-[Σ]ΤΙ-ΩΝ, рударски чекан, надесно.
AR. **Тетробол,** 1.87 гр. – 12.5 мм. – О/9.
НБРМ, 2001/9/6.
May 1939, 136, 17(ав.), 24(рев.).
Павловска 2008, бр. 231; МПИ 6; Кол. Шелдаров 65.

362. Ав. Исто.
Рев. ΔΑ[Μ]-Α-ΣΤ-ΙΝΩ, исто, налево.
AR. **Тетробол,** 2.01 гр. – 12.5 мм. – О/6.
НБРМ, 2001/9/6/2.
May 1939, 19 (само ав.).
Павловска 2008, бр. 232; МПИ 8; Кол. Шелдаров 67.

363. Ав. Исто.
Рев. Δ-Α[Μ]/[Α]-ΣΤ[Ι]/[Ν-ΩΝ], исто.
AR. **Тетробол,** 1.86 гр. – 14 мм. – О/4.
НБРМ, 2008/1/20.
May 1939, 136, no.19 (само ав.).
Павловска 2008, бр. 233.

364. Ав. Исто.
Рев. ΔΑ-ΜΑ-ΣΤ, исто, надесно, покрај него кадукеј.
AR. **Тетробол,** 1.82 гр. – 14 мм. – О/12.
НБРМ, 2001/9/6/3.
May 1939, 136, 18 – 19.
Павловска 2008, бр. 234; МПИ 7; Кол. Шелдаров 66.

365. Ав. Исто.
Рв. Δ-ΑΜ/ΑΣ-ΤΙ/-[Ν]-Ω[Ν], исто, налево, во полето свастика.
AR. **Тетробол,** 1.33 гр. – 12.5 мм. – О/6.
НБРМ, 2002/1/52-1
May 134, 12 (само рев.).
Павловска 2008, бр. 235.

366. Ав. Женска глава со мрежа за коса (?) надесно, околу бордура од точки.
Рев. ΔΑΜ (ретроградно) ΑΣ-ΤΙ/ΝΩΝ, исто, налево, во средината свастика.
AR. **Тетробол**, 1.79 гр. – 13 мм. – О/2.
НБРМ, 2008/3/3.
May 1939, 135, no. 15 (ав.), 134, no 1 (рев.).
Павловска 2008, бр. 225.

367. Ав. Глава на Аполон со ловоров венец, надесно.
Рев. ΔΑΜ/[Α]ΣΤΙ, рударски чекан, надесно.
AR. **Тетробол(?),** --- гр. – 14 мм.
Необјавена.
Монетата е од село Стенче, Тетово и најверојатно се наоѓа во музејот во Тетово. Благодареност до проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс за информацијата.

ПЕЛАГИЈА (ок. 325/20–ок. 310 год. п.н.е.)

368. Ав. Глава на Аполон со ловоров венец, налево.
Рев. ΠΕΛΛ – ΓΙΤΛ , (ретроградно), нереален троножец, горе месечев срп, десно нож.
AR. **Тетрадрахма**, 11.60 гр. – 24 мм. – О/5.
НБРМ, 2008/1/21.
May 1939, 175, no. 6b.
Павловска 2008, бр. 236.

369. Ав. Исто.
Рев. [?] Λ исто, околу бордура од точки.
AR. **Тетрадрахма**, 9.44 гр. – 24 мм. – О/9.
НБРМ, 2008/1/22.
May 1939, 176, no. 7e.
Павловска 2008, бр. 237.

370. Ав. Глава на херакле со лавовска кожа и рогови, надесно.
Рев. Λ исто, без бордура.
AR. **Триобол**, 1.30 гр. – 17 мм. – О/7.
НБРМ, 2008/1/23
May 1939, 186, no. 22 (Т:3.39 г.).
Павловска 2008, бр. 238.

КРАТЕНКИ:

АЕ – бронза
AR – сребро
Ав – аверс
Рев – реверс
гр- грам
мм – милиметри
О – оска
Л – лево
Д – десно
вар. – варијанта

ОБ – Охридска Банка
Кол. – Колекција
МПИ – Македонија парите и историјата
НБРМ – Народна Банка на Република Македонија
АММ – Археолошки музеј на Македонија
ФФС – Филозофски Факултет Скопје
МНГ – Македонски нумизматички гласник
ММЦ – Монетите на македонските цареа
НУМГ – Национална Установа Музеј Гевгелија
ОУНМСН – Општинска Установа Народен Музеј Свети Николе
НУМВ – Национална Установа Музеј Велес

BMC – British museum catalogue of Greek coins;
BMC Mac – British museum catalogue (Macedonia)
GMW – *Griechische Münzen in Winterthur,* Hansjörg Bloesch, Band I-II. Winterthur 1987.
SNG – Sylloge Nummorum Graecorum
SNG ANS – Sylloge Nummorum Graecorum, American Numismatic Society
SNG, Cop – Sylloge Nummorum Graecorum, Copenhagen
SNG Ash – Sylloge Nummorum Graecorum, Ahmolean Museum, Oxford.

Т. I

1 2 3 4 5

6 7 8 9 10

11 12 13 14 15

Т. II

16

17

18

19

20



21 22 23 24 25

26 27 28 29 30

Т. III

31

32

33

34

35

36

37

38



39

40



41

42

43

Т. IV

44

45

46

47

48

49

50

51

52

53

54

55

56

57

58

Т. V



59 60 61 62 63

64 65 66 67 68

69 70 71 72 73

T. VI

74

75

76

77

78

79

80

81

82

83


84

85

86

87

88

89

Т. VII

90

91

92

93

94

95

97



98

99

100

101

102

103

104

105

Т. VIII

106 107 108 109 110 111

112 113 114 115 116 117

118 119 120 121 122 123

Т. IX

124

125

126

127

128

129

130

131

132

133

134

135

136

137

138

139

140

141

Т. X

142 143 144 145 146 147 148

155 156 157 158 159 160

161 162 163 164 165 166 167

Т. XI

168

169

170

172

173

174

175

176

177

178

179

180

181

182

183

184

Т. XII

185

186

187

188

189

190

191

192

193

194

195

196

197

198

199

200

201

202

Т. XIII

203 204 205 206 207 208

209 210 211 212 213 214

215 216 217

Т. XIV

218 219 220 221 222 223

224 225 226 227 228

229 230 231 232 233

Т. XV

234

235

236

237

238

239

240

241

242

243

244

245

246

247

Т. XVI

248 249 250 251 252 253

254 255 256 257 258 259

260 261 262 263 264 265

Т. XVII

266 267 268 269 270 271

272 273 274 275 276 277

278 279 280 281 282 283

Т. XVIII

284 285 286 287 288 289

290 291 292 293 294 295

296 297 298 299 300 301

Т. XIX

302

303

304

305

306

307



308

309

310

311

312

313



314

315

316

317


318

319

Т. XX

320 321 322 323 324 325

326 327 328 329 330 331

332 333 334 335 336 337

Т. XXI

347

348

349

350

351

352

353

354

355

356

357

358

359

360

Т. XXII

361

362

363

364

365

366

367

368

369

370

МАКЕДОНСКАТА СТРАТЕГИЈА ПАЈОНИЈА

Виктор Лилчиќ Адамс

I ВОВЕД

Кога и како независното кралство Пајонија станало составен дел на античкото кралство Македонија, под називот Стратегија Пајонија? Одговорот на ова прашање е несомнено поврзан со осознавање на карактерот и функцијата на големиот број археолошки локалитети во широкиот простор на горното течение на реката Аксиј / Вардар, долината на реката Астибос / Брегалница, долното течение на реката Еригон / Црна Река, и горното течение на реката Струмешница.

Историските извори како значаен сегмент од проблемот беа елаборирани најмногу од страна на професор д-р Фанула Папазоглу.[1] Археолошките истражувања беа реализирани најмногу од страна на професорите Иван Микулчиќ и Виктор Лилчиќ Адамс, со соработниците, во последните децении на XX век и првите две децении од XXI век. Значајни се и резултатите од поголем број археолошки истражувања на разни авторитети кои истражувале поедини локалитети, и чиишто податоци ќе бидат наведени во овој труд. Во овој контекст би нагласил дека ниту еден од авторитетите археолози, па ниту И. Микулчиќ, не се занимавале, ниту пак активно се занимаваат специјално со темата за македонската стратегија Пајонија. И. Микулчиќ се концентрираше на пајонските градови, обидувајќи се да ги убицира на терен малкуте од нив што се споменати во историските извори.[2] Ми беше големо задоволство што активно го придружував и му асистирав на терените од август 1975, некаде до 1993 година. Можам да кажам дека во 1994 година се заинтересирав за проблемот на експанзијата на античкото кралство Македонија кон север. Работејќи со мојот колега и пријател Никола Шелдаров на текстот за студијата *Кралевите на античкото кралство Македонија и нивните монети во Република Македонија*, ме заинтригира немањето археолошки податоци за анектирањето на античкото кралство Пајонија кон античкото кралство Македонија од страна на кралот Филип V.[3] Во текот на наредните две децении сериозно се посветив на теренските истражувања, така што до денес успеав да ги посетам, да ги истражам со методот на археолошкото рекогносцирање и да ги документирам сите, или речиси сите фортификации од раната антика на наведената територија.[4]

---

[1] Папазоглу Ф., 1957; Papazoglu F., 1965; Papazoglou F., 1988.

[2] Микулчиќ, И. 1999, како и голем број студии поврзани со територијата на Пајонија.

[3] Шелдаров Н, Лилчиќ (Адамс) В., 1994.

[4] Со мене беа, или ми помогнаа посредно или непосредно, многу колеги археолози, пријатели; членовите на моето најблиско семејство – мојата сопруга Јелена Лилчиќ (археолог), мојот сега покоен син Саша

Моите истражувања во континуитет од 1975 година до денес беа претежно исцрпувачки, како во физичка смисла на долгите марширања, приоѓања, искачувања на големиот број ридести, планински позиции каде што се наоѓаат утврдените градови и кастели, така и во поглед на самата методологија на документирањето на фортификациските рамки и објекти. Тоа беа, и сè уште се, беспоштедни битки за пристигање на археолошкиот „мегдан“, битки со дивата вегетација, со буквално пролевање крв на секој локалитет, така што не можам да се согласам со лефтерната констатација на В. Соколовска, дека „ [...] во најново време В. Лилчиќ го обиколил регионот [...] “[5]. Освен тоа, јас и археолозите со кои „војувавме“, и оние кои останаа да „војуваат“ со мене, ја имаме реалната опсервација на состојбите на локалитетите со цивилизациски карактер; слободно можам да кажам дека спасуваме голем број движни наоди од терените каде евидентно се зголемува бројот на дупките од страна на илегалните трагачи, чиј број од ден на ден расте.

Поголемиот број антички градови споменати во историските извори се оптимално убицирани. Освен тоа познати се и античките магистрални и споредни патишта. Имајќи ги предвид резултатите од моите истражувања во текот на неколку последни децении на оваа тема, тука ќе презентирам една ограничена, засега прелиминарна слика на темата македонска стратегија Пајонија.

На просторот на Пајонија во периодот на последните две децении од III и првата половина од II век пред н.е. се случувале големи промени. Животот на пајонските заедници бил испрекинуван: најнапред, уште на почетокот од III век пред н.е. навлегле Келтите; константно се случувале нападите на Дарданците од север, а од североисток

Лилчиќ (археолог). Благодарам на колегите професори д–р Антонио Јакимовски, д–р Марјан Јованов, на голем број соработници археолози и други колеги. Благодарам на конкретна или логистичка поддршка на: Трифун Костовски, Ѓунер Исмаил, Стевче Јакимовски, Благоја Стефановски, Цоне Крстевски, Никола Груевски, Паско Кузман. Благодарам на моќните археолошки професионалци, моите соработници на теренските истражувања: Игор Ширтовски (археолог), м–р Александар Илиевски (археолог), Јовица Илиев (археолог), Петар Ристовски (археолог), Горан Тренески (археолог). Благодарам на поддршката од страна на Министерството за култура речиси секоја година, до 2019 година.
Благодарам на Џули Бубев, Живан Рендев, Пете Радев, Александар Пасков, Горан Тренески, Димитри Морарцалиев, како и поголема група Македонци од Австралија и светот кои ја овозможија неопходната поддршка за теренски проверки и истражувања на нашиот Алфа археолошки тим кој реализира редовни, речиси целогодишни археолошки истражувачки теренски експедиции во текот на 2020 и 2021.

[5] На Соколовска В., 2014, 16, очигледно методот на археолошко рекогносцирање не ѝ е доволно познат, што е нормално бидејќи никогаш не рекогносцирала вистински. Во оваа конотација слободен сум да забележам дека рекогносцирањата не се лефтерна, како што таа ја замислува и квалификува, *обиколка на регионот*, туку станува збор за темелна и сериозна археолошка активност во која што го вложив целиот мој живот и во која што водев и сè уште водам екстремно напорни, тешки истражувачки битки со локалните селски и планински приодни патишта, височините, вегетацијата, климата и т.н., за истражување и документирање на недвижните и движните остатоци на терен. Резултатите од рекогносцирањата претставуваат не само праг, туку и воведен ходник кон ископувањата: врз база на резултатите од рекогносцирањата може да се согледаат состојбите на територии, градови, утврдувања и т.н.; да се потпираат или негираат податоците од историските извори. Рекогносцирањата се релативно поефтини археолошки активности од археолошките ископувања; освен тоа, во состојбите кога веќе половина век во Македонија се трага, се открива и се разнебитува археолошкото наследство од страна на илегални трагачи, секоја археолошка акција со рекогносцирање е добредојдена да спаси и да го зачува за науката и културата она што останало на површината во длабочина до 25 сантиметри. За жал, како археолошка фела далеку потфрливме во изминатите пет децении на ова поле, при што може да се рече дека многу битки се загубени.

на Медите, кои аспирирале да ја заземат Пајонија. Но, да ги погледаме состојбите на терен.

Најнапред изнесувам список на антигонидски и други фортификации во поедини пајонски области со кус коментар за нивниот распоред, функции и улоги во одредени моменти од IV, III и II век пред н.е.[6]

Во овој текст ги претставувам сите најзначајни познати фортификации, поретко и населбите од отворен тип, долж позначајните патни комуникации, оние што биле во некаков контекст со патот, реката и блиска поголема фортификација. Ги опишувам двете патни траси што воделе долж двата брега на реката Аксиј / Вардар, потоа патот долж реката Еригон / Црна Река, патот долж Беловодичка Река кон Пелагонија, патот долж реката Бабуна, патот од валандовскиот крај преку струмичко, радовишко кон градот Астибос / Штип (карта, сл. 1). Следејќи ги патиштата, јасно е дека некои од фортификациите излегуваат од рамките на древната македонска стратегија Пајонија.

II ДОЛИНАТА НА РЕКАТА АКСИЈ / ВАРДАР

Антигонидски, можни антигонидски кастели / бази и други утврдувања на десниот брег на Аксиј, од Гевгелија – Демир Капија - Тремник

1. Вардарски Рид, КО Гевгелија, град Гортинија
2. Туфка, КО Смоквица
3. Мрамор, КО Милетково
4. Раклата, КО Давидово
5. Градиште Голема Јаворица, КО Демир Капија
6. Кула над Постралец и Дол Постралец, КО Демир Капија
7. Клисурско Маало / Бања / Болница, КО Демир Капија, Град Стена
8. Рамниште, КО Демир Капија
9. Горни Краставец, КО Демир Капија

Прастар магистрален пат водел долж десниот (западниот) брег на реката Аксиј / Вардар, од Гевгелија на север, при што од областа Амфакситида низ Демиркаписката Клисура, кај Демир Капија, патот влегувал во Пајонија.

Уште на почетокот од патот во Република Македонија, на **Вардарски Рид, Гевгелија** израснал голем антички град, со зачетоци од доцниот бронзен период.[7] Неговата максимална површина мерела околу 14.8 хектари. Градот бил систематски истражуван од 1995 година, со прекини, до околу 2000 година.[8]

Д. Митревски регистрирал четири фази на обнова на животот на Вардарски Рид во текот на III и II век пред н.е., со тоа што најстарата од овие фази страдала во пожар, а во слојот биле откриени монети на Деметриј I Полиоркет и Антигон Гоната.[9] Во текот на истражувањата биле откриени повеќе монети на кралевите Филип V и Персеј,

[6] Карактерот на овој труд не дозволува истите да ги претставам детално. Но, целата оваа материја ќе биде публикувана во студијата: В. Л. Адамс, Античка цивилизација на Македонија во раниот и средниот македонски период (VII–II век пред н.е.).

[7] Митревски Д., 2001; Ристов К., 2004, 66-71.

[8] Митревски Д. и коавтори, 2005.

[9] Митревски Д., 2001, 37.



Сл. 1. Карта на македонската стратегија Пајонија.

Сл. 2. Теснецот Демир Капија, од запад.

како и на полуавтономните области и градови под Филип V и Персеј; Амфипол, Пела, Тесалоника, како и монети на римскиот квестор Гај Тамиј Публилиј.[10]

Според овие наоди сметам дека е и повеќе од очигледно дека Филип V го користел градот Гортинија како стартна база во експедициите на десниот брег на Аксиј кон север.

Наредниот локалитет на 13 км на север од Вардарски Рид, долж десниот брег на Вардар, е ридот **Туфка, Смоквица**. Неговата местоположба, непосредно на брегот на реката, очигледно укажува на функција поврзана со патната магистрала. Со археолошките истражувања на локалитетот се регистрирани два културни хоризонти: населба од енеолитот и раното бронзено време, со обнова во железното време со егзистенција до II век пред н.е.[11] Потврда за тоа наоѓаме во литературата, преку монетите на Филип V, Персеј и Тибериј (14–37).[12]

На 2.8 км северно од Туфка се наоѓа локалитетот **Мрамор, Милетково**. Тука на две ниски благи возвишенија била евидентирана една мала крајпатна населба од рамничарски тип, со забележена егзистенција од крајот на VI век пред н.е., до крајот на антиката.[13] Во литературата се споменуваат наодите на монети на Пела (2), автономна Македонија (1) под Филип V и Персеј, како и монети на Тесалоника (Нерва/Трајан, Домицијан, Гордијан) и Хадријан (117–138). Во 2013 година Е. Сламков истражувал остатоци од римски домус со триклиниум од IV век н.е.[14] Очигледно оформувањето и егзистенцијата на населба на Мрамор се должи на магистралниот пат што водел долж десниот брег на Вардар; меѓутоа, сите досегашни сознанија изнесени во стручната литература за овој локалитет не делуваат сериозно во контекст на основните елементи на еден антички / раноантички град (акропола со најмалку едно подградие, на подоминантна местоположба, поинтензивен културен хоризонт и т.н.) за да се поверува во идејата на В. Соколовска за убикација на античкиот град Идомене на овој локалитет.[15]

Понатаму, на околу 8 км, од Мрамор, Милетково на север, патот влегува во 17 километри долгата Демиркаписка Клисура. На околу 2.8 км западно од селото Градец, реката Вардар доаѓа од запад, удира во карпестиот масив на Ветерник, и прави голема, речиси кружна кривина. На десниот брег на Вардар, на почетокот на кривината, се наоѓа ниско ридче **Раклата, Давидово**. Ридчето било просечено на јужната страна за локалниот пат Демир Капија – Давидово. На неговите падини, како и на рамнината источно се наоѓаат фрагменти садова керамика од раната антика.

Понатаму на север, на самата утока на Голема Јаворица во Аксиј/Вардар, на ридот помеѓу реките, во II век бил оформен кастел на локалитетот **Градиште Голема Јаворица, Демир Капија**. При нашите истражувања откривме монета на Амфипол од времето на Филип V и Персеј. Во литературата се забележани монетите на Касандар (1), Филип V (3) и Персеј (5).[16] Очигледно е дека станува збор за македонски кастел, што мо-

[10] Хусеновски Б., 2004, 36-46.

[11] Ристов К., 2004, 107-110; Винчиќ Ж., Ивановски М., 1996, 105.

[12] Шелдаров Н., 2003, броеви: 561, 609, 297; Шелдаров Н., 2013, броеви: 33, 198.

[13] Ристов К., 2004, 83-86.

[14] Сламков Е., 2008, 160-165.

[15] Соколовска В., 2011, 25 и на др. места.

[16] Шелдаров Н., 2003, броеви: 499, 555, 565, 582, 603, 623; Шелдаров Н., 2013, броеви: 52, 65, 66, 138, 200.

жеби бил оформен уште во втората половина од IV век пред н.е., меѓутоа бил многу поинтензивно користен од кралевите Филип V и Персеј, судејќи според наведените монети. Античкиот македонски кастел на утоката на Голема Јаворица во Вардар бил оформен за контрола и на алтернативниот пат што водел угоре по долинката на реката Калица, од нејзиниот влив во Петрушка река, преку превојот Ушите, горниот тек на Мала Јаворица, превојот Варница и долж Драговски Дол се спуштал по реката Голема Јаворица до Вардар.

Понатаму на северозапад, на 3.7 км патот доаѓа до Маркова Чешма. Од тука патот се двоел. Магистралата со мака се провирала помеѓу карпите и брегот на Вардар, додека алтернативен пат водел наугоре на превојот Долни Краставец, од каде се спуштал по долот Постралец преку Пештера над Постралец и влегувал во античкиот град Стена на локалитетот Клисурско Маало / Бања / Болница, Демир Капија. За одбележување е дека на целата падина од превојот Долни Краставец кон запад (кон Маркова Чешма) се гледаат остатоци од крајпатна населба, фрагменти керамика; меѓутоа, истата слика може да се види и околу патот на источната страна, долж долот Постралец. Долот Постралец на јужната страна, како и влезот на реката Вардар во клисурата и тесниот пат изделкан во карпите на нејзиниот десен брег, бил контролиран со тврдината **Кула над Постралец**. Тврдината имала постара раноантичка фаза врз која била изградена доцноантичка фортификација.[17]

Градот Стена бил расположен на просторот на **Клисурско Маало / Бања / Болница, Демир Капија**, што значи во аголот на вливот помеѓу реката Бошава и реката Вардар, а на површина од околу 10/11 хектари. Првата планиметрија во литературата ја публикувал д–р Халд.[18] Нередниот план на градот го изработил И. Микулчиќ.[19] Во литературата се споменати монети откривани на просторот на Клисурско Маало, Демир Капија на македонските кралеви: Филип II, Антигон Гоната, автономна Македонија под Филип V и Персеј,[20] како и монета на Персеј.[21] Не е јасно дали монетите се откриени на просторот на градот на Клисурско Маало или на источниот раб на Клисурско Маало, околу ритчето Манастир и на падините на Долот Постралец. Во градот Стена (градот кај тесninата)[22] беа вршени археолошки сондирања од страна на В. Соколовска, А. Јакимовски и М. Јованов. Во последно време станува јасно дека Аргеадите долго време, уште од кралот Александар I, низ V и IV век го држеле Демиркапискиот теснец во свои раце. Иста состојба воочуваме и под Антигонидите, при што особено се ангажирал Деметриј I, додека Антигон Гоната и особено Филип V и Персеј ја користеле Демир Капија како база за дејствијата далеку на север.

Потребата за контрола на Демир Каписката Клисура била толку голема, што во антиката на десниот брег биле запоседнати неколку позиции, од Илимов Рид, Оризари преку Пенов Камен, Ароплано, Рамниште[23] и Горни Краставец.[24]

---

[17] Микулчиќ И., 1988-1989, 77-78.
[18] Hald, 2017.
[19] Микулчиќ И., 1988/89; Микулчиќ И., 1999, 177.
[20] Шелдаров Н., 2003, броеви: 369, 388, 415, 521, 654.
[21] Шелдаров Н., 2013, број 54.
[22] Називот на градот дошол од στενός во значение: тесен, теснец, види кај: Senc S., 1919/1991, 859-860.
[23] Микулчиќ И., 1988-1989.

На доминантниот врв **Горни Краставец, Демир Капија**, највисоката точка на планинскиот карпест срт Краставец, во јули 2008 година открив и истражував значаен антички кастел подигнат од страна на војската на Деметриј I Полиоркет. Открив сребрена монета на Александар III (постхумен ков на градот Колофон во Јонија од 310–301), како и 4 монети на Деметриј I Полиоркет (македонски штит со монограмот на Деметриј во еписемата на аверсот, и македонски шлем со перјаница, со буквите ΒΑΙΣΙ на реверсот. Открив и дел од бронзен носач за рачка на војничко котле – лебес. Кастелот бил повторно користен во доцната антика судејќи според монетата на императорот Константин II (337–340).[25] Овој висок кастел – спекула (кота 899 м, 2 ха *intra muros* површина) чинел заеднички комплекс, заедно со воената база на локалитетот **Рамниште, Демир Капија**, што се наоѓа на само 1.5 км северозападно (кота 489 м, со intra muros површина: акропола 0.57 ха+јужен тракт 1.3 ха=1.87 ха).[26]

Алтернативен пат Прдејци – Илимов Рид, Оризари (Демир Капија)

10. Градиште Брест, КО Смоквица
11. Градиште, КО Габрово
12. Градиште Марков Манастир, КО Петрово
13. Грдишка Чука, КО Петрово
14. Калуѓерска Чука, КО Демир Капија
15. Илимов Рид, КО Чифлик / КО Демир Капија

Паралелно со магистралниот пат што водел непосредно долж десниот брег на Аксиј/Вардар, постоел западен, внатрешен / алтернативен пат што се одвојувал од брегот на просторот кај село Прдејци и водел на линијата Градиште, Смоквица – Градиште, Габрово, излегувал во долинката на Петрушка Река, од каде продолжувал угоре по Стара Река, под ридот Грдишка Чука, преку превојот Калуѓерски Чуки, кон селото Дрен и понатаму Чифлик, Илимов Рид, село Оризари и најпосле излегувал на Вардарската магистрала кај Демир Капија.

Градиште Брест, Смоквица претставува низок, но доминантен рид, на 2.38 км југозападно од селската црква на Смоквица (кота 269 м). Го посетив, истражував и документирав во 1989 и 2012. Се работи за раноантичко гратче со акропола (76x42 м, околу 0.34 ха) и јужно и западно подградие во подножјето на ридот, расположено на неколку хектари. На локалитетот евидентиравме делови и фрагменти од квалитетна раноантичка садова керамика. Според К. Ристов, кој ја публикуваше првата планиметрија на локалитетот, егзистенцијата датира уште во IX век пред н.е.[27] Во литературата се познати наоди на монети на Филип V (1), автономна Македонија (1), Пела (1) и Амфипол (1) под Филип V и Персеј.[28] Монетните наоди, како и доминантната местоположба на алтернативната патна траса Прдејци – Габрово – Стара Река – Калуѓерска Чука Дрен – Илимов Рид, Оризари, укажува на можна антигонидска воена единица во рамките на акрополата на Градиште Брест, Смоквица.

[24] Лилчиќ В., 2009/1.

[25] Лилчиќ (Адамс) В., 2008, 6-18.

[26] Лилчиќ (Адамс) В., 2008, 19-20.

[27] Ристов К. 2004, 104-107.

[28] Шелдаров Н., 2003, броеви: 20, 119, 545, 658.

Сл. 3. Горни Краставец, Демир Капија, од југоисток.

Сл. 4. Маркова Кула, Корешница / Челевец, поглед на тврдината и на Демир Капија, од североисток (фото со љубезноста на Орданчо Петров)

На 5.2 км северно с/з од Градиште Брест, Смоквица се наоѓа **Градиште, Габрово** (кота 313 м). На врвот од ридот во 2012 година документирав мала утврдена позиција, акрополно плато со заоблена форма големо 35x27 метри. На голем простор јужно и југозападно на благите падини кон Габрешка Река, се протега големо подградие, со остатоци од населба. Во литературата од овој локалитет се забележени наоди на монети на: Персеј (1),[29] Амфипол (2), Пела (1), Тесалоника (2), автономна Македонија (1) и на квесторот Гај Тамиј Публилиј (1).[30] К. Ристов го истражувал и документирал локалитетот и ја публикувал првата планиметрија на акрополата.[31]

Алтернативниот пат излегувал на Петрушка Река и заобиколувал околу ридот **Градиште Марков Манастир, Петрово**, на кој документирав доцноантички / рановизантиски кастел стража (10.05.1987). Во продолжение водел пат долж Стара Река на запад с/з, до теснецот кај составите на Крива Река со Стара Река и Дупињска Река, каде се наоѓа рид со карактеристично име Грдишка Чука накој што во две истражувачки посети не евидентиравме никакви културни остатоци. Претпоставувам дека на овој простор постои кастел со ова име, чија што позиција била погрешно запишана на топографската секција. Од тука патот водел на север, па на северозапад до планинскиот превој меѓу Калуѓерски Чуки и Средни Рид. На **Калуѓерска Чука, Демир Капија** (кота 737 м) документирав мал кастел стража, чијашто егзистенција датира, според наодите, од римскиот царски период и од доцната антика. Кастелот има компактна контура на внатрешни градби, опколени со одбранбен ѕид со приближна елипсовидна форма и големина од 68x33 м. Откривпосребрен антонинијан на императорот Проб (276–282), мала доцноантичка бронзена монета од IV век и бронзена статуетка на Хермес.[32]

Во продолжение патот се спуштал долж Дренска Река по селото Дрен. Кај селото Чифлик излегувал на реката Дошница, од каде заземал северен правец долж нејзиното течение, водејќи под западното подножје на **Илимов Рид, село Чифлик / Демир Капија**, во продолжение излегувал на магистралниот пат на Аксиј/Вардар. На Илимов Рид (кота 260) се наоѓа голема населба расположена на тераси околу централна акропола.[33] Во литературата се забележани монети на: Август (Амфипол), Тибериј (Диум-Пела), Тибериј (Едеса), Стоби (2), Веспазијан (Тесалоника) и Нерон.[34]

Забележуваме дека предложената алтернативна патна траса во првиот дел, во Амфакситида, поврзува две мали раноантички градчиња кај Смоквица и Габрово. Меѓутоа ве продолжението долж Стара Река, на локалитетите Градиште Марков Манастир и на Калуѓерска Чука се регистрирани подоцнежни културни хоризонти.

Постои уште една, поверојатна солуција за продолжението на алтернативниот пат Прдејци – Градиште Смоквица – Градиште Габрово – утока на Стара Река и Калица во Петрушка Река. Имено патот во раната антика продолжувал од вливот на Калица по нејзината долинка на север с/з, преку превојот Ушите, горниот тек на Мала Јаворица, превојот Варница и долж Драговски Дол се спуштал по реката Голема Јаворица до Вар-

[29] Шелдаров Н., 2013, бр. 56.
[30] Шелдаров Н., 2003, броеви: 17, 51, 117, 241, 273, 684, 699.
[31] Ристов К., 2004, 61-64.
[32] Лилчиќ (Адамс) В., 2008, 21, 25-26. Н
[33] Голубовска Д., 1996, 237.
[34] Шелдаров Н., 2003, броеви: 53, 75, 81, 173, 175, 312, 728.

дар, каде што бил заштитуван со кастелот на локалитетот Градиште Голема Јаворица, КО Демир Капија.

Антигонидски, можни антигонидски, и други крајпатни кастели и бази, на левиот брег на Аксиј, од село Богородица – Демир Капија

16. Кофилак, КО Богородичин Рид
17. Градиште, КО Ѓавото
18. Глоска Чука, КО Грчиште
19. Исар, КО Марвинци, град Идомене
20. Удовски Рид, КО Градец (кота 223 м)
21. Кула Камен, КО Градец (кота 220 м)
22. Челевечко Кале, КО Челевец, Стрезов Град / Град Просек
23. Маркова Кула / Јуручки Камен, КО Корешница / КО Челевец

Сега ќе го следиме патот што водел долж левиот брег на Аксиј / Вардар во областа Амфакситида, делот во Република Македонија. Гледано според карактерот на археолошките локалитети, на овој простор водела значајна античка патна магистрала. На почетокот се наоѓа локалитетот **Кофилак / Богородичин Рид, Богородица**, (кота 117 м) крајпатен кастел од преодниот период од бронзеното во железното време. Кастелот се наоѓа на 800 метри источно од градот на Вардарски Рид, Гевгелија, отспротива реката Вардар. Според Д. Митревски, материјалната култура откриена на Кофилак, (истражувања 1955), има релации со стратиграфијата на Вардарски Рид.[35] Кастелот на ридот Кофилак претставува мало плато на врвот од ридот, големо 40х8 м утврдено со масивен одбранбен бедем (премер 28. 03. 2012).

Наредниот значаен локалитет е кастелот од архајскиот период на локалитетот **Градиште, Ѓавото** (кота 127 м.) на 5.8 км. северно од Кофилак, Богородица. Ридот Градиште, на северната периферија на селото Ѓавото, се наднесува над тесниот простор меѓу планинскиот масив и коритото на Вардар. На врвот во 2012 година истражував и документирав моќна фортификација. Било утврдено плато со издолжена правоаголна форма, големо 115х33 метри, со сувозид, со широчина што варира од 2.90-3.15 метри. Не е познато во стручната литература.

На 3.6 км северно од Градиште, Ѓавото се наоѓа **Глоска Чука / Прдејска Чука, Грчиште**. Значајна утврдена населба со егзистенција од крајот на бронзеното време железното време во текот на раната антика,[36] односно во текот на Републиканскиот период. На врвот на ридот било посебно утврдено акрополно плато, големо 60х45 метри. Северно под акрополата се распознаваат две станбени тераси кои што заокружуваат околу акрополата на запад и на североисток (премер 09.04.2000). Вкупната станбена површина мери приближно околу 3 хектари. На локалитетот се забележени монети на Ореските (520–480) и Пела.[37] Во Археолошката збирка на Филозофскиот факултет во Скопје се наоѓаат монети на: Персеј (2), монета со претстава на Херакле/лав со суровица под нозете и сребрен републикански денар. Двете монети на Персеј делуваат некако осамено среде останатите наоди и засега не упатуваат на идејата дека Антигонидите се заинтересирале посебно за контролата на ова место.

[35] Митревски Д., 2001, 14, фот. 4; Винчиќ Ж. и коавтори, 1996, 95.
[36] Ристов К., 2004, 71-75. Blaževska S., Pavlovski G., 2008, 1-15.
[37] Шелдаров Н., 2003, броеви: 96, 154.

На 6.5 км северно од Глоска Чука, Грчиште се наоѓа локалитетот **Исар, Марвинци, антички град Идомене**. Долгата историја на теренските истражувања на градот ги опфаќа Б. Јосифовска Драгојевиќ, И. Микулчиќ, В. Санев, В. Соколовска, В. Лилчиќ Адамс, Ц. Крстевски, А. Јакимовски, З. Видевски, Г. Микулчиќ, Г. Карапетков, Д. Митревски, С. Темов, К. Ристов, како и други колеги археолози. Градот се состоел од долга акропола со три северни североисточни станбени подградија. На јужната страна на акрополата, однадвор во римско време бил оформен мал кастрон со функција за контрола на патните коридори и се разбира на локалните жители.[38]

Во остатоците на градот на Исар, Марвинци во текот на последните седум децении, од неговото прво археолошко нотирање, биле ископани огромен број движни артефакти, меѓу нив и монети. Меѓу нив посебно внимание привлекува оставата од 20 бронзени монети, од кои 19 монети се на македонскиот крал Филип V, а монетата бр. 19 не можела да се идентификува, иако држи претпоставката дека и таа му припаѓа на Филип V. Среде оставата се истакнуваат големите бронзи со претставите Хелиј/молња во дабов венец, како и брадест Херакле/меч харпа во дабов венец.[39]

На 10 км северно од Исар, Марвинци, патот долж левиот брег на Вардар, кај селото Удово, влегува во Демиркаписката Клисура. Над самиот влез, малку пред утоката на Аразлиска Река во Вардар, се издига **Удовски Рид, Градец** (кота 223 м). Врвот на ридот претставува зарамнето плато со приближно триаголна форма, во раната антика заштитено со одбранбен бедем (129х62 м.). Регистриравме остатоци од југоисточна станбена тераса. Во поново време бил просечен пат и поставени три антени за мобилни телефони на платото.[40]

На 2.8 км северно с/з од Удовски Рид, на местото каде планинскиот масив се наднесува над коритото на Вардар, на ридот **Кула Камен, Градец** (кота 220 м), што се издига веднаш над левиот брег на Муштеница Река, истражувавме и документиравме остатоци од објект. Ридот има издолжена форма со две височинки. Во минатото била искористена североисточната височинка на ридот на која се наоѓал објектот. Контурата на т.н. објект мери 22х15 метри, со издолжена ориентација запад-исток, благо искосена ј/з-с/и. Забележавме остатоци од покривни тегули и градежни тули. Би можело да се помисли на култен сакрален објект, меѓутоа со оглед на тоа што источниот ѕид е рамен како и врз база на споменатата стратегиска местоположба, на мислење сум дека се работи за остатоци на кула за контрола на теснецот покрај коритото на Вардар. Впрочем, истата ситуација ја согледуваме на поголем број локалитети (веќе опишаното Градиште, Ѓавато; Кула, Згрополци; Пченични Дупки, Демир Капија или на пример Кулиште Св. Размо Долни Лакочерej и т.н.).

Во продолжение на околу 1.5 км се наоѓа селото Градец, расположено воглавно на левиот брег на Градешка Река, пред нејзиниот влив во Вардар. Од ова место, долж Градешка Река на север преку Градешка Планина водел прастар пат во соседната долина на Лакавица, што на пристигањето во долината бил заштитуван од утврдувањата Долна Кула и Горна Кула, Конче. Меѓутоа, останува нејасно на што се должат имињата

[38] Види го описот на остатоците на градот на Исар, Марвинци кај: Микулчиќ И., 1999, 23-30, кој се заложил за убикација на градот Гортинија на овој локалитет; Ристов К., 2004, 78-83.

[39] Šeldarov N., 1996, 41-43, T. I-II.

[40] Локалитетот не е регистриран во стручната литература.

Сл. 5. Маркова Кула, Корешница / Челевец, поглед на
челниот ѕид на североисточната кула (ископувања на О. Петров).

Сл. 6. Градиште Чаир Рид, Тремник, од исток.

на: селото Градец, на Градешка Река и на Градешка Планина, бидејќи досегашните истражувања не посочија / откриja ниту еден локалитет – фортификација во околината на селото од кој што би потекнале споменатите називи; а логично е, аналогно на дури двете фортификации од страната на Конче, да се очекува барем една фортификација некаде кај Градец на Вардар. Во овој контекст би го споменал локалитетот Градиште, село Градец, споменат кај И. Микулчиќ.[41] По детално пребарување на посочената локација, 3 км западно од селото Градец, на ридовите Ветерник и Штудер, на десниот брег на Вардар, не успеавме да го откриеме локалитетот за кој пишува И. Микулчиќ.

Од просторот на Градец патот водел на запад до подножјето на карпестиот рид **Кале, Челевец, Стрезов Град / Град Просек.** На врвот (кота 355 м) уште И. Микулчиќ истражуваше и документираше остатоци од сложена фортификација од доцната антика и средниот век.[42] Од 2015-2018, и од 2020-2021 година, О. Петров реализира систематски археолошки истражувања, при што откри ранохристијанска и средновековна црква со некропола, како и дел од обsидијата со објекти и две кули.[43] Досега на овој локалитет не се евидентирани постари културни хоризонти. Останува сведоштвото на жителот на Демир Капија, Методија „Оџата“ со кого го посетив локалитетот во 2011, дека во неговите млади години на јужната страна на малото акрополно плато на самиот врв на тврдината стоел одбранбен ѕид конструиран со масивни камени блокови, слични на оние на Маркова Кула / Јуручки Камен, Корешница.

Од подножјето на Кале Челевец, патот се искачувал за околу 600 метри до седлестиот превој на сртот Ќунци (што се протега северно од Калето), се спуштал, ја минувал долинката Челевечка Река, и за 1.2 км се искачувал до седлестиот превој на кој води патот за селото Челевец, од каде се спуштал кон левиот брег на реката Вардар. Од Челевечкиот превој по карпестиот срт на југозапад југ, на 620 метри се доаѓа до кастелот Маркова Кула / Јуручки Камен, Корешница / Челевец.

Антигонидски бази и кастели и други фортификации долж десниот брег на Аксиј, од Демир Капија до Велешко Кале, Велес на север

24. Пченични Дупки, КО Демир Капија
25. Градиште Чаир Рид, КО Тремник
26. Градиште, КО Неготино, Антигонеја
27. Пусто Градско, КО Градско, Стоби
28. Свети Илија, КО Виничани
29. Видинград, КО Водоврати, град АРГОС
30. Градиште, КО Згрополци, Гурбита
31. Кале, КО Згрополци
32. Острец, КО Згрополци

На 4.45 км западно од Демир Капија, долж автопатот кон Неготино, на местото каде што реката Вардар го допира ридестиот масив, се наоѓа ниското ридче **Пченични**

[41] Mikulčić I., 1976, Gradec, Gradishte, 59. Описот на овој локалитет е навистина импресивен: *Gradec Mac.* (*Youg., Mac., Valandovo*) *IXf Loc. 'Gradište', montagne élevée, à 3 km à l'O du village. Sommet entouré d'une muraille et couvert de nombreux tessons, de poterie et de pierres. Castellum romain de basse époque contrôlant la grande route Stobi-Thessalonique.*

[42] Микулчиќ И., 1988-1989, 73, 74, 76, 82 план на фортификацијата. Види и Mikulčić I., 2002, 331.

[43] Петров О., 2021.

Дупки (кота 126 м; 41° 25.029' 21° 12.305'; КО Демир Капија, КП 1175/1 Споменик), за жал со пресечен јужен дел во рамките на градежните активности на пробивањето на новиот магистрален пат Е-75. На блага падина кон брегот на Вардар, при оформување на потпорен ѕид и пропуст за вода, бил пресечен објект кој што В. Соколовска го интерпретира како светилиште посветено на Диоскурите. Таа открила и растурено депо од 200 бронзени монети од кои ги идентификувала градовите Амфипол, Тесалоника, како и автономна Македонија под Филип V и Персеј.[44] Во литературата се познати три бронзени монети на Персеј од истиот локалитет.[45] Очигледно е дека на ридчето бил оформен мал антигонидски кастел стража за контрола на теснината помеѓу речното корито и ридестиот масив на југ.

На околу 7 км по автопатот на северозапад се наоѓа **Градиште Чаир Рид, Тремник**. Локалитетот го интерпретираше И. Микулчиќ во 1984 година како мала земјоделска населба од доцнохеленистичко време (Среден македонски период, заб. В. Л. А.) која што скромно егзистирала до доцната антика.[46] И. Микулчиќ забележал обнова на акрополата со посебни ѕидови на површина од околу 1.5 ха, во Средниот македонски период.[47] Од литературата дознаваме дека на Градиште Чаир Рид, Тремник, биле откриени монети на полуавтономните градови под Филип V и Персеј: Амфипол (2), Пела (2), потоа монета на градот Стоби, монета на римскиот квестор Лукиј Фулкиниј, како и монета на Марк Аврелиј (161–180).[48] Во рамките на археолошките сондирања на локалитетот, А. Јакимовски и М. Јованов откриле монета на Филип V. Согласно овие податоци можеме да претпоставиме дека Филип V бил тој кој поставил македонски воени единици во акрополата на Чаир Рид, Тремник, што значи во рамките на пајонската населба на истиот локалитет, состојби какви што забележав и на други локалитети во Пајонија.

Наредниот антигонидски проект очигледно била воена база на **Градиште, Неготино, античкиот град Антигонеја**. Остатоците од овој древен пајонски град со егзистенцијален континуитет од архајскиот период до 6. век н.е., се наоѓаат на 7.8 км северно с/з од Градиште Чаир Рид, Тремник. Прв ги истражувавше и убицираше професор И. Микулчиќ,[49] а подоцна се организирани систематски археолошки ископувања под раководство на Г. Санев. Од публикуваните извештаи за откриените монетни наоди на локалитетот, во сезоните 2009–2011, 2012 и 2013-2017, публикувани од страна на С. Битрак, Н. Секунда и В. Бриловски,[50] дознаваме за времето на интензивните егзистенцијални хоризонти и тоа во раниот Македонски период (монети на Акант и Потидаја), потоа доминираат монетите на македонските кралеви (Аминта III, Александар III, Касандар, Антигон Гоната (1 монета), Деметриј II (1 монета), Филип V и Персеј (околу 19 монети), како и повеќе примероци на монети на автономна Македонија под Филип V и Персеј. За одбележување се и монетите на римските квестори: Гај Тамиј Публилиј (168–166) и Лукиј Фулкиниј (168–166). Во продолжение, авторите на овие извештаи пуб-

[44] Првите истражувања ги направила Соколовска В., 1974, 267-278; Соколовска В., 1914, 47-49.

[45] Шелдаров Н., 2013, броеви: 148, 150, 197.

[46] Микулчиќ И., 1984, 132, опис на планот на населбата од 126-132, план сл. 5.

[47] Микулчиќ И., 1984, 129-130.

[48] Шелдаров Н., 2003, броеви: 23, 40, 141, 150, 172, 709, 737.

[49] Микулчиќ И., 1984.

[50] Bitrak, S., Sekunda N. V., 2015: 345-356, Plates 50-54; Bitrak, S., Brillowski W., Sekunda N. V., 2017: 481-493, Plates 55-63; Bitrak, S., Brillowski W., Sekunda N. V., 2018: 389-398, Plates 47-52.

Сл. 7. Градиште, Неготино, военостратегиска база / град Антигонеја, од југ.



Сл. 8. Пусто Градско, Градско, кастел / град Стоби, план И. Микулчиќ.

ликуваат монети низ периодот на римската република, потоа римскиот царски период сè до доцната антика, при што се гледаат монети на римските цареви Домицијан, Веспазијан, монети на ковницата Стоби, потоа на царевите Аврелијан од III век и Аркадиј од доцниот IV век н.е. Со нашите поранешни истражувања откривме и половинка монета од VI век н.е., апоен од 16 нумии.

Очигледната концентрација на монетите на Филип V и Персеј на Градиште, Неготино, како и монетите на автономна Македонија под двата крала, но и монетите на градовите Пела, Амфипол и Тесалоника, наспроти само една монета на Антигон Гоната, посочува на значењето што Филип V му го дал на нискиот, но доминантен рид Градиште, Неготино, што се издига над десниот брег на реката Аксиј/Вардар. Тука била значајна крстосница на Вардарскиот пат со попречните патишта, на запад кон градот Аударист и Пелагонија, на исток преку Серта кон градот Астибос (Штип) или Астрајон / Тибериопол (Струмица).

На 11.8 км северозападно од Антигонеја, кај утоката на реката Еригон во Аксиј / Вардар се наоѓа локалитетот **Пусто Градско, Градско, античкиот град Стоби**. Токму тука постоел премин од десниот на левиот брег на Аксиј.

Првиот план на градот Стоби во литературата го публикувал Л. Азе.[51] Прва интерпретација на планиметријата на раноантичките културни хоризонти на градот Стоби во литературата претстави И. Микулчиќ.[52] Според неговите согледувања, најстарите сè уште скромни остатоци во Стоби датираат од VII–VI век пред н.е., следат неколку осамени наоди од V–III век пред н.е., за во II век пред н.е да. се појават побројни наоди, според кои тој констатира дека *од тој момент ние денес можеме да го следиме раѓањето на Стоби*.[53] Според неговите пресметки населената површина од раната антика мерела приближно 2.5 ха.[54] При истражувањата на Домус Фулоника биле откриени гробовите бр. 312 (датиран во времето на Филип V) и гроб бр. 313 (монета Тесалоника под Рим /158-149/).[55] При истражувањата на палатата Перистерија биле откриени 4 гроба: бр. 99, гр. 100 (монета на Филип V), гр. 101 (монета на Филип V) и гр. 102 (монета на Филип V).[56] Освен тоа во сондите отворени на акрополното плато во северозападниот агол на Стоби биле откриени културни остатоци од II век пред н.е. датирани со монета на Филип V.[57] Со истражувањата на С. Блажевска и Г. Павловски, вкупниот број на гробовите од крајот на III и од II век пред н.е. се искачил на 15. Нивното резиме посочува на откриени монети на Филип V (3), Персеј (1) и Тесалоника под Филип V и Персеј (1).[58] Сумирајќи ги овие скромни наоди не можеме да не ја забележиме концентрацијата на монети на последните антигонидски кралеви, особено на кралот Филип V. Веројатно идните истражувања ќе докажат дека не е спорен пајонскиот состав на локалното население од крајот на III и во текот на II век пред н.е., меѓутоа, сметам дека токму Филип

[51] Heuzey L., 1876, plan E: Reconnaissance d'une partie du cours de l'Erigon et des ruines de Stobi.

[52] Микулчиќ И., 1985/2, 101-117.

[53] Микулчиќ И., 1985/2, 101.

[54] Микулчиќ И., 1985/2, 113.

[55] Микулчиќ И., 1985/2, 104, ф.н. 7; 106.

[56] Микулчиќ И., 1985/2, 110, ф.н. 16.

[57] Wiseman J. and Mano-Zissi Dj, Oct. 1972, 411-412.

[58] Блажевска С., Павловски Г., 2018, 32. Види и кај: Јовановска Б., 2014, Циркулација на монетите во античкиот град Стоби, магистерски труд, Филозофски факултет Скопје, Скопје 2015, 62-67, Т.: I-IV.

V му дал обновувачки егзистенцијален импулс на Стоби, со активната реализација на проектот македонска стратегија Пајонија. И очекувано е Филип V да лоцирал македонска воена единица во Стоби, имајќи ја предвид значајната крстосница на патиштата помеѓу Вардарскиот пат, патот кон Астибос долж долината на реката Брегалница на север/североисток и патот кон Аударист – Керамија, односно патот кон Пелагонија на запад.

Наспроти вливот на реката Астибос / Брегалница во Вардар, на 1.8 км западно ј/з од десниот брег на реката се наоѓа ридчето **Свети Илија, Винчани**. Овој значаен крајпатен кастел со intra muros површина од 2.3 ха поседува културни хоризонти од најмалку III/II век пред н.е. до VI век н.е.[59]

На 1.9 км југозападно од Свети Илија, се наоѓа локалитетот **Видинград, КО Водоврати, пајонскиот град Арг.** Локалитетот го посетила и опишала Б. Јосифовска Драгојевиќ, потоа го истражувал И. Микулчиќ,[60] а во поново време Д. Донев реализирал систематски истражувања со примена на современа методологија,[61] при што констатирал егзистенцијален континуитет од железното време во текот на целата античка епоха. Тој ја лоцирал местоположбата на ранохристијанската базилика во градот, како и неговата површина од 5 до 7-8 хектари. Д. Донев забележал поместување на јадрото на населбата во централниот дел, во доцниот македонски период, при што помислува дека причината можеби била колонизација на населбата во времето на Антигонидите.[62] Според Донев, причината на егзистенцијалниот континуитет низ целата антика, можеби се должел на постоење на локално пазариште и религиски центар,[63] на што би ја додал и респектабилната дистанца од 3 км, од магистралниот Вардарски пат, на линијата долж долинката на Водовратска Река. Оваа дистанца веројатно обезбедувала доволно време за повлекување на локалното население кон планинските пазуви, во случаите на варварските напади.

На 13 км северозападно од Стоби, на десниот брег на Аксиј се наоѓа гратчето Гурбита на локалитетот **Градиште, Згрополци**.[64] Во литературата се забележани наоди на монети на: кралот Антигон Гоната, потоа монетите на: Амфипол, Ботиаја, Пела, Тесалоника, автономна Македонија од времето на Филип V и Персеј, потоа на Персеј, потоа на квесторот Ајсилас (93-60) и ковницата Стоби.[65] Долго време не беше позната причината на оформувањето на гратчето на ридот Градиште на само 13 километри од Стоби. Притоа имаме предвид дека станува збор за куса дистанца што патниците ја минуваат за неколку часа и не би имале потреба да запрат да ноќеваат. Логично би било ноќта да ја минат во градот на Велешкото Кале, Велес. Меѓутоа, со откривањето на локалитетот Градиште, село Кочилари, на левиот брег на Вардар, и убицирањето на античкиот град Алмана на овој локалитет, стана јасно дека токму на просторот помеѓу двата града била преминувана реката Вардар.[66]

---

[59] Mikulčić, I. 2002, 441-442.
[60] Mikulčić, I. 2002, 442-443.
[61] Донев Д., 2018, 51-78; Донев Д., 2020, 345-378.
[62] Донев Д., 2018, 64-65.
[63] Донев Д., 2018, 66.
[64] Микулчиќ И., 1999: 153-154.
[65] Шелдаров Н., 2003, броевите: 25-26, 43, 59, 62, 106-107, 120-122, 185, 195, 245, 249, 528, 622, 656, 687, 723.
[66] Lilcik (Adams) V., 2010.

Сл. 9. Поглед на Градиште, Згрополци, кастел / град Гурбита и Градиште, Кочилари, од југ.

Сл. 10. Кале Бели Рид, Калањево, од југоисток.

На 2.16 км воздушна линија северозападно од Градиште, Згрополци, се наоѓа ридот **Кале, Згрополци** (кота 213 м). Станува збор за широко плато издигнато 50 метри над подножјето. Ридот се наоѓа пред теснецот помеѓу ридестиот масив јужно и коритото на Вардар, низ кој минувал патот кон Гурбита. Платото има издолжена форма со површина од 3.5 ха. Било утврдено со сувосид по рабовите на западната, северната и источната страна. На јужната страна бил подигнат помасивен одбранбен sид со контури на два влеза и контури на триаголна југозападна кула, како и фоса со протеихизма. Источниот влез е вовлечен, западниот бранет со внатрешна кула. Регистиравме два културни хоризонти: постар од VI/V век пред н.е. (дно од питос, рачка од сад, пајонско-македонски бронзен приврзок форма на бокалче-тип кана) и помлад од доцноантичкиот IV век н.е. (2 монети).

На соседниот рид на запад, **Острец, Згрополци** (кота 232 м), документиравме фортифициран комплекс составен од акропола (0.32 ха) и северно подградие (0.49 ха), на вкупна површина од 0.81 ха. Во западниот агол на акрополата документиравме контури на кружна кула (дијаметар околу 12 метри). Движните наоди укажуваат на три културни хоризонти: утврден пајонски кастел на целата опишана површина посведочен со деловите и фрагментите на садовата керамика откриена на површината како и два бронзени предмети; и кружна кула на римската републиканска војска, посведочена со 7 римски републикански монети, од кои 5 се на квесторот Гај Тамиј Публилиј (168-166); откриени се и 2 бронзени монети на Тесалоника под Филип V и Персеј. На северната падина откриена е монета, антониниjан на римскиот император Аурелијан (270-275). И ова утврдување, како и претходното, било наменето за контрола на патната магистрала долж десниот брег на реката Аксиј / Вардар, која што на југозапад влегувала во споменатиот теснец.

Антигонидски бази, кастели и други тврдини долж левиот брег на Аксиј / Вардар: Корешница – Кочилари

23. Маркова Кула, КО Корешница / КО Челевец
33. Кула, КО Корешница
34. Марков Град, КО Корешница
35. Кале Бели Рид, КО Калањево / КО Иберли
36. Градиште Рид, КО Војшанци
37. Белата Земја Трнче, КО Пепелиште
38. Вршник Плоча, КО Цидимирци
39. Столот – Чардак (Уланци), КО Цидимирци
40. Топот, КО Уланци
41. Градиште КО Кочилари, град Алмана
42. Асарлак, Кочилари, воен логор на Персеј

Најстарите антигонидски фортификации во средното Повардарје ги подигнал македонскиот крал Деметриј I околу Демир Капија, веројатно со цел за одбрана од Келтскиот пробив од 279 година пред н.е. Неговата војска била сместена во кастелот **Маркова Кула, село Корешница** на левиот брег на Вардар, во моќната македонска воено-стратегиска база што претходно ја изградиле Аргеадите.[67] Но, неговата војска од ос-

[67] Откривме монети на Александар I, Аминта III, Александар III; Касандар, Деметриј I, како и тетрадрахма на Патрај.

нова изградила две фортификации: воената база на Рамниште, Демир Капија и кастелот спекула на Горни Краставец, Демир Капија.[68]

Концентрацијата на монетите на кралевите Александар I, Пердика II, Аминта III, Филип II на локалитетот **Марков Град, Корешница**,[69] како и на кралот Филип II од градот Стена на локалитетот Клисурско Маало, Демир Капија,[70] ја потврдува грижата и залагањето на Аргеадите околу заштитата на Демиркапискиот теснец.

Демиркапискиот теснец бил долго време во текот на раната антика (V–III век пред н.е.) контактна зона помеѓу независните Пајонци на север и Македонците на југ, меѓутоа по Келтскиот пробив во 279 година пред н.е, а особено по загинувањето на кралот Деметриј II во 229 година пред н.е., било очигледно дека Македонија нема долго да опстане доколку не организира цврста контрола на долината на Аксиј. Токму тоа го сторил младиот македонски крал Филип V кон крајот на III век пред н.е., а неговите напори за одржување на цивилизацискиот ред и мир во македонската стратегија Пајонија со уште поголеми усилби и залагања ги продолжил неговиот син Персеј во продолжението низ првата половина од II век пред н.е.

Недалеку на север од Демиркапискиот теснец, на **Бели Рид, Калањево / Иберли** се наоѓа антигонидскиот кастел Кале, Калањево. Кастелот има приближно правоаголна форма со една полукружна одбранбена кула на источниот фронтален ѕид. Одбранбениот сувоѕид е маркантен, се наѕира влез на средина на јужната страна. Откривме делови од дно од амфора. За жал на теренот се забележуваат остатоци од многу илегални дупки.[71]

Кралот Филип V посветил внимание и на контролата на патот долж левиот брег на Аксиј/Вардар, на потегот од Демир Капија преку селата Бистренци, Војшанци, Пепелиште, Џидимирци до Уланци. Позначајни се остатоците на утврдувањето на **Градиште Војшанци** (кота 153 м),[72] каде од литературата дознаваме за откриени монети на: Филип V, Персеј, автономна Македонија под Филип V и Персеј, Пела, но како што е очекувано и на римскиот квестор Гај Тамиј.[73]

Наредната населена агломерација е локалитетот **Белата Земја Трнче, Пепелиште**. Локалитетот претставува голема населба од отворен тип со егзистенција од предисторијата, низ антиката и средниот век.[74] Местоположбата на населбата, отспротива градот Антигонеја на Градиште Неготино, е слична како и таа кај градот на Исар, Марвинци и населбата на Градишор, Мрамор, Милетково, или пак населбата на левиот брег на Вардар отспротива градот Стоби. Претпоставувам дека населбата на Белата Земја Трнче егзистирала, како од патот долж левиот брег на Вардар, така и од преминот на реката на ова место.

---

[68] За сите види Лилчиќ (Адамс) В., 2008.

[69] Шелдаров Н., 2003, броевите: 349, 353, 365, 400.

[70] Шелдаров Н., 2003, броевите: 369, 388, 415.

[71] Локалниот говедар Блаже од Калањево кај некои луѓе што ги сретнал на локалитетот, видел *бела пара со слика на орел*.

[72] Микулчиќ И., 1984, 132-135.

[73] Шелдаров Н., 2003, броевите: 110, 134, 544, 578, 620, 663, 707.

[74] Винчиќ Ж., Ивановски М., 1996, 235.



Сл. 11. Кале Бели Рид, Калањево, план В. Лилчиќ Адамс



Сл 12. Градиште, Војшанци, план И. Микулчиќ

Сл. 13. Градиште, Кочилари, град Алмана, од југоисток.



Сл. 14. Асарлак, Кочилари, план В. Лилчиќ Адамс.

Во продолжение, долж левиот брег на Вардар, на ридот **Вршник-Плоча, Цидимирци** спроти Стоби документирав мала антигонидска тврдина со остатоци на монети на Пела и Амфипол, како и оловен проектил со буквите M / NR.

Уште еден значаен антигонидски кастел подигнал Филип V на 1.7 км северозападно од Плоча Вршник, Цидимирци, на платото од ридот **Столот – Чардак, Уланци / Цидимирци**, врз постара населба од доцното бронзено време.[75] Во рамките на овие истражувања на локалитетот биле откриени 10 монети на Филип V и Персеј.

На ридот **Топот, КО Уланци,** што се издига над старата утока на реката Астибос во Вардар, се гледа едно тесно рамно плато со триаголна форма (1 хектар, големо 180x100 м), со контури на западна челна кула, и контури на објект или мал тумул на источниот дел. Платото исполнето со културен материјал, фрагменти садова керамика, што се гледаат и на терасестите падини на исток и југ. Д. Здравковски изнесе во литературата предлог за класификација на локалитетот како опидум од римско време, сè уште непроверен со било какво теренско истражување.[76]

Со површинските истражувања на **Градиште КО Кочилари (град Алмана)** документирав планиметрија и движни наоди на силен доцнобронзенодобен град. Нема културен хоризонт од првата половина од I милениум пред н.е., па ниту од V и IV век пред н.е. Дури кон крајот на III и во текот на првата половина од II век се случила обнова на гратчето, и тоа веројатно во обемот на акрополата. Се чини дека плиткото корито преку реката на просторот во југозападното подножје на Градиште, Кочилари, било користено и од страна на македонските кралеви Филип V и Персеј за военостратегиска намена. Сепак, потребни се систематски археолошки ископувања и публикувања на резултатите на двата локалитети за да дојдеме до поиздржани одговори. На локалитетот откривме монети на: Персеј (2), Пела (1) и Амфипол (1).

На локалитетот **Асарлак, Кочилари**, го убицирав воениот логор на кралот Персеј од пролетта 168 година, што тој го подигнал на брегот на реката Аксиј, во акцијата да ги ангажира Бастарните под Клондик за војната против Рим.[77] На локалитетот се откриени монети на: автономна Македонија под Филип V и Персеј (1), Пела (3), Тесалоника (2), Гај Тамиј Публилиј (2).

Антигонидски воени бази, кастели и други локалитети на десниот брег на Вардар, северно од Велес

43. Велешко Кале, КО Велес, град Билазора (?) или антигонидска воена база (?)
44. Корија, КО Раштани, воена база врз пајонска населба
45. Градиште, КО Рлевци / КО Слп, кастел, контрола на преминот Дурмишевец
46. Трска, КО Бузалково / КО Слп, воен логор за контрола и одбрана на Дурмишевец
47. Кале Влахчани, КО Слп, кастел за контрола на Белештевичкиот теснец
48. Кале, КО Слп, кастел (врз постар пајонски кастел) за контрола на патот
49. Цуцулигово, КО Карабуниште, кастел за контрола на превојот Петров Гроб

[75] Neidinger W. & Matthews, E. 1994.

[76] Здравковски Д., 1996, 84. Локалитетот го посетив само еднаш, во јули 2007, без да извршам истражување и премер.

[77] Lilcik (Adams), V. 2009/2, 467-472.

50. Градиште, КО Добрино, кастел (врз постар пајонски кастел) за контрола на патот кон Скопскиот Басен

Антигонидска база на Кале Башино село, и други локалитети на левиот брег на Вардар и долж Пчиња, северно од Велес до Катланово

51. Отовичко Кале, КО Башино Село, воена база, врз пајонска населба

52. Теќе, КО Башино Село, населба од архајски и класичен период

53. Кула Дабици, КО Новачани / КО Сопот, античка крајпатна населба

54. Кале, КО Сопот, две фази, архајски период, доцна антика

55. Градиште-Маркови Кули, КО Летевци, кастел Бедериана (?) (архајски период, класичен период – Пајонија, доцна антика, среден век)

56. Солиште, КО Летевци (архајски период, доцна антика)

Денес е веќе јасно, дека главните дардански, па и други варварски напади од север доаѓале токму по долината на реката Аксиј / Вардар. Археологијата во овој предел го фаворизираше магистралниот пат на линијата: Катланово – Бадер – Летевци, долж клисурата на реката Пчиња, нејзиното устие во Вардар – Сопот и понатаму долж левиот / источниот брег на Вардар. Денес, по обемните теренски истражувања и наоди, може да се рече дека овој пат егзистирал во архајскиот и класичниот период, потоа во доцната антика и средниот век. На овој правец се наоѓаат позначајните утврдувања: Дрма-Смрѓец, село Бадер,[78] Солиште, село Летевци,[79] Градиште Маркови Кули, село Летевци[80] и Кале, село Сопот, односно и Кула Дабици на граница меѓу Сопот и Новачани, како и Кале Башино Село, на крстосницата од која се одвојувал спореден пат на исток кон Овче Поле (преку денешните села Отовица, Сојаклари, Кумарино, Мамутчево, Милино, Ѓуземелци, Кнежје).

Истакнувам дека ова била патната магистрала забележена на Tabula Peutingeriana.[81] Ова е патна магистрала што ја форсирале Римјаните по нивните освојувања, и допрва треба да се докаже во кое време патот бил проектиран – обновен. Веројатно одговорот на ова прашање ќе го дадат истражувањата на пајонските населби и македонските утврдувања на западниот брег на Аксиј / Вардар. Според нашите истражувања напуштањето на раноантичкиот магистрален пат западно од Вардар, и форсирањето на источниот пат, датира некаде до крајот на II век пред н.е. Како изгледа веќе во текот на I век пред н.е. римските воени инжинери го обновуваат патот долж источниот брег на Вардар и долниот тек на Пчиња од нејзиниот влив до селото Бадер, со цел да го избегнат напорниот ридест предел западно од Вардар низ кој што егзистирала споменатата раноантичка патна магистрала, по која марширале римските легии до крајот на II век пред н.е.

Значи, со интензивните теренски истражувања во последната деценија, а особено во 2021 година, откривме дека во раната антика постоел сосема друг, непознат во

---

[78] Види ги резултатите од истражувањата на Angelovski B., Spasova D., Stančevski I., Denkovski K, 2017; Ангеловски Б., Спасова Д., 2018.

[79] Лилчиќ Адамс В., 2019.

[80] Лилчиќ Адамс В., 2019; Толевски И.,

[81] Микулчиќ И., 1999, 225-226, ја опишува трасата.

литературата магистрален пат на десниот / западен брег на реката Аксиј.[82] Трасата на овој пат воглавно водела од Велешко во Скопско долж следните позначајни фортификации: Велешко Кале, Велес – Корија, село Раштани – Кале Влахчани, село Слп – Кале, село Слп – Цуцулигово, село Карабуниште – Градиште, село Добрино – градот на Исар, село Студеничани.

Позначајните отклони од овој пат биле следните:

1. Таканаречениот Прилепски пат што водел од превојот Петров Гроб контролиран од кастелот на Цуцулигово Карабуниште, кон планинскиот премин Дурмишевец, каде бил бранет со антигонидскиот кастел (на Филип V и Персеј) на локалитетот Градиште село Рлевци, како и со антигонидскиот воен логор (на Филип V и Персеј) на локалитетот Трска село Бузалково – во продолжение на југ бил контролиран од антигонидски логор оформен во пајонска населба на локалитетот Глаучица, село Бањица – антигонидската воена база на Кале Стари Град и понатаму низ долината на реката Бабуна кон Пелагонија.

2. Оваа западна Вардарска магистрала, која се поврзувала со патот што водел долж левиот брег на Аксиј / Вардар, била одржувана преку преминување / прегазување на реката под селото Сопот.

Каква била улогата на **Велешко Кале, Велес** во констелациите на концентрирањето на војската на Филип V и Персеј во регионот северно од Велес?

Денес е очигледно дека на Велешкото Кале постои културен хоризонт од раната антика, уште поточно од времето на последните македонски кралеви.[83] Но дали на Велешко Кале има и постар раноантички, пајонски културен хоризонт? Со нашите истражувања откривме една монета на Тесалоника на западната падина под акрополата. Во литературата е публикувана една сребрена тетрадрахма на кралот Филип V, од Велес, за жал не е наведено точното место на наодот.[84] Постои податок дека некаде во околината на Велес биле откриени сребрени тетрадрахми на Персеј.[85]

Што се однесува до останатите погоре наведени антигонидски кастели, во литературата можев да регистрирам само монети од **Отовичко Кале, Башино Село**, и тоа на Тесалоника, како и автономна Македонија под Филип V и Персеј.[86]

Тука накусо би ги споменал најеклатантните наоди, монетите што ги откривме на гореспоменатите локалитети.

Во воената база на Филип V и Персеј, на **Отовичко Кале, Башино Село** откривме вкупно 26 монети, од кои две на Филип V, 14 на Персеј, 3 на Филип V или на Персеј, 1 автономна Македонија, една римска републиканска и т.н. Тука би ги споменал и постарите наоди, една монета на Филип V и 2 монети на Персеј. П. Јосифовски публикува, од овој локалитет: 2 бронзени монети на Филип V и 9 бронзени монети на Персеј.[87] Н.

---

[82] За овој проблем подготвуваме посебна студија: В. Л. Адамс, А. Јакимовски, А. Илиевски, И. Ширтовски, Г. Тренески, 2022: Филип V и Персеј концентрираат војска во долината на Аксиј помеѓу Велес и Скопје.

[83] Микулчиќ И., 1976, 152-153, план сл. 2.

[84] Шелдаров Н., 2003, бр. 527.

[85] Шелдаров Н., 2013, 31.

[86] Шелдаров Н., 2003, броевите: 260, 648, 670, 690.

[87] Јосифовски П., 1994: 57-62.

Шелдаров публикува 20 монети на Персеј.[88] Истиот автор публикува уште и монета на Тесалоника и три монети на автономна Македонија под Филип V и Персеј.[89]

Во воената база **Корија село Раштани** откривме вкупно 69 монети, од кои 5 на Филип V, 12 на Персеј, 17 на Пела, 5 на Тесалоника, 6 на Амфипол, 5 на Гај Тамиј Публилиј, 1 на автономна Македонија, 1 Валентинијан, 1 на Урош, 3 турски и остатокот е нечитлив.

Од кастелот **Градиште Рлевци** е познат наодот на монета на Амфипол.

Од воениот логор на **Трска Бузалково** откриени се засега неколку слепени монети што се стопиле во пожарот на кладите на починатите војници. Овие монети претпоставуваме дека ги исфрлиле илегалните трагачи кои ги ископувале овие гробови.

Во кастелот **Кале Влахчани,** село Слп откривме 11 монети, од кои 5 или 6 монети на Пела, една монета на Тесалоника, една монета на автономна Македонија, една монета-суберат на Дирахион, една доцноримска монета, мал миним неидентификуван, и една монета со претстава на коњ.

Во кастелот **Кале, Слп** откривме 8 монети, од кои 4 на Персеј, 1 мошне излижана монета со контури на шлем на реверсот (веројатно Деметриј I или II тука во секундарна употреба) и 3 доцноантички миними од 4 век н.е. Од поранешните наши истражувања познати се исто така монети на Персеј и една монета на Тесалоника емитирана под римска власт.

Во кастелот **Цуцулигово, село Карабуниште** откривме монета на кралот Персеј.

Во кастелот **Градиште Добрино** откривме поголем број монети од кои тука би ги споменале оние поврзани со нашата тема, и тоа на македонските кралеви Антигон Гоната, Филип V, Амфипол, Пела, Тесалоника, автономна Македонија.[90]

III ЗАПАДНО ОД АКСИЈ

Тврдини на Еригон на линијата Стоби - Аударист

57. Хусков Рид, КО Манастирец
58. Градиште Вачарникот, КО Трстеник
59. Света Петка, КО Трстеник
60. Макарија, КО Камен Дол / КО Дебриште
61. Долно Кале / Градиште, КО Шивец
62. Кале / Горно Градиште, КО Шивец
63. Градиште, Дреново, град Аударист

На линијата долж реката Еригон од Стоби кон Аударист се наредени неколку позначајни локалитети. Првиот е **Хусков Рид, Манастирец.** Се работи за пајонска населба на низок рид веднаш над локалниот пат а на околу 700 метри западно ј/з од речното корито на Еригон, со континуитет од архајскиот период до доцната антика.

---

[88] Шелдаров Н., 2013, 32, броеви со опис во каталогот: 8, 9, 86, 101, 106, 110, 126, 127, 142, 149, 154, 159, 166, 173, 178, 184, 188, 196, 211.

[89] Шелдаров Н., 2003, броевите: 260, 648, 670, 690.

[90] Сите наоди ќе бидат претставени во студијата на В. Л. Адамс, А. Јакимовски, А. Илиевски, И. Ширтовски, Г. Тренески, 2022.

Сл. 15. Корија, Раштани, од запад с/з.



Сл 16. Кале Влахчани, Слп, од север.



Сл. 17. Кале Влахчани, Слп, план В. Лилчиќ Адамс



Сл. 18. Кале, Слп, план В. Лилчиќ Адамс

И на платото **Градиште Вачарникот, Трстеник** евидентиравме пајонска населба од железно време / архајски период.

Меѓутоа, нешто погоре на просторот каде Еригон тече низ малата клисурка помеѓу ридовите **Макарија, Дебриште / Камен Дол** над левиот брег и Света Петка над десниот брег, на овие ридови биле стационирани македонски воени единици. Платото **Света Петка, Трстеник** со големина од околу 213x130 метри било опколено со одбранбен насип. Локалитетите не се детално истражувани.

Долно Кале / Градиште, Шивец е мало плато на самиот десен брег на Црна Река.

Нешто појужно, на 1.3 км од платото Св. Петка се издига доминантниот рид **Кале, Шивец**. На него се наоѓа правоаголен антигонидски кастел, што го документирав во 1986 година.[91] Со подоцнежните истражувања на локалитетот се откриени монети на кралот Филип V.

Патот што водел од оваа група антигонидски кастели, на запад кон Пелагонија, водел преку **Градиште, Дреново**. На овој локалитет И. Микулчиќ го идентификуваше античкиот град Аударист / Еурист. Локалитетот и околината го споменувале и истражувале: И. Јосиф, Б. Филов., В. Радовановиќ, Б. Сариа, Р. Егер, Н. Вулиќ, М. Грбиќ, Д. Коцо, И. Н. Стојковиќ, К. Петров, Т. Томовски, С. Пејиќ, В. Л. Адамс, Н. Шелдаров и други истражувачи, меѓутоа првото теренско истражување со снимање на планиметријата, интерпретирање на градските зони, извршиИ. Микулчиќ.[92] Местоположбата на Аударист, на прастариот пат од Повардарјето за Плетвар / Пелагонија, укажува на приматот на овој пат во однос на Еригонскиот пат низ Мариово и Бабунскиот пат. Градот се состоел од акропола, град, долни град на 17 хектари површина, и околни храмови со некрополи. Во текот на нашите истражувања откривме монети на: Аминта III (1), Александар III (1), Лизимах (1), Антигон Гонатас (7), Деметриј II (1), Филип V (6), Персеј (6), автономна Македонија (2), Пела (2), Амфипол (4), Тесалоника (1), последните три под Филип V и Персеј, Тесалоника под римска власт (1), други монети од римскиот царски период, како и еден анонимен византиски фолис од XI век. Во литературата се забележани монети на: Александар I (1), Пердика II (1), Филип II (3), Александар III (1), Антигон Гоната (1), Персеј (1), автономна Македонија под Филип V и Персеј (1), Пела (3), Амфипол (1), пајонскиот крал Дропион (1), Тесалоника под римска власт (1), Стоби (1), сестертиј на Хадријан (1),[93] како и Персеј (5).[94] Не може да не се забележи процентуалното зголемување на монетите на кралевите Филип V и Персеј, како и на автономните монети на Македонија и полуавтономните градови Пела, Амфипол и Тесалоника под нивна власт, што има голема логика да посочува на користењето на градот Аударист од страна на Филип V и Персеј како силна стратегиска база на патот кон Пелагонија.

Антигонидски бази и кастели и други утврдувања на линијата од Стоби западно покрај Еригон и низ долината на Беловодичка Река западно од градот Аударист кон преминот Плетвар

64. Стража, КО Фариш

65. Маркова Кула, КО Фариш

---

[91] Лилчиќ (Адамс) В., 1988-1989,

[92] Микулчиќ И., 1975.

[93] Шелдаров Н., 2003, броеви: 50, 70, 123, 135, 149, 170, 304, 350, 354, 395, 433, 520, 396, 409, 618, 673, 732, 786.

[94] Шелдаров Н., 2013, броеви: 25, 40, 65, 94, 165.

66. Марков Чардак, КО Топлица, кастел стража
67. Венци, КО Ракле
68. Долно Кале, КО Плетвар
69. Горно Кале, КО Плетвар, кастел за контрола на превојот Плетвар

На правецот од градот Аударист, Градиште Дреново, кон преминот Плетвар во Пелагонија, истражував и документирав повеќе антигонидски утврдувања, некои и со постари традиции на оформување, уште од времето на Аргеадите. Најпрво, на 4.3 км западно с/з се наоѓа кастелот **Стража, Фариш**. На врвот од доминантниот рид на северната страна од карпестата клисурка низ која тече Беловодичка Рекичка, бил изграден силен кастел стража, на кој откривме монети на македонските кралеви Касандар и Антигон Гоната.[95] Токму кај овој кастел поаѓал патот што водел преку кастелот Градиште Бели Полани, Никодин за антигонидската воена база на Кале Стари Град во долината на Бабуна.

Во југозападното подножје на Стража, на понискиот карпест рид **Маркова Кула, Фариш**, била оформена мала крајпатна фортификација каде откривме монети на македонските кралеви Касандар, Лизимах и Персеј.

Во продолжение на патот кон Плетвар, на околу 5 км западно с/з од Стража, Фариш, се наоѓа ридчето **Венци, Ракле**, со остатоци од македонски кастел стража на патот. На овој локалитет откривме монети на македонските кралеви: Филип II, Персеј, Пела, потоа на Автономна Македонија под Филип V и Персеј. Во литературата е познат наод на монета на кралот Филип V.[96] Како и растурена остава што содржела најмалку: 2 монети на Филип V (Херакле/меч-харпа), 5 монети на Персеј (Персеј/орел со рало во канџите), 6 монети на автономна Македонија (Зевс/молња, легенда ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ), 4 монети од типот Аполон/трипод и 12 монети со претставите Стримон/тридент.[97]

Потоа, на 2.5 км западно се наоѓа ридчето **Марков Чардак, Топлица**. Кај овој антигонидски кастел се одвојувал споредно патен правец што водел преку превојот Клен до тврдината на Грдишка Тумба село Гуѓаково. На локалитетот Марков Чардак откривме монети на Персеј.

Од Марков Чардак, понатаму на околу 10.5 км се доаѓало до малото утврдување **Долно Кале, Плетвар**.[98]

Од Долното Кале наугоре на само 1 км се излегува на планинскиот премин Плетвар. На 500 метри североисточно од преминот на карпест рид документиравме остатоци од антигонидски кастел стража **Горно Кале, Плетвар**.[99] При истражувањата откривме монети на кралевите Касандар, Филип V, Персеј и Пела.

Како што се гледа, патниот правец Керамија – Плетвар – Аударист го контролирале и заштитувале уште македонските кралеви од првата династија на Аргеадите, како и кралевите од втората македонска династија на Антигонидите, Филип V и Персеј.

---

[95] Lilchikj (Adams) V., 2006/1, ; Lilchikj (Adams) V., 2006/2, ; Lilchikj (Adams) V., 2006/3.

[96] Шелдаров Н., 2003, бр. 585.

[97] Šeldarov N., 1996 Шелдаров Н., 1996, 44.

[98] Во ова утврдување доаѓале трговците од античкиот Лихнид за набавка на белиот мермер за градските објекти. Во неговото североисточно подножје егзистирал пазар-агора на кој во жива карпа била релјефно претставена фигурата на Зевс Агорај, заштитникот на пазарот. На ниското ридче североисточно над агората бил изграден храм, веројатно посветен на Зевс, околу кого пред повеќе години бил просечен пат, со што бил разурнат поголемиот дел од остатоците.

[99] Lilčić Adams, V., 2021,

Антигонидски и други утврдувања во долината на реката Еригон

70. Кале, КО Возарци
71. Град Тиквеш, КО Ресава
72. Забот, КО Драдња, кастел спекула
73. Град Модрак, КО Клиново
74. Грдишка Тумба, КО Гуѓаково
75. Градот, КО Манастир
76. Богданова Нива, КО Чаниште
77. Убава Глава, КО Чаниште
78. Град Чебрен, КО Зовиќ
79. Кале, КО Рапеш
80. Кула, КО Скочивир
81. Марково Кале Стрели, КО Скочивир

Според состојбите на теренот, се чини дека кралот Филип V ја обезбедувал и комуникацијата долж реката Еригон / Црна Река, низ Мариово, од Стоби преку Возарци, до Скочивир. Овој прастар пат бил изграден во раната антика од страна на Пелагонците, веројатно во организација на пелагонските кралеви. Овој пат егзистирал во текот на целата антика.

Почетокот на овој прастар пат започнувал кај **Кале, Возарци**. Тврдината е максимално уништена во поново време.[100] Останал зачуван северозападниот дел од подградието каде се забележува дел од одбранбениот ѕид конструиран со големи, грубо рамнети камени блокови.[101] Дали можеби се работи за типична македонска воено-стратегиска тврдина за контрола и заштита на влезот во клисурата кон југ, или за пајонска тврдина?

На околу 4 км јужно од овој локалитет се наоѓаат остатоците од античко и средновековно гратче на локалитетот **Град Тиквеш, село Ресава**. Локалитетот претставува некогаш доминантен рид, денес потопен во водите на вештачкото Тиквешко Езеро.[102] Древниот град се состои од мала акропола на врвот од ридот, долниот град што се протега на благите падини северно, североисточно и западно под акрополата и големо западно југозападно подградие, потопено во езерските води. [103] На локалитетот откривме монети на Персеј, Тесалоника, како и римски републикански монети. Во близина на локалитетот Црвеникаво Брдо, село Ресава откривме монета на Филип V. Се работи за едно архајско, античко и средновековно гратче кое што егзистирало како од прастарата Еригонска магистрала, така и од рудните ресурси што биле експлоатирани во планинските пазуви на Кожув, во пределите на денешните села Клиново, Рожден, Мрежичко. Во тој контекст тешко е да се коментираат монетите на македонските кралеви

[100] За жал, овој значаен локалитет е речиси комплетно уништен со работите на комбинатот ФЕНИ, при што на просторот на акрополата и подградијата веќе неколку децении се исфрлаат отпадни материи.

[101] Потребни се сериозни заштитни археолошки истражувања при кои што, се надевам, ќе може да се дефинира кој го подигнал утврдувањето.

[102] Тажно е што општината Кавадарци никогаш не се заинтересирала, макар и елементарно, за овој извонреден археолошки локалитет – денес остров, понекогаш и полуостров на Тиквешкото Езеро, чиишто води констатно ги поткопуваат скапоцените културни хоризонти.

[103] Види планиметрија и основни податоци кај: Лилчиќ (Адамс) В., 1988-1989.



Сл. 19. Цуцулигово, Карабуниште, план В. Лилчиќ Адамс.

Сл. 20. Градиште, Добрино, од североисток.

Филип V и Персеј, меѓутоа би можеле да претпоставиме дека во рамките на акрополата била сместена една антигонидска воена единица со интерес насочен кон одржување на патот во внатрешноста низ Мариово.

Еригонскиот пат, денес покриен со водите на вештачкото Тиквешко Езеро, продолжувал низ тиквешката, пајонска клисура на југ за околу 13.5 км до карпестиот врв **Град Модрак, село Клиново**. На карпите евидентиравме остатоци од мала стражарска позиција. Фрагментите садова керамика, како и монетите на кралот Касандар и на градот Тесалоника, сведочат за веројатно некогаш убаво оформен кастел стража, чии што одбранбени ѕидини во техниката сувоѕид не издржале и низ вековите се излизгале надолу во реката.[104]

На околу 13.6 км западно по долината на Еригон се наоѓа гратчето на ридот **Грдишка Тумба, село Гуѓаково**.[105] На овој локалитет откривме две постари монети, на Амфипол и монета со претстава на Херакле / кораб (недефинирана), како и монети од 3-4 век н.е.

Наредната фортификација, на околу 12 км западно ј/з, е **Градот, село Манастир**. Пространото плато (4.2 ha) на врвот од нискиот рид на утоката на Лисичка Река во Еригон, било утврдено уште во раната антика, а можеби и порано.[106] Животот во градот течел во континуитет до средниот век. На локалитетот откривме монети на Александар III, Деметриј (мошне излижана, со видливи контури на македонски штит и шлем на реверсот), како и повеќе монети од VI век, потоа наоди и монети од X–XIV век.

Наредниот кастел на локалитетот **Богданова Нива, село Чаниште**, (кота 539 м) на доминантното плато над левиот брег на реката Еригон, очигледно претставувал типичен македонски и антигонидски стратегиски кастел стража на Еригонскиот пат.[107] Откривме монети на македонските кралеви Александар III, Деметриј I, Филип V со Персеј (Зевс/Атена Алкидема, монограми: Ф, ПЕР), и на Персеј.

Во близина на Богданова Нива, на околу 1 км западно се наоѓа ниското ридче **Убава Глава**, **Чаниште** (кота 756 м). Карпите на врвот биле обиколени со заштитен сувоѕид.[108] На теренот се гледаат фрагменти садова керамика. Откривме монети на Тесалоника, Пела, Амфипол, но и римски со континуитет до IV век н.е. Се чини дека локалитетот претставувал светилиште со храм.

Наредните три локалитети на југ исто така привлекуваат внимание. Најнапред е **Град Чебрен, Зовиќ**, со остатоците на античко гратче за кое е изнесена хипотеза за убикација на античкиот / рановизантискиот град Антанија.[109] Наредниот локалитет **Кале, Рапеш** претставувал утврден кастел со постар културен хоризонт од железното време, обновен од Антигонидите. Се наоѓа на утоката на Маковска Река во Еригон.[110] Откриени се монети на Персеј, Пела, Амфипол, Тесалоника, автономна Македонија и

[104] Види: Lilčić Adams, V., 2018, 55, 61.

[105] Lilčić Adams, V., 2018, 55 f.n. 13, план 62.

[106] Mikulčić I., 2002, 344-347, по грешка го води под КО Чаниште; Lilčić Adams, V., 2018, план на стр. 59.

[107] Lilčić Adams, V., 2018, 56, 68.

[108] Lilčić Adams, V., 2018, 69.

[109] Mikulčić I., 2002, 286-288. За ревидираниот план види: Lilčić Adams, V., 2018, 72.

[110] Lilčić Adams, V., 2018, 56, план стр. 73.

монета што можеби му припаѓала на Антигон Гоната. На наредниот локалитет **Кула, Скочивир** на утоката на Коњарка во Еригон откривме монета на кралот Филип V.[111]

Конечно, на излезот од долгата Скочивирска Клисура, високо над десниот брег се наоѓа сè уште мистериозната тврдина **Марково Кале** – **Стрели**, со моќна одбранбена фортификација од масивни камени блокови, за која изнесов идеја дека е фондација на македонскиот крал Александар III Македонски, од времето на неговиот поход кон Пелиум во 335 година, што засега е без археолошки потврди.[112]

Утврдувања и поважни населби, линија Антигонеја - Возарци

82. Градиште, КО Глишиќ, пајонско гратче, со Белград, некропола
83. Градиште Раштани / Ѓорев Рид, КО Кавадарци

Според состојбите на теренот се чини дека на оваа патна линија, по која води современиот пат Неготино – Кавадарци – Возарци, Филип V не оформил посебен кастел, но има логика да се верува дека го користел пајонскиот град помеѓу Глишиќ и Марена како логистика. Големиот антички пајонски град на **Градиште, Глишиќ** со големата некропола на локалитетот Белград, Градиште го премерив и истражував во 1984 година во рамките на проектот *Стари градови и тврдини во долината на Вардар*. И. Микулчиќ изврши ревизионен премер.[113] На овој локалитет се забележани 4 монети на Персеј,[114] како и монети на Антигон Гоната, Филип V, потоа 3 монети на Пела, една на Стоби, 2 на Тесалоника и една на Тибериј (14-37).[115]

На доминантната тераса **Градиште-Раштани-Ѓорев Рид, Кавадарци**, на околу 2.3 км јужно од ридот Белград (428 м), се наоѓаат остатоци од еден кастел (кота 666 м). Издолженото плато во правец с/з–ј/и било опколено со бедем во техниката сувозид. Имајќи предвид дека се работи за извонредно стратегиска позиција со визури како кон пајонскиот град на Градиште село Глишиќ, така и на градот Аударист на запад, претпоставувам дека се работи за уште еден антигонидски кастел.

Антигонидски бази и кастели во долината на реката Бабуна со околината

84. Горни Соколец, КО Габровник, кастел спекула
85. Ѓоноец, КО Ораов Дол, антигонидски воен логор
86. Кале Завој, КО Гостиражни / Богомила
87. Марково Кале, КО Теово кастел спекула
88. Градиште Горна Клисура, КО Оморани, воена база
89. Кале, КО Стари Град, воена база
90. Глаучица, КО Бањица
91. Градиште Бели Полани, КО Никодин, кастел стража, контрола на превојот
92. Градиште, КО Крнино, кастел стража на превојот
93. Градиште, КО Бусилци
94. Градиште, КО Долно Оризари
95. Големо Градиште, КО Горно Врановци.

---

[111] Лилчиќ (Адамс) В., 2009/1, 106-107.
[112] Лилчиќ (Адамс) В., 2009/1, 94-101.
[113] Микулчиќ И., 1999, 174-175.
[114] Шелдаров Н., 2013, броеви: 62, 64, 172, 191.
[115] Шелдаров Н., 2003, броеви: 73, 113, 142, 158, 169, 258, 268, 517, 590.



Сл. 21. Градиште, Добрино, план В. Лилчиќ Адамс

Сл. 22. Отовичко Кале, Башино Село, од североисток.



Сл. 23. Стража, Фариш и Маркова Кула, Фариш, план В. Лилчиќ Адамс.



Сл. 24. Горно Кале, Плетвар, план В. Лилчиќ Адамс

Долината на реката Бабуна исцело се наоѓала во рамките на Пајонија. Долж оваа долина, водел најсеверниот пат, врска помеѓу Пелагонија и долината на Аксиј. Имајќи ги предвид моќните антигонидски воени бази и кастели долж патот, денес е јасно дека македонските кралеви Филип V и Персеј обратиле сериозно внимание на овој простор, преку кој очигледно напаѓале воинствени групи од север, и тоа на неколку правци. Планинскиот премин Клетовник во Пелагонија бил бранет со кастелот изграден на високиот врв **Горни Соколец, село Габровник**. Меѓутоа функцијата на овој кастел пред сè била набљудувачка. Од кастелот се гледа преминот Клетовник, како и кастелот на Марково Кале, село Теово.[116]

Блокадата и одбраната на приодниот пат кон Клетовник била реализирана од македонскиот воен логор на локалитетот **Ѓоноец, село Ореов Дол**. Логорот бил оформен на десниот брег на Габровничка Рекичка. На просторот помеѓу Ѓоноечки Дол и долот јужно од него, исполнет со најмалку 7 благи тераси, бил оформен долг утврден простор голем 760x270 метри (9.5 ха). Со истражувањата откривме дека концентрацијата на материјалните наоди се наоѓа на западните тераси, ориентирани кон реката и патот што водел кон преминот Клетовник. Со теренските истражувања на просторот северно од логорот, на двата брега од Габровничка Река, на простор долг околу 1 километар, забележав остатоци од голема војничка некропола. Со површински истражувања откривме монети на Персеј, градовите Пела, Тесалоника, Амфипол, делови од бронзени војнички котлиња (лебеси).[117] Очигледно е дека на рамнината наречена Рамниште, источно од речното корито, на која води асфалтниот пат кон Мокрени, Ореов Дол и Габровник, во II век пред н.е. се одиграла најмалку една голема битка меѓу македонската војска под Персеј против римските воени единици, за што освен монетите на кралот, сведочат и монетите на Гај Тамиј Публилиј (168-166).[118]

Нешто посеверниот премин помеѓу Пелагонија и долината на Бабуна, Завој, бил бранет со кастелот **Кале, Гостиражни / Богомила**, за што сведочи монетата на кралот Филип V. Меѓутоа гледано низ призмата на концентрацијата на наодите, очигледно е дека овој премин бил помалку фреквентен одошто преминот Клетовник. Кастелот се наоѓа на ридот јужно над планинскиот премин. Се работи за силно фортифицирано плато на 60x50 м (0.22 ха, кота 1020.4 м).[119]

На составот на патиштата кон двата наведени премини, во долината на Бабуна, се наоѓаат две фортификации. На доминантниот врв **Марково Кале, село Теово** откривме монета на Персеј, што сведочи за еден стратегиски кастел - набљудувачница. За жал не успеавме да откриеме повеќе наоди од ова време, веројатно затоа што врз антигонидската тврдина бил оформен силен доцноантички кастел (IV–VI век н.е.).[120]

---

[116] Lilčić Adams, V., 2021, 151.

[117] Lilčić Adams, V., 2021, 152-153.

[118] Обрнете внимание на сè уште контроверзното датирање на монетите на квесторот Гај Тамиј Публилиј. Според Т. Роберт и С. Брутон, С. Publilius ковал монети во Македонија под конзулот L. Memmius, види: Robert T., Broughton S., 1951, 466; додека нумизматичарите го датираат кованењето на Гај Тамиј Публилиј од 168–166, види кај: Шелдаров Н., 2003, 132, со цитирана литература: Gaebler H., 1906, и MacKay P. A., 1968, како и кај: Јосифовски П., 2917, 42-49, со цитирана литература во ф.н. 2.
Сметам дека треба што поскоро да обрнеме внимание на остатоците на големата некропола, бидејќи таа е под константни напади на илегалните трагачи.

[119] Lilčić Adams, V., 2021, 149.

[120] Mikulčić I., 2002, 438-439.

На утоката на Габровничка Река во Бабуна, на местото каде што се спојувале патиштата што доаѓале од премините Клетовник и Завој, се наоѓа **Градиште Горна Клисура, село Оморани**,[121] значајна тврдина - воена база на Антигонидите, за што сведочат монетите на Деметриј I, Антигон Гоната, Персеј, автономна Македонија, Пела, Тесалоника, но и на Гај Тамиј Публилиј, што ги откривме на овој локалитет. Во литературата, од овој локалитет се забележани наоди на монети од градовите Амфипол, Тесалоника, Пела, Дамастион, Филип V, автономна Македонија под Филип V и Персеј, како и монети од римскиот царски период заклучно со монетите на Стоби од Јулија Домна и на Диум од Гордијан III.[122] Истиот извор споменува од овој локалитет наоди на 4 монети на Персеј.[123]

Во продолжение на исток североисток се наоѓа моќната антигонидска воена база на **Кале, село Стари Град**. Првите истражувања, планиметрија и интерпретација на локалитетот во литературата изнел И. Микулчиќ.[124] Археолошките ископувања на Т. Јовчевска го откријa најстариот културен хоризонт на Кале, од енеолитско време, но и го потврдија егзистенцијалниот континуитет до XIV век н.е.[125] Со нашите истражувања на локалитетот Кале, Стари Град откривме монети на: Филип V и автономна Македонија, додека во литературата се познати монетите на: Филип V, Персеј, Пела, Бероја-Тесалоника, Амфипол, квесторот Лукиј Фулкиниј (168-166), Тесалоника од 42/1 година пред н.е. и Тибериј (14–37).[126]

Моќната антигонидска воено-стратегиска база на Кале, Стари Град била поставена точно на составот на Бабунскиот Пат со спореден пат, што водел на исток кон соседното село Извор. Од Извор патот се двоел. Еден пат водел за Стоби на линијата преку античката населба Неаполис, што се наоѓала на локалитетот Грамаѓе-Коритник, КО Извор (КП 1027), потоа на Крнинскиот Превој, што бил бранет со силен антигонидски воен логор на **Кале Превој, село Крнино** (монети на Филип V и Персеј, но и монета на Филип II); овој пат продолжувал понатаму на исток/југоисток кон градот Стоби, преку просторите на селата Подлес и Крушевица (Градиште). Друг пат, од Извор, водел преку селото Владиловци и преку превојот во источното подножје на врвот Јасенова Глава, бранет со македонски воен кастел на **Градиште Бели Полани** (монети на Филип V, Персеј Амфипол, Тесалоника), до кастелот на Стража, село Фариш, и понатаму до градот Аударист.

На север Бабунскиот пат се двоел. Главната делница продолжувала долж реката Бабуна кон градот на Велешко Кале, Велес, додека спореден пат се двоел преку селата Чашка, Отиштино, Бањица, Рлевци на планинскиот премин Дурмишевец (забележен во литературата како стариот пат Прилеп - Скопје),[127] и понатаму кон Скопскиот Басен. Овој пат бил контролиран со антигонидскиот логор на локалитетот **Глаучица, село Бањица**, каде откривме монети на Филип V, Персеј, автономна Македонија, Пела.

---

[121] Микулчиќ И., 1982, 138-141.

[122] Шелдаров Н, 2003, броеви: 5, 64, 84, 127, 203, 247, 553, 591 и 664. Н. Шелдаров го именува локалитетот како Горна Клисура, Теово или Горна Курија Теово.

[123] Шелдаров Н., 2013, броеви: 14, 103, 124, 186.

[124] Микулчиќ И., 1982, 133-138; Mikulčić I., 2002, 436-438.

[125] Јовчевска Т., 2008, 1-69, Т. I-XII.

[126] Шелдаров Н, 2003, броеви: 16, 76, 128, 159, 288, 556, 633, 711, 744.

[127] Trifunoski F., J, 1977: 260.

Правците по кои доаѓале Дарданците од север, од Скопскиот басен, во долината на реките Тополка и Бабуна биле следните: еден потежок планински пат водел преку планината Карацица, преку врвот Сипачан, источно од врвот Солунска Глава. Кај селото Горно Јаболчиште патот се двоел. Еден крак водел кон коритото на Бабуна, слегувајќи точно кај селото Нежилово. Од тука водел до селото Богомила и понатаму кон Теово. Од просторот на Богомила се одело кон преминот Завој. Вториот крак се спуштал долж реката Тополка преку селата Долно Јаболчиште, Дреново, Лисиче кон Чашка. На тој правец се наоѓа доминантното утврдување Големо Градиште, Горно Врановци кое што започнав да го истражувам во 1996 година со К. Ациевски.

За одбележување се и премините на планината Голешница: Вилјак (Дејковец – Дреново) и Дреновскиот Преслап (Горно Добрино – Рлевци). Овој осврт е мошне кус. Локалитетите на овој простор, како и патните траси и делници, заслужуваат специјално внимание од страна на археолозите.

На околу 4.3 км североисточно од Кале Стари Град, на левиот брег на Бабуна се наоѓа **Градиште, Бусилци**. Тоа била крајпатна тврдина – стража за патот. Со истражувањата откривме постар културен хоризонт, фрагменти садова керамика и една лачна бронзена фибула од т.н. малоазиски тип за закопчување на војнички наметки, но и доцноантички културен хоризонт, монети на Валентинијан, Теодосиј и повеќе нечитливи, како и една фибула од рудиментиран луковичест тип.

Секако дека патот водел низ Бабунската Клисура Пешти. Влезот во клисурата од западна страна бил заштитуван од кастелот на локалитетот **Градиште, Долно Оризари**. Тоа бил раноантички кастел, меѓутоа не откривме елементи за поточно датирање. Во продолжение на исток, високо над левиот брег на Бабуна се наоѓаат остатоците на силен доцноантички / рановизантиски кастел Бабунско Кале, КО Црквино.[128] Според ваквата констелација, се чини дека Бабунскиот пат се спојувал со Вардарскиот пат на вливот на Бабуна, од каде на север с/з на само 2.5 км се наоѓа градот на Велешко Кале.

IV ИСТОЧНО ОД АКСИЈ

Во регионот на Доберите (Валандовско) и Астраите (Струмичко / Радовишко):

96. Исар – Извор Св. Петар, КО Валандово, антички град Добер
97. Вестерно, КО Раброво (стражарски кастел и спекула)
98. Василица, КО Костурино (стражарски кастел и спекула)
99. Падарница, КО Куклиш (стражарски кастел)
100. Цареви Кули, КО Струмица, антички град Астрајон
101. Градиште, Рич[129]
102. Градиште, КО Сушица
103. Пилав Тепе, КО Шопур

[128] Mikulčić I., 2002, 421-422.

[129] Шелдаров Н., 2003, броеви: 105, 145, 250, 287, 293: Пела, Тесалоника, Тесалоника 42/1 г., Тесалоника Октавијан Август. Точната местоположба на овој локалитет сè уште не е позната.

Сл. 25. Град Тиквеш, Ресава, од југоисток, од кастелот Марков Гроб.



Сл. 26. Горни Соколец, Мокрени / Габровник, од преминот Клетовник.

Секако дека кралот Филип V испратил воени одреди кон Струмичкиот басен. Со деталните истражувања на градската акропола на пајонскиот град Астрајон, З. Рујак евидентираше монети на македонските кралеви Аминта III, Филип II и Александар III. Потоа 29 бронзени монети од едно погребување, по два примероци бронзени монети на Антигон Гоната, Филип V, Персеј, како и градовите Пела, Тесалоника, Амфипол. И тука се појавува монета на римскиот квестор Гај Тамиј Публилиј (168-166). Интересна е констатацијата на З. Рујак, дека: Најголем подем населбата ќе доживее во времето на последните македонски кралеви Филип V и Персеј. *Најголемиот број наоди е токму од оваа епоха. Овој факт и не треба да не изненадува со оглед на политиката која ја воделе последните македонски кралеви, кои биле насочени кон проширување на државата кон север. Согласно тоа, во рабните подрачја на Македонија најверојатно концентрирале голем воено-административен апарат кој имал логистичка улога при нивните походи на север.*[130]

Претпоставувам дека војската на кралот Филип V навлегла во Струмичкиот крај по истиот пат по кој патувале Делфиските теородоси во првата четвртина од II век пред н.е. Овие свештеници тргнале од светилиштето Делфи на север за да канат посетители во Делфи. Како што е забележано, нивната патека водела преку местата градовите: Идомене, Астрајон, Брагиле и т.н.[131] Интересно е тоа што во списокот не се споменува градот Добер. Би можеле да претпоставиме дека делфиските свештеници тргнале рано наутро од Идомене (Исар, Марвинци). Минувајќи низ градот Добер (Валандово), не застанале затоа што ги чекал долг пат преку планините до Струмичкиот басен каде се наоѓал градот Астрајон.

На ова место нема да се впуштам во анализа на проблемот на убикацијата на градот Добер, за кој што мислам дека се наоѓал на локалитетот **Исар**–**Извор Свети Петар, Валандово**. Само ќе информирам дека со нашите истражувања на овој локалитет во 2016 и во 2021 година, евидентиравме нешто над 100 монети, со котите на наоѓањето на повеќето од нив, забележени со Гармин GPS уредите. Меѓу нив се монетите на Персеј, полуавтономните градови Амфипол, Пела, потоа на Гај Тамиј Публилиј, Јулија Меза, Отацилија Севера, Проб, Валенс, Валентинијан, Теодосиј, Аркадиј, Јустинијан, византиски скифати (уранисци), потоа на венецијанскиот дужд Франческо Дандоло (1329–1339), како и сребрени отомански монети веројатно од XV или XVI век н.е. Овие наоди, како и сè што согледавме на теренот, во комплет со високиот кастел на Жапката на највисокото карпесто плато на север над градот, потоа објектот Кула на карпестиот срт, како и остатоците на недвижни и движни наоди и објекти на Зелениште и Стакина Чешма на просторот на денешно Валандово, укажуваат на голем и значаен антички и средновековен град, којшто никако не може да се смета за укрепено селиште во средниот век, како што истакна И. Микулчиќ.[132] Овој град, за кој што претпоставувам бил античкиот град Добер, а се наоѓал во граничното подрачје меѓу Пајонија и Амфакситида, веројатно му послужил на кралот Филип V како стартна позиција во анексијата на југоисточните пајонски области во Струмичко и Радовишко, впрочем како и градот Астрајон кај Струмица. Патот од градот до големата рамнина на село Костурно бил

[130] Рујак З., 2021.

[131] Папазоглу Ф., 1957, 43, ф.н. 23.

[132] Микулчиќ И., 1996, 165.

контролиран со античкиот македонски кастел на ридот **Вестерно, Раброво**, на кој што биле евидентирани монетите на македонските кралеви: Филип II, Александар III, Касандар, Антигон Гоната, Филип V, монета на автономна Македонија под Филип V, монети на Амфипол и Тесалоника под Филип V, но и монети на Тесалоника под римска власт.[133]

Тесниот, клисурест премин низ кој тече рекичката Тркаљавиште на север бил контролиран од антигонидскиот кастел на локалитетот **Василица, Костурно**. Кастелот го истражував и ја снимив неговата планиметрија во 1986 година. Врвот од ридот (кота 593 м, над западниот брег на рекичката) бил утврден веројатно од страната на Филип V, чија што монета откривме на локалитетот. Но кастелот бил користен и подоцна во текот на доцната антика. На северниот крај на клисурата во близина на село Раборци, патот се делел.

Еден крак водел на исток-североисток кон Струмичкиот басен, каде бил контролиран со два кастели. Некаде на средината се остатоците на доцноантичкиот кастел на локалитетот **Кула / Градиште / Чука, КО Триводи** (кота 441 м), и ридот **Падарница, КО Куклиш** (кота 310 м) на кој што истражував и снимив значаен кастел од времето на Филип V и Персеј. Неговата функција била да го штити излезот од клисурата на Тркањска река кон Струмичкото поле. Во литературата е спомената остава на 14 монети на Персеј од овој локалитет, датирани од 174/3–168 година пред н.е.,[134] што можеби била сопственост на некој Персеев војник-стражар во овој кастел, што тој ја сокрил во 168 година пред н.е. Друг крак водел на запад во долината на реката Лакавица кон Штип, преку просторите на селата Раборци, Почево, Белотино, Рич, Липовиќ и т.н.

Струмичкиот и радовишкиот простор бил исполнет со пајонски населби и утврдувања, при што е логично да се очекува Филип v да поставил неколку кастели. Да ги споменам тука: **Клисе, село Свидовица** (монети на Деметриј I, Амфипол, Стоби, Тесалоника, Калигула, Трајан, Филип I Арабјанинот),[135] Китка, село Банско, Градиште село Ново Коњарево, Градиште Чардак Ново Село, **Градиште, село Сушица** (каде според непроверени информации биле наоѓани монети на Филип V и Персеј), потоа Големо Градиште село Дрвош, Градиште село Доброшинци, Пилат село Висока Маала, Градиште Сушејски Пороj село Злеово, Градиште село Варварица, Кулата село Водоча, Чујпетел село Дукатино, Голема Кала село Калуѓерица, Мала Кала село Калуѓерица (мала акропола со големата пајонска населба во североисточното подножје), Исар село Почивало, Градиште село Козбунар, Тумба село Ораовица, Марково Кале село Подареш, Градиште Илимица во Радовиш и други. Сепак со досегашните истражувања на овие локалитети, не се регистрирани, откриени монети на Филип V и Персеј.

З. Рујак со право насетил дека градот на Царевите Кули веројатно послужил како стартна точка за македонската експанзија на север особено под кралевите Филип V и Персеј. Сепак, судејќи по остатоците на воените фортификации очигледно е дека фокусот на Антигонидите се концентрирал по долината на Аксиј во правец кон Скопскиот басен од каде јавале Дарданците, како и со фокус долж планините Конечка и Серта кон Астибос (Штип) и Билазора (Кнежје), како и на запад-северозапад кон Пелагонија.

---

[133] Шелдаров Н., 2003, броеви: 19, 53, 72, 80, 244, 264, 270, 278, 295, 401, 412, 445, 498, 516, 557, 671.

[134] Шелдаров Н., 2013, стр. 43.

[135] Шелдаров Н., 2003, броеви: 32, 233, 264, 276, 302, 314, 514, 756.

Сл. 27. Кале Завој, Богомила / Гостиражни, од југозапад.

Сл. 28. Марково Кале, Теово, од југоисток.

Фортификации во регионот на Пајонија долж долниот тек на реката Астибос и сливот на Лакавица:

104. Градиште Кара Шаши, КО Убого

105. Коџа Баши КО Убого (кастел стража)

106. Исар КО Црешка, (претпоставен антигонидски воен контингент во акрополата);

107. Градиште КО Јамуларци (кастел стража)

108. Долно Кале, КО Богословец / КО Доброшани (кастел стража на патот крај Астибос);

109. Горно Кале, КО Богословец / КО Доброшани (пајонски кастел и рановизантиски кастел стража)

110. Тиса село КО Јамуларци / КО Доброшани (антигонидски стражарски кастел и спекула);

111 Кале, КО Јамуларци / КО Скандалци (кастел на Персеј);

112. Градиште Крст, КО Криви Дол (пајонски град и македонска воена база во акрополата)

113. Исар, КО Штип (пајонскиот град Астибос со претпоставена воена единица на Персеј во акрополата ?)

114. Исар, (Аџи Амзали) КО Едеклерци, (пајонска населба и воена единица на Персеј во акрополата);

115. Градиште, КО Драгоево, пајонска населба со акропола

116. Градиште Веледрица, КО Драгоево, пајонска и доцноантичка утврдена населба

117. Перчи Кулбаши, КО Аџи Рецепли (воена база во акрополата)

118. Големо Кале, КО Пухче, пајонско утврдено гратче со живот до доцната антика

119. Кале Антени на сртот на Серта, КО Лесковица (антигонидски стражарски кастел и спекула);

120. Цитате, КО Шеоба, антигонидска воена база

Кај градот Стоби, со преминување на реката Аксиј од десниот на левиот брег започнувал патот долж реката Астибос на север кон областа Овче Поле со пајонските градови кај селата Кнежје, Немањици, Мечкуевци, Судиќ, Криви Дол, како и кон градот Астибос кај Штип.

Филип V и Персеј организирале воено-стратегиски операции за анексија на источните делови на Пајонија. Нивната војска марширала по долината на долниот тек на реката Астибос (Брегалница). Тие граделе воени бази и кастели ориентирани кон, во близина, и во акрополните сектори на позначајните пајонски градови и населби.

Очигледно е дека тие на стратегиски начин оформувале бази и кастели со цел да ги контролираат главните патишта покрај, и кон позначајните пајонски населбински агломерации. Тој и неговиот син подигнале неколку кастели долж планинскиот срт Конечка планина – Серта со задача да ги контролираат Пајонците кои живееле долж реката Лакавица.

Засега теренската состојба не укажува на тоа дека Антигонидите се ориентирале и кон горниот, источниот дел од долината на реката Брегалница, како што биле жи-

во заинтересирани кон западните предели на Пајонија што граничеле кон Скопскиот Басен и кон Пелагонија.

Војската на Филип V очигледно маршрирала по прастариот пат од Стоби по долината на реката Астибос. Како што е познато, коритото на реката, на просторот од Штип до нејзината утока во Вардар, е оформено со повеќе големи кривини и завои. Сепак на определни дистанци регистриравме населби и утврдувања. На почетокот е античката населба на локалитетот **Градиште Кара Шаши, Убого**.[136] За жал оваа населба ниту е позната во литературата, ниту овој пат ѝ посветивме време. Потоа следи утврдувањето на локалитетот **Коџа Баши село Убого** (културни хоризонти од раната антика до II век пред н.е.), со доминантна акропола и југозападно подградие. Северно од овој локалитет на околу 3.6 км се наоѓаат остатоците од градот на **Исар, Црешка**.[137] На просторот на селото Црешка се забележуваа остатоци од гробови – цисти од архајско време. Всушност, истражувајќи ја долината на Брегалница забележавме еден необичен феномен. Имено, од Штип до нејзината утока во Вардар, на двата брега на Брегалница се забележуваат огромен број на некрополи и гробови. Изобилие на мали или големи тумули и рамни некрополи. За жал, ова енормно културно богатство, можеби над 20.000 и повеќе гробови и гробници, е константно под напад и денес е веќе крајно време да се започне со систематско евидентирање од страна на специјализирани археолошки тимови со активно користење на ГПС инструменти и други археолошки помагала за нивно прецизно документирање во просторот. На околу 3.7 км североисточно од Исар, Црешка, се наоѓаат остатоци од мала населба од отворен тип, на левиот брег на месноста **Ески Балар, Црешка**. Од тука на север, наспроти утоката на Светониколска рекичка се наоѓа **Градиште Јамуларци** (кота 277 м), чии што културни хоризонти максимално еродирале по падините. Од тука од Брегалничкиот пат се одделувала делница долж Светониколска река на север, а во продолжение на исток патот минувал низ теснецот меѓу ридовите Тиса и Нерезини (атарите на Богословец и Доброшани). Теснецот бил бранет со три утврдувања. **Долно Кале, Богословец / Доброшани** (антигонидски кастел) на десниот брег на Брегалница, **Горно Кале, Богословец / Доброшани** (кота 382 м, Пајонија и доцна антика - 6 век), исто така на десниот брег и утврдувањето **Тиса, Јамуларци / Доброшани** на врвот од ридот Тиса на левиот брег (антигонидски кастел). На околу 2.3 км јужно од врвот Тиса се наоѓа **Кале, Јамуларци / Скандалци** (Сиври Тепе, кота 400 м), каде била сместена воена единица на кралот Персеј (според откриена монета на Персеј). На левиот брег на Брегалница се наоѓаат остатоците на повеќе пајонски населби кои биле контролирани од антигонидската војска. Најеклатантен пример е гратчето на локалитетот Ерен и Исар, село Едеклерци (некогашно раселено село Аџи Амзали). Претпоставуваме дека во акрополата на ридчето **Исар, Едеклерци (Аџи Амзали)** била сместена македонска воена единица на Персеј (откриени две монети на Персеј). Кон југ слична ситуација забележавме и на локалитетот **Перчи Кулбаши, Аџи Реџепли** (кота 502 м), каде на просторот на селото и падините на ридот се забележуваат остатоци од голема пајонска населба. Во акрополата на оваа населба откривме една монета на Персеј. На **Градиште, Драгоево** (кота 506 м 1.78 км западно од селото) забележавме исклучиво пајонска населба. Меѓутоа не е јасна ситуацијата со моќната

[136] КО Убого, КП 66, на јужната периферија на раселеното село Аџи Јусуфли, лев брег на Брегалница.

[137] Микулчиќ И., 1987: 101-123.



Сл. 29. Падарница, Куклиш, од север.

Сл. 30. Василица, Костурино, од југ.

утврдена населба на **Градиште Веледрица, Драгоево** (2.2 км јужно од селото кота 579 м). Очигледно се работи за постара пајонска утврдена населба чии што ѕидови биле обновувани до доцната антика. Во литературата се забележени монети на македонските кралеви Филип III (323-317), и Персеј,[138] односно 4 монети на Персеј,[139] неодредено, од Драгоево. Според состојбите на теренот, претпоставувам дека овие монети можеби се откриени на локалитетот Градиште Веледрица, Драгоево, но уште поверојатно е да биле откриени на локалитетот Перчи Кулбаши, село Аџи Реџепли, што се наоѓа на 1 км јужно од Градиште Веледрица. Селото Аџи Реџепли е напуштено, без жители, па затоа можеби наодите на овие монети биле наведени под селото Драгоево, што е на 3 км северно.

На Серта, на околу 1 км западно од селото Пухче се наоѓа пајонското гратче на ридот **Големо Кале / Коџоман Каласи или Пушча Каласи, Пухче** (кота 760 м) со континуитет на живот до доцната антика. На 4.57 км јужно југозападно, се наоѓа силниот антигонидски кастел **Цитате, село Шеоба** (при истражувањата откривме 2 монети на Персеј, 1 на автономна Македонија, мала бронзена фибула од Малоазиски тип, врв од стрела). Очигледно е дека антигонидската војска маршираше низ долинката на Шеобски Поток од Пепелиште на север кон селото Аџи Реџепли. Војниците на ридот Цитате, кај селото Шеоба (раселено) оформиле силен кастел, ориентиран кон пајонското гратче на Големо Кале, Пухче.

На едно доминантно плато на Конечка Планина, кота 878 м, на 1 км јужно југозападно од селската црква во село Лесковица, а 270 метри јужно југоисточно од антените, односно на 1.15 км југоисточно од планинскиот превој што ги дели Конечка Планина на југоисток и Серта Планина на северозапад, се наоѓа локалитетот **Кале Антени, село Лесковица**. Се работи за пространо плато што било опколено со заштитен ѕид а во кое што биле сместени воени единици на Филип V и Персеј, судејќи според откриените монети на локалитетот.

Со теренските истражувања забележав дека концентрацијата на утврдувањата на Филип V и Персеј се наоѓа во пределите јужно од Овче Поле. Додека во северниот дел од Овчеполскиот басен се наоѓаат пајонски населби. На пример утврденото гратче на **Градиште село Орел** (архајски период), или пак отворената населба на локалитетот **Поза Рид, село Малино** со егзистенцијален континуитет низ антиката. На Поза Рид откривме една монета на Персеј, што можеби посочува на напорите на Персеј да го блокира патот по кој би напаѓале Дарданците од правецот Горно Коњарево – Сушица – Дервен – Малино.

Погоре го споменав **Градиште Крст, село Криви Дол**, на околу 8.5 км северозападно од Штип. На овој локалитет е откриена монета на Дероните, потоа монетите на македонските кралеви: Александар I (1), Филип II (2), Александар III (2), Филип V (1), монети на Пела, Амфипол, автономна Македонија под Филип V и Персеј,[140] и Персеј (4).[141] Градиште Крст претставува акропола на голем пајонски град, што се простира на југ, исток и особено на североисток, со протегање и преку современиот автопат Штип-

[138] Шелдаров Н., 2003, броеви: 492, 616.
[139] Шелдаров Н., 2013, броеви: 98, 118, 156, 175.
[140] Шелдаров Н., 2003, броеви: 68, 18, 136, 348, 399, 403, 466, 475, 571, 647.
[141] Шелдаров Н., 2013, броеви: 50, 174, 201, 210.

Свети Николе. На локалитетот имаме појава на монети на Аргеадите, за што ќе се бараат одговори во некои идни археолошки истражувања.

Поважни градови и тврдините во регионот на Овче Поле

121. Градиште, Кнежје (Билазора ?), пајонски град
122. Градиште, Немањици, пајонски град
123. Градиште, Мечкуевци, пајонски град
124. Градиште, Орел, пајонско гратче архајски-класичен период
125. Кула село Ќоселери, антигонидски кастел
126. Градиште Инџирлик, Ќоселери, пајонска населба на тераси
127. Кале, Ќоселери, кастел
128. Градиште село Делисинци, военостратегиска база на Персеј
129. Свети Јован Богослов, Богословец
130. Ќунче, село Кадрифаково, антигонидски кастел на Филип V
131. Кале, Џидимирци, македонски кастел
132. Поза Рид, Малино, отворена населба со можен воен логор на Персеј
133. Градиште, Алакинце (мон. на Тесалоника под Филип V и Персеј)
134. Голема Вукосија, Пезово, пајонска утврдена населба
135. Градишки Врх, Градиште, голема пајонска населба
136. Острец, Длга, пајонска полу-утврдена населба
137. Марково Кале, Лугунци

Стоби – **Крнино**

138. Градиште, КО Крушевица
29. Видинград, Водоврати, град АРГОС

Антигонеја – **Пештерница** – **Промет** – **Гарван** – **Трескавечка Чука**

139. Градиште, Пештерница
140. Кула на Промет
141. Трескавечка Чука, КО Долна Враштица / КО Горна Враштица

Се смета дека во широкиот регион на Овче Поле егзистирале нешто над 200 пајонски населби од отворен и затворен тип. Меѓу нив се истакнува градот на **Градиште, Кнежје** со импресивните остатоци на една луксузна палата во рамките на акрополата. Логиката на антигонидската воена база на **Градиште село Делисинци** како и кастелите на **Кула** и **Кале, Ќоселери** биле усмерени кон централниот пајонски град во Овче Поле Градиште, Кнежје, како и кон пајонските градови на локалитетите **Градиште, Немањици**, **Градиште Мечкуевци**, **Кула Судиќ**.

Од друга страна во текот на истражувањата градот на Градиште Кнежје не беа откриени монети на Филип V и Персеј.

Во литературата е забележано дека на Градиште Делисинци се откриени 23 монети на Персеј,[142] како и монети на Амфипол, Пела, Тесалоника, автономна Македонија под Филип V и Персеј.[143] Согласно наодите, очигледно е дека на Градиште Делисинци

[142] Шелдаров Н., 2013, 32, броеви: 19, 23, 49, 60, 68, 85, 91, 105, 114, 121, 128, 130, 135, 139, 146, 157, 161, 176, 177, 190, 193, 207, 216.

[143] Шелдаров Н., 2003, 32, броеви: 11, 21, 111, 147, 237, 641, 645, 653.

се наоѓала военостратегиска база, во која била сместена војската на македонските кралеви Филип V и Персеј. Во ваквата констелација, на позиција на градот Билазора на Градиште Кнежје, град кој што кралот Филип V го освоил во 217 година пред н.е., очигледно е дека функцијата на антигонидската военостратегиска база на Градиште Делисинци заедно со споменатите кастели, била насочена како кон најголемиот пајонски град во Овче Поле, така и силна контрола на патиштата, од долината на реката Аксиј кон Штип, како и патната делница долж Светиниколска река кон Брегалница. Линијата на патот водел преку просторот на Каратманово, Дорфулија, Ќоселери, Делисинци, Кадрифаково, Криви Дол, Штип. Во атарот на Кадрифаково се наоѓаат остатоци од еден кастел, **Ќунче, Кадрифаково**, на кој откривме монета на Филип V.

142. Барбарево Горно, Градиште под Грамада
143. Добрево, Градиште
144. Дренок, Градиште
145. Лезово, Градиште
146. Пишица, Вшник
147. Долни Стубол, Вршник
148. Бели, Градиште
149. Дулица, Калата
150. Град, Градо
151. Стар Караорман, Градиште Горно Поле
152. Горни Балван, Градиште Богослов Камен
153. Горни Балван, Градиште Киево
154. Горни Балван, Лозенско Градиште
155. Брест, Бртиовци
156. Јунузлија, Кула,
157. Крупиште, Голем Цапар
158. Црвулево, Кула
159. Ново Село / Брест, Плоча
160. Кучичино, Градиште
161. Спанчево, Градиште
162. Блатец, Градиште
163. Виница, Виничко Кале
164. Виничка Кршла, Градиште 2
165. Истибања, Кале
166. Берово, Попов Рид
167. Калаузлија, Кула
168. Водоча, Кула
169. Колицко / Габреш, Остравица (керамика фибули пајонија ; рим
170. Голем Радобил, Рајчов Рид
171. Клиново, Кале Драчевица
172. Камен Дол, Главата
173. Галиште, Горно Градиште

Пајонците интензивно го населувале горниот тек на реката Астибос / Брегалница. Во прилог изнесувам селективен список на позначајните фортифицирани градови и тврдини, меѓу кои особено се истакнува градот на Виничко Кале. Се смета дека во

Сл. 31. Исар, Црешка, од југозапад.

Сл. 32. Долно Кале, Богословец / Доброшани, од исток.

горниот тек на Брегалница во раната антика навлегувале тракиските Меди. Меѓутоа, не се познати военостратегиски кастели на антигонидските кралеви Филип V и Персеј на овој простор.

V ПРЕМИНИТЕ ОД СКОПСКО И КУМАНОВСКО ВО ПАЈОНИЈА

Имајќи ги предвид можните дардански пробиви кон Овчеполскиот регион, истите можеле да се реализираат преку следните патишта и премини.

I. Кумановско – патот долж реката Лука, крстосницата на превојот Кампур-Караула на тромеѓата меѓу селата Градиште, Пезово, Кокошиње – Градиште, Кнежје

На оваа траса води и актуелниот асфалтен пат Куманово – Свети Николе. На 1 км североисточно од превојот Кампур-Караула се наоѓа уште еден превој - Раскрсје, преку кого минувал патот од градот на **Големо Градиште, Коњух** за Овче Поле. Превоите се бранети со фортификациите: **Голема Вукосија, Пезово** (пајонска утврдена населба / рановизантиски кастел на врвот). Западно од Кампур-Караула се издига широкото плато **Градишки Врх, Градиште**, што било фортифицирано. Движните наоди укажуваат на раноантичка пајонска населба, со егзистенција до средниот век. Не се откриени наоди што би укажувале на античко македонско присуство. Можеби железната пирамидална стрела што И. Микулчиќ ја интерпретира како доцноантичка, била раноантичка противпанцирна стрела.

II. Кумановско – Колицко – превој Гробје (кота 533 м) Алакинце – Кнежје

Оваа траса е сепак најпогодна за влез од Кумановско во Светиниколско од север. Долж неа се наоѓаат следните утврдувања.

– **Градиште, Орашец**, Агријанска населба со можна раноантичка македонска воена база во рамките на карпестата акрополка. Оваа населба егзистирала до средниот век. Се наоѓа на левиот брег на Пчиња (кота 345 м). Се состои од мала карпеста акропола и големо северозападно подградие исполнето со контури од градби. Селаните велат дека на локалитетот биле наоѓани монети со претстава на орел како колве змија (Аминта III), потоа монети со човек со лавовска кожа на главата и легнат лав и натпис ΚΑΣΣΑΝΔΡΟ. Со нашите истражувања на локалитетот откривме монета на Јустин II, византиски скифат од 13-14 век и средновековна сребрена монета на локален феудалец. Сепак позицијата на овој локалитет вовлечен во клисурата на Пчиња кон југозапад при што е очигледно дека се работи за контрола на прастариот пат долж реката Пчиња низ пределите на општините Старо Нагоричани, Куманово, Петровец.

– **Каљиште, Орашец**, рановизантиски кастел стража. Кастелот се наоѓа на 1 км источно од селското училиште, кота 546 м, и се состои од акропола и западно подградие.

– **Островица, Скачковце**, кота 545 м, 825 м западно с/з од Скачковскиот манастир, сиромашна железнодобна утврдена населба.

– **Островица**, на тромеѓата на селата **Колицко, Габреш и Живиње**, кота 666 м. Се работи за конусовиден врв, на 2.9 км југоисточно од центарот на село Колицко. На овој локалитет документирав остатоци од утврдување од доцната антика, остатоци од одбранбен сувозид.

– **Градиште, Алакинце**, кота 513 м, рановизантиски кастел.

III. Патот Живиње – Д'лга - Вак'в

Постоел и преминот од Кумановско во Свети Николско, од левиот брег на Пчиња од селото Вак'в преку Д'лга до Живиње, долг околу 9 километри. На излезот кон Овче Поле, на ридот **Острец, Д'лга**, документирав мала полуутврдена населба со културен хоризонт од раната антика. На ридот се гледаат станбени тераси со фрагменти рачно работена садова керамика. Претпоставам дека населбата егзистирала делумно од прастариот пат, но и врз база на аграрното стопанство. Нема елементи за компактен одбранбен sид околу платото.

Значајно е да се спомене дека на само 1.5 км источно с/и се наоѓа доминантното утврдување на ридот Островица, Колицко/Габреш/Живиње, од каде што, имајќи ја предвид непречената визуелна комуникација, сосема логично можел да се заштитува излезот од долинката Вак'в- Живиње.

III. Горно Коњари на Пчиња – Сушица - Дервен – Малино

На овој правец се наоѓаат локалитетите:

– **Градиште на Пчиња**, Агријански - пајонски град со големо јужно подградие Нојна. Во акрополата веројатно бил сместен македонски воен гарнизон (монети на Александар III Македонски, Деметриј I, Патрај. Не се откриени монети на Филип V и Персеј.

– **Градиште, Сушица**, рановизантиски кастел.

– **Поза Рид, Малино**, пајонска населба од отворен тип. Откриена монета на Персеј.

IV. Средно Коњари на Пчиња – Дивље (Кула с Дивље 6 век н.е.) – Џидимирци (Кале)

На овој правец се наоѓа

– **Кула, Дивле**, рановизантиски кастел стража

– **Кале, Џидимирци**, непосетено.

V. Катлаково на Пчиња (Бањски Рид монета на Деметриј) – Градманци – Круша – Лугунци

Долж долината на реката Пчиња доклументирав голем број утврдени населби и кастели од антиката и од средниот век. На овој правец се наоѓаат следните локалитети.

– **Бањски Рид, Катлаково**, Катлановска Бања, наод на бронзена монета на Деметриј I или Деметриј II.

– **Кале / Марково Кале, Лугунци**, кастел за контрола на патот.

VI. Катлаково – Катлановска Брезица - Отовица

На овој правец денес минува современиот автопат Скопје – Велес. И. Микулчиќ наведува дека кај селото Катлановска Брезица постоел кастел што го контролирал прастариот пат што минувал токму низ селото.[144] За жал таков кастел не успеав да откријам. Локалните жители не знаат за такво место.

[144] Микулчиќ И., 1976,

Сл. 33. Градиште Веледрица, село Драгоево, од југ.

Сл. 34. Кале Антени, Лесковица, од северозапад.

Сл. 35. Цитадела, Шеоба, поглед на западниот одбранбен ѕид.

Сл. 36. Градиште, Кнежје, од североисток.

Да се осврнам накусо и на пајонскиот град на локалитетот Градиште, село Кнежје, претпоставената Билазора. И. Микулчиќ со идејата да го претстави овој град како најголем пајонски град, на основната градска *intra muros* површина (акрополата со северното подградие) од 8 хектари, ја додаде и површината од претпоставеното јужно предградие и истакна вкупна површина од 19.62 ха,[145] што заостанува зад реалната површина од 16 ха. Ова значи дека градот кај Кнежје може да се рангира со поголемите пајонски градови: Аударист (17 ха), Стена (10/11 ха), но заостанува зад градот Астибос чии што приближно измерена површина изнесувала дури околу 30 ха (акрополата со подградието на локалитетите Исар и Стар Конак). Впрочем ценејќи ги камените архитектонски остатоци од древниот град под Исарот, откриени на Стар Конак во Штип,[146] некако логично е да се смета дека најголемиот град на Пајонија бил градот Астибос а не Билазора. Патем, зборовите на Полибиј, кој што можеби во случајов преувеличувал за да го истакне успехот на кралот Филип V, (Pol. V, 97: ... Βυλάζωρα ... μεγίστη πόλις τῆς Παιονίας, односно Βυλάζωρα, μεγίστην οὖσαν πόλιν τῆς Παιονίας),[147] може да значат и: *мошне големиот пајонски град*, но и: *великиот пајонски град*, а не токму: *најголемиот пајонски град*.[148]

Наодите на монети од археолошките истражувања се скромни: племенска пајонска монета, монети на македонските кралеви: Филип II, Александар III, Деметриј Полиоркет, Антигон Гоната, монета на автономна Македонија под Филип V и Персеј, како на пајонските кралеви: Авдолеон (дидрахма и драхма) и Дропион,[149] а спомената е уште една монета на автономна Македонија под Филип V и Персеј, како и монета на Авдолеон.[150] Сметам дека остатоците од големиот град на локалитетот Градиште, Кнежје, имаат реално подеднаква шанса за откривање на монетите на Филип V и Персеј како и големиот број тука споменати локалитети, уште повеќе откога Филип V го освоил градот Билазора, згодно сместен за контрола на премините од кои Дарданците вообичаено продирале во Македонија. Токму поради тоа, нејасно е зошто, освен две монети на автономна Македонија под Филип V и Персеј, на локалитетот Градиште, Кнежје, воопшто не се откриени монети на самиот крал Филип V? Или пак монети на Персеј, кој го повикал Бастарнот Клондик да дојде пред Билазора, да подигне камп и таму да преговараат?

Според Тит Ливиј: ... *Персеј замина со половина од целата своја сила* (*војска*) *од својот логор кај Елпеј и почна да најавува низ сите села и градови што се наоѓаат долж неговата патека дека треба да подготват многу резерви пченка, вино и добиток. Тој зеде со себе коњи со нивните седла и воjнички наметки како подарок за нивните* (галските) *офицери и мала количина злато што ќе се подели на неколку војници, верувајќи дека масата на војската ќе биде привлечена од надежта за повеќе. Тој отиде најдалеку до градот Алмана, постави логор порај реката Аксиј. Галската војска се наоѓаше кај Десудаба во Медија, чекајќи ја предвидената плата. Персеј го испрати Антигон, еден од дворските благородниците, да им нареди на војниците да го префрлат својот логор кај*

[145] Микулчиќ И., 1976, 158,
[146] Лилчиќ (Адамс) В., 2001,
[147] Според Папазоглу Ф., 1957, 232, ф.н. 3.
[148] За укажувањето на можноста во преводот во значење на *мошне големиот* град Билазора, или *великиот* град Билазора, благодарам на професорите д–р В. Саракински и д–р В. Софрониевски.
[149] Mitrevski, D. 2016/2, 12, сл. 4.
[150] Шелдаров Н., 2003, бр. 651, бр. 773.

Билазора, место во Пајонија, и нивните офицери да дојдат да се сретнат со него. Тие беа оддалечени седумдесет и пет милји (111.375 / 112.5 km) од логорот на кралот (Персеј) кај Аксиј. Откако Антигон им ги даде овие наредби (на Галите) и им кажа какво изобилство од подароци кралот се погрижил да обезбеди за нив по трасата на нивното марширање, и какви подароци на облека и сребро и коњи, кралот подготвил за офицерите откога тие ќе пристигнат, тие одговорија дека ќе дознаат сè за ова на лице место. Потоа се распрашаа дали го донеле златото да се подели според договорот меѓу коњаниците и пешадијците. На ова немаше одговор. Тогаш нивниот поглавар Клондик рече: „Врати се! Кажи му на кралот, Галите нема да тргнат чекор понатаму, освен ако не го добијат златото и заложниците". Кога (Антигон) го извести кралот, тој одржа воен совет. Кога стана очигледно каква би била едногласната одлука, кралот почнал да се откажува од перфидноста и дивјаштвото на Галите, пороци што многумина веќе ги доживеале до пропаст. Беше опасно да се прими толку огромно мноштво во Македонија; тие би можеле да ги сметаат за попроблематични како сојузници, отколку Римјаните како непријатели; 5000 коњаници би биле сосема доволни за да се искористат во војната, и не премногу за да бидат опасни. (Liv., XLIV, 26.)

На сите им беше јасно дека кралот се плаши да плати толку голема сума, и бидејќи никој немаше храброст да се обиде да го одврати, Антигон беше вратен да каже дека кралот ќе ангажира само 5000 од нивната коњаница и нема да ги задржува останатите. Кога варварите го слушнаа ова, имаше мрморења на огорченост од остатокот на војската што беа повикани да ги напуштат своите домови без никаква цел. Клондик повторно праша дали ќе ја плати предвидената сума на 5000. Дозна дека овој избегнува да одговори, па го испрати лукавиот гласник назад неповреден – третман на кој самиот човек едвај се осмели да се надева. Галите се вратија на Истар (Дунав), уништувајќи ги оние делови на Тракија што лежеа на трасата на нивната маршрута ... (Liv., XLIV, 27.)

Од една страна, од текстот на Ливиј имам чувство дека кралот Персеј, откако се влогорил на брегот на Аксиј, како да немал намера да се помести од таму, туку би ги чекал Галите токму на Вардар, за да се вратат назад кон Елпеј. Дали можеби, имајќи ги предвид изнесените сомнежи, великиот пајонски град Билазора што го освоил кралот Филип V, што бил згодно поставен за упадите од Дарданија во Македонија, сепак бил градот на Велешкото Кале, Велес? Меѓутоа, од друга страна пак, се чини дека повикот на Персеј до Клондик – да се сретнат кај Билазора и да преговараат, сепак оди во прилог на убикацијата на градот на Градиште, Кнежје, на чијашто рамнина, доколку би дошло до судир, Персеј можел да ја развие фалангата во напад.

VI ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Македонските кралеви постапно ја шириле државата на север, анектирајќи ги територииите на северните соседи. Тоа биле кралствата Пајонија, Пелагонија и кнежевствата Пенестија, Деврионј, Дасаретија, за кои сè уште не е познато дали успеале да основаат монархии.[151]

[151] Mikulčić I., 1966, 1-96, T. I-XXIX; Папазоглу Ф., 1985, 70-100; Petrova E., 1999, 1-255; Лилчиќ (Адамс) В., 2009/1, 1-232.

Со интересите свртени кон балканскиот југ, македонските кралеви уште во најраната антика, со намалена сила, ја обезбедувале северната заднина. Делумно поради стабилната цивилизација на пајонското кралство, а делумно и поради тоа што Дарданците во тоа време се занимавале со притисоците врз Трибалите и Агријаните.

Македонските кралеви од Александар до Антигон Гоната држеле војска во Агријанија: Полог, Скопскиот Базен и Кумановско, за одбрана од Дарданците.[152] Но, III век пред н.е. донел големи пресврти. Во 279 година пред н.е., преку Дарданија и Пајонија пробиле воените одреди на Келтите, предводени од Брен и Акихорij.[153]

Освен тоа, во текот на III век пред н.е. Дарданците бргу се стабилизирале и започнале константни ограбувачки походи кон југот. Во тие напади најмногу страдале северните делови од земјите на Пелагонците и Пајонците.

Во една битка во 229 година пред н.е. со Дарданците загинал кралот Деметриј II. Власта ја понел Антигон Досон. Само 8 години подоцна тој умира, а на негово место, во 221 година пред н.е. застанал младиот 17-годишен Филип V. Сознанието за неговата младост ги предизвикало најжестоките дардански напади од север. Пајонија немала сили за одбрана. Но, младиот македонски крал Филип V имал најмалку два мотиви: одмаздата за татка си и одбрана на Македонија.

Дали анектирањето на Пајонија било насилно?

Голем дел од Пајонците сигурно не биле позитивно расположени кон Македонците, имајќи предвид дека уште од IV век пред н.е. постоело антимакедонско движење. Имено, историските вести ни зборуваат за 356 година пред н.е., кога Филип II Македонски ја елиминирал антимакедонската коалиција помеѓу пајонскиот крал Ликпеј, тракискиот водач Кетрипор и дарданскиот водач Граб.[154] Имајќи предвид дека македонските кралеви уште од архајскиот период ги анектирале земјите на долните пајонски племиња, претпоставуваме дека антимакедонското расположение се пренесувало низ поколенијата, па така било и во III век пред н.е.[155] Ова расположение се насетува во долините на Аксиј и Астибос и преку извесни археолошки моменти. Имено и покрај молчењето на историските извори за модусот на анектирањето на Пајонија, на терените гледаме автентични докази дека Филип V демонстрирал кампања на воена супремација, со оформувањето на голем број воени бази и кастели, наведени во овој текст. Ги дефинираме конкретните археолошки локалитети – антигонидските воени бази и кастели со кои Филип V ја притискал Пајонија до нејзиното конечно анектирање и прогласување за македонска стратегија.

Во постарата литература беше прифатено дека Пајонија била анектирана од страна на кралот Антигон II Гоната,[156] но, во поглед на овој проблем, Ф. Папазоглу е мошне децидна. Имено Пајонија во времето на овој македонски крал била независна

[152] Лилчиќ Адамс В., 2016; Лилчиќ Адамс В., 2019.

[153] Papazoglu F., 1969., 106-111; Hammond, N. G. L. & Walbank, F. W. 1988, 251-253; Petrova E., 1999., 20-21, со цитирана литература.

[154] Papazoglu F., 1969., 105, фн. 18.

[155] Petrova E., 1999., 22-23.

[156] Papazoglu F., 1969., 112, фн. 45.



Сл. 37. Градиште, Кнежје, план И. Микулчиќ.



Сл. 38. Кула, Кишино / Ќоселери,
план В. Лилчиќ Адамс.

под кралевите Леон и Дропион. Ф. Папазоглу смета дека кралот Антигон Досон ја припоил јужна Пајонија кон Македонија и го подигнал градот Антигонеја на реката Аксиј, а дефинитивното анектирање го реализирал кралот Филип V.[157]

Изворите всушност, нè убедуваат дека тоа веројатно и не би се случило, да не биле константните упади на Дарданците во Пајонија и Македонија, како и популацискатa експанзија на тракиските Меди во горното течение на реката Астибос (Брегалница).

Раноантичкото независно кралство Пајонија, во времињата на најголемата моќ се протегало во долината на реката Астибос, во горниот тек на реката Струмешница и во средниот тек на реката Аксиј (Вардар). Тогаш владееле кралевите Авдолеон (315–286/5), Леон (278–околу 250) и Дропион (ок. 250–ок. 230). Сè уште е отворен проблемот на главниот град на кралството: дали бил градот Астибос (Штип) или градот Билазора (Кнежје, Свети Николе?). Очигледно е дека една од моќните економски подлоги за оформувањето на пајонската цивилизација во долината на Астибос, била експлоатацијата на златните и сребрени руди од Осоговскиот планински масив во близина на средниот тек на реката Астибос.

Постои хипотетичка идеја дека во кризните моменти на III век пред н.е., последниот пајонски крал Дропион владеел од градот Аударист (Градиште, село Дреново), каде се претпоставува дека ги ковал неговите бронзени монети.

Потсетуваме дека сè уште не се научно разјаснети сребрените монети на владетелите Теутај, Бастарej, Никарх, Симон, Диплај, од доцниот V и од IV век пред н.е. Се претпоставува дека станува збор за локални пајонски владетели, „кнезови“, имајќи ја предвид големата територија што ја населувале голем број пајонски племиња во текот на архајскиот и класичниот период. Денес можеме да зборуваме за најмалку шест географски целини во кои егзистирал античкиот пајонски народ. Се работи за Горновардарска Пајонија, Долновардарска Пајонија, Долнобрегалничка Пајонија, Горнобрегалничка Пајонија, Струмичко-радовишка Пајонија; но, областите на горното течение на реката Вардар (Полог, Скопско), како и долината на Крива Река ги населувале исто така Пајонците, поточно пајонските Агриани под кралот Лангар.

Во целата оваа голема територија егзистирале голем број пајонски градови, гратчиња, цивилизациски средишта во овие региони, населби. Би ги споменал на ова место: Добер (Исар, Валандово), Астрајон (Цареви Кули, Струмица), градот на Пилав Тепе (село Шопур, меѓу Штип и Радовиш), населбата на Голема Кале (село Калуѓерица, радовишко), гратчето на Трескавечка Чука (село Долни Радеш), градот Астибос (Штип), населбата Запара (Голем Цапар, село Крупиште), Келенидин (се претпоставува на Виничко Кале, Виница), Армонија (Калата село Дулица), градот на Кула (село Судиќ, штипско), градот на Градиште кај село Немањица (светиниколско), градот на Градиште село Кнежје (Билазора?), Алмана (Градиште, Кочилари), Аударист (Градиште, Дреново), Арг на локалитетот Видин Град село Водоврати, Стоби на утоката на Еригон во Аксиј, Антигонеја (Градиште Неготино, и Стена (Клисурско Маало и Бања, Демир Капија). Во македонскиот дел на пајонското кралство Агријанија позначајни градови

[157] Papazoglu F., 1969., 111-117.

биле на локалитетите кај селата Бразда и Студеничани, односно на Градиште на реката Пчиња кај селото Младо Нагоричани во општината Старо Нагоричани и т.н.

Во овој момент останува отворено прашањето дали и во кој од овие градови столувале споменатите владетели кои емитирале сопствени сребрени монети? Северните независни пајонски заедници во раната антика напредувале повисоко во цивилизациски поглед и меѓу нив секако постоел културен натпревар по углед на градовите на Блискиот Исток.

Во времето на Антигон II Гоната (283–240/39), Дарданците се мирни. Поетот Антагора патувал во придружба на кралот Антигон Гоната во еден поход на Дарданците на север, датиран приближно од 276 до 274 година пред н.е. В. Тарн се сомнева дека овој поход бил насочен кон Дарданците.[158] Моите теренски истражувања со сигурност лоцираат правец на движење и подигање воени кастели од страна на воени единици на кралот Антигон Гоната насочен во одбрана на северозападната граница на Македонија, т.е. на влезовите во Линкестида и Деврионп, низ кои доаѓале упадите на Илирите – иако на овој за нив спореден правец можеле да упаѓаат и Дарданците преку Полог и Кичевско кон Демир Хисар. Очигледно е дека правецот на движењето на Антигон Гоната, од Линкестида преку Деврионп, го покажуваат воените утврдувања-кастели што тој ги оформил. Тоа била линијата Долно Кале, Лера – Градиште, Граиште – Градиште, Жван. Имено, како што видовме, кај кастелите на локалитетите: Долно Кале кај селото Лера на реката Шемница (Бева) за блокада и заштита на патот кон градот Линк (Црнобуки); Градиште, село Граиште (девриопскиот град Брианиј); и кастелот на локалитетот Градиште кај селото Жван во долината на Еригон низ Демир Хисарско, откривме особено зголемена концентрација на монети на Антигон Гоната, што се резултат на платите на неговите војници.[159] Неговите монети се откриени во единечни примероци во долината на Аксиј / Вардар на локалитетите: Вардарски Рид, Гевгелија; Клисурско Маало, Демир Капија; Градиште, Неготино; Градиште, Згрополци; Градиште Добрино, Исар, Студеничани (2), Скопско Кале. Монетите на Антигон Гоната исто така во единечни примероци ги забележуваме и западно од Вардар на: Градиште, Глишиќ; Градиште, Дреново; Стража, Фариш, и Градиште Горна Клисура, Оморани на Бабуна; додека источно од Вардар се забележани на: Вестерно, Раброво и Цареви Кули, Струмица.

Во средината на III век пред н.е., седум години по неуспешното крунисување на Аристон, синот на Авдолеон, за крал на Пајонија во 285/4 година пред н.е., го гледаме пајонскиот крал Леон (по 278–ок. 250) кој кова свои бронзени монети.[160] Во тој контекст умесно е прашањето, дали можеби Леон, уште пред Дропион, бил тој кој ја дислоцирал пајонската престолнина на десниот брег на Вардар во градот Аударист, пред агресивните тракиски Меди во горниот тек на Брегалница?

Дропион (ок. 250–ок. 230 година пред н.е.), кој со владеењето навлегува во втората половина од III век пред н.е., ја консолидирал Пајонија и се смета за основач на пајонскиот којнон (заедница), судејќи според натписот на базата за коњаничка статуа на самиот Дропион од Олимпија, што му ја посветила пајонската заедница.[161]

---

[158] Papazoglu F., 1969., 111, фн. 43.

[159] Лилчиќ В., 2009., 74-76, 196-198.

[160] Petrova E., 1999., 21, 107; Pavlovska E. 2008., 24.

[161] Papazoglu F., 1969., 111-112; Petrova E., 1999., 21.

Сл. 39. Градиште, Делисинци, од север.



Сл. 40. Градиште, Делисинци, план В. Лилчиќ Адамс.

Можеби таквата консолидирана Пајонија под кралот Дропион била причина за нејзиното заобиколување од Дарданците. Тие навлегувале по западните коридори, веројатно низ долината на реката Треска во Пелагонија, и можеби битката во која бил разбиен и веројатно загинал македонскиот крал Деметриј II (239–229) се одвивала на фронтот Барбарас – Дебреште во северна Пелагонија. Ова мнение би добило на тежина доколку се докажеше дека бронзените штитови од Старо Бонче, припаѓале на воената гарда на кралот Деметриј II, а не на Деметриј I Полиоркет, на што индиректно упати движниот археолошки материјал откриен во заштитната сонда[162] околу керамичниот ќуп, од кој штитовите биле насилно извлечени од страна на некој илегален трагач.

Смртта на македонскиот крал Деметриј II

Инаку, податоците во изворите за овој настан се скромни. Според Ливиј, дарданскиот водач Лонгар војувал против македонскиот крал Деметриј II.[163] Според Помпеј Трог, кралот на Македонците Деметриј бил разбиен од Дарданците, а по неговата смрт, управувањето во името на неговиот син Филип V го презел Антигон Досон.[164]

Дали во овој контекст можеби станува збор и за поклопување на крајот на двата крала, пајонскиот Дропион и македонскиот Деметриј II? Имено, можеби во големиот пробив на Дарданците под водачот Лонгар, околу 230 година,[165] долж Вардарската магистрала, најпрво паднал Дропион со што е обезглавена Пајонија, а потоа, во 229 година пред н.е. и Деметриј II. Во врска со овие историски моменти, Ф. Папазоглу верува дека Дарданците во тоа време ја загосподариле Пајонија.[166]

Како и да е, Пајонија во времето на осумгодишното владеење на македонскиот крал Антигон III Досон (229–221) немала крал. Според тоа, денес можеме да претпоставиме дека токму Антигон III Досон, кој ја организирал одбраната на Вардарскиот коридор, го реализирал анектирањето на Пајонија кон кралството Македонија. Историските извори молчат за било каква анексија на Пајонија кон Македонија под Антигон III Досон. Голема штета е што кралот Антигон III Досон не исковал позитни пари од неговите јубилејни тетрадрахми, за да можеме да го следиме на терен и преку нумизматиката. Кралот Деметриј II сепак ковал помали бронзени апоени,[167] иако нивната идентификација сè уште се смета за проблематична.

Ф. Папазоглу, цитирајќи ги тезите на Гр. Г. Белох и Ф. В. Валбанк дека Антигон III Досон им го отстапил северниот дел на Пајонија на Дарданците, истакнува дека овој македонски крал ја припоил јужна Пајонија кон Македонија, а за нејзината контрола го оформил градот Антигонеја на Аксиј (Градиште, Неготино), како македонска воено-стратегиска база.[168]

Забележавме дека монетите на кралот Антигон Гоната на просторите на Пајонија се минимални наспроти големата концентрација на монетите на Филип V и Персеј.

---

[162] Bitrakova Grozdanova V., 2007., 863-873.
[163] Liv. XXXI. 28. 1, 2.
[164] Papazoglu F., 1969., 112, ф.н.47.
[165] Papazoglu F., 1969., 112, ф.н. 47, фн. 48.
[166] Papazoglu F., 1969., 112.
[167] Таневски, Д., 2019, 301-305.
[168] Papazoglu F., 1969., 113-114, ф.н. 54.

И. Микулчиќ, кој изработил посебна студија за убикација на Антигонеја на локалитетот Градиште кај Неготино, без да ја коментира оваа идеја, основањето на градот Антигонеја безрезервно му го припишува на македонскиот крал Филип V.[169] Сепак, Пајонија во текот на владеењето на македонскиот крал Антигон III Досон се наоѓала во мошне тешка состојба. Од север постојано упаѓале Дарданците, од југот маршрирала во одбрана македонската војска.

Најжестоките Дардански напади на Македонија се одвивале во времето на младиот крал Филип V (221–179), кој бил востоличен на седумнаесет години.[170] Имајќи ја пред очи *тукуречи бесмртната* (дарданска) *омраза кон македонските кралеви* и кон неговата младост,[171] Филип V бил свесен дека мора дефинитивно да ја обезбеди северната граница. Тоа го сторил во 217 година пред н.е.

Полибиј за овој настан забележал:

Во исто време кралот Филип го освоил Билазора, великиот пајонски град, поволно сместен за упадите од Дарданија во Македонија. Со неговото освојување, речиси се ослободил од дарданската опасност, бидејќи Дарданците повеќе не можеле толку лесно да упаѓаат во Македонија откако Филип го освоил споменатиот град, а со него и приодите кон Македонија.[172]

Што можеме да научиме од овој цитат? Дека пајонскиот град Билазора во тоа време бил во рамките на Македонија. Полибиј во својот текст го истакнува ова дури трипати.

Натамошните извори за 209 година пред н.е. говорат за силен и длабок дардански пробив во Македонија, но преку западните коридори, низ Пелагонија и Линкестида, сè до Орестида.[173] Ф. Папазоглу претпоставува дека оваа, западна насока на дарданскиот пробив, се должи на силната контрола на долината на Вардар од страна на кралот Филип V, диктирана како од страна на освоениот град Билазора, така и од две македонски воени бази (Отовичко Кале, Башино Село; Корија Раштани) но и од уште неколку антигонидски кастели и логори, што ги откривме во текот на минатите години и особено во 2021 година.

Да споменеме само уште три историски податоци од изворите, сметајќи дека се корисни за овој текст:

Сметајќи дека за неговата контраофанзива против Рим, би било полезно да има опсервација над земјата од највисоката планина, кралот Филип V решава да се искачи на планината Хем (Haemus, Балкан планина во Република Бугарија).[174] На оваа експедиција тој тргнал од градот Стоби. Откако ја преминал земјата на тракиските Меди и пустата зона потоа, на седмиот ден дошол до подножјето на планината Хем. Но, пред да тргне, тој го вратил својот романофилски настроен син Деметриј назад, во Македонија, со намера да не ги дознае неговите крајни намери за војувањето против Рим. За овој настан Тит Ливиј забележал: *За безбедноста на патот на Деметриј во Македо-*

[169] Микулчиќ И., 1984., 167-136.
[170] Papazoglu F., 1969., 114-115, ф.н. 58.
[171] Papazoglu F., 1969., 115, ф.н. 59.
[172] Pol. V, 97.
[173] Papazoglu F., 1969., 117-118, ф.н. 74.
[174] Lyv. XL. 21.

*нија, бил задолжен да го придружува **Дида, стратегот*** (управителот) ***на Пајонија**, еден од кралските офицери* (генерали)*, со не многу голема придружба.*[175]

Подолу во истата книга, Ливиј наведува како *Деметриј замислувал бегство кај Римјаните; и **стратегот на Пајонија** му се прикажал како помошник пратен од боговите, затоа што **низ неговата провинција** Деметриј се надевал да се промолкне, не подложувајќи се на опасност.*[176]

А на трето место Ливиј вели: *Нив ги вооружил и собрал **Пајонецот Дида од Пајонија**, којшто го убил младиот Деметриј.*[177]

Што ни кажува ова? Дека во моментите на елиминацијата на македонскиот принц Деметриј, помладиот син на кралот Филип V, Пајонија е веќе македонска провинција, и тоа во административната форма стратегија или воен протекторат, со воен командант на чело. Тоа бил кралскиот генерал Дида, кој бил Пајонец од Пајонија.[178]

* * *

Да ги резимираме накусо и почетните археолошки елементи на Филиповиот проект стратегија Пајонија.

Стартната точка за анектирањето на Пајонија била Амфакситида, од каде кралот Филип V тргнал во средниот тек на Аксиј / Вардар, во Пајонија. Очигледно е дека стартни бази биле градовите Гортинија (Вардарски Рид, Гевгелија) и Идомене (Исар, Марвинци). На Вардарски Рид биле откриени поголем број монети на кралевите Филип V и Персеј, како и монети на полуавтономните области и градови под Филип V и Персеј; Амфипол, Пела, Тесалоника, како и монети на римскиот квестор Гај Тамиј Публилиј.[179] Амфакситидскиот македонски град Гортинија ја имал улогата на „отскочна штица" на воените операции на Филип V во правецот долж десниот / западниот брег на реката Аксиј; од градот Идомене на Исарот кај село Марвинци, пак, стартувале воените операции како долж левиот / источниот брег на реката Аксиј, така и кон југозападна Пајонија – областите на Струмичко и Радовишко. Ова го потврдуваат монетите на Филип V, Персеј,[180] меѓу кои посебно внимание привлекува откриената остава од бронзени монети на кралот Филип V, веројатно траг на Филиповиата кампања кон Пајонија.[181]

Демир Капија била северна македонска гранична точка со маркантната воена база на локалитетот Маркова Кула, село Корешница, оформена уште под Аргеадите во раната антика. Втората насока по која Антигонидите тргнале во освојувањето на Пајонија е патот од Амфакситида преку зоната на Доберите и Астраите, што значи од Гевгелиско, Валандовско, преку просторот на селото Костурино во Струмичко и понатаму Радовишко.

---

[175] Lyv. XL. 21. 9.

[176] Lyv. XL. 23. 2.

[177] Lyv. XLII. 51. 6.

[178] За дискутабилноста на пајонската припадност на Дидас, види кај: Petrova E., 1999., 150, ф.н. 32.

[179] Хусеновски Б., 2004, 36-46.

[180] Шелдаров Н., 2003, види броеви: 549, 550, 569, 572, 575, 576, 579, 580, 581, 586, 588, 595, 630, 636, 682.

[181] Šeldarov N., 1996, 41-43, T. I-II.

Главните македонски воени утврдувања во Демир Капија биле расположени и на двата брега на реката Аксиј. На левиот брег се наоѓале македонските тврдини со стражарски кули на споменатиот локалитет Маркова Кула Корешница и на Челевечко Кале, село Челевец. На десниот брег се наоѓале македонските тврдини на локалитетите Рамниште и Горни Краставец, на високиот карпест срт помеѓу Демир Капија и селото Клисура.

Истражувањето на нивните содржини и фортификациски периметри ја датираат Маркова Кула, Корешница оптимално или во времето на кралот Александар I (498–452), чиј што сребрен тетробол е најраната откриена монета. На локалитетот се откриени бронзени монети на: Аминта III (394/3–370/369), Филип II (359–336), Александар III (336–323), Касандар (316–297), и во концентрација на Деметриј I Полиоркет (294–287). Наодите на монети на кастелот на Горни Краставец, како и идентичната фортификациска рамка со воената база на Рамниште, Демир Капија, ги датираат овие две утврдувања во периодот по владеењето на Александар III, т.е. во првата половина од III век пред н.е., преку монетите на Александар III (сребрена драхма искована постхумно во Колофон во 310 година пред н.е., и четири бронзени монети на Деметриј I Полиоркет.[182]

Македонското навлегување во Пајонија пред сè имале за цел да ги спречат пробивите на Дарданците низ долината на Аксиј. Тоа значи дека експедициите на Антигонидите воделе главно во таа насока. И токму тоа го потврдуваат историските извори, споменувајќи извесни точки поврзани со експедициите на македонските кралеви Филип V и Персеј во таа насока: на пример, освојувањето на градот Билазора, или стартот на Филиповата експедиција на планината Хем од градот Стоби – или пак маршот на македонската војска на Персеј до градот Алмана на реката Аксиј (Градиште, село Кочилари) во последниот обид да ангажира сојузничка војска за војната против Рим.[183]

Точно е дека Филип V ја стабилизирал одбраната на ридско - планинската зона помеѓу регионите на Велес и Овче Поле на југот и скопско–кумановско на север, на што прелиминарно посочуваше И. Микулчиќ.[184] Нашите истражувања уште конкретизираа концентрација на антигонидската војска на Филип V и Персеј, на Аксиј северно од Велес. Сè уште не можеме децидно да тврдиме дека тоа била најсеверната македонска гранична линија во тоа време, имајќи ги предвид сè поголемиот број нумизматички наоди на Аргеадите и Антигонидите во регионите на Полог, Скопско и Кумановско.[185]

Филип V организирал колонизација на долината на реката Аксиј. Тој ја основал воената база Антигонеја, подоцна конвертирана во цивилен град, населил колонисти во Гурбита (Градиште село Згрополци,[186] а иако сè уште немаме конкретни докази, ја претпоставувам можноста дека токму тој го ревитализирал со колонизација стариот град Алмана (Градиште, Кочилари).[187]

---

[182] Lilcik (Adams) V., 2008., 2-26.

[183] Lilcik (Adams) V., 2010., 2010, 23-28; Lilchikj Adams V., 2021-2022.

[184] Микулчиќ И., 1976., 1976., 149-164.

[185] Лилчиќ Адамс В., 2019.

[186] Станчевски И., 1997., 68-80.

[187] Lilcik (Adams) V., 2010.

Во овој контекст мошне е важно дефинирањето на протогениот карактер на античкиот град (според монетните наоди очигледно значајна военостратегиска база на Антигонидите) Антигонеја на Градиште, Неготино.

Филип V навлегол во долината на Аксиј. Тој го согледал значењето на прастариот крстопат кај денешно Неготино, од каде се одвојувал на запад патот кон градот Аударист и кон Пелагонија, на исток кон Астибос преку планината Серта. Моите теренски истражувања ги посочија правците на напредувањата на Филиповите воени единици: во долината на Лакавица, по сртот на Конечка и Серта и по долината на Аксиј. Токму кај Неготино на Вардар, му била потребна координација со двата источни правци, но и со патот кон Пелагонија на запад. Верувам дека токму од овие конкретни воено-стратегиски потреби на Филип V произлегло оформување на военостратегиска база на платото на Градиште Неготино.

Во основа не постојат историски податоци дека Антигонеја на Аксиј била во старт оформена како град, но и обратно. Името Антигонеја (Antigoneia) се појавува многу подоцна, на т.н. Појтингерова Карта, изработена според оригинален документ што датира од IV век н.е. Животот во градот Антигонеја кај Неготино започнал во архајско време,[188] што значи дека тоа била една пајонска населба. Но, на локалитетот доминира културен хоризонт датиран во доцниот Македонски период (III и II век пред н.е.), со забележителна концентрација на монетите на Филип V и Персеј (19), и повеќе примероци на автономна Македонија под Филип V и Персеј.

Забележувам дека на најголемиот број тука претставени локалитети – военостратегиски бази и кастели каде што престојувале воените единици на Филип V и Персеј, ги откриваме монетите на римските квестори Гај Тамиј Публилиј (168–166) и Лукиј Фулкиниј (168–166). Ова значи дека по поразот на македонската војска кај Пидна во 168 година пред н.е., Рим организирал преземање на сите военостратегиски точки што ги држела македонската војска, па така и воените бази и кастели во Македонската стратегија Пајонија, за што сведочат монетите на Публилиј и Фулкиниј.

Концентрацијата на македонската војска во регионите на Велес и Овче Поле сепак била неминовна. Споменавме дека резултат на македонското присуство во овие простори се најмалку двете споменати утврдувања, Отовичко Кале кај Башино Село и Кале кај селото Слп. Нешто посеверно од Кале, Слп се наоѓа уште еден кастел оформен во раната антика со потврдена антигонидска припадност (монета на кралот Персеј). Тоа е кастелот на локалитетот Цуцулигово кај селото Карабуниште. Се чини дека најсеверната точка до која стигнала Филиповата (Филип V) војска била фортификацијата Градиште село Долно Добрино, во скопската општина Зелениково.

Изворите од ова време молчат за односот на Антигонидите и пајонскиот град Аударист (Градиште, Дреново). Меѓутоа, имајќи ја предвид визуелната комуникација помеѓу македонската воена тврдина на Горни Краставец со акрополата на градот Пелагонија на врвот Висока, село Крушевица, каде што се регистрирани монети на кралевите Деметриј I Полиоркет и Антигон Гоната, како и претставените антигонидски воени фортификации во овој труд, индиректно укажуваат на фактот дека Антигонидите цврсто ги контролирале патните комуникации од долината на Аксиј кон Пелагонија,

[188] Микулчиќ И., 1984., 111, ф.н. 1, 118-126.

што е потврдено со повеќе антигонидски кастели опишани во овој текст. А исто било и со комуникацискатa линија долж долината на реката Бабуна помеѓу северна Пелагонија и Велешкиот регион.

Според тоа, клучни антигонидски тврдини во насоката од реката Аксиј преку градот Аударист, планинскиот превој Плетвар до градот Керамија (Варош кај Прилеп), се регистрирани на локалитетите: Стража и Маркова Кула село Фариш, Марков Чардак село Топлица и Горно Кале село Плетвар.

Во насока од долината на Аксиј долж долината на Еригон кон линкестидскиот град Линк (Црнобуки), регистриравме тврдини на локалитетите: Забот село Драдња, Богданова Нива село Чаниште, Кале село Рапеш, Кула село Скочивир.

Во насоката од Велес долж долината на реката Бабуна кон планинските премини Клетовник и Гостиражни во Пелагонија, ги регистриравме антигонидските кастели, бази и воени логори на локалитетите: Велешко Кале Велес, Кале село Стари Град, Градиште Крст Горна Клисура село Оморани, Марково Кале село Теово, Кале Завој село Гостиражни, Ѓоноец село Ораов Дол и Горни Соколец село Габровник.

Во оваа насока се чини дека Пајонците од Аксиј и Пелагонците биле попитоми и покооперативни, за разлика од Пајонците од долината на Астибос. Доказ за отпорот на Источните Пајонци и аналогно демонстрацијата на воената сила од страна на Филип V и Персеј, евидентиравме токму во таа насока. Поаѓајќи од Демир Капија, по планинскиот срт на Конечка Планина, веројатно уште Филип V оформил најмалку две воени утврдувања: веќе споменатите фортификации на локалитетот Кале на Бели рид село Калањево, и второто, на Кале Антени село Лесковица. Во таа насока идентификувавме силен антигонидски воен кастел на локалитетот Цитате кај селото Шеоба, на 4.5 километри југозападно под ридестото пајонско гратче на локалитетот Големо Кале село Пухче, поставен на самиот срт на Серта.

Во северозападното продолжение на Серта се наоѓале пајонските градчиња на локалитетите Перчи Кулбаши село Аџи Рецепли, Градиште Веледрица кај село Драгоево, кои што биле контролирани директно со војската на Персеј сместена во нивните акрополи.

Долината на Астибос од Стоби до градот Астибос (Штип) била прастара комуникација. Но како што евидентиравме, Антигонидите и на овој патен коридор му посветиле стратегиско внимание. Имено, патната контрола била обезбедувана најнапред од кастелот на Вршник Плоча село Џидимирци, на левиот брег на Аксиј веднаш отспротива Стоби, потоа од кастелот на локалитетот Кале Кара Таш село Убого, потоа од големиот град на локалитетот Исар, село Црешка. Потоа следи Градиште село Јамуларци на ридот отспротива утоката на Светониколска река во Астибос. Но и од кастелите на локалитетите Кале и Тиса село Скандалци на левиот брег на Астибос, како и на локалитетите Долно Кале село Богословец на десниот брег на Астибос. Потоа од акрополата на анонимниот антички град на локалитетот Исар село Аџи Амзали, КО Едеклерци, што бил оддалечен околу 4 километри југозападно од коритото на Астибос.

Во овој контекст значајно е да се спомене дека Филип V и Персеј или ги сместувале воените единици во акрополите на пајонските градови и гратчиња, или оформувале воени бази и кастели во нивна близина, ориентирани за контрола на патните правци и коридори.

Слична била состојбата на јужниот дел од пајонското Овче Поле. Македонската војска која што напредувала долж споменатиот долен тек на Астибос а потоа по долниот тек на Светиниколска Река излегла во Овче Поле. Регистриравме значаен антигонидски кастел на локалитетот Кула село Ќоселери со монета на Персеј. Веројатно кралот Филип V ја оформил силната воена база на локалитетот Градиште кај село Делисинци за контрола на овој дел од Пајонија и патот кон градот Астибос.

Останува за решавање проблемот на пајонскиот град на локалитетот Градиште, Криви Дол, каде што се откриени монети на македонските кралеви: Александар I (1), Филип II (2), Александар III (2), Филип V (1), монети на Пела, Амфипол, автономна Македонија под Филип V и Персеј,[189] и Персеј (4).[190] Очигледен е интересот на македонските кралеви за овој локалитет. Дали држи претпоставката дека можеби се работи за перманентна македонска воена база за контрола на горниот дел од долината на Астибос, или можеби интересот на кралевите бил насочен кон златните и сребрените рудници во притоките (Злетовица) и горниот тек на Брегалница (Пекљани).

Патната комуникација од Амфакситида преку Добер (Валандово) до Астрајон (Струмица) ја контролирале антигонидските кастели на локалитетите Вестерно село Раброво, Василица село Костурино и Падарница село Куклиш.

Според прелиминарната опсервација на наведените патни комуникации и антигонидските фортификациски пунктови, можеме во овој момент да дискутираме во хронолошки смисол, за најмалку две фази во анектирањето и контролата на античкото кралство Пајонија и неговото административно конвертирање во македонска област наречена стратегија Пајонија.

Квантитативно монетите на Персеј на територијата на македонската стратегија Пајонија ги надминуваат монетите на Филип V во приближен размер 2:1.[191] Филип V бил принуден да го стабилизира северот на Пајонија, од каде на пример уште во 279 година пред н.е. продреле Галите, но и од каде уште во текот на IV и III век константно продирале Дарданците. Меѓутоа, неговото внимание сериозно се концентрира и на западот на Македонија, кон Јонското море, од каде агресивно настапувале римските легии. Токму монетите укажуваат дека Филип V ги оформил првите стратегиските бази и кастели, но неговиот син Персеј, освен што ги одржувал кастелите и базите што ги оформил неговиот татко, оформувал и нови фортификации. Зголеменото присуство на монетите на Персеј во македонската стратегија Пајонија се должи повторно на будноста и подготвеноста на македонската војска за одбрана од римските сојузници Дарданците, при што тој самиот лично доаѓа со војската, како што забележал преку анализата на нумизматичките наоди и Н. Шелдаров.[192]

Претставените нумизматички наоди како и остатоците на антигонидските воени бази и кастели во Пајонија укажуваат на нивна концентрација пред сè по долината на реката Аксиј (Вардар), потоа во долниот тек на долината на реката Астибос (Брегалница), како и во долините на реките Еригон (Црна Река) и Бабуна, што значи претежно

[189] Шелдаров Н., 2003, броеви: 68, 18, 136, 348, 399, 403, 466, 475, 571, 647.

[190] Шелдаров Н., 2013, броеви: 50, 174, 201, 210.

[191] Уште П. Јосифовски констатираше дека овој сооднос за територијата на Р. Македонија изнесува: Филип V : Персеј 1:1.5, види: Јосифовски П., 2017, 40.

[192] Шелдаров Н., 2013, 31-32.

во западниот дел на Пајонија. Антигонидските военостратегиски бази и кастели ги нема, не се регистрирани во средниот и горниот тек на реката Астибос (Брегалница). Претпоставувам дека главната причина за ваквата појава се патните коридори и правци по кои навлегувале Дарданците од север во македонска Пајонија.

КРАТЕНКИ

AJA – American Journal of Archaeology
APA – American Philological Association
BAL – Boletino di Archeologia on Line, Roma
ГЗФФСк – Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје
MAA – Macedonia Acta Archaeologica, зборник трудови на Македонското археолошко научно друштво
MH – Македонско Наследство, Скопје
FAB – Folia Archaeologica Balcanica, Faculty of Philosophy Skopje
SASA – Serbian Academy of Sciences and Arts, Belgrade
CCC – Студии за старините во Стоби
TFAR – Texas Foundation for Archaeological and Historical Research, Houston Texas
TIR – Tabula Imperii Romani, Ljubljana 1976.

ЛИТЕРАТУРА

Angelovski B., Spasova D., Stančevski I., Denkovski K, 2017: Archaeological research at the Drma-Bader site (excavation 2014 and 2016), Arheološki informator, vol 1, Academic Journal of Archaeology, publisher NGO Menelaj, Prilep 2017, 47-52.

Ангеловски Б., Спасова Д., 2018: Археолошкиот локалитет „Дрма“ – Бадер и проблемот на убикацијата на Бадеријана, Balcanoslavica no 47, Prilep 2018, 45-54.

Bitrak, S., Sekunda N. V., 2015: Excavation Coins and Stray Finds ancient, Coins from Excavations at Negotino Gradište 2009-2011, The Numismatic Chronicle, Vol 175, published by: Royal Numismatic Society, London 2015, 345-356, Plates 50-54.

Bitrak, S., Brillowski W., Sekunda N. V., 2017: Excavation Coins and Stray Finds ancient, Coins from Excavations at Negotino Gradište 2012, The Numismatic Chronicle, Vol 177, published by: Royal Numismatic Society, London 2017, 481-493, Plates 55-63.

Bitrak, S., Brillowski W., Sekunda N. V., 2018: Excavation Coins and Stray Finds ancient, Coins from Excavations at Negotino Gradište 2013-2017, The Numismatic Chronicle, Vol 178, published by: Royal Numismatic Society, London 2018, 389-398, Plates 47-52.

Blaževska S., Pavlovski G., 2008: The Recent Discoveries at Gloska Čuka, R. of Macedonia, BAL, International Congress of Classical Archaeology, Meetings between cultures in the ancient Mediterranean, volume special, Roma 2008, 1-15.

Блажевска С., Павловски Г., 2018: Погребувања од хеленистичкиот период во Стоби, ССС, Том IV, Стоби 2018, 12-36.

Видевски З., 2004: Доцнобронзена некропола Димов Гроб – Уланци, магистерски труд, Филозофски факултет Скопје, Скопје 2004.

Винчиќ Ж, и коавтори, 1996: 2 Богородица, Кофилак – Богородички Даб, во: АКРМ Том II, МАНУ, Скопје 1996, 95.

Винчиќ Ж., Ивановски М., 1996: 21. Смоквица, Туфка, во: АКРМ Том II, МАНУ, Скопје 1996, 105.

Wiseman J. and Mano-Zissi Dj, Oct. 1972: Excavation at Stobi, 1971, AJA, Vol. 76, no. 4, October 1972, 407-424.

Gaebler H., 1906 / 1935: Die Antike Münzen von Makedonia und Paeonia, Berlin 1906, 1935.

Георгиев З., 1990/1991.Три предримски населби крај Пчиња, Годишен зборник на Филозофски факултет, бр. 17-18, Скопје 1990/1991, 91-103, планови I-III, сл. 1-7.

Здравковски Д., 1996: Топот, во: АКРМ, том II, Скопје 1996, 84.

Донев Д., 2018: Градот Аргос на реката Вардар: први резултати од рекогносцирањето на керамичкиот покривач, Патримониум, год. 11, бр. 16, Скопје 2018, 51-78.

Донев Д., 2020: Периметралните ѕидови на локалитетот Видин Град, кај село Водоврати, Патримониум, год. 13, бр. 18, Скопје 2020, 345-378.

Јовановска Б., 2014: Циркулација на монетите во античкиот град Стоби, Скопје 2014, 1-263, Т. I-XI (магистерски труд одбранет на Филозофскиот факултет Скопје во 2014 година).

Јовчевска Т., 2008: Кале Енеолитска куќа, ЛУ Народен музеј Велес, Велес 2008, 1-69, Т. I-XII.

Јосифовски П., 1994: Збирен наод од 13 монети од локалитетот Кале Башино Село, Велес, *МНГ* 1, 57-62.

Јосифовски П., 2017: Монетите и нивната циркулација на територијата на Р. Македонија во римскиот републикански период, докторска дисертација, Универзитет Св.Кирил и Методиј-Скопје, Филозофски факултет Скопје, Институт за историја на уметност и археологија, Скопје 2017 1-315, Т. 1-58, 6 карти.

Лилчиќ (Адамс) В., 1988-1989: Доцнежноантичките тврдини во Тиквеш и Витачево, ГЗФФ, бр. 15-16 (41-42), Скопје 1988-89, 115-136 (резиме: Le lieux fortifiés a Tikves et Vitacevo de la Basse Antiquité, 129-130).

Лилчиќ-Адамс В., 1991. Нови наоди од доцноантичките крајпатни кастели кај Рогле Свиларе, Сопот (ad Cephalon) и Фариш, Историја 1988/89/XXVI-XXV/бр. 1-4, Скопје 1991, 145-154, + Т. I-XII.

Лилчиќ (Адамс) В., Станчевски И., 1992: Топографија на доцноантичкиот кастел Стража кај Фариш, ŽA бр. 41-42, Скопје 1992, 109-114, (резиме: Topography of the Late Antique Castle „ Straža“ near the Village of Farish along the Way Eu(da)ristus – Ceramiae, 112).

Лилчиќ (Адамс) В., 2001: Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот, МЦ, Скопје 2001.

Lilchikj (Adams) V., 2006/1: Weg Audarist – Neapolis, Folia Archaeologica Balcanica (FAB), no 1, посветен на професор акад. В. Битракова Грозданова, Филозофски факултет – Скопје, Институт за историја на уметност и археологија, Оддел за археологија, Скопје 2006, 185-203.

Лилчиќ (Адамс) В., 2006/2: Патот Аударист – Неапол, МН/МН, бр 29, Skopje 2006, 48-68.

Lilchikj (Adams) V., 2006/3: the Road Audaristus - Neapolis, МН/МН, бр 29, Skopje 2006, 48-68.

Лилчиќ (Адамс) В., 2008: Три тврдини на македонските кралеви во Демир Капија, МН бр. 33, Скопје 2008, 2-26.

Лилчиќ В., 2009/1: Линкестида и Деврионп, издавач: Македонска Цивилизација Скопје, Скопје 2009, 1-232.

Lilcik (Adams), V. 2009/2:Perseus “in Ripa Fluminis Axii posuit Castra” (T. Livy, XLIV. 26.2-12), HISTRIA ANTIQUA, Sv./Vol. 18/1, Pula 2009, 467-472.

Lilcik (Adams) V., 2010: A Hypothesis on the Identification of the Site of Paeonian City of Almana, MC no. 36-37, Skopje 2010, 23-28.

Lilchikj (Adams), V., 2011: Macedonian region Strategia Paeonia, MH no 38-39, Skopje 2010, 15-71.

Lilchikj Adams V., Shirtovski I., Atanasovski V., Simonovski V., Adzievski F., 2016: Ancient Kingdom of Macedonia and the Republic of Macedonia, Cultural Heritage Protection Office, Skopje 2016, 1-86.

Lilčić Adams V., 2018: Fanula Papazoglu’s Research and the City of Pelagonia in the Light of Recent Discoveries, paper from the Professor Fanula Papazoglu Centenary Symposium, in: Students and

colleagues for Professor Fanoula Papazoglou, international conference Belgrade, October 17-18,2017, SASA, Scientific conferences, Vol. CLXXIII, Book 40, Belgrade 2018, 53-77.

Лилчиќ Адамс В., 2019:Скупи и античката цивилизација на Скопско, во студијата: Скопје осум милениуми живот, култура, творештво, Филозофски факултет Скопје, Скопје 2019.

Lilčić Adams, V., 2021.T. Livii, Ab Urbe Condita XXXI. 28. 5 (Angustias Quae Ad Pelagoniam Sunt Mittit); XXXI. 22. 2-4 (Faucibus Ad Pelagoniam); XXXI. 34. 6 (Quod In Faucibus Pelagoniae Erat), Science and Society, Contribution of Humanities and social sciences, Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of, SS. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Philosophy, Skopje 2021, 137-157.

Lilchikj Adams V., 2021-2022: Search for the ancient city of Almana Perseus "Ad Almanam urbem pervenit et in ripa fluminis Axi posuit castra" (T. Livy, XLIV. 26. 8), предадено за печатење во: Thracia Balcanica, издавач ДИОС, Балкански институт за тракологија, Софија.

Lilchikj Adams, V., Jakimovski A., Ilievski, A., Shirtovski, I., Treneski G. 2022: Macedonian Kings Philip V and Perseus, concentrate army in the valley of Axius, between Veles and Skopje, Skopje 2022, forthcoming.

MacKay P. A., 1968: Bronze Coinage in Macedonia 168-166 B.C., Museum Notes, New York 1968.

Mikulčić I., 1966, Pelagonija u svetlosti arheoloskih nalaza, Skopje 1966, 1-96, T. I-XXIX.

Микулчиќ И., 1975.: Топографија на Еу(да)рист, МАА бр. 1, Прилеп 1975.

Микулчиќ И., 1976.: Убикација на Билазора, ГЗФФ Скопје, бр. 2 (28), Скопје 1976, 149-164, сл. 1-13.

Mikulčić I., 1976/2: Gradec, во: TIR, Ljubljana 1976, 59.

Микулчиќ И., 1982.: Хеленистички тврдини во Демир Капија и Бабуна, Зборник на ФЗФ Скопје, кн. 34, Скопје 1982, 127-143.

Микулчиќ И., 1984.: Проблемот на Антигонеја, Зборник на ФЗФ Скопје, кн. 11(37), Скопје 1984.

Микулчиќ, И.: 1985/1: Средновековен град Велес, ГЗФФ кн 12(38), Скопје 1985, 82-100.

Микулчиќ, И.: 1985/2: Стоби во предримско време, ГЗФФ кн 12(38), Скопје 1985, 101-117.

Микулчиќ И., 1987: Градот Чрешче, ГЗФФСкопје, Том 40, Скопје 1987, 101-123.

Микулчиќ И., 1988-1989: Топографија на Стенае – Просек – Демир Капија, Зборник на ФЗФ том 41-42, Скопје 1988-1989, 65-88.

Микулчиќ И., 1999: Антички градови во Македонија, Макропроект „Историја на културата на Македонија", кн. 8, МАНУ, Скопје 1999, 1-455, слики 1-282, карти 1-2.

Mikulčić, I. 2002: Spätantike und frühbyzantinische befestigungen in Nordmakedonien, München 2002, 1-508.

Митревски Д,. 2001, Старомакедонскиот град на Вардарски Рид, Музеј на Македонија, Скопје 2001, 1-60.

Митревски Д,. и коавтори, 2005: Вардарски Рид, Том I, издавачи Фондација Вардарски Рид Скопје & Институт за историја на уметност и археологија ФЗФ Скопје, Скопје 2005, 1-413.

Митревски Д,. 2015.Скопско Кале, кн. 1, Од Праисторија до раната антика, Менора, Скопје 2015, 1-213, T. I-CVII.

Митревски Д,. 2016/1:Скопската тврдина Кале од праисторија до раната антика, ПНВ публикации, Скопје 2016, 1-175, планови 1-13, табли. I-CVII.

Mitrevski, D. 2016/2: Античка Билазора престолнина на независните Пајонци, Ancient Bylazora the capital of independent Paeonians, editors: National museum Sveti Nikole & International University "G. R. Derzhavin" – Sveti Nikole, Sveti Nikole 2016, 1-74.

Митревски Д,. 2017/2018: Владетелскиот комплекс во Билазора, Monumenta бр. 2-3, MANU, Skopje 2017/2018, 7-25, Сл. 1-33.

Mitrevski, D. 2018: The royal palace in Bylazora, BCH IV, Skopje 2018, 179-190, 194.

Neidinger W. & Matthews, E. 1994: Excavations at Ulanci, Publication of TFAR, Houston Texas 1994.

Neidinger W. & Matthews, E. 2008: The 2008 Excavation Bylazora Republic of Macedonia, Texas Foundation for Archaeological and Historical Research, Canyon Lake, Texas, September 2008, 1-20, www.tfahr.org/files/Bylazora_low-res_report.pdf; www.tfahr.org/files/bylazora2010.pdf.

Pavlovska E. 2008.: The Coins of Paeonia, Skopje 2008.

Папазоглу, Ф., 1957: Македонски градови у римско доба, Жива Антика, посебно издање књ. 1, Филозофски факултет Скопје, Скопје 1957, 1-379.

Papazoglu F., 1969:Srednjebalkanska plemena u predrimsko doba, Sarajevo 1969.
Папазоглу Ф., 1985, Населението на Охридската област во антиката, Лихнидскотот подрачје во времето на илирската држава, Дасаретија и Лихнид во времето на Римско-Македонските војни, во: Охрид и Охридско низ историјата, книга прва, Охрид / Скопје 1985, 70-100.
Papazoglu F., 1988: Les villes de Macédoine a l'époque Romaine, BCH, Supplément XVI, Athénes – Paris 1988.
Петров О., 2021: Градот-тврдина Просек и неговиот ареал во средниот век, докторска дисертација Филозофски факултет Скопје, Скопје 2021, 1-477, 1-20 планови, 1-9 цртежи, 1-130 фотографии, 1-69 табли со движен археолошки материјал
Petrova E., 1999: Paeonia in the 2nd and the 1st millenia BC, Skopje 1999, 1-255.
Радовановић, В. 1924: Тиквеш и Рајец, Београд 1924.
Ристов К., 2004: Утврдени пајонски населби во Долното Повардарје, Скопје 2004, 1-181, Т.: I-XXXII.
Рицл, М. 1988: Полибије, Историје I, Матица Српска, Београд 1988.
Robert T, Broughton S., 1951: The Magistrates of the Roman Republic, Vol. I, 509 B.C.-100 B.C., publ. by the APHA, New York 1951, 1-578.
Рујак З., 202 , Цареви Кули – Струмица од праисторијата до Римското Царство, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Струмица, Струмица,
Senc S., 1919/1991: Grčko-hrvatski rječnik za škole, Zagreb 1910, reprint 1991.
Сламков Е.: Градишор–Мрамор, с. Милетково, Македонски археолошки преглед бр.1, 2008, 160-165.
Соколовска В., 1974: Светилиште на Диоскурите кај Демир Капија, ЖА том 24, 1-2, Скопје 1974, 267-278.
Sokolovska, V. 2009: Almana – Alavandovo – Valandovo, MH no 34-35, Skopje 2009, 61-66.
Соколовска В., 2011: Античкиот град на Исар-Марвинци, Валандово, Скопје 2011, 1-62, Т. I-III.
Соколовска В., 1914, Античка Демир Капија I, издавач Porta Archaeologica, Скопје 2014, 1-118.
Станчевски И., 1997: Доцномакедонски депозит од Гурбита, МХ бр. 3, Скопје 1997, 68-80.
Stanchevski, I. 1997: A late Macedonian deposit from Gurbita, MH no 3, Skopje 1997, 68-80.
Таневски, Д,, 2019: Монетоковање во античка Македонија, V век пред н.е. – I век пред н.е., издавач Матица Македонска, Скопје 2019, 1-517.
Толевски И., 2016: Кастелото над реката Пчиња, изд. Магор, Скопје 2016, 1-289.
Трифуноски Ј., 1952. Поречието на Кадина Река, Филозофски факултет на Универзитет Скопје, посебно издание кн. 3, Скопје 1952, 1-112, Т. I-IV, карта Г. Милески.
Трифуноски Ј., 1955. Скопско Поље, Српски етнографски зборник књ. LXIX, Београд 1955, I-IV садржај, 341-566, Т. I-XIV, карта.
Трифуноски Ј., 1964. Сеоска насеља Скопске Котлине, пети део, Скопје 1964, 1-124.
Trifunoski F. J., 1977: Oblast Babune I Topolke, Zbornik za narodni život I običaje Južnih Slavena, knj 47, JAZU, Zagreb 1977127-290, + Karta oblasti Babune i Topolke.
Hald, 2017: Auf den Trümmern Stobis, Stuttgart 1997.
Hammond, N. G. L. & Walbank, F. W. 1988: A History of Macedonia, Vol. III (336-167) B.C.), Oxford 1988.
Heuzey L., 1876: Mission archéologique de Macédoine, Paris 1876, 1-470, Pl. 1-34, cartes et plans A-H.
Хусеновски Б. 2004: Античките монети од Вардарски Рид, Том I, НУ Музеј Гевгелија, Гевгелија 2004, 1-116,
Хусеновски Б. 2005: Водич низ постојаната археолошка поставка „Вардарски Рид со околните наоѓалишта", НУ Музеј Гевгелија, Гевгелија 2005, 1-113, + Мапа на регионот.
Шелдаров Н, Лилчиќ (Адамс) В., 1994: Кралевите на античкото кралство Македонија и нивните монети во Република Македонија, изд. МЦ, Скопје 1994, 1-270.
Šeldarov N., 1996: Hellenistic Coin Hoard from Isar-Marvinci, MNJ no 2, Skopje 1996, 41-43.
Шелдаров Н, 2003: Македонија и Пајонија, Колекција Шелдаров, издавач Народна банка на Република Македонија, Скопје 2003, 1-174.
Шелдаров Н, 2013: Бронзените монети на македонскиот крал Персеј, издавач Силсонс, Скопје 2013, 1-141.

ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИЦИ ОД ПАЈОНИЈА ВО РИМСКО ВРЕМЕ

Славица Бабамова

Истражувањата на историјата и археологијата на територијата што ја населувале Пајонците го опфаќаат времето кога се посведочени првите пишани записи за нив, почнувајќи од предисториските периоди, преку постоењето на пајонската држава и кралство, освојувањето на оваа територија од античките Македонци, кога таа станала дел од македонската држава; посебен акцент е ставен врз периодот на доцното Римско Царство, и во тие рамки од повеќе аспекти се проучени ранохристијанските епископии на овој простор. Она што хронолошки недостасува во научните проучувања е периодот кога оваа територија е дел од првата римска провинција на Балканот, период кој започнува со освојувањето од Римјаните во 167 год. пр. н.е., а завршува на крајот на III и почетокот на IV век. Причината за ова лежи во малиот број литературни историски извори: споменувањата на провинцијата Македонија, чиј дел тогаш била пајонската територија, кај античките автори се спорадични и непотполни и се однесуваат на одредени појави и личности кои најчесто се далеку од територијата која некогаш ја населувале Пајонците, а се однесуваат на градските центри кои биле стратешки поважни за државата. Поради ова се наметнува потребата од проучување на епиграфските споменици како единствени непосредни историски извори, најбројни документи кои потекнуваат од римско време, особено важни за истражувањата на провинциите на Римската Империја за кои во пишаните извори нема доволно податоци. Од друга страна, натписите се многу често корективи на античките историографи, кои ја запишувале историјата на свој начин, често и со временска дистанца, а не како директни сведоци на историските настани.

Епиграфските истражувања на оваа територија во голем дел зависат од типологијата на натписите и од нивната бројност. По средното течение на Аксиј, односно во регионот од Велес до Гевгелија располагаме со релативно голем број натписи, а најголемиот дел од нив се надгробни. Покрај Стоби, како муникипиј кој во регионот го имал највисокиот правен статус и имал развиена традиција на запишување на камен, Тиквеш е најбогатиот регион со натписи, и тоа исто така надгробни. Градот на Исар–Марвинци, кој исто така бил развиен градски центар, од друга страна, не дал голем број натписи, но тие се различни според својата типологија, па затоа нудат можности за подлабоки проучувања. За разлика од Повардарието, долините на Брегалница и на Струмица не изобилуваат со епиграфски споменици, иако и тие даваат индикации за изведување заклучоци.

Административно-политичко уредување

За почеток на римскиот период во Македонија, чиј дел во тоа време била територијата на Пајонците, се смета 168 год. пр.н.е., кога македонскиот крал Персеј бил поразен од римскиот консул Ајмилиј Паул во битката кај Пидна со која завршила Третата македонска војна. Следната година Римјаните вовеле свој начин на уредување и управување, кој подразбирал дека на покорените народи им се остава фиктивна слобода,[1] односно дека тие ќе управуваат со своите градови, ќе ги задржат истите градски територии, ќе имаат свои закони и годишни магистрати, а на римскиот народ ќе му плаќаат половина од данокот што му го плаќале на кралот.[2] Градовите биле основни единици на административното уредување, во чија работа Римјаните не се мешале. Освен тоа, добро познатата, проверена и низ времето валоризирана максима „Divide et impera!" со која Римјаните владееле со населението во освоените територии се покажала и овде многу успешна: ја поделиле Македонија на четири дела (мериди) и успеале да го разединат ткивото на државата, бидејќи комуникацијата меѓу мередите била ограничена: Ајмилиј Паул го забранил стапувањето во брак, трговијата со земја и градби на жители од различни мериди, го забранил користењето на рудниците за злато и сребро, а го дозволил користењето на резерви од железо и бакар. Данокот многу остроумно го свел на половина од сумата што претходно му била плаќана на кралот.[3] Биле создадени четири *concilia* (совети), за секоја мерида засебно, и еден *synedrion* во кој учествувале претставници од сите мериди и кој бил задолжен за посредувањето во односите со Рим, собирањето на даноците, правните прашања, прекршувањето на трговските закони, и т.н.

Вака изгледала од политички аспект некогашната моќна македонска држава во 167 год. пр. н. е. Уредувањето што ѝ го дал Ајмилиј Паул не се покажало како лесно прифатливо, бидејќи често се дигале бунтови, но судбоносно за понатамошната историја на оваа почва е востанието на Лажниот Филип (Андриск) во 149 год. пр.н.е. По задушувањето на востанието, населението било оданочувано во целост, а привидната слобода била укината, па од 148 год. пр.н.е. Македонија била организирана во првата римска

[1] Liv. XLV, 18, 1–2: Omnium primum liberos esse placebat Macedonas atque Illyrios, ut omnibus gentibus appareret arma populi Romani non liberis servitutem, sed contra servientibus libertatem adferre, ut et, in libertate gentes quae essent, tutam eam sibi perpetuamque sub tutela populi Romani esse, et, quae sub regibus viverent, et in praesens tempus mitiores eos iustioresque respectu populi Romani habere se crederent et, si quando bellum cum populo Romano regibus fuisset suis, exitum eius victoriam Romanis adlaturum, sibi libertatem. (Пред сè Македонците и Илирите да бидат слободни, за да не им се чини на сите слободни народи дека оружјето на римскиот народ на слободните им носи ропство, а спротивно –на поробените слобода, и дека оние народи што биле слободни слободата ќе си ја направат сигурна и постојана под закрила на римскиот народ, а оние (народи) кои живеат под кралска власт и веруваат дека во сегашново време се помирни и поправедни во однос на римскиот народ и ако нивните кралеви влезат во војна со римскиот народ, излезот ќе биде дека на Римјаните тоа ќе им донесе победа, а ним слобода.)

[2] Liv. XLV, 29, 4: Omnium primum liberos esse iubere Macedonas, habentis urbes easdem agrosque, utentes legibus suis, annuos creantis magistratus; tributum dimidium eius, quod pependissent regibus, pendere populo Romano.

[3] Liv. XLV, 29, 10–11: Pronuntiavit deinde neque conubium neque commercium agrorum aedificiorumque inter se placere cuiquam extra fines regionis suae esse. Metalla quoque auri atque argenti non exerceri, ferri et aeris permitti. Vectigal exercentibus dimidium eius impositum quod pependissent regi.

провинција на Балканот, што значи дека добила римски намесник со неговите органи и била стационирана римска војска. Како дел од Римската Империја, Македонија станала појдовна точка за римските походи кон другите делови на Балканот и на Предна Азија. Поделбата на четири мериди со особеностите на локалната самоуправа сè уште биле на важност, а заедничкиот синедрион во 146 год. пр.н.е. бил заменет со македонски κοινόν.

Постоењето на овие институции не е директно забележано на територијата со која се занимава оваа публикација, но јасно е дека тие имале свои претставници во провинциските органи. Во градот на Исар–Марвинци[4] и посредно во Стоби[5] се потврдени македонијарси, членови на τὸ κοινὸν τῶν Μακεδόνων, тело кое било задолжено главно за одржувањето на царскиот култ и постоело во источните провинции како наследник на истоимената институција во македонската држава уште пред римското освојување.

Врските со Рим се потврдени на неколку натписи од Повардарието, главно преку почесни натписи подигнати во чест на намесниците на провинцијата или во чест на царевите. Publius Memmius Regulus, намесникот на провинциите Македонија, Ахаја и Мезија од 35 до 44 год., е почестен во Исар–Марвинци,[6] Lucius? Iunius Rufinus на натписот од градот Арг,[7] а за римските императори биле подигани статуи со почесни натписи на постаментите, како што било вообичаено кога тие поминувале низ провинциите, за што имаме докази во Стоби[8] и Исар–Марвинци.[9] Несомнено дека политиката на само привидно пропагирање на *libertas* во републиканскиот период и во принципатот и во овој дел на провинцијата Македонија се спроведувала преку доселување Римјани (*negotiatores*), во најголем дел трговци, кои се населувале по градовите низ Империјата и успевале за кратко време да стекнат богатство. На грчките натписи се потврдени како οἱ συνπραγματευόμενοι Ῥωμαῖοι, а биле организирани во *conventus civium Romanorum*. Тие се потврдени во градот на Исар–Марвинци,[10] но речиси со сигурност може да се претпостави дека биле присутни и во другите градови. Патронството на провинциските градови е присутно и овде: на натписите од Арг (сл. 1),[11] од Стоби[12] и од градот под денешна Струмица,[13] и овие три натписа даваат убава можност да се направи пресек во сознанијата за потеклото на патроните на градовите, бидејќи на најраниот, оној од Арг, патронот е намесникот на провинцијата, проконсулот Јуниј Руфин, кој бил и конзул, а на останатите два, патроните се припадници на локалната аристократија – Публиј Сентиј Септимиј Николај и Тибериј Клавдиј Менон.

Локалните градски закони, односно решавањето на прашањата поврзани со градот, останале во рацете на градските органи кои и претходно биле во функција.

---

[4] Јосифовска–Драгојевиќ 1965, 137–145, сл. 1–3.
[5] IStob. 34.
[6] Јосифовска 1959, сл. 3.
[7] Јосифовска 1953.
[8] IStob. 29–32.
[9] Драгојевиќ–Јосифовска 1967, 318, сл. 14f; Dragojević–Josifovska 1983; Бабамова 2012, 34, бр. 12, сл. 16.
[10] Јосифовска 1959.
[11] Јосифовска 1953, 222–225, сл. 1.
[12] IStob. 34.
[13] Бабамова 2005, кат. бр. 26, Т. VIII.

Папазоглу забележува дека некои градови, во кои корените на автономната градска власт биле многу длабоки и во времето на републиканскиот период, и во текот на принципатот ги задржале своите органи на управување: собранието (δῆμος, ἐκκλησία), градскиот совет (βουλή) и магистратите (ἄρχοντες, ἀγορανόμοι, πολιτάρχαι).[14] Освен Стоби, познат како *municipium Stobensium* од латинските натписи и од монетите, за сите останати градови е користен називот πόλις, кој е вообичаен во целата источна половина на Римското Царство.

Сл. 1. Почесен натпис на проконсулот Јуниј Руфин, основач и патрон, подигнат од градот Арг; с. Водоврати, велешко. Фото: документација на Б. Јосифовска

Во раниот царски период во Стоби се случуваат настани поврзани со промената на статусот на градот и на неговите жители. Плиниј набројува 150 градови во Македонија и меѓу нив *oppidum Stobi civium Romanorum*.[15] Во својата исцрпна студија за статусот на Стоби во римско време Папазоглу се обидува да ги воспостави одредниците на функционирањето на Стоби како *oppidum civium Romanorum*, единствен таков во источната половина на Римската Империја, а потоа и како *municipium*, втор од таков вид на истата територија. Имајќи го пред себе Плиниј, кој сосема веродостојно, како што заклучува таа, му го дава овој назив на Стоби, доаѓа до сознание дека градот функционира како *oppidum civium Romanorum* пред 30 год. пр. н.е. (земајќи го како *terminus ante quem* податокот дека градот Пела е запишан како колонија). Истражувајќи ги другите *oppida civium Romanorum* Папазоглу доаѓа до заклучок дека Стоби го добива тој статус во времето на Кајсар, а заклучоците ги донесува врз основа на други градови со таков статус во Илирик.[16] По битката кај Фарсала Македонија паднала под надлежност на Кај-

[14] Papazoglou 1979, 361–367.

[15] Plin. *Nat. hist*. IV, 16.

[16] Papazoglou 1986, 220–226.

сар. Во негово време низ западниот Медитеран се јавуваат *oppida civium Romanorum* како фортификациони точки во кои се доселувале Римјани и Италици и тие немале никаква легална поврзаност со автохтоното население. Римјаните во Стоби се покажале лојални кон партијата на Кајсар и како оддолжување за тоа добиле автономност на градот. Освен тоа, северната граница, во чија близина се наоѓа Стоби, сè уште не била имуна на нападите од северните соседи, па со оглед на положбата, на Римјаните им требало утврдување на тоа место. Годината на основањето Папазоглу ја поврзува со основањето на првите колонии Касандреја и Дион, во 43 и 42 год. Со доаѓањето на Август, ваквиот статус на градовите станал несоодветен со новата организација на Империјата, па во негово време тие биле преиначени во муникипии или во колонии.[17]

Во 73 год., кога е датирано првото монетоковање во Стоби со легендата Vespasianus cos. IIII censor, а на реверсот стои *mun*(*icipium*) *Stob*(*ensium*), се потврдува промената на статусот на градот. Папазоглу смета дека Стоби го добил статусот на муникипиј уште во времето на Август, а монетите ковани во времето на Веспасијан се емисија изработена во чест на одбележувањето на 100 години од тој настан. Аргументите на Папазоглу во корист на ова датирање се следните: 1. природата на *oppida civium Romanorum* самата по себе не може да биде долготрајна и сите такви се претворени во *municipia* во времето на Август; 2. трибата во која биле запишувани Стобјаните, *Aemilia*, повеќе одговара на августовото време; 3. натписот од Скупи[18] на кој се споменува *Aemilia Stobis* како дел од ономастичката формула треба да се датира во период пред втората половина на I век; 4. Стоби најверојатно добил *ius Italicum* заедно со четирите македонски колонии, во времето на Август. *Ius Italicum* е највисокото право кое можел да го добие еден провинциски град и на тоа се надоврзува мислењето на Петрова дека потврдената мешана етничка структура на населението во Стоби била една од причините поради кои градот не бил унапреден во статус на колонија.[19]

Полноправното население во градот било организирано во фили, чии имиња стоеле запишани на челните страни од седиштата во театарот и Вајсман претпоставува дека имало 21 фила, а до нас дошле имиња на шест од нив: Κ[λαυδί]α?, Μαρτία, Οὐαλερία, [Μερ]κουρία, Οὐειβία и Τερεντία.[20] Според него начинот на именувањето на филите во Стоби наликува на оној во колониите, каде имињата се обично деривирани од името на основачот или негови пријатели, како што е случајот во Коринт, или во другите градови во источниот дел од Царството, кај кои претходните грчки фили се мешаат со новодојдените, наречени според поединци, или се викаат едноставно Ῥωμαῖοι или Σεβαστοί.[21]

Во Стоби епиграфски е потврдено постоењето на градскиот совет, кој, меѓу другото, се грижел за поставувањето почесни споменици: местата за подигањето на почесните статуи на видните граѓани се дадени κατὰ τὸ δόξαν τῇ κρατίστῃ βουλῇ καὶ τῷ ἱερωτάτῳ δήμῳ со различни варијации на епитетите на советот и собранието[22] или ψ(ηφίσματι)

[17] Papazoglou 1988, 315.

[18] IMS VI, 42.

[19] Петрова 2003, 18.

[20] Wiseman 1986, 40; idem 1994, 1759.

[21] Wiseman 1994, 1760.

[22] IStob. 34, 37 и 39.

β(ουλῆς καὶ) δ(ήμου).[23] Почесниот натпис од Арг[24] почнува со κατὰ τὰ δόξαντα τῇ Ἀργεσταί-ω[ν] πόλει, но нема наводи на градските органи. Доколку постоеле, очекуваме да бидат спомнати на натписот, како што е тоа случајот со Стоби. Во градот на Исар–Марвинци се споменуваат политарси.[25] На натписот од Глишиќ (сл. 2)[26] се спомнува советник (βουλευτὴς), чие име не е во целост сочувано, но според остатоците Ζωΐλος Δ[–]ΟΙΙΛ е јасно дека станува збор за перегрин. Се наметнува прашањето во кој совет можел тој да биде член, односно кој град е во најблиската околина. Местото на наод, Глишиќ, се наоѓа на речиси иста оддалеченост од обата потврдени града во околината: Антигонеа (Неготино) и Аударист (Дреново). Меѓутоа, ниту за едниот од нив немаме конкретни податоци за градската управа во римскиот период. Со доза на резерва може да се каже дека Soил бил член на советот на Антигонеа, заради тоа што Аударист според археолошките остатоци бил на пониско ниво на развој во римско време.[27]

Сл. 2. Надгробен споменик на советникот Soил; с. Глишиќ, кавадаречко. Фото: О. Харл

Изгледот на споменикот и ономастичките формули јасно укажуваат на тоа дека носителите на натписот треба да се поврзат со град помал од Стоби, бидејќи според сите епиграфски потврди, членовите на советот на Стоби би требало да се *cives Romani* и да имаат *tria nomina*. Дефинирањето на границите на градските територии е мошне сложен проблем во сите провинции, а особено е потенциран на територија со плодно земјиште како што е Тиквеш. Иако многу странски научници се врзуваат за Стоби како центар на поширокиот регион, па овој орган го поврзуваат со Стоби, сепак овде станува збор за очигледен пример на припадник на градски совет во една типична македонска *civitas*.

[23] IStob. 41–44.
[24] Вулић 1931, 88; idem 1941–48, 101 и на еден необјавен фрагмент од натпис.
[25] Dragojević–Josifovska 1983.
[26] Вулић 1931, 142.
[27] Микулчиќ 1999, 159.

Во текот на втората половина на II и првата половина на III век епиграфски е потврдена дејноста на аристократските фамилии во чии раце биле повеќето од политичко-административните функции, а врз основа на кои ги изведуваме заклучоците за провинцијалната историја на овој дел од Империјата. Една од најдобро документираните фамилии во Стоби и поширокиот регион е фамилијата на Silvani / Sentii. На почесниот натпис, кој најверојатно служел како база за статуи на членовите на семејството, се споменуваат Grania Alexandra, првосвештеничка и жена на Publius Sentius Septimius Nikolaos, првосвештеник, понтифекс, гимназијарх и патрон на Стоби, нивниот син Publius Sentius Nikolaos Septimius, неговата баба Silvana Kleonike (мајка на Publius Sentius Septimius Nikolaos) и Septimius Silvanus Nikolaos, прв на провинцијата и дедо на Publius Sentius Septimius Nikolaos.[28] Фамилијата е позната и од други натписи низ провинцијата. Во Тесалоника се подигнати почесни натписи на Silvanus Nikolaos, македонијарх и прв на провинцијата[29] и на неговиот син Silvanus Keler, исто така македонијарх.[30] Во Стибера е почестен Septimius Silvanus Nikomachos, син на македонијархот Silvanus Keler и на првосвештеничката Lucia Aurelia Trebonia Nikomache, внук на првиот на провинцијата Silvanus Nikolaos, внук (од брат) на бившиот консул Silvanus Nikolaos и на македонијархот Silvanus Claudianus,[31] а во Бероја е подигната почесна статуа на неговата сестра Septimia Silvana Celerina.[32]

Во Стоби е потврдена уште една првосвештеничка – Tiberia Claudia (нејзиниот *cognomen* не е сочуван во целост) на *invitatio ad munera*, натписи со кои се повикувале граѓаните на *munera* – венаторски и гладијаторски борби (се одржувале во театарот) во чест на мртвите предци.[33] Уште една носителка на свештеничка функција во Стоби е Claudia Prisca. Позната е од два натписа, обете бази за статуи подигнати од нејзината внука Mestria Prisca. На едната база се споменува нејзината функција на свештеничка на Изида Лохија и на императорите ([Τὴν Ἶσι]δος Λοχίας ἱέρειαν καὶ Σεβαστῶν), посведочена како честита од Аполон Клариски.[34]

Од Демир Капија (Стенаи) потекнува почесниот натпис на Domitius Rhason подигнат од политарсите на градот (сл. 3).[35] Од него дознаваме дека синот на Расон, Domitius Viento, бил од сенаторскиот сталеж (συγκλητικός) и стигнал до магистратура на квестор на римскиот народ, назначен од императорот, кој останува непознат, бидејќи од неговото име се сочувани само првите две букви. Од она што е запишано на натписот може да се претпостави дека неговата функција била *quaestor populi Romani*, но таа не е документирана на друг натпис. Во најблиската околина не се среќава гентилното име Domitius, освен во Тесалоника, каде е присутно во значителен број и сите имаат домашни прекари, што значи дека тоа не е доселено население, туку домашно, кое на

[28] IStob. 34 и фрагмент со слична содржина IStob. 35.

[29] *Supplementum epigraphicum Graecum* 27 (1977), 305.

[30] IG X 2, 1, 172.

[31] IG X, 2, 2, 333.

[32] EKM I, 100.

[33] IStob. 38.

[34] IStob. 37.

[35] Винчиќ 1996, 296, кат. бр. 53 (цртеж). Натписот е ревидиран и прочитан: [––Δομί]ιτιος Ῥᾶσον | [π]ατὴρ συνκλητικοῦ Δο|[μ]ιτίου Οὐειέντωνος ταμί|[ο]υ ἀποδεδειγμένου τοῦ δή|[μο]υ τοῦ Ῥωμαίων ὑπὸ τοῦ | [αὐ]τοῦ Αὐτοκράτορος Ἀν|[––––]ΤΗΣ πολιτάρχ[αι].

некаков начин се стекнало со римско граѓанско право и во Бероја, каде е исто така многу често.[36] Речиси со сигурност можеме да кажеме дека Расон бил родум од Стенаи и дека создал политичка кариера во Рим, а родниот град му оддал почит на неговиот татко, кој исто така речиси сигурно извршувал некоја значајна функција во градот. Дека станува збор за градска населба во вистинска смисла, зборува и натписот со кој му се оддава почест на гимназијархот Нумениј Тит, син на Амија.[37]

Сл. 3. Почесен натпис на Домитиј Расон подигнат од политарсите на градот; лок. „Болница“, Демир Капија. Фото: С. Бабамова

За градот на Исар–Марвинци немаме многу податоци за носителите на градските функции, но сепак од неколку јавни натписи добиваме слика за животот што се одвивал таму во I и II век, особено за градежните зафати. Со откривањето на архитравот од храмот на Херакле беше јасно дека во 181/2 год. храмот бил обновен од страна на македонијархот,[38] но не беше позната годината на неговата изградба. Во 2010 год. е откриен натписот кој бил испишан при подигањето на храмот (сл. 4).[39] Дедикантот Марк Тетиј Руф, војник на втората преторијанска кохорта од кентуријата на Маркелин, на Херакле и на градот подигнал храм и статуа од свои средства во 79/80 год. Тој бил дојденец во градот, што е потврдено не само со името, туку и со гентилното име типично за италските провинции, кое е ретко присутно во останатите, пред сè западни провинции, а во Македонија се среќава прв пат. Со натписот се потврдува сознанието дека римската заедница (*conventus civium Romanorum*) во градот на Исарот играла важна улога.

[36] Tataki 1988, 441.

[37] Вулић 1931, 229.

[38] Јосифовска–Драгојевић 1965, 137–145, сл. 1–3.

[39] Соколовска 2011, 55. Натписот е ревидиран и прочитан: Ἡρακλεῖ καὶ τῇ πόλει κατ᾽ εὐ|χὴν τὸ ἄγαλμα καὶ τὸν ναὸν | ἐκ τῶν ἰδίων ἐποίει | Μ(ᾶρκος) Τέττιος Ῥοῦφος στρατι(ώτης) | πραιτω(ριανὴς) σπείρης β΄ κεντυρίας | Μαρκελλείνου | ἔτους ζκσ΄.

Сл. 4. Натпис за изградбата на храмот на Херакле од Марк Тетиј Руф;
Исар, с. Марвинци. Фото: О. Харл

Уште еден натпис зборува за градењето канал за довод на вода од изворите до градската бања.[40] Иако текстот не е сочуван во целост, станува јасно дека Аврелиј Демократ, кој е познат како ἐπιμελητής (*curator*) од почесен натпис на царот Марк Аврелиј,[41] зел обврска да се заврши изградбата на започнатиот канал со кој најверојатно се појавиле финансиски проблеми. Демократ решил дека, покрај оние кои веќе учествувале во изградбата, а тоа се Ветиј – – – (неговиот *cognomen* не е сочуван) и Ајлиј Архелај, обајцата со еднаков влог, ќе ги поттикне и другите богати граѓани со тоа што по завршувањето на изградбата ќе стави нивни златни „слики“ (бисти) и имињата ќе им ги запише на натпис. На крајот на текстот се забележани уште две имиња, кои се оштетени и чија функција во оваа работа не е позната.

На другата страна на плочата од овој натпис е испишан уште еден градски документ: натписот претставува декрет, запис од одговорот што го добила делегација на градот од императорите Септимиј Север и Каракала (датумот запишан на натписот е 196/7 год.) кога им се обратила за проблеми со плаќањето данок во жито на императорот.[42] Текстот на натписот е оштетен во добар дел, така што неговата содржина не може со сигурност да се реконструира, но она што успева Бофо да го извлече е дека најверојатно станува збор за попреченост на градот да ја изврши обврската за данок во жито, која била дел од императорскиот приход (πρόσοδος) и како што го реконструира текстот таа, да не е во состојба да даде жито (σειταρέσιον) на војската која поминувала или била стационирана во градот. Бидејќи само ги претпоставуваме вистинските значења на изразите, веројатно е дека натписов е доказ за тоа дека ова не била еднократна, туку повеќекратна обврска (– – – λοιποῦ δὲ σειτη(ρεσίου) ὅμως ἡμᾶς οὐ πέμψετε [– – –] καιρὸς τέπεί γων καταλάβη καὶ πότε[ρον] τὸ πόσον συντελεῖν). Бофо смета дека барањето на градот е

[40] Крстевски –Бофо 2006, 339–346, сл. 4.

[41] Dragojević–Josifovska 1983.

[42] Крстевски –Бофо 2006, 346–354, сл. 5.

јасно: земјата да остане на располагање на граѓаните, а во интерес на царскиот приход, односно обврската на градот кон него, да се дозволи да купат жито од Либија.[43] Она што е исто така важно од овој документ, е односот на αὐτοκρατόρων χάρις καὶ ἀμοιβῆ и градот, споменат уште на почетокот на натписот, веројатно добиен од претходниците на споменатите цареви. Множината αὐτοκρατόρων упатува на тоа дека, доколку се однесува на претходно добиени надомест и бенефиции, тоа не се случило само еднаш. За ваквите постапки на императорите не се знае многу, но познати се од времето на Нерон до Гордијан III, а исто така е јасна и тенденцијата нивните наследници да го продолжат тоа.[44]

Под темелите на Орта Џамија во Струмица е најден постамент за статуа на патронот на градот, Тибериј Клавдиј Менон (сл. 5),[45] кој бил ὁ κράτιστος (*vir clarissimus*), патрон на градот, а почеста му била оддадена „поради неговата благонаклоност и чест". Claudius Menon е потврден на натписи од Тесалоника и од Бероја. Во Тесалоника е потврден како првосвештеник околу 225 год.,[46] а во Бероја и како македонијарх, датиран грубо во III век.[47] За жал, освен тоа што на струмичкиот натпис е именуван како ὁ κράτιστος и наведен како патрон на градот, немаме други показатели дека станува збор за истиот Claudius Menon од Тесалоника или за неговиот син со исто име. Постои уште еден натпис, на кој се јавува Tiberius Claudius Priscus, син на Тибериј, од Добер, запишан во трибата *Aemilia*.[48] Именската формула со наведување на татковото име, трибата и домицилот упатува на датирање во I век, па тогаш би зборувале за Tiberius Claudius Priscus како за предок на нашите Tiberii Claudii во II и III век и би успеале Tiberius Claudius Meno да го дефинираме како наследник на Приск, а со сигурност истото можеме да го кажеме за првосвештеничката од Стоби и да ја дефинираме како носителка на функцијата по наследство (ἀπὸ/ἐκ προγόνων).[49] Потврдата за роднинските врски со фамилијата од Тесалоника останува отворена и несигурна. Датирањето на овој натпис е широко, но претпоставката дека и други носители на јавна функција во Стоби и Струмица ги носат истите гентилни имиња е отворена, бидејќи е потврдено дека богатите и влијателни фамилии во регионот не останувале да дејствуваат во еден град, туку својата дејност, која и да била, ја остварувале на територијата од Скупи и Дарданија до Тесалоника преку Вардарскиот пат.[50]

Функцијата на првосвештеници (ἀρχιερεύς и ἀρχιερεία) ја извршувале претставници на градската аристократија, а биле избирани со мандат од една година од градскиот совет (βουλή). Појавувањето на првосвештеничката Οὐαλερία Διο[νεί]κη во Банско, во непосредна околина на Струмица[51] можеби се поврзува со уште една градска населба која е тешко да се идентификува и покажува дека во градот постоел совет кој по правило ги назначувал градските функционери. Првосвештениците биле задолжени

[43] Iisdem 2006, 353.
[44] Iisdem 2006, 351–352.
[45] Бабамова 2005, кат. бр. 26, Т. VIII.
[46] IG X 2, 1, 183.
[47] EKM I, 499.
[48] CIL VI, 3884.
[49] IStob. 38.
[50] Babamova 2018, 116–117.
[51] Бабамова 2012, 38–39, бр. 16, сл. 21.

за надзор врз почитувањето на култовите и да ги подмируваат трошоците за извршувањето жртви и други верски обреди во градот. Сите до сега познати првосвештеници имале римско граѓанство. Повод за заклучок дека Валерија Дионика била избрана од градски совет и дека потекнувала од град со сите органи на управа, наоѓаме и во натписот од Мокрени, Велешко, на кој е запишан Μεστύλας Βεσειλου, ἱερεὺς πολειτικὸς Διονύσου. Мокрени е планинско село, кое тешко може да се доведе во врска со Арг, најблискиот познат град. Потенцирањето на „градски“ (πολειτικὸς) се чини неоправдано во место со таква положба. Освен тоа, називот „градски“ за првосвештеник е потврден само на уште еден натпис од Карпасија на Кипар, но таму станува збор за τὸν πολιτικὸν ἀρχιερέα διὰ βίου τῆς ἀθανασίας τῶν Σεβαστῶν.[52] Судејќи според натписот, станува збор за, веројатно, најважниот жител на градот во првата половина на I век (натписот е датиран во 20/21 или 46/47 год.), што е далеку од рангот на свештеникот на Дионис од Мокрени. Издавачите на натписот го коментираат присуството на πολιτικός како потреба да се одвои градскиот првосвештеник на императорскиот култ од провинцискиот. Но, ако се земе предвид фактот дека функциите свештеник на некој култ и првосвештеник биле градски функции со мандат од една година и сосема ретко се среќаваат на натписите дополнети со πολ(ε)ιτικός, се наметнува мислењето дека употребата на придавката, барем во нашиов случај, не е означување на посебна градска функција, туку дека е употребена за да означи некаква заедница, која сепак, не е градска, и дека најверојатно станува збор за κόμη (vicus), во кое овој перегрин бил свештеник.

Сл. 5. База за почесна статуа на Тибериј Клавдиј Менон;
Орта Џамија, Струмица. Фото: С. Бабамова

Напоредно со постоењето на овие функции и тела Римјаните ги задржале и типичните, особено за Горна Македонија, κοινά. Κοινόν опстојувал како конфедерација на автономни градови, кои биле слободни во решавањето на внатрешните прашања, но зависни од управникот на провинцијата за сè што се однесувало на врските со другите делови од провинцијата. Римјаните ги фаворизирале κοινά како посредници меѓу централната власт и локалните власти и таквиот тип на организација го обезбедувал обликот на слобода.[53] Во с. Владиловци, Велешко, среќаваме Νεαπολειτῶν τὸ κοινόν во 150/1 год.,[54] како и Δοστωνέων τὸ κοινόν во Пештани во првата половина на III век.[55] Папазоглу смета дека овде изразот κοινόν нема значење на заедница на повеќе градови, чиј центар е во Неаполис, односно во Достонеи, туку дека на таков начин жителите на овие места

[52] Babamova 2016, 49–52.
[53] Papazoglou 1979, 363.
[54] Вулић 1931, 63.
[55] IG X 2, 2, 192.

го изразувале она што во поразвиените урбани средини е запишано како πόλις или κόμη.[56]

Сликата за административното функционирање на Повардарието што ја добиваме преку натписите покажува дека градските населби, кои се познати од пораните историски периоди, во раниот царски период не живееле скромен живот, како што обично се претпоставува кога се размислува за Стоби како за центар на средното Повардарие и дека животот во Арг, Стенаи, градот на Исар–Марвинци и градот кај денешна Струмица се одвивал како и во најголемиот дел градови со статус на *civitates* во Римската Империја. Благодарение на геостратегиската положба, Повардарието живеело период на воени немири со северните соседи до стабилизирањето на границата и оформувањето на провинцијата Мезија на самиот почеток на I век, по што следел релативно мирен провинциски живот.

Како прва римска провинција на Балканот во текот на републиканскиот период Македонија била седиште на воени гарнизони и била изложена на бројни воени операции, не само затоа што била појдовна точка на Римјаните за походите кон Исток, туку и поради нападите на северните варварски племиња. Но, бројот на војска присутна за заштита на провинцијата бил мал. Во времето пред Кајсар Македонија била заштитувана од мал гарнизон, со легат кој немал *imperium*. Тој ја сфатил потребата од распоредување на легиите низ провинциите, кои пред и по неговата смрт почнале да се осамостојуваат, да стануваат препознатливи според името, идеологијата, знамењата и традициите и тоа подоцна за Август станало основа на воениот систем.[57] Во Повардарието, во најголем дел во Стоби, на неколку надгробни споменици на ветерани од I и II век се споменуваат воените единици во кои биле регрутирани војници кои по завршувањето на воената служба се враќале во родните краишта, или такви кои решавале да се населат таму каде што одбирале парче земја, кое го добивале како награда за *honesta missio*. Припадници на *legio IV Scythica* ги оставиле своите надгробни споменици во Стоби.[58] Во истиот период е потврдено дека Стобјани биле регрутирани во *legio V Macedonica* со натписи од Стоби[59] и Скупи,[60] во *legio IIII Flavia* преку натпис од Неаполис во провинцијата Јудеја,[61] во *legio I Italica* преку надгробен споменик од Nicopolis ad Istrum[62] и *legio VII Claudia* преку надгробен споменик од Стоби.[63] Во с. Малино се потврдени ветерани на *legio III Gallica* (сл. 6),[64] а во Стоби е посведочен кентурион на *IV Flavia felix* и војник во *X Gemina* и *I Italica*.[65] Стобјани се посведочени и во помошните единици (*auxilia*).[66]

---

[56] Papazoglou 1988, 289–290.

[57] Papazoglou 1979, 339.

[58] IStob. 49 и 50.

[59] Бабамова 2018, 118–120.

[60] IMS VI, 42.

[61] *Anée épigraphique* 1948, 147.

[62] ILBulg. 431.

[63] IStob. 57.

[64] Вулић 1941–48, 302, бр. 56.

[65] IStob. 58.

[66] Бабамова 2018, 122–125.

Надгробниот споменик на фамилијата Antonii зборува за немири, односно напад извршен во Стоби (сл. 7).[67] Во текстот е запишано дека трите деца на Антониј Руф – Гемин, Фадијан и Непот, на возраст од 8 до 16 години, се „убиени од непријателот". На натписот подигнат од робот на таткото, Евтих, се споменува и името на ќерката на Руф, Статилија. Според надгробната формула натписот би требало да се датира најрано во почетокот на II век. Но, во тој период немаме податоци за воени операции во Стоби ниту во историските извори, ниту во археолошките докази. Најблиската аналогија ја правиме со еден натпис од Скупи на кој е запишано дека Тимониј Дас, декурион на II Аврелијанова кохорта на Дарданците бил убиен од Костобоките. Тоа е дакиско племе кое во 169–170 год. извршило упад во Горна Мезија и Скитија. Преку археолошките траги е утврдено дека Костобоките поминале по долините на Морава и Вардар и стигнале до Тесалоника и Елатеја во Фокида.[68] Најверојатно е дека попатно направиле пустошења и во Стоби, што се потврдува преку овој натпис.

Сл. 6. Надгробен споменик на ветерани на III Галска легија; с. Малино, светониколско. Фото: С. Бабамова

Во регионот помеѓу реките Пчиња и Брегалница, особено во областа на Пробиштип и Радовиш, која до нашето современие е експлоатирана заради богатството со благородни и неблагородни метали, се потврдени материјални докази за рударска дејност во римско време[69] и тоа сигурно било еден од приоритетите на Римјаните уште при формирањето на провинцијата, односно уште пред да бидат создадени провинциите Горна Мезија (на самиот почеток на I век) и Тракија (44–46 год.). Поделбата на мериди и санкциите за забрана на користење на рудниците за злато и сребро, кои биле пропишани уште при римското освојување, овде оставиле највпечатливи траги преку епиграфските споменици.

По дефиниција, со рудниците во римско време управувале императорските прокуратори кои биле од сталежот на витезите, но неретко работата во свои раце ја држеле и сенаторските фамилии. Тоа вообичаено не значи дека се случувале имиграции или долготрајни населувања на овие деловни луѓе во градовите во близина на рудни-

[67] Бабамова 2018, 124–127.

[68] Јованова 2015, 255–276.

[69] Керамитчиев 1977, 12.

ците, а уште помалку во рударските населби, туку воспоставување администрација која ќе ја врши работата преку патронско-клиентелски односи, металурзи и копачи на руда.

Од епиграфски аспект, првата и најзначајна карактеристика на областа е малиот број натписи во камен во споредба со сите останати македонски области. Станува збор за надгробни споменици најдени како осамени случајни наоди, вон археолошки контекст. Првиот впечаток што се добива од натписите е вообичаеното присуство на автохтоните перегрини, но истовремено се присутни и римски граѓани, а кај нив убедливо најбројни се царските гентилни имиња, односно имињата на претставниците на сенаторскиот, највисокиот општествен сталеж во Рим. Тоа без сомнение треба да се поврзе со економскиот интерес за овој регион и истиот регион го сместува во балканската мрежа за експлоатација на рудите и нивна дистрибуција, во која главна улога играле фамилиите Јулии, Либонии, а потоа и царската династија на Флавиевците и дел од Антонините.[70]



Сл. 7. Надгробен споменик на семејството Антонии; Стоби.

Фото: М. Тутковски (архива на НУ Стоби)

Социјална и етничка структура на населението

Освен натписите од Стоби, од градот на Исар–Марвинци и од градовите што ни се познати од осамени јавни натписи, останатиот дел од натписите во најголем дел се приватни и на нив се запишани имињата на дедикантите или имиња на цели семејства (ако станува збор за надгробни споменици) и затоа нудат богат антропонимиски материјал.

[70] Babamova 2017, 94–95.

Преку именските формули запишани на нив се отсликува социјалниот статус: присутни се *cives Romani*, римски граѓани кои имале римско граѓанско право и го сочинувале стратумот на полноправни жители на Империјата и тие по правило носат *tria nomina*: лично име (*praenomen*), гентилно име (*nomen*) и прекар (*cognomen*), а социјалниот слој на *peregrini*, кои не ги уживале сите политички права користел македонска ономастичка формула составена од лично име и патронимик (поретко метронимик) во генитив. Автохтоните жители кои на различни начини добиле римско граѓанско право, најчесто го задржувале своето претходно лично име како *cognomen*, бидејќи промената на нивниот правен статус во државата налагала да го променат и начинот на именување. Оваа појава го прави прилично лесно одвојувањето на оние кои биле дојденци или со потекло од италско тло, од домородното население во провинциите кое добило граѓанско право.

Според овие правила, лесно е разграничувањето на категориите на жителите на натписите. Ваквата јасна поделба не се нарушува дури ни со донесувањето на *Constitutio Antoniniana* во 212 год., едикт со кој царот Каракала решил да им даде римско граѓанско право на сите слободни жители на Империјата за да воспостави баланс меѓу осиромашената аристократија и збогатените перегрини. Сите нови римски граѓани го добиле гентилното име Aurelius, па според тоа лесно се забележуваат оние што на тој начин се здобиле со овој дел од именската формула. Едиктот е многу погоден и за датирањето на натписите, бидејќи 212 год. ја користиме како *terminus post quem*.

Статусот што го имал Стоби од освојувањето на Римјаните и во текот на раниот царски период – најпрво *oppidum civium Romanorum*, а потоа *municipium*, односно уживањето *ius Italicum*, сугерира дека сите новородени слободни жители на градот имале римско граѓанско право. Вајсман смета дека *ius Italicum* му било дадено на Стоби уште во раните години од владеењето на Август, но дека тој статус не значи дека во подоцнежните времиња римско граѓанство добивале и ветераните, поранешните робови и имигрантите.[71] Стобиските граѓани биле запишувани во трибата *Aemilia*, што е потврдено преку натписи од Стоби,[72] Скупи (сл. 8),[73] Nicopolis ad Istrum,[74] Неаполис во Јудеја[75] и Рим[76] токму преку формулата *Aemilia* (*Stobis*). Според историските околности, претпоставуваме дека првите доселеници во Стоби сигурно дошле во втората половина на II век пр.н.е., но за тоа немаме директни епиграфски потврди. Најраните натписи со кои се потврдува присуство на доселеници во Стоби се датираат широко. Од I век пр.н.е. потекнува вотивниот натпис посветен на Херакле од Leucius Novius,[77] припадник на фамилијата која дошла во Стоби уште во републиканскиот период, бидејќи, потекнувајќи од Кампанија, тие биле познати по трговијата која ја вршеле на грчкиот исток, а нивните робови и ослободеници се присутни на натписи во грчките градови.[78] Фамилијата останала во Стоби, како што се гледа од подоцнежен натпис, датиран во I–

[71] Wiseman 1994, 1762–63.
[72] IStob. 57.
[73] IMS VI, 42.
[74] ILBulg. 431.
[75] *Anée épigraphique* 1948, 147.
[76] CIL X, 6096.
[77] IStob. 9.
[78] Papazoglou 1982, 41–43.

II век.[79] Од втората половина на II век пр.н.е. до I век е датиран епитафот на Gaius Obulcius Nepos.[80] Покрај *tria nomina* наведено е и името на трибата *Cornelia*, што покажува дека бил доселеник. За другите доселеници во републиканскиот период немаме директни докази преку натписите, но други типични италски гентилни имиња на подоцнежните натписи ја потврдуваат претпоставката дека во Стоби токму во тој период треба да го очекуваме формирањето на заедницата на римски граѓани, кои најверојатно биле организирани во *conventus*, иако за тоа немаме директна епиграфска потврда. Дел од нив се наоѓани и низ Тиквеш, бидејќи многу е веројатно дека тие имале свои поседи во непосредната близина на Стоби, а еден дел се и ослободеници.[81] Од III век потекнува натписот кој се наоѓал во Немесејонот во Театарот, на кој е запишано дека тројца августали подигнале статуа на Немеса како нивен дар на императорот и на муникипијот Стоби (сл. 9).[82] Едниот од августалите носи прекар Audoleo, име од кралската пајонска лоза, што е највпечатливиот податок кој зборува за чувањето на пајонските традиции неколку векови откако Пајонците исчезнале од политичката сцена.



Сл. 8. Надгробен споменик на Марк Октавиј Валенс; Скупи. Фото: О. Харл

Сл. 9. Вотивен натпис посветен на Немеса; Стоби. Фото: О. Харл

Стоби има специфична типологија на надгробните споменици, која дава значајни податоци за социјалната структура во градот, а особено за разликите меѓу општествените слоеви. Уште на прв поглед се забележува поголемо присуство на плочи и

[79] IStob. 59.
[80] IStob. 47.
[81] Бабамова 2018, 112–113.
[82] IStob. 15.

столбови со натписи без иконографија, изработени во сосема различен стил и материјали. *Cives Romani*, кои се доселувале од италското тло ги оставиле најраните римски надгробни споменици во Стоби и ги испишувале надгробните формули на латински. Според композицијата, тоа се во најголем дел плочи или столбови со различни облици. Што се однесува до богатите римски граѓани, до сега се откриени само два релјефа без натписи на кои се претставени бисти, што е ретка појава во македонската фунерарна уметност на римскиот период. Тестаментот на член на фамилијата Lucceii го споменува првиот досега познат саркофаг во Стоби. Вториот примерок од тестамент му припаѓал на Ликиј, во кој тој остава аманет за хероонот кој го изградил во близината на Паликура (сл. 10). Среќна околност е што неговото име открива автохтоно потекло и така создава можност да направиме споредба на завештанијата на двајца припадници на различни социјални слоеви во градот, кои ги следат своите обичаи во испишувањето на тестаментите.

Наспроти овие епитафи, изработени главно во бреча или мермер, се јавуваат спомениците на сиромашното перегрино население, кои се изработени исклучиво од локалниот песочник или лискун. Тоа се плочи без обработка на страните, со невешто изработени букви, со едноставни, кратки надгробни формули и сите со едночлени именски формули. Тоа ја отсликува ситуацијата на перегрините, обичниот човек, кој го живеел животот далеку од престижот за моќ. Кај нив се среќаваат латинизирани имиња, како што е Μάξιμα (сл. 11), а некои ги сочувале епихорските имиња како Εὐτυχίων (сл. 12), додека кај некои од нив сосема јасно се огледува пајонскиот супстрат во Стоби, како што е случајот со Λυκίη (*v. infra*).[83]



Сл. 10. Тестамент на - - - Ликиј; с. Паликура, Градско. Фото: О. Харл

Кога зборуваме за социјалната и етничката структура на населението во Стоби, неизоставно е да го споменеме завештанието на Тибериј Клавдиј Полихарм, „таткото на синагогата во Стоби“.[84] *Cognomen* Πολύχαρμος носат многу жители на источниот дел на Царството во римскиот период. Вообичаеното разбирање на ономастичката формула на римските граѓани кои содржат неримски *cognomen* е дека тоа најверојатно било нивното лично име пред да го стекнат римското граѓанско право. Полихарм во својата формула има и *signum*, Ахирij, име кое е сосема ретко.[85] Би напоменале дека само уште двајца Евреи во ранорим-

[83] Babamova 2020.

[84] IStob. 19.

[85] Wiseman 2009–2011, 332. Освен овде, Ахирij се јавува на златна фијала од Сицилија, датирана веројатно во IV век пр. н.е. Се претпоставува дека етимологијата на името е грчка, извлечена од придавката ἄχυρον или се смета дека е транскрипција на хебрејско име.

киот период од Стоби ни се познати по име: Ἀλέξανδρος, фронтист на Синагогата[86] и Ποσιδωνία, која оставила свој завет на Бога.[87] Обајцата имаат хеленски имиња, што, како и во случајот на Полихарм, сведочи за постепеното губење на обележјата на етничката припадност.

Сл. 11. Надгробен споменик на Максима; Стоби. Фото: М. Тутковски (архива на НУ Стоби)



Сл. 12. Надгробен споменик подигнат од Евтихион; Стоби. Фото: М. Тутковски (архива на НУ Стоби)

Сите седишта на театарот во Стоби се испишани со имиња на оние кои ги закупувале на одреден период, почнувајќи од доцниот II век до втората четвртина на III век. Тоа е вообичаена практика во речиси сите театри, но стобискиот се одликува според тоа што се испишани речиси сите седишта. Кај повеќето од нив е видлива промената на оние кои ги закупувале, бидејќи имаат по две или три имиња на горната површина, а често се среќаваат натписи и на челната страна. За жал, голем дел од нив е преупотребен во доцноантичкиот период во други објекти низ градот, па останува невозможно да се видат сите натписи. Она што е особено важен дел од епиграфиката и историјата на Стоби е дека сите натписи на седиштата се испишани со грчко писмо, што упатува на заклучок дека тој бил јазикот со кој се служел најголем дел од населението и покрај правниот статус на градот и големиот број Римјани. Поголем дел од имињата се римски,[88] испишани скратено и најчесто во генитивна форма. Ова е еден од показателите дека автохтониот елемент бил со текот на времето прифаќан и од доселениците. Со оглед на историските настани, најверојатно е дека најголемиот број доселеници во Стоби пристигнал во втората половина на II век пр.н.е., но, како што е споменато претходно, од тој период не располагаме со многу натписи. Иако е тешко да се дати-

[86] IStob. 25.

[87] IStob. 26.

[88] Papazoglou 1988, 317; Wiseman 1994, 1759–1760.

раат прецизно поголемиот број натписи, земајќи ги предвид овие факти, јасно е дека доселувањата не престанале во текот на целиот раноцарски период, па така Стоби живее меѓу двете сфери, римската преку доселениците, и домашната преку автохтоното население и наследниците на најраните доселеници. Причините за овој процес се повеќеслојни. Папазоглу го разгледува феноменот на „хеленизација“ и „романизација“ во источните провинции, задржувајќи се особено на балканските провинции. Таа смета дека ширењето на римското граѓанско право меѓу перегрините во хеленофонските провинции е највидната манифестација на нивно приклучување на римската цивилизација и дека тоа е посебен вид романизација, ако под неа не се подразбира само латинизација, односно употреба на латинскиот јазик.[89] Малиот број колонии и немешањето на Римјаните во веќе развиениот градски живот во Македонија, смета таа, ја стават наспроти западните провинции, во кои Римјаните го инсталираат својот политички модел од почеток. Со текот на времето, поточно со зголемувањето на бројот на римски граѓани, се зголемува интензитетот на романизацијата од една страна, а од друга се забележува дека токму тие граѓани своите родни места сè уште ги чувствуваат како πατρίς.

Влијанието на Стоби врз руралните и малиот број од градските средини во Тиквеш е очекувано, а според она што може да се види од натписите, не само римските граѓани, за кои е јасно дека биле во добра финансиска состојба, туку и перегрините живееле просечен живот. Кај нив е упадлива присутноста на латинските имиња, особено во III век, што го толкуваме не како резултат на романизација на населението, туку како природен процес на прифаќање на поединечни имиња по пет века живот во римската држава.

Наспроти Тиквеш, околината на Велес изгледа дека имала типичен провинцијален живот во текот на царскиот период. Она што може да се заклучи преку епитафите на жителите е дека влијанието на Стоби не е директно видливо. Постоењето на градот Арг не оставило особен епиграфски белег во статусот на граѓаните. Во околината на Неапол, лоциран најверојатно кај с. Владиловци, имало само една фамилија Fabii, доселеници со римско граѓанство,[90] а во непосредна близина, во с. Смиловци, Iulii.[91] Семејната надгробна стела на Manii од с. Грнчиште[92] исто така може да се смета за осамена, но без поврзаност со Стоби, бидејќи тие не се потврдени на друго место во блиското опкружување. Остатокот од населението биле перегрини, што е видливо преку тоа што римското граѓанско право го добиле со едиктот на царот Каракала во 212 год. и со тоа се именувале како Aurelii.

Врските на Стоби со Тесалоника и со Скупи биле интензивни во текот на раниот царски период, што се должи пред сè на неговата местоположба на патот кој ги поврзувал Тесалоника и Виминакиј, односно Егејското Море и Дунав. Поврзаноста на овие градови може да се следи и преку перегриното население. Личното име Σκουπῖνα во Тиквеш е потврдено два пати.[93] Меѓу перегрините во Скупи се присутни епихорски имиња типични и за Повардарието, и за источна Македонија.

---

[89] Папазоглу 1980, 34.

[90] Вулић 1931, 61 и 62.

[91] Вулић 1941–48, 78.

[92] Необјавена.

[93] Вулић 1941–48, 115 и Винчиќ 1996, 298, кат. бр. 64.

Во градот на Исар–Марвинци најтипични се надгробните медаљони, но и правоаголните плочи со натпис на долната поширока рамка, која во другите области не е застапена, што се смета за римски манир (сл. 13). На нив е потврдено присуството на Errii, фамилија која претходно не е позната од други натписи.[94] Останатите две гентилни имиња се осамени,[95] а иако малуброjни, надгробните натписи од Исарот, с. Марвинци ја покажуваат вообичаената слика: перегрините имаат македонска ономастичка формула, а забележливо е дека во III век покрај домашните користеле и латински имиња.

Сл. 13. Надгробен споменик подигнат од Гајан Епиктунов; Исар, с. Марвинци, валандовско. Фото: О. Харл

Најретката епихорска име во римско време на територијата на Пајонија е женското име Ἀμμακώ, кое е посведочено само трипати во средното Повардарие.[96] Не се среќава во Мала Азија, ниту во другите делови на Балканскиот Полуостров.[97] Дативната форма Ἀμμακώνι, ни ја покажува ν– основата на името, односно суфиксот –on, –onis за кој се смета дека е илирски,[98] и за машки и за женски имиња, поради неговата застапеност во Средна Далмација[99] и во Полимје,[100] но овој пример покажува дека тоа не е воопшто сигурно. Во сите три примери Ἀμμακώ имаат македонска ономастичка формула, а нивните татковци се Ποσιδώνιος, Ζώσιμος и Δάδης.

Последново име, Δάδης, е исто така многу ретко во Македонија и посведочено е само уште неколку пати: во Бероја,[101] во Амфипол,[102] во Ихнаи,[103] во Филипи[104] и по сред-

[94] Битракова Грозданова 2006 и на два необјавени натписи.

[95] Бабамова 2005, кат бр.

[96] Babamova 2016, 45, fig. 3; Проева 1988, 58–59, сл. 2 и 59, заб. 27.

[97] Проева 1988, 59: најблиска аналогија за името се келтските форми за женски и за машки род Ammaca и Ammacus.

[98] На пр. коментарот на Б. Јосифовска за IMS VI, 132.

[99] Katičić, R. *Жива антика* 12.2 (1962), 281–282 и 287.

[100] Mirković, M. *Godišnjak Centra za balkanološka istraživanja* XIV.2 (1975), за Venuco.

[101] EKM I, 181.

ниот тек на Стримон.[105] Користено е во обата рода, Δάδης/Δάδας/Δάδος за машки и Δάδα за женски род. Машкиот род припаѓа и на –ο– и на –ες– основите, бидејќи генитивните форми се разликуваат: Δάδου и Δάδεος, иако нашиов Δάδης е единствен познат пример. Вообичаено е во Мала Азија.[106] Земајќи предвид дека е најдено и во Египет, Понт Евксински и Пропонтида, може да се согласиме дека името е по потекло од Мала Азија, распространето на широка територија. Потврди за ваквиот став може да се најдат во различните завршоци за неговите машки и женски варијанти: покрај наведените се и Δάδαγος, Δαδαῖος, Δάδακος, Δαδῖνος, Δαδοῦς и Δαδοῦχος.[107]

Δαλτιανή е име кое се јавува само еднаш во Кавадарци.[108] Единствена по својата појава и без директни аналогии е дативната форма Δαρνίδι, за која претпоставуваме номинатив Δαρνίς.[109] Единствена аналогија наоѓаме во малоазиското машко име Δαρνος, иако и тоа не е сигурно прочитано.[110] Дативната форма Νήνι од женско име на натписот од Сирково[111] е исто така единствена по својата појава. Се среќава само во Мала Азија, и тоа во женската варијанта Νηνιας само еднаш и само во номинатив, и во машката варијанта Νηνις, која повторно нема документирана дативна форма, туку само генитив Νηνιος и акузатив Νηνιν.[112] Во Тракија се јавува како Νηνής.[113]

Името Πατουμάσης присутно на натписот од Стоби[114] е ретко име, документирано во Калиндоја, Мигдонија, потоа веројатно во Тракија[115] и во Атика.[116] Проева смета дека имињата од овој корен се чести во Египет, и тоа во контекст со македонски имиња.[117] Во прилог на нејзиното мислење зборува и типот на надгробниот споменик од Стоби, кој се вклучува во групата на аморфни стели, типични за Повардарието, преку кои се согледува чувањето на традициите најмногу преку употребата на епихорските имиња (*v. infra*).

Σκουπῖνα се среќава двапати во Тиквеш и е име единствено според својата појава, а е изведено од етникон, употребено еднаш како лично име и еднаш како *cognomen* (сл. 14). Ова, како и многу други сегменти, покажува дека Скупи и Стоби имале зачестена размена на жителите во текот на целиот царски период, доколку го разбереме така, но од друга страна може да посведочи и за присуството на пајонските елементи сочувани и во римско време, земајќи предвид дека Scupi е бригиско име со кое градот бил

[102] Hatzopoulos 1996, 9.
[103] Tataki 1998, 113, бр. 6.
[104] CIL III, 676.
[105] IGBulg. IV, 2332.
[106] Zgusta 1964, §244–1–6.
[107] LGPN IV, 84.
[108] Demitsas 1896, 320, бр. 285.
[109] Најден на лок. „Уши–Овчка Река“ кај Кавадарци, необјавен: Σωζωμένη | Δαρνίδι τῇ | θυγατρὶ ἐπύ|εσεν μνή-μ|ης χάρειν.
[110] Zgusta 1964, §253.
[111] Битракова–Гроздановa В., *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија*, 1987, 120 и п., Т. I–4.
[112] Zgusta 1964, §1035–1, 2.
[113] LGPN IV, 248.
[114] IStob. 46.
[115] LGPN IV, 275.
[116] IG II², 1956.
[117] Проева 1996, 93.

нарекуван уште кога во него биле населени само Пајонци.[118] Среќаваме и Ἀττικός, уште еден етникон, употребен како лично име на истиот натпис со едната Скупина,[119] на едно од седиштата во театарот во Стоби, но тоа е име присутно и во други делови од Македонија и два пати во Тракија.[120]

Сл. 14. Надгробен споменик подигнат од Флавија Македонија и Флавија Скупина; с. Долни Дисан, неготинско. Фото: С. Бабамова

Машкото име Κῆσος или Κήσης може исто така да се вклучи во ретките имиња. Во овој регион тоа се јавува само еднаш во формата Κήσης,[121] но исто така по еднаш и во соседните Пелагонија[122] и Дарданија[123] како Κῆσος, односно Cesus. Последниот од нив се означил себе си како Macedo. Некои научници го вброиле во антропонимијата на некои од протоисториските племиња на Балканот, други сметаат дека е тракиско, а трети велат дека можеби е *nomen sacrum*.[124] Папазоглу смета дека е од илирски карактер поради суфиксот –us, –unis,[125] што упатува на размислување дека можеби објаснувањето лежи во начинот на адаптацијата на протобалканските корени во палеобалканските јазици. Ако во илирската варијанта името го добило овој суфикс, во грчкиот си го нашол местото во о–, односно во α– основите. Контекстот во кој името се јавува во Македонија се македонски и хеленски имиња: Μέστος, Μακεδών, Ποσιδώνιος, Φίλιππος и Μάντα. Поради ова, можеби е најдобар заклучокот дека Κῆσος/Κήσης е посведочено кај тројца Македонци.

Машкото Lalo на еден натпис од Стоби[126] е потврдено во ваква форма само таму, а забележано е и во Македонија и во Мизија како Λάλος и во Тракија во женската форма Λάλα.[127] Сосема ретко е и Ἐπιγοῦς во Стоби,[128] претходно забележано само во Верија,[129]

[118] IMS VI, стр. 20.
[119] Вулић 1931, 137.
[120] Сп. LGPN IV, 59.
[121] Проева 1988, 57–58, сл. 1.
[122] IG X 2, 2, 1, 204.
[123] IMS VI, 99.
[124] Проева 1996, 90.
[125] Papazoglou 1974, 64.
[126] IStob. 55.
[127] LGPN IV, 206 и Zgusta 1964, §790–793.
[128] IStob. 110.
[129] EKM I, 490.

каде што издавачите претпоставуваат дека формата Ἐπιγοῦς е возможно да е генитив од Ἐπιγώ. Но, стобискиот натпис јасно покажува дека на него е запишана номинативната форма. Уникатно е името кое е познато само по генитивната форма Βεσειλου, патронимик на Μεστύλας.[130]

Имињата од коренот Λυκ– (машкото Λύκος и женското Λύκα) се чести и добро потврдени во Македонија, па така и во Повардарието, иако само во женската форма[131] и како Λυκίη во Стоби,[132] како една од сложените оформени од овој корен.

Папазоглу смета дека Bithys, Doules, Kotys, Manta, Mesta, Mestylos, Pyrros, Pyroulas, Torkos, Toroulas се застапени во сите делови од Македонија и спаѓаат меѓу најчестите негрчки епихорски имиња во Македонија.[133] Петрова набројува група имиња: Attas, Gauros, Mescena, Mesta, Mestylas, Momo, Momonio, Mucati, Nana, Ninis, Posis, Sita и Surus. Според неа, тоа е група „која се јавува на поранешниот бригиски простор, во Пајонија, Македонија и Дарданија, а има аналогии и на малоазискиот простор. Тоа се имињата коишто не можат директно да се сврзат со фригиската ономастика, но сепак едноставно не можат да се припишат на илирската или тракиската антропонимија.“[134]

Δούλης е присутно во околината на Велес, како и во другите делови на Македонија.[135] На аморфните и антропоморфните стели Δούλης се јавува со други епихорски имиња.[136] Постојат тези дека името е тракиско, но во Тракија тоа се среќава само четирипати во таа форма и еднаш во латинична транскрипција Dules.[137] Една од антропоморфните надгробни стели била поставена за Δ[ο]ύλης Ἀρτιδόνεος.[138] Патронимикот е изведен од ретко име, Ἀρτιδόνις, кое е потврдено уште еднаш во Македонија и еднаш во Евбоја.[139]

Женското име Μάντα се јавува во Македонија и е поврзано со хеленските форми Μάντις, Μαντώ, Μαντίας и Μάντων, но формата во која е посведочено во Пајонија е само женската Μάντα. Формата Μαντύης е присутна меѓу Пајонците, но исто така и во Мала Азија,[140] па затоа постојат тези дека тоа мора да се смета за сведоштво за нивниот бригиски супстрат.[141]

Женското Μώμα[142] и машките Κούτης[143] и Σῖτα[144] се ретки, а исто така потврдени како епихорски имиња, иако постоеле обиди да бидат вклучени во тракиската, односно во илирската антропонимија.

---

[130] Babamova 2016, 50.

[131] IStob. 27; Јосифовска 1953, 237–239; Вулић 1931, 137 и еден необјавен.

[132] IStob. 94.

[133] Папазоглу 1977, 77.

[134] Петрова 1996, 184.

[135] Вулић 1931, 75; von Premerstein–Vulić 1903, 4, бр. 4; IGBulg. IV, 2286; IG X 2, 1, 249, 441, 564, 728 и 1002; IG X 2, 2, 1, 198, 200, 277, 279, 326 и 347.

[136] Papazoglou 1977, 76, заб. 42.

[137] IGBulg. III, 2, 1876 и IGBulg. IV, 2202.

[138] von Premerstein–Vulić 1903, 4, бр. 4.

[139] *Supplementum epigraphicum Graecum* LI, 859 и IG XII, 9, 795.

[140] Zgusta 1964, §868–1 –3.

[141] Петрова 1996, 183.

[142] Вулић 1934, 64; IG X 2, 2, 1, 351; IG X 2, 1, 296, 298, 476, 515, 919, 1001 во формата Μωμω; IMS VI, 133.

[143] Вулић 1933, 135. Сп. Проева 1996, 91.

Епихорско е и машкото Τόρκος, кое е потврдено во Македонија (во Тесалоника како татко на Μωμω и син на Μενδις, име кое исто така влегува во групата на бригиски/фригиски имиња),[145] а го нема ниту во Мала Азија и во Тракија. Женското Χιόνη е исто така потврдено меѓу Македонците и во варијантата Χιωνίδης,[146] а се среќава само двапати во Тракија.[147]

Во околината на Велес се документирани Σύρος Ἀλεξάνδρ[ου] и Συρίων.[148] Името Σύρος (Συρίων е изведенка со честиот завршок –ιων) и неговата латинска варијанта Surus е потврдена низ целиот Балкански Полуостров и голем дел од целата Римска Империја, па така тоа во стилот на ономастичките студии било приклонувано кон различни етнички групации. Бузалковска–Алексова смета дека станува збор за хомонимија и дека имињата од разновидно потекло и значење се слеале во една графија.[149]

Уште едно ориентално име, Σανβατίς, е присутно во велешкиот крај во семејство со типични хеленско–македонски имиња.[150] Во Македонија е потврдено и во Бероја и се претпоставува дека е еврејско.[151]

Особено интересна за разгледување е една група имиња потврдена во долината на Брегалница, а вообичаено се поврзува со тракиските имиња. Станува збор за регион низ кој минувала границата меѓу провинциите Македонија и Тракија, но за етничката припадност уште се расправа врз основа на личните имиња, бидејќи недостасуваат други материјални остатоци. Најновите студии во кои се вклучени имињата од оваа област ги сместуваат во тракиската антропонимија, во групата на западно–тракиските имиња.[152]

На вотивната плоча од Долен Козјак го наоѓаме Μούκας Βάβου (сл. 15).[153] Во истата група икони се јавува и Μουκιανὸς Π[– – – –].[154] Среќаваме Iulius Mucianus од околината на Кратово[155] и Mucacenthus Dizae од околината на Пробиштип.[156] Коренот Μουκ– е раширен на територијата на централниот Балкан со различни суфикси: Μουκας, Mucatus, Mucacenthus (Μουκαζενις, Μουκαπορις, Μουκατραλις) и Μουκασης. Така имаме примери за сите форми: Μουκας и Μουκασης со грчки суфикси –ας, –ασης во Македонија; Mucatus, кое е својствено за Дарданија; Μουκακενθος, Μουκαζενις, Μουκαπορις, Μουκατραλις со тракиски завршоци во Тракија. Примерите се на прв поглед збунувачки. Имено, Ζαικενθης Μουκασου е определен како Παροικοπολίτης Μακεδών,[157] иако неговото лично име со завршок –κενθης е тракиско. Во Дарданија се јавува само во формата Mucatus трипа-

[144] Вулић 1931, 174 и еден необјавен. Сп. Papazoglou 1974, 68; Петрова 1996, 184; Проева 1996, 93.
[145] Вулић 1941–48, 140; IG X 2, 1, 296, 446, 849 и 926 и формата Τορκίων: 891.
[146] Вулић 1941–48, 115 и 396; Hatzopoulos 1996, 22; Tataki 1998, 43, бр. 1.
[147] IGBulg. III, 1, 1517: Αὐρ(ηλία) Χιόνη и IGBulg. IV, 1949: [–––ἀρχι]έρεια Χιόνη.
[148] Вулић 1931, 49 и 54; Вулић 1933, 138.
[149] Бузалковска–Алексова, М. „Името Surus во старобалканската антропонимија". *Жива антика* 34 (1984), 203–204.
[150] Јосифовска 1953, 225–227.
[151] ЕКМ I, 343.
[152] Dana 2014, LXXV–LXIX.
[153] Panev–Ricl 1994, 144, T. IX, бр. 7.
[154] Panev–Ricl 1994, 142, бр. 2, T. VIII.
[155] Керамитчиев 1973, 147–148, сл. 1.
[156] Керамитчиев 1965, 109–112, сл. 1.
[157] Tataki 1998, 147, бр. 6 и 7.

ти.[158] Еден од овие натписи е епитаф на Delus, ќерка на Mucatus, domo Albanopoli. Вториот ѝ припаѓал на Mucasa, кое е исто со Mucata, а во неговиот релјеф се претставени дарданските погребни обичаи. Имиња од истиот корен се најдени и по долините на Стримон и на Нест, но исто така и низ цела Тракија,[159] кадешто по правило коренот добивал тракиски завршоци –κενθης, –ζενις, –πορις и –τραλις, или се јавува во формата Μουκιανός, прифатена од латинскиот со текот на романизацијата. Во три случаи се јавува во формата Μουκας, а едниот има патронимик Ἀλεξάνδρου,[160] пример што зборува дека таа форма е типична за Македонија. Иста е состојбата и со формата Μουκάσης, која е само еднаш застапена во Тракија.[161] Поради тоа ова име треба да се смета за име кое потекнува од протоисториските слоеви на балканските народи, на кое му биле додавани различни суфикси и завршоци, зависно од тоа кој народ го прифатил и адаптирал во својот јазик. Паралелно со овие постои и латинско гентилно име Mucius и cognomen Mucianus направен со честиот завршок –ianus (–ιανός), кој се среќава во безброј примери во латинската антропонимија.

Името на таткото на Μούκας, Βάβης или Βάβας е единственото појавување на ова име во Пајонија, но го има во Мала Азија,[162] па, повикувајќи се на фактот дека ова е епиграфски недоволно истражена територија, не можеме со сигурност да кажеме дали станува збор за име кое им припаѓа на традициите или овој е доселеник од Исток, иако втората можност изгледа поверојатна. Коренот Βαβ- со суфикс -υλος е присутен во Раштани.[163]

Еден од изнесените примери за коренот Mouk- има тракиски завршок -centhus и патронимик Diza,[164] кој е најверојатно тракиски, бидејќи е редок во Македонија, а чест во тракиските области. Наоѓаме уште еден Δίζες во Долен Козјак, Δίζας Μεστύλου во Свегор и Αἰδέσιος Δίζα и Βίθυς Διζάστου од Παροικόπολις ἡ Μακεδόνων.[165] Проева смета дека името е сигурно пајонско врз основа на тоа што се појавува источно од Тесалоника.[166] Во Тракија името е присутно за тракиските завршоци, така што состојбата е иста како и во случајот на адаптацијата на коренот Μουκ-.

Сл. 15. Вотивен релјеф посветен на Севс од Мукас, син на Бабос; с. Долни Козјак, штипско. Фото: С. Бабамова

[158] IMS VI, 142; IMS I, 90; Dobruna–Salihu, E. *Illyria antiqua*, Zagreb, 2005, 199–208.
[159] IGBulg. I–V, passim.
[160] IGBulg. V, 5438.
[161] IGBulg. IV, 2151.
[162] Zgusta 1964, §133–1 –16.
[163] Јосифовска 1953, 227–229, сл. 3.
[164] Керамитчиев 1965, 109–112, сл. 1.
[165] Panev–Ricl 1994, 143–144, T. IX, бр. 6 и еден необјавен фрагмент; Tataki 1998, 147, бр. 1 и 2.
[166] Проева 1996, 89.

Сл. 16. Вотивен релјеф посветен на Севс од - - -, син на Пајбес; с. Долни Козјак, штипско. Фото: К. Спасов (архива на НУ Завод и Музеј – Штип)

Другите примери покажуваат сложена ситуација во долината на Брегалница: има еден Δέντος и еден Παίβης (сл. 16).[167] Δέντις среќаваме во Линкестида[168] и Δέντο[υς] во Кавала.[169] Дечев дава еден Διοσκουρίδης Μουκάσου, φυσὶ δὲ Παίβου, и едно двосложно Μουκαπαίβης.[170] Повеќе примери може да се најдат во Филипи, во Амфипол и во Рим.

Во оваа група се вклучува уште еден корен кој се користи во различни варијации, Мест-, а е типичен за Македонија. Наједноставната форма го има суфиксот -os и -a за машката и за женската форма Μέστος и Μέστα. Другите форми имаат суфикси -υλος, -υλα, насекаде низ Македонија. Во Источна Македонија се јавува тракискиот завршок -κενθος[171] заедно со другите форми Μέστος и Μεστύλας, во Пелагонија има еден Μεστικένα[172] и една Mescena во Скупи.[173] Во тракиските области имињата од овој корен се среќаваат сосема ретко.[174]

Натписот од Шлегово, Кратовско бил подигнат за Τηρης Ἐπτήλου ὁ καὶ Ταις.[175] Τήρης се среќава на многу места: Ἰούλιος Τήρης од cohors I Flavia Bessorum[176] во Линкестида, што потврдува дека го носел Тракиец, Μενελᾶς Τήρου во Орестида[177] и Τήρης Πτολεμαίου, Μακεδών во Египет.[178] Се среќава и Τήρης Δίζου во Тракија[179] во контекст на имиња кои даваат збунувачка состојба: на истиот натпис има тракиски имиња (Ἐπταικένθος, Δίζας, Αυλουπορις), едно латинско (Μᾶρκος), едно епихорско име (Βείθυς), едно несигурно (Σαικελεης) и веќе споменатиот корен Μουκ– во форма Μουκκας. На уште едно место во Тракија Τήρης го наоѓаме придружен со дативната форма Παιῶνι.[180] Не можеме со сигурност да кажеме дали станува збор за етникон или за лично име. Во сличен контекст тоа се јавува и по долината на Стримон, каде Τήρης е татко на Βείθυς и на Ἀμύντας.[181] Поради

[167] Panev–Ricl 1994, 147, T. XI, бр. 16 и 145, T. X, бр. 10.
[168] IG X 2, 2, 1, 10.
[169] Detschew D., 1957, 125.
[170] IGBulg. II, 754.
[171] IGBulg. IV, 2337, 2343 и 2350.
[172] IG X 2, 2, 1, 250.
[173] IMS VI, 132.
[174] IGBulg. I², 47; IGBulg. II, 589 и 751; IGBulg. IV, 2214 и IGBulg. V, 5828.
[175] Сп. Babamova 2008, 93–94.
[176] IG X 2, 2, 1, 45.
[177] EAM 186.
[178] Tataki 1998, 497, бр. 236.
[179] Вулић 1941–48, 280.
[180] IGBulg. III, 2, 1595. Г. Михајлов се определува за вакво читање, меѓутоа претходните издавачи допуштаат дека може да станува збор за етникон Παιών[ος].
[181] IGBulg. IV, 2291.

овие причини би требало да се сомневаме во тракиското потекло, иако во Тракија името е најчесто застапено,[182] особено бидејќи постојат претпоставки дека тоа може да е и латински cognomen. Неговиот signum Ταις е присутен во Мала Азија и има претпоставки дека е епихорско мизиско име.[183] Можеме само да претпоставуваме зошто овој човек има таков signum.

Иако долината на реката Астибо не дала многу богат епиграфски материјал, сепак очигледна е разликата во употребата на одреден тип имиња. Хеленско–македонските, ако под овој назив подразбереме имиња кои се хеленски, а навлегле и останале во употреба меѓу Македонците под влијание на хеленската култура, заедно со поединечни ретки сочувани имиња од постарите слоеви од етногенезата се присутни во средното Повардарие, вклучувајќи ја тука и Амфакситида, каде не се забележуваат дури ни остатоци од епихорските имиња. За разлика од нив, жителите во Овчеполието и по долината на Брегалница покрај овие хеленско–македонски имиња користеле и една група имиња типични за источните македонски области. И покрај намерата на некои научници тие да бидат вброени во тракиската антропонимија, може да се каже дека по долината на Астибо се среќаваат три тракиски имиња (Δίζας, Δέντος и Τήρης), но тоа не значи дека била населена со Тракијци. Природно е во рудничките области, особено затоа што се погранични, да има доселување на население од соседната провинција Тракија.

На поголемиот дел од територијата која била населена од Пајонците постојат епиграфски извори кои, покрај до сега споменатите, го докажуваат присуството на пајонските елементи и во римско време.[184] Παίων, Παιωνίδης и Παιώνιος се среќаваат како лични имиња во Атина во класично и во хеленистичко време, но и во царскиот период.[185] Она што со сигурност може да се каже во врска со Пајонија во римскиот период е дека најголемиот дел од личните имиња се епихорски и хеленско-македонски. Епихорските имиња се оние во кои, исто така, се огледува зачувувањето на пајонскиот елемент, иако за тоа немаме директен доказ, бидејќи јазикот на Пајонците не ни е познат. Иако изгледа доволно јасен, називот хеленско–македонски имиња можеби бара објаснување: тоа се имињата кои се хеленски, но прифатени од Македонците во раниот период на јакнењето на државата и нејзината експанзија, а особено во времето кога Македонците ја прифаќаат хеленската култура. Φίλιππος, Ἀλέξανδρος, Κασσάνδρα се примери кои не само што станале обележје на македонската кралска лоза, туку останале уште долго потоа во употреба и затоа е потребно нивно издвојување кога се среќаваат на тлото на античка Македонија. Исто се случува и со имињата како Ποσιδωνία, Διονύσιος, Δημήτριος, Νικόλαος. Има значителен, но не многу голем број од латински имиња, што се присутни не само кај римските граѓани, кои, ако биле автохтони, вообичаено покрај латинското име го задржувале својот етнички белег преку својот *cognomen* или преку својот *signum*.

---

[182] IGBulg. I–V, passim.

[183] Zgusta 1964, §1497–2.

[184] Papazoglu 1991, 274: „Примерот на Пајонците ни е дотолку подрагоцен, што за античките народи речиси и да немаме директни податоци за одржување на етничката свест по исчезнувањето на нивната политичка слобода."

[185] Сп. LGPN II.

Божества и култови

Населението кое живеело по долините на Вардар, Брегалница и Струмица и во текот на римското владеење ги задржало верувањата во старите божества. Пајонските религиски традиции изразени преку Аполон како претстава за култот кон сонцето, локалните варијанти на Артемида, Кибела, Афродита, Зевс, Хера застапени на ликовните претстави не оставиле траги на натписите од времето на хеленизмот, но во римскиот период се многубројни релјефните претстави и вотивните натписи кои ги бележат верувањата и култовите, што покажува колку овие традиции биле јаки. Меѓу нив се среќаваат и Херакле, чиј култ бил многу застапен меѓу Македонците, потоа Хермес, Асклепиј, Хигија и Телесфор, Диоскурите, Нимфите. На натписите од римско време се среќаваат и божествата од римскиот пантеон (Јупитер и Венера во Стоби), а остануваат присутни и египетските Изида и Серапис.[186]

Сл. 17. Вотивен натпис посветен на Дионис Ведиај;
Исар, с. Марвинци, валандовско. Фото: С. Бабамова

Почитувањето на Дијалос како пајонско божество блиско до хеленскиот Дионис (кај Македонците присутен како Бакхос) епиграфски е најдобро потврдено. На еден натпис од Кукуш извршена е посвета на Διόνυσος Παιονικός од страна на негов свештеник.[187] Натписот е датиран во II век, што значи дека традицијата опстанала речиси пет векови по укинувањето на пајонската држава. Застапеноста на култовите се потврдува и преку почесни и надгробни споменици на свештениците, каков што е случајот со свештениците на Дионис: надгробниот споменик на ἱερεὺς πολειτικός Διονύσου од с. Мокрени од 16/7 год.,[188] архимистот Препонт на базата за статуа посветена на бо-

[186] Поопширно за верувањата на Пајонците и на Македонците: Düll, S. *Die Götterkulte Nordmakedoniens in römischer Zeit. Eine kultische und typologische Untersuchung anhand epigraphisher, numismatischer und archäologischer Denkmäler*. Минхен, 1977; Битракова–Грозданова 1999, 56–114; 124–140; 148–176; 186–212; 226–248; Петрова 1999, 127–142; Шукарова, А. *Филип II Македонски и атинските ретори*. Скопје, 2003, 252–256.

[187] Papazoglu 1991.

[188] Babamova 2016, 50.

гот од Стоби[189] и Гај Дионинов, ἱερεὺς Διονύσου, на надгробен споменик од с. Никодин.[190] Кон оваа група се приклучува и вотивната плоча на која е запишано дека Гај Албукиј Sосим и Ерија Реглина направиле жртвеник на Дионис Ведиај (досега непознат епитет на Дионис) во 151 год. (сл. 17). Со оглед на тоа дека Sосим не бил дојденец, можеме да претпоставиме дека станува збор за автохтон култ.

Надгробни споменици

Надгробните споменици се најбројниот тип натписи од римскиот период сочувани до денес, а овде разгледуваме две групи надгробни споменици кои се јавуваат на пајонската територија и содржат особени белези кои ги разликуваат од типичните надгробни споменици во римско време.

Антропоморфни и аморфни надгробни стели

Групата антропоморфни и аморфни надгробни стели од Македонија е позната од првите децении на XX век. Се одликуваат првенствено според формата – грубо изделкан камен, кој во некои случаи има форма на човечко тело на кое е назначена само главата со странични вдлабнувања во пределот на вратот, а во останатите случаи каменот наликува дека воопшто не е обработен. Димензиите им се поголеми од оние на најголемиот број надгробни споменици (висината изнесува и до 1,80 м), а натписите се врежани со големи и грубо, невешто изработени букви. Во науката се познати како „антропоморфни и аморфни стели од Пелагонија“ благодарејќи на проучувањата на Папазоглу.[191] Таа дефинира дека се јавуваат во „планинскиот регион кој ја заокружува пелагониската рамнина“,[192] но со оглед на новите наоди, поврзувањето само со Пелагонија треба да се дополни. Имено, до сега најдените стели потекнуваат од Браилово[193], Кален/Дуње[194] и една меѓу Крушевица и Орле,[195] но останатите се најдени североисточно од пл. Бабуна: во Мокрени[196] и Мартолци,[197] кои веќе излегуваат од рамките на Пелагонија. Освен тоа, до сега се познати уште неколку антропоморфни надгробни стели без натпис: една од нив потекнува од Дуње,[198] други од архајските некрополи во Живојно, Градешница и Беранци,[199] а со последните археолошки ископувања на некрополите во Исар–Марвинци, во југозападната некропола се пронајдени уште три антропоморфни стели без натпис, кои иако случајни наоди, врз основа на контекстот во кој се откриени, се датираат во II–I век пр.н.е.[200] Постоењето на ваков тип стели во градски цен-

[189] IStob. 7.

[190] IG X 2, 2, 1, 248. Во коментарот на овој натпис е изоставен само епитафот од Мокрени, бидејќи тогаш не бил објавен.

[191] Papazoglou 1977.

[192] Papazoglou 1977, 137.

[193] IG X 2, 2, 1, 271.

[194] IG X 2, 2, 1, 203.

[195] IG X 2, 2, 1, 181.

[196] Вулић 1931, 75.

[197] Вулић 1931, 76.

[198] Вулић 1941–48, 456.

[199] Papazoglou 1977, 150.

[200] За информациите за овие стели му благодарам на м–р Златко Видески, раководител на ископувањата.

тар како што е градот на Исар–Марвинци во доцниот хеленизам / републиканскиот период кажува повеќе отколку досега познатото мислење на Папазоглу дека постоењето на оваа група треба да се бара во планинските предели каде новите влијанија доаѓаат споро и затоа долго опстанува традицијата.

Во својата студија Папазоглу ги вклучува и т.н. аморфни стели кои немаат развиени конструкциски делови, туку се плочи со неправилна форма блиска до правоаголна и со натпис испишани во истиот манир како и антропоморфните (големи, невешто изрежани букви и криви редови). И тие се наоѓани делумно во истите места како и претходните: селата Попадија, Богомила и Мокрени под пл. Бабуна, но и во централните делови на Пелагонија: селата Врбјани, Суводол, Беранци (Црнобуки) и Живојно, што повторно зборува за тоа дека не можеме да сметаме само на нивната присутност во планинските предели. Уште еден нов натпис зборува во прилог на ова: надгробниот споменик најверојатно потекнува од околината на Стоби.[201] Со оглед на тоа дека е откршен горе, а сочуваниот дел не дозволува со сигурност да се зборува за целосниот изглед, не можеме да знаеме дали конструкциски да ја приклучиме кон групата на антропоморфни или на аморфни. Плитко вдлабнатото натписно поле е сочувано во целост, но натписот излегува од него.

Надгробните формули во обете групи се сосема кратки: името на покојникот запишано во номинатив или датив и сосема ретко како додавка имаат ἥρως или ἥρως χαῖρε, или пак ознака за возраста на покојникот. Пелагониските имаат име на покојникот во датив: Ἀντιγόνῳ Ζωπύρου ἥρωι од Врбјани,[202] Ἀλεξάνδρῳ Διονυσίου ἥρωι од Беранци (Црнобуки),[203] во номинатив: Ἥρα Γλαυκίου ἐτῶν ν' ἥρως χαῖρε од Живојно[204] и Ἀντίγονος Διονυσίου ἐτῶν λα' од Суводол.[205] Стелите од планинскиот предел на Бабуна имаат поинакви формули, но повторно кратки: Δούλης Κότυος πᾶσιν φίλος τοῦ γσ' од Богомила[206] и Μεστίκενα Δούλεος τοῦ εισ' од Попадија (сл. 18).[207] Што се однесува до натписите кои се предмет на овој труд, повторно имаме отскокнување од претходно утврдените правила: име на покојникот во номинатив има само антропоморфната стела од Извор: Δ[ο]ύλης Ἀρτιδονέος.[208] Стелата од Мокрени не е подложена на ревизија и најверојатно е изгубена, но со оглед на оштетеноста на последниот ред во времето кога е објавена од Вулиќ и на лошата фотографија, оставаме простор дека реконструкцијата на текстот во овој ред може да претрпи промени.[209] Третата антропоморфна стела од пајонската територија, од Мартолци[210] има долга формула со многу малку аналогии. Плочата од Мокрени има долга формула: Μεστύλας Βεσειλου ἱερεὺς πολειτικὸς Διονύσου χαῖρε. Χαῖρε καὶ σὺ τίσποτε (сл. 19).[211] Стелата од Стоби има формула слична на онаа од Богомила, но про-

[201] IStob. 46. Натписот сега се наоѓа во Стоби, но не се знае од каде точно потекнува.
[202] IG X 2, 2, 1, 311.
[203] IG X 2, 2, 1, 40.
[204] IG X 2, 2, 1, 11.
[205] IG X 2, 2, 1, 21.
[206] IG X 2, 2, 1, 279.
[207] IG X 2, 2, 1, 250.
[208] von Premerstein–Vulić 1903, 4, бр. 4 (со цртеж).
[209] Вулић 1931, 75. Истото мислење го има и Papazoglou 1977, 138, заб. 10.
[210] Вулић 1931, 76.
[211] Babamova 2016, 50.

ширена: πᾶσιν φίλος, οὐδενὶ ἄορος.[212] Независно од типот и елементите на формулата, и покрај проширувањето со нови примероци од обете групи, останува валидно мислењето на Папазоглу дека ова се индивидуални надгробни споменици.[213] Тие се сосема нетипични за римскиот период во Македонија и повеќе наликуваат на хеленистичкиот манир на содржината на натписите.

Сл. 18. Надгробна плоча на Местикена, син на Дулес (група аморфни надгробни плочи); с. Попадија, велешко. Фото: О. Харл

Сл. 19. Надгробна плоча на Местил, син на Бејсел (?) (група аморфни надгробни плочи); с. Мокрени, велешко. Фото: С. Бабамова

Анализата на имињата која ја прави Папазоглу покажува дека од антропонимиски аспект има две групи имиња: хеленско–македонски и автохтони. Во пределите северно од пл. Бабуна имињата се исклучиво автохтони, во Мариово личните имиња се хеленско-македонски, а патронимиците се автохтони, а по внатрешната граница на Пелагонија се исклучиво хеленско–македонски.[214] Од аспект на имињата, натписите најдени по објавувањето на студијата на Папазоглу се вклопуваат во сликата. За подрачјето северно од пл. Бабуна: патронимикот Βεισελου е до сега непознат, а името Μεστύλας се јавува и на антропоморфните стели. Второто име присутно на нашиве стели е Δούλης. Стелата од Стоби има ретко лично име и хеленско–македонски патронимик, Πατουμάσης Ἄνδρωνος.

Единствената аналогија на овие стели Папазоглу ја наоѓа во една група надгробни стели од Тесалија, слични според изгледот и со многу слична едноставна формула. Покрај формулата тие имаат и посвета Ἑρμῇ Χθονίῳ и негова претстава, а наведу-

[212] IStob. 46.
[213] Papazoglou 1977, 147.
[214] Papazoglou 1977, 145–146.

ва дека повеќето од нив содржат и ἥρως χρηστὲ χαῖρε. „Во секој случај“, заклучува таа, „точно во таа смисла ми се чини дека треба да се толкуваат пелагониските стели: каменот е портрет на покојникот, седиште на неговата душа; тој го води на неговото место во светот на мртвите“ – поврзувајќи ја хтонската функција на Хермес како водич на душите.[215]

Прашањето за датирањето на обата типа стели не е едноставно. Единствените прецизно датирани се плочите од Богомила,[216] Попадија[217] и Мокрени, од 16/7 г. до 67/8 г. Останатите од групата е тешко да се датираат, бидејќи (како и повеќето надгробни споменици) немаат особени белези кои би укажале барем на грубо датирање. Едноставната формула, поточно индивидуалноста на надгробниот споменик, е типична за хеленистичкиот период, додека во римско време спомениците стануваат фамилијарни. Во својата студија Папазоглу го датира споменикот од Браилово во републиканската епоха со резерва, односно го смета за ран,[218] а оној од Живојно во II–III век,[219] обата врз основа на обликот на буквите, односно лигатурите во вториот случај. Потврда за датирањето во III век таа наоѓа и во географската и хронолошката блискост на пелагониските антропоморфни и тесалските стели, нагласувајќи дека овие вториве се датирани во III век.

Според сево ова би можеле да заклучиме дека антропоморфните и аморфните стели (со и без натпис) се присутни во средното Повардарие и во Пелагонија во долг временски распон, изработени се од локален лискун или песочник, што упатува на сиромашно автохтоно население, кое ги сочувало традициите во погребниот ритус во текот на целиот раноримски период, што се потврдува и преку користењето на епихорски и хеленско–македонски лични имиња.

Тиквешка група надгробни споменици

Тиквешката група надгробни споменици ја сочинуваат неколку десетини надгробни споменици (стели, плочи и осуари) кои според иконографските мотиви и нивната композиција, како и според материјалот од кој се изработени (андезит и гнајс типични за регионот) се различни од другите надгробни споменици од Македонија и затоа сочинуваат група што е единствена по својата појава. За поголемиот дел од нив, најдени во првата половина на XX век, како место на наодот описно стои „околината на Кавадарци“ или „кавадаречкиот крај“ без точна ознака на местото, па дури и материјалот се именува како „кавадаречки камен“, а групата како кавадаречка. Но, според оние кои се откриени во последниве педесетина години се покажува дека ги има низ целиот Тиквеш, па затоа е подобро групата да се именува како тиквешка. Првпат биле откриени за време на истражувањата на Н. Вулиќ во 30-тите и 40-тите години на минатиот век, но стелите од овој тип сè уште се наоѓаат како површински наоди во целиот тиквешки регион.

---

[215] Papazoglou 1977, 149–150.

[216] IG X 2, 2, 1, 250.

[217] IG X 2, 2, 1, 279.

[218] Papazoglou 1977, 137: “d’une date relativement haute (fin de l’époque républicaine?)”.

[219] Papazoglou 1977, 143.

Уникатноста на групата лежи во специфичните иконографски мотиви и нивното компонирање. Надгробните стели најчесто имаат триаголен фронтон, релјефно поле и натписно поле. Покојниците се претставени под столбови со бази и капители кои се поврзани со арка, но има и такви без човечки претстави. Покрај зимзелените дрвја, на стелите од тиквешката група гледаме неколку симболи што се повторуваат, како што се схематизираните бршленови лисја и винова лоза, афион и разни астрални мотиви, шестлисни розети, како и алатки како аскија и срп (сл. 20 и 21).

Сл. 20. Надгробна стела подигната од Публиј (тиквешки тип надгробни стели); околината на Кавадарци. Фото: О. Харл

Сл. 21. Надгробна стела на Граноний Валенс (тиквешки тип надгробни стели); околината на Кавадарци. Фото: О. Харл

Со оглед на тоа дека групата е проучувана поради симболиката на иконографските мотиви и нивното комбинирање[220] во вкупната бројка се вклучуваат и споменици кои ги немаат сите елементи и нивни композиции како кај најтипичните примери, туку само присуство на некои од мотивите. Ова во извесна мерка ја прави групата широко дефинирана, бидејќи во некои случаи присуството само на еден елемент го приклучува кон групата. Треба да се напомене и дека групата претставува единствен при-

[220] Целосен преглед на библиографијата за тиквешката група надгробни стели: Babamova–Nikoloska 2020, 436 и Бабамова–Николоска 2020, 166.

мер во Македонија на толку бројна продукција на надгробни споменици од само неколку каменорезбарски работилници. Врз основа на годините запишани според македонската провинциска ера на неколку стели, добиваме можност за датирање на групата во првата третина од III век.[221]

Аналогии на некои од иконографските мотиви – аскијата, српот и стилизираните зимзелени дрвја – се јавуваат на т.н. исауриска група надгробни стели во Анатолија, поточно во микрорегионот на Исаурија во Ликаонија, кои се современи со тиквешките и датираат од почетокот на III век до почетокот на IV век. Според податоците на натписите, оваа група има дефиниран христијански карактер, бидејќи се среќаваат лични имиња кои често биле користени од христијанската заедница (Παῦλος и Πέτρος), а особено важни во оваа смисла се епитафите на припадниците на христијанското свештенство (ἐπίσκοπος Μαμμας, και διάκονος Ταβεις).[222]

Епиграфскиот аспект на тиквешките надгробни споменици не е специфичен како што е иконографскиот и неговата симболика. Надгробните формули ја имаат вообичаената структура од римско време: го содржат името на покојникот, името на оној кој го подига споменикот, роднинските или брачните врски, и на крајот μνήμης/μνίας χάριν, а понекогаш може да се сретне годината и месецот на подигање на споменикот. Во ниту еден од познатите примери не се среќава формулата ἥρως χαῖρε, туку само ἥρως,[223] а χαῖρε παροδῖτα само во еден случај.[224] Ова покажува дека формулата најчесто има едноставна конструкција.

Посебноста на групата лежи и во несоодветноста на натписот и човечките претстави во релјефното поле во оние случаи каде што се присутни. Имено, вообичаено е споменатите членови на семејството во натписот да бидат прикажани во релјефното поле и да се нагласи дека споменикот се подига и за нив. И во други случаи има несоодветност на претставите и натписот, но во случајот на тиквешката група има низа контрадикторни примери: повеќе човечки претстави отколку што има имиња во натписот, човечки претстави за покојникот и за оној кој го подига споменикот, иако тоа не е прецизирано со ἑαυτῷ/ἑαυτῇ во текстот. На три од тиквешките стели во натписот изостанува името на покојникот, појава која е типична за Тиквеш, но не и за оваа група.

Би очекувале дека уникатноста на тиквешката група надгробни стели во рамките на провинцијата Македонија треба да упати на автохтоно население кое живеело во некоја изолирана средина. Но, имињата на нејзините носители покажуваат припадност кон сите слоеви на римското провинциско општество: меѓу нив има *cives Romani* со странско потекло, *cives Romani* со домородно потекло, перегрини со автохтони имиња и перегрини со латински имиња. Иако се покажува дека сите споменици од тиквешката група имаат исти карактеристики во однос на надгробната формула, прикажаниот социјален статус на нејзините носители е пресликан во начинот на изработката и со тоа и во изгледот, а понекогаш и во димензиите на нивните надгробни споменици.

---

[221] Бабамова 2005, 51–55.

[222] Babamova–Nikoloska 2020, 437–440 и Бабамова–Николоска 2020, 167–171.

[223] Вулић 1941–48, бр. 165.

[224] Вулић 1931, бр. 149.

Очигледно е дека тиквешките надгробни споменици биле нарачувани од припадници на локална заедница која со иконографските мотиви имала тенденција да ги покаже своите религиозни уверувања, односно практикувањето обичаи кои во првата третина на III век во овие краишта сè уште не биле целосно експонирани. Потребата да се претстави нивната припадност кон ранохристијанските учења постоела, но тоа во нашиов случај се спроведувало преку скриени симболи, доколку аналогиите со иконографските мотиви на малозиските стели и нивната сигурна христијанска детерминација ги прифатиме како начин на толкување, па во тој случај можеме да зборуваме за најраните христијани потврдени во близината на подоцнежното моќно епископско седиште Стоби, кое врз основа на археолошките откритија насочува на голема бројност на христијанската заедница уште на почетокот на IV век.

* * *

На крајот на ваквите истражувања се наметнува потребата од согледувањето на нивото на романизација согледана преку епиграфските споменици на пајонската почва. Како појава која е многу проучувана и од политички и од социолошки аспект, романизацијата во источниот и во западниот дел од Римската Империја добивала сосема различни текови. Проучувањето на промените и влијанијата на Рим треба да добие уште една димензија: различноста, односно биполарноста на процесот на романизација во источните и во западните провинции. Општо мислење е дека западните провинции уживале во цивилизациските придобивки на Рим. Сите современи жители на тие територии го наследиле својот мајчин јазик од латинскиот и немале особено високи културни дострели пред доаѓањето на Римјаните. Спротивно на ова, за источните провинции се смета дека во културолошка смисла биле само мешавина направена меѓу претходно повисоко издигнатата култура во најширока смисла од една и римската од друга страна, па според тоа се разгледуваат начините на кои тие жители се прилагодиле или промениле кога им била наметната римската власт, односно кога контактот со римската култура станал интензивен. Во сите римски провинции, без исклучок, аристократијата прва се романизирала, затоа што имала потреба од зближување со новодојдената власт за да ги зачува сопствените интереси од аспект на финансиска стабилност која носела и политичка моќ. Римјаните лесно им давале римско граѓанско право на припадниците на локалната аристократија, бидејќи тоа носело предности и во легална и во општествена смисла, кое тие го прифаќале сакајќи да си ги зачуваат позициите во заедницата, за возврат бивајќи лојални на Римјаните. Остатокот од населението, пред сè перегрините, немале потреба од престижот на римски граѓанин и користењето на латински имиња за да го подигнат својот социјален статус. Во ваквите проучувања, важна улога игра типот на населбите каде што живеело населението.

Врз основа на типологијата на надгробните споменици, прифаќањето на римските обичаи, почитувањето на римските божества и култови, а главно преку ономастичката формула и употребата на латинските имиња кај автохтоните жители запишани на натписите во камен се доаѓа до заклучок дека нивото на романизираност е многу ниско, што покажува дека, во времето кога припаѓал на Римската Империја, регионот имал живот типичен за источните провинции. Повардарието бележи извесен број латински елементи во личните имиња (појава која особено се интензивирала во III век), но тоа е резултат на географската положба заради која областа е изложена на влијанија

кои доаѓале преку главните патишта во Империјата. Но, нивниот број е мал во однос на вкупната бројка на населението. Населението во Стоби, како муникипиј со *ius Italicum*, очекувано е најголемо римско влијание и според бројот на граѓани со римско граѓанско право (во републиканскиот и раниот царски период и доселеници) и според користењето на латинскиот јазик. Епиграфските споменици даваат можност да се согледа создавањето на локалната аристократија, која во втората половина на II – првата половина на III век го достигнала зенитот на својата моќ и дејствувала заедно со претставниците на римската држава. Напоредно со нив во истиот период локалното население, за кое може да се каже дека живеело според старите традиции, во најголем дел ги бележи влијанијата на Рим преку користењето на латински имиња. Во Стоби се потврдени значителен број доселеници од италско тло, но населението ги зачувало пајонските и македонските традиции, кои биле прифаќани дури и од жителите кои биле потомци на доселениците.

За разлика од овој регион, по долините на Брегалница и Струмешница се живеело многу повеќе традиционално, во склад со предримските традиции, а белезите на римската култура се присутни само во надгробните споменици на доселениците кои дошле во регионот како резултат на експлоатацијата на рудниците. Долината на Брегалница и дел од Овчеполието покажуваат свртеност кон традициите на источна Македонија во употребата на имињата, кои се распространети на територијата на која се присутни и тумуларните погребувања, кои, иако присутни како пајонска традиција, во римскиот период се многу поприсутни во Тракија, па така за оваа област поскоро може да се зборува за тракиско, отколку за римско влијание.

Наоѓајќи се на границата на двете култури, на двете половини на тогашниот познат свет, крстопат и поврзување на истокот со западот и северот со југот, не многу близок до главните балкански природни ресурси, ниту во непосредна близина на главните поморски трговски центри, за кои бил само попатна станица, како област која стопанисувала главно со земјоделието и која била мирна од воените операции многу порано отколку другите делови од Царството, срцето на земјата на Пајонците ги задржало одликите кои ги имало пред римското освојување, пред сè во однос на градскиот живот, како и во остатокот од Македонија. Непосредно бил поврзан со случувањата на Балканот и на Истокот, но блискоста до соседната колонија Скупи и Тесалоника извршиле влијание само во политичките интереси на одредени локални жители, а најголемиот дел од населението продолжил да живее мирен провинциски живот, не прифаќајќи други специфики на римската култура и по речиси пет века живеење во римската држава.

ЛИТЕРАТУРА

CORPORA:

CIL III *Corpus inscriptionum latinarum*. Vol. 3, partes 1-2, *Inscriptiones Asiae, provinciarum Europae Graecarum, Illyrici Latinae* (edidit Mommsen, Th.). Akademia litterarum regia Borussica, Berlin, 1876.

CIL VI *Corpus inscriptionum latinarum*. Vol. 6, pars 1, *Inscriptiones urbis Romae Latinae* (ediderunt Bormann, E., Henzen, G.). Akademia litterarum regia Borussica, Berlin, 1873.

CIL X *Corpus inscriptionum latinarum*. Vol. 10, partes 1-2, *Inscriptiones Bruttiorum, Lucaniae, Campaniae, Siciliae, Sardiniae latinae* (edidit Mommsen, Th.). Akademia litterarum regia Borussica, Berlin, 1873.

EAM Rizakis, Th. – Touratsoglou, G. *Ἐπιγραφὲς Ἄνω Μακεδονίας (Ἐλίμεια, Ἐορδαία, Νότια Λυγκέστις, Ὀρεστίς). Τόμος Α. Κατάλογος Ἐπιγραφῶν*, Ἐθνικόν Ἵδρυμα Ἐρευνών, Ἀθῆναι, 1985.

EKM B, A Gounaropoulou, L. – Paschidis, P. – Hatzopoulos, M.B. *Ἐπιγραφὲς Κάτω Μακεδονίας (Μεταξὺ τοῦ Βερμίου ὄρους καὶ τοῦ Ἀξίου ποταμοῦ). Τεῦχος Β. Μέρος Α. Ἐπιγραφὲς Ἀλώρου, Αἰγέων, Μίεζας, Μαρινίας, Σκύδρας, Νεαπόλεως, Ἐδεσσας*, Ἐθνικόν Ἵδρυμα Ἐρευνών, Ἀθῆναι, 2015.

EKM B, B Gounaropoulou, L. – Paschidis, P. – Hatzopoulos, M.B. *Ἐπιγραφὲς Κάτω Μακεδονίας (Μεταξὺ τοῦ Βερμίου ὄρους καὶ τοῦ Ἀξίου ποταμοῦ). Τεῦχος Β. Μέρος Β. Ἐπιγραφὲς Κύρρου, Γυρβέας, Τύρισσας, Πέλλας, Αλλάντης, Ιχνών, Ευρώπου, Βόρειας Βοττίας, Αλμωπίας*, Ἐθνικόν Ἵδρυμα Ἐρευνών, Ἀθῆναι, 2015.

EKM I Gounaropoulou, L. – Hatzopoulos, M.B. *Ἐπιγραφὲς Κάτω Μακεδονίας (Μεταξὺ τοῦ Βερμίου ὄρους καὶ τοῦ Ἀξίου ποταμοῦ). Τεῦχος Α. Ἐπιγραφὲς Βεροίας*, Ἐθνικόν Ἵδρυμα Ἐρευνών, Ἀθῆναι, 1998.

IG X 2, 1 *Inscriptiones Graecae. Inscriptiones Epiri, Macedoniae, Thraciae, Scythiae. Pars II, fasc. 1: Inscriptiones Thessalonicae et viciniae* (edidit Ch. Edson), Berlin-Brandenburgische Akademie der Wissenschaften, Berlin, 1972.

IG X 2, 1s1 *Inscriptiones Graecae. Inscriptiones Epiri, Macedoniae, Thraciae, Scythiae. Pars II, fasc. 1: Inscriptiones Thessalonicae et viciniae*. Supplementum primum (edidit P. M. Nigdelis), Berlin-Brandenburgische Akademie der Wissenschaften, Berlin, 2017.

IG X 2, 1s2 *Inscriptiones Graecae. Inscriptiones Epiri, Macedoniae, Thraciae, Scythiae. Pars II, fasc. 1: Inscriptiones Thessalonicae et viciniae*. Supplementum alterum (ediderunt D. Papakonstantinou-Diamantourou, E. Martín Gonzáles, K. Hallof), Berlin-Brandenburgische Akademie der Wissenschaften, Berlin, 2021.

IG X 2, 2, 1 *Inscriptiones Graecae*. Vol. X *Inscriptiones Epiri, Macedoniae, Thraciae, Scythiae. Pars II, fasc. 2: Inscriptiones Macedoniae septentrionalis. Sectio prima: Inscriptiones Lyncestidis, Heracleae, Pelagoniae, Derriopi, Lychnidi* (ediderunt F. Papazoglou, M. Milin, M. Ricl adiuvante K. Haloff), Berlin-Brandenburgische Akademie der Wissenschaften, Berlin, 1999.

IGBulg. I–V

Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, vol. I², (edidit G. Mihailov), In aedibus typographicis Academiae Litterarum Bulgaricae, Sofia, 1970.

Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, vol. II, (edidit G. Mihailov). In aedibus typographicis Academiae Litterarum Bulgaricae, Sofia, 1958.

Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, vol. III, 1, (edidit G. Mihailov). In aedibus typographicis Academiae Litterarum Bulgaricae, Sofia, 1961.

Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, vol. III, 2, (edidit G. Mihailov). In aedibus typographicis Academiae Litterarum Bulgaricae, Sofia, 1964.

Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, vol. IV, (edidit G. Mihailov). In aedibus typographicis Academiae Litterarum Bulgaricae, Sofia, 1966.

ILBulg. Gerov, B. *Inscriptiones Latinae in Bulgaria repertae*. In Aedibus Universitatum Kliment Ohridski, Sofia, 1989.

IMS VI *Inscriptions de la Mésie Supérieure*, vol. VI: Scupi et la région de Kumanovo, par B. Dragojević–Josifovska sous la direction de F. Papazoglou, Centre d'études épigraphiques et numismatiques de la Faculté de philosophie de l'Université de Beograd, Beograd, 1982.

IStob. Бабамова, С. *Inscriptiones Stoborum*. Студии за старините на Стоби, серија монографии кн. 1, НУ Стоби, Стоби, 2012.

LGPN II *Lexicon of Greek Personal Names*, vol. II (Attica), edited by M. J. Osborne and S. J. Byrne, The British Academy, London, 1996.

LGPN IV *Lexicon of Greek Personal Names*, vol. IV (Macedonia, Thrace, Northern Regions of the Black Sea), edited by P. M. Fraser and E. Matthews, The British Academy, London, 2005.

БИБЛИОГРАФИЈА:

Бабамова, С. *Епиграфски споменици од Република Македонија датирани според македонската провинциска ера*. Институт за национална историја, Скопје, 2005.

Babamova, S. "Personal Names on the territory of Paeonia in the Roman Period". *Živa antika* 58 (2008), 87–96.

Бабамова, С. „За датирањето на Тиквешката група надгробни стели“. *Патримониум.МК*, бр. 9 (2011), 75–78.

Бабамова, С. „Нови антички натписи од Македонија“. *Жива антика монографија* бр. 10 (2012), 27–50.

Babamova, S. "Ἥρως χαῖρε: New grave monuments from Macedonia". *Acta Musei Tiberiopolitani* vol. I (2016), 44-53.

Babamova, S. "New inscriptions from Eastern Macedonia". *Živa antika* 67 (2017), 89-96.

Бабамова, С. „Белешки за просопографијата на Стоби“. *Студии за старините на Стоби*, том IV (2018), 110-131.

Babamova, S. "New Evidence for the Location of Ancient Gortynia, Idomene and Doberos". во: Максимовић, Љ. – Рицл, М. (ур.), *Τῇ προσφιλεστάτῃ καὶ πάντα ἀρίστῃ μακεδονιαρχίσσῃ: Students and colleagues for professor Fanoula Papazoglou*. International conference Belgrade, 17-18 October 2017, Serbian Academy of Sciences and Arts, Belgrade 2018, 11-22.

Бабамова С. – Николоска А., Нови согледувања за Тиквешката група надгробни споменици, *Živa Antika* 70 (2020), 165–180.

Babamova, S. “Social Diversity represented on funerary monuments in the Northern part od Provincia Macedonia”. *Monumenta* 5 (2020), 497-510.

Битракова–Грозданова, В. *Религија и уметност во антиката во Македонија*. Македонска цивилизација, Филозофски факултет, Скопје, 1999.

Битракова–Грозданова, В. „Прилог за култот кон Ζεὺς Ὕψιστος во Македонија“. *Жива антика* 56 (2006), 73–80.

Bitrakova–Grozdanova, V. "Mors Macedonica. Thèmes figures sur les monuments funéraires dans le nord de la Haute Macédoine". Camb,i N.–Koch, G. (ur.), *Sepulkralna skulptura zapadnog Ilirika i susjednih oblasti u doba Rimskog carstva, Zbornik radova s međunarodnog simpozija održanog od 27. do 30. rujna 2009, Split,* Književni krug, Split, 2013, 619–639.

Винчиќ, Ж. *1000 години антика во Тиквешијата*, Општина Неготино, Неготино, 1996.

Вулић, Н. „Антички споменици наше земље“. *Споменик Српске краљевске академије* 71 (1931).

Вулић, Н. „Антички споменици наше земље“. *Споменик Српске краљевске академије* 75 (1933).

Вулић, Н. „Антички споменици наше земље“. *Споменик Српске краљевске академије* 77 (1934).

Вулић, Н. „Антички споменици наше земље“. *Споменик Српске краљевске академије* 98 (1941–48).

Драгојевиќ–Јосифовска, Б. „Извештај о археолошком ископавању код села Марвинаца“. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 19 (1967), 307–352.

Dragojević–Josifovska, B. "Baza sa posvetom Marku Aureliju". *Živa antika* 33.1 (1983), 23–25.

Dana, D. *Onomasticon Thracicum* (*OnomThrac*). *Répertoire des noms indigènes de Thrace, Macédoine Orientale, Mésies, Dacie et Bythinie*, Μελετήματα 70, Ἐθνικόν Ἵδρυμα Ἐρευνών, Ἀθῆναι, 2014.

Demitsas, M. *Ἡ Μακεδονία ἐν λίθοις φθεγγομένοις καὶ μνημείοις σωζομένοις*, Атина, 1896.

Душанић, С. „Војничка диплома једног Стобљанина“. *Старинар* L (2000), 113–130.

Hatzopoulos, M. B. *Macedonian Institutions under the kings,* Μελετήματα 22, Ἐθνικόν Ἵδρυμα Ἐρευνών, Athens, 1996.

Јованова, Л. *Скупи – некрополи. Сториш за истакнати личности според епиграфски и археолошки сведоштва*. Inventaria Archaeologica Personarum том II, Каламус, Скопје, 2015.

Јосифовска, Б. „Неколку неиздадени грчки и латински натписи од Македонија“. *Жива антика* 3 (1953), 222–244.

Јосифовска, Б. „Грчки натпис со сигнатура на уметникот Ἄδυμος Εὐάνδρου“. *Жива антика* 8 (1958), 295–300.

Јосифовска, Б. „База са посветом П. Мемију Регулу“. *Жива антика* 9 (1959), 285–290.

Јосифовска, Б. „Неколико необјављених надгробних споменика из Македоније“. *Жива антика* 13–14 (1964), 157–165.

Јосифовска–Драгојевић, Б. „Прилог локализовању града Аргоса у Пеонији“. *Жива антика* 15.1 (1965), 117–136.

Јосифовска–Драгојевић, Б. „Грчки натпис са архитрава једног храма из с. Марвинци“. *Жива Антика* 15.1 (1965), 137–147.

Јосифовска–Драгојевић, Б. „Извештај о археолошком ископавању код села Марвинаца“. *Годишен зборник на Филозифскиот факултет во Скопје* 19 (1967), 317-352.

Katičić R., "Peonci i njihov jezik", *Živa antika* XXVII.1 (1977), 25–31.

Керамитчиев, А. „Нови епиграфски споменици од Источна Македонија“. *Жива антика* 15.1 (1965), 109–115.

Keramitčiev, A. "New Greek Inscriptions from East Macedonia". *Зборник на Археолошкиот музеј во Скопје* IV–V (1966), 59–60.

Керамитчиев, А. „Новооткриени епиграфски споменици во Кратовско“. *Жива антика* 23.1 (1973), 147–154.

Керамитчиев, А. *Старото рударство и метакургија на Македонија* (*од праисториско време до крајот на XIX век*). Археолошки музеј на Македонија, Скопје, 1977.

Крстевски, Ц. – Бофо, Л. „Градот на Исар–Марвинци и римската администрација во провинцијата Македонија“. *Folia archaeologica Balkanica* I (2006), 333–355.

Лилчиќ (Адамс), В. „Хероонот од Барово“. *Македонско наследство* бр. 6 (1998), 43–79.

Лилчиќ (Адамс), В. *Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот*, Том I, Македонска цивилизација, Скопје, 2001.

Микулчиќ, И. *Антички градови во Македонија*. МАНУ, Скопје, 1999.

Panev, A. – Ricl, M. "Nouvelles inscriptions votives de Macédoine Orientale". *Zeitschrift für Papyrologie und Epigraphik* 101 (1994), 139–150.

Папазоглу, Ф. *Македонски градови у римско доба*. Жива антика посебна издања бр. 1, Скопје, 1957.

Папазоглу, Ф. „Дарданска ономастика“. *Годишњи зборник Филозофског факултета у Београду* VIII.1 (1964), 49–75.

Papazoglou, F. "Sur quelques noms “thraces” en Illyrie". *Godišnjak Centra za balkanološka istraživanja* XII (1974), 59–73.

Папазоглу, Ф. „Етничка структура античке Македоније у светлости новијих ономастичких истраживања“. *Balcanica* VIII (1977), 65–82.

Papazoglou, F. "Stèles anthropomorphes et amorphes de Pélagonie". *Živa antika* 27.1 (1977), 135–150.

Papazoglou, F., "Quelques aspects de l’histoire de la province de Macédoine". *Aufstieg und Niedergang der römischen Welt* II, 7.1. (1979), 302–369, Берлин.

Папазоглу, Ф. „О “хеленизацији” и “романизацији”. *Глас САНУ* СССХХ Одељење историјских наука, књ. 2 (1980), 21–36.

Papazoglou, F. "Notes épigraphiques de Macédoine". *Živa antika* 32.1 (1982), 39–52.

Папазоглу, Ф. „Социјална структура полиса хеленистичког и римског периода“. *Глас САНУ* 143, књ. 5 (1986), 1–9.

Papazoglou, F. "Oppidum Stobi civium Romanorum et municipium Stobensium". *Chiron* 16 (1986), 213–237.

Papazoglou, F. *Les villes de Macédoine à l’époque romaine*, Supplement *BCH*, Ecole française d'Athènes, Paris, 1988.

Papazoglu, F. "O Peoncima u rimsko doba". *Mélanges A. Benac, Posebna izdanja Akademije nauka i umetnosti BiH 95, Odeljenje društvenih nauka* 27 (1991), 271–274.

Петрова, Е. *Бригите на Централниот Балкан во II и I милениум пред н.е.* Музеј на Македонија, Скопје, 1996.

Петрова, Е. *Пајонија во II и I милениум пред н.е.* Македонска цивилизација, Скопје, 1999.

Петрова, Е. *Стоби – водич*, Музеј на Македонија, Скопје, 2003.

von Premerstein, A. – Vulić, N. "Antike Denkmäler von Serbien und Macedonien". *Jahrbuch des österreichischen archäologischen Institutes in Wien* VI (1903), Beiblatt 1–60.

Проева, Н. „Епиграфски прилози од Тиквешијата". *Жива антика* 38 (1988), 55-64.

Проева, Н. „Епихорски имиња во Горна Македонија" во: *Јазиците на почвата на Македонија*, МАНУ, Скопје, 1996, 83–94.

Sekulov, V. P. – Jovanov, M. "Graves with round stone wreaths from the Roman Imperial period in Eastern Macedonia". *Acta Terrae Septemcastrensis* VI.1 (2007), 121–140.

Sekulov, V. P. "Burial Customs of the Gushterova Chukarka, Necropolis of Roman Imperial Times". *Terra Antiqua Balcanica et Mediterranea, Acta Musei Varnensis* VIII.1, *Miscellanea in honorem of A. Mincev*, Варна, 2011, 229–254.

Соколовска, В. Исар Марвинци и Повардарјето во античко време, Музеи на Македонија, Скопје, 1986.

Соколовска, В. „Надгробен споменик од Исар–Марвинци". *Зборник на Музејот на Македонија, археологија*, н. с. бр. 1 (1995), 143–146.

Соколовска, В. *Античкиот град на Исар–Марвинци, Валандово. Културно–историски осврт*, Porta Archaeologica, Скопје, 2011.

Tataki, A. *Ancient Beroea. Prosopography and Society*. Μελετήματα 8, Athens, 1988.

Tataki, A. *Macedonians abroad: a contribution to the prosopography of ancient Macedonia.* Μελετήματα 26, Атина, 1998.

Zgusta, L. *Kleinasiatische Personennamen*, Verl. der Tschechoslowakischen Akademie der Wissenschaften, Prag, 1964.

Wiseman, J. "Archaeology and History at Stobi, Macedonia" во: Ch. B. McClendon, *Rome and the Provinces*, New Haven Society of Archaeological Institute of America, 1986, 37–50.

Wiseman, J. "Municipal Tribes and Citizenship in Roman Macedonia". *Ancient Macedonia* V.3 (1994), 1757–1763.

Wiseman, J. "Jews at Stobi". *Kačić,* Zbornik u čast Emilija Marina XLI–XLIII (2009–2011), 325–350.

КРУЖНАТА-ТОЛОС ПРОСТОРИЈА ВО ВЛАДЕТЕЛСКАТА ПАЛАТА НА БИЛАЗОРА
(ПРИЛОГ КОН ПАЈОНСКАТА РЕЛИГИЈА)

Јовица Илиев

Античкиот град Билазора се наоѓа на локалитетот Градиште, доминантно возвишение во средината на Овчеполската котлина, во близина на селото Кнежје, 3 километри Ј/З од Св. Николе (сл. 1). Со површина од 20 хектари, тој претставува најголем локалитет од раната антика во Р. Македонија[1] (сл. 2). Својот процут градот го доживеал во втората половина на V и во IV век п.н.е., кога се изградени и најрепрезентативните градби, меѓу кои доминира т.н. „Владетелска палата".

Палатата е комплексна градба откриена на најдоминантниот дел на акрополата, сместена во нејзината јужна половина, покрај западниот и источниот бедем, ориентирана во правец североисток-југозапад. Првите остатоци од палатата се откриени во 2011 година, а со систематските истражувања во следните години, степенот на истраженост достигна над 70 проценти (сл. 3). Иако палатата сè уште не е целосно истражена, од нејзината основа јасно се гледа дека таа е концепциски многу слична со владетелската палата во постарата македонска престолнина Аjга[2] (сл. 4).

Со исклучок на просториите во јужното крило, сите други простории се археолошки целосно истражени и документирани. Сите тие имаат свои посебни архитектонски и градежни решенија, како и различни димензии, намена и инвентар. Меѓу нив се издвојуваат: централната влезна партија – вестибулот со репрезентативен влез од западната и спореден од источната страна; северо-источниот коридор; толос-просторијата со нејзиниот вестибул; кујната со трпезаријата; како и источниот, северниот и западниот трем од централниот отворен атриум (сл. 3).

Во северното крило од палатата се издвојува кружната, или т.н. толос-просторија со нејзиниот вестибул. Тие формираат засебна целина, која и архитектонски и наменски се издвојува од останатите, поради што заслужува и посебно внимание (сл. 5, 6, 7).

Кај сите простории во палатата се среќаваат елементи кои не се присутни единствено во толос просторијата, што само по себе ја издвојува оваа просторија од другите. На пример, сите други простории имаат свој посебен фрескоживопис на ѕидовите, како и големи камени прагови, во кои се исклесани жлебови за масивни дрвени врати. Единствено во толос-просторијата овие два карактеристични градежни белези

[1] Микулчиќ И. 1999, 36.
[2] Митревски Д. 2016, 38.

Сл. 1. Авио-снимка на позицијата на лок. Градиште – Кнежје (античка Билазора)



Сл. 2. Основа на Билазора со распоред на истражуваните позиции

не се јавуваат, што сугерира дека имала поинаков карактер и била отворена – без врата – за задоволување на одредени заеднички потреби.

Толосот и неговиот вестибул се сместени во северното крило на просториите – меѓу северо-источниот коридор и кујната (сл. 3). Самото именување „толос" сугерира кружна градба која може да служи како трпезарија (на пример, во Атина), како место за жртвување (во Епидаур) или пак како култно светилиште (во Олимпија). Архитектонски најблиска просторија со нашата, на речиси иста позиција, е откриена во палатата во Ајга (сл. 4); просториите се разликуваат само по тоа што толосот во Ајга нема вестибул, туку е директно отворен кон атриумот. Истражувачите на палатата во Ајга не можат да ја утврдат со сигурност точната намена на толосот. Едни ја поддржуваат теоријата дека станува збор за соба со престол и рецепционен дел, а други – дека се работи за ритуална трпезариска сала.

Вестибулот на толосот од палатата во Билазора претставува квадратна просторија со димензии од 9.75x9.50 метри, која комуницира директно со толосот, а е отворена кон северниот трем, преку кој се доаѓа до централното отворено двориште – атриумот (сл. 3, 10). На западната страна е одвоена од кујната со преграден ѕид од непечени тули. На прагот меѓу северниот трем од атриумот и влезната просторија на толосот се поставени два камени столба изработени во дорски стил,[3] како и еден пиластер прилепен до ѕидот од толосот, врз кого стои капител (сл. 10). Делови од архитравната греда не се откриени, што укажува дека најверојатно била изработена од дрво.

Подот на вестибулот бил направен од набиена земја премачкана со глина. Освен вообичаените железни врвови од стрели (проектили) кои се откриваат насекаде во палатата, на подот беа откриени мортариум, малоазиска фибула и две монети: една драхма на Александар III и една монета на пајонскиот владетел Леон (сл. 11). Овие малубројни наоди зборуваат многу за хронологијата на користење на тој простор, за неговата намена како предворје на толосот, но и за самиот чин на уривање не само на тој, простор туку и на целата палата, која насилно страдала во силен пожар.

Вестибулот се наоѓа на запад од толос-просторијата и е функционално поврзан со неа (сл. 9). Можат да се претпостават две негови намени: првата е онаа во која вестибулот служел едноставно како отворен премин кој ги поврзува толосот и атриумот, а другата е поврзана со култните – ритуални активности кои се одвивале во оваа просторија. За тоа сведочи камениот реципиент – сад со изливник, кој најчесто неосновано се именува како мортариум (кат. бр. 11).

Се верува дека камениот сад, т.н. мортариум, можел да служи за либација, односно за принесување течна жртва на боговите, но уште поверојатно е дека во него се истурала вода за прочистување на станарите пред да влезат во толосот. Ако мортариумот бил користен за либација, тогаш е можно во вестибулот да биле ритуално убивани животни, чија крв се собирала во мортариумот, за потоа да биде излевана во толосот. Сепак, на атичките сликани вази има бројни претстави на садови со висока нога, т.н. лутериони, со ист таков камен реципиент кој служел за ритуално миење. Истата ситуација, со истите наоди, е откриена и пред влезот во малиот дорски храм до палатата.[4]

[3] Зачуваните делови од дорските столбови се високи 2.33 метри.

[4] Митревски Д. 2018, сл.32.



Сл. 3. План-основа на истражениот дел од владетелската палата до 2016 година



Сл. 4. План на владетелската палата во постарата македонска престолнина – Аjга

Самиот толос е кружна просторија со пречник од девет метри, спакувана во приближно квадратна структура со димензии 9.55x9.35 метри, мерено од внатрешноста на ѕидовите (сл. 3, 6, 7). Толосот однадвор бил изѕидан како квадратна градба од практични причини: било полесно толосот, а притоа и целото северно крило, да се покријат со покрив на две води, одошто да се изведе свод или посебен конусен покрив само за тој дел од крилото, а потоа истиот да се интегрира со соседниот покрив на две води. Како дел од оваа покривна конструкција, во центарот на толосот беше пронајден камен базис, кој најверојатно носел дрвен столб.

Ѕидовите кои ја формираат оваа просторија биле фундирани врз плитки темели од рачно моделиран кршен камен, врзувани со глина. Со истата техника и материјал биле изѕидани и долните зони на ѕидовите до различни висини, зависно од конфигурацијата на теренот. Ѕидовите имаат зарамнето круниште, над кое ѕидањето продолжувало со непечени тули.

Во толос-просторијата се откриени најинтересните движни наоди, најчесто како прилози во помали жртвени јами. Најчесто керамички наоди, заедно со животински коски, биле вкопани во земјениот под во различни по големина јами (сл. 12), но и слободно оставани на подот низ целата површина од толосот (сл. 13). Најсликовита е т.н. „јама со теракота“, која се издвојува од другите по својата содржина (сл. 14). Во нејзината внатрешност беа пронајдени мноштво животински коски, еден отворен сад – леканис, како и теракотна зооморфна фигурина која наликува на птица (кат. бр. 9). Самата претстава на птица, поточно барска птица или птица преселничка, е соларен симбол карактеристичен за бронзеното и железното време во Европа. Меѓу наодите од пајонските некрополи од железно време во Македонија тие се широко застапени, пред сè како бронзени приврзоци и како завршетоци, односно протоми на култни предмети, на пример макови чашки, белегзии и др.[5] Заедно со птиците преселнички, чест составен дел на соларниот симболизам е светата кола, која исто така се поврзува со Аполон преку легендата за Хиперборејците.[6] Пишувајќи за Хиперборејците, Херодот укажува дека тие ги виткале своите заветни дарови во пченична слама и ги испраќале на Делос, каде имало храм подигнат во чест на Аполон кој бил центар на хиперборејскиот култ. Истото го правеле и пајонските и тракиските жени, кои ги виткале даровите во пченична слама и ѝ ги принесувале на кралицата Артемида;[7] историографот нагласува дека тие никогаш не принесувале жртва без пченична слама.[8] Принесувањето на жртва на кралицата Артемида била тесно поврзана со култот на сонцето, што не треба да нè зачуди, зашто Артемида и Аполон се брат и сестра, односно божествени близнаци. Можеби токму во т.н. „јама со теракота“ бил оставен заветен дар за кралицата Артемида, или пак за нејзиниот брат Аполон; во спротивно, не гледаме друго логично објаснување зошто станарите на палатата би оставале луксузни трпезни садови во јами придружувани со коски, ако не станува збор за заветни дарови за боговите што ги почитувале и требало да бидат одоброволени.

---

[5] Петрова Е. 1992, 125–138; Митревски Д. 2021.

[6] Аполон, како сончево божество, во зимските месеци патува на север, а напролет повторно доаѓа и ги носи со себе светлоста и топлината.

[7] Hdt. 4.33.

[8] Битракова В. 1999, 150.

Сл. 5. Поглед од север на влезната партија во палатата
со толос-просторијата во фаза на откривање

Сл. 6. Поглед од југ на влезната партија во палатата со толос-просторијата во фаза на откривање

Сл. 7. Поглед на северната половина од толос-просторијата, на подно ниво

Сл. 8. Поглед на јужната половина од толос-просторијата, на ниво на паднати тегули

Ваквата слика, заедно со кружната форма и позицијата, ја определуваат просторијата како култен простор. Секако, станува збор за просторија со општа намена, но со посебно значење во рамките на палатата, односно за задоволување на религиозните потреби на нејзините станари.

Освен неколку ситни фрагменти од црнофирнизиран атички импорт, најголем дел од керамичкиот материјал е од локална продукција и може да се подели на локална сликана и локална монохромна керамика.[9] Локалната сликана керамика била изработувана под влијание на атичката сликана керамика од V и IV век п.н.е. и се јавува во две фабрикации: целосно фирнизирани; ехинус, луцерна и садови со сликани мотиви; скифос, леканис и две чинии. Од посебно значење е луцерната, која припаѓа на тип III (светилки од класичниот период, според типологијата на А. Јакимовски) (кат. бр. 8). Овој тип се датира на самиот крај на V век п.н.е., поточно во последната четвртина на V век п.н.е., а се користел и во првата половина на IV век п.н.е., но не ја преминува средината на векот.[10] Нашиот примерок можеби останал во употреба и низ целиот IV век за осветлување на култниот простор во палатата.

Монохромната керамика исто така се јавува во две фабрикации. Најбројни се сиво печените садови (кантарос, цедалка и кратер), а присутни се и окер печени садови (бокал). Најинтересен сад од монохромната керамика е т.н. колонетен кратер (column crater) со форма по урнек на атичките кратери, а сепак во строго локален манир (кат. бр. 10). Бил изработен од потемна сиво печена керамика, со површина премачкана со течноста од истата глина. Најзагадочен момент кај овој сад се неговите два симбола, со кои е декориран на рамото, вратот и венецот, направени со печатење во свежата глина (сл. 16). Симболот[11] на рамото, вратот и венецот е крајно стилизиран и не можеме да извлечеме заклучоци што би можел да претставува, но затоа симболот над двете рачки многу потсетува на соларните симболи преку кои Пајонците го почитувале сонцето. Највообичаен и најраспространет начин да се прикаже почитувањето на сонцето бил кругот, како негов наједноставен приказ.[12] Симболот на кратерот не е затворен круг, но има многу елементи од железнодопската традиција на соларни симболи и култни бронзени предмети. Такви се, на пример, бронзените култни приврзоци од VIII–VII век п.н.е. од некрополата во Скупи, во Стрновац кај Куманово или приврзокот од непознато наоѓалиште во Валандовско–гевгелискиот регион (сл. 15). Мотивот врз рачките на кратерот од Билазора претставува четири концентрични полукруга со зраковиден завршеток кој ги поврзува (сл. 16).

Ако се усвои тезата – која секако не е без аргументи – дека станува збор за знаци на Сонцето или слика на божеството почитувано кај Пајонците, може да се заклучи дека тоа е тотемски знак кој не се развил во фигурална претстава. Меѓутоа, со текот на времето, под влијание на хеленската култура која продирала преку грчките колонии, на пајонска територија се прифаќа ваквата манифестација како израз на локалниот и водечки култ на сонцето кај Пајонците.

---

[9] Mitrevski D. 2019, fig. 7–13.

[10] Јакимовски А. 2012, 30–43.

[11] F. Mege, E. Matthews, W. Neidinger; за овој симбол, американската екипа – која го има проучувано, и воедно, погрешно интерпретирано кратерот како Celtic column crater – дава мислење дека станува збор за претстава на птица: "[...] goose, or swan, or some mythological creature".

[12] За овој сончев симбол е зачуван податок кај реторот Максим Тирски од II век н.е. – дека Пајонците го обожувале сонцето во облик на мал диск прицврстен на висок стап.

Сл. 9. Влезот во толос-просторијата од вестибулот

Сл. 10. Преминот од северниот трем на централниот атриум во вестибулот

Сл. 11. Монетата на Александар III во изворна положба,
на подот од вестибулот, под покривните тегули

Сл. 12. Северната половина на толос-просторијата со култните јами вкопани во подот

***

Палатата била во употреба во две развојни фази (Билазора II и III), а на подовите од урнатата палата се среќаваат наоди (керамички садови, алатки, ситни метални предмети, боена покривна керамика, монети и т.н) карактеристични за периодот од втората половина на V, до првите децении на III век п.н.е.

Палатата очигледно била ненадејно и насилно разурната во првите децении на третиот век п.н.е., без повторно да биде обновена. За тоа најдобро сведочат стрелите, кои се јавуваат како посебен вид проектили за предизвикување пожар (кат. бр. 14). Нивното откривање – главно во опожарените делови од палатата – на сликовит начин го документираат самиот момент на конечното уништување на палатата, најверојатно во рамките на Келтската наезда во 280/79 п.н.е.[13] За да нема дилеми дали овие стрели им припаѓаат на Келтите, важно е да се напомене дека идентични железни пирамидални врвови од стрели се откриени на локалитетот Глоска Чука – Грчиште кај Валандово. Таму овие врвови од стрели се откриени заедно со врв од копје, оловен проектил, неколку бронзени и железни појасни токи од машка воена опрема и две мамузи, од кои едната изработена од железо, со специфични копчести завршетоци, кои севкупно им се припишуваат на Скордисците.[14] Ваквата интерпретација дава можност да заклучиме дека овие стрели биле келтска манифестација, поточно келтско нападно оружје.

Целата констатација за уривањето на палатата од Келтите во одредена мерка ја дестабилизира наодот на монетата на Леон, која е откриена заедно со монетата на Александар III на самиот под на вестибулот (сл. 11; кат. бр. 13-1, 2). За палатата да биде уништена од Келтите, треба Леон да дојде на власт пред нивниот поход во 280/79 п.н.е.; во спротивно, треба да бараме други уривачи.

За среќа, историјата ни оставила простор за пошироко датирање на овој пајонски владетел; за него нема точни податоци во наративните извори, но неговото име се споменува на натпис во Олимпија, на база од Делфи и на бронзените пари што ги ковал. Со наоѓањето на базата од Делфи се доаѓа до точен редослед во пајонската династија; до тогаш Леон им бил познат на научниците само од неговите монети и се сметало дека тој бил последниот пајонски владетел. Токму поради тоа било востановено и убедувањето дека тој седнал на престолот по Келтската наезда, за што нема ниту една доволно аргументирана потврда. Токму поради овие нејаснотии врзани за Леон, предложено е почетоците на неговото владеење да се бараат некаде меѓу битката кај Курупедион (281 п.н.е.) и келтскиот напад врз Делфи (279 п.н.е).[15]

Од друга страна, неспорно е мислењето на Д. Митревски дека палатата била разурната од Келтите. Ова е време кога замираат повеќе, или речиси сите раноантички населби по долината на Вардар. Во неговото горно течение, сите утврдени населби во Скопската котлина (Градиште – Нерези, Градиште – Бразда, Градиште – Бучинци, Исар Студеничани, Кале Варвара и др.) кои имале богат и интензивен живот во текот на V и

[13] Митревски Д. 2016, 48; Митревски Д. 2018, 29.

[14] Блажевска Б. 2010, 193–206.

[15] Илиев Ј., „Леон и Келтската наезда“, во печат.

Сл. 13. Подното ниво во толос-просторијата, со вотивните остатоци во изворна положба

Сл. 14. Т.н. „јама со теракота“ во подот на толос-просторијата



Сл. 15. Поединечни примери на железнодопски приврзоци со сончева симболика (Скупи, Стрновац – Куманово, валандовско-гевгелиски регион)



Сл. 16. Кратерот со колонети со детали од декорацијата

IV век п.н.е., веќе во III век п.н.е. археолошки замираат, а животот во нив не бил обновен ниту во II век п.н.е.[16] Престолнината на независните Пајонци во Билазора со т.н. владетелска палата била само еден од раноантичките центри уништени од Келтите во првите децении на III век п.н.е. Во таквите историски околности, сосема за очекување е откривањето на монетите на Александар III и Леон во ист контекст, на подот од вестибулот, под паднатата кровна конструкција од последната деструкција на палатата.

Со финалното уривање на палатата престанала да се користи и толос-просторијата како централен култен простор во неа. Според контекстот на откривање на движните наоди во палатата, евидентно е дека целиот вреден инвентар бил засолнет пред големата опасност или можеби опљачкан од напаѓачите по уривањето на палатата. Во изворна положба останале единствено остатоците од ритуалните дејствија во толос просторијата, поточно во култните јами вкопани во нејзиниот под.

Во продолжение, го презентираме инвентарот на движните наоди откриени во толос-просторијата и вестибулот, во форма на каталог на наоди.

ЛИТЕРАТУРА

Битракова Грозданова, В. *Религија и уметност во антиката во Македонија*, Скопје, 1999.

Блажевска, С. „Акрополата на Глоска чука“, *Maced. acta archeol.* 19, Скопје, 2010.

Јакимовски, А. *Антички светилки од Република Македонија*, Скопје, 2012.

Илиев, Ј. „Леон и Келтската наезда“, во печат.

Matthews, E. & Neidinger, W. (eds.), *Excavation at Bylazora, Republic of Macedonia, Reports 2008-2013*, The Texas Foundations for Archeological and Historical Research, Canyon Lake, Texas.

Микулчиќ, И. *Антички градови во Македонија*, Скопје, 1999.

Митревски, Д. *Античка Билазора – престолнина на независните Пајонци*, Св. Николе, 2016.

Митревски, Д. „Владетелски комплекс во Билазора“, *Monumenta* 2, МАНУ, Скопје, 2018.

Митревски, Д. *Скопје – Осум милениуми живот, култура, творештво*, Филозофски факултет, Скопје, 2019.

Mitrevski, D. “Classical Pottery from the Royal Palace in Bylazora – Capital of the Independent Paeonians”, *Classical Pottery of the Northern Aegean and its Periphery*, Univ. Studio Press, Thessaloniki, 2019.

Петрова, Е. „Култовите и симболизмот кај пајонските племиња компарирани со илирските и тракиските“, *Maced. acta archaeol.* 13, 1992.

[16] Митревски Д. 2019, 112.

КАТАЛОГ НА НАОДИ

1. Кантарос

Толос, N27, 2015

Фрагментиран сиво печен кантарос со зачувана во целост конкавната нога, половина од телото и вратот, вклучувајќи и еден корен од рачка. Декориран е со канелури на рамото и стомакот. Под коренот од рачката, меѓу канелурите, сместен е печат. Вратот е декориран со мали полукругови, кои прават венец.

Датирање: последната четвртина на IV в. п.н.е.

2. Скифос

Толос, O27, 2013

Димензии: Ro 16.6cm; Rd 7,7cm; h 18 cm

Скифос од атички тип. Горниот дел е цилиндричен, со извлечен обод нанадвор, под кого се сместени две хоризонтални рачки; долниот дел е коничен, поставен на прстенеста нога. Окер печен, во долниот дел половина боен црвено, другата црно, на горниот дел меѓу рачките со црвена и црна боја насликани се две големи палмети и уште две помали меѓу нив.

Датирање: прва половина на IV в. п.н.е.

3. Леканис

Толос, O27,105,3-2013

Димензии: Ro 17.7cm; Rd 6,7cm; h 9,5cm

Полусферичен реципиент поставен на прстенеста нога. Работ од ободот е благо извишен од внатрешната страна. Две хоризонтални лентести рачки се всадени веднаш под ободот. Окер печен и боен со црвена боја. Телото на садот при боење е поделено на две зони; долната зона е целата избоена со црвена боја, вклучувајќи ја и ногата, а на горната зона се насликани флорални елементи.

Датирање: IV в. п.н.е

4.1 Сликана чинија

Толос, O27.102.3D - 2013

Димензии: Ro 20 cm; Rd 7,5 cm; h 5,5 cm

Чинија со конкавно благо нагласен раб, вдлабнат реципиент, поставена на ниска прстенеста нога. Керамидно печена, флорално декорирана со црвена боја.

Датирање: IV в. п.н.е.

4.2 Сликана чинија

Толос, O27.103.3B - 2013

Димензии: Ro 19 cm; Rd 7 cm; h 5 cm

Слична со претходната, само овој примерок има полусферична вдлабнатинка во средината на реципиентот и е сликан со кафеава боја.

Датирање: IV в. п.н.е.

5. Ехинус чинија

Толос, O27.103.13A - 2013

Димензии: Ro 12 cm; Rd 6,3 cm; h 4,2 cm

Ехинус чинија врз ниска прстенеста нога, полусферичен реципиент и раб од ободот свртен кон внатрешноста на садот. Сиво печен, премачкан со сив фирнајс. Декориран со четири втиснати палмети во дното од реципиентот.

Датирање: IV в. п.н.е.

6. Бокал

Толос, O27.105.1 - 2013

Димензии: Ro 8 cm; Rd 5,7 cm; h 13,5 cm

Окер печен бокал, топчесто тело, цилиндричен врат, обод извлечен нанадвор, лентеста рачка која е на иста висина со ободот, поставен е на прстенеста нога.

Датирање: IV в. п.н.е.

7. Цедалка

Толос, O27 - 2013

Димензии: Ro 24,3 cm; Rd 9,5 cm; h 11,2 cm

Сиво печена цедалка со полусферичен облик, поставена на прстенеста нога, перфориран реципиент и обод извлечен навнатре.

Датирање: IV в. п.н.е.

8. Светилка

Толос, O27 - 2013

Клун од светилка и дел од дискот; кружен отвор на клунот и дискот, окер печена, премачкана со црн фирнајс.

Датирање: 425-350 г. п.н.е.

9. Теракотни фигурини

Толос, O27.105.6 - 2013

Димензии: d 8 cm; h 4 cm

Зооморфна фигурина – птица, на која ѝ е зачувано торзото; недостасуваат главата и дел од опашката.

Датирање: IV в. п.н.е.

10. Кратер

Толос, O27.102.101A - 2013

Димензии: Ro 28 cm; Rd 11,8 cm; h 32 cm

Column кратер, сиво печен, со овално тело и цилиндричен врат; под ободот е извлечена лента која формира венец и ги поврзува двете паралелно поставени рачки. Декориран е на рамото, вратот и венецот со симболи направени од печат. Над двете рачки е прикажан различен симбол, кој наликува на менора. Поставен е на прстенеста нога.

Датирање: IV в. п.н.е.

11. Мортариум

Вестибул на толосот, М 26-27.102.103 - 2013

Димензии: Ro 24,5 cm; Rd cm; h 5 cm

Камен мортариум со плиток реципиент, калотеста форма, рамно дно, три држалки и еден изливник поставени напоредно.

Датирање: IV в. - 279 п.н.е.

12. Фибула

Вестибул на толосот, М26.2.1 - 2014

Димензии: должина: 3,5 cm

Малоазиска фибула со две плочести задебелувања на краевите од лакот. Ногата е изведена во облик на стилизирана змиска глава а главата во форма на стилизиран палмов лист.

Датирање: IV в. п.н.е.

13.1 Монета на Александар III

Вестибул на толосот, М27 - 2014

Димензии: d 17 mm; t 4 g. - драхма

Ав. Херакле со лавовска кожа, на десно.

Рев. Зевс седи на престол, во десната рака држи орел а во левата скиптар. Натпис: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ

Датирање: 336–323 п.н.е.

13.2 Монета на Леон

Вестибул на толосот, N26.1.1 - 2014

Димензии: d 14 mm; t 2,44 g

Ав. Глава на Дионис со венец на десно.

Рев. Протом на лав, на десно, глава свртена на лево, во поле над протомот ѕвезда.

Датирање: 280–250? п.н.е.

14. Стрели – проектили

Место на откривање: десетина примероци на подовите од толосот и вестибулот

Димензии: вариraат од 7 до 12 cm.

Железни офанзивни стрели, пирамидално зашилени од двете страни, наменети за предизвикување пожар.

Датирање: први децении од III век п.н.е.

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АНТИЧКИОТ ХРАМ ВО БИЛАЗОРА

Кирил Денковски

Еден од најпознатите раноантички градови на територијата на Македонија е градот Билазора. Ова пред сè се должи на податоците што ги добиваме од античките автори, кои повеќепати го поврзуваат градот Билазора со конкретни историски настани. Мошне се значајни сведоштвата на грчкиот историограф Полибиј, кој ни дава податоци за неговата местоположба и за тоа дека станува збор за најголемиот пајонски град. Професорот Иван Микулчиќ во 1976 година е првиот кој го убицира раноантичкиот град Билазора на археолошкиот локалитет „Градиште“ кај село Кнежје, светиниколско.[1] Од неговата убикација до денес не е пронајден конкретен натпис со името Билазора, но благодарение на наодите од археолошкиот локалитет „Градиште“ кај село Кнежје може со голема доза на сигурност да се заклучи дека станува збор за остатоците на античкиот град Билазора.

Сл. 1. Распоред на раноантичките населби во Овче Поле и околината

Од убикацијата на градот Билазора, во повеќе наврати се изведувани археолошки истражувања, односно контролно–сондажни ископувања. Во периодот од 2008 до 2018 година на акрополниот дел од градот континуирано се извршуваат систематски археолошки истражувања. Резултатите од овие истражувања потврдуваат дека станува збор за најголемиот раноантички град на територијата на Македонија. Градот Билазора бил не само најголем, туку и најразвиен културно-економски центар на пајонска територија во периодот од V до III век п.н.е.[2] Географската положба на градот овозможувала поврзаност со реките Брегалница и Вардар на југ, со што се отворала и непречена комуникација со скопско-кумановскиот регион на север (сл. 1). Во непосредна близина на локалитетот „Градиште“ се пронајдени и други помали населби, за кои се претпоставува дека гравитирале околу градот Билазора и формирале посебен систем од населби со Билазора како централно место. Градот е

[1] Mikulčić 1976, 28.

[2] Митревски 2016, 10.

позициониран како централна населба во Овчеполието; со површина од дваесет хектари и со својата средишна позиција, тој доминира над околните десетина истовремени населби, кои се значително помали, со големина од само два до пет хектари.[3]

Резултатите од систематските теренски археолошки истражувања од 2008 до 2018 година му даваат уште позначајна димензија на градот Билазора. Просторот на акрополата во најголем дел е веќе истражен, со исклучок на крајните јужни делови, како последица на нерешените имотно-правни односи; сепак, и на тој мал дел со голема веројатност може да се претпостават содржините што чекаат да бидат откриени. Наодите од акрополата зборуваат за град структуриран со содржини кои му даваат карактер на владетелски град, или поточно – престолнина.

Акрополниот дел на градот доминира над другите делови, главно станбени тераси, кои се шират рамномерно околу акрополата. Акрополата била посебно заштитена, оградена со масивен бедем граден од големи, делумно делкани камени блокови, кои образувале единствен фортификациски систем за одбрана на содржините и вредностите во внатрешноста.[4]

Сл. 2. Аеро-фотографија на акрополата на градот Билазора

Во текот на истражувањата, на северните краеви на акрополата е откриен главниот влез, кој е дел од северниот бедем. Покрај северниот дел на бедемот се пронајдени и објекти кои се поврзани со главниот влез и главната улица што водела кон внатрешноста на акрополата, односно кон централната, најголема и доминантна градба – владетелската палата со придружните објекти. Сите објекти имаат магацински, економски или војнички карактер и најверојатно биле организирани во служба на палатата и на нејзините жители. Палатата претставува комплексен објект, кој според својата позиција, архитектонски, градежни и декоративни елементи, а најмногу според распоре-

[3] Митревски 2017/2018, 7–8.

[4] Митревски 2016, 11.

дот и карактерот на просториите околу централниот отворен атриум, веќе е афирмирана како владетелската палата (сл. 2).[5] Оваа определба ја потврдува и големата концептуална сличност со познатата македонската кралска палата во Ајга.[6]

Во непосредна близина на палатата е откриена уште една градба – храм. Палатата и храмот ја исполнуваат целата јужна половина на акрополата; оваа целина се смета за т.н. владетелски комплекс. Палатата и храмот се во тесна културна, функционална и архитектонска поврзаност. Самиот храм е поставен така што неговиот заден (западен) дел лежи на бедемот, а во непосредна близина на позицијата на храмот кај бедемот има посебен влез за директно влегување во палатата (сл. 3). Двете градби биле изградени со единствени градежни и архитектонски елементи. Нивната заедничка стратиграфска позиција и внатрешен инвентар сведочат дека биле изградени кон крајот на V век п.н.е., а се користеле главно низ IV век п.н.е., сè до првите децении на III век п.н.е, кога биле истовремено насилно урнати, по што не биле повторно обновени.[7]



Сл. 3. Скица на делот од акрополата наречен „владетелски комплекс“

Животот во градот најверојатно продолжил, но со значително намален интензитет и драстично опаднатa економска и одбранбена моќ. Со тоа, градот станал крајно податлив за перманентно навлегување на Дарданците од север, во текот на нивните пљачкашки походи на пајонска и на македонска територија. Во секој случај, со келтските напади, земјата на т.н. независни Пајонци ја доживеала истата судбина како и посеверните, богати раноантички населби на Агријаните во скопско и во кумановско: сите тие згаснале во приближно исто време, со што се отворил пат за навлегување на

[5] Mitrevski 2019, 345–353

[6] Saatsoglou–Paliadeli 2001, 201.

[7] Соколовска 1990, 27.

Дарданците, најпрвин во скопско, а потоа и на територијата на независните Пајонци. На тој начин било загрозено и македонското кралство, па кралот Филип V бил принуден да преземе кампања против дарданската опасност.[8]

Античките автори нè информираат за овие настани со повеќе записи, при што се издвојува описот на Полибиј за заземањето на Билазора од Филип V, во 217 година п.н.е. Археологијата го потврдува она што го имаме во изворите – дека Филип V ја преуредил акрополата на Билазора за воени потреби, со што најпосле биле ставени под контрола сите премини од север кон Пајонија и кон Македонија. Со тоа, биле оневозможени дарданските походи кон југ, со што во голема мера била отстранета дарданската опасност.

Во тоа време, кон крајот на III и во текот на II век п.н.е., владетелскиот комплекс во Билазора веќе бил заборавен и покриен со земја од повисоките партии на теренот, што е документирано во сите стратиграфски пресеци на тој дел од акрополата.[9] Од тие причини, за време на првичните истражувања во 2011 година, во услови на недоволен степен на истраженост и без доволен број наоди, објектот беше наречен „палата на Филип V“.[10] Понатамошните истражувања потврдија дека навистина станува збор за палата, но не на Филип V, туку на пајонските владетели од V до III век п.н.е. Како што е кажано погоре, јужниот дел од палатата не е доистражен поради имотно-правни бариери. Сепак, сите други делови се веќе откриени и понудија бројни нови сведоштва, кои ги направија евидентни основните историски, археолошки и архитектонски вредности на палатата.



Сл. 4. Дигитална картографска подлога на целата акропола во компјутерскиот софтвер AutoCAD

[8] Митревски 2017/2018, 20.

[9] Митревски 2017/2018, 20–21.

[10] Matthews & Neidinger 2014, 75–113.

На почетокот на археолошките систематски истражувања на локалитетот во с. Кнежје во 2015 година, целиот локалитет беше одново картографски снимен со помош на геодетски инструменти – GNNS-RTK и тотална станица. Беа снимени сите досега откриени објекти на акрополата, како палатата, храмот, бедемот и др. Покрај снимените откриени делови од бедемот, снимени се и претпоставените правци на бедемот. Претпоставките за движењето на бедемот се темелеа врз сциографските индикации кои ги препознавме на самиот терен.

По извршеното картографско теренско снимање на теренот, со помош на компјутерски софтвер за техничко цртање AutoCAD изготена е дигитална картографска подлога на целата акропола (сл. 4). Изготвената дигитална картографска подлога за време на истражувањата 2015–2018 беше континуирано надополнувана со промените на теренот како резултат на систематските теренски ископувања.

Освен изработката на картографските подлоги, и пронајдените *in situ* градежни елементи (камена пластика и друго) беа исто така фотодокументирани (сл. 5) и технички исцртани во софтверот за техничко цртање (сл. 6).



Сл. 5. Фото-документирање остатоци на камена пластика од храмот во Билазора

Палатата е позиционирата и изградена на најдоминантниот дел од акрополата, а зафаќа простор од околу 50 x 50 метри. Поради природниот пад на теренот, целата околина предвидена за градење на палатата со придружните објекти, најпрвин бил добро изнивелиран. Нивелацијата била постигната со рамнење на теренот и нанесување дебел слој компактна светложолта глина, со што била добиена единствена хоризонтална површина на целиот простор наменет за т.н. владетелски комплекс. При истражувањата, насекаде под подното ниво на палатата и во нејзината непосредна околина се открива нивелацискиот слој од светложолта глина.[11]

Во непосредна близина на северозападниот агол од палатата се наоѓа уште една градба од владетелскиот комплекс во најтесната смисла на зборот – храмот со анти граден во дорски стил. Храмот е ориентиран во правец исток-запад, односно е поставен така што неговиот заден (западен) дел лежи на бедемот од акрополата, а со спротивната или челна страна гледа кон главната влезна партија на палатата. На тој начин, меѓу влезот во храмот и влезот во палатата се отвора поголем слободен простор, како заеднички комуникативен простор (сл. 3).

Поради самата позиција на храмот, кој се наоѓал под бедемот на акрополата, можеме да заклучиме дека токму околу него била концентрирана последната одбрана

[11] Митревски 2017/2018, 10.

на акрополата. Пронајден е само еден дел од еден импортиран кантарос, за што може да има две објаснувања: или одбраната успеала навреме да ги тргне и да ги сокрие сите други вредности од храмот, или напаѓачите стигнале до главниот плен, при што еден од луксузните садови се скршил. Сепак, иако храмот бил бранет до последен момент, на крајот, за жал, не успеале да го одбранат. Шест војници кои го бранеле храмот загинале и останале незакопани по опожарувањето и конечното освојување на владетелскиот комплекс. Бронзената монета на Деметриј Полиоркет го фиксира ваквиот настан некаде во третата деценија од III век п.н.е.[12]



Сл. 6. Технички цртежи на остатоците на дел од камената пластика од храмот во Билазора

Првите остатоци од овој објект биле откриени уште во 2010 година, кога бил евидентен неговиот јужен ѕид и дел од фасадата. Во таа фаза, додека објектот не бил откриен во целост, се претпоставувало дека објектот би требало да се шири значително кон север и поради тоа бил означен како Стоа од крајот на III и почетокот на II век п.н.е, поврзана со владеењето на македонскиот крал Филип V. Таа претпоставка беше актуелна сè до продолжувањето на истражувањата во текот на 2015 и 2016 година; тогаш таа градба, како и нејзината непосредна околина, се истражени во целост, со што се откриени низа нови наоди и податоци за редефинирање на објектот како дорски храм (сл. 7).[13]

Покрај сите оштетувања од поново време, откриени се темелите од храмот и доволно делови од фасадата, и тоа во изворна положба на паѓање, по должината на неговата челна страна. Надвор од периметарот на храмот, во слоевите околу него, не се откриваат никакви други архитектонски остатоци, туку само наоди кои сведочат за активностите што се одвивале надвор од храмот. Челната страна на храмот ја сочинувал

[12] Митревски 2017/2018, 20.

[13] Митревски, 2017/2018, 17.

Сл. 7. Античкиот храм во Билазора, целосно откриен

широк стилобат на едно скалило, од кого се зачувани деловите од темелната зона и дел од круништето во средината, каде што врз специјално изработена база од песочен камен бил поставен централен столб. Од столбот се зачувани во изворна положба на паѓање три тамбури со по 20 канелури и дорски капител. Зачувани се и други дванаесет делови од архитравната греда со гути, фризот со триглифи и метопи и венецот, т.е. корнизот со мутули и страничните анти. Овие делови паднале веднаш под првото скалило од стилобатот, во најниска позиција, па може да се претпостави дека деловите што паднале над нив со текот на времето биле разнесени од мештаните како градежен материјал. Зачуваните делови сочинуваат околу 30% од фасадата на храмот, што овозможува негова реконструкција. Единствената дилема е дали фасадата ја носел само еден централен столб, како што претпоставуваме, или постоеле уште два други дорски столба чии делови не се откриени. Зачуваните делови од архитравната греда упатуваат на тоа дека таа била изработена од најмалку четири дела, секој со должина од по 1.70 м., колку што е и растојанието меѓу столбовите од влезната фасада на палатата (сл. 8).[14]



Сл. 8. Идејно реконструирано решение на храмот од дорски тип во Билазора

[14] Митревски, 2017/2018, 18.

Сите пронајдени елементи – трите тамбури и дорскиот капител, архитравната греда со гути, фризот со триглифи и метопи и венецот, т.е. корнизот со мутули и страничните анти, за кои имавме веќе изготвени дигитални цртежи како дел од техничката документација – беа виртуелно реконструирани и тридимензионално моделирани во софтверот за виртуелно моделирање AutoCAD 3D (сл. 9 и 10).



Сл. 9. Виртуелна реконструкција на трите тамбури - столбот, дорскиот капител, како и двата претпоставени столба и страничните анти



Сл. 10. Виртуелна реконструкција на архитравната греда со гути, фризот со триглифи и метопи и венецот, т.е. корнизот со мутули и покривната конструкција со тегули имбрекси

Откако ги реконструиравме пронајдените елементи од храмот, почнавме да ги разгледуваме најиздржаните варијанти за изготвување на приближна идејна виртуелна реконструкција на храмот во Билазора. Ја изготвивме виртуелната основа на храмот со анти (сл. 11), врз која почнавме да ги редиме реконструираните и претпоставените елементи (сл. 12).



Сл. 11. Виртуелно реконструираната основа на храмот со анти во Билазора



Сл. 12. Идејно виртуелно реконструирање на храмот во Билазора

По изработката на виртуелниот модел на идејната реконструкција на храмот во Билазора, следеше изработка на виртуелна анимација, односно краток филм (сл. 13, 14 и 15).[15] Изработената анимација беше подарена на ОУ Музеј Свети Николе и објавена на YouTube под наслов *Билазора антички храм, виртуелна реконструкција / Bylazora ancient temple virtual reconstruction*. Освен анимацијата, изготвивме и тридимензионална макета испечатена на 3D печатач (сл. 16).

[15] https://www.youtube.com/watch?v=QRpOpYG2fPU



Сл. 13. Дел од видеото *Билазора антички храм, виртуелна реконструкција*

Сл. 14. Дел од видеото *Билазора антички храм, виртуелна реконструкција*

Сл. 15. Дел од видеото *Билазора антички храм, виртуелна реконструкција*

Сл. 16. Макета на храмот од Билазора испечатена на 3D печатач

Целта на кусиот филм е не само да ни претстави како најверојатно изгледал храмот, туку и да послужи за промоција на културно-историското наследство. Со помош на овие виртуелни реконструкции, се отвора можност на посликовит начин да презентираме еден мал дел од акрополата на Билазора. За целосна реконструкција на акрополата со владетелскиот комплекс ќе мора да се почека до некои наредни активности.

ЛИТЕРАТУРА

Соколовска, В. „Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион“, *Macedoniae Acta Archaeologica* 11, Скопје, 1990, 9–34.

Mitrevski, D. “The Ruler’s Palace in Bylazora – Capital of Independent Paeonians”, *Papers in honour of Rastko Vasić*, Arh. Institut Beograd, Beograd, 2019.

Митревски, Д. „Владетелскиот комплекс во Билазора“, *Монитента, Годишник на Истражувачкиот центар за културно наследство* број 2–3, МАНУ, Скопје, 2017/8.

Митревски, Д. *Античка Билазора – престолнина на независните Пајонци*, ОУ „Народен Музеј“ Свети Николе, 2016.

Петрова, Е. *Пајонија во II и I милениум пред н.е.*, Скопје, 1999.

Saatsoglou-Paliadeli, Ch. “The Palace of Vergina–Aegae and its Surroundings”, I. Nielsen (ed.) *The Royal Palace Institution in the First Millennium BC, Regional Development and Cultural Interchange between East and West*, Monographs of the DIA vol. 4, Athens 2001, 201–213.

Matthews, E. & Neidinger, W. “The Palace of Philip V”, *The Bylazora excavations 2010-2013*, vol. III, TFAHR, Canyon Lake, 2014.

Mikulčić, I. “Die Lage von Bilazora (Убикација на Билазора)”, *Годишен зборник на Филозофски факултет* 28, Скопје, 1976, 149–165.

https://www.youtube.com/watch?v=QRpOpYG2fPU

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

94(=29:497-89)(082)
930.85(=29:497-89)(082)
903/904(497-89)(082)

ПАЈОНИЈА и Пајонците : извори : историја : археологија / [уредници Антонио Јакимовски, Војислав Саракински]. - Скопје : Филозофски факултет, 2022. - 437 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон главите

ISBN 978-608-238-210-4

а) Пајонци -- Историја -- Зборници б) Пајонци -- Културна историја -- Зборници в) Пајонија -- Археолошки наоди -- Зборници

COBISS.MK-ID 57362693

© 2022 Филозофски факултет, Скопје.

Сите права за печатеното издание се заштитени.

Електронското издание подлежи на Creative Commons Attribution/ No Derivatives Licence, која дозволува преземање на делото со задолжително цитирање на изворот и на неговиот автор.

ISBN 978-608-238-210-4